**ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МАКЕДОНИКА ЛИТЕРА**

**Павел Шатев**

# СПОМЕНИ

## „ОД ПОУКИТЕ ВО МИНАТОТО УЧИМЕ ЗА ЧЕКОРИТЕ ВО ИДНИНАТА“

**(МАТЕРИЈАЛИ)**
**ТОМ 3**

**ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МАКЕДОНИКА ЛИТЕРА**

Министерство за култура

***Оваа публикација е објавена со финансиска поддршка на Министерството за култура на Република Македонија***

© Павел Шатев (Милка Шатева), 2013
© Државен архив на Република Македонија и Македоника литера, за ова издание.
Сите права за ова издание се заштитени со закон. Не е дозволено копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот или на преведувачот на ова издание.

**Павел Шатев**

# СПОМЕНИ

## „ОД ПОУКИТЕ ВО МИНАТОТО УЧИМЕ ЗА ЧЕКОРИТЕ ВО ИДНИНАТА“

**(МАТЕРИЈАЛИ)**

**ТОМ 3**

*Превод од бугарски јазик*
**Предраг Димитровски**

*Предговор и редакција*
**д-р Зоран Тодоровски**

МАКЕДОНИКА
литера
**Скопје, 2013**
**МАКЕДОНИЈА**

# ПРЕДГОВОР

Спомените на Павел Шатев, македонскиот револуционер, национален деец, политичар, државник и публицист, за првпат ѝ ги нудиме на македонската јавност. Како негови автентични содржински предизвици, спомените претставуваат нов прилог во сè уште недоистражената македонска историографија.

Павел Шатев спаѓа меѓу ретките македонски револуционери, политичари и државници од постарата генерација, кој ги преживеа сите премрежиња на македонската ослободителна борба и животиот сон му се оствари со ослободувањето на Македонија и создавањето на македонска држава, давајќи свој печат во нејзината изградба. Малкумина од македонските дејци, својата борба, својата визија и своите завети и пораки успеаја да им ги пренесат на новите млади македонски револуционерни генерации, како што тоа го стори Шатев во ослободена Македонија.

Павел Шатев, бездруго, спаѓа во редот на најпровокативните и највозбудливите историски фигури на македонското национално-револуционерно движење, чиј придонес за македонското дело, македонската историска наука допрва ќе го изучува и валоризира.

Револуционерната дејност на Павел Шатев е интегрално вткаена во најсудбоносните собития на македонското националноослободително движење. Тој е непосреден учесник и активен сведок речиси на сите етапи на македонското револуционерно минато: учесник во солунските атентати во 1903 година; активист во редовите на македонската емиграција во Бугарија и член на раководството на Македонската емигрантска федеративна организација и на ВМРО (Обединета); по ослободувањето на Македонија како македонски политичар и државник, вклучувајќи се во државниот и политичкиот живот на новата македонска власт со членувањето во АСНОМ, како член на првата влада на Федерална Македонија и како министер за правосудство. Во 1948 година бил сменет од политичките функции, во јуни 1949 година уапсен од раководството на македонската

политичка и партиска власт, како „потенцијален непријател“ на државата, а потоа изолоран и интерниран во Битола, каде починал на 29 јануари 1951 година[1].

Сега кога излегоа долго чуваните и замрзнати спомени на Шатев, македонската јавност со право ќе се запраша: зошто токму сега, и зошто дури сега? После 70 години откако се напишани и 62 години од неговата смрт. Причините се повеќе. Најпрвин, спомените, барем во таквите македонски политички состојби по ослободувањето на Македонија, не можеа да бидат објавени затоа што никој не смееше да го обнароди споменот на еден анархист, македонски национален деец, соработник на советската разузнавачка служба, еден од првите критичари на новото македонско партиско раководство. Кој би се осмелил тогаш, во една таква строго контролирана партиска идеологија и цензура, дури до 1991 година[2], да ги објави спомените на овој македонски национален деец, со цврсто изградени идеи и идеологии, кој на нив ќе остане доследен сè до крајот на својот живот, неподлегнувајќи ниту на жестоките сослушувања и измачувања од страна на македонските полициски служби. Никогаш небарајќи милост или прошка од иследниците на УДБА за стореното, тој единствено признавал дека работел за македонските национални и државни интереси.[3] Уште повеќе, спомените на Шатев не можеле да бидат објавени додека бил жив Димитар Влахов и заземаше високи државни функции, а кого Шатев во своите спомени жестоко го критикува на етички и морален план. А и мемоарите на Влахов долго време чекаа за објавување.[4]

[1] Повеќе за биографијата на Павел Шатев види во неговиот труд „Въ Македония подъ ропство“, София, 1934; Панче Михајлов, Павел Шатев. Живот и дело, Скопје, 1991; Панче Михајлов, Револуционер, родољуб, разузнавач. Прилог кон биографијата на Павел Шатев, Кратово, 1996; Павел Шатев, Историја на Македонија (Материјали), Том 1. Избор и превод Предраг Димитровски, предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2012.

[2] Според документацијата на Виктор Аќимовиќ, во октомври 1985 година имало обид за објвување на спомените на П. Шатев. Имено, тогашниот директор на Државниот архив на Македонија, Ацо Алексиев, еден дел од „фотокопии од 800 страници ракопис на Павел Шатев“ му дал на „д-р Иван Катарџиев за обработка“, а вториот дел на „Саша Маркус за превод од бугарски на македонски јазик“ под „изговор дека тоа се прави заради издавање на посебна книга“. После тоа, Државниот архив ги повлекол копиите од Катарџиев и од Маркус „без објаснување“ (Државен архив на Република Македонија /натаму: ДАРМ/, Фонд: Виктор Аќимовиќ).

[3] Види во наредниот 4 том од собраните ракописи на Шатев што е во подготовка за објавување: Павел Шатев, Полициско досие.

[4] Мемоарите на Димитар Влахов беа објавени во 1970 г., со предговор и редакција на Ванѓа и Коле Чашуле, а рецензирани од д-р Орде Иваноски.

Целата ракописна оставина на Шатев, заедно со неговите спомени, во 1979 година, од Министерството за внатрешни работи беше депонирана во Државниот архив на Република Македонија и ставена на користење[5]. Оттогаш, нуту еден македонски историчар не пројави интерес за нивно објавување.[6]

Значајно е да се одбележи дека спомените Шатев ги пишувал во затворот во Ќустендил, од 22 ноември 1943 до 7 мај 1944 година, како што е забележано и на ракописот. Пишувањето на преживеаните настани од неговиот живот, во воени услови кога и неговата човечка судбина била неизвесна, за Шатев преставувала и тестаментарна обврска да го запише својот богат револуционерен живот, да ги запише сите борби, залагања и страдања во настаните во кои учествувал, да ја запише својата визија и мечта за македонската ослободителна борба и за личностите кои заедно со него учествувале во неа.

* * *

Павел Шатев ракописот го започнува со Илинденското востание, последиците од востанието, реформите на Големите сили за подобрување на положбата во Македонија, како вовед во своите спомени. Притоа, тој дава анализа-пресек на актуелната политичка состојба во Европа и на Балканот, посебно на аспирациите на големите сили, Германија, Англија,

[5] ДАРМ, Фонд: РСВР, Пописник бр. 1, материјал бр. 18, „Спомени и сеќавања на Павел Шатев".

Ракописот на спомените на П. Шатев што се депонирани во Државниот архив на РМ се копии и изнесуваат 931 страница. Од ракописот недостасуваат неколку страници, а повеќе страници се слабо читливи. Оригиналниот ракопис се наоѓа во Државниот архив на Република Хрватска, депониран на чување од ќерките на Шатев, д-р Милка Шатева и д-р Надежда Михалјевиќ-Шатева, со два договора, од 1995 и 2004 г. за негов увид до 2021 г. Овие спомени на П. Шатев ги објавуваме благодарение на Предраг Димитровски, кому ќерката на Шатев, Милка Шатева, заедно со сите ракописи на П. Шатев, му ги отстапи во 2012 г. во Загреб, каде што живееше до јануари 2013 г. кога почина.

[6] Редакторот на спомените во 2001 година имаше проект, финансиран од Министерството за култура за објавување на ракописната оставнина и спомените на Шатев, при што беа преведени и редактиран поголемиот дел од спомените. Но, по парламентарните избори во септември 2002 г. и доаѓањето на новото раководство во Државниот архив, на редакторот не му беше дозволено да заврши со подготовката и објавувањето на спомените.

Исто така, редакторот на спомените во 2003 г. објави дел од ракописната оставнина на П. Шатев што се наоѓа во Државниот архив на РМ под наслов: „Илинденското востание во историјата" (Непознат ракопис од оставнината на Павел Шатев за Илинденското востание. „Илинден и денес останува животно евангелие на македонската револуција", сп. „Дело", 1 август 2003, 8-9).

Русија и Австро-Унгарија на Балканот и на Блискиот Исток, од што се гледа неговото големо познавање на европската политика и процесите што се одвивале меѓу големите сили и нивните политики и дипломатски игри[7].

Понатаму, Шатев продолжува со настаните што следувале за време на Младотурската револуција во Македонија, од кога почнуваат и автобиографските спомени за неговото учество во македонските историски собитија сè до Софискиот судски процес во 1936 година против раководните членови на ВМРО (Обединета) и почетокот на Втората светска војна во 1939 година.

Преку скромното навраќање на Балканските војни и Првата светска војна, Шатев во спомените поголем простор му посветува на вториот период од своето революционерно дејствување, а тоа е национално-федералистичкиот период по Првата светска војна, во средината на македонските емигрантски и бегалски маси во Софија. Во овој период Шатев се пројавува како политички активист, или поточно како левоориентиран македонски национален деец во редовите на Македонската емигрантска федеративна организација (МЕФО), кога бил избран за претседател на Основачкиот конгрес на МЕФО, одржан на 4 декември 1921 година во Софија, и за претседател на Комисијата за обединување и помирување со Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија.

Поголем простор со подетални податоци, Шатев во спомените посветува на воспоставувањето на контактите со претставниците на Советскиот Сојуз и на Коминтерната, нивното поврзување со членот на ЦК на ВМРО, Тодор Александров, а особено на подготовката и преговорите за потпишување на Мајскиот манифест во Виена во 1924 година и на сите мистерии што се поврзани околу објавувањето и последиците од Мајскиот манифест. Понатаму, Шатев подетално го прикажува неговото патешествие при бегството во Турција во 1924 година.

Павел Шатев во спомените, како и Димитар Влахов во своите мемоари, најдетално се задржува на неговата активност во раководните редови на ВМРО (Обединета) во Виена, каде бил избран за заменик-член на ЦК и член на редакцијата и соработник во органот на ВМРО (Обединета), в. „Македонско дело“ (1925-1933). Потоа, дава автентични и драгоцени сеќавања околу одржувањето на Првата општа конференција на ВМРО (Обединета) во Берлин, во јули 1928 година и конфронтацијата со

[7] Шатев веројатно сметал, а за да не се повторува, дека детството, ученичките години и учеството во солунските атентати ги опишал во двете негови објавени книги: „Заточението въ Сахара-Фезанъ“, София, 1910 и „Въ Македония подъ робство“, София, 1934.

Димитар Влахов околу изборот во највисоките органи на организацијата, што во нашата историографија не е доволно позната и расветлена. Исто така, Шатев поголем простор во спомените посветува и на неговиот престој во Цариград во 1929 година, кога ја организирал Цариградската конференција на членовите на национал-федералистичката струја на ВМРО (Обединета).

Во последниот дел од спомените Шатев ги опфаќа периодот и настаните кога од Цариград се вратил во Софија, во 1931 година, до познатиот Софиски судски процес, во кој тој учествувал како сведок против обвинетите раководители на ВМРО (Обединета). Во овој период, и покрај тоа што бил постојано следен, приведуван и сослушуван од бугарската полиција во Софија, Шатев учествувал во подготовката и објавувањето на два апела-меморандума за решавање на македонското прашање[8].

* * *

Спомените на Павел Шатев, за разлика од многубројните спомени на македонските револуционерни дејци, не се само спомени и реминисценции за неговата богата револуционерна дејност, туку претставуваат историографска студија, полна со анализи, размислувања, идеи, констатации и реконструкции на македонските револуционерни и политички состојби, на состојбите и политиките на балканските држави кон Македонија и на политиките на големите сили кон Балканот и Македонија.

Спомените на Павел Шатев претставуваат не само негова животна исповед, туку и своевиден преглед и анализа на најглавните манифестации и политичките состојби на Балканот и Европа од крајот на 19 и првата половина на 20 век, што покрај Димитар Влахов, едвај ќе се најде во македонската историографија таква изградена революционерна и политичка личност со такви продлабочени размислувања, констатции и анализи. Во спомените Шатев дава оценки за големите пресврти во македонскиот историски развој, такви како што биле и такви како што тој ги видел, водејќи се од големата историска одговорност при нивното презентирање. Неговите спомени се пример како не треба да се дотеруваат и фалсификуваат историските настани и факти. Спомените се уште поуверливи и поавтентични, напишани непосредно по настаните,

[8] Првиот: „Известување од македонската општественост до светската општествена јавност“, од 1 ноември 1938 г., заедно со Туше Делииванов и Божин Проданов, а вториот: „Меморандум до Президиумот на Врховниот совет на СССР“, во летото на 1940 г., заедно со д-р Тодор Павлов и Петар Шанданов.

такви какви што тој ги доживеал, недозволувајки да им влијае времето, идеологијата и оценката на историографијата. Спомените на Шатев, заедно со неговата богата ракописна оставина, можат да послужат како автентичен извор за пишување на историјата на Македонија.

Значењето на неговите спомени е во бурните премрежиња на авторот, како македонски револуционер, анархист-гемиџија, национал-федералист, либерал-демократ и професионален разузнавач во услуга на комунистичката идеологија. Богатството на податоци, опсервации, информации, на документација, како и богатството на духот на ракописот, импресивно сведочи за немирниот дух и интелект на големата ангажираност на авторот.

Шатев во спомените дава слика на епохата, на времето и условите, во кои тој, и покрај тоа што е главна и водечка фигура во бурните настани и процеси, не се става во центарот на настаните, наспроти македонските состојби, процеси и многумина истакнати македонски револуционерни дејци. Од содржината на презентираните збиднувања во спомените, на прв план се уочуваат и личните квалитети на авторот: скромност и отсуство на самоистакнување.

Во секој случај, на Шатев треба да му се признаат мудроста и итрината што ги покажувал во одредени политички ситуации, како и храброста за објективно прикажувањето на настаните и личностите, останувајќи верен на својата девиза за независност на својата борба и творечка природа. Неговите спомени треба да се гледаат и како автентичен извор на значајни настани од македонската историја, а особено на македонската ослободителна борба, на политичката и идеолошката борба на македонските легални и нелегални организации и на развојот на националниот карактер на македонските организации, револуционери и дејци. Шатев во спомените е отворен противник на суровите мерки на режимите на државите во кои дејствувал, против врховистичките појави во македонското револуционерно движење, против убиствата и македонофобијата во редовите на ВМРО, против комунизмот кој сакал да ја стави под своја капа ВМРО (Обединета) и македонското национално револуционерно движење.

Од спомените на Шатев се гледа една немирна фигура не само од балкански, туку и од европски размер, којшто постојано е во движење низ балканските и европски земји, во борба, но само преку говор, перо и убедување и кој не го крие својот идеал, со кој опстојува до крајот на својот живот: „Издвојување на Македонија во една одделна слободна и независна политичка единица на Балканот“.

Меѓутоа, Шатев не е само сведок и очевидец на настаните, туку дава и свое критичко видување на настаните, давајќи и свои оценки и констатации

за дејноста, моралот, поведението и карактерите на тогашните македонски, бугарски и советски дејци, политичари и државници, вреднувајќи ги така како што останале во неговото паметење и како што тој ги доживеал. Интелигентен, независен, смел, искрен и вешт поматрач на настаните и процесите, Шатев е во состојба да даде реална оценка за историските факти и личности, бидејќи не пишува по порачка, или дали тоа им се допаѓа на некоја организација, личност, власт или режим. Притоа, тој врши и реконструкција на одделни настани, посебно на оние околу дејноста на ВМРО (Обединета), коишто во македонската историографија се прифатени како точни и безгрешни од страна на Димитар Влахов, Ангел Динев и други македонски национални и комунистички дејци.

Спомените се пишувани во една неприродна средина, меѓу влажните ѕидови и тесни затворски келии во затворот во Ќустендил, во услови на самотија и немаштија, а веднаш по ослободувањето од затворот ангажирајќ и се во државните работи на новата македонска власт, Шатев не успеал да ги дополни, корегира, редактира и авторизира.

Во спомените Шатев е субјективен, едностран и пристрасен само во оценките и констатациите во однос на македонските револуционерни и легални организации. Шатев е крајно наклонет кон левоориентираните македонски емигрантски организации: Серската група, чии припадници се и негови блиски соработници, Македонската емигрантска федеративна организација и Македонската федеративна револуционерна организација и кон нивните раководства, оправдувајќи ги притоа и нивните оружени акции против автономистичката ВМРО на Тодор Александров, а мошне ригорозен кон оружената дејност на ВМРО. Оваа најмасовна и најсилна македонска револуционерна организација тој ја карактеризира како терористичка и злосторничка, а посебно улогата на Тодор Александров, обвинувајќи го за виновник на многубројни убиства во редовите на Организацијата. Ваквите констатации против десноориентираните македонски легални и нелагали организации и личности, Шатев ги пишува под влијание на неговоте написи во в. „Македонско дело“, неможејќи да се ослободи од својата идеолошка припадност на ВМРО (Обединета), Бугарската комунистичка партија, Советскиот сојуз и Коминтерната.

Во однос на националната припадност на македонскиот народ, Шатев не е целосно доследен и прецизен. Во најголемиот број случаи го употребува терминот „македонски народ“, „македонско население“ и „Македонци“, но, исто така и терминате: „бугарски народ“, „Бугари од Македонија“, „македонски Бугари“. Меѓутоа, кога пишува за припадноста на македонското население, тој е дециден дека населението во Македонија и македонската култура и историја се одделни и посебни од бугарскиот народ, култура и историја. Затоа, во спомените кај него на преден план

е решавањето на македонскиот проблем, на македонското прашање и недвојбена е неговота борба за создавања на посебна македонска држава, одделна од бугарската монархија.

* * *

Почитувајќи ги основните методолошки и археографски стандарди, во објавувањето на спомените на Павел Шатев максимално се водеше сметка за зачувување на автентичноста на неговиот стил, јазик и начин на изразување на мислите. Испуштените, односно додадните зборови, како и кратенките, се ставени во квадратни загради []. Белешките напишани од Шатев во ракописот се обележани под секоја страница со знакот *, а фуснотите (дообјаснувањата, прецизирањата и корекциите) на редакторот се наведени под редни броеви.

Скопје, мај 2013 год.

***Д-р Зоран Тодоровски***

# „ОД ПОУКИТЕ ВО МИНАТОТО УЧИМЕ ЗА ЧЕКОРИТЕ ВО ИДНИНАТА“

22. XI [1]943

Илинденското востание во 1903 година, прогласено на 20. VII/3. VIII, беше, како што се знае, едно масовно, вооружено, но не распространето востание, како што се предвидуваше според уставот на ВМРО[1]. Тоа продолжи до крајот на месец октомври и наспроти сите огромни човечки и материјални жртви, заврши со неуспех, главно поради две причини: слабото, недоволно вооружување на македонското население и неповолната општа меѓународна и меѓубалканска положба. Тоа народно востание во историјата остана еден од најкрупните настани, што се случија на Балканот од 1876 година.*

---

[1] Павел Шатев Македонската револуционерна организацијата ја именува со називот Внатрешна македонска револуционерна организација или ВМРО, како што се именувала по Првата светска војна.

* За време на востанието настрадаа 16 околии, во кои 201 село беа опожарени, 12.440 куќи запалени и изгорени, 4.694 души убиени, заклани и живи изгорени, 3.122 жени и мажи обесчестени, 176 жени и мажи заробени, 70.835 души обездомени (останати без покрив), 30.000 души побегнаа во Бугарија.

Од 21 јули до 20 септември 1903 г. во Битолскиот вилает: Битолска, Костурска, Леринска, Охридска и Кичевска околија беа опожарени 122 села со 8.646 куќи, а без покрив останаа 51.606 души; убиени и заклани беа 1.779 души; силувани и обесчестени 2.152 жени и мажи и 37 заробени. Во Одринско: 66 села беа опожарени (од вкупно 92 села) со 2.610 куќи. Убиени и заклани 2.565 души, обесчестени жени и мажи 920, заробени 135. Обездомени беа 12.880 души. Во Бугарија побегнаа 20.000 души.

Но, наспроти сè, населението не падна во очај и депресија. Напротив, според сведоштвата на многу од легалните и нелегалните дејци, а, исто така, и според сведоштвата на многу европски набљудувачи, журналисти и публицисти, духот на населението остана ведар и речиси сите повторно останаа со желба борбата да продолжи до постигнувањето на крајната цел...

Тоа масовно, вооружено, народно востание изнесено врз плеќите на самото македонско население, според своите размери и траење (три месеци), го привлече вниманието на целиот надворешен свет и ги потресе особено соседните две балкански држави – Србија и Грција. И уште незалечени раните и опустошувањата, по сугестија на раководните, одговорни лица во споменатите две држави, кои имаа и ги поддржуваа своите пропаганди, ги започнаа и ги засилија и своите нелегални вооружени пропаганди, со единствена цел да стекнат свои приврзаници и да стекнат терен за своите идни освојувања. По претходно подготвен план од Грција и Србија се втурнаа вооружени чети, кои навлегоа во внатрешноста, главно во пограничните околии, со цел да изнемоштат... сè што е бугарско.

Тие надворешни четнички походи од Грција и Србија продолжија две-три години и нанесоа редица разорувања во неколку околии, откако со сета жестокост и бес опожаруваа села, ги убиваа поистакнатите жители, а не ги штедеа ни жените ни децата. ВМРО иако разнебитена, можеше сепак да ги мобилизира преостанатите свои сили по селата и градовите и во период од три – четири години по Илинденското востание ја продолжи борбата, но веќе не само против вековниот поробувач – турската феудално-апсолутистичка власт, туку истовремено и против непријателите – грчкиот и српскиот врховизам. А турската власт во лицето на тие надворешни непријатели пронајде свои природни сојузници, што умно ги користеше како тајно, а на некои места и речиси јавно содејствуваше за уништувањето или божем за омаломоштувањето на ВМРО. Борбата беше жестока и долготрајна, и наместо општо помирување се создаде еден општ хаос поради заостренот до пароксизам верски и национален антагонизам. Врз сето тоа албанскиот елемент, исто така, неприродно поттикнуван од надвор, со својот, исто така, верски и национален антагонозам уште повеќе ја разгоруваше борбата, откако на секој можен начин се нафрлуваше врз локалното христијанско население како во Косово, така и во Битолскиот и Скопскиот вилает.

Турската централна власт врз вековната девиза „раздели, па владеј", како во својата внатрешна, така и во надворешната по-

литика ја користеше новосоздадената ситуација, секако, за да добие во време и да стекне терен за да го омаломошти, истепа и распрсне целото македонско христијанско население. Централната власт во Цариград отиде дури дотаму да го користи и бројот на локалното бугарско население, откако при пребројувањето во своите официјални статистики го внесуваше како припаѓачко на фенерската патријаршија, претставувајќи го за грчко, српско или албанско, а бугарското муслиманско население – помаците, го земаше и пресметуваше за чисто турско, само и само пред надворешниот свет да претстави дека над 50 отсто од населението во трите вилаети – Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот – во мнозинство е од муслиманско потекло. Но, наспроти сите обиди за да се фалсификува официјалната статистика, наспроти сите преземени репресии и заемни непријателства и борби меѓу локалното измешано – христијанско и муслиманско население, се создаде еден таков општ хаос во областа, кој сè повеќе и повеќе се зголемуваше и можеше да даде повод на некоја од заинтересираните Големи сили или на балканските држави да се вмешаат, да предизвикаат едно усложнување, што, пак, можеше да придонесе воопшто да се наруши целовитоста на Отоманската империја, кон која како кон „болен човек“ се стремеа сите западноевропски империјалистички држави, а, исто така, и малите балкански држави – Бугарија, Србија и Грција. Европските империјалистички држави со своите амбасади, конзулати и цивилните агенти кај главниот инспектор на „трите вилаети“ – Македонија, Хилми паша, со европските офицери задолжени за реорганизацијата на турската жандармерија и други – будно ја следеа создадената ситуација и внимаваа да не избие некоја искра, што евентуално би предизвикала пожар.

Навистина, Австро-Унгарија и Русија беа незаинтересираните од големите сили и како такви, тие со неколку спогодби и тајни договори склучени во минатото, секако, правеа сè заемно контролирајќи се едната, Австро-Унгарија да не се симне до Солун, а другата, Русија, да не се вгнезди на Босфорот и Дарданелите. Балканското прашање беше јаболко на раздорот меѓу Русија и Австро-Унгарија и Русија и Англија. Но, тој спор уште повеќе се заостри од фактот дека народностите на Полуостровот беа во процес на национална преродба и водеа борба на два фронта – против вековните поробувачи – Турците – и против стремежите на големите сили спрема Полуостровот. Додека Германија стоеше на страна од тоа прашање, ситуацијата беше релативно полесна. Но, од моментот кога Гер-

манија почна да се интересира за внатрешниот живот на Турција, откако зема учество во реорганизацијата на турската армија и во изградбата на железничките патни линии (Цариград – Багдад во 1888 г.), источното прашање уште повеќе се заостри. Доселувањето на германските офицери во Цариград ѝ создаде сериозни грижи на Русија, Германците да не се вгнездат конечно во Турција и да ја попречат историската руска мечта. Проникнувањето на Германците во правец на Месопотамија го заплашуваше и англиското раководство во Персија и Индија. И така, прашањето за Блискиот Исток од прашање меѓу Австро-Унгарија и Русија и Англија и Русија се претвори во едно сложено меѓународно прашање, чие разрешување од година во година станува сè потешко. Од таа, имено, причина статус квото на Балканот им одговараше на интересите на големите сили. Но, од друга страна, постоечката ситуација беше пречка за природниот развој и законските аспирации на балканските народи. Тоа двојно значење на прашањето за Блискиот Исток внесуваше постојано надразнување меѓу заинтересираните држави и од тука изби и искрата на светскиот пожар.*

Меѓу Австрија и Русија уште во 1873 година, Александар II и Франц Јосиф на средбата во Шонбрујон „се договараат да се разберат“, што се случува со тајната спогодба од 26 јуни 1876 година, а со друга потпишана во Будимпешта, на 15 јануари 1877 година, се прецизира поделбата на Отоманската империја, откако Австрија ја зазема Босна и Херцеговина, а Русија – Бесарабија... Војната меѓу Русија и Турција во 1877 година стави крај на тие тајни австро-руски спогодби. Така минуваат 20 години и положбата сосема се менува.

Во 1896 година, на 12. XI царот Николај II во Висбаден му рекол на германскиот император Вилхелм II: „Јас воопшто не мислам на Цариград. Целиот интерес, целото внимание, очите ми се свртени кон Кина...“. Меѓутоа, Балканот не престанува да го предизвикува вниманието на дипломатите: Критското прашање, Ерменија, бугарското раздвижување ја обеспокојуваат Европа. Англија за цело тоа време се придржува на планот за „целовитоста“ на Турција и на програмата за реформи. Но, рускиот претставник во Цариград, Нелидов, изјавува дека секакви реформи се невозможни... Наспроти сè, во Цариград се свикува конференција, на која се изработува програма (9. II 1877 г.), со што се бара еден врховен совет, еден

* „Одговорноста за општоевропската војна“, Д-р Иван Панајотов, списание „Бугарска мисла“.

финансиски совет, европски комисии, реформи во правосудниот персонал, дури се предвидува и слобода на печатот. Тоа ги смирува двете најзаинтересирани држави на Балканот и Франц Јосиф со својот министер, грофот Голуховски, заминува на преговори во Петерсбург (27 – 29 април). Испраќаат две ноти: идентична до владетелите, кои повеќе или помалку ги поддржуваат „убијците" во Софија, Белград, Букурешт и Цетиње, а втората нота за печатот: двете сили се решени да го поддржат општиот мир, принципите за ред и статус кво то. А, всушност, склучуваат еден таен договор во кој уште истиот ден (29 април) Голуховски и Муравиев ги поставуваат главните точки: Во случај ако статус квото е невозможно, да се отфрли секоја помисла за какво и да е освојување на Балканот; тој принцип да се наложи и на секоја друга сила, што би се спротивставила; прашањето за морските премини како чисто европски не може да биде предмет на една посебна спогодба, но Австро-Унгарија ја признава законитоста дека туѓи воени бродови не можат да минуваат преку Босфорот и Дарданелите, а новиот ред на Балканот ќе се определи со специјални владини уредби. Се договараат дека двете држави, кои го целат само „консолидирањето и мирниот развој на малите држави", ќе следат една полна хармонија во својата надворешна политика и дека ќе избегнуваат сѐ што може да внесе... елементи на предизвикување и недоверба.

Меѓутоа, статус квото имаше смисла и значење за големите сили, но не и за потчинетите и угнетени народи. Македонското прашање сѐ повеќе и повеќе се истакнува на сцената. Возбудата е голема и Бугарија во јануари 1899 година со меморандум до Високата порта бара автономија на Македонија со престолнина во Солун, со губернатор од владејачката нација. Истовремено, Англија и Италија од друга страна го повикуваат Султанот да се реши да воведе реформи. За да се избегне колективна постапка, рускиот пратеник во Цариград добил наредба да му порача на Султанот да се преземат мерки „христијаните во Македонија да бидат заштитени и да им се подобри положбата... Австроунгарската политика, толку јасна и определена во своите цели, е побрутална со своите средства. Таа е цврсто решена да не ѝ дозволи на Русија да дејствува и на тој начин да ги принуди да мируваат малите балкански држави, кои само го чекаат судниот момент. Во Берлин, Голуховски му соопштува на фон Бјулов (4 – 6 мај 1900 г.) дека Австрија нема да дозволи која и да било сила да се вгезди во Албанија (се визира Италија), ниту обединување на Србија со Црна Гора, како и навлегувањето на Русија во Цариград. А, пред

Еленбург, германски амбасадор во Виена, изјавува: „Ние едноставно ќе ја прегазиме Србија ако се усложни ситуацијата на Балканот и Србија се осмели да води друга политика освен таа што ние ја сакаме (6. I 1901 г.). Што се однесува до Бугарија, таа сè следи од Романија, која во случај на една бугарско-турска војна, се заканува дека ќе ја окупира Јужна Добруџа (1. II 1901 г.) Во Петерсбург и Виена сметаат дека договорот од 1897 година, како непрецизиран, е недоволен и го гледаат како негативен. А положбата во Македонија се смета како предвесник, почеток на кризата во Отоманската империја и сите се обеспокојуваат. Новиот руски министер за надворешни работи како претходница одново заминува за Виена каде Голуховски му дава уверувања дека не сака анексија на Босна, но оти внимава, Србија да не се помести или насочи кон Македонија. Но, наоѓаат дека ќе треба да се договорат околу минималните реформи, што ќе се бараат од Турција. Главниот инспектор Хилми паша да се назначи на три години и да се служи со турската војска без да чека наредби од Цариград; странски офицери да ја реорганизираат турската жандармерија, откако во неа ќе влезат и христијани; Албанците да се натераат да ги „почитуваат законите“ и трите вилаети да се издржуваат од еден буџет, чии приходи ќе бидат од самата провинција. Русија е задоволна од конзервативната политика за зачувување на статус квото и ќе се бара само „да се спречат опасните компликации”; се предвидуваат административни мерки, што ќе го протежираат христијанското население, без да се накрнува авторитетот на Султанот (4. I 1903г.).

Таа „виенска скица“ на 17. II 1903 г. ѝ се претставува на Високата порта и самиот Султан е пријатно изненаден, но во суштина од никого добро не се прифаќа. А во Македонија тие реформи се нарекоа „падарски“, зашто главно се визираше полската стража – падарите.

Илинденското востание беше прогласено на Пелистер.[2] Бугарија и Турција мобилизираат дел од своите армии и ги распоредуваат по границата. Ситуацијата се комплицира уште повеќе. Австрија и Германија се спротивставуваат на секакви посериозни реформи. Русија одобрува сè – таа сака мир по секоја цена за задржување на статус квото, бидејќи се подготвува за војна во Далечниот Исток. Меѓутоа, Лансдаун[3] од Лондон се искажува, дека е време да се помисли

---

[4] Павел Шатев, веројатно, мисли на планината Пелистер, односно Битола, како центар на Битолскиот револуционерен округ.

[5] Се однесува на лорд Лансдаун, англиски министер за надворешни работи.

и за посериозни реформи отколку што се оние, предвидените во „виенската шема“ (29. IX).

Ламсдорф[4] не се вознемируваше од колежите на Словените. За прв пат две големи христијански држави – Австрија и Русија ѝ даваат поддршка на Високата порта против нејзините христијански државјани. „Ќе биде понижувачки да се смета дека сме се исплашиле од престапите на Македонскиот комитет“, изјавува Ламсдорф. И веднаш одново заминува во Виена (3 октомври 1902 г.). Како резултат, во алпското одморалиште Мирштег (југозападно од Виена), двајцата императори – рускиот и австрискиот – го разгледуваат британскиот предлог од 29. IX и заемно подготвуваат една програма (20. X истата година).

Се донесуваат решенија што ќе им се испратат како инструкции на пратениците во Цариград, се споделуваат англиските сугестии, но само колку да ги скусат, наместо да ги прецизираат. На вешт начин, практично, реформите на Лансдаун се пренебрегнати. На мирцштетската програма, што на Високата порта ѝ е претставена на 22 октомври, Портата одговара со една долга нота, со која се изопачува: „мандатот на главниот инспектор“ е продолжен уште две години, впрочем, тој има на располагање доволно време за да го обезбеди мирот; ќе биде назначена една комисија; од реформите „сите се применети“ и грешката е во христијаните, зашто тие не сакаат да се вклучуваат во мешаната жандармерија; најпосле, дека „императорската влада никогаш не користи башибозуци“ (3. XI). Во Виена и Петерсбург се навредени од дрскоста на турската влада. Портата отстапува: „таа во принцип ги прифаќа деветте точки зацртани во Мирштег, но си го зачувува правото за време на преговорите да се договори за деталите за нивната примена, откако ќе ги усогласи првата и втората точка (целосна автономија на Македонија и назначување на губернатор христијанин) со престижот на императорската влада и со постоечкото статус кво (24. XI).

Австро-Унгарија и Русија токму тоа и го чекаа. Тие назначуваат двајца „специјални цивилни агенти“ (Милер и Демерик) и со големо трпение водат долги преговори по сите точки подготвени во Мирцштег. Вообичаените заобиколувања на изворните преговори претпочитаа божем две години за да се подготват практичните детали на програмата. Во отоманските одговори не изостануваше и иронијата.

---

[6] Се однесува на В. Н. Ламсдорф, руски министер за надворешни работи.

Како, на пример, одговорот од 15. II 1904 г. во кој Портата изјавува дека таа дала инструкции „строго“ да се почитува принципот на еднаквост во вероисповедта и на јазикот и во кој се додава: „впрочем, уште со прогласувањето на Ѓулханскиот хатишериф (1893 г.) тоа правило се почитува и применува“. Истовремено, Султанот на англискиот амбасадор му изразува задоволство што Русите се победени од Јапонците (11 мај 1904 г.). На 5 мај, во Домот на лордовите, маркизот Лансдаун не го крие својот песимизам од резултатот во Мирцштег. Англија останува единствената држава, којашто сака реформи: непрекинато, едно по друго, таа инсистира на практично независен судски систем, за финансиски ред, за редовна исплата на чиновничките плати и да се стави крај на грабежите и злоупотребите. Две години се разменуваат дипломатски ноти, се повторуваат закани сѐ додека не се дојде до морската демонстрација пред островите Митилин и Лемнос (крајот на ноември 1905 г.), што го принудува Султанот да прифати финансиска контрола. Русија заплеткана во далечно-источните прашања, Франција зафатена во Мароко, го губат интересот за Балканот. Австро-Унгарија останува да ја следи својата Drang nah osten*.

Во 1904 година Султанот, под притисок однадвор, прогласи општа амнестија за сите политички затвореници, со исклучок само на оние кои биле активни учесници во акции и атентати врз железничките патни линии и други општествени и кредитни установи. Затворите се испразнија, но не мина ни една година, а судирите меѓу четите и турската војска и жандармерија зачестија и повторно во целата област избувнаа редица афери, по што беа уапсени, судени и осудени многу луѓе, меѓу кои и четници заробени како ранети или се предале во рацете на власта. Борбата против туѓите вооружени пропаганди продолжуваше со голема жестина, а тоа уште повеќе ја влоши општата положба и општата несигурност во областа. Во меѓувреме, продолжуваа и диверзиите врз железничките линии, мостовите, а со тоа уште повеќе се зголемуваше несигурноста на вложениот во разни трговски и други претпријатија странски, европски капитал...

Илинденското востание и четничките судири што следуваа со војската и жандармеријата или со групираните српски и грчки чети ја загрижуваше како централната власт, така и европската дипломатија. Се разменуваа ноти и се водеа долги и макотрпни преговори за да се најде начин да се скрши турската упорност.

---

* Чекор кон Исток!

Русија, веќе поразена од Јапонците во Далечниот Исток, и покрај своите рани од несреќната војна не можеше да седи пасивна и да не се интересира од Блискиот Исток до Балканот. Како противничка на мирното германско-австриско проникнување во Отоманската империја, наспроти грижата и ревноста на Вилхелм II да биде заштитник и покровител на сите муслимани во светот, Англија загрижена за својот сувоземен пат за Индија, на секој начин бдееше и ја користеше секоја можност да се вмеша поактивно во внатрешните работи на Отоманската империја за да се разреши колку што може побрзо и позадоволително и македонското прашање, со што ќе се елиминира можноста која и да било од најзаинтересираните Големи сили да преземе акција со која ќе ја загрози целовитоста на Отоманската империја, чии богати провинции – Месопотамија, Сирија, Палестина, па и Европска Турција го привлекуваа вниманието на некои од нив.

Илинденското, народно, внатрешно востание, по својот размер и траење и по својот интензитет, демонстративност и со големината на духот, самоодрекувањата и саможртвата, што ја манифестираа многу знајни и незнајни херои, маченици, во сите револуционерни реони, главно во Битолско, Костурско, Охридско и Кичевско, го сврте вниманието на Големите европски сили, кои не задоцнија да се јават со своите проекти за решавањето на македонското прашање и најдоа повод и зготен психолошки момент, но веќе не само за да ги препорачуваат, туку и да ги наложат своите планови за реформи.

Во јануари 1908 г. австрискиот министер за надворешни работи Ерентал соопштил во Парламентот дека Портата дала согласност да се соединат ж[елезничките] п[руги] кон Митровица... Русија, за да го намали австроунгарското влијание и за да го омекне крајниот англиски проект, во почетокот на јуни 1908 г. настапува со нов предлог за реформи и за да се надминат разногласијата меѓу Русија и Англија во Равел се организира средба меѓу двајцата императори – англискиот и рускиот – кои се договориле да ѝ се наложи на Турција да ги прифати подготвените реформи, што, всушност, предвидуваа една скриена автономија за Македонија. Турските официјални средини по таа средба останаа изненадени, но беа веќе речиси беспомошни да го спречат спроведувањето на подготвениот проект за реформи. Меѓутоа, неочекувано се случи еден голем настан, што измени сè... Како што во 1876 година турските сопственици го спречија свикувањето на европска конференција, така и сега со славенички топовски салви беше соопштено дека се воведува Конституција, а штом во Империјата се воведува Конституционална форма на управување, која формално ја гарантира граѓанската и политичката

еднаквост на сите нејзини жители, без разлика на вера и народност, нема место за никакво странско мешање. Сега веќе не официјалната власт, туку младотурскиот Комитет „Обединување и напредок", кој фактички функционираше во Западна Европа и беше со слаба мрежа од комитети и групи во самата Империја, на 10 јули 1908 г. во Македонија – Битолско, на еден демонстративен начин неколку лица, претежно воени, на чело со Енвер и Нијази беј, офицери припадници на III Армија, во Битола и Ресен прогласија дека се воведува старата турска Конституција (Устав), изработена од Митхад паша, и испратија едно ултимативно барање до Султанот и владата во Цариград. Со овој државен преврат, макар и во форма на воен проглас, беше прокламирана оставената во заборав Конституција од 1876 година и во Турција беше прогласена слобода, братство и еднаквост на сите жители, без разлика на вера и народност. Султанот и владата го прифатија барањето на битолскиот гарнизон и на тој начин се одреди пресвртен датум во историјата на Отоманската империја – се прогласи таканаречениот Хуриет, што значи слобода! И така, Комитетот „Обединување и напредок", чии лидери се сè уште во странство, стана господар на ситуацијата и истовремено во Цариград и во провинцијата ги зазеде позициите и застана на чело на управувањето. Тој демонстративен и смел акт предизвика општ изблик на радост и задоволство во сите краишта на Империјата, наспроти тоа што речиси сите беа изненадени од настанот, чија смисла и значење малкумина ја знаеја и сфаќаа. Но, истовремено тој преврат внесе забуна и кај сите соседни балкански држави. Сите беа изненадени од случувањата, а Големите европски држави збунети и побараа трпение за да се види што ќе следува. ЦК на ВМРО уште во првиот момент влегува во близок контакт со луѓе од „Обединување и прогрес" и со одлука им дава упатство на сите востанички чети да се симнат во градовите, што и се случува. Сеопшта радост и еуфорија, песни и веселби, братски бакнежи и прегратки, општа веселба и свечености речиси во сите населени места. Истовремено со тоа, со царски ферман беше дадена општа и безусловна амнестија. Сите политички затвореннници, без исклучок, беа ослободени. Започна нова ера во Отоманската империја, а во истото време и еден пресвртен датум и во историјата на македонското револуционерно ослободително движење.

II

Во времето на младотурскиот државен преврат – Хуриетот – јас бев заточен во Африка – Триполи, во областа Фезан, во градот Мурзук, каде во период од околу четири години престојував со уште 56 души,

македонски Бугари, сите осудени на смрт или на доживотен затвор. Поради општата амнестија, ние уште првите денови по државниот преврат бевме ослободени. Но, додека да се подготви карванот – камили, мешини за вода, двопек и друго – за да се вратиме назад во Македонија по нашите домови, помина околу еден месец, а самото патување од Мурзук до градот Триполи траеше повеќе од еден месец – 36 дена. Долгото и тешко патување го минавме релативно добро, откако во некои населени места за одмор или за пополнување на карванот со камили или со стража, престојувавме по еден-два дена и повторно го продолжувавме патувањето за Триполи. Кога пред три-четири години од Триполи тргнувавме за Фезан, сите бевме оковани во железо и со строг конвој од војници и џандари, со големи врисоци и од лево и од десно, а сега, пак, при нашето враќање, уште пред да влеземе во градот нè пречека воена музика и – таа напред, ние по неа влеговме во градот и се сместивме во одредени за нас простории. Од Триполи со параброд го продолживме патот, преку островите Малта и Сицилија – Сиракуза и Катанија – за Смирна, а од таму за Солун, каде пристигнавме во почетокот на октомври. При пристигнувањето во Солун не нè пречекаа така како во Триполи, не само затоа што од денот на државниот преврат поминаа повеќе денови и славењето и прегратките беа веќе завршени, туку поради тоа што Бугарија веќе ја имаше прогласено својата целосна независност, што уште во првиот момент силно ги налути турските официјални и општествени кругови, а турската власт беше болно засегната и веднаш кај сите предизвика едно лошо претчувство за иднината – ориентален, фаталистички детерминизам... Но, сепак, уште при нашето пристигнување локалниот турски весник „Асјар“ (Век) во хрониката помести едно кратко антрефиле во кое се велеше следново: Една група наши сонародници Бугари, 52 на број, сите добри патриоти, борци (федаи) доаѓајќи како политички затвореници од песоците на Сахара – Фезан, пристигна во нашиот град. Ние ги пречекуваме со добро ни дојдовте...!

Каква промена, си велевме, каква остра разлика од пред пет години кога со железа нè влечеа кон параболот, што требаше да нè однесе во Смирна, а од таму во Триполи. Тогаш нè нарекуваа разбојници, нарушувачи на редот и мирот во Отоманската империја, а сега – борци, федаи... И навистина, промената беше голема, барем во главите на турската интелигенција, чиј претставник беше весникот „Асјар“, кој по превратот го променил и називот од „Асјар“ во „Јени-Асјар“ (Нов век). Ако не беше Нов век или нова Епоха, сепак беше нова етапета во развојот како на Отоманската империја, уште повеќе на Македонското ослободително движење.

Настанатата промена со прогласувањето на „слободата, еднаквоста и братство“ на сите жители во Отоманската империја, без разлика на вера и народност, во прво време некои луѓе и средини ја сметаа за намерно подготвен државен преврат, други, пак, за обично воено пронунцијаменто, а трети, од краен национализам или груб шовинизам, сметаа дека тој настан едвај не е некаков „трик“, „фокус“, искусно одигран во случајов од младотурскиот комитет „Обединување и напредок“, со цел само да се зачува целовитоста и „независноста“, суверенитетот на Отоманската империја, а всушност, како што поопстојно ќе изложиме понатаму, тоа беше една политичка револуција на турска почва. Револуција, која макар и да не ги опфаќаше широките народни маси, туку само врвовите на тогашната турска интелигенција, сепак барем во главите, расположението, во чувствата на народот споредбено земено го трансформираше турскиот менталитет. Тоа беше еден извонреден настан во Отоманската империја, кој ако не од корен, но сепак значително го беше променил расположението, чувствата, па и целиот менталитет и на самото мухамеданско, следствено на турското население.

Големите промени, крупните настани, што секогаш се резултат на пократка или подолга еволуција, во извесни моменти ги менуваат и чувствата и расположението и размислувањата. Својствено за такви крупни, пресвртни моменти е тоа што додека пред тоа, сите кои се носители и експоненти на слична редица размислувања, расположение и идеи се сметаат за „штетни“, „опасни“, „престапнички“ лица, групи или организации и обично сеопшто се оспоруваат, навредуваат, исмејуваат, сè додека според силата на историско-економскиот развој, тие не се наметнат и масите, народот не ги прифати со еден општ ентузијазам. И, навистина, во земја во која до пред тоа не се дозволуваше да се спомне зборот слобода, конституција, феудално-теократска муслиманска држава во која секакво изедначување на христијанинот со муслиманинот се сметаше за предавство на муслиманската религија, одвај ли не за ерес, по тој макар воен преврат, одеднаш на јавни места, отворено и слободно се разговараше, се пееја песни во кои се воспеваше слободата, братството и еднаквоста на сите граѓани. Јас само така и со тоа си го објаснував пишувањето во весникот „Нов век“, а тоа за нас беше единствената можна сатисфакција за сите беди и неволји, што ги преживеавме по затворите. Со тоа, на некој начин, и од страна на турското, муслиманско население, макар индиректно, јавно ни се изразуваше една пофалба. И ние бевме задоволни.

Во период подолг од три години, фрлени во песоците на Сахара и во исклучително тешки услови, совршено отсечени од светот, од

Македонија, од сите наши роднини, блиски, ние се чувствувавме како во вистинска гробница и живеевме само со надежта дека можеби ќе бидеме ослободени и пак ќе се вратиме во родните места, кај роднините, блиските и пријателите.

Уште со нашето притигнување во Солун стапивме во контакт со некои наши блиски и познати, се сретнавме со луѓе од кои повеќето претходно беа во илегалност – некои беа раководители, четници или војводи, а други скромни работници – воини во македонското ослободително движење... Навистина тие сите по потекло и народност беа Бугари, но останувавме со впечатокот дека меѓу нив како сепак веќе да беше подигнат некаков ѕид, што, секако, со децении бил граден. Макар сите тие да беа Бугари од Македонија, доскоро блиски пријатели и познајници, исти по народност, размислувања и убедувања по националното прашање, тие во тој момент беа поделени на два непријателски табора до таква степен што едни со други не зборуваа, ниту се среќаваа, а некои од нив меѓусебно дури и не се ни поздравуваа. Толку беше голема омразата меѓу нив...

Поделени на два непријателски табора, групи, партии, тие имаа свои посебни весници, посебни клубови каде се среќаваа. Ние сето тоа го набљудувавме со едно необично љубопитство и често се прашувавме зошто, како така? Сега, кога ни се пружа можност да ја искористиме за нас и воопшто за народот создадената ситуација, наместо братски да си подадеме рака и повторно обединети да ги штитиме нашите национални, културно-стопански и економски барања за реформи и преобразба, уште, така да се рече, во медениот месец по објавувањето на слободата – Хуриетот – секако, некоја невидлива, скриена сила ги дели довчерашните браќа по убедувања, по оружје и заедничка национална борба. Наместо да видиме една кохезија, едно општо обединување и пак со заеднички напори, веќе послободно да тргнеме по определениот пат, токму во тој, ќе речам историски момент, се случи токму спротивното – наместо слога и братски, заеднички напори, дојде не само до разидување, туку и до формирање на две непријателски групи, две партии, два табора... И тоа не беше доволно, па започнаа и меѓусебни физички прогони, заседи и дури и убиства, како да беа малку безимените гробови со кои дотогаш беше посеана цела Македонија... И навистина, какво беше изненадувањето, каква беше нашата осуда кога дознавме дека во една од општествените институции, каде како во минатото, така и сега доаѓаа сите добри Бугари од Солун и цела Македонија – од заседа, Бугари, бивши четници и војводи пукале и го раниле видниот,

познатиот на сите нам Јане Сандански, од многумина нарекуван „Пиринскиот цар", поради неговата голема популарност во тој дел од Македонија. Јане Сандански е ранет, но случајно останал жив – тоа беше општата тема на разговорите, коментарите и разните наивни, преувеличени или вистински приказни по тој обид за убиство. Кои беа физичките и интелектуалните убијци, зошто се посегнува врз животот на еден толку голем и славен војвода, каков што во тоа време беше Јане Сандански кого речиси сите го почитуваа, уважуваа како еден заслужен и истакнат национален херој за кого се ширеа цели легенди, а на некои места се пееја дури и песни.* Наместо одговор, како што се случува во слични случаи и времиња, почнаа да се шират секакви гласини за и против името и делото на Ј. Сандански. Општата осуда, фамата, озборувањето беше дека тој бил штетен за заедничкото дело, предавник, кој се продал на младотурците и какви ли не други измислици, што иако се ширеа, сепак никој со ништо не можеше да ги оправда или да ги потврди со какви било сериозни аргументи и докази. При веќе постоечката слобода на говорот, печатот и собирањето, како намерно да им се отвори пат само на сплеткарењето, злобата, омразата, неподнесувањето.... Истовремено со тоа, ожесточувањето меѓу двете групи значително се зголеми; омразата прерасна во злоба, во бес, во одмазда, а некои ги опфати и очај.

Никаква јавна дискусија немаше по актуелните прашања, како што тоа се случуваше меѓу турската интелигенција, па и меѓу останатите народности: Ерменци, Арапи, Грци и други организирани во свои посебни национални организации. Ние македонските Бугари бевме поделени, озлобени едни против други, секој се повлекол во себе и следи еден пат што и тој самиот не знае каде ќе го однесе, а, секако, по инерција многумина се движат, изнаоѓаат средства, сили, енергија да бараат патишта, нови патишта за успешно продолжување на борбата во новосоздадената ситуација, за постигнување на крајната цел – ослободувањето на Македонија.

По настанатите промени, општо земено, во целата држава имаше еден општ подем во сите области на општествениот живот. Поради создаденото релативно општо спокојство и сигурност, стопанскиот и економскиот живот заживеа, трговијата како внатре во земјата, така и спрема надвор значително се зголеми, а со засилувањето и на

* Во минатото тој беше автор на грабнувањето на американската мисионерка Мис Стон, поради што беше веќе познат и во странство, во Америка.

земјоделието, наспроти сите постоечки стари, надминати од времето, форми на сопственост и владение, постоеја сите услови да се поставаат солидни темели за индустријата, што се создаваше и сè повеќе се развиваше и за која постоеја потребните надземни и подземни ресурси и услови како неексплоатирана земја. На културен план, исто така, јавно се забележуваше подем. По општиот мрак настапи јасен, светол ден и очите на сите се отворија за да побараат полесна и подоходовна работа за полесен помин. Најголем беше подемот на политички план. Прокламираната слобода ги поттикнуваше и охрабруваше и најголемите песимисти и се појавија низа приватни и општи иницијативи, со кои се целеше колку што може полесно и побрзо да се тргне по еден правилен и спасоносен пат за да се стигнат сите понапредни области и држави на Балканот и Европа...

Уште првите месеци се забележуваше еден општ натпревар на сите во сите области на животот, а особено една споредба меѓу сите националности, кои живееја во одделните провинции во широката империја: Турци, Арапи, Бугари, Грци, Ерменци, Евреи, Курди и други. Користејќи ја подарената слобода, сите националности се организираа во сопствени национални организации, создавајќи посебни културно-просветни и политички организации, какви што беа Конституционите клубови и други политички организации. Речиси во сите поголеми населени места се создадоа клонови на комитетот „Обединување и напредок", во кои влегуваа претежно Турци, но имаше и луѓе од останатите националности. Арапите во Сирија и Месопотамија имаа свои национални организации, Ерменците веќе ја легализираа својата организација „Дашнакцјутун", Грците во свои национални клубови сите фактички под врховно тајно раководство на Патријаршијата и одделните митрополии, Бугарите во Македонија и Одринско се групираа исто во свои национални културно-просветни и политички организации – Конституционите клубови, а истовремено со тоа еден голем дел од бугарското население се организира во посебна партија – Народно-федеративна партија. Како што Турците, Арапите, Ерменците, така и Бугарите си имаа свои весници кои излегуваа во Солун. „Отечество" (Татковина), „Конституциона зора", „Народна волја", „Единство", „Македоно-одрински глас", а малку по нивното појавување и специјалното списание „Културно единство" под редакција на двајца видни авторитети, од сите почитувани и уважувани општественици и македонски дејци, кои ја користеа општата симпатија – Ѓорче Петров и видниот бугарски писател Антон Страшимиров, без да го сметаме егзархискиот орган, весникот „Вести" и другите помали весници и списанија како „Искра", „Учителска мисла"...

Македонските Бугари, како и некои од останатите националности во Отоманската империја, уште во апсолутистичко-монархистичкото управување, по силата на едно извојувано право фактички се користеа со една културна автономија и имаа свои културно-просветни, главно училишни институти, црковни општини, училишни управни одбори, добротворни женски и машки друштва; манастири и метоси, кои се издржуваа исклучиво од Егзархијата и локалното бугарско население, но под општа контрола на државата, зашто програмата беше подготвувана од училишниот оддел на Егзаријата.*

За да се има претстава за црковно-училишното дело на македонските Бугари во тоа време ќе наведам неколку цифри за бројот на црквите, манастирите, училиштата, на учениците во нив и бројот на учителите. Така, во 1910 г. во Македонија и Одринско имало 7 митрополии, 1.310 свештеници, 1.825 цркви, 72 манастири, две машки гимназии со 503 ученици и 28 учители, 5 машки и женски педагошки училишта со 832 ученици и 64 души учителски персонал, една трговска гимназија со 104 ученици и 14 учители, една духовна семинарија со 150 ученици и 14 учители. Од училишта, имало 1.273 почетни со 72.454 ученици, 88 класни со 4.410 ученици, со вкупно 2.118 учители. Или вкупно 1.373 училишта, 78.322 ученици и 2.248 учители!

Кога се знае дека програмата во сите почетни и средни учелишни институции, како и цензусот за назначувањето на учителскиот персонал во доменот на Егзархијата беа речиси исти како постојните во Бугарија, секој може да има една приближно општа претстава за состојбата и улогата на црковно-училишното дело во Македонија и Одринско во тоа време. Во стопанско-економски однос положбата беше поинаква. Навистина, постоеја старите еснафски, занаетчиски здруженија, кои се користеа со извесни права, имаше и трговско здружение, но тие здруженија беа заостанати назад поради немање целосна слобода за здружување и ограничувањата и будноста на монархичката власт. Па и општата заостанатост во стопански и економски аспект сама по себе спречуваше секакви стопанско-економски здруженија и организации. Отоманската империја како феудално-монархистичка држава во земјоделски аспект беше сосема заостаната, така што во тој однос немаше скоро никаков прогрес: никакви земјоделски училишта, катедри, агрономии итн., па сè беше препуштено само на приватната иницијатива. Индустријата, поради

* Егзархијата фактички беше претставник и застапник на црковните, училишните и општествени интереси на бугарската народност како посебна самостојна национална единица во Отоманската империја.

постоечкиот режим на капитулации, беше во својот зародиш и поради надворешната европска конкуренција и слабиот, речиси непостоечки внатрешен земјоделски и трговски кредит, беше, може да се каже, безначајна, непостоечка, ако не ги сметаме неколкуте маслодајни, памучни и други фабрики и работилници во поголемите населени места покрај подобри локални услови и благопријатни земјоделски култури.

По настанатата промена со воведувањето на слободата на говорот, на печатот и собирањето, се создаде можност и за една политичка просвета, за што се чувствуваше голема потреба поради општото незнаење, што постоеше кај широките народни маси. Хуриетот ја создаде и таа можност и веднаш се создадоа толку многу весници, што тие, може да се каже, во тоа време исклучиво ги занимаваа интелигенцијата и народните маси. Мнозинството од населението, макар во огромен дел уште неписмено, жедно го примаше напишаното во сите весници, без разлика на политичките сфаќања и убедувања, сите се читаа и дистрибуираа како топол леб меѓу населението без разлика на вера и народност. Слободното ширење на сите весници, списанија и други печатени производи, кои излегуваа во Европа и, пред сè, во соседните балкански држави уште повеќе придонесуваа за политичката и културната просвета. Општењето со надворешниот, западноевропски, цивилизиран свет беше целосно.

До конечните оформувања на општопартиските и национални групации, друштва, во првите месеци по промената, весниците, така да се каже, беа трибините каде се дебатираше и агитираше, а со тоа во извесна смисла и политички се воспитуваше македонското население од бугарско потекло. Сите погоре споменати весници и списанија добро информираа, во редакциските колегиуми влегуваа познати личности, со богато биографско искуство и се одликуваа во македонското ослободително движење. Во весниците редовно се поместуваа статии, што сериозно и доста обемно ја разгледуваа новонастанатата ситуација, се засилуваа идејните позиции, се правеа анализи и друго и бугарското население во Европска Турција имаше можност да научи добри и полезни за времето работи, што можеше и требаше да ги научи, со оглед дека веќе не мораше само со оружје, конспиративно да се бори, туку и легално да ги бара своите права и да ја заштитува новостекнатата слобода. Зашто истовремено му се даваше можност да биде во тек со општите задачи, што се поставуваа за разрешување во целата Отоманска империја, составена од толку различни, разнородни по дух и менталитет, јазик, култура, па и по религија националности, кои живееја во најразлични и разнообразни

економски, културни, географски и климатски специфични, речиси за секоја област, услови и локални околности – започнувајќи од Албанците и завршувајќи со бедуините во Арабија и Триполи! Познато е дека печатот е како огледало во кое се одразува материјалниот и духовниот, политичкиот и социјалниот живот на една држава или нација. Во најмала рака, печатот е толкувач на народните интереси и борба, давајќи вистинска слика на општествените борби и постоечките противречности. Секоја народност можеше на свој јазик веќе да чита и да ги разгледува прашањата, што ја засегаат целата Империја, со сите елементи во нив. Навистина, во весниците имаше и научни и литературни рубрики, што читателите доста ги користеа, меѓутоа поради новосоздадената ситуација, откако наеднаш од еден мрак народот виде светлина, јасно сонце, сите повеќе се интересираа за политичките новитети, отколку за останатото, што го пишуваа весниците и списанијата. Со други зборови, карактеристично беше што речиси сите весници се истакнуваа главно со политички – внатрешни и надворешни – прашања, што ја засегаа целата држава или, пак, одделна провинција или посебна националност.

Во тоа време Цариград како престолнина и со важна географска положба, како и Смирна, беа главните економски центри на пространата Отоманска империја, но веднаш по настанатата промена, иницијативата макар и да беше излезена од Битола, Солун, тој историски град стана фактички економски, културен и политички центар не само во Македонија, туку и во целата Империја. Солун и дотогаш во разни времиња имал историска улога во историјата на Балканот, но во тој момент му се даде можност да игра една завидна улога за обновувањето и реформирањето на Отоманската држава. Како главен економски и културен центар во Европска Турција, Солун во тој пресвратен момент во историјата на турската држава некако автоматски беше станал суштински културен и политички центар на културниот и политичкиот живот во Турција. Таму, уште првите денови по државниот преврат, по таа, според видот, единствена револуција случена од горе и тоа од воени лица, беа главните органи, фактори на револуцијата – централното раководно тело на младотурскиот комитет „Обединување и напредок" на чело со највидните иницијатори, автори и идеолози на младотурскиот преврат: Енвер беј, Талат беј, Хјулјуси беј, д-р Назим, Али Риза беј, принцот Сабахедин, Хусеин Џахид, еден од првите идеолози и главен уредник на тогаш угледниот и меродавен во Турција весник „Танин" (Камбана), Џеват беј и многу други цивилни и воени лица, кои играа видна улога во турскиот државен и општествен живот. Тука беа и

водечките македонски револуционери и општественици, повеќето бивши војводи, четници и раководители на ВМРО, на чело со Јане Сандански, Христо Чернопеев, Ѓорче Петров, Тодор Лазаров, Ч. Кантарџиев, Тома Карајовов, Димитар Влахов, Димитар Мирасчиев, Ангел Томов, Павел Делирадев, Георги Баждаров, Петар Поп Арсов, Борис Мончев, Данаил Крапчев, Никола Наумов и други видни македонски легални и нелегални дејци. Во Солун претежно се одржуваа сите средби меѓу видните македонски дејци, на кои со лични и говорни беседи и разговори се разменуваа мисли за новонастанатата општа положба, а истовремено се бараа нови патишта и нови методи за борба за понатамошна постепена општа демократизација на државата и постепеното национално, па и социјално ослободување на Македонија. Меѓу спомнатите лица и формираните групи околу нив, посебно и заеднички, едни со други се одржуваа собири, делумни средби за општо разбирање, за заедничка, единствена, заемна идна активност во интерес како на заедничката, сè уште феудално-крепосна држава, така и за иднината на Македонија, јаболкото на раздорот меѓу соседните балкански држави – Бугарија, Србија, Грција. Истовремено со овие средби и собири се одржуваа средби и меѓу младотурските водачи – воени и цивилни, со македонските револуционери, општественици, публицисти, журналисти и др. Уште на самиот почеток, без дури да се познаваат едни со други, од чисто идејни побуди, воодушевени од еден единствен општ и толку скап идеал – добробитта на сите народи и националности во Отоманската империја – македонските револуционери и општественици први стапија во личен контакт со лидерите на младотурската партија „Обединување и напредок“ и отворено, јасно и децидно им ја изнесоа неопходноста од колку што може побрзо, но радикално разрешување на аграрното прашање, кое, како што се знае, беше Ахиловата пета и на македонското прашање. Истовремено, беше истакната и неопходноста за реорганизација и на самата држава врз федеративни начела, откако во верски и национален однос се прифати за основа еден демократски децентрализам, како единствено можен начин за побезболно смирување на постоечкиот верски и национален антагонизам, којшто како бившата султанска централна власт, така и други надворешни и внатрешни фактори го поддржуваа и поттикнуваа за да можат, како што се вели, да ловат риба во матна вода ...

Третото, главно барање беше во иднина да се направи сè што е можно, воениот елемент, наспроти неговиот голем патриотизам и пожртвуваност, да се отстрани од политиката и да се зафати исклучиво со својата задача – реорганизирањето и зајакнувањето на армијата,

како голема организирана општествена сила, која треба да стои настрана и од повисоко да гледа на сите прашања, што го засегаат идниот културно-економски и политички развој на државата. Сметам дека е излишно да ги посочувам сериозните, дури научни аргументи, што се наведуваа за реализирањето на тие претстојни и неодложни мерки од чие правилно спроведување зависеше идната судбина на самата држава, а следствено и судбината како на македонското, албанското, ерменското, арапското, курдското и другото население, но, пред сè, и идната зла судбина на самото турско население како владејачка нација. Солун, историски град, никогаш во минатото уште од неговото создавање и во време на римското и византиското владеење, како и за време на петвековното турско владеење, немал толкаво значење како во тој историски, највозвишен момент во историјата на турската држава. Фактот дека уште во првите денови по Хуриетот, Солун беше станал вистински центар, фокус во кој се собираа сите општествени сили го покажуваше неговото извонредно големо значење во тој пресвртен историски момент. Исто така, како во далечното минато, и за нас Бугарите, Солун имаше големо историско значење, можеби поради пресвртите во историјата едно судбоносно значење не само за македонското бугарско население, туку и за целата бугарска нација земена во својата целина, а според тоа и за самата бугарска држава – третото бугарско царство... Како што е познато, Солун со неговите ѕидини, во бугарската историја играл важна, значајна улога и имал извонредно големо значење во разни значајни датуми. Солун е родно место на двајцата рамноапостоли Св. Кирил и Методиј, творците на словенската азбука и создавачите на словенско-бугарската писменост, што се прошири и во сите останати словенски земји. Околината на Солун, населена со едно од најсвесните словенски племиња, постојано се стремела да проникне и внатре во градот за да учествува во сите важни настани, што се случувале во тој град како важен стратешки, трговски и воен центар. Без да се задржуваме и дури да ги споменуваме сите обиди на бугарската држава да го заземе тој град и да го вклучи во своите граници, обиди изразени во одделни 8 – 9 атаци, востанието на Петар Делјан (1040-1041 г.), кој со војската стигнува до самиот Солун; подоцна во XIV век се случи големиот народен настан кога под знамето на зилозите во Солун сите се креваат на востание, што според својот размер и демократичност го надминувал бунтот на демократите во Одрин и Цариград со активно учество на Григориј Акиндин, родум од Прилеп; цар Калојан (1197-1207 г.), таа голема фигура, страшен војсководец

вршел опсада на Солун и паднал убиен пред неговите ѕидини. А во подоцнежната историја, во разни периоди од Солун потекнувале иницијативи од големо историско значење: таму е основана првата бугарска печатница на Теодосиј Синаитски, таму е основана и првата бугарска гимназија, таму биле учители истакнатите луѓе уште од првата епоха на бугарската преродба како Гр. Прличев, К. Величков, Тр. Китанчев, В. К'нчев, Бл. Димитров и др., таму беше создаден првиот ЦК на Внатрешната М[акедонска] Р[еволуционерна] Организација итн.*

Тука, потсетувајќи на некои историски датуми во врска со градот Солун, сакаме да потцртаме дека и во тој важен историски момент по прогласувањето на Хуриетот повторно Солун беше местото, градот во кој се случуваа важни, судбоносни, историски собири на кои се разгледуваа важни, сериозни прашања од чие правилно или неправилно разрешување зависеше судбината и на самата Отоманска империја. Тогаш за многумина тие средби, тие дискусии, тие начини на разгледување на сложените за разрешување капитални, животни прашања беа сепак обични, тековни прашања, но подоцна дозволените собитија во Турција и на Балканот покажаа колку важни и судбоносни биле сите тие поставени уште во првите денови по превратот економски, културни, па и политички прашања. На времето, први кои го потценуваа или омаловажуваа нивното значење беа младотурските лидери и како последица на тоа, тие самите, со големи материјални и човечки жртви, ги искупија своите грешки и доживеаја низа на проблеми, неволји и големи разочарувања, за што, можеби многумина се имаат покајано, но веќе беше доцна... Историјата не се враќа и сите неискористени моменти, настани одат во мракот на историјата, заминуваат во заборав и само како такви остануваат за поука на идните генерации.

Младотурските лидери, веќе станати господари на ситуацијата, фактори во управувањето на државата, навистина за општо жалење, површно гледаа на овие сериозни, капитални прашања, свесно или несвесно занесени од случените нови политички настани, ги запоставија сериозните, најактуелните прашања, зафаќајќи се со решавање на второстепени и дури третостепени прашања: како прашањето за мухаџирите (преселниците Турци и Бошњаци), прашањето за печатот и здруженијата на национална основа, разоружувањето, посегањето по

* За значењето на Солун подетално види во „Зборник за Солун", подготвен по повод јубилејот на Солунската женска гимназија.

училишната автономија и др. Навистина, важни прашања, но не толку приоритетни и толку радикално произлезени од доброразбраните интереси на целото население, без разлика на раса, вера и народност во Отоманската империја. Новите управници, горди и восхитени од успехот на нивното дело да елиминираат секакво мешање на големите сили во внатрешните работи на Турција, стекнати со престиж внатре и надвор од државата, се јавија како претставници не на послабиот дел од населението и национално угнетените и социјално поробените народи и националности, составено од работливите селани, занаетчии, ситни трговци, работници и произлезената од нив интелигенција, туку како исполнители на волјата и желбите на феудалните крупни земјопоседници и крупната буржоазија, како и на самата тогаш постоечка аристократија, со сите нивни права и привилегии заштитени од постојните и сѐ уште важечки граѓански закони. Зашто, религискиот закон – Шеријатот, останувaше највисок закон, со кого мораше да се усогласат сите останати нови закони, што во пракса фактички значеше дека тоа што со една рака му се даваше на народот, на работливите и национално и социјално угнетените националности, со друга им се одземаше и практично останувaa без некаков реален резултат, поради што не можеше да се замисли каков било напредок, прогрес во ниту еден дел од управувањето и животот на државата, кон што, пак, беа насочени погледите на сите незадоволни, обесправени, угнетени и експлоатирани лица, групи, слоеви, националности.*

Истовремено со тоа, исто така, погледите на сите надворешни големи европски и малите балкански држави беа свртени кон новата, во преродба, турска држава и на тој начин сѐ што се случуваше внатре во земјата внимателно се следеше и набљудуваше од сите, и се чекаше и бараше секаков посериозен повод за повторно да се вмешаат, а ако тоа биде невозможно, тогаш за конечно компромитирање на новиот режим и за уништување и распокинување на самата држава. Младотурските лидери, колку и да беа неискусни, површни, сомничави и нерешителни луѓе, опиени од првиот свој успех во отстранувањето на странското, надворешно мешање и во зачувувањето на целовитоста на Отоманската империја, беа актери пред една голема, општа, заинтересирана публика, која ги следеше и најмалите нивни

* Правата и привилегиите на Султанот како апсолутен монарх со прокламираната Конституција беа ограничени, но духовната власт на Шејх-јол-исламот фактички постоеше.

гестови, и притоа ги оценуваше не со една општествена мерка, туку со свои сопствени, субјективни, дури егоистични мерки и практики во оценувањето. Играта веднаш отворено продолжуваше, актерите глумеа, а публиката колку строга и пребирлива, толку и грубо заинтересирана ги следеше и набљудуваше. Најпрво, како што обично се случува при сите такви државни преврати, извршени со помош и со силата на армијата, новите управници се зафатија со реорганизацијата и јакнењето на војската, првата и најглавна потпора и заштита на секоја власт. А, пак, во Турција, како военољубива и со векови милитаристичка држава, тоа претставуваше неопходност за која никој не можеше да има нешто против, наспроти огромните трошоци за одржувањето и реорганизацијата на застарената турска армија во која исто како и во останатите сегменти во државната управа постоеја стари обичаи, неспоиви со новото време и новите задачи на државата и нејзиниот столб – армијата. Германските офицери, реорганизатори и инструктори на турската армија, останаа на својата должност и сега, во веќе новонастанатата ситуација, со уште поголема грижа се нафатија со преуредувањето и реформите, со вооружувањето на сувоземната и морската армија.

Беа извршени големи набавки, беа порачани доста големи воени параброди итн. Сето тоа ги исплаши некои од големите европски држави, а ги исплаши дури и соседните балкански држави, кои во прво време помислија дека набргу Турција ќе се препороди, ќе ја реформира својата армија и не ќе може да биде објект на идни освојувања, а, пак, богатите и плодородни малоазиски провинции, со огромни надземни и подземни неексплоатирани богатства, ги соблазнуваа и ги привлекуваа погледите на сите заинтересирани големи империјалистички држави, како и на балканските сопернички мали држави. Некои од големите и посебно малите балкански држави засилувањето и реорганизацијата на турската армија, свесно или несвесно, го сфатија како сериозна закана и поттикнувани и помагани од некои од големите држави започнаа да бараат поводи и можност за оневозможување на секакви воени подготовки, а доколку тоа биде невозможно, за уништувањето, па според тоа и поделба на широката Отоманска империја пред таа да може да се обнови и зајакне...

Веќе реков, дека сите нелегални дејци, со општа заповед на ЦК на ВМРО, се имаа симнато од планините со своето оружје, и од нелегални дејци – војводи и четници, пак беа подготвени борци и револуционери, но веќе во друга форма – станаа легални дејци на кои им се наложи, без да ги менуваат своите сфаќања и убедувања, да поминат веќе кон друга форма на борба – легалната! Дотогаш обично

се сметаше и прифаќаше дека четничката, вооружената борба е најтешка, најмачна, зашто во таа форма на борба дејците во секој момент си го изложуваа животот, без да ги сметаме и останатите ризици и тешкотии, материјални и човечки жртви на македонските револуционерни дејци. Но, како што ќе видиме понатаму, се покажа дека новата веќе наметната според формата легална борба беше посложена, помачна за извршување отколку старата, вооружена, четничка борба на која селското, па во некоја мера и граѓанското население беше навикнато и насекаде ја водеше доста успешно. Долгогодишното искуство, специфичните географски и социјални услови во кои живееше и се развиваше македонскиот народ, го имаа научено на сите лукавства, тешкотии, жртви, та одвај ли не овој вид борба за многумина не беше само обичен спорт... А, новата легална борба и за образованите, далекувиди, навистина храбри и пожртвувани македонски дејци претставуваше нешто ново, што иако го сфаќаа, сепак немаа соодветни познавања, долгогодишно животно искуство. Тоа, пак, внесуваше своевидна забуна во главите и душите на поистакнатите и далкувиди дејци. Од каде да се започне, како и какви методи да се користат, и, воопшто, по кој пат да се тргне!? Новонастанатата ситуација, променетата надворешна и внатрешна политичка ситуација со железна неизбежност наметнуваше да се тргне по нов пат, со нови средства за борба. Тоа го чувствуваа и разбираа сите. Но, конкретно, практично, како и со што да се започне за тоа малкумина имаа јасна претстава, дури мнозинството револуционерни дејци, војводи, селски и градски раководители и работници, четници, се препуштаа на општиот тек и секој на свој начин разбираше и зборуваше според своите, поскоро лични сфаќања и разбирања и дејствуваше во својот реон, во соодветното населено место. Така што, уште на самиот почеток, поскоро националното чувство, националниот инстинкт магливо поткажуваше како и од каде да се започне новата борба.

Во чест на сите македонски дејци, без разлика на убедувања, политички сфаќања и групирања, размислување, револуционерни концепции, треба да подвлечеме дека сите беа убедени во едно – дека во конкретниот случај ќе треба да се апелира до народот дека тој инстинктивно, заеднички, колективно не може да не го најде вистинскиот, правилен пат по кој ќе треба да се тргне, што ќе ги посочи и методите и средствата со кои ќе можеме да се служиме. Еве зошто, уште во првиот момент речиси сите се свртеа спрема народот и за да може тој да се изјасни и да ја изрази својата желба, да ја демонстрира

својата волја, требаше да се формира нова легална организација, која во почеток во своите редови ќе ги собере барем членовите на постоечката Внатрешна револуционерна организација додека постепено да се придобијат и други луѓе, кои од едни или други причини дотогаш не се сметале за членови и истомисленици на ВМРО. А тоа не беше лесно зашто дотогашните внатрешни недоразбирања, спорови и борби, што постоеја и се водеа веќе неколку години во Организацијата, како на пример, борбата меѓу таканаречените егзархисти, еволуционисти, борбата меѓу врховистите на чело со таканаречената Надворешна организација предводена од Врховниот македоно-одрински комитет во Софија и ЦК на ВМОРО, споровите и борбите во самата ВМОРО, фактички веќе поделена на одделни групи, фракции: централисти, сарафисти, санданисти, без да ги броиме понезначајните групи и лица, што фактички постоеја и јавно дејствуваа паралелно со постојните, според уставот, органи на ВМОРО. Сето тоа претставуваше една спирала, една преграда, една сериозна пречка за формирањето и функционирањето на една општа легална организација, чиешто име, идеолошки принципи и организациони форми требаше да се пронајдат, а функционирањето на самата Организација да се приспособи кон новонастанатата ситуација. Притоа требаше релативно и да се брза, зашто младотурците – веќе господари на ситуацијата, поддржувани од официјалната државна власт, што целосно се наоѓаше во нивни раце и им беше на располагање – се користеа со сите материјални и човечки ресурси, што во такви случаи може да ги пружи државниот апарат со своите воени, граѓански, полициско-административни органи.

Освен тоа, останатите националности: Ерменци, Арапи, Грци, Албанци и др. во секој поглед се соземаа, се реорганизираа секој во својата област во согласност со локалните услови и специфичните национални особености, традиции, карактер, обичаи, општо кажано според своето национално битие. Албанците, на пример, од своја страна, користејќи ги новонастанатите услови, уште претходно наоѓајќи свои заштитници како внатре во Албанија и во самата Турција, така надвор од неа, организирани во своите племенски или групни организации, повеќето од нив од време добро вооружени, скриени во недостапните албански планини, населби – градови и села и со свои сфаќања и разбирања за уредувањето на државата, тие индиректно, едни свесно, други несвесно, се наоѓаа под туѓо влијание, исклучиво на Австро-Унгарија, која под изговор дека ја помага католичката пропаганда, не само што се немаше откажано од желбата да се прошири до Солун (анексијата на Босна и Херцеговина извршена уште во првите денови

на Хуриетот, истовремено со прогласувањето на независноста на Бугарија јасно сведочеше за тоа), туку сериозно размислуваше како да ја потчини и освои самата Албанија и Косово. Грците, пак, во целосна координација со официјална Грција (во која не постоеја два непријателски табора – врховисти и централисти, како што беше во Бугарија и Македонија, туку само едни – големогрци, фанатично приврзани на идејата за голема Грција), според строго зацртан план го насочија сето свое внимание со поддршка на постоечките грчки органи – Цариградската патријаршија со нејзините митрополии, а, исто така, и сите грчки конзулати и др. економски и културно-просветни институции и организации – да го зачуваат и зајакнат грчкото влијание во Отоманската империја, а според тоа и во Македонија и Одринско, при речиси отворената протекција на официјалната турска власт за да се ослабне, пред сè, словенскиот елемент (во тоа време Грците не правеа голема разлика меѓу Бугари и Срби, кои ги сметаа речиси за исто – Словени, а словенството воопшто го сметаа за општ, опасен елински непријател). Српскиот елемент, главно во стара Србија – Косово и Новопазарскиот и Скопскиот санџак – Призрен, Приштина и други – исто така, на секој начин се трудеше да се издвои во посебна заедница, со свои органи и организации, кои за сè, без исклучок, се инспирираа од Белград. Митрополии, архиерејски одбори, конзулати, четничка организација со војводи и четници, од кои многумина беа довчерашни бугарски ренегати, сите заедно, едногласно ги слушаа и извршуваа наредбите одозгора, т.е. од белградската централна власт. Истото беше и со Курдите, Сиријците, Арапите во Палестина и Трансјорданија...

Се разбира, и Софија не стоеше со скрстени раце. Паролата беше сите поактивни, посвесни македонски Бугари да се вратат во Македонија и таму, на самото место да ги бранат и да се борат за своите национални, политички, економски, социјални барања. Пари од татковинските фондови, соработка и заштита – сè беше ставено на располагање на познати лица и групации само и само борбата во Македонија да се насочи во духот на тоа дека истовремено со заштитата на стекнатите права и црковно-училишна автономија, да се работи и за плановите и тежненијата во надворешната политика на официјална Бугарија спрема македонското прашање! Но, паралелно со тоа, уште овде треба да одбележиме дека македонските дејци и бугарски општественици, претежно луѓе со напредни, леви идеи и убедувања, исто се прибраа во Македонија, главно во Солун и бидејќи верни на своите идеи и убедувања, доследни на себе општественици,

национал и социјалреволуционери, уште во самиот почеток отворено се спротивставуваа на сите кои од едни или други причини, свесно или несвесно пропагираа, спроведуваа акции и дејност претежно во корист на надворешната политика на официјална Бугарија....

Отоманската империја, како што е познато, беше голема, моќна држава без единствена нација, туку поскоро конгломерат од разнородни националности од кои секоја поседуваше свои посебни национални квалитети, свој карактер, обичаи, свое специфично битие, и како освоени, онеправдани и угнетени народи и националности, секоја од нив живееше со својата религија, со својата вероисповед. А, во политички однос, се стремеа кон слобода и самоопределување, и така сите поголеми националности претставуваа вистински центрифугални сили и развиваа сепаратизам, кој, исто така, беше еден од силните и опасни внатрешни фактори. Се разбира, објективно гледано, таквото држење и однесување на одделните националности со силни сепаратистички стремежи и насоки не беше резултат само на туѓите надворешни влијанија, на туѓи фактори, туку имаше свои социјално-економски причини, што младотурските лидери и државници едноставно не сакаа да ги бараат или поради недоволна култура, искуство или едноставно опиени од лесниот и брз успех на превратот сами се лажеа дека тие како субјективни фактори сами ќе можат да ја возат колата на историјата. Една голема и опасна заблуда, какви што има многу во историјата на правото и животот на народите.

За грешките и заблудите на младотурците ќе зборуваме понатаму, а сега, овде, во низата размислувања и расудувања, ќе се задржиме на македонските дејци, револуционери и општественици, кои останаа живи и беа поставени да живеат и дејствуваат во оваа конкретна историска реалност и во новите политички услови создадени од Хуриетот – тој нов настан, кој наспроти сите оспорувања и сомнежи претставуваше вистинска револуција извршена во границите на Отоманската империја. Откако ВМОРО имаше преживеано веќе 15 години од своето создавање (толку години продолжи и црковната борба), по Илинденското општо, вооружено востание и одделните делумни четнички акции што следуваа по него, скоро во сите реони паралелно со постојните месни селски и градски револуционерни комитети, се имаа создадено месни војводи, веќе легализирани и голем дел од македонското население се наоѓаше под нивно директно влијание. Тие, војводите, со целиот нивни антураж од четници и истомисленици беа како вистински феудалци, секој зафатил одделен

поголем или помал реон каде по своја проценка се мешаше во многу области од животот на локалното бугарско население.*

Така што кога се однесуваше за тоа да се преземе иницијатива за некои општи, политички прашања, на пример, каков вид организација би требало да се создаде, пред сè, локалниот војвода, иако неподготвен за такви и слични прашања, иако дотогаш знаеше само да се служи со оружјето, пушката или најмногу да внимава на редот и дисциплината, како и на обучувањето на населението за ракување со оружјето в рака и во случај на потреба да се бори со регуларната турска војска, жандармерија и башибозук за да им олеснува на четите, сега војводството како да се претвори во институција. И војводата, пред сè, требаше да каже дали дозволува или не да се поддржи некоја новопојавена иницијатива. Така што, едноставно беше невозможно да се истакне каква било парола за создавање на соодветна за моментот легална организација или, пак, некоја соодветна нова организација во духот на политичкиот момент. Ветото на војводата фактички беше решавачко. Дали да има или не некаква легална организација – тоа зависеше од разбирањето, мислењето и желбата на локалниот војвода. ЦК на ВМРО фактички беше немоќен да се наметне како што правеше порано во нелегалните активности. Всушност, тој и не постоеше внатре во самата Македонија. Окружните револуционерни комитети, со своите легални и нелегални членови, беа оние кои фактички ја контролираа ситуацијата и ја насочуваа борбата. Организацијата од строго централистичка, каква што беше во почетокот и подоцна до и по Илинденското општо вооружено востание, се децентрализираше. Општо кажано, ВМРО по младотурскиот преврат, прво поради извршеното востание и борбите по него, борби можеби потешки од самото востание, зашто таа за 3-4 години по востанието требаше да се бори истовремено против сите свои непријатели: турската власт, грчката и српската вооружена пропаганда, што се развија

---

* Во некои села и паланки, на пример, се стигна дури дотаму што кога требаше некое момче или мома да се задоми, војводата беше лицето кое прво требаше да го даде своето мислење и одлука... Бидејќи Организацијата се беше насочила да ја бојкотира турската судска власт, па имотните и други спорови им се препуштаа на месниот комитет и војводата како нелегален член на реонскиот комитет, Организацијата ја ограничуваше големината на подарокот при венчавките, со цел населението во економски однос да не се исцрпува. Оттука, некои од војводите си го проширија влијанието и врз прашања од чисто семеен, брачен карактер...

по востанието и постоеја уште пред него, борба со македонскиот врховен комитет – врховизмот. Така што, поради сето тоа, ВМРО во предвечерието и особено по прокламирањето на Хуриетот, поскоро беше сенка на централизирана, дисциплинирана организација. Пред и за време на востанието, расположението на напнатото население ја опфаќаше раководната интелигенција. Или, пак, масата ја наметнуваше својата слепа волја врз водачите. Зашто селата во многу реони, а особено во Битолскиот округ, веќе најавуваа дека или треба да востанат или ќе си го предадат оружјето. Така е можеби при секое пошироко општествено движење за пренормирањето на некои стари односи: раководните елементи само го разгоруваат незадоволството, ги канализираат силите. Понатаму, кога движењето ќе се претвори во огромна стихија, водачите несвесно стануваат водени. Тогаш нивната задача се ограничува на тоа да ја разберат железната логика на ситуацијата во привидниот хаос од настани и да ги искористат неочекуваните пресврти за своите крајни цели...*

Сите оние кои беа заколнати приврзаници на општото вооружено востание сега веќе увидоа колку сила, енергија, колку човечки и материјални сили и жртви се изгубија со востанието пред време, кога толку многу сили и жртви беа неопходни во еден таков историски момент, во новонастанатата епоха. Но проникливоста, предвидливоста во општествените, политички и социјални борби не се карактеристични за сите. Ретки се луѓето, кои инстинктивно или со ум и разум можат да ги предвидат настаните и да им придадат соодветна за моментот насока.

Но, наспроти сето погоре кажано, Организацијата, иако веќе фактички поделена, општо земено – Североисточна Македонија против Југозападна, прогресивна и конзервативна, левица и десница – сепак ги зачува своите разретчени кадри. Водачите, имено, од овие преостанати кадри, требаше да го подигнат своето здание, да создадат легални организации. Велам организации, бидејќи се покажа дека е апсолутно невозможно секакво помирување, а уште помалку какво било обединување. Сложеноста и тешкотиите околу разрешувањето на македонското прашање, и како чисто внатрешно прашање на Отоманската империја и како бугарско прашање за какво многумина го сметаа, уште повеќе дојдоа до израз, па според тоа се наметна да му се даде едно порадикално, поправилно, потемелно поставување и разрешување. Зашто, во тоа време, македонското прашање дури

* „Ајдутски копнежи“ од П. Јаворов, том II, стр. 76-77.

и да не претставуваше општо европско прашање, барем беше и останувaше општо балканско прашање, со оглед дека за неговото разрешување беа заинтересирани и Турција, и Бугарија, и Србија, и Грција и Албанија, а индиректно дури и Романија, првенствено поради централната позиција на Македонија како крстопат на големи трговски и стратешки патишта, што водеа од Јадранското кон Белото Море, како и од Западна Европа – Виена кон Солун и егејскиот брег, кон Мала Азија и Африка, а и заради географската положба на Албанија, која останувaше како отсечена, изолирана турска провинција, што тешко можеше да се контролира и администрира – управува од страна на турската централна власт во Цариград. Така што внатрешните и надворешните причини бараа за поправилно и побезболно разрешување на македонското прашање да се погледне посериозно, пообјективно и со оглед на сите внатрешни, а особено надворешни причини да се бара едно радикално разрешување, тргнувајќи, пред сè, од интересите на самото локално население кое, како што се знае со години, како последица на редица воени и историски настани и сите преселби и вкрстувања на неколку историски раси, беше шаренолико и измешано. Според тоа, поаѓајќи од објективните внатрешни и надворешни социјално-економски и политички причини и околности, македонското прашање требаше да се постави правилно од што ќе зависеше и неговото поправилно разрешување. Тоа беше првото, фундаменталното прашање од кое требаше да се тргне за да се бара разрешување и на низа други, второстепени прашања од внатрешен и надворешен карактер. Како општ компас, како појдовна точка – стоеше, имено, прашањето за правилното поставување на македонското прашање, а од тоа ќе зависеше и неговото поправилно и побезболно, а можеби и побрзо разрешување на самото комплицирано, тешко, мачно за решавање прашање. И така, не останувaше друго освен да се создадат две заемно исклучиви организации според идеите и методите на борба, но во помала мерка според тактиката. А тоа фактички и се случи уште во првиот месец по прогласувањето на Хуриетот. Едната се оформи како заедничка легална Организација на конституционите клубови, какви што беа формирани речиси во сите градови во Македонија, и втората –Македонската федеративна организација, со канцеларии и клубови пак во цела Македонија.*

* Во првата се вбројуваа главно луѓе од нелегалната Организација во Битолскиот и Скопскиот револуционерен округ, а во втората луѓе претежно од постоечките организации во Серскиот и Солунскиот револуционерен округ.

Организацијата на Конституционите клубови имаше свој орган, весникот „Отечество“ – „Татковина“, со уредници Данаил Крапчев, Матеј Геров и др., а Федеративната организација – весникот „Народна волја“, со уредници Анг[ел] Томов, Димитар Влахов и др. Истовремено со нив излегуваа уште два весника – „Единство“ на Христо Чернопеев и „Конституционен зрак“ на Димитар Мирасчиев. Весникот „Вести“ – гласилото на Егзархијата, исто продолжуваше да излегува, но тој поскоро беше само како билтен на учителите и свештениците, кои го добиваа задолжително.

Двете легални веќе создадени организации своевремено одржаа и одделни основачки конгреси. Конгресот на Конституционите клубови се одржа на ...[5]. На него присуствуваа ...[6] делегати од …[7] организации. Конгресите избраа и соодветни највисоки управни тела. Во највисокото управно тело на Конституционите клубови влегува ...[8], а во највисокото тело на Федеративната партија ...[9]. Пак две организации, две групации, два одделни печатени органи, два светогледа, два света!

Кадрите и на двете организации беа организирани, преостануваше да започне борбата, која, всушност, веќе имаше започнато, но сѐ уште не беше поставена врз принципиелни, идејни начела. По формирањето на организациите, борбата започна и премина врз идејни, принципиелни основи, во кои се изразуваа две одделни идеологии, а истовремено и од двете страни борбата се засили, страстите се разгореа.... Но, пред сѐ, секој се прашуваше во што се разликуваат двете групации, двете легални организации, двете крила од сѐ уште постоечката ВМРО, која фактички престана да функционира, но постоеше. Какви се идејните принципи што ги разделуваа? Дали се разликуваа само според методите и средствата – тактиката на идната борба или, пак, во нивната основа имаше нешто лично, субјективно или длабоки идејни и принципиелни разлики и во однос на самата цел?

[5] Испуштено во ракописот. Основачкиот Конгрес на Конституционите клубови се одржал од 7 до 13 септември 1908 година во Солун.

[6] Испуштено во ракописот. На Конгресот присуствувале 81 делегат.

[7] Испуштено во ракописот.

[8] Испуштено во ракописот. Во раководството на Конституционите клубови биле Христо Матов, Тома Карајовов и др.

[9] Испуштено во ракописот. Во раководството на Народната федеративна партија биле: Јане Сандански, Димитар Влахов, Христо Чернопеев, Христо Јанков и др.

На тоа прашање не беше лесно да се одговори со сигурност тогаш, а и доста време потоа, зашто, како што е познато, во такви времиња, личното, субјективното, измешано со разните заеднички и приватни интереси и чувства уште повеќе ги разгорува страстите, а, пак, гласините, личната злоба и омразата уште повеќе ги зголемуваат и разгоруваат страстите и тешко може да се разграничи личното, субјективното, од општото, објективното. А сето тоа, пред сè, го покажуваше ниското ниво на општата култура на бугарскиот елемент и слабото политичко образование на македонските Бугари. Но, не беше само тоа. Имаше и други причини и околности што тешко можеа да се сфатат, разберат во нивната општост и сложеност поради заемната испреплетеност. Не секој, па ниту многумина од поистакнатите македонски револуционери и општественици не можеа да направат вистинска, правилна анализа на ситуацијата во тогашните конкретни историски услови, во кои покрај сите општи принципи и идеи, требаше да се земат предвид, пред сè, локалните услови и околности во тоа време. Младотурскиот државен преврат, всушност, не беше обично воено пронунциаементо, не беше никаков трик или блеф на група воени и цивилни лица, туку претставуваше политичка револуција подготвувана од многу порано и извршена по силата на низа внатрешни и надворешни причини и сложени локални услови. Тоа навистина не претставуваше нешто оригинално, турско, туку беше како и спроведените во 19 век револуции во другите европски држави, односно беше имитација реализирана во локални, чисто турски услови. Извршената промена од некои турски лица и средини беше многу преценувана, а, пак, други ја потценуваа, без да можат да дадат јасна дефиниција, поточна карактеристика на настанот. И наместо точна проценка, почнаа да се прават теоретски воопштувања за општествено политичкиот живот на Отоманската империја и особено за Европска Турција – Македонија, Косово, Одринско (Тракија). Овде нас не интересираат теоретските проценки и воопштувања, кои се правеа меѓу македонските револуционери, општественици, публицисти, новинари и др. лица. За жал, тие не беа целосно објективни и повторно се појави опасноста од десно и од лево, каква што постоеше и продолжуваше да постои уште од создавањето на ВМРО. Главното, суштинското беше да се нацрта и да се следи една нова, да ја наречеме сега генерална линија, без да се оди многу далеку ниту на десно ниту на лево. Една таква објективна проценка тогаш, од разбирливи и многубројни причини, тешко можеше да се направи. Но, сега и оние дејци кои сè уште се живи, по еден толку долг поминат временски период, веќе ослободени од секаков субјективизам,

полесно ќе можат да ја прецемат смислата на моите размислувања и полесно и јасно ќе ги сфатат сите грешки во минатото, а според тоа да се извлечат и соодветните поуки од тоа релативно недалечно минато, поуки што ќе послужат на младата, растечка генерација (врховизам, централизам – федерализам...).

Младотурскиот преврат, наспроти сите спорови, фактички имаше отворено нова епоха во историјата на Отоманската империја и една нова етапа во развојот на македонското национал-ослободително движење!

Во тоа време малкумина од оние кои активно се занимаваа со македонскиот проблем, посебно и како дел од огромната Отоманска империја, речиси сите исклучиво бивши нелегални дејци, тешко можеа да разберат што значи промена на парламентарни и непарламентарни форми на борба, како и кога можат и треба да се заменат легалните форми на борба со нелегални, како и нивниот меѓусебен соодност. Тешко и скоро невозможно беше да се сфати, што, како и до каде ќе треба да се отстапи за да може да се работи и во најреакционерниот парламент или со релативно реакционерните постоечки национални, класни или други оганизации, групи и лица. Односно, да се усвои и прифати нова тактика на обединување на легалната работа со задолжителното користење на легалните можности, бидејќи сосема неправилно беше проценета самата создадена, по силата на постоечките локални и општи услови, објективна ситуација во областа и целата голема, многунационална, сè уште феудално-крепосничка, и притоа монархистичка, милитиристичка држава, која опфаќаше области не само од големо географско и економско, туку и од стратешко значење, особено за заинтересираните големи, империјалистички европски држави, па и за уште позаинтересираните мали ривалски балкански држави: Бугарија, Србија, Грција, Романија. Во тој историски момент, повеќе од секогаш се наметнуваше спојување на легалната и нелегалната работа.

Првата етапа, временски период што траеше околу 15 години, речиси толку колку што продолжи и борбата за црковна независност, го опфати големото мнозинство од бугарското население и како еден голем порој ги влечеше во водите сите селски и градски жители, без разлика на општествената положба, сталежот и возраста. Тоа беше поскоро период на силен изблик на национално чувство, ентузијазам, период на незаветна самоодрекувачка борба, која во својот вриеж даде толку самоодважни борци, кои со своите дела и подвизи, а некои и со својата смрт, дадоа невиден пример на растечкото поколение како незаветно може и треба да се гине за слободата, за народот,

за родината, за татковината. Тоа беше првиот романтичен или поскоро херојски период во македонското национал-ослободително движење.

Во постоечките пред тоа апсолутизам, незаконие, безлична тиранија, феудално-апсолутистички институции, општа робија, економско и социјално, политичко и национално угнетување, мрачно време на еден постоечки, уште повеќе и објективно поттикнуван верски и национален антагонизам, сите селски и градски елементи, сите без исклучок се мачеа да стекнат барем една релативна политичка слобода како прва и најелементарна придобивка за секаква натамошна социјал-економска борба. Да се живее поспокојно, слободно да се движи и говори, непречено да се исповеда каква и да е религија или да се има и да се сака каква и да е вероисповед, да се има право, пред сè, на спокоен и слободен живот, да се има сугурност на животот, имотот и честа – тоа беа општо речено желбите и барањата, што ги обединуваа сите во општата борба. Воопшто, буржоаско-демократски права и слободи неопходни како за правилниот културно-економски развој на земјата, така и на населените разнородни националности. Така што, настанатиот преврат целеше главно да создаде услови и можности за реализирање во пракса на елементарните буржоаско-демократски права и слободи какви што имаше во останатите понапредни во културно-економски однос европски држави. Секаква друга полева или подесна проценка на настанатата промена водеше во крајности во кои можеше да се западне, крајности кои на десно беа плод на стари надминати од времето предрасуди или на расни и верски атавизам, а на лево на апстрактни идеи и принципи, што не соодветствуваа на постоечката груба реалност.

Сите, без разлика на вера и народност, одделно и колективно по народности: Турци, Арапи, Бугари, Грци, Ерменци, Курди, Срби, Албанци, Власи и други народности, што ги населуваа пределите на Отоманската империја, тој конгломерат од националности, држава без општа нација, ако не ја сметаме турската како владејачка нација, иако во споредба со целото население во Империјата сосема незначителна, сите по силата на една неопходност беа вовлечени во општата борба, што се водеше од сите, насекаде различно, со разни средства и методи, при различни локални услови и околности, без да има некоја од националностите која ќе ја игра улогата на хегемон. Иако младотурскиот комитет „Обединување и напредок“ успеа фактички да создаде една нова ситуација, таа не беше плод на објективниот социјално-економски развој и условите во кои се

живееше, како и на боречките квалитети на турскиот елемент, туку повеќе на привилегираната положба на тој елемент, на таа владејачка нација, која се стремеше поскоро да ја зачува својата привилегирана положба во заедничката држава, отколку на некои други квалитети на Турците. Навистина, и Турците во огромно мнозинство беа онеправдани, угнетени од апсолутизмот во државата, но, сепак, како владејачка нација ја имаа привилегијата да ги пополнуваат редовите како воениот и граѓанскиот, така и на полициско-административниот државен апарат.

Апсолутизмот и феудализмот насадени со векови и религиозниот антагонизам поттикнуван од муслиманското свештенство, до толку ги притискиаше широките работни народни маси, што секоја помисла за општа, единствена борба, за фактичка еднаквост, за национална и политичка слобода внатре во границите на Империјата беше исклучена или сосема задушена и секој обид да се создаде таква се сметаше за утопија. Недовербата спрема државната власт беше толку голема кај масите, што и тие по примерот на некои заинтересирани надворешни фактори, ја сметаа самата држава за „болен човек“, чие наследство чекаат секој момент да се отвори. Со тоа се засилуваше и сепаратизмот за одделување на некои од провинциите во заедничката држава, сепаратизам што, впрочем, го создаваа и потхрануваа и многу други услови и околности. Во таа насока дејствуваа Албанците, Арапите, Ерменците, Бугарите, Грците, Србите, Курдите. Поради редица други причини и соображенија од најразличен карактер, иако уставот и програмата на Револуционерната организација ги повикуваше нејзините членови и истомислениците да работат, агитираат и дејствуваат за оспособување на Македонија во одделна, автономна единица, политичката пропаганда во Македонија не се водеше соодветно со тоа, туку различно. Насекаде слободно четници и војводи, учители, свештеници, селски и градски раководители говореа по собирите, на средбите со разни лица дека Македонија ќе се ослободи кога ќе се присоедини кон мајката татковина Бугарија. А на прашањето како може само со четничка борба да се кутне една Империја, некои од агитаторите, како и повидни, истакнати дејци одговараа: Еднаш да кренеме востание, со оружје да ја побараме слободата, за останатото ќе биде лесно; како што Бугарија, Грција, Србија и други беа ослободени со надворешна помош, така и Македонија ќе биде ослободена или со вмешување, со интервенција на некоја од Големите држави, или од братска Русија, или во најмала рака од Бугарија, чија војска е подготвена да навлезе и да ја ослободи Македонија...

Во тоа време, воопшто, малкумина ги сфаќаа и разбираа сложеноста и тешкотиите за правилното разрешување на македонскиот проблем. Но, по Илинденското востание, по самоволието и жестокоста, што ги манифестираа турската воена и граѓанска власт, покрај огромните човечки и материјални жртви, што беа дадени, по сите незгоди и разочарувања од очекуваното вмешување на големите сили врз основа на неколку меѓународни, свечено објавени акти, а Бугарија го дочека Илинден без план, без волја и без храброст за акција, и востанатите се прибраа по своите пеплишта, со остра болка од сознанието дека слободната братска држава ги заборави во најтешкиот момент на нивното страдање*, македонското прашање се истакна со сета своја ширина и должина и се постави пред широката народна маса директно за разрешување.

Првата етапа, периодот на ентузијазам и екстаза, на една, секако, мистична верба во хуманите и човекољубиви чувства на христијанските европски Големи сили и уште поголемата верба и надеж во силата и можностите на братска Русија, како и во подготвеноста на добро организираната, екипирана и дисциплинирана, храбра бугарска армија беше веќе надмината. Настапи друга подостојна етапа од развојот на македонското национал-ослободително движење. Македонските револуционери и општественици имаа веќе едно 10-15-годишно революционерно искуство и имаа можност да ги извлечат сите поуки, како од историјата на бугарското национал-револуционерно движење, така и од преживеаното искуство и праксата и да се убедат дека прашањето не беше толку лесно како што се сметаше во прво време, дека тоа, како национално прашање, е многу посложено и потешко за разрешување, и главното дека ќе треба да се прифатат здрави идејни позиции и принципи, што строго ќе се согледаат, за да може и прашањето поправилно да се постави, што, пак, може да придонесе и за поправилно и негово побрзо разрешување. Околностите во кои се работеше и дејствуваше беа исклучително сложени, деликатни и следствено се бараше и се налагаше да се направи нова преоценка и да се прифати не само на зборови, туку и на дело една ориентација, што соодветствува на вистинската внатрешна и надворешна ситуација. Се наметнуваше нова преоценка на новосоздадената ситуација и со оглед на тоа да се бараат средствата во методите за новата претстојна борба. На прв поглед претстоеше јасно и категорично да се разбере

---

* Христо Силјанов, „Ослободителните борби на Македонија“, стр. 416 и 441.

дали за чекор напред ќе се води само легална борба или, пак, ќе треба повторно да се „фатат“ планините, да се подготват четите со сите неопходни потреби и оружје за дејствување. За понескршливите лица тоа прашање беше лесно за разрешување – тие ја отфрлија легалната борба и, секако, по инерција сметаа дека единствениот спасувачки пат е повторно во старата, во нам познатата четничка борба. Маликерата, камата, бомбата, динамитот – тоа се само спасувачките, заштитнички средства на македонскиот роб. А, всушност, тоа беше само едната страна на медалот, што имаше и друга, многу посложена, многу потешка за разбирање страна, која обичните воини не сакаа и не можеа да ја видат.

Отоманската империја со население од околу 30 милиони жители, од различно расно и национално потекло, со различни карактери, обичаи, битие, живеејќи во областите расположени во Европа и Мала Азија, живеејќи во различни географски и климатски услови, сите беа под јаремот на еден азиски апсолутизам, а целата држава под своевиден ориенталски феудализам во кој големите и малите бегови-феудалци, крупни земјовладетели беа истовремено и претставници и изразувачи на духот и разбирањето на воено-административната клика, што беше управувачкиот, владејачки фактор во државата на чело со Султанот како врховен духовен и световен владетел. Географската положба на Империјата со своите широки и богати провинции: Сирија, Палестина, Ерменија, Европска Турција со Македонија и Одринско (источна и западна Тракија) беа нишанска точка на некои од Големите западноевропски империјалистички држави, од кои секоја на секој можен начин беше насочена спрема своите определени објекти. Русија спрема Цариград и Преминот, Англија спрема Палестина и Трансјорданија, Франција спрема Сирија, Италија спрема јужниот дел на Мала Азија и островите (Додеканези), Австро-Унгарија спрема Албанија, спрема Новопазарскиот санџак и Солун. А, Германија во своето мирно проникнување во Отоманската империја, по концесијата за изградбата на железничката линија Стамбол (Хајдер паша) – Багдад сметаше дека порано или подоцна економски ќе ја опфати таа пространа и богата неексплоатирана област, а потоа и политички ќе биде фактички господар на тие провинции во кои сакаше да стигне како до Мусулските нафтени извори, така и преку Багдад и Басра до Индија. Така што ривалството како на Русија и Англија за освојувањето на Цариград и Преминот, така и ривалството меѓу Англија од една страна и Германија од друга, целосно доаѓаа до израз во нивната најостра форма и, пред сè, тие три големи империјалистички држави меѓусебно се демнеа. Паралелно со тие, соперништвото за сфери на

влијание на Балканскиот Полуостров меѓу Австро-Унгарија и Русија, Италија и Австрија, а, исто така, ривалството на трите балкански држави Бугарија, Србија и Грција остро се отсликуваа пред секој дури и обичен набљудувач. При постоење на таква ситуација, Султанот лесно ги користеше противречностите меѓу сите големи и мали балкански држави за да ја зацврсти својата положба и да ја зачува целовитоста на Империјата, наспроти сите надворешни и внатрешни противречности. Капитулациите, тие доброволни пранги, што на времето Отоманската империја си ги имаше ставено на врат, а потоа се претворија во нерамноправни тешки договори, се искористуваа од турските државници. Никакви заштитни царини не можеа да се наложат без тоа да го искористи која и да било голема држава заинтересирана за Турција. Ниските царини што Турција по силата на капитулациите ги одредуваше за сите внесувани од надвор европски стоки го стопираа индустрискиот развој на земјата.

Турција беше повеќе една полуколонијална држава, без развиена индустрија, без свои сопствени транспортни средства – железници, параброди и др. Земјоделството беше заостанато, многу поназад и од најзаостанатите држави на Балканот. Така што сè беше насочено против развојот на производствените сили. Само еден слој од граѓански и воени лица и феудалци стоеше на врвот на управувањето, а сè останато беше потчинето, ропско, а особено немуслиманското население – рајата, поголемиот дел ратари и работници изложени на сите владини и феудални самоволија како во државното управување, така и во стопанството, воопшто во производството.

Стоково-паричните и капиталистички односи што сè повеќе и повеќе созреваа и се засилуваа во неколкувековната феудална држава оставаа свој белег во економскиот и социјалниот живот во државата. Од друга страна, муслиманската религија со сите свои стари, надминати од времето институти, групи и одделни лица, секогаш и секаде намерно го попречуваше правилниот економски и културен развој на државата, парализирајќи го секое ново, понапредно законодавство. Секое ново законодавство било под формата на царски, императорски фермани (укази) или закони, создадени, изгласани дури и во согласност со Конституцијата, повторно требаше да се сообрази со одредбите, догмите на религиозниот закон – Шеријатот – едно одамна отфрлено од времето религиозно законодавство, што го контролираше целиот културен и економски, целиот социјален живот на државата. Заостанатата економска структура, феудализмот во управувањето со сите негови недостатоци и стари, надминати од времето предрасуди, измачуваа милиони човечки суштества од кои мнозинството беа

закрепостени, во положба речиси на крепосни робови. Робови на својата религија, робови на феудалните бегови и паши, кои им ја цицаа крвта, принудувајќи ги непрекинато напорно да работат, пред сè, за потребите, раскошот и расипништвото на беговите, пашите, шеиците и други феудалци, а тие страдаа за парче леб. Тоа го потхрануваше незадоволството, пред сè, на земјоделското население – селаните. Со развојот на стоково-паричните и капиталистичките односи, поради немоќта на централната власт да реагира на каков и да е начин против интересите и алчноста на Големите империјалистички европски држави, кои упорно се наметнуваа, се одвиваше и развојот на индустријата, а истовремено со тоа и на еснафот, на занаетчиите, кои постепено се пролетеризираа без да можат да најдат место во индустриските претпријатија, зашто фактички такви, освен неколку помодерни мелници, памучни, маслодајни и други помали фабрики, немаше и не можеше да се создадат. Трговскиот сталеж, споредбено земено, можеше да се развива и тоа како посредник меѓу големите внатрешни трговски куќи, што посредуваа меѓу надворешните големи трговски и индустриски фирми и локалното население. А тие трговски куќи беа исклучиво на туѓи на владејачката нација – Евреи, Арапи, Грци и др. Турскиот елемент си ги чуваше местата во армијата, судството и полициско-административниот апарат во државната машинерија. Офицери, високи световни и духовни лица, муфтии, оџи, мули – сите беа околу државната трпеза!

„Селаните најтешко го чувствуваа гнетот на турскиот феудализам. Тие страдаа како од феудалците, така и од елементите на парично-стоковото стопанство, што сè повеќе и повеќе се всадуваше во животот на земјата. Националното, како и социјалното угнетување, најтешко се чувствуваа кај селаните и во тоа нема ништо чудно, зашто тие беа едни од најдобрите носители на идејата за бунт против турската тиранија. Селанството беше најпринципиелната демократска сила во земјата, која се бореше за радикално демократско разрешување на аграрното прашање. Иако во првата етапа тоа ги даваше животните сокови на неговата преродба и на националниот јазик, во повисоката етапа на борбата, кога се постави разрешувањето на прашањето за политичката слобода на бугарскиот народ, селаните беа масовната сила на борбата, тие се креваа на востание.“*

Селанството и занаетчиите, тие две движечки сили беа заинтересирани за националната револуција, зашто само во револуцијата

* „Економска историја на Бугарија“, Ж. Натан, стр. 196.

тие гледаа можност да се спасат од туѓото ропство, што го сметаа за извор на нивната лоша материјална положба. За нив националното прашање добиваше и не можеше да не добие национален карактер (стр. 171).

Економското и социјалното угнетување и верскиот и национален антагонизамвештопотхрануваниодофицијалнатавласт,придонесуваа за онеправдувањето на милиони луѓе и од тоа произлегуваше и општото незадоволство и во арапските области – Сирија, Палестина, Месопотамија, а, исто така, и во Ерменија и Курдистан. Што се однесува до Европска Турција, особено до трите вилаети, термин што обично го користеа официјалните турски кругови за да го избегнат името Македонија, тешката положба на селаните како крепосни и ратари го потхрануваше општото незадоволство, бунтот (Да се приведат факти од Мемоарите на ВМРО и др.).

Во една таква економска и политичка ситуација во Отоманската империја, младотурскиот акт од 10 јули 1908 година, наспроти сета негова демократичност и театралност, не беше обичен преврат или едноставно воено пронинциаменто, туку почеток на една чисто буржоаско-демократска револуција, што постепено, сукцесивно ќе требаше да ги преобрази сите институции во државата и макар и постепено, но во пракса да ги воведе во управувањето на државата најелементарните права и слободи на сите граѓани, без разлика на вера и народност. А во сличните случаи на бунтови, востанија и револуции на многу народи и држави, иницијаторите, предадените целосно на настаните, особено оние без претходна соодветна подготовка и без претходно точен и јасен план за дејство, тешко го заземаат врвот за да можат да ги спречат евентуалните погрешни чекори...

Така беше и со луѓето од комитетот „Обединување и напредок“. Но, сепак тоа во никој случај не можеше да им се припише како сериозна, основна грешка. Грешките се појавија подоцна откако ја практикуваа власта зашто тие требаше да имаат една строго определена, подготвена идеологија и строго определен план како конкретно да дејствуваат во духот на новата епоха што започна. Оттука најневралгичен пункт во државата, барем во тој момент, беше европска Турција, односно Македонија и Албанија, во кои турските државници и општественици јасно гледаа како едната или другата им се лизгаат од раце и затоа можеби воениот заговор се случи, имено, во Битолско – каде најсилно дојде до израз Илинденското востание. Првата задача, уште во самиот почеток по промената на режимот, им беше да пронајдат соодветни општествени сили или организации што ќе им пружат можност за зацврстување на новата власт, така

како што неминовно по една таква политичка револуција можеше да се предизвика и соодветна реакција... Според тоа, иницијаторите, лидерите на „Обединување и напредок“ требаше во масите, во народот да го пронајдат својот природен сојузник. А како такви сојузници тие можеа да ги имаат македонските, ерменските, албанските и српските дејци и општественици, со голем дел од масите на разните националности доволно искалени во бунтовите и востанијата, т.е. со релативно поголемо револуционерно, ако не сознание, барем расположение, отколку самото турско население или полицискоадминистративниот апарат, без да ја сметаме армијата, која не секогаш е подготвена за дејствување како организирана сила, фактор, но со две острици...

Но, ограничените сфаќања и разбирања, специфичниот менталитет, па и верскиот и национален антагонизам на младотурските дејци не им дозволуваа да го направат тој чекор. Тие, наместо на секој можен начин да ги привлечат македонските дејци, сепак нарочно направија сѐ за да ги одбијат, да ги оддалечат од себе си. Така, на пример, уште првите недели по промената на одделни средби и собири македонските дејци од новоформираната Федеративна партија на чело со Јане Сандански, Христо Чернопеев и нивните први другари – истомисленици предложија и настојуваа пред највидните лица на комитетот „Обединување и напредок“ да се подготват и да се преземат сите неопходни мерки за правилно и радикално разрешување на аграрниот проблем, селското прашање, на тој начин што големите, пространи феудални имоти во плодните производни области да се одземат од нивните сопственици и да се дадат, распределат на работниците и селаните или други безимотни како еден вид награда. Државата, пак, ќе се задолжи да ги обесштети сопствениците, а новите сопственици на кои ќе им се подели отуѓената земја да можат да ја отплаќаат на рати, во период од 10-15-20 години, во согласност со нивните материјални можности... Меѓутоа, иницијаторите, лидерите на младотурскиот комитет ниту сакаа ниту, пак, можеа да направат таков смел чекор напред – дотолку повеќе што тие беа ограничени, па и зависни од крупните земјовладетели-беговите феудалци. Впрочем, како што ќе стане јасно понатаму, младотурската партија не можеше радикално да ги разреши постоечките сериозни задачи. Таа не можеше да го разреши ниту аграрното ниту националното прашање...

По неколку месеци почнаа да се појавуваат потешкотии во управувањето и во живеењето во областа. Социјалекономската положба со ништо не се промени. Селаните, занаетчиите, ситните трговци и други останаа во истата положба во која се наоѓаа за време

на апсолутистичкиот режим. Притоа речиси меѓу сите националности почна повторно да се развива и засилува сепаратизмот, кон кој претходно се насочуваа некои од завладеаните, поробени и угнетени националности: Бугари, Албанци, Ерменци, Арапи, Курди. Сето тоа ги предизвикуваше, дури и озлобуваше и без тоа сомничавите младотурски лидери, кои веќе ја преземаа и улогата на државници. Всушност, на вистинските, свесни и далекувиди водачи и првенци, на истакнатите личности, им се налагаше воздржаност, резервираност, а истовремено и изработка, со поголема објективност, на подолга анализа на создадената фактичка ситуација, притоа имајќи ги предвид сите дотогашни настани и факти од историјата на Отоманската империја, како и сите тогашни факти и околности од локален карактер, а не да се излегува со формални, апстрактни теории и формули како што правеа младотурските лидери или, пак, македонските револуционери и општественици, кои опфатени од еден идеализам сакаа да го постигнат идеалното, пренебрегнувајќи го можното и реалното. Навистина, секој настан во општествено-политичкиот живот секогаш и секаде наоѓа некакво теоретско воопштување, но секогаш и секаде тоа треба да се совпаѓа со постоечката, некогаш груба реалност и секогаш со увид во времето и локалните услови и околности.

Со прогласувањето на Конституцијата што предвидуваше слобода, братство и еднаквост во државата, релативно гледано се создадоа општи, нормални услови за поспокоен и пословоден општествен и, воопшто, на животот: слобода на печатот, говорот, слобода на собирање и здружување итн., што се основни принципи на секоја буржоаско-демократска конституција. Надворешната „опасност“, што доаѓаше од големите европски империјалистички држави привремено беше отстранета, под формалното оправдување дека штом во Отоманската империја се воведува конституционална форма на управување, што формално е гаранција за граѓанска и политичка еднаквост на сите нејзини жители, без разлика на вера и народност, нема место за никакво туѓо мешање, а стремежите и ривалството меѓу малите балкански држави немаа големо значење. Тоа ги охрабруваше младотурските лидери и државници и дури ги поттикнуваше да бидат понепопустливи. Но, внатрешните противречности и верскиот и национален антагонизам меѓу владејачката нација на чело со муслиманското свештенство и останатите немуслимански и потчинети народи, сè повеќе и повеќе доаѓаше до израз. Младотурскиот комитет, што веќе беше суштински фактор во државата, опиен од своите лесни успеси, беше почнал да ги изговара првите букви од азбуката, но немаше храброст да продолжи да ги изговара и следните. Ја кажа

буквата А без да има храброст да каже и Б, В итн. Додека, во самата владејачка нација – турската, во мнозинство сива, политички сосема непросветена маса, врз која муслиманското свештенство: муфтии, оџи, мули и други имаа големо влијание, се оформи и засили првата крупна реакција против новиот режим – контрапревратот на 31 март (Да се опише поопстојно учеството на македонските дејци и симнувањето, детронизирањето на Султанот...).

Во такво време и во такви крајно несоодветни услови и околности, и македонските дејци и општественици требаше да ја насочат својата дејност, да дејствуваат на тој начин, па и тие да придонесат за демократизирањето на државата и постепено да се добијат сè посуштествени економски, културни и политички права и слободи. Но, главното, суштественото, кардиналното прашање беше како, по кој пат – само по легалниот или по ревулуционерниот, следствено со четничката, нелегална револуционерна борба. Како што реков, мнозинството македонски дејци беа навикнати на четничката, нелегална револуционерна дејност и борба, но не знаеја како да се бранат и борат со легални средства, па во тој поглед им недостасуваше секакво искуство. Наспроти создадените стопански, идејно-организациони центри, наспроти постоечките законски утврдени институти: црковни општини, училишта и училишни одбори, окружни (вилаетски) совети, околиски административни совети, читални, трговски здруженија и машки и женски организации, малкумина знаеја и можеа да ги искористат и легалните средства за борба. А политичкиот момент беше таков што наметнуваше максимално да се искористат и сите тогашни можности, пред сè, за легална борба. Тоа беше главното, кардиналното прашање, што требаше да се разреши и да му се даде една политичка примена.

Мнозинството од селското и градското население се движеше секогаш по инерција и поради бавниот економски и културен развој на државата сметаше дека повторно само старите, познати средства и методи на борба се единствениот спасоносен пат. Наспроти големиот идеализам кај голем број македонски дејци, имаше и такви, кои, пред сè, тргнуваа од своите тесни групни или лични интереси, а не можеа да се надминат и многу стари предрасуди, што претставуваа голема пречка. Секој обид да се докаже дека старата четничка борба ќе треба на неодредено време да ѝ отстапи место на новата легална дејност, што се налагаше по силата на создадените услови и околности во Македонија, се пресретнуваше со недоверба и негодување, а заинтересираните лица и групи површно, многумина и од неискуство тоа го сметаа како ренегатство, едвај ли не предавство пред

општобугарскиот идеал – обединување на целата бугарска нација – и на интересите на Македонија. Дури некои бивши четници и војводи, без каква и да е конгресна или друга одлука на кој и да е орган на постоечкатата, но сè уште нерасформирана ВМРО, по свое убедување повторно нелегално заминуваа по планините и ја започнаа својата стара, добро позната чисто четничка борба. Новоформираните, иако мали чети, почнаа да прогонуваат, да тормозат и дури да гонат и убиваат некои од бившите видни и обични борци, раководители и др. Тоа внесе уште поголемо недоразбирање и секој се прашуваше што ќе се случи и каде ќе биде крајот. Зарем сè уште Македонија ќе треба да се опсипува со гробови, како дотогаш ископаните да беа малку или не беа доволно. Додеки едни четничката, терористичката борба ја сметаа за единствен спасоносен пат по кој повторно ќе треба да се тргне, противниците на тие стремежи таквите дејства ги сметаа за почеток на провокации, што можат уште повеќе да ја влошат положбата на македонскиот народ отколку што беше пред младотурскиот преврат... Всушност, желбата да се продолжи старата четничка дејност беше само едно расположение, па кардиналното прашање останувашe отворено и го чекаше своето разрешување. Новата постановка за правилното разрешување на македонското прашање сè повеќе и повеќе ги раздвојуваше двете групи, зашто веќе не се работеше само за тактиката, туку повеќе и за целта, а следствено дали ќе се застане безрезервно на становиштето Македонија да се оспособи за одделна, автономна политичка единица или истовремено ќе се бараат и реформи и автономија, а во пракса ќе се цели и работи и на евентуално присоединување кон Бугарија. Тоа прашање теоретски беше разрешено за ВМРО и автономниот принцип фигурираше во програмата и во уставот на Организацијата, меѓутоа во пракса, на дело, освен врховистите, истомисленициите на Македоно-одринскиот врховен комитет во Софија и многу други македонски легални и нелегални дејци, дури членови или истомисленици на ВМРО, отворено прифаќаа и работеа и за присоединување, а следствено бараа тајна и јавна поддршка од официјална Бугарија, која наспроти се ниту за **јота** не ги имаше променето своите ставови околу разрешувањето на македонското прашање.*

---

* Официјалниот орган на Врховниот македонски комитет, весникот „Реформи", одамна се беше изјаснил и упорно поддржуваше дека со маликерата правилно и најбрзо ќе се разреши македонското прашање и Македонија ќе биде предадена на бугарската круна со штитот на бугарскиот војник.

Селанството и редица од граѓанското население, занаетчиите, еснафите и ситните трговци, кои сè повеќе и повеќе се деморализираа и пропаѓаа, се тешеа со помислата и надежта за уништување на „нечовечниот турски јарем". Тоа беше насоката што ја налагаа интересите на обеземјената селска маса: исполичари, наемници, слуги и ратари, кои едвај опстојуваа при развојот на стоково-паричните односи поради недостигот од земја, пропаѓањето на своите стопанства од кои добиваа производи за својот опстанок или да ги продаваат на пазар. Таа селска маса работеше главно по чифлиците на турските бегови – феудалци (таа аграрна аристократија, наследничка на старите спахии). Во стремежот за земја, селанството гледаше излез само во протерувањето на владетелите на земјата, во одземањето на нивната земја, т.е. во револуционерното разрешување на социјалното и националното прашање. Тактиката се сведуваше на организирање на селанството и градските сиромашни и средни постоечки слоеви, кон разрешување на националното прашање оддолу, од самиот народ. Тоа го водеше народот кон поголема политичка зрелост, кон неговото право самиот да ги даде насоките за идното управување.

Настанатата промена, што само ја постави основата за буржоаско-демократската револуција и во Турција, отвори нова епоха во државата, нова етапа во развојот и на македонското прашање и следствено бараше, без да се изостават или целосно пренебрегнат револуционерните средства и методи, да се пронајдат сили и можности за да се искористи сè што можеше да пружи легалната борба. Така што таа поделба не се диктираше од желбите, од неопходноста да се заштитат интересите на боречкото селско и граѓанско население, туку повеќе беше плод на неискуството на еден дел од бившите македонски нелегални дејци, на групните, тесни, егоистички интереси или лични амбиции и нарушеното достоинство... Желбата и стремежот повторно да се прибегне кон старата, чисто четничка борба тајно се поттикнуваше и од надвор, со цел, пред сè, уште во почеток да се компромитира новиот режим во Отоманската империја.

На тоа суштинско, кардинално прашање, македонските дејци, за жал, гледаа површно, а тоа водеше кон други подоцнежни грешки, што, пак, причинија нечуени човечки и материјални жртви, големи неопишливи маки и страдања. Отсуството на една единствена, строго определена идеологија беше причината да започнат нови долготрајни борби и меѓусебни братски прогони и самоистребувања. А, општествени движења, кои од една или друга причина, во дадени услови и моменти не успеале да одберат ако не идеални, барем такви раководители кои во себе ја имаат добро поврзано теоријата

со практиката, должни се, ако не сакаат да претрпат систематски неуспеси и порази, да создадат такви раководители кои ќе ги обединат силите и можностите на дејците како со богато практично искуство, така и со пројавени неспорни теориски, идеолошки способности. Признавањето или искористувањето на едните или само на другите и, воопшто, неспособноста да се поврзат и искористат силите и искуствата на едните и другите ги водат таквите движења кон неминовни, а понекогаш и непоправливи грешки, неуспеси и порази, дотолку повеќе ако даденото движење е историски неопходно и прогресивно, а неговите историски можности и задачи се поголеми, поважни и поголеми. Тој резултат е логички толку неопходен и психолошки толку јасен, што само закоравени „доктринери“ или „практичари“ со секакво загубено чувство можат да не го признаат со целиот императив и значење.

Ете зошто најдобри раководители на општествено-историските движења се оние во кои теоријата и праксата, размислувањето и искуството, мечтата и волјата се поврзани најдлабоко, најживо и најнеразделно. Нема прогресивно движење без една прогресивна идеологија.*

Времето минуваше, настаните се одвиваа со необична брзина, а животот го наметнуваше своето. Се спроведоа првите избори, откако на секои 50.000 души се определуваше по еден претставник, а гласањето се одвиваше според двојниот систем, следствено со заменици, кои конечно ги избираа народните претставници во секој одделен вилает или санџак. При постоење на една, релативно гледано, слобода на говорот и собирањето се создадоа разни економски, културно-просветни и политички здруженија и општо земено се забележуваше еден општ подем во сите области на општествениот и стопански живот. Но, паралелно со тоа, надворешните и внатрешните потешкотии и противречности почнаа да се зголемуваат. Сите подмолни внатрешни, па и други надворешни сили се ставија во погон. Реков дека младотурските лидери не можеа да обезбедат никакво разрешување на аграрното прашање, да го неутрализираат барем селскиот елемент, тие со ништо не можеа да го намалат влијанието на муслиманското свештенство и, ако не можеше да се парализира, барем да се ограничи муслиманскиот религиозен закон – Шеријатот – законодавство останато во наследство уште од 14-тиот век и создадено во сосема други општествени односи и други производствени сили. Тоа

* „Теорија на отрезнувањето“, Тодор Павлов, стр. 96.

ги потхрануваше незадоволството и негодувањата и кај многумина внесуваше песимизам. Притоа, верскиот и национален антагонизам се повеќе и повеќе се заоструваше. Па и централната власт, во лицето на дејците и органите на комитетот "Обединување и напредок", со сите негови разграноци, не само што уште повеќе ја засили својата централизаторска и асимилаторска политика, туку преку поставени лица започна со прогон и елиминирање на понапредните и истакнати лица, главно на оние кои во блиското минато беа војводи и четници. Се случија и некои демонстративни убиства. Тоа многумина уплаши и некои најдоа повод да раскинат со сите легални средства и методи на борба и да се отповикаат одново во Бугарија и повторно со чети да се префрлуваат во Македонија и да ја продолжат старата четничка дејност, откако освен против турската се нафрлија и врз своите довчерашни другари по оружје – да ги убиваат или тероризираат, обвинувајќи ги за подмитеност, дека се продале на младотурската власт, дека станале „необрезани Турци" итн. Иако неосновани, обвинувањата беа вербално пропагандно средство врз умот на селското и градското население.

Се постави и училишното прашање, т.е. врз какви начела во иднина ќе постојат и ќе функционираат училиштата на инородците, дали ќе треба да ја зачуваат својата полна автономија со една привидна, формална државна контрола или ќе бидат целосно потчинети и управувани од соодветното министерство. А тоа главно значеше на чиј трошок во иднина ќе останат тие училишни установи, дали тие ќе треба целосно да финансираат од самата држава или повторно ќе останат на товар на локалното население или на духовните институти, особено бугарскиот на Егзархијата. И околу тоа прашање гледиштата се поделија, а споровите и разногласијата се повеќе и повеќе се зголемуваа, без уште фактички на дело турската влада да преземе некакви посериозни мерки со кои ќе внесе било какви ограничувања како во однос на материјата за предавање, така и во поглед на учителскиот персонал. Се разбира, сите претпочитаа да се зачува училишната автономија како стекнато право и поради заостанатоста на турскиот училишен систем. Споровите продолжуваа, страстите се разгоруваа, а паралелно со тоа следуваа сплетките и интригите...

Парламентот, а заедно со него и Сенатот заседаваа – се донесоа редица нови закони со кои се целеше консолидирањето на државата и новиот режим. Меѓу нив беа промовирани законите за печатот, за собирањето и др. Наместо обединување на сите „отоманци" како општа нација, што беше една фикција, една утопија, се појави сепаратизмот и кај Ерменците, и кај Бугарите, и кај Арапите. За да се

пресретне таа државна опасност, беше донесен посебен закон со кој се забрануваа сите здружувања врз народносна, национална основа. А тоа во моментот беше вистинска бомба поставена под основите на самата држава. Наместо општо обединување и напредок, сепак се тргна назад, страстите се засилија и сите сепак по даден сигнал се свртија против централната власт, респективно против комитетот „Обединување и напредок“, што го сметаа за главен виновник и го обвинуваа за краен национализам и шовинизам. А тој, како веќе силен фактор во управувањето на државата, се бранеше и заштитуваше со сите легални и нелегални средства, што му стоеја на располагање. Како резултат на тоа, општата сигурност во државата почна сè повеќе и повеќе да се намалува, а неодговорните лица и фактори ја започнаа својата активност, а во одделни места се стигна дури до малтретирања и делумни ранувања, па и убиства.

Околноста што кадрите на ВМРО продолжуваа да постојат, дека оружјето со кое се располагаше беше зачувано и се криеше кај селското и градското население внесуваше уште повеќе страв и неспокојство кај управувачките кругови. Појавувањето на нови чети и нивното префрлување од Бугарија во Македонија главно во некои околиии долж бугарско-турската граница уште повеќе ги обеспокојуваше младотурските лидери, кои кроеја и бараа средства и можности да се справат и со таа опасност. За таа цел, во Парламентот беше донесен закон со кој се предвидуваше разоружување на целото население. Тој беше строг и неговото спроведување им беше доверено на специјални воени, наречени дисциплински комисии, што по специјални директиви почнаа да функционираат и дејствуваат по свое видување, прилагодувајќи се на локалните услови и околности. Сите граѓански, административни и општински власти беа еден вид помошни органи на тие воени дисциплински комисии, кои во исполнување на својата задача, секаде и по секоја цена да се собере сето огнострелно и ладно оружје што го имаше населението, не се лишуваа од ништо: претресувања, насилства, измачувања, кои во некои места добиваа такви размери што кај секого внесоа страв и трепет. На пример, се блокираше некој околиски центар и во период од неколку денови не се дозволуваше ниту еден граѓанин, што и да е тој, без разлика на пол и возраст, да излезе или да влезе во градот. Во тоа време се повикуваа речиси сите граѓани, кои се покануваа посебно, секој одделно да го предаде какво било оружје што го поседува. Граѓанската власт потпомогната од јавната и тајната полиција ја пружаше својата поддршка, првично посочувајќи ги лицата кои имаа оружје. Во првите денови по Хуриетот, при општите игри и веселби

по повод објавувањето на слободата, мнозина од селското и градското население снабдени со оружје, пушки, револвери и др. во редица случаи на јавните места, во знак на восхитеност и ентузијазам отворено го користеа своето оружје, стрелајќи во воздух... Сето тоа било грижливо забележувано од полициските и административните органи и сега во тој решителен момент требаше да му биде доставено на соодветниот орган за спроведување на новиот закон за разоружување. Некои помалодушни лица уште со повикот го доставуваа оружјето, а други, се разбира, беа поупорни и одрекуваа дека имаат оружје. Но, почнаа бруталните насилства и измачувања и под силата на тепањето некои го предаваа оружјето, секој какво што имаше, некои, пак, на делови, зашто сметаа дека ќе можат нешто и да сокријат. Меѓутоа, по секој предаден предмет, пушка, револвер, нож, патрони и друго, тепањето и измачувањето наместо да се намалат или спречат, се удвојуваа и на тој начин постепено оружјето се прибираше на делови. Тоа се случуваше по градовите, а по селата каде селаните имаа сопствено оружје, тие остануваа во недоумица, обземени со страв и трепет. Никаква општа директива од органите на Организацијата не беше дадена. Јасно беше дека дел од оружјето по силата на настанатите околности требаше неволно да се предаде, а само чистото квалитетно оружје, како кратки и долги маликерови пушки, берданки или мартинки, да се сокрие и зачува, додека понеквалитетните кримки, револвери и ладното оружје, што го имаше населението, да се предаде за да се исполни законот. Но тоа, како што беше редот, не му беше сугерирано на населението, особено на селското, туку само општо беше кажано да не се предава никакво оружје. А фактички се случуваше следното: едни, помалодушните, откако беа измачувани, тепани, од страв и слабост го предаваа понеквалитетното оружје, но со зголемувањето на малтретирањето и измачувањата, постепено го предаваа и поквалитетното и на тој начин го претрпеа сиот ужас на телесните, физички маки и повторно беа целосно разоружани. Револуционерното сознание не беше доволно за да можат сите постари или помлади работници во ослободителното движење да се сообразат со тие елементарни начини и методи на дејство на сопствениците и извршителите на законот за разоружување, на сите интелигентни, искусни офицери обземени од голем ентузијазам, желба и волја да бидат корисни на државната власт, која сакаше да се реформира, да ја постави државата врз „нови“ начела, па и совесно да ја исполнат и својата службена должност. Со оглед дека спроведувањето на законот за разоружување се одвиваше постепено, не одеднаш во сите околии, туку во една по друга, со посебни воени комисии, единствениот спас

за многу селани и граѓани, особено во пограничните околии, беше да побегнат по планините или во Бугарија, што и се случуваше. Илјадници селани напуштајќи ги своите родни краишта, семејства, ниви и полиња, побегнаа по планините и во Бугарија за да побараат спас, поскоро да ги избегнат малтертирањата и измачувањата, а заедно со тоа да спасат што можат и од оружјето. И наместо Македонија да се полни со своите избегани за време на востанието или со претходно иселените жители, започна еден обратен процес, нов одлив – похрабрите, смелите, слободните личности, особено од селата, почнаа да скитаат без работа во Бугарија, што беше зло кое со ништо не можеше да се оправда. Тоа брзо го сфати и самата бугарска влада – демократската партија на чело со Ал. Малинов и се преземаа мерки со кои по целата должина на турско-бугарската граница се формираа владини дружини за да го спречат секое минување на границата од Бугарија во Турција и обратно. По кратко време, можеби 3-4 месеци, се издејствува општа амнестија и повторно сите избегани по планините и во Бугарија се вратија по родните места. Дојде до смирување на ситуацијата, а еден голем дел од оружјето беше прибрано.

Во тоа време Македонија имаше потреба од своите синови, а што се однесува до оружјето, тоа беше второстепена работа. Ако затреба, секогаш лесно можеше повторно да се набави или од Бугарија или од Грција.

Раководителите од десницата во ВМРО, кои беа за четничка борба и на секој начин го негираа младотурскиот режим, освен што не пројавија и елементарна предвидливост, претходно да наредат во моментот да се предава само старото, повеќето истрошено оружје како кримки и др. ладно оружје, а да се зачува доброто, квалитетното оружје како маликерки, берданки, мартинки, во нивната желба да ја воспостават старата четничка борба, организираа посебни мали чети, кои крстосуваа по селата и тоа по оние долж бугарско-турската граница и анкетираа кој какво оружје ѝ предал на турската власт или од страв го уништил. Со сила, со терор ги принудуваа селаните да набават или да го платат секое предадено оружје. Тоа беше еден нов необично тежок данок како додаток на сите други даноци и берии, надвор од спаилакот, што го плаќаше локалното население. Но, тоа не беше доволно, па почна одделни кратки судири и на тој начин ѝ се даваше повод на турската власт да се насочи против посвесните, поосознаени елементи по селата и градовите. Паралелно со тоа, повеќе за некаков ефект почнаа и посебни терористички акции, создавајќи на тој начин редица афери, откако се палеа експлозивни материјали поставени или натоварени на обичен работен добиток и

така произволно пуштани во правец на пазариштата или собирите. Со палењето на експлозивите се даваа жртви од најневиното македонско население – Турци, Бугари, мажи и жени. По таквите „ефектни" терористички акции следуваа последиците, шумот растеше. Такви акции се случија на железничката пруга Солун – Куманово, а експлозии по пазарите во Кочани, Штип, Дојран, Кукуш и др. Сетоа тоа едноставно ги збеснуваше младотурските лидери и официјалната власт, а расположението меѓу турското и бугарското население од ден на ден се влошуваше и вжештуваше. Со тие, така да се каже, внатрешни и надворешни саботажи новиот режим беше речиси половично компромитиран и наместо разум, дури и во владините кругови, зацарува злобата, омразата. Младотурците, неспособни од корен да ја реформираат државата, се дадоа на палијативни мерки, со кои се залажуваа дека ќе можат да го зачуваат режимот. Младотурците ја беа изгубиле секоја мерка во управувањето на државата. А проблемите, надворешни и внатрешни, сè повеќе и повеќе се зголемуваа. Сепаратистичките тенденции и стремежи кај одделни етнички групи, народи и националности се засилија, поплаките и незадоволството од новиот режим се зголемија. Меѓу самата владејачка нација – турската – се создаде опозиција, што се оформи во посебна организација „Спогодба и слобода" (Итилјаф и хуриети), спротивна на комитетот и организацијата на „Обединување и напредок". Се подготвуваа веќе вторите избори за парламентот каде идејните и тактички становишта на двете политички партии требаше да се судрат, зашто јасно беше дека комитетот „Обединување и напредок" на чело со своите водачи, шефови, ниту сака ниту може коренито да ја преуреди државата. А, пак, владата на младотурците сè повеќе и повеќе запаѓаше во крајности...

Како што реков, некои од заинтересираните Големи сили, како и соседните балкански држави, по настанатите промени привремено ги сопреа своите стремежи, аспирации за територијално проширување и беа во ситуација на набљудувачи, подготвени во секој момент да најдат некој повод и да ги пројават своите претензии. Околноста што Турција брзо се зафати со реорганизацијата, екипирањето и обучувањето на својата армија под раководство на германските офицери ги збунуваше сите заинтересирани големи и мали држави. Сите со големо внимание и интерес следеа и набљудуваа сè што се случуваше во Отоманската империја. Најзаинтересираните држави стравуваа дека Турција како вековна, притоа милитаристичка држава за кусо време ќе ја реорганизира, обучи и добро екипира својата армија, а со тоа ќе се соземе и возобнови, внатрешно и надворешно целосно

ќе се консолидира, па почнаа да подготвуваат планови и да бараат поводи за вмешување. По Хуриетот, особено по анексијата на Босна и Херцеговина, младотурците почнаа бојкот на австриските производи, меѓутоа без никаков реален резултат. Почнаа да привлекуваат преселници муслимани од анексираните провинции и на тој начин се покрена и муслиманското прашање, што беше едно чисто внатрешно прашање повеќе за задоволување на општественото мислење во Турција, кое како и официјалните кругови беше болно засегнато како од анексијата на двете провинции, така и од објавувањето на бугарската независност и од фактичното присоединување на островот Крит кон Грција.

И анексијата и бугарската независност, како и присоединувањето на островот Крит кон Грција одамна беа фактички завршени факти, а во тој момент беа само формално нагласени, оформени. Младотурците по тие прашања, зафатени од еден краен национализам стигнат до шовинизам, преку својот печат кренаа голема врева и во подолг период, со митинзи, весници и др., го занимаваа турското општествено мислење, без да постигнат некаков реален успех. Освен, се разбира, тој да создадат и да воспитаат општествено мислење, што ќе се грижи за зачувувањето на целовитоста и неприкосновеноста на Отоманската империја, и да го поддржи духот на спротивставување, на борба против секој обид од каде и да доаѓа за фактичко, па и формално накрнување на границите на државата. Младотурците опфатени од еден краен национализам стигнат до шовинизам, каков што, впрочем, имаше и во соседните балкански држави, во желбата побрзо да го консолидираат новиот режим и да ја заздрават Отоманската империја, која дотогаш речиси сите ја сметаа за „болен човек“, отидоа во некои крајности кога почнаа да се служат со средства и методи, што повеќе ја изложуваа, компромитираа официјалната државна власт. Така, на пример, се формираа тајни групи и кружоци од неодговорни лица и фактори и под јавна заштита, а на некои места и во содејство на официјалната власт почнаа да се прогонуваат, малтретираат или убиваат тајно, па и јавно по улиците и јавните места видни, истакнати лица: Албанци, Бугари, Ерменци, Срби (во Косово). Сето тоа го привлече вниманието на соседните заинтересирани држави, кои преку своите органи (конзулати, митрополии и други јавни и тајни лица) следеа сѐ, а пред соодветните општествени мненија ги преувеличуваа размерите на самоволието и бројот на јавно и тајно убиваните лица, меѓу кои и многу невини, мирни граѓани, едноставно осомничени од турските локални власти и убивани, малтретирани и измачувани од неодговорните фактори...

Всушност, тоа беа само поводи за интервенцијата, вмешувањето во внатрешните работи на Отоманската империја, зашто се подготвуваше Балканската војна, што беше по желбата на Русија во нејзината борба за соперништво против Австро-Унгарија зад која стоеше до заби вооружената Германија, подготвена да влезе во војна за своите чисто освојувачки, колонијални претензии, за наоѓање суровини за својата извонредно развиена индустрија и пласирање на својот капитал и стоки. Италија, која се вбројуваше во тројниот сојуз – Германија, Австро-Унгарија и Италија – се спротивставуваше на двојниот сојуз – Русија и Франција – и посебната француско-англиска спогодба, користејќи ги придобивките, компензациите на Франција во Мароко, ненајавено ѝ објави војна на Турција, со својата флота ги зазеде островите Додеканези и навлезе во Триполитанија и Киренаика. Турција доби силен удар и се зазема со сите сили да се спротивстави на италијанското навлегување, меѓутоа уште на самиот почеток се виде дека сè претходно било изгубено... и островите, и Триполитанија со Киренаика.

Во тоа време започна и албанското востание, што јавно се поттикнуваше од надвор, од Австро-Унгарија, со цел таа да ја заземе Албанија и по течението на Вардар да се симне до Солун... (Да се дадат цитати од албанското востание според ракописот оставен од Ст. Аврамов).

Кога го изнесувам погореспоменатото целта ми е да посочам како младотурците, посебно македонските дејци и општественици од незнаење, без искуство, без строго определени сфаќања и разбирања, што ќе бидат прифатени од широките маси – младотурците од прекален национализам и недостиг на храброст, да ја реформираат државата и неразбирање на историскиот момент, а Македонците од неискуство и поради неправилна проценка на новосоздадената ситуација под влијанието на надворешни фактори, па и поради редица предрасуди останати од далечното, мрачно минато, многумина несвесно, а некои од дејците првенци и свесно потпаднаа под исклучиво туѓи на македонскиот народ интереси, пропуштија редица погодни моменти што ретко се среќава во историјата, особено на малите народи – направија редица грешки што подоцна тие самите, а особено растечкото поколение ги платија со невидени маки, страдања и жестоки разорувања, што ги потресоа душите и умовите на сите свесни и чесномислечки луѓе во Македонија и Бугарија...

Македонското ослободително движење во период од 10-15 години постепено се развиваше, а групите што учествуваа во него сè повеќе и повеќе се диференцираа. Материјалната, економската и социјалната

основа на револуционерното ослободително движење беше феудализмот, со старите, речиси надминати од времето производствени односи, извонредно лошата економска и социјална положба, пред сè, на селаните и градските занаетчии, ситни сопственици и трговци кои, како што објаснивме, од новите стоково-парични односи и сè позасилената надворешна, па и внатрешна конкуренција, брзо пропаѓаа. Со прогласувањето на Хуритетот се укина апсолутизмот во управувањето, меѓутоа феудализмот и сите институции поврзани со него останаа, остана и религиозниот закон – Шеријатот, едно застарено законодавство, создадено пред неколку века, во други општествени, производствени односи. Младотурците кажаа А, без да имаат храброст и можност да кажат и Б, В итн. и се ограничија во еден тесен маѓепсан круг поради постоечките внатрешни проблеми и противречности во општествениот, државен живот, како и поради нагласените надворешни усложнувања и опасности. Воопштувањето што младотурските лидери ѝ го даваа на настанатата промена како крупен настан во Отоманската империја, не соодветствуваше на неговата суштина, зашто во нивните проценки тие го прецениja, а, пак, мнозина од општествениците, дејците меѓу останатите националности, во случајот и македонските дејци и општественици, особено од десницата, го потценија, додека некогаш и нарочно го пренебрегнуваа, без да можат да ја сфатат неговата суштина и значење во дадениот историски момент. Конституционите клубови навистина постоеја, меѓутоа не пројавија соодветна на нивното значење дејност, следствено со ништо не придонесоа за политичкото воспитување на македонските Бугари и да ги обединат во исти размислувања, идеи и принципи. Само постоечките весници така како што беа уредувани во еден усогласен дух и насока придонесуваа за политичката и општа култура на бугарското население.*

Како што учесниците, членовите и истомислениците на Конституционите клубови – исклучиво во северозападна Македонија – така и членовите и истомислениците на Народната федеративна партија, според социјален и национален состав во ништо не се разликуваа. Како претставници, изразувачи на желбите, стремежите, на интересите на селаните, занаетчиите и ситни трговци, тие беа едни и исти, а тие слоеви ја формираа општествената, социјална сила, која го поткрепуваше, поддржуваше национал-револуционерното движење. Разликите беа не толку во крајната цел, што се бараше, туку во

* Всушност, само јазикот и националноста, народносната припадност беа тие што ги обединуваа македонските Бугари.

средствата, методите на борбата, па во моментот и за времето кога, како и со какви средства и методи ќе треба да се употребат за да може македонскиот проблем правилно да се постави и да добие и правилно и по можност побрзо разрешување. Воопштувањата што ги правеа луѓето од десницата не беа соодветни со воопштувањата на левицата, организирана и формирана како општествена група во Народната федеративна партија. Разликите во размислувањата, сфаќањата, во концепциите беа големи и непомирливи, така како што до скоро беше со сфаќањата, разбирањата, размислувањата, идеите, принципите, што ги делеа двата македонски табора – Врховниот македонски комитет и ВМРО. Притоа разлики меѓу самите внатрешни дејци, революционери и општественици. Врховизмот беше го сменил лицето, својот лик во друга маска. Поради слабата политичка, па и општа култура, поради направените грешки, опуштања и главно поради надворешни, туѓи на македонските интереси сугестии и влијанија меѓу македонските Бугари, волкот, така да се рече, беше веќе влезен во самото трло. Со други зборови, социјално-економските причини за ропството и угнетувањето на македонското население си останаа исти како и пред државниот преврат – младотурската револуција од горе, извршена од воените елементи, но размислувањата, идеите, принципите од кои произлегуваа двете легални групи, значително, дијаметрално се разликуваа. Пропагандата, агитациите, споровите, дебатите, борбите што се водеа во последните 10-12 години меѓу македонските дејци, надворешни и внатрешни, се разграничија, се диференцираа како според целта, така и според средствата, методите на борбата, откако сето тоа беше подготовка за изработување, оформување и сфаќање, прифаќање на една правилна идеологија за македонското национално револуционерно движење.

Во продолжение беше настапила подготвителната, преодна етапа, период – втор по ред, по првиот романтичен, херојски период, што заврши по Илинденското востание и прогласувањето на Конституцијата од 1876 година – Хуриетот. Настапи втората етапа од развојот на македонското ослободително движење, период што никој не можеше да знае колку ќе трае и како ќе заврши, но на почетокот беше отворено поставен и на сцената се појавија и други дејци, општественици, публицисти, журналисти, кои се мачеа да најдат време, начини и средства со кои поправилно би се поставил и разрешил македонскиот проблем, за кого визионерските, проникливи дејци сфаќаа дека не е само турски или само бугарски проблем, туку најмалку балкански проблем. И со оглед на една таква висока и длабока концепција дејците од левицата – Народната федеративна

организација, се појавија со свои идеи и принципи. Започна нова епоха, со релативно поголема слобода на мислата, говорот, размислувањето, свеста и произлезена од тие предности и слобода на дејствување, па лидерите на левицата на чело со Јане Сандански, Христо Чернопеев, Димитар Влахов, П. Делирадев, Стојо Стојанов[10] и многу други се ангажираа во борбата. За поточно, објективно пренесување на размислувањата, идеите, принципите на левицата, нејзината општа и посебно околу македонското прашање революционерна концепција, ќе ги приведеме зборовите на П. Делирадев што во општи црти ја изразуваат смислата на тогашните борби и високи идеалистички сфаќања и разбирања од кои се воодушевуваа првенците, кои, за жал, на времето, можеби поради слабиот економски, културен и политички развој на Македонија, а можеби и поради големата заостанатост на самата Отоманска империја, како и поради ограниченоста, крајниот национализам на младотурскиот менталитет стигнат до шовинизам, не можеа да бидат разбрани во тој историски момент и неминовно ќе требаше да мине извесно време додека целосно се развие, оформи и создаде една правилна национална револуционерна идеологија, со која ќе се запознаеме понатаму. Основно е да се сфати, да се разбере дека таа етапа од развојот на македонското ослободително движење беше еден привремен, преоден, подготвителен период додека да се стигне до третиот, веќе зрел период на едно вистинско македонско национал-революционерно движење, што може да создаде и една правилна, вистинска национал-революционерна идеологија. (Да се приведе цитат од напишаното од П. Делирадев).

Како што младотурската револуција ги потресе и збуни соседните на Турција балкански држави, така и албанското востание го сврте вниманието и на Големите империјалистички држави, чии интереси се вкрстуваа во Отоманската империја. Поради тоа, двобојот меѓу двете европски групи – тројниот сојуз и тројната спогодба (Антантата) се подготвуваше, без која и да е од големите сили да ги отвори своите карти, поради максимално усложнетата меѓународна ситуација и извонредно големото вооружување на сите големи држави (вооружениот мир настапи по француско-пруската војна во 1871 г.), особено тоа на Германија, која притисната од своите груби, материјални интереси – економското навлегување и присвојување на Балканот и Мала Азија, со цел да се присвојат и мусулските нафтени извори и Персија за да стигне до Багдад и Басра, т.е. Персискиот Залив,

[10] Се однесува на Стојо Хаџиев.

а паралелно со тоа да ја заплаши Велика Британија, пресекувајќи ѝ го сувоземниот пат за Индија. Но, и Сојузот, Антантата (Франција и Русија од една страна и Велика Британија и Франција од друга), исто така, будно бдееја и сакаа еднаш засекогаш да се реши и блискоисточниот, следствено и македонскиот проблем така како што тогаш им диктираа нивните интереси. Меѓутоа, наспроти сè, во тоа време сè уште како најзаинтересирани од големите сили за Балканот беа повторно Австро-Унгарија и Русија. Под покровителство на Русија и со премолчена согласност и одобрување на останатите две Големи сили се создаваше и Балканскиот сојуз, кој се подготвуваше за една крупна акција и евентуално и војна против Турција (Да се приведат цитати од книгата La genese de la Guerre Balkanique од Ив. Евт. Гешев за подготовките и објавувањето на војната).

Војната официјално беше објавена во октомври 1912 година и воените дејства најпрво почнаа во Црна Гора, по што и Бугарија, Србија и Грција ги започнаа воените дејства. Тука не е место опстојно да ги изложиме сите претходни подготвувани операциони планови, ниту да се опишат борбите по тракиските и македонските полиња и планини, нема да ги опишуваме пројавените квалитети на храброст, упорност, самопожртвуваност, ниту, пак, грешките и недостатоците на едната или на другата од завојуваните страни, а, исто така, и грешките и недостатоците или леснотијата и несоодветноста во политички и воен однос на сојузниците. Читателот во други написи ќе може да ги пронајде посакуваните факти и сведоштва...

Во почетокот на октомври 1912 година со еден ултиматум поднесен до Високата порта, балканските сојузници побараа автономија на Македонија. Тој сојуз во основа беше и лицемерен. Во согласност со тајната спогодба, уште на 29 април 1912 година, со воената спогодба меѓу Бугарија и Србија била договорена и поделбата на Македонија. Малку потоа, на 11 мај, меѓу Бугарија и Грција со воена конвенција се склучува одбранбен договор, додека поделбата на Македонија усно се договара, а распределбата се остава за по успешниот исход на војната.

Бугарско-српската спогодба предвидуваше две можности – како автономија, така и поделба на Македонија. Спогодбата предвидуваше уште и тоа дека во случај на победа врз Турција, Бугарија ќе ги земе земјите на исток од Родопите и реката Струма, а Србија земјите на север и запад од Шар Планина.

Земјите, вклучени меѓу Шара, Родопите, Егејското Море и Охридското Езеро, според таа спогодба, требаше да се дадат на автономна Македонија, само во случај ако двете влади се убедат

во тоа дека е можно и навремено да се создаде автономијата на Македонија. Инаку, Македонија требаше да биде поделена меѓу Србија и Бугарија. Но, убедувањето за ненавременоста да се создаде автономија на несреќна Македонија веќе постоеше во душите на оние, кои преговараа за спогодбата!!!

Претходен услов за постигнување на спогодбата беше Србија да се откаже од секакви територијални претензии по целата должина на линијата, што почнуваше од Голем врв, стигнуваше до Охридското Езеро и на север минуваше од градовите Велес, Охрид.

Целата македонска област меѓу Шар Планина и таа линија од Голем врв до Охрид, требаше да ја составува таканаречената спорна зона. Во пределите на таа зона, рускиот цар, во функција на арбитер, можеше да ја определи граничната линија меѓу двете држави.

Причините за Втората балканска војна – меѓусојузничка (1913 г.), се кријат во таа тајна српско-бугарска спогодба.*

По завршувањето на Балканската војна речиси целата Европска Турција до линијата Енос – Мидија во источна Тракија, согласно Лондонскиот мировен договор, се откинуваше од Отоманската империја и беше заземена од балканските сојузници. Но, со решителното вмешување на Австро-Унгарија, Србија се отстрануваше од бреговите на Јадранското Море, во замена на што сите погледи на српските државници и политичари беа како Србија да се простре спрема Белото Море за да има излез на море толку неопходен за Србија, која на секој начин се задушуваше од Австро-Унгарија и на тој начин се спречуваше нејзиниот економски и општо-стопански развој.

Уште незавршена Балканската, започна меѓусојузничката војна поради желбата и на трите држави, наспроти претходните нивни спогодби за поделбата на заеднички заземената територија. Прва почна Бугарија кога на 16 јуни 1913 година ги нападна Србија и Грција, а истовремено со тоа, поради територијалните аспирации на Романија, и таа влезе во војната.

По меѓусојузничката војна, што заврши со склучувањето мир во Букурешт, конечниот епилог беше Македонија, наместо да биде ослободена или најмалку осамостоена во една одделна автономна политичка единица, таа да биде поделена на три дела* и пресечена со

---

* „Македонската трагедија погледаната од Рим“, Ж. Нурижан, стр. 24.

* Согласно Букурешкиот мировен договор (1913 г.), Македонија беше поделена на три дела. На Србија ѝ се даде северозападната – 1/2 од Македонија, на Грција југозападната, на Бугарија 1/10 дел, на север од грчката зона.

нови, произволни граници, што беа распарани од новите освојувачи без да се води сметка ниту за народносниот принцип, ниту за географската и економската целовитост. Алчноста на новите освојувачи беше толку голема што при цртањето на новите граници не се обрна внимание дури и на најелементарните правила за идниот економски и културен развој на таа област, расположена речиси во центарот на Балканот, област во која се вкрстуваа големи трговски и стратешки патишта одејќи од север кон југ и од запад кон исток.

На тој начин, наместо да биде обединувачка алка меѓу балканските народи и држави, таа стана јаболко на раздорот, ривалствата и антагонизмот меѓу трите балкански држави Бугарија, Србија и Грција, плус новоформираната држава Албанија на која голем дел од населението ѝ остана надвор од нејзините граници (Косово под владеење на Србија и дел од Епир под Грција). Така што Македонија наместо да добие слобода и самоопределување, се раскина на три дела и на тој начин се наруши и нејзината економска целовитост. Националното угнетување, наместо да се надмине или барем ограничи, уште повеќе се зголеми, верскиот и национален антагонизам се разви до пароксизам. Голем дел од земјата од рацете на турските крупни земјоделци – бегови-феудалци – мина во рацете на одделни лица, повеќето партизани или влијателни лица, на силните, кои на секакви можни начини и средства заземаа голем дел од обработливото земјиште за да го искористат за своите лични, егоистични цели. Сепак, по прогонувањето на турската власт, голем дел од феудалните и други имоти беа разграбани или по минимални цени откупени од заинтересираните селски и градски жители и само на тој начин се овозможи едно поправедно и побрзо разрешение на земјоделското, аграрно прашање, што беше Ахиловата пета и на македонското револуционерно ослободително движење!

Додека во време на турскиот режим барем јазикот и народноста се почитуваа, сега новите поробувачи со една невидена и нечуена жестокост се нафрлија против сè што е инородно, па дури не дозволуваа ни да се зборува на јазик освен на официјалниот. Училиштата, црквите, учителите, свештениците, воопшто целата интелигенција беше избркана, прогонета за да можат новите освојувачи полесно и побрзо да ја спроведат својата асимилаторска политика.

„Уште на самиот почеток, а особено по прекинувањето на воените дејства против Турција, започна злосторничката и гнасна борба против македонското население од бугарско потекло. Сите бугарски училишта беа затворени. Бугарите беа малтретирани и кој не се потчинуваше на наредбите на српската власт, беше фрлан в затвор.

На сите граѓани строго им се забрануваше да им даваат засолниште на бугарските свештеници на кои им беше одземено правото да вршат богослужби. Многу насилства и убиства беа извршени над видни Бугари. Многумина, за да можат да ја извршуваат својата професија, беа принудени да го сменат последниот слог на името или презимето од „ов“ во „иќ“. Имотите на македонските Бугари се пљачкосуваа и конфискуваа. Власта не ги заштитуваше општествените интереси на Бугарите. Српските комити (четници) пљачкосуваа и опожаруваа сè што е бугарско. Насилствата и предавствата се вршеа непрекинато во сите катчиња на Македонија, под изговор дека освоените од нив места – градови и села – се населени главно со Срби и Грци.

А, според пребројувањето во 1913 година (контролирано од проф. Пав. Милјуков) во освоените од Србија македонски земји – половина од цела Македонија – живееле 476.000 Бугари и 49.227 Срби, а во освоениот од Грција дел живееле 123.226 Бугари и 49.128 Грци. Во областите, што потоа беа присоединети кон Грција, во 1912 година имало 378 бугарски цркви со 600 свештеници и 340 училишта со 750 учители и со 19.000 ученици. Во македонските земји присоединети кон Србија, во истата година имало 761 бугарски цркви, со 6 епископии и 107.000 ученици.*

Бугарскиот народ, кој си воображуваше дека му се дадени најголеми права врз Македонија, заради тоа што го имаше направено за нејзиното будење и заради најголемите напори што ги вложи за победоносен крај на борбата против Отоманската империја, остана измамен станувајќи играчка на српскиот и грчкиот експанзионизам (повторно таму стр. 38).

Уште во првиот месец по анексијата на новоосвоените земји, српската влада на чело со Никола Пашиќ донесе и специјален закон, кој со своите одредби го постави веднаш целото локално население надвор од законите. Тој драконски закон, според значењето и последиците, беше исто како и законот на младотурската влада, една своевидна бомба поставена под темелите на самата држава. Тоа, исто така, беше една груба грешка, што подоцна жестоко ја почувствува и самата Србија и српскиот народ. По војната, голем дел од турското население во Македонија остана под туѓо владеење, под туѓо ропство. Така што Турците од владејачка нација станаа потчинета. А таа околност придонесе Турците и Бугарите, поради заедничката политичка судбина, да се зближат и заеднички да реагираат против

---

* „Македонската трагедија погледната од Рим“, Ж. Нуружан, стр. 38.

новите освојувачи. Со други зборови, Македонија беше ставена во полоша ситуација отколку што беше во времето на турскиот режим. И природно, реакцијата против српското и грчкото управување и режим се подготви и пројави уште во првите месеци. Врските меѓу бугарското и турското население со нивните сонародници, веќе емигрирани едни во Турција, други во Бугарија, наспроти сите ограничувања и строгости се поддржуваше, а голем дел од тие емигранти или иселеници, кои ги беа оставиле своите блиски: татковци, деца, роднини, како и имотите, копнееја од желбата да се вратат во своите родни куќи, кај своите блиски и на своите имоти. Посвесните или поенергичните, послободните или побујните елементи беа прогонети или предвреме емигрираа уште за време на воените дејства, за да се спасат од жестокостите, убиствата и грабежите, што масовно се случуваа уште во текот на војната. Меѓутоа, врските на тие луѓе со нивните блиски во Македонија останаа. Во сите области и на сите начини врските беа воспоставени, контактите се засилуваа и преку новопоставените граници, иако веднаш целосно беа херметички затворени, пред сè, и исклучиво за самото прогонето, иселено или емигрирано македонско население. Не остануваше ништо друго освен да се појави некоја, макар и мала иницијатива и повторно борбата за слобода и поднослив живот да започне како што беше и во времето на турскиот режим. Новото, суштинското беше тоа што турското население, угнетено национално и економски поробено, беше подготвено да земе учество во неа, секако, со бугарското, што повторно се наметнуваше како неопходност.

Пред новото ропство, новата опасност од асимилација и од економско и национално угнетување, пред големата општобугарска катастрофа, старото непријателство, борбата меѓу врховистите и централистите се стиши и речиси ја снема. Бугарија разбиена, но не и победена, требаше привремено да ги залечи своите рани нанесени од Балканската и од меѓусојузничката војна и во таква ситуација, напорите, дејствата на врховистичкиот елемент фактички запреа. Македонија барем во тој однос беше помирна, а тоа ѝ беше и единствената „добивка“ од војните. На тој начин беше отстранет еден толку непосакуван „доброчинител“ и „ослободител“...

Двете војни, Балканската и меѓусојузничката, создадоа сосема нова ситуација, што во корен се разликуваше од ситуацијата во која се наоѓаше Македонија и македонското население за време на турското владеење. Македонија беше поделена на три дела, што ја нарушуваше нејзината економска целина, а со тоа следствено се спречуваше и нејзиниот економски и културен развој. Голем дел од

населението беше распрскано, прогонето и материјално упропастено, црквите, училиштата и други културни и економски институции беа уништени, а најсвесните, осознаените, најактивните дејци, членови и истомисленици на ВМРО избркани или пребегнати – сето тоа не можеше да не доведе до лоши последици, што се одразуваа катастрофално. Поразот и пропаста беа големи.

Но, наспроти сето тоа не можеше да се остане пасивно, без акција – тоа би било еднакво на измама и предавство на Македонија и нејзината свечена кауза. Повторно неопходно требаше да се започне со соодветна на времето активност и според новите услови и околности да се бараат средства и методи со кои ќе се продолжи борбата за слобода и независност. Голем дел од бившите водачи, раководители и поактивни дејци – војводи и четници – беа живи, но целосно разочарани од создадената ситуација. Сите на секој начин бараа пат, начини и можности за нова дејност. Североисточниот дел на Македонија – Пиринскиот крај и долината на реката Струма – останат под бугарска власт не чувствуваше какво и да е национално угнетување, но откинувањето на тој мал дел од економските центри на источна Македонија – Драма, Кавала, Сер, па и Солун – значително повлијае врз економската и стопанската положба на локалното население. Градовите Неврокоп, Горна Џумаја, Петрич, Струмица останаа како откинати, свиснати и погранични градови. Сега веќе и најнепросветените јасно гледаа како и колку сите изгледни, благопријатни услови беа изгубени поради грешките во релативно блиското минато.*

Левицата во ВМРО веќе ја беше целосно изгубила почвата за каква и да е дејност во духот на програмата на Народната федеративна партија – условите беа толку изменети што целата левица, составена од силни, боречки лица, кои во минатото се одликуваа со својата четничка и револуционерна дејност, не можеше да изнајде нова форма на постоење и се распрсна, се самоуништи. Останаа само одделни личности, распрснати во Македонија под бугарска власт и во внатрешноста на Бугарија, кои како родени и жители на тој ослободен мал дел од Македонија се посветија исклучиво на своите приватни работи и егзистенцијата. Левицата, чии кадри во поголем

---

* Јане Сандански, највидната личност од македонската левица, со своите привrзаници и истомисленици уште во првите денови на војната се ставија на услуга на бугарската воена и граѓанска власт и заедно со бугарските војски, како нивна претходница, партизански одреди, се кренаа и се бореа со турската војска.

дел се комплетираа од солунскиот и серскиот револуционерен округ, пред сѐ, поради поголемиот развој на културен и економски план (заради блискоста со Бугарија), барем морално беше задоволена, иако повиците за ослободување на цела, единствена и неподелена Македонија беа исчезнати и, така да се рече, претворени во прав и пепел. Таа остануваше со утехата дека направи сѐ што е можно и во нејзина моќ да ја спречи општонационалната катастрофа, разурнувањето и поделбата на Македонија, како единствена географска и економска целина.

Меѓутоа, така не беше со десницата. Водачите, раководителите и првенците, енергичните, слободните личности, како и целото македонско население, останаа разочарани и жестоко измамени во своите планови, па дури и надежи. Утехата им беше, како што иронично се изразуваа некои од нив, што им се даде можност да се соберат, „обединат“ во Софија!

Моралните и физички страдања на десницата беа големи и следствено, од неа требаше да се очекува каква и да е реакција, спротивставување, борба за иднината, ако не блиско ослободување, барем заштита на македонското население. И навистина, каква беше моралната положба, болката на десницата од ВМРО, може да се види од тоа кога една делегација на чело со Георги Баждаров, со задача да поднесе протест до некои од претставниците на големите сили во Софија, на прашањето за автономијата на Македонија, францускиот ополномоштен министер им одговорил: автономија да, но требаше да мислите и да ја направите порано кога бугарските војски беа во Македонија, но сега кога српски и грчки војски ја окупираа Македонија, ние немаме можност да ја наложиме, зашто ние самите ќе треба со сила да ја наложиме, а тоа, особено сега е невозможно...!

Во така сложените надворешни и внатрешни услови и околности, само таканаречената десница останата од славното минато на ВМРО беше таа што требаше и имаше можност да се јави со некоја иницијатива за акција од надвор и во самата Македонија.

Но, повеќе за прегледност, отколку за изјаснување ќе треба да се вратиме малку назад во најблиското минато на македонското ослободително движење за да можеме да ги сфатиме и разбереме значењето и смислата на други акции и настани, што се случија во периодот меѓу балканската и општоевропската војна, било по иницијатива на ВМРО било од други фактори на Балканот.

Балканската и меѓусојузничката војна со сите нив ни катастрофални последици како за Бугарија, така и за Македонија, поради тоа што официјална Бугарија се одлучи со војна и поделба да го разрешува

македонскиот проблем, кога го стави на крст сопственото постоење, без да ги сметаме огромните, скапи човечки и материјални жртви, што ги даде, придонесоа или поскоро го елиминираа врховизмот од директното учество во Македонија. За време на војната и по неа, ВМРО остана единствената организација во Македонија. Меѓутоа, со развојот на македонското ослободително движење, во период од 10-15 години, внатре во самата македонска организација, започнаа недоразбирања, спорови и борби не само околу целите, задачите и средствата и методите на борбата, туку и околу други второстепени прашања од тактички или стратегиски карактер за водење на борбата. На пример, околу прашањето дали да се применува и една чисто терористичка тактика насочена главно против капиталот на некои од големите сили вложен во разни кредитни и други општествени претпријатија во Европска Турција, со цел да се заштедат револуционерните сили на „Бугарите во Македонија, кои речиси сами го носат врз грбот товарот на револуционерните дејства, а следствено тие се нужни за да се продолжи борбата додека се постигне крајната цел“ (Г. Делчев) или да се натераат, да се принудат да се вмешаат во Турција врз основа на свечено објавените меѓународни акти и договори во минатото (Цариградската конференција, Сан-Стефанскиот договор, Берлинскиот договор), склучени меѓу Турција и некои од Големите европски сили. Тие недоразбирања преминаа во разлики, што со развојот на движењето сè повеќе и повеќе идејно, принципиелно доаѓаа до израз, па уште во предвечерието на Хуриетот (1908 г.), ВМРО не беше веќе единствена, туку поделена на две фракции, групи, што заемно го оспоруваа приоритетот во иницијативите, воопшто работата во Македонија. Надвор од врховистите, кои се сметаа како надворешни лица, се појавија Сарафисти, Санданисти... Создавањето и формирањето на две одделни легални организации уште во првите денови по Хуриетот е реален израз на постоечките од порано различни групи во самата ВМРО. Впрочем, тоа не беше посебен грев, зашто тоа е општа појава во сите општествени и револуционерни движења, како што беше и во времето на црковната борба до прогласувањето на Егзархијата, борбите и поделбите во бугарското национално революционерно движење итн. Според мене, тоа беше логична последица поради отсуството на една, единствена, доследна, строго определена целосна идеологија на вистинското македонско национално револуционерно движење. Едвај по Илинденското востание и борбите што следуваа против српската и грчката вооружена пропаганда, македонското прашање, така да се каже, се постави директно за разрешување од целото бугарско општествено мнение, а следствено и од вистинските македонски

револуционери, дејци, општественици, публицисти, журналисти и др. Поуките што се извлекоа за време на 15-годишното постоење на ВМРО, револуционерното искуство, резултатите од Илинденското востание, балканската, меѓусојузничката и општоевропската војна, големите разочарувања и поуките од сите изминати настани, сè уште недоволниот, слаб економски развој на областа, воопшто отсуството на услови и можности за изработување на една вистинска, целосна идеологија, беше главната причина за сите направени грешки и пропусти во минатото. Идеологиите, како што се знае, секогаш и секаде, во сите општествени, политички, социјални, а следствено и национални, револуционерни движења обично се создаваат подоцна, отколку што се мисли и претпоставува. Таква вистинска, соодветна на создадената веќе по општоевропската војна, општобалканска и македонска реалност беше создадена подоцна, а сега сме сè уште во втората етапа, период од развојот на македонското ослободително движење, што започна по објавувањето на Хуриетот (1908 г.) и приврши кон крајот на општоевропската војна (1918/19 г.), а ќе го наречеме преоден или подготвителен период.

„Се знае, вели проф. Д. Михалчев*, дека дури во приватниот живот човек не е секогаш таков каков што се смета. Треба да правиме разлика меѓу тоа што човек го мисли за себе си и тоа што тој, всушност, е. Ако поминеме од посебната личност кон општествените групи преку кои се одвива општествениот живот, работата е уште посложена... Тоа што една општествена група го мисли, чувствува и го тврди за себе, за своите цели и идеали, тоа не секогаш се совпаѓа со тоа што таа е во реалноста. Тоа е една спротивставеност, што е карактеристична за историскиот или за општествениот живот на човекот. На една страна стои реалноста, а на друга тоа што луѓето го мислат за себеси, за своите достигнувања и идеали. Тоа може да е една свесно искористена маска за нив, а може да биде и едно нивно самозалажување. Тоа ние го нарекуваме општествена идеологија. Спротивност: од една страна, реалноста, а од друга, идеолошката маска зад која е сокриена реалното лице на историските настани...

Многу често широките народни слоеви се искрено уверени дека тие се борат за нешто над личното, над сталешкото, објективното, општонародното и праведното дело. Тие немаат сознание за маската и прифаќаат дадена идеологија како еквивалентна на самата реалност.

---

* Од филозофијата на современата историја, списание Филозофски преглед 1940 година, книга 1.

И така, има разлика меѓу тие две работи: од една страна, тоа што луѓето го мислат за себе си, за своите достигнувања и за објективната вредност на своите идеали, а од друга, самите реални соодноси на општествените сили. Првото е идеолошката маска или самоизмамата, а второто, тоа е објективниот грб – како на човечката историја.

До научното разбирање на историските настани ќе се издигне само тој што умее да ја распрсне идеолошката магла над дадена историска реалност и кој, според тоа, би можел да дојде до објективните соодноси во општествениот живот, до тој објективен ’рбет на човечката историја".

Нотoрните врховисти, двигатели на Врховниот македонски комитет, отстранети, левицата во ВМРО расчистено со секаква понатамошна дејност, повеќето од нејзините бивши членови, истомисленици предадени на своите лични, домашни прашања за прехранување и преживување, остануваше само десницата, која можеше и требаше да се зафати со идната револуционерна четничко-терористичка дејност во Македонија, зашто за друга активност немаше услови, па и самите највидни водачи, раководители на десницата не знаеја. Нивната теоретска и практична подготовка беше ограничена во рамките на македонската реалност, а други ослободителни револуционерни движења, освен бугарското национално револуционерно движење, тие не познаваа. Притоа, уште претходно, пред Балканските војни, самата Внатрешна организација по прашањето како за целта, така и за методите и средствата на борбата-тактиката, не беше единствена. Македонското национално ослободително движење за цело време даваше големи револуционери, дејци, општественици, кои со своите погледи, сфаќања, лични квалитети создадоа епохи во националното ослободително движење, придонесоа за создавањето на една правилна идеологија, се покажаа како големи тактичари, се одликуваа со голема предвидливост, проникливост околу неизвесната иднина. Меѓутоа добри, способни, надарени стратези, кои не само што сфаќаа, туку и ја насочуваа Организацијата како и кога, имено, да се појави и искористи, не можеа да се создадат, така како што и македонскиот народ, во период од 10-20 години не можеше да даде истакнати поети, белетристи, кои на време ќе ги опишат сите епски борби, легендарни личности и историски настани и факти, со какви што е исполнета историјата на македонското национално револуционерно движење уште од првиот период, првата етапа на својот развој.

Историската 1903 година заврши со завршувањето на Илинденското општо, вооружено, но широко востание и со легализирањето или демобилизирањето на преостанатите по востанието ре-

волуционерни сили, 1904 година мина во очекување на општата политичка амнестија (месец април) и проектираните реформи, а 1905 и дел од 1906 година во борбата на ВМРО со вооружената српска и грчка пропаганда, што ѝ нанесоа не помали порази на револуционерната организација. Организацијата во тие години водеше истовремено и борба и се обновуваше, повторно се подготвуваше за идната борба, но поактивните лица и цели групи беа повеќето надвор од Македонија – во Бугарија, која за сето време беше и остана најголемата, можеби единствена база на македонското национално револуционерно движеше, што сѐ повеќе и повеќе се развиваше паралелно со економскиот и културниот развој на Македонија и балканските области – држави. По силата на создадените услови и околности, внатре во Македонија, Централниот комитет функционира пополнет поскоро од случајни луѓе, колку за заедничка врска меѓу одделните револуционерни окрузи, а фактички најактивните, влијателните лица, окружни и реонски раководители, војводи, на чело со првите луѓе, водачите на револуционерното движење се во Бугарија и секој според неговите врски со внатрешноста и влијанието меѓу македонските легални и нелегални дејци, раководители, војводи и четници, се грижи и работи за поддршка на револуционерното движење, и го насочува во насока каква што тој лично смета дека во дадениот момент е најсоодветна. Но, главното внимание е насочено да се види каков резултат ќе дадат проектите за идните реформи, проекти претставувани и од Англија и од Франција, па и од Австро-Унгарија и Русија. Дипломатите на големите држави засилено разменуваа мислења и официјални ноти за да се пронајде, соодветно на нивните различни, доста спротивставени интереси, разрешница на македонскиот проблем, но притоа по секоја цена да се зачува територијалната целовитост на Отоманската империја. Воопшто, проектираните реформи, смислено и вешто саботирани од султанот Хамид и неговата влада, никого не задоволуваа. Сите сфаќаа и разбираа дека борбата, револуционерната борба, ќе треба да продолжи. Таа желба, тој стремеж се засилуваше и од околноста што на власт во Бугарија беше Народно-либералната партија – стамболизмот – која од сите политички партии беше и важеше за највоенољубива и засилено го зголемуваше оружјето* и екипирањето на бугарската армија, преку која единствено се сметаше дека ќе може да се разреши македонското прашање, откако Македонија цела или еден поголем дел од неа ќе се присоедини кон Бугарија. А таа мисла беше скриената желба на мнозинството од македонските легални и

* „Спомени на Султанот", Р. Петрова, том II, стр. 125.

нелегални дејци, општественици како внатре во Македонија, така и меѓу македонската емиграција во Бугарија, каде и општественото мнение се подготвуваше за евентуална војна со Турција.

Становиштето на Ст. Стамболов – шефот и создавач на Народно-либералната партија, иако на чело на управата беа неговите следбеници, талентираните бугарски државници Петко Петков, д-р Н. Генадиев и други, секогаш беше оставено во заднина. Сфаќањата, разбирањата и на егзархот Јосиф – „армијата и оружјето ќе ни служат за стража, а умот ќе нè раководи. Војните се бескорисни, се бара разбирање, енергија, доследност и визија во политичките чекори. Само тоа ќе ни помогне да дочекаме да созрее плодот, што тогаш бесполезно ќе ни падне в раце“* – исто така, беа пренебрегнати.

Во тоа време, господар на ситуацијата, суштински раководител беше кнезот, подоцна цар Фердинанд. За време на неговото управување министерствата често се менуваа, а во реалноста – само тој управуваше.

ВМРО, иако ослабена, дезорганизирана, постоеше, но вистинските нејзини кадри, најактивните, влијателни лица, водачите, раководителите, окружни и реонски војводи, најситакнатите општественици, па и самите идеолози со исклучок на еден сосема мал дел и тоа во Пиринскиот крај, беа во Бугарија и поради тоа политичката и револуционерната мисла одвнатре и политичката и револуционерната мисла однадвор се наоѓаа во постојана интеракција. Никогаш контактот, влијанието однадвор не било толку големо како во тоа време.

Настаните брзо се одвиваа, средбите меѓу одделните чети и редовната турска војска и жандармерија станува сè почести и почести и притоа населението, особено селското, со зголемено револуционерно сознание и побогато од револуционерното искуство од блиското минато, честопати како милиција земаше учество во одделни судири, помагајќи им на опколените или во опасност од уништување чети, и повторно како „мирни“ жители се предаваа на својата секојдневна полска работа.** Со два збора, во развојот на револуционерното дело

---

* Какви што беа и сфаќањата на неговите истомисленици, д-р Г. Велкович и Бр. Начевич за разрешувањето на македонското прашање и обединувањето на младото бугарско кнежевство.

** „Спомени на Султанот“, Р. Петрова, том II, стр. 125. Имаше случаи кога некоја од четите беше откриена, опколена со војска или жандармерија, селаните го земаа своето сокриено оружје, потоа тие ја опкружуваа војската, а по завршување на престрелката, преку ден, повторно го земаа ралото и мотиката за да ја обработуваат земјата. По тој повод, тогашниот

имаше еден забележлив подем во споредба со ситуацијата во една – две години по востанието.

Следствено, се налагаше сето тоа да се канализира, систематизира, а Организацијата повторно да се постави на старата централистичка основа и да се воведе поголема дисциплина, но, пред сѐ, требаше да се создаде нов систем на пропаганда и на дејствување на чело со еден редовно избран Централен комитет, кој ќе ја преземе својата вистинска улога на революционерен центар и главен, единствен организатор на сѐ во поглед како на целта, така и на средствата и методите на борба. Но, истовремено со тоа, голем дел од вождовите, раководителите, па и војводите беа веќе опфатени од влијанието на бугарската влада, додека еден дел, иако понезначителен, на чело со Јане Сандански со неговите поддржувачи во Пиринскиот крај, како и неговите инспиратори во Бугарија и дел внатре во Македонија – нејзиниот северо-источен дел – фактички стоеја на своите чисто сепаратистички сфаќања и жестоко се спротивставија и бореа против скриените намери на врховизмот од каде и од кого и да се јавеше. Во таква ситуација и во такво расположение, сфаќања и разбирања, во 1906 година[11], на Рилската Планина се свика познатиот општ конгрес наречен Рилски конгрес, поради што ќе биде оценет и како нелегален. На конгресот се појавија првите македонски дејци-революционери: Даме Груев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Христо Матов, д-р Петар Кушев, Јане Сандански, Борис Сарафов, Иван Гарванов и други, сите видни, заслужни македонски дејци, бивши членови на ЦК, некои и основачи на ВМРО, раководители, воени, окружни војводи и четници, воопшто цветот на македонската политичка и революционерна мисла. Сите се собираат на општ конгрес, но со јавно спротивставени ставови речиси по сите важни прашања околу целта и тактиката на Организацијата. Притоа, мнозина непријателски настроени едни против други и со крајна меѓусебна недоверба.

Некои од највидните вождови и дејци се појавија и со свои вооружени приврзаници, телохранители. Уште при првите произлезени расправи, недоразбирања и различности, секој го штитеше своето гледиште. Разногласијата беа толку големи што на прв поглед изгледаше како да се зборува на различни јазици... Заемната недоверба, стравот на едни од други беа до тој степен големи, што во

---

главен инспектор Хилми паша, во моменти речиси на очај, беше изјавил пред некои странски дописници: „Народ кој преку ноќ со пушка се бори, а преку ден го зема ралото и како мирен граѓанин ја ора својата земја, со тој народ јас веќе не можам да се борам“...!

[11] Рилскиот конгрес на ВМОРО се одржал во септември 1905 година.

секој момент уште таму, на самиот конгрес едвај ли не дошло до меѓусебни тепачки. Така, на пример, Пере Тошев се јавил со еден опширен, детален проект за целосна децентрализација на ВМРО*, додека Христо Матов и други за строга централизација... Јане Сандански го напаѓа и обвинува Борис Сарафов за измама дека претходно имал соработка со српски државници и политичари и дека и сега е во контакт со многу лица, воени и граѓански, на официјална Бугарија. Сарафов се брани дека го спроведува своето становиште за македонските работи. Споровите продолжиле долго време без да се донесе какво и да е заедничко решение. Во еден момент Д. Груев изнесува предлог со декларација, уште тука, на самиот конгрес, водачите, шефовите: Ј. Сандански, Б. Сарафов, тој самиот и другите да се откажат од секаква револуционерна дејност како единствено средство за македонското револуционерно движење да тргне напред... Се разбира, тоа било отфрлено. Главниот аргумент против сите изнесени предлози бил „за една педа покусо", т.е. вооружените лица, телохранители и на Ј. Сандански и на Б. Сарафов, па и сите други биле подготвени со силата на оружјето да ги натераат сите да се откажат од своите проекти, предлози, зашто со еден замав главата може да им биде откината, па тие да останат за педа покуси, отколку што се во реалноста. Дискусиите се прекинуваат, конгресот завршува без да се донесат какви било резолуции, без да се преработи и самиот устав на Организацијата, а, исто така, и без да се избере и определи идниот Централен комитет како главен и единствен раководен и одговорен фактор.

По сите тие настани, во 1906 година[12], на иницијатива на тогашната десница во ВМРО на чело со Христо Матов, д-р Христо Татарчев и како главен нелегален во Скопскиот револуционерен округ Тодор Александров, заедно со други видни лица од реоните во западна Македонија – Битолскиот револуционерен округ, свикуваат конгрес во с. Жабокрек, Ќустендилско, и на него се избира ЦК во состав ...[13], со задгранични претставници...[14].

---

* Секако, Македонија не била турска провинција, а камоли некоја слободна и демократска Швајцарија.

[12] Конгресот во с. Жабокрек се одржал во март 1908 година.

[13] Испуштено во ракописот. Во ЦК на ВМОРО биле избрани: Павел Христов, Ефрем Чучков и Петко Пенчев.

[14] Испуштено во ракописот. Во Задграничното претставништво биле избрани: Христо Матов, Михаил Дорев и Апостол Димитров.

Борис Сарафов со своите приврзаници, истомисленици и следбеници од сите краишта на Македонија, каде неговото име и популарност сѐ уште биле многу големи, повторно имал свои чети, екипирани, вооружени од него како во Битолскиот, така и во Скопскиот револуционерен округ, со врски и во Серскиот и Солунскиот револуционерен округ. Но, останал на страна и потпаѓа под влијанието и сугестиите на тогашната бугарска влада – стамболистите, на чело со Петко Петков, д-р Н. Генадиев и други бугарски државници, политичари, општественици, публицисти, повидните воени и граѓански лица во управувањето на Бугарија. А наредната 1907 година, на 11 декември[15], Б. Сарафов и Иван Гарванов, осудени на смрт од окружниот комитет на серскиот револуционерен округ, ќе бидат убиени од Тодор Паница, по наредба на Ј. Сандански, кој неколку години подоцна, по Балканските војни, на ...[16] 1914 година ќе биде, исто така, убиен кај Предел, при патувањето од Неврокоп за Софија од поставена заседа. Револуцијата ги јаде сопствените рожби...[*]).

---

[15] Борис Сарафов и Иван Гарванов биле убиени на 28 ноември 1907 година.

[16] Испуштено во ракописот. Јане Сандански бил убиен на 17 април 1914 година.

[*] Во таква ситуација, создадена за време и по Рилскиот конгрес, при такво расположение и надразнетост меѓу македонските дејци, заемната омраза, злоба, непријателствата сѐ повеќе и повеќе се зголемувале кога некои лица од постоечките групи решиле и физички да го ликвидираат, да го убијат Јане Сандански, како непомирлив противник, па тајно еден од неговите војводи, Даев, се согласува да го организира или самиот да го убие Сандански. Меѓутоа, тој заговор е навремено откриен од Ј. Сандански и неговите другари, со писмени и други документи се утврдува и разобличува заговорникот Даев, против кого, како измамник на Организацијата, се донесува смртна пресуда. Даев изобличен, скршен од разоткривањето сака, како дисциплиниран член на Организацијата, самиот да ја изврши пресудата и со револвер се самоубива, ставајќи крај на својот живот...!

Ј. Сандански и другарите од раководното тело на Серскиот револуционерен округ, со редовна пресуда донесена од членовите на окружниот револуционерен комитет го осудуваат Б. Сарафов на смрт, а за извршител на смртната пресуда го одредуваат Тодор Паница, војвода од Драмскиот револуционерен регион. Тодор Паница заминува за Софија, воспоставува врска со Б. Сарафов и под изговор дека ќе разгледуваат некои револуционерни прашања, по посетата во домот на Б. Сарафов, на излегување, кога Б. Сарафов и Иван Гарванов сакале да го испратат до надворешната врата, ненадејно го вади револверот, стрела во двајцата и ги убива на место, по што успева да побегне и да се сокрие, без да биде фатен.

По убиството на Борис Сарафов и Иван Гарванов групата околу Сарафов – сарафистите, се распрснува, останувајќи без обединувачката, влијателна и истакнатa личност, каква што во тоа време беше Б. Сарафов. Внатрешната организација поделена, потресена, со постоечки одделни непријателски меѓу себе групи и лица – сите активни легални и нелегални дејци внатре во Македонија и надвор од неа во Бугарија, без строг централизам и дисциплина, во предвечерието на прогласувањето на Конституцијата, Хуриетот, во Отоманската империја (10 јули 1908 г.) беше поскоро, така да се каже, сенка од Организацијата. Така, при несреќно случените настани уште пред Илинденското востание и по него, предвремено или, поточно, ненавремено се потрошија многу револуционерни сили, се дадоа многу скапи човечки и материјални жртви, се изгуби голема енергија, се изаби речиси целиот потенцијал од човечки ресурси и материјални средства и токму кога се отворија подобри перспективи за работа, кога се создадоа подобри историски услови во Македонија и на Балканот – објавувањето на Хуриетот, турската буржоаско-демократска револуција, објавувањето на албанското востание малку пред Балканската и меѓусојузничката војна, ВМРО беше ја изгубила својата животоспособност, од живо тело се беше претворила во обичен скелет.

Историјата минува, но исто и насекаде не се повторува, а пак направените грешки, сторените опустошувања еднаш за секогаш го минуваат своето време, без да има можност да се поправат, туку ги оставаат само лошите последици да тежат врз поколението, кое како наследник на своите претходници останува да го носи целиот товар, беспомошно да стори што и да е за да ги спречи сите други логични следни грешки и последици... Хуриетот мина без да можат максимално да се искористат сите новосоздадени услови и околности за исцрпување на сите можности, што и легалната борба ги пружаше за постепено и побрзо подбрување на судбината на македонскиот народ и за негово политичко, национално и во извесна мерка социјално ослободување. Дури, пред конечното компромитирање на младотурскиот режим некои од дејците свесно, а мнозинството од нив и несвесно допуштија и направија редица грешки и лекомислености, особено во предвечерието на Балканската и меѓусојузничката војна, војни што со сите свои последици причинија толку големи несреќи, пакости и разорувања како на целиот бугарски народ, така и на македонските Бугари и на Македонија, која освен што не ја доби својата политичка и национална слобода, напротив, падна во многу потешко национално ропство. Левицата остана со сите нејзини повеќе апстрактно-теоретски

формули, сфаќања и погледи на свет, што можеби не беа целосно остварливи поради отсуството на световни услови во економскиот, културниот и политичкиот развој на Отоманската империја, која до крај беше исклучиво воено-феудална држава, со старо, надминато од времето религиозно законодавство создадено во сосема други општествени односи. Но, погромот, националната катастрофа, што се случи по војните, општото разочарување, пропаста, покажаа дека сфаќањето оти македонското прашање не е само бугарско, туку најмалку е општобалканско, дека секоја помисла за разрешување на тој проблем преку војна носи општа, заедничка пропаст, катастрофа на сите балкански држави, дека секое размислување за создавање на велика Бугарија, велика Србија, Грција, е една илузија. Зашто, „величината" на која и да е од балканските држави, неминовно носи, води кон несреќа на останатите и нема историска оправданост, а во тој однос апелите, повиците, предупредувањата, тревогите, што на времето левицата ги упатуваше спрема сите општествени сили, партии, групи, политичари и државници се покажаа како пророштво...! Тоа никој не може да го негира, наспроти сите предупредувања и стари предрасуди, што ни останале од далечното историско минато како народ. А тоа е, да признаеме, и единствената нејзина утеха, единствената нејзина само морална сатисфакција за сите маки, страдања, насилства, клевети, навреди и жртви, што ги беше дала во името на еден голем идеал. Кога, на пример, социјалистите, какви што беа речиси сите, како идеолози на левицата ги изложуваа своите сфаќања и разбирања за социјалистички, федералистички концепции за една далечна иднина...!

Како што се знае, македонските Бугари, кои живееја во Бугарија, во време на Балканските војни беа групирани, милитаризирани, мобилизирани во одделни дружини и ја формираа таканаречената македоно-одринска категорија на доброволци, што не подлежат на мобилизација. Улогата, значењето на таа категорија доброволци е детално опишана од воениот писател и бивш македонски деец и револуционер, полковник Петар Дрвингов. Во самото предвечерие на Балканската ослободителна војна, покрај големиот ентузијазам на целиот бугарски народ, кој како еден човек се крена со оружје в рака да се бори со петвековниот поробувач, освен неколкуте илјади емигранти од Македонија и Одринско, кои беа мобилизирани и присоединети кон дружините на македоно-одринските доброволци, многу Македонци, бивши четници и војводи формираа посебни чети и како партизански одреди заминуваа во Македонија каде како претходница се бореа со турската војска и башибозуци и на тој

начин го олеснуваа победоносниот од на бугарската, а истовремено со тоа и на српските и на грчките настапувачки армии. Тие чети, претходница, формирани од искусни војводи и четници, кои ги познаваа месностите, луѓето и условите во одделните реони низ кои минуваа или беа упатени, со претходно дадени директиви и задачи од соодветните штабови, со еден голем полет се втурнаа во пределите на Турција, покажаа голема храброст и самопожртвуваност, а со тоа го исполнија својот долг спрема татковината.* Во врска со тие чети и одреди, имено, се наложи да се формира еден општ Централен комитет во кој влегуваа половина избрани и половина назначени од едвај незамрените македонски братства во Бугарија. На чело на тој Централен комитет застана Александар Протогеров, подоцна и Тодор Александров, кој во тоа време беше во Македонија како војвода на една чета, што уште пред започнувањето на воените дејства беше во Кукушката околија, речиси пред Солун. Потоа, тука беа Петар Чаулев, како и други македонски дејци, бивши членови на ЦК и шефови на Внатрешната революционерна организација д-р Христо Татарчев, Христо Матов, Тодор Лазаров, Павел Христов, Г. П. Христов и други.[17] По завршувањето на Балканската војна, тие личности, сите од десницата на ВМРО, останаа како членови на ЦК на ВМРО со двајца како задгранични претставници: д-р Христо Татарчев и Христо Матов, бивши членови на ЦК од кои едниот, Христо Матов, беше и еден од идеолозите на десницата. На тој начин се измешаа врховистите и централистите, се помирија, се „обединија“ во името на еден општ национален идеал – обединување на бугарската нација, а, пак, околноста дека и најнепомирливиот од левицата, Јане Сандански, кој беше исто во својот реон, серскиот револуционерен округ, уште првите денови по општата мобилизација со сите свои поддржувачи војводи и четници: Ч. Кантарџиев, Ал. Бујнов, Тасната[18], Тодор Паница,

---

* Не можеме да не споменеме дека во тие одреди и чети, лесно влегоа и случајни лица, кои го искористија привременото безвластие и пред да стигнат бугарските окупациони власти, на неколку места, особено во источна Македонија-Кавала, Серско и Солунско-извршија некои акти на мародерство, и предавство, па дури и некои жестокости над мирното и незаштитено турско население, што ги возбуди сите.

[17] Податоците што ги дава Павел Шатев за составот на ЦК на ВМОРО во наведеност период не се точни. Имено, новиот состав на ЦК на ВМОРО е избран во 1911 година во состав: Тодор Александров, Петар Чаулев и Христо Чернопеев, а Александар Протогеров за резервен член.

[18] Се однесува на Атанас Спасов-Серски.

Г. Скрижевски, Стојо Хаџиев, Пенков[19] и сите останати се ставија на располагање на бугарските војски, покажуваше дека секакви идејни и тактички разлики, секакви непомирливости и стари непријателства пред тој историски сублимиран момент немаа никаква смисла и резон да постојат. Стариот врховизам најде „оправдување" и по силата на создадената воена околност-официјално објавената и веќе започнатата војна – се наметна. Од тој момент врховистичката теза доби надмоќ, најде објективни услови да се спроведува од сите бивши македонски дејци како од десницата, така и од левицата. Врховизмот беше во полн од и единствено триумфален, но само неколку месеци...

Бугарија, нападната од четири држави, беше принудена да потпише мировен договор во Букурешт. Бугарија поразена, но не победена, по Букурешкиот мир остана да ги залечува своите рани од војната, Македонија поделена со произволни, неприродни граници на три дела, голем дел од населението иселено и прогонето, црквите, училиштата и сите други културно-просветни и стопански здруженија уништени, новите поробувачи станаа господари на ситуацијата во Македонија и на Балканот. По таа прва национална катастрофа, сите беа разочарани, душевно потресени до дното на душата, а многумина останаа исполнети со омраза, злоба и желба за одмазда спрема новите поробувачи – српските и грчките окупатори, освојувачи. Озлобувањето кај сите беше толку големо што старата, традиционална, вековна омраза наеднаш исчезна и меѓу Турците и меѓу Бугарите, наспроти сето минато настапи едно општо, заемно сочувство, зближување меѓу двајцата до вчера ноторни, храбри и самопожртвувани противници, кои на полето на честа доблесно се бореа и ги поднесоа сиот товар и разурнувања од војната, што ја искористија само новите „победници", новите освојувачи на Македонија.

Во Турција уште во времето на младотурскиот режим се беше создало едно националистичко расположение, што особено по несреќната Балканска војна се засили и израсна во големо националистичко движење. Турција, уште кон крајот на војната со балканските држави, најде сили и можности да се соземе, да ја прегрупира својата војска, откако преполовените полкови и дивизии ги пополни со нови резерви од Мала Азија и поискусна од војната меѓу бившите балкански сојузници, со нови сили се зафати да си ја поврати загубената територија во источна Тракија, откако одново

---

[19] Се однесува на Георги Пенков.

ги заседе речиси без борба Одрин, Лозенград и целото пространство на запад од линијата Енос – Мидија, наспроти тоа што таа линија, според Лондонскиот мировен договор меѓу Турција и балканските држави, им беше отстапена на бившите сојузнички балкански држави – Бугарија, Србија и Грција. Турските воени власти создадоа и организираа партизански одреди и под раководство на проверени турски патриоти – националисти, повеќето родум од западна Тракија, навлегоа на запад од реката Марица и ја заседоа цела западна Тракија – Псемотика, Дедеагач, Ѓумурџик, Ксанти и стигнаа до реката Места. Околноста што западна Тракија во мнозинство беше населена со турско, муслиманско (со помаците во источните Родопи) население им даде можност на турските воени власти и на турските партизански одреди полесно и побрзо да ја заземат цела источна и западна Тракија, каде создадоа свои локални органи и организации, со чија помош воспоставија привремена воена и граѓанска власт, прогласувајќи ја западна Тракија за автономна република. Турскиот национализам се појави со сета своја сила, национална Турција оживеа и се појави за првпат во својата вековна историја. Уништувањето, навредата, предавствата, грабежите, жестокоста и масовните убиства, што се извршија над турското население за време на воените дејства и дури и потоа, ја предизвикаа, огорчија, ја озлобија турската душа и многу природна беше таа настаната реакција, што се појави и појави од страна на турската власт и турските патриотски, националистички средини и краишта.

Заедничката, истата зла судбина, што ги снајде Бугарија и Турција, придонесе за заемното зближување, така како што фактички Турците и Бугарите се запознаа и оценија на бојното поле. Турско-бугарското зближување, пријателство се постигна по цената на купишта од коски и река од крв... И уште војната меѓу балканските сојузници не беше завршена, меѓу Бугарија и Турција започнаа преговори за мир и разбирање. Една воена делегација на чело со главниот командант, генерал Михаил Савов, замина за Цариград да ги води преговорите, а речиси истовремено со тоа двајца делегати на ВМРО – Борис Мончев и Дионис Кандихаров, заминаа исто за Цариград за да стапат во контакт со турските националистички кругови и да бараат основа за идната заедничка соработка и разбирање. Иницијативата за секаква работа во Македонија и Бугарија остана исклучиво во рацете на десницата на ВМРО, откако левицата исто разочарана од сè што се случи дотогаш автоматски се беше расформирала, самоуништила, уште повеќе што североисточниот дел од Македонија, согласно Букурешкиот мировен договор, остана под бугарска власт, националното угнетување ис-

чезна, а пак суштинските кадри на левицата беа, имено, од тој дел на Македонија – Пиринскиот крај. Согласно турско-бугарската спогодба, Турција ја задржа источна Тракија со Одрин и Лозенград, а западна Тракија, која беше окупирана од турските партизански одреди, авангарда на турската војска, ѝ се отстапуваше на Бугарија и целата територија меѓу реките Марица и Места, со градовите Дедеагач, Ѓумурџик, Ксанти, требаше да се реокупира од Бугарија, што неминовно беше реализирано.* (Кои лица и како воведоа локална, привремена, „републиканска" управа да се обезбеди од ракописот објавен од Аврам Ст.).

Уште за време на преговорите за мир, разбирање, зближување и пријателство меѓу Бугарија и Турција, речиси истовремено со потпишувањето на Цариградскиот договор за мир 16/29 септември 1913 година, меѓу делегатите на ВМРО и претставници на комитетот „Обединување и напредок" – Енвер паша и Талат беј беа министри и на секој можен начин ги олеснија преговорите – се постигна спогодба за општа, заедничка дејност меѓу бугарското и турското население во Македонија. Врз база на таа формулирана општа спогодба требаше да се подготви програма или план, што ќе се примени и реализира во пракса. За таа цел, од ЦК на ВМРО јас бев делегиран во Цариград, каде во соработка и заедно со д-р Николов** 1), кој таму престојуваше како лекар во бугарската болница „Шишли", требаше да ги започнеме преговорите за практичната примена на постигнатата општа спогодба. Веднаш по моето пристигнување во Цариград во летото, со д-р Николов стапивме во контакт со некои лица од комитетот „Обединување и напредок", кој делегираше две лица: Сулејман

---

* Веднаш по Балканската војна, Турција западна во лоша финансиска ситуација. Беше неопходно да се обезбеди еден поголем надворешен заем, а таков можеше да се добие само од Франција. Француската влада се согласи да ѝ се одобри бараниот од Турција заем, меѓутоа под услов Турција да ја испразни и да ѝ ја предаде западна Тракија на Бугарија. Главно поради тоа Турците ги повлекоа своите партизански одреди од западна Тракија каде беше создадена привремена локална автономна, „републиканска" управа...

** Д-р Николов, виден македонски деец во Битолско, се беше пројавил и турската власт пред Балканската војна го беше осудила на 4 години затвор и беше заточен во Мала Азија, а по војната беше ослободен и останат во Цариград како лекар во бугарската болница на приватна пракса. Тој одлично го знаеше турскиот јазик и уште подобро ја познаваше турската душа со сите ориентални навики и беше одличен работник, човек со снаодлив ум и пријатен соговорник...

Аскери беј, мајор, и Фуад беј, поручник, и двајцата резервни офицери, со кои ги започнавме првите разговори во хотелот „Месерет“, во Стамбол. Сулејман Аскери беј понекогаш на средбите се појавуваше во воена униформа, со што сакаше на разговорите да им придаде поголемо значење, а можеби извршуваше и тековни работи во врска со неговата служба во Военото министерство, каде секогаш кога ќе посакаше можеше да се појави пред тогашниот воен министер Енвер беј, а, исто така, и кај министерот за внатрешни работи Талат беј. Обидот на младотурските водачи да кренат општо востание во западна Тракија, откако ја прогласија нејзината автономија, уште повеќе го поттикнуваше мнозинството од турските националистички дејци главно офицери и младинци од западна Тракија и преселници веќе од Македонија. Многумина од младите офицери доброволно ја напуштија армијата или жандармеријата и сакаа да се стават на располагање на Комитетот, со цел да бидат испратени во западна Тракија, а од таму во Македонија за да го будат, организираат останатото население за бунт, востание против новите освојувачи.

Турскиот Комитет со своите разграноци, групи, месни организации, имаше свој устав, со изработена програма, но сѐ што се однесуваше до работата и неговите активности во западна Тракија, а по спогодбата со Бугарија и во Македонија, се насочуваше и едноставно диктираше од турските официјални лица – политичари или државници, како Енвер паша, Талат беј и други. Турските дејци, речиси сите одушевени националисти, патриоти, работата ја имаа организирано така што одговорните, официјалните лица не се појавуваа јавно, туку сѐ се препушташе, преземаше и исполнуваше од лица кои привидно стоеја на подалечно растојание од самите официјални лица. Во тој однос нивниот „врховизам“ ми се гледаше подоследен, подисциплиниран и пологичен. Да ѝ служат на државата, а и да бидат во полза и на услуга на своите сонародници останати по силата на создадените ситуација и околности по војната, надвор од пределите на Турција – беше главната задача на сите турски национални дејци. Фактички, строго потчинети на своите началници и водачи – воени и граѓански лица – тие беспоговорно ги исполнуваа нивните директиви, наредби, заповеди и според сѐ изгледаше дека се задоволни, бодри и радосни дека се на услуга на државата и народот и дека со тоа го исполнуваат и својот долг спрема татковината. Во тој однос, тие се разликуваа од органите, раководните личности во ВМРО, со која се беа договориле за заедничка активност. Меѓутоа, и до последниот момент сите турски дејци сфаќаа или повеќе беа убедени дека и македонскиот комитет оди по истиот пат, односно дека ВМРО не е ништо друго, освен обичен

орган на официјална Бугарија, т.е. на бугарските влади. Едвај откако тие стапија во поблиски и организациски врски со лицата од и околу ВМРО се убедија дека навистина во многу односи и работи ВМРО, како и во минатото, постоеше и дејствуваше, наспроти волјата и желбите на бугарските влади. Уште при првите разговори со делегатите на турскиот комитет дознавме дека турските дејци многу брзаат и оти се за една покрупна четничка акција, отколку што се мислеше и се имаше предвид општата ситуација и развојот на настаните. Со д-р Николов се најдовме во ограничувачка положба и си велевме дека Турците нè испреварија, тие излегоа поискусни комити и конспиратори од нас, зашто не се задоволуваа со малку, туку сакаа да се екипираат, да се формираат најмалку околу 50 мали чети, што преку западна Тракија или Бугарија ќе се префрлат, ќе се препратат во содејство и со помош на ВМРО во источна и во западна Македонија. Тој прв турски предлог едноставно нè восхити и ние во прв момент го објаснувавме со нивното неискуство, со тоа што се почетници во револуционерните, четничките акции. Меѓутоа, тоа беше наше самозалажување, зашто турските делегати за сè детално и навремено добиваа инструкции од нивните началници и водачи, кои не гледаа низ прсти на таа иницијатива, туку следеа строго определен план на дејствување. Се гледаше дека во целта и намерите на турските национални дејци имаше политички, ако не сметки, тогаш барем причини. Нам не ни остануваше друго освен да ги одолговлекуваме преговорите и на секој начин одлагавме било некои од средбите било донесувањето на конечните одлуки. За време на тие одолговлекувања, помисливме да се јавиме кај бугарскиот полномошен министер во Цариград, Андреј Тошев, без да ја криеме нашата мисија, но и без да го информираме за сè за што разговараме. Еден ден го посетивме во една вила во „Терапија“ на самиот морски брег и подолго разговаравме. За нашата работа тој ништо не кажа, но внимателно нè ислуша. Кога го допревме прашањето за престојот на германските офицери-инструктори, кои беа во Цариград и јавно, отворено во униформи се движеа низ градот, што оставаше впечаток дека Турција конечно одлучила да се приклучи кон двојниот сојуз – Германија и Австро-Унгарија, Андреј Тошев отворено изјави дека тој е песимист и рече „турската влада во секој момент може да ги собере тие офицери, да ги натовари на некој параброд и да ги однесе спрема Марсеј“. Дали со тие зборови Андреј Тошев сакаше да ја подвлече итроста, перфидноста во политиката на турските политичари и државници – наследници на старата Византија – или тој лично го сметаше за недоволно германофилството на Енвер паша, тоа не можев да го опипам. Разговорот сè повеќе и повеќе стануваше неинтересен и

ние со д-р Николов ја напуштивме вилата, во чии ѕидови бавно, бавно заплиснуваа рамномерни и слаби бранови на морската вода во тој дел од Босфорот. Со разни мисли и објаснувања го дочекавме трамвајот и повторно се упативме спрема Галата и Стамбол. По долгиот пат, го минавме реонот на „Илдиз“, надмено и гордо ги гледавме градините и парковите оградени со високите голи ѕидини, го минавме малиот плоштад пред џамијата „Хамидие“, каде пред 15 години со страв и трепет минувавме како кртови за да се доближиме колку што можеме до самите порти на прочуената џамија, во која султанот Хамид секој петок одеше на молитва, а поради него, во истата џамија се собираа сите дипломатски претставници за да присуствуваат на таа церемонија и да бидат удостоени со некој поздрав или краток разговор со величествената императорска личност. Џамијата беше зборно место каде можеа да се видат сите меродавни лица, фактори во бившата Отоманска империја на чело со својот врховен духовен и световен вожд, султанот Хамид, за кого ние сметавме дека е единствено виновен, меѓу другото, и за ропството на Македонија и сакавме по секоја цена на истото место да го убиеме, уништиме во знак на протест и за одмазда за сите зла и неправди во пространата империја, јаболко на раздорот меѓу сите европски империјалистички држави, кои за своите материјални, груби, егоистични интереси ја хранеа и поддржуваа тиранијата во Отоманската империја, што како за нас Бугарите во Македонија и Одринско, така и за сите останати народи и националности, па и за самиот вреден турски народ беше вистинска заедничка гробница.

Го минавме „Галата“, подвижниот мост над „Златниот рог“ и повторно стигнавме во Стамбол целосно слободни, без да се обѕирнуваме на лево или на десно како некогаш, зашто само во тој дел од Цариград, во времето на апсолутистичкиот режим на султанот Хамид, имаше околу пет илјади тајни агенти-детективи, без да ја сметаме многубројната јавна полиција и жандармерија. И си помислив како се менува светот, како се менуваат луѓето, а пак период од 15 години во животот на поколенијата, во историјата е само еден миг. Велат дека времето е најдобриот лек за сите беди и несреќи на луѓето, но треба да додадеме дека и луѓето, настаните, а, исто така, и идеите, што брануваат и привлекуваат некое поколение имаат исто свое значење. Времето е вечно, постојано, исто, непроменливо, а настаните, луѓето се тие што се менуваат и создаваат нови епохи, отвораат нови ери во животот на општествата, државите и народите. А, во последните 15 години се случија редица судбоносни, од историско значење настани: Илинденското и Преображенското востание

во Македонија и Одринско (1903 г.), младотурската революција и детронизирањето на султанот Хамид, Балканската војна, а пак светот беше на прагот на уште поголеми историски настани за кои сите трескаво се подготвуваа, па и ние Македонците не сакавме да останеме назад и неподготвени за утрешниот ден, за кој никој не знаеше и не можеше да знае што ни носи. Неизвесност, целосен мрак, но има два отвора, две очи – историјата и историското искуство – со кои може да се проникне и да се разбере и иднината ако сакаме и можеме да се служиме со нив. А ние тоа, имено, не знаевме да го искористиме и со години лутавме на лево, на десно, се вртевме во еден маѓепсан круг, без да пронајдеме излез, еден спасоносен пат. Објективните услови не беа уште создадени и следствено, сите наши мисли, определби, идеали постепено, последователно зрееја додека дочекаме да настапи тоа историско време, да се создадат и израснат нови луѓе, ново поколение, со нови идеи и принципи за остварување на нашиот идеал – конечно национално и социјално ослободување на Македонија!

„Уште на 6 септември 1913 година спогодбата меѓу Бугарија и Турција за територијално разграничување и за прашањето за националностите било веќе поставено", вели д-р Ал. Гиргинов.

„Потпишувањето на бугарско-турскиот сојуз, продолжува тој, било оставено за подоцна".

„На 18/24 септември 1913 година бил потпишан „Цариградскиот договор меѓу Бугарија и Турција" кој, покрај прашањето за границата, уредува уште и редица други прашања од интерес за двете страни. Според Цариградскиот договор, Турција ја добиваше целата територија на исток од левиот брег на реката Марица, заедно со Одрин и неговата околина, додека само извесен дел од територијата околу Мало Трново остануваше за Бугарија...".

„А, Германија и Австро-Унгарија отворено ја штитеа Турција, божем таа беше нивна сојузничка и за атер на малата и исцрпена Бугарија, тие не сакаа да ги ризикуваат своите големи политички и стопански интереси во Отоманската империја...".

„Во ноември 1913 г. во Цариград пристигна германска воена мисија, на чело со генерал Лиман, кој не бил само шеф на првиот корпус (армија), туку истовремено и главен инструктор на целата турска армија".*

Разговорите со турскиот комитет привршуваа и ние успеавме да ги убедиме експанзивните турски дејци-националисти да се согласат

* „Бугарија пред големата војна", стр. 27-29, д-р Ал. Гиргинов.

да се испратат само пет чети, наместо 50 како што тие сакаа и силно настојуваа. Се определи дури денот, датумот на заминувањето од Цариград. Јас требаше да ги придружувам четниците со нивните војводи – тројца офицери, кои штотуку ја беа напуштиле армијата, а еден и од жандармеријата, кој беше началник на жандармериски участок во Стамбол. Договорено беше сите четници и војводи да се облечат во цивилна облека, без пушки, и сето неопходно за нив и четите да се земе како багаж. На договорениот ден сите се појавија на станицата во Сирнеџи, добро облечени, како патници, и заедно зафатија два патнички вагони, а војводите и јас влеговме во едно купе од втората класа. На тргнување се зачудив кога слушнав дека една музика ја свири бугарската национална химна „ Шуми Марица“, возот тргна и полека ја напушташе станицата, а музиката продолжуваше. Едноставно се чудев на таа демонстративност и решителност на турските водачи. Но, за нив тоа беше куртоазија, нешто сосема обично, а, пак, за страв не можеше ни збор да стане, зашто хармонијата меѓу турските национални дејци – војводите и официјалната власт, беше целосна. Турците, според карактерот, обично се инертни, трпеливи, но кога и самата власт е во тек со сѐ што се случува, тие се експанзивни, ентузијасти, весели и бодри, зашто за нив поимите власт, држава, нација, муслиманска религија е едно и исто. Штом власта е информирана и согласна, сѐ е дозволено. Никакви скрупули, никакви пречки. Да бидат во полза на државата и народот, тоа за нив е долг спрема татковината, виш идеал пред кој секакви човечки и материјални жртви се оправдани. Само со знаење или со одобрување на власта, се разбира, кога таа не ја има изгубено својата обична мерка, Турците секогаш се способни на големи жртви и подвизи. Тоа е една нивна општа национална црта и затоа секоја законски воспоставена и постоечка граѓанска или воена власт е на висината на својата задача и се почитува и уважува од сите.

Возот врвеше покрај морето, тивко, спокојно, како вистинско огледало, го поминавме Сан-Стефано и возот со поголема брзина пак тргна кон чаталџанските височини, а ние од прозорците ги гледавме воените утврдувања. Ги поминавме Баба ески, Аголе Бургас и наближувавме кон новата турско-бугарска граница. Сите тие места и станици ме наведуваа на редица размислувања за големината на бугарската и турската воена слава, храброст и самоодважност, наспроти сета депресија од настанатата промена и спречувањето на националниот идеал – обединувањето на Бугарија и пропуштеното, спреченото национално ослободување на Македонија. Сето случено во блиското минато беше веќе историја, а нам ни се налагаше да

работиме, да дејствуваме така како што дозволуваше новото време, во согласност со новите услови и околности...

Возот го продолжуваше својот пат, ја минавме самата гранична линија и возот застана на првата станица за размена Кулели – Бургас. Први, како што е редот, се појавија царинските службеници и почнаа да го прегледуваат багажот на патниците. По малку, во еден момент се забележа раздвижување – царинските службеници и стражари почнаа брзо да се движат меѓу возот и зградата на станицата. Цариниците во еден од вагоните пронајдоа вреќи полни со облека, опинци и други четнички потреби и на воениот командант му соопштија дека има предмети, што не можат да се пропуштат. Воениот командант лично влезе во вагонот, отвори некои од куферите и забележа дека во нив има не само облека, опинци, туку и други предмети како бинокли, воени географски карти, што уште помалку можат да се пропуштат. Во меѓувреме, група љубопитни лица се беа собрале пред самиот вагон и гледаа што се случува. А, меѓу нив имаше не само Бугари, туку и Турци (тоа се познаваше од фесовите, што ги носеа на глава), Грци и Евреи... И јас се симнав од купето и се јавив кај воениот командант, давајќи му го во доверба да го прочита мојот јавен документ, издаден од Внатрешното министерство во Софија и потпишан лично од д-р В. Радославов. Командантот се потсмири, но настојуваше да го конфискува багажот, зашто, како што велеше, во него има бинокли, особено генералштабни географски карти, што биле забранети... Јас го замолив да ја растури љубопитната публика пред вагонот. Тој се согласи и веднаш им нареди на војниците да ги отстранат сите лица, што стоеја пред вагонот и некои од вагоните во кои беа сместени четниците. Меѓутоа, на секој начин сакаше да ги задржи, да ги конфискува биноклите, картите и останатите предмети. Настојував да внимава, зашто за секој изгубен или оштетен предмет, тој лично ќе одговара. Офицерот сè уште настојуваше и на крај го запрашав кој и каде му е претпоставениот, а тој одговори дека началник му е полковникот Пашев, кој е во Дедеагач. Добро, му реков, оставете ги предметите така како што се во вагонот и кога ќе стигнеме во Дедеагач, јас лично ќе се јавам кај вашиот началник и ќе кажам дека дека тие предмети се мои и дека тие лица, кои јас ги водам, ми се добро познати, лични пријатели и ги водам по силата на дадениот јавен документ. А, во него изрично се велеше дека се замолуваат сите граѓански и воени власти да пружат соработка. Вие наместо соработка, ме обременувате, му реков на командантот. По малку, сè беше оставено на свое место, возот тргна и доцна во ноќта стигнавме во Дедеагач. Штом застана, војници со бајонети на

пушките го опколија возот и никому од четниците не му дозволуваа да се симне од вагоните. Сите беа однесени во една просторија и таму беа задржани до утредента пред ручек, кога лично се јавив, повторно со јавниот документ, кај полковник Пашев – гарнизонски началник, еден тивок, спокоен, умен и разбран офицер, и му кажав кој сум и што се лицата, кои ги придружувам доаѓајќи директно од Цариград. Полковник Пашев, без ништо да ме прашува, брзо се разбра по телефон со Военото министерство во Софија, кое потврди сѐ, и во истиот момент се сврте кон мене и рече: Јасно е дека овие луѓе не доаѓаат со лоши намери во Бугарија, зашто ако имаа, тие преку нивни канали, што ги имаат во Димотика и други места, ќе влезеа на бугарска територија, а тие јавно, отворено доаѓаат со воз... Следствено, нема основа да бидат симнати и вратени назад...

Наредниот ден, пак со возот, преку Ѓумурџик, сите заминавме за Ксанти, каде беа сместени по куќи, а војводите-офицери и други локални повидни лица се собравме во една турска беговска куќа, во која престојувавме неколку дена, и сѐ што се подготвуваше не се криеше од мене како претставник на ВМРО. Во западна Тракија, Турците со расположивото големо мнозинство од нивни сонародници и истоверници – помаците – кои до вчера, со векови живееле под турско владеење, со својата религија, со својот јазик, свои обичаи и карактер, со својата национална култура во целина, беа и си останаа и долго потоа приврзани кон турската власт и религија и во сѐ ги следеа своите првенци, истакнати лица, особено оние кои биле влијателни уште за време на турското владеење, посебно оние локални и други жители, првенци или интелигенцијата родум од Тракија или од други места. Тие лесно создадоа своја организација, со свои разграноци, со началници, курири или јатаци, стекнаа многу соработници и истомисленици. А, по завршувањето на локалното востание имаше сокриено, во посебно направени скривалишта, големо количество разно оружје – пушки, патрони, бомби и други воени помошни средства, што ја олеснуваше секоја акција во источна Македонија каде, особено во Драмско, Саришабакско, Кавалско и Серско, беше останато компактно турско население, од кое голем дел како бивши војници во турската армија, и немаше потреба за нивна обука, туку требаше само да се привлечат, организираат и подготват евентуално за вооружена борба. Со два збора, западна Тракија се користеше како база за четнички акции во источна Македонија под грчка власт. И така во летото 1914 г. неколку поголеми востанички чети командувани од бивши турски офицери, со локални лица нивни помошници, навлегоа во источна Македонија и се распрснаа во погореспоменатите околии. Јас бев изненаден

колку бргу четниците се снабдија со сè што им е неопходно, облека, оружје, медикаменти итн. Задоволството ми беше големо кога една ноќ, заедно со турскиот главен раководител и организаторот Џемил, исто офицер, побаравме една чета да спроведеме до самата грчко-бугарска граница, реката Места, но се почувствува потреба од повеќе патрони и уште неколку пушки, па запревме во едно блиско турско село низ кое минувавме. За кратко време пушките и патроните беа обезбедени, извадени од скривалиште чисти и спакувани, како да беа извадени од некој фабрички склад. Восхитот беше уште поголем кога спроти реката Струма, уште со пристигнувањето на четата на одредената локација, луѓе Турци од грчка територија беа подготвени да ги пречекаат четниците, да ги пренесат преку реката и да ги сокријат како нивни јатаци, курири...

Јас во Ксанти, како главен пункт на четничката активност во источна Македонија, престојував неколку месеци и пред турските дејци важев за делегат на ВМРО, а истовремено и како врска со локалните воени и граѓански власти за сè што се однесува до престојот на турските дејци... За цело време не се појавија никакви пречки, четниците не правеа проблеми и не го нарушуваа јавниот ред. Напротив, беа тивки, дисциплинирани, тие се потчинуваа на наредбите на своите водачи и спрема сите се однесуваа со почит и уважување, избегнувајќи какви било ексцеси или скандали. Сè се одвиваше мирно, тивко, речиси незабележано од поголемиот дел на населението, меѓутоа официјалните влади знаеја и беа во тек со тоа што се случуваше со престојот и преминувањето на четите, но се правеа глуви и гледаа низ прсти, што се забележуваше од наредбите одгоре. Меѓутоа, цело време, за многу случаи и поводи, турските дејци пред мене отворено го изразуваа своето незадоволство од однесувањето на некои раководни органи и лица, кои непријателски се држеа спрема локалното, особено селско муслиманско население. Честопати некои од чиновниците, особено акцизни и полициски стражари, па и други, манифестираа секакво самоволие, а во некои места, дури и во градовите, вршеа малтретирања врз мирните граѓани и селани – Турци и помаци – само затоа што беа муслимани, со цел да ги оштетат, ограбат или изнудат за лична корист. Турските дејци и првенците на Евреите, со кои контактираа, тајно негодуваа, знаеја сè, но сепак не правеа проблеми, туку со голема трпеливост поднесуваа сè. Јас лично констатирав колку болно беше нивното накрнено национално чувство, колку беа навредени во себе од нивните сокриени национални и религиозни чувства. Без сомневање, нивните муфтии, првеници, па и самите тие, сè што знаеја, го гледаа,

по соодветна проверка им го пренесуваа на турските конзулати во Ѓумурџик и Дедеагач, а тие, се разбира, во Цариград, што не беше во интерес на бугарското раководство, ниту во интерес и во духот на турско-бугарската спогодба, разбирање и пријателство. Тоа не беше доволно, па по едно време почнаа да се пуштаат гласини дека Турците имале своја тајна организација, свои канали преку кои тајно доаѓале курири од Турција – Цариград, кои преку Димотина и некои поголеми турски села пристигале до Ѓумурџик и Ксанти. Сето тоа беа празни приказни, басни измислени од непријателски настроени, воопшто против сè што е турско, лица, Бугари, повеќето чиновници, па и офицери. Навистина, Турците имаа своја организација, самото нивно постоење како одделна национална и религиозна единица, со свои карактеристики, обичаи, свои духовни институти муфтијства, медреса, училишта, учители, оџи и мули, строго оделени од Бугарите, а уште повеќе од официјалната бугарска власт, што покажуваше дека претставуваат посебно малцинство, посебна националност групирана околу своите видни првенци, водачи, духовни и световни лица во разните градови и поголеми села. Доколку и каква и да постоеше, нивната организација беше исклучиво легална и апсолутно во ништо не беше спротивставена на воспоставената бугарска граѓанска и воена власт, туку се занимаваше со заштитата на своите права како посебна национална и религиозна заедница, со свои институти муфтијства, медреса, училишта, па дури и свои народни претставници – локални Турци. Вистина е дека беа извршени неколку убиства на локални турски првенци, но тие беа дело поскоро на лица кои беа настрадале поради предавства и клевети пред бугарската власт и ги сметаа како „ренегати“, народни предавници... И тоа беше сè. Во сè друго турското население по градовите и селата беше целосно потчинето, покорно на власта, и како вистинско робје ја обработуваше својата земја, а со тоа го внесуваше и злото во бугарското национално богатство. Како робови, пред сè, на својата религија, тие беа суштински робови и на својот напорен труд. Ако имало некои, кои пројавиле непослушност, не биле ропски потчинети, дека дури лично извршиле некои злодела, за тоа не можеше да се обвини целото или поголем дел од турското население, кое штотуку беше завладеано и сè уште не беше навикнато на новите институции и законите и на полициско-административните правилници. Така што сите гласини, кои се ширеа беа измислици, дело на оделни службени и други лица, фанатично настроени против сè што е турско. Кај нив се манифестираше повеќе верскиот и расен, национален атавизам оставен во наследство кај многу Бугари и Турци од далечното историско минато.

Гласините сè повеќе и повеќе се ширеа и околноста дека имаше и воени лица, кои ги поддржуваа, можеше да создаде едно општо лошо расположение против турското население, кое од своја страна, исто така, можеше да се настрои непријателски воопшто против сето бугарско во тој крај. Ете зошто решив да се јавам кај гарнизонскиот началник и лично да видам и разберам што мисли за тие гласини и воопшто за поведението, однесувањето на турското, муслиманско население. Еден ден отидов кај него, љубезно ме прими и го покренав тоа прашање. Гарнизонскиот началник, командир на бугарската војска во таа област, со нескриена желба говореше доста долго и изнесе многу вредни размислувања како по прашањето за управувањето, така и за турското население. Тој беше убеден дека во областа нема никакво незадоволство, дека сите гласини за некаква тајна, конспиративна активност од страна на Турците се измислици и дека помирни, попослушни, полојални поданици и граѓани од Турците и помаците нема. Покорни, исполнителни, распрснати по планинските висови, па и во полето, тие работат и дење и ноќе, а со тоа создаваат и богатство – родопскиот тутун „басмата“, познат во странство под името ксантиски тутун, по својот мирис и вкус, и е најценетиот производ преку кој во државата ни влегува злато, ми раскажуваше генерал Захариев, еден веќе побелен, доста возрасен офицер, кого уште претходно го познавав. Откако сум тука, продолжи тој, јас и преку службата и лично не сум забележал нешто што би можело да ме плаши околу поведението и однесувањето спрема нашата бугарска власт во овој реон. Ако има нешто за што жалам, тоа е дека има чести случаи кога некои наши, бугарски службеници ќе избркаат или ќе сретнат некој Турчин или помак и ќе го ограбат, ќе го изнудат или навредат. А, има многу примери кога тоа го прават и војници и подофицери. Тоа е вистина. Некакво востание, пак, од страна на турското население е исклучено и на сите гласини не треба да се обрнува внимание, заклучи генералот.

Тој не го знаеше турскиот јазик, но толку добро ги познаваше воопшто Турците и турското битие, што останав изненаден од сето искажано од него. Трезвено, разумно, аналитично, тој изнесе толку важни размислувања за ситуацијата, што навистина останав восхитен. Во време на ослободувањето тој бил мал, пристапил во военото училиште, станал офицер и долго живеел меѓу турско население во Стара Загора и на други места, па одлично ги познаваше турските обичаи, карактеристики и битие.

Таму во Ксанти, во тоа време, како чиновник во една тутунска фирма, живееше и Емануел Љапчев, правник, поранешен турски

судија во Битола и во Солун, и како таков и тој одлично ги познаваше Турците, совршено го владееше турскиот литературен јазик, како и францускиот, и перфектно ги познаваше турските закони, француското и бугарското законодавство. Воопшто, тој беше една истакната личност и според размислувањата, и според познавањата, карактерот, моралот каква ретко имав сретнато. Доста возрасен човек, со солидно правничко образование и долга судска пракса, со големо животно искуство, умен, упатен во сè, јас често разговарав со него за многу прашања и посебно за управата во тој новозаземен крај, за институциите, за што во тоа време се интересираа и некои позначајни лица. Кога ќе се сетев на размислувањата изнесени од генерал Захариев, Емануел Љапчев, полковник Пашев, едноставно се чудев како покрај такви лица, кои одлично го познаваат тој крај и турското население воопшто, беа можни такви институции во управувањето од кои некои беа огорчени, а некои дури и уплашени...

Но, партизанството беше во сила. Од највисокиот чиновник – окружниот управник – до последниот службеник, сите беа поставувани како партизани, без оглед на тоа дали го познаваат карактерот, битието на локалното муслиманско население – Турци и помаци. Помаците, иако по потекло се Бугари и говорат чист бугарски јазик без да го знаат турскиот, како муслимани според верата, беа толку одалечени од сето бугарско, што повеќе се чувствуваа Турци, отколку Бугари, спрема кои чувствуваа една омраза што, впрочем, продолжи долго време, а тоа беше една туѓа појава. Навистина, средствата, методите користени особено за време на Балканската војна, со несреќното размислување за масовно покрстување на помаците во Родопскиот крај, самоволијата, предавствата, жестината, што некои цивилни и воени лица ги беа манифестирале спрема помачкото население, за брзо и насилно да го покрстат, откако на сите дури им ги менуваа и сопствените имиња, како и други слични необмислени и брзи промени – сето тоа го беше засенило, отуѓило помачкото население дури до толку што на сè бугарско, наместо како кон свое, гледаа како на нешто сосема туѓо, со омраза, злоба и одмазда. Тие брзи, необмислени мерки и промени го одалечија помачкото население и тоа само затоа дека по вера беше муслиманско. Атавизмот, религиозниот фанатизам го правеа своето, отворено на штета на вистинските, разумни интереси на бугарската нација и бугарската држава, која особено во тој момент имаше потреба од поголем престиж не само пред локалното турско, муслиманско население, туку и пред странското европско и балканско општествено мнение, пред кое српските и грчките националисти-шовинисти водеа и продолжуваа да водат една силна и опасна кле-

ветничка кампања против Бугарија и сè што е бугарско. Како намерно, и по војната и турско-бугарското зближување и пријателство, да требаше да се свртат водите на воденицата на нашите-бугарски непријатели. Но, како што реков, партизанството беше издигнато во култ и требаше да му се плаќа и данок, тежок данок...

Прашањето за управувањето на новозаземените области по војната интересираше голем број бугарски општественици и државници, но стана не само на зборови. Фактички, управувањето беше и си остана уште долго време по војната бирократско, шаблонско, партизанско, иако новите интереси на бугарската нација и држава налагаа да се примени еден друг систем, а не само да се промени приодот, начинот на управување или да се сменат лицата. Уште повеќе, управувачкиот и партизански режим на рутина и застој да не води сметка и да се сообрази со историските, културните и економски околности во развојот на областите. И ако сега во спомените од тоа време го покренам тоа прашање, сакам да го подвлечам пред растечкото поколение за да се извлече поука за во иднина, зашто тоа неприлагодување, тоа опуштање, долго време и по војните скапо ја чинеше Бугарија и бугарската нација. Како што самиот слушав и бев сведок на некои произволности, бруталности и неправди, што се вршеа од државни и општински службеници и други приватни лица, гледајќи ја нивната мизерија, но и големата потчинетост и исполнителност на локалното население, душата ми се исполнуваше со срам и мака, заради лекомисленоста и ситната политика што се спроведуваше. Честопати си помислувава ете како од политичко неискуство се дава простор на егоизмот и на личните интереси, ете како од идеал за слобода се стигнува до насилство, самоволие – тиранија...!

Според претходно договореното, на војводите им се препорачуваше да се воздржат од секакви акции и дејства, што можеа да кренат врева, да избегнуваат судири или да вршат убиства и друго, туку само да се занимаваат со организирањето, пропагандата, вооружување на локалното турско население и да го подготват за едно идно општо востание за прогонување на новите освојувачи и воздигнување на Македонија во одделна, самостојна, автономна единица. Исто така, на времето неколку мешани турско-бугарски востанички чети беа заминале, а други формирани и во западна Македонија – Велешко, Прилепско. Некои лица од тие чети за кусо време дури се истакнуваа со својата храброст, упорност и самопожртвуваност, а други и загинаа во судирите со српската жандармерија. На тој начин требаше и турското население во Македонија, веќе угнетено, така како што беше и бугарското, а тие сочинуваа огромно мнозинство,

да се вовлече и ангажира во општата вооружена четничка борба. Во период од неколку месеци, турските чети ги обиколуваа селата во Саришабанско, Кавалско и Драмско, без да се предизвика каква било поголема афера, воспоставуваа мала мрежа од локални комитети и создадоа редовна курирска служба со Ксанти од каде добиваа инструкции.

По едно време, од еден војвода, офицер, водач на една од турските чети на грчка територија беше добиено долго, детално писмо-соопштение, во кое информираше за резулатите од нивната активност и бараше поголемо количество динамит со капсули, неопходен за евентуално уривање на некои мостови на железничката линија Драма – Ксанти. Меѓу другото, како куриозитет, информираше дека четата еднаш случајно била зад петите на некој грчки собирач на данок, кој со себе носел сума поголема од илјада златни турски лири, но четниците, покрај сета желба да дојдат до парите, не се решиле да посегнат врз неговиот живот, да го убијат, само поради тоа да не се создаде некоја афера во Саришбанско и да бидат откриени, што изрично им се забрануваше за де не се предизвикаат грчките власти.*

Тоа, впрочем, беше наша желба, зашто од Софија, Централниот комитет даде упатство во никој случај да не се предизвикуваат грчките власти, а војната меѓу Србија и Австро-Унгарија продолжуваше и Србите упорно се спротивставуваа и дури имаа некои локални успеси. Тоа куриозитетно соопштение ме трогна и останав не само задоволен, туку и изненаден од исполнителноста на турските чети и гледав дека тие искрено ја исполнуваат дадената директива – да се занимаваат само со организирањето и вооружувањето на локалното, компактно во тој крај турско население. Џемил беј, главниот раководител и инструктор на тие чети, ми рече дека тие не поседуваат никакви експлозивни материјали и од нас, односно од ВМРО, го побара потребното количество динамит со капсули и фитил. Дотогаш турските дејци немаа ништо побарано од нас и јас им ветив дека ќе напишам и ќе наредам за кусо време да се достави тоа количество динамит, откако ќе биде испратено од Софија преку Пашмакли во Ксанти. Напишав веднаш, меѓутоа одговор не добив, повторно напишав, но пак не добив ниту одговор. Останав засрамен пред турските дејци, кои иако нови, божем понеискусни од нас конспиратори-комити, на дело секогаш во сè нè надминуваа, а ние останувавме само на зборови... Со такви изговори, дури и измислици јас се правдав пред турските дејци, наши

* Во тоа време, грчките финансиски власти ги собираа државните даноци исклучиво во злато – турски лири.

колеги, меѓутоа од Софија немаше никаков одговор. Деновите минуваа, настаните следуваа, а вестите сѐ повеќе и повеќе станувaa повознемирувачки и обеспокојувачки. Државите, големи и мали, една по друга влегуваа во општата војна и општоевропската, па и општобалканската ситуација стануваше сѐ повеќе и повеќе опасно вознемирувачка.

„По завршувањето на Балканската војна, ситуацијата во Европа почна уште повеќе да се замаглува, да се влошува. Од една страна, зголемувањето главно на српската држава, сразмерно со интересите на Австро-унгарската империја, и од друга – успесите на Тројниот договор за време на војните 1912/13 година, како да ја измести рамнотежата меѓу европските големи држави. Турција излезе од војната зашеметена и со значителни територијални загуби. Србија, Грција и Романија се проширија под заштита на Русија, Франција и Англија. Сето тоа го зголемуваше антагонизмот меѓу Тројниот договор и Тројниот сојуз, кој со завист и злоба ја констатираше растечката надомоќ на Балканот на Русија, Франција и Англија“.*

Убиството на австрискиот престолонаследник Франц Фердинанд во Сараево, на 15/28 јуни 194 година, проследено со ултиматум на Австрија до Србија на 20/23 јули, требаше да биде изговор за војната, за која сите влади заедно и одеднаш покажаа желба и готовност. Тие ја чекаа... Војната во 1914 година беше продолжение на политиката пред 1914-та. Целата европска политика пред војната беше политика на поделба на сферите на влијание, на освојување нови пазари, на населување во колониите и на потчинување на другите народи. Тоа беше една освојувачка империјалистичка војна во која големите сили решаваа за поделбата на светот, со што и се определуваше нејзиниот карактер.** Нејзина цел беше поделбата на колониите, заграбување на земји, што на друг му припаѓаат. Националниот елемент во австро-српската војна не беше од сериозно значење.

На 15/28 јуни 1914 година во Сараево, австрискиот престолонаследник, Франц Фердинанд, и неговата сопруга паднаа убиени од бомба. Тој атентат, извршен од српскиот патриот Гаврило Принцип, австриската влада го припиша на еден заговор против Австро-унгарската империја во кој учествувале агенти од Србија за реализирање на великосрпската идеја... На 10/23 јули 1914 година, Австрија дава ултиматум. На 12 истиот месец се прекинуваат дипло-

* „Бугарија пред големата војна“, стр. 31, д-р Ал. Гиргинов.

** 150 години Франција од 1789 – 1939 г., стр. 155-156 од Владимир Евтимов.

матските односи, а на 15 српската влада добила соопштение дека Австро-Унгарија ѝ објавува војна на Србија. Од тој момент почнува општоевропската војна меѓу Германија со Австро-Унгарија, а на страната на Србија – Русија, Франција, Англија и Белгија...

„Наспроти вмешувањето на големите европски држави во војната, владата на д-р В. Радославов за себе ја беше решила дилемата: Во првиот згоден момент Бугарија да земе учество во Големата војна на страната на Германија и Австро-Унгарија. Затоа, објавената од него „строга неутралност" беше лажливо прикривање, зашто за цело време официјална Бугарија не само што ги симпатизираше, туку и пријателски им помагаше колку што може на завојуваните Централни држави и на нивниот сојузник Турција. Секогаш д-р Радославов и владата беа убедени и отворени непријатели на секоја друга политика... На 21 октомври 1914 г. се објави и војната меѓу Турција и Сојузот".*

Тој ден јас бев во Ксанти и додека разговаравме со Џемил и Фуад беј пристигна известувањето дека и Турција влегува во војната. Моите колеги соговорници и двајцата Грци, турски патриоти-националисти, кои поради нивните врски со многу лица и фактори во Цариград добро ја познаваа внатрешната ситуација во Турција, а, исто така, и нејзиното вооружување и подготвеност за војна, уште при добивањето на веста се стресоа, останаа зачудени и изненадени. Едниот, Фуад беј, дури побледе од стресот. Но, и двајцата верни на својата раса и националност, како лојални, потчинети и исполнителни лица на своето началство и на владата, не рекоа ниту еден недобронамерен збор против турската влада и меродавните лица и фактори во раководството на државата, иако според сè личеше дека беа изненадени, потресени и дури исплашени од таа неочекувана вест. Турција направи еден смел чекор во темнината, а со тоа инстинктивно тие чувствуваа дека иднината на Турција се движи кон една голема неизвесност, што никој не знаеше како и кога ќе заврши. Држењето, поведението и на двајцата доблесни турски офицери ме смири и видов што значи државно и национално воспитување, наспроти личните, субјективни убедувања или личните и групни интереси. Татковината, пред сè! Тоа во тој момент беше предмет на нивните размислувања и објаснувања...

Потоа тие беа повикани да се јават според распоредот за мобилизација и прашањето за собирање на четите само по себе беше

* 150 години Франција од 1789 – 1939 г. од Владимир Евтимов, стр. 31, 42, 44, 48.

веќе решено... Секакава понатамошна активност во таа насока и врз таа основа иднината на Македонија стана беспредметна, но сепак изрична наредба за повлекување на четите немаше. Привремено тие останаа на своите места во очекување, а јас пак си заминав за Софија... Така заврши една иницијатива врз која полагавме толку надежи и очекувања за неизвесната иднина, што нѐ очекуваше... Ние останавме со нашите планови, размислувања, очекувања и надежи.

Српската власт беше збунета, а по анексијата на тој дел од Македонија донесе и почна да применува специјален, исклучителен закон, откако истовремено започна еден силен терор, а на некои места се случија такви предавства и жестокости пред кои бледнееја дури и турските самоволија. Повеќе во Европска Турција имаше макар привидна контрола од страна на странските претставнци – ополномоштени министри или конзули – а сега српската власт се однесуваше како што сакаше. Теророт на српските и грчките власти уште повеќе ја засили нелегалната борба, откако уште на самиот почеток сите видоа и се убедија дека српскиот и грчкиот режим, особено во национален однос, беа многу полоши од бившиот турски режим. Па и фактот дека македонското население од пред и по Илинденското востание имаше извесно искуство, дека голем дел од населението служеше во бугарската армија како редовни војници или доброволци, уште повеќе го засилуваше духот и борбата, што одново започна.

Војната меѓу Србија и Австро-Унгарија продолжуваше и наспроти очајното српско спротивставување и одбрана, секој момент се очекуваше погром на српската армија, па надежите и можноста Македонците да се ослободат од српското владеење сѐ повеќе и повеќе се зголемуваа. Сите бевме на штрек, кроевме планови за една можна контра-акција, со цел да се прогласи слободата и автономијата на Македонија, под српска и бугарска власт. Нашите фантазии, мечти и надежи беа едно, а самата реалност нешто сосема друго. Силата и оружјето, како што обично се случува, го заземаа врвот, а не разумот, остроумноста и праведноста. Македонските водачи на чело со ЦК од десницата[20] на ВМРО го поведе македонското ослободително движење по тесни патеки, од еден трнлив пат во споредна улица до Македонија, како што ќе видиме подоцна, до пропаст и во уште поголема општонационална катастрофа...

[20] Тогаш постоел само еден ЦК на ВМОРО (ниту десен, ниту лев), во состав: Тодор Александров, Петар Чаулев и Христо Чернопеев, а Александар Протогеров како резервен член.

Единствената можност и значење на четите во Македонија беше во тоа дека голем дел од мобилизираните војници-Македонци можеа да ги напуштат редовите на српската армија или да избегаат по планините, да се префрлат во Бугарија, а, пак, оној дел од мобилизираните војници што беше испратен со соодветните воени единици на фронтот или во внатрешноста на Србија, да се побуни или да се предаде на австро-унгарските војски, а потоа како заробеници да бидат ослободени и испратени во Бугарија. Меѓутоа, во реалноста, четничкото движење во Македонија запре по сугестија на бугарската влада, која влијаеше и сè им диктираше на македонските водачи на чело со членовите на ЦК, кои целосно беа под влијанието на бугарската влада и веќе предводници на други, туѓи воени и други фактори – на германски и австро-унгарски агенти и дури на нивните официјални претставници во Бугарија – воени аташеа, ополномоштени министри и нивни поддржувачи. Уште пред официјална Бугарија конечно да се определи на страната на Германија и Австро-Унгарија и Турција, македонските дејци од десницата на ВМРО, судејќи според „претставата, компетентноста или од провидноста во политиката", доколку ги имаа во револуционерната теорија и пракса, го беа решиле прашањето – да бидат погерманофили од најпознатите германофили во Бугарија. А пак војната се одолговлекуваше и стана позициона.

„На 6 септември 1914 г. се случи судирот на Марна. Благодарение на големата храброст на француските војници, фронтот на германската армија беше пробиен. До 17 септември Германците отстапуваат, постојано задржувајќи го и засилувајќи го својот фронт. Од тој датум војната станува позициона. Луѓето се вкопуваат, „патуваат – во земјата". Започнува една војна за жичени мрежи, војна на блиндирани окопи, на тешка артилерија. Фронтот беше еден непрекинат ѕид, што до последниот ден на војната се усовршуваше.

Во 1915 година започна гасната војна. Наредната година се вклучија и тенковите. Војната се оддолжи".*

А, во 1915 година секој момент се очекуваше и Бугарија да влезе во војната, зашто се правеа сите неопходни подготовки. Во земјата се водеше една жестока пропаганда и агитација за и против вмешувањето на Бугарија во војната на страната на Централните сили. Од надвор, пак, по дипломатски пат се правеа големи напори, па и притисоци Бугарија или до крај да остане неутрална или да се присоедини кон Тројниот договор. Официјална Бугарија во лицето на тогашната бугарска влада на чело со д-р В. Радославов, можеби беше

* „150 години Франција од 1879 до 1939 г." од Вл. Евтимов, стр. 157-158.

уште од самиот почеток на воените дејства во Европа и во Србија решена, евентуално, во погоден момент да замине со Централните сили, меѓутоа општественото мнение на чело со сите останати политички партии сè уште остануваше со надеж дека Бугарија барем ќе остане неутрална, дури и откако бугарската влада беше изјавила дека ќе го чува „вооружениот неутралитет“. Возбудата, ентузијазмот меѓу македонската емиграција беа големи, зашто речиси сите сметаа дека новата војна, така како што беше почнала и продолжуваше со почетниот соднос на силите, брзо ќе заврши и Македонија ќе се ослободи од нејзините нови поробувачи, откако најмалку ќе се воздигне во одделна автономна политичка единица. Но, подоцна се покажа дека други беа сметките на камиларот...

Во тоа време, по Балканската војна и особено во предвечерието на општоевропската, десницата во ВМРО, на чело со лицата кои на еден или на друг начин ги беа присвоиле функциите на членови на ЦК, внатре во Бугарија започнаа една колку жална, толку и несреќна улога не само да бидат во секој поглед зависни од бугарската влада, туку и да ѝ бидат на располагање. Освен тоа, поддржани од д-р В. Радославов и други неодговорни фактори, почнаа да се мешаат и во внатрешната и во надворешната политика на државата. Во нивната желба да бидат нешто како фактори, започнаа да ги тормозат речиси сите повидни политички дејци од разните политички партии и да ги принудуваат и тие да ја прифаќаат истата надворешна политика спроведувана од тогашната влада на д-р Радославов – Бугарија да се определи за Централните сили. Тоа не беше доволно, па почнаа да организираат средби и со официјалните претставници на некои од големите држави и преку нив да бараат и тие гаранции за идната слобода, т.е. за присоединувањето на делот од Македонија под српска власт кон Бугарија. А, пак, тогашните дебати, спорови во политичките партии и средини за тоа кон која од завојуваните групи да се приклучи Бугарија беа големи и се водеа со невидена жестина. Многумина сметаа и беа уверени – д-р Н. Генадиев и други – дека Централните сили ќе ја загубат војната, како што подоцна мнозинството разбра дека Германија уште во судирите кај реката Марна веќе ја беше изгубила војната, но владата на д-р В. Радославов, поддржана од самиот цар Фердинанд, по секоја цена, можеби и со претходни ангажмани, а можеби и од други сè уште непознати и недокажани причини, сакаше Бугарија да се определи за страната на Централните држави и Турција, што значеше и продолжување на војната...

Тоа вмешување на македонските дејци исклучиво од крајната десница на ВМРО, на чело со членовите од ЦК, ги возбудуваше и озлобуваше сите повидни личности во општествениот и политичкиот

живот во земјата и постепено придонесуваше уште повеќе да се развие и засили една македонофобија, особено во северна Бугарија. Катастрофата од Балканската војна разочара многу од бугарските граѓани, кои ја преживеаја. Наспроти сите победи по тракиските и македонските полиња, наспроти сите материјални и човечки жртви, што ги зема војната, исклучиво поради кусогледоста на бугарските политичари и дипломати, ги најдоа своите родни огништа заземени и окупирани од Романци, без пушка да пукнат. Сето тоа се должеше на последиците од војната, што се претстави пред народот дека се води само за ослободувањето на Македонија. Тоа расположение придонесуваше да се развие македонофобијата, а, пак, со активностите и однесувањето македонските дејци по секоја цена сакаа да ја вовлечат Бугарија во новата голема војна и тоа на страната на Централните сили, што уште повеќе озлобуваше многумина во државата. Македонските дејци од десницата наместо да го заземат своето соодветно место, ги сменија улогите и се впуштија да ја гонат големата дипломатија и нивната политика... Наместо да се погрижат за основното организирање или реорганизирање на македонската емиграција, и со прифаќањето и помагањето на илјадниците заробеници Македонци, кои доаѓаа од Австро-Унгарија, наместо да бараат патишта и можности внатре во Македонија да го канализираат движењето за да се придонесе за ослободувањето на Македонија преку иницијативи, бунтови или акции на самото македонско население, тие се впуштија во политиката на Бугарија и претендираа да им даваат ум и на водачите на политичките партии, кои како одговорни бугарски политичари и државници пред нивната совест, пред земјата и историјата, носеа и своја морална, историска одговорност за идната судбина на Бугарија.

Војната продолжуваше и сè повеќе и повеќе се одолговлекуваше, без мнозинството да знае кога и како ќе заврши, а ние Македонците повторно останувме со своите мечти, очекувања и надежи. А тоа не можеше и не требаше да продолжува, зашто со мечти, очекувања, надежи и апстрактни планови не се постигнува ослободување. Требаше да се застане на едно становиште, врз една идејна, принципиелна основа и да се дејствува во согласност со времето и околностите било во Бугарија, а особено внатре во Македонија, каде сè уште имаше српски војски и српска администрација, српска власт.

Македонија под грчка власт останувасе на второ место, зашто Грција сè уште се колебаше и не се знаеше кон која од завојуваните групи ќе се приклучи. Во Грција, владата на Ев. Венизелос водеше борба со кралот Константин, отворен германофил, па и близок роднина на германскиот император Вилхелм II ...

Меѓу мнозина од македонските дејци, сите бивши членови на ВМРО, бивши раководители, војводи, четници од Македонија под српска власт, се појави иницијатива да се започне акција надвор од Бугарија, внатре во Македонија за да може евентуално и со оружје да се опстојува на идејата за ослободувањето на Македонија во духот програмата и уставот на ВМРО, тргнувајќи и од заветот на Гоце Делчев дека „ослободувањето на Македонија е дело на самите Македонци, дека ослободувањето на Македонија ќе се постигне со едно внатрешно востание и кој мисли поинаку, тој се лаже себе си, а ги лаже и другите". На неколку средби, што се остварија меѓу повидните и активни дејци, се изнесе мислење да се одржат едно, две повторно ограничени собранија, собири за да се видат расположението и желбите на поголемиот број од македонските легални дејци, кои престојуваат во Софија, а тие да стапат во контакт и коресподенција со свои блиски и познати сонародници распрснати по градовите и селата во провинцијата. Голем дел, речиси сите македонски дејци, кои беа повикани и се јавија на средбите и собирите се изјаснија позитивно. Остануваше да се избере една комисија, која ќе ја преземе иницијативата. Најпрво застанавме врз идејата да се формираат и екипираат неколку чети, што ќе заминат внатре во самата Македонија и таму, според локалните услови и околности, да дејствуваат како што дозволуваат интересите на Македонија и на локалното население. Се формира специјална комисија, која стана Комитет за борба внатре во Македонија. Иницијативата се поведе од македонските првенци, особено оние кои беа од северозападна Македонија – Битолско и Скопско. Петричкиот крај – Пирин, следствено Македонија под бугарска власт поради тоа што тој дел, североисточна Македонија беше ослободена, локалните македонски дејци речиси сите исклучиво од левицата на ВМРО се беа предале целосно на своите приватни работи и не земаа учество во борбата, туку повеќе беа набљудувачи. Но, уште во првиот момент се постави прашањето за средства неопходни за спроведување на една целосна акција, а се најде за неопходно да се создаде и еден чисто македонски весник, што ќе ја популаризира идејата и ќе ја објаснува пред бугарското општествено мнение, за што, исто така, требаа парични средства, без кои не можеше да се тргне ниту чекор напред.

Никола Туфекчиев се образовал во Белгија за пиротехника, родум од Македонија, Ресен, македонски деец уште од основањето на Македонскиот врховен комитет 1890 г. во Софија, доста збогатен поради трговија со оружје, пушки, бомби, динамит и други потреби, виден трговец и претприемач, добро познат на самата тогашна влада, во лични врски со д-р В. Радославов, под чија заштита јавно тргуваше со

оружје и експлозивни средства, со знаење и согласност на бугарската влада, уште пред Турција да влезе во војната, ѝ доставил едно големо количество бомби-одринки од негово производство на турската влада, која во знак на благодарност за навремената испорака му доплатила поголема сума, зашто во тоа време турското министерство за војна имала неопходна потреба од такви материјали. Н. Туфекчиев како трговец-чешефгар, повторно со помош на турската влада, се вклучил во турска трговска фирма добавувач на турската војска – Дебрели Фуад Змба – Манизаде, која откупила поголемо количество волна од Турција, со цел да ја извезе во странство за што, пак, поради големата откупна и продажна цена во тоа матно време на секакви ограничувања во трговијата, добила специјална дозвола од турската влада да ја извезе и продаде на сојузничката Германија. Туфекчиев ја искористил благонаклоноста на Енвер и Талат беј – тогашни турски министри, доста нахално, дури и без да внесе каков и да е свој капитал во таа трговска зделка, се наметнал како рамноправен содружник и по продажбата на волната, само тој спечалил една крупна сума од 12.000 турски лири и на тој начин, од својот капитал набавил еден вагон – бомби. За кусо време, само од неколку достави Туфекчиев спечалил еден милион златни левови, што преку банкарска книшка ги беше внел во една софиска банка. Н. Туфекчиев, толку брзо и лесно збогатен, сметал дека е време да серојави како македонски и бугарски патриот и со нешто и тој, како трговец, да биде од помош на Бугарија и Македонија. Еден ден мене и на Павел Христов, познат македонски револуционер и деец од западна Македонија – Битолско, ни кажа дека сака да биде на услуга на македонската кауза и дека е подготвен, како веќе богат човек, да даде поголема сума за потребите на една револуционерна, четничка акција во Македонија. Ние со Павел Христов останавме едноставно зачудени од гестот на Н. Туфекчиев. Откако му заблагодаривме и го пофаливме за неговиот патриотски гест – жртва, како познаници го прашавме од каде му се парите, следствено какво е нивното потекло и го знае ли тоа бугарската влада. Туфекчиев доста отворено и детално ни раскажа за потеклото на парите, ни ја покажа и банкарската книшка во која видовме дека само во пари има повеќе од еден милион златни левови. Ни рече дека таа негова намера и желба му ја изнел и лично на министерот претседател д-р В. Радославов со кого се видел пред ден-два и разговарале за некои прашања, што ги засегаат односите меѓу Турција и Бугарија. Ни кажа исто дека д-р Радославов ја одобрил неговата намера и желба да даде една сума од 100.000 златни левови, што е само 1/10 од неговиот личен паричен капитал во моментот, а освен тоа дека има и фабрика за

обувки, готова друга стока за продавање, недвижен имот, куќа, дворно место и друго, плус вредни и скапи движни предмети, особено прстење, часовници, огрлици, табакери... А, сето тоа беше апсолутно вистина и ние самите со свои очи можевме да ги разгледаме неговите скапоцени предмети, сервиси, вазни и уште многу други со кои беа преполни шкафовите на богатата куќа на улица „Московска“. На крајот на разговорот Туфекчиев рече дека наспроти сето тоа, тој не е задоволен од животот и дека со ништо не може да се утеши по ненадејната смрт на единствениот син Александар. И за утеха сака таа сума од 100.000 златни левови да се смета како помош за поробена Македонија, но и како дар во знак на сеќавање на неговиот незаборавен, малолетен син Александар. По сето тоа, ние се збогувавме и излеговме, откако му рековме дека ќе размислиме и дека ќе се сретнеме со други наши другари Македонци и оти дополнително ќе му одговориме како, кога и за што ќе се употреби и потроши предложената сума.

Јас и Павел Христов дотогаш лично не го познававме Н. Туфекчиев. Меѓутоа, по име го знаевме како лице кое било вмешано дури во убиството на Стефан Стамболов и други афери во Бугарија, а, исто така, дека уште при основањето на Македонскиот врховен комитет се занимавал со македонските работи. Знаевме исто дека тој речиси за цело време на четничките борби во Македонија се занимавал со продажба на пушки, патрони, револвери, динамит, капсули и др. Сето тоа не нè изненадуваше, зашто тој по професија трговец-пиротехничар долго време се занимавал со продажба или доставување на слични материјали. Сè што ни кажа за потеклото на парите, неговите врски со Цариград и личното познанство со д-р В. Радославов го прифативме како вистина, дотолку повеќе што јас лично го бев видел како заедно со д-р В. Радославов се движат и разговараат по тротоарот на ул. „Царот ослободител“ во близина на дворецот. Меѓутоа, си велевме, ако тајно игра некоја агентска улога во полза на Турција, д-р В. Радославов немаше да го прима, да се среќава и да разговара со него. Ако, пак, сака да нè турне во некоја авантура или опасна за Бугарија акција, тоа ќе се знае од самата влада. Следствено, нема од што да се плашиме и да се колебаме и затоа да ја прифатиме таа вредна донација. Но, за да не остане нешто направено само меѓу нас, решивме да ги информираме и другите наши другари – македонски дејци, со кои исто да размениме мисли за предлогот. Ги известивме нашите познати и еден ден, повторно во домот на Н. Туфекчиев, се собравме 8-10 души, меѓу кои беа Георги Христов, ѓаконот Евстатиј, Михаил Чаков, Ефтимов, Марко Иванов, Алеко Џорлев и други. На тој собир повторно беше изложено сè погоре кажано и потпишавме

еден многу добро подготвен документ во кој се велеше дека Н. Туфекчиев ја подарува горната сума во знак на сеќавање на неговиот непрежален син Александар и дека документот ќе служи како еден вид паметник, па затоа врз него беше ставен и ликот на починатиот младинец. Од радост сите се потпишавме, а Н. Туфекчиев, откако нè поттргна на 2-3 чекори во еден ќош во приемната, мене, Павел Христов, и на Георги Поп Христов ни кажа дека тој добро нè познава и дека има доверба во нас, дека ако се зафатиме сериозно со нешто и успешно ќе го завршиме. Уште на самиот собир определивме комисија, која на делови ќе ги подига сумите од парите, што останувааа на Н. Туфекчиев, за потребите на формираниот комитет за акција во Македонија под српска власт.

Неколку дена потоа обезбедивме еден удобен простор, скромно мебелиран со килими, маси и украсен по ѕидовите со портретите на највидните македонски водачи, убиени и починати: Трајко Китанчев, Гоце Делчев, Даме Груев, Борис Сарафов и други, што требаше да служи како клуб каде многу наши блиски сонародници-војводи, четници и интелектуалци можеа да се среќаваат, разговараат во некоја од просториите и да се собираат на советувања или мали собири. По заедничка согласност, решивме дека е неопходно да се создаде и еден весник, што исклучиво ќе се занимава со македонскиот проблем и требаше да се најде некое соодветно, покомпетентно лице, кое за плата ќе се зафати со редактирањето на весникот, што требаше да излегува еднаш или најмногу двапати неделно. За таа цел, јас заминав за Варна да го поканам и убедам Георги Баждаров, кој таму беше учител во една од гимназиите, да ја напушти учителската должност и да биде редактор на планираниот весник. Г. Баждаров внимателно ме ислуша, ништо не рече за нашата иницијатива и на крајот од разговорот само ме праша дали Тодор Александров и Христо Матов знаат за тоа и што мислат за таа иницијатива. Јас му реков дека тие, според тоа како што се изјасниле на еден собир на македонски дејци во Софија, се против и дека непријателски гледаат на нашата иницијатива, но дали се против една слична акција само затоа што се случува во соработка со Н. Туфекчиев или воопшто се против секакви акции во Македонија, тоа не ми е познато. Г. Баждаров не се согласи да прифати и да се пресели со семејството во Софија и јас се вратив назад во Софија.

Големо беше моето разочарување кога разбрав дека Георги Поп Христов, кого дотогаш го почитував и уважував, без никакво извинување или какви било мотиви се откажал и не земал учество на собирите и дискусиите за спроведување во дело на тоа што се

подготвуваше. Впрочем, уште вечерта кога заминував за Варна, случајно влегов во кафеаната „Бугарија“ за да го дочекам времето за тргнување на возот за Варна, кога забележав дека во еден агол седат Александар Протогеров и Георги Поп Христов. Се гледа дека само таа средба повлијаела Г. П. Христов да се поколеба и откаже од планираната иницијатива и дури да се оддели и од нас, иако дотогаш се согласуваше со сè. Јас не можев дури и да го прашам, зашто доволно знаев за неговата „силна“ волја и „цврст“ карактер. Човек од восок, си велев, и до последен момент не го сменив мислењето за него. И многу подоцна, кога беше дури и член на ЦК на ВМРО, едноставно се чудев како и со што тој ќе може да се пројави, освен само да молчи и да одобрува сè што ќе му се каже од други независни личности, било негови колеги или од неговата близина...

Работата, нашите средби во клубот и во градот продолжуваа, се јавија доброволци, кои сакаа како четници да заминат за Македонија, почна да се подготвува облека, опинци и други потреби за екипирањето на четниците, а од издавањето на весникот речиси се бевме откажале. Јас, по приватна работа, заминав за Букурешт, каде останав околу еден месец и се вратив токму на денот на погребот на веќе починатиот егзарх Јосиф, а еден ден пред тоа полициски органи, придружувани лично од главниот полициски инспектор со прекар Арамијата, по наредба го кренале целиот мебел, килимите, масите, портретите и го затвориле клубот. Околноста дека полициските органи во тој момент биле придружувани лично од главниот полициски инспектор, доволно јасно покажуваше дека тоа било со знаење и согласност, а можеби и по наредба на самиот тогашен министер-претседател д-р В. Радославов. Ние знаевме дека тоа беше по желба на Тодор Александров, кој исто како и Н. Туфекчиев беше во постојани контакти со министерот-претседател и можеби со помош и на други неодговорни фактори со кои Александров имаше контакти, што влијаеле врз самиот д-р Радославов. Влијанието на Т. Александров пред д-р В. Радославов се покажа поголемо отколку тоа на Н. Туфекчиев.

Односите меѓу Т. Александров и Н. Туфекчиев уште претходно не беа добри, но од тогаш нивното соперништво за влијание пред д-р Радославов се зголеми и се манифестираше преку антипатија и заемна омраза. Подоцна, по вовлекувањето на Бугарија во општоевропската војна, од убијци испратени од Т. Александров, Н. Туфекчиев ќе биде убиен пред вратата на неговиот дом, во момент кога една вечер се враќал кај семејството во својот дом на ул. „Московска“, до самиот

дворец... Без некој да каже дури ни „Бог да го прости“[*], убијците не беа ни побарани од страна на полицијата.

Во тоа време, од непознати убијци, во месноста „Предел“ кај Разлог, ненадејно ќе биде убиен познатиот македонски револуционер од левицата на ВМРО, Јане Сандански. Тоа убиство дојде како гром од ведро небо. Јане Сандански, без да се посомнева во такво нешто, на пат од Неврокоп за Софија, во заседа, ненадејно падна убиен со неколку куршуми, без да каже ниту збор. Тоа сензационално убиство наиде на гнасење, особено од неговите многубројни соработници, истомисленици и познаници во целата земја. Убијците не беа откриени и не беа фатени. Меѓутоа, за кусо време стана јавна тајна дека убиството е извршено од луѓе испратени од Тодор Александров и дека се случило со знаење и согласност на д-р В. Радославов. Така, трагично загина и тој водач во македонското ослободително движење, кој во период од 10-15 години се бореше и преживеа толку многу ризици и премрежиња, стана познат во цела Бугарија и надвор од неа, особено по аферата со американската мисионерка Мис Стон, а неговото име, особено во источна Македонија – Серско и Солунско – беше станало легендарно, додека во Пиринскиот крај одамна го нарекуваа и „Пирински цар“.[**]

Така по ред, по убиствата на Г. Делчев, Д. Груев, П. Тошев, без да ги вбројуваме имињата на десетици други второстепени македонски дејци загинати во борби и судири со непријателите на Македонија, паднаа убиени и Борис Сарафов, Иван Гарванов и Јане Сандански и многу други, кои во продолжение ќе ја зголемат таа редица, што ќе биде за срамење и заборав пред идните генерации и подолга од првата низа во заедничката македонска мартирологија.

Во историјата на македонските ослободителни борби никогаш не се водела таква ниска, непринципиелна борба како во тој момент.

---

[*] Според гласините, што беа пуштени по убиството, се шушкаше дека божем тој бил убиен како таен турски агент, дека божем тој се обидел, по сугеситија од Цариград, да организира некаква акција меѓу Албанците во Косово, како и други гласини, што не беа со ништо и од никого докажани.

[**] Суштинските мотиви за убиството на Ј. Сандански не се кажаа. Меѓутоа, неговите блиски, приврзаниците и истомислениците тврдеа дека убиството е наредено од горе, дека тоа се должи исклучиво на стари непријателства од блиското минато. Ј. Сандански и мнозинството од неговите приврзаници и истомисленици не ја одобруваа внатрешната и надворешната политика на д-р В. Радославов и неговата влада и на вторите избори гласаа против владината листа.

Моралниот пад никогаш не бил толку голем како во тоа време и долго потоа, во време на војната, па и по неа. ВМРО со својот ЦК не беа веќе дури ниту скелет, ниту сенка од организација и централно раководно тело, туку повеќе беа една фикција. Имаше само една група од неколку блиски, според своите размислувања, чувства и лични, ако не интереси, тогаш амбиции, лица во ЦК и околу него, кои со своите теоретски разбирања, сфаќања и пракса го беа свеле ЦК не на централен орган за спроведување на идеите и принципите, ставени одамна во програмата и уставот на ВМРО, таа на Г. Делчев, П. Тошев и други, туку на едно јадро, на еден главен центар поставен секогаш да ја спроведува внатрешната, особено надворешната политика на тогашната бугарска влада на чело со д-р В. Радославов и на Дворецот.

На тој начин врховизмот беше преобразен, тој, секако, го беше променил својот образ, својот лик. Луѓето во ЦК, со еден дел од десницата во ВМРО, ги беа прифатиле средствата, методите, па и целта на бившиот Македонски врховен комитет, само што сега, во друго време, во друга конкретна околност, само лицата беа сменети. Врховизмот повторно за едно подолго време беше востановен. Тој беше во прогрес, во од, зашто лица од самата ВМРО му беа дале пат и предност. Идеите, принципите на ВМРО, заветот на Г. Делчев, Д. Груев, Ѓ. Петров и други основачи на Организацијата, што ја беше понела на свои плеќи величествената Илинденска епопеја и уште редица други епски, херојски борби внатре, во самата Македонија, беа ставени во заднина, секако, заборавени, за да ѝ се даде простор на просечноста, амбициозноста, славољубието, а можеби кај некои и на користољубието...

Моќта и славата на врховизмот беа на својот врв, но затоа пак подоцна, особено по општоевропската војна, катастрофата, несреќата на цела Македонија беше толку голема. Никогаш Македонија не била толку разорувана, опустошувана, никогаш македонското население, без разлика на вера и народност, не било толку морално и физички измачувано, малтертирано и тепано, масовно преселувано, како за време на општоевропската војна, а особено при крајот и по нејзиното завршување. Првичните мали опуштања и грешки, навидум безначајни, во продолжение оставаат големи и жални последици, што се десетпати потешки врз грбот на идното поколение, причинувајќи му невидени маки и страдања, а остварувањето на националниот идеал го забавуваат со децении. Случајно или произволно „избраниот“ во село Жабокрек, Ќустендилско, а подоцна самоопределен или самоназначен ЦК на ВМРО, наместо да ги пропагира, да ги проширува меѓу

народните маси идеите, принципите на ВМРО, за тие да станат една голема општествена сила, наместо да се занимава со организирањето на македонското население за да се подготви и самото да ја одреди иднината на својата судбина, идното управување, да располага и да се организира така како што сака самиот народ, со други зборови да оди по патот на своето национално самоопределување како и многу други народи или националности, лицата во тогашниот ЦК и нивните поддржувачи, истомисленици доколку ги имаше, се зафатија на секој начин да ѝ служат на пропагандата за спроведување на владината внатрешна, особено на надворешната политика, откако целосно се ставија на располагање на д-р В. Радославов, на Дворецот, па и на други надворешни официјални, познати и непознати лица и средини, и на тој начин станаа силно оружје на туѓите на македонските вистински, разбрани интереси, а со тоа придонесоа за идното разорување на цела Македонија, како и за предизвикувањето на општата национална катастрофа на Бугарија и на целата бугарска нација. Амбицијата, нечесноста, просечноста и самољубието го достигнаа врвот, наместо скромноста, идеализмот и маченииштвото на старите основачи, приврзаници, поддржувачи и истомисленици на ВМРО, таа на Д. Груев, Г. Делчев, Ј. Сандански, П. Тошев и цела плејада од загинати и сè уште живи македонски дејци, вистински и доследни македонски национал-револуционери и борци за правда и слобода.

Од никаде не се крена глас на протест, сè беше потчинето, задушено и остануваше со глуво негодување, антипатија и омраза спрема официјалните, да ги наречеме државни, бирократски ЦК и ВМРО-десницата. Раната во телото на Македонија, со силен притисок, терор, со закани за убиства, беше затворена и затоа подоцна наеднаш, како што ќе видиме понатаму, се изрази во гангрена, која долго, со години го разјадуваше телото на одново поделената, поробена, уништена и осквернавена, сиромашна и беспомошна Македонија, како под српска и грчка, така и под бугарска власт...

Во тоа време кога ЦК, според своите разбирања и толкувања на уставот и програмата на ВМРО што, се гледаше, или не ги разбираше или, пак, ги „читаше во мрак“, не дозволуваше да произлезе или да биде преземена каква било иницијатива од кого и да било, за каква и да е работа внатре, во Македонија, туку сакаше, како што и самиот правеше, да се оди во чекор со надворешната и внатрешната политика на бугарската влада и на Дворецот, од која исклучиво се инспирираше и се случи познатата Валандовска афера, што на времето крена голема врева и од општобугарска гледна точка, па и од македонско гледиште беше, како што се вели, „дупка во морето“. На една голема

мешана турско-бугарска чета, формирана, организирана и екипирана од ЦК, во која како водач влегуваше опасниот турски офицер Чолак Ибрахим, кој престојувал во Бугарија специјално за слични акции во Македонија под грчка и под српска власт, од кај Струмица, преку пограничното село Костурино, навлезе во Валандово и откако ја нападна српската стража, која го хранеше и чуваше тамошниот гарнизон, со експлозив го разурна железничкиот мост на реката Вардар, ги запали куќите на српските доселеници кај Валандово, убивајќи притоа голем број српски војници и цивилни лица. Вревата и сензацијата беа големи, но во шемата на толку настани околу војната на Запад, источна Европа, Турција и на Кавказ, таа афера брзо се заборави. Меѓутоа, во тоа време секој се прашуваше зошто беше создадена таа афера и со каква цел. Едни го објаснуваа и коментираа настанот со тоа дека се сакало да се спречат воените пратки од Солун за Србија, други ја толкуваа како протест против освојувањето на тој дел на Македонија од Србија, која во тој момент водеше очајна борба против австро-унгарските војски, а трети како акт на одмазда за сите предавства и жестокости, што ги манифестираа српските освојувачи. Но, всушност, никој тоа со сигурност не го знаеше.

И јас, исто така, долго време не знаев зошто беше создадена оваа афера во еден момент кога Бугарија, макар и да се наоѓаше пред прагот на самата војна, но официјално сè уште немаше влезено во војната и кога во целата земја се вршеа силни агитации „за" и „против" влегувањето на Бугарија во војната на страната на Централните сили*.

Пропагандата, агитациите ја достигнаа својата кулминација. Напнатоста и притисокот беа големи и секој бугарски граѓанин со немир очекуваше што ќе се случи, зашто секој гледаше и чувствуваше дека и Бугарија, наспроти прогласениот „вооружен неутралитет", не ќе може уште долго да остане надвор од војната и секој сакаше да знае кон

* Подоцна, откако Бугарија официјално помина на страната на Централните сили и ѝ објави војна на Србија, кога нашиот I Мак[едонски] пеш[адиски] полк, подоцна наречен 59 пеш. полк, веќе беше мобилизиран и на пат за Македонија, при еден престој кај Кадин мост, Ќустендилско, при една случајна средба лично со Т. Александров, кој таму беше на минување, стана збор за Валандовската афера и тој во доверба ми кажа дека таа афера била инсценирана со единствена цел да се види како ќе се изјасни, како ќе реагира официјална Грција. Јас конечно се убедив дека навистина ЦК во тоа време и во време на војната се занимаваше со ситна политика и „голема дипломатија"...

која од завојуваните групации ќе се присоедини, со што се решаваше и нејзината идна судбина и остварувањето или оневозможувањето на општонационалниот бугарски идеал, обединувањето на целата бугарска нација, или во најмала рака ослободувањето на поделената и распарчена на три дела Македонија. Постојат времиња и моменти кога и обичните граѓани и селани, обичните смртници, макар и денонoќно да се зафатени со своите секојдневни грижи и неволји, со тековните работи во семејството и неговата прехрана, живо се интересираат за судбината на татковината, зашто инстинктивно чувствуваат и прифаќаат дека е дојден вистинскиот момент, дека тој е сублимен, одлучувачки. И, наспроти „некомпетентноста“ и „неупатеноста“, пред да ја пролеат својата крв, пред да го дадат, да го жртвуваат својот живот, што на крајот на краиштата и ќе биде побарано од страна на нивните водачи, политичари, општественици, државници, и раководители, сакаат да знаат каде и со кого ќе одат и ќе се борат за идното добро на државата и нацијата. Зашто, само со успешен крај на секоја војна може барем да се надева дека ќе успее да најде едно релативно спокојство, мир и благосостојба. Пред неизвесноста секој стравува и се плаши.

Така беше и тогаш. Неизвесноста беше голема и малкумина знаеја што ќе ни донесе утрешниот ден, т.е. како и кога ќе заврши големата војна, тој гигантски двобој во кој се беа ангажирале толку големи и мали држави. Малкумина тогаш знаеја дека „наспроти вмешувањето на големите европски држави во војната, владата на д-р В. Радославов за себе го имаше решено прашањето: во првиот згоден момент Бугарија да земе учество во големата војна на страната на Германија, Австро-Унгарија и Турција. Секогаш д-р В. Радославов и неговата влада биле убедени и отворени непријатели на секоја друга политика“.* А, пак, луѓето во ЦК и тие околу нив, од десницата на ВМРО, беа уште „поголеми ројалисти од кралот“ – ултра германофили...

Освен тоа, имаше и луѓе кои беа и се сметаа за „русофили на Кавказот“ – во војната на Русија со Турција – и „русофоби на Карпатите“ – во војната меѓу Германија и Русија. Тоа и слични други политички недоразбирања и глупости, како куриозитети во политичките и теоретските размислувања за војната, покажуваа колку слабо политичко образование имаше голем дел од луѓето, особено меѓу македонските дејци. До таква мера теоретските и

* „Бугарија пред големата војна“, стр. 48 и др., д-р Ал. Гиргинов.

практични сфаќања на луѓето од ЦК и голем дел од десницата на ВМРО беа осредни, нестручни во секој поглед, па и за македонското ослободително движење. Според тоа, тие беа кратковиди, недоследни и превртливи, како и подоцна кога имаа отворена можност да бидат во целосен контакт, во допир со македонското население за време на војната, и наместо да застанат на здрави идејни принципи, наместо да го искористат, да стекнат придобивки од дотогашното револуционерно искуство и да се поучат од сите разочарувања, измами и пропуштени можности во минатото, останаа слепи и покорни извршители, спроведувачи на внатрешната и надворешна политика на тогашната бугарска влада и на Дворецот, од каде добиваа пофалби и очекуваа награди за совесно исполнетиот долг спрема татковината.

Но, за тоа ќе зборуваме понатаму, кога ќе дојде ред по настаните, што се развиваа месец по месец, година по година во Бугарија, надвор од неа и во Македонија. Сите тие грешки, свесни или несвесни опуштања, самоволија и каприци, имајќи ја предвид деликатната ситуација во која се наоѓаше Бугарија, особено во предвечерието на војната и во првите година-две од нејзиниот почеток, би биле простливи за луѓето во ЦК и од десницата во ВМРО, ако тие за време на војната и долго по неа не беа застанати на погрешни позиции и ако нивното однесување и држење, како спрема македонската емиграција, така и спрема бугарското и македонското население, не беше провокативно и непријателско, со цел да се оправдаат себе си и повторно со единствената желба да се наметнат, да го тормозат општественото мислење во Бугарија, да го доведат во заблуда огромниот дел од македонската емиграција, кој принудно и по силата на војната беше преселен во старите граници на Бугарија и на товар на бугарскиот народ и држава. Не само што не се признаваа грешките и пропустите од минатото, туку некои од водачите, искористувајќи го националистичкото расположение на голем дел од македонската емиграција и дел од бугарските граѓани, им дадоа предност на своите амбиции и каприци и паднаа во други, многу поголеми грешки, што го забавија ослободувањето на македонскиот народ, а внатре, во Македонија, придонесоа за уште поголемо измачување, давајќи им повод и основа на новите поробувачи за морално и физичко гонење и угнетување и евентуално негово уништување. А, пак, внатре во Бугарија, во Македонија под бугарска власт и во старите предели на Бугарија, се стигна, како што ќе видиме понатаму, и до заемни братоубиства и крвави баханалии...

Во тоа матно и немирно време, само тоа што луѓето во и околу ЦК го мислеа, проектираа и го правеа, требаше од сите да биде одобрувано и да се поддржува. Никаква друга иницијатива, дури и размислување не можеше да се пројави не само заради стравот од казнување согласно воените закони, што беа во сила, зашто беше воено време, туку и поради стравот од неодговорни лица и фактори, кои невознемирувани и дури штитени од самата официјална власт, се закануваа со убиство на секој, кој би се решил да настапи со некаква, каква било иницијатива, или дури и да изнесе какво било размислување во врска со македонското ослободително движење. Само тоа што луѓето од ЦК го мислеа и спроведуваа во пракса – само тоа беше дозволено и правилно. Сето останато беше третирано како предавство на општобугарските и на македонските татковински интереси. Врховизмот триумфираше. Тој сега веќе беше посилен од кога и да било во минатото. Само, како што кажав, лицата беа сменети – бившите „централисти" ја имаа преземено улогата на сегашни „врховисти". Тодор Александров и Александар Протогеров во улога на членови на ЦК на ВМРО – десница, во нејзино име, која наводно ги изразуваше чувствата и желбите на целата македонска емиграција, одамна беа во отворени, јавни врски, како со бугарската влада, така и во тајни со други неодговорни фактори, а, исто така, и со некои странци – официјални претставници на заинтересираните завојувани држави – Германија и Австро-Унгарија – од кои дури добиваа и парична поддршка за да дејствуваат така за да се вмеша во војната на страната на овие две држави, а со своите приврзаници, македонски дејци – војводи и др. да реализираат неколку акции во полза на силно заинтересираните две држави. По нивниот пример и некои други Македонци, побујни или авантуристички елементи, воспоставија врски со полковникот Ласка – австро-унгарскиот воен аташе, добиваа пари за да извршат некои саботажи и др. акции по Дунав, по кој пловеа руски шлепови со воени материјали за српската армија, која сè уште очајнички се спротивставуваше на австро-унгарските војски кај Смедерево и на други места. Дали овие акции по Дунав и по западната бугарско-српска граница се преземаа со намера да ѝ се нанесат материјални и човечки жртви на Србија, или, пак, со цел да се создаваат инциденти за побрзо влегување на Бугарија во војната, тоа никој со сигурност не можеше да каже. Меѓутоа, факт беше дека луѓето во и околу ЦК не се спротивставуваа на тоа, дури и кога иницијативата потекнуваше од други лица, пак Македонци, но без нивно знаење и дозвола. Беше јавно, дека и едните и другите се инспирираат, финансираат и дирижираат од лица и центри, на кои

и самата бугарска влада ниту сакаше, а, пак, ниту можеше да им се спротивстави.*

---

* Овде, макар и во фуснота, ќе спомнам и за други преземани мерки и авантури лично на Т. Александров и Ал. Протогеров, како членови на ЦК и македонски дејци – тие тогаш немаа никаква официјална служба – преку кои вршеа морален терор врз највидните бугарски политичари, општественици, па дури и државници, со цел да ги тормозат и да им се заканувaат за да се согласат и да ја одобрат надворешната политика на тогашната бугарска влада на чело со д-р В. Радославов. Така, паралелно со луѓето од партијата на д-р В. Радославов, тие започнаа една пропагандна агитација против д-р Н. Генадиев, кој во тоа време дал едно излагање – мемоар, во кој кажуваше дека во војната на страната на Тројниот сојуз ќе се замешаат и Северноамериканските држави и дека при таков соодност на силите Германија и Австро-Унгарија, веројатно, ќе ја изгубат војната – како што веќе ја изгубија уште со битките кај реката Марна – и дека Бугарија, ако не може да биде на страната на Тројниот сојуз, барем ќе треба да ја задржи својата неутралност итн. Тоа од владата и Дворецот беше дочекано како антидржавен акт и подоцна, по повод на аферата Деклозиер, д-р Н. Генадиев откако едноставно ѝ беше препуштен на уличната толпа за да биде хулен, навредуван и да му се заканувaат со убиство, беше обвинет во предавство, го дадоа на суд и го осудија на строг затвор... Исто така, Ал. Стамболиски како водач на БНЗ Сојуз во Парламентот и јавно се искажал против војната и вовлекувањето на Бугарија на страната на Централите сили. И тој со многу други лица, негови приврзеници, како и тие на д-р Н. Генадиев, исто така, беа дадени на суд, осудени и затворени во соф[искиот] централен затвор. Не беше доволно тоа, ами Т. Александров и Ал. Протогеров се обидуваа да ставаат дамка и на Ал. Малинов, шефот на Демократската партија, бидејќи тој не бил согласен со надворешната политика на владата, т.е. бил против приклучувањето на Бугарија кон Централните сили и против вовлекувањето во војната.

Уште пред влегувањето на Русија во војната, Т. Александров и Ал. Протогеров имале средби и со странските дипломати во Софија со цел и од нив да се информираат дали силите на Тројниот сојуз се согласни да ја дадат Македонија на Бугарија, или само шират гласови за да се заблудуваат бугарските политичари, општественици и дипломати. При една средба со тогашниот руски полномошен министер Савински, Т. Александров и Протогеров, како македонски општественици и дејци, а според тоа и како членови на ЦК, нешто што Савински не можел а да не го знае пред да ги прими, го прашале што ќе ѝ дадат Русија и Сојузот на Бугарија во случај таа да остане неутрална. Савински, кој како што е познато не и беше благонаклонет на Бугарија, а особено не на владата на д-р. В. Радославов, во улога на полномоштен министер на Руската Империја, со чудење им одговорил дека Русија не дава ништо од Македонија... Т. Александров и Ал.

Воените операции со голем интензитет продолжуваа во Западна и Источна Европа, на југ во Србија, на Кавказ и кај Дарданелите...

Русите беа поразени на Карпатите, а тоа им даде основа на некои професионални политичари, па дури и државници да заклучат дека Германија ќе ја добие војната. Акцијата за десант на Дарданелите не успеа. Тоа, пак, до некаде ги охрабри германофилите во Бугарија.* Но, на 8/21 септември 1915 г. во Солун започнаа да пристигнуваат француски и англиски војски...

Грција зафатена со внатрешни борби за и против војната – Венизелос се бореше со кралот Константин – сè уште беше „неутрална"... Напнатоста и возбудата во Бугарија беа вонредно големи. Секој се прашуваше кога Бугарија ќе влезе во војната, а, пак, д-р В. Радославов дури и по мобилизацијата изјави и тврдеше дека Бугарија ќе држи „вооружен неутралитет". А, уште „на 15/28 септември војната меѓу Бугарија и Србија веќе беше започната" (191).

Во почетокот на септември сите Македонци, кои не беа мобилизирани или тие што имаа пристигнато во Бугарија како заробеници ослободени од австроунгарските воени власти или како бегалци од Македонија – сите беа повикани во касарните на тринеделна обука... Потоа следуваше и општата мобилизација и уште во првите денови беше формирана посебната 11 пешадиска македонска дивизија, со началник ген. Златаров, родум од Охрид, раководител на Штабот на дивизијата беше полковникот П. Дрвингов од Кукуш, а Ал. Протогеров беше командир на 5-иот пешадиски македонски полк

---

Протогеров незадоволни, озлобени ја напуштија легацијата и започнаа да го хулат Ал. Малинов дека тој знае и е уверен дека Русија не е согласна Македонија да ѝ се даде на Бугарија и наспроти тоа зборува и тврди дека Тројниот сојуз ќе и ја дадел целата или дел од Македонија под српска власт на Бугарија. Значи, Ал. Малинов смислено го доведува во заблуда бугарското општествено мислење и според тоа е предавник...

Т. Александров и Ал. Малинов [треба А. Протогеров – н.з.], ниту за миг не помислиле дека пред нив, како македонски дејци, па дури и членови на ЦК на ВМРО, Савински како официјален претставник на една Голема империја не можел, уште повеќе кога ја знаел нивната улога во Бугарија, да им дава информации од официјален карактер. И Ал. Малинов за малку ќе беше прогласен за предавник на општобугарските интереси и ако не беше убиен, барем ќе ги најдеше голите и влажни ѕидови на затворот...

* Кнез Бјулов, во м[есец] мај 1915 г. кажал дека влегувањето на Русија во Цариград за Бугарија значи вазалност во прво време, а подоцна и целосно политичко проголтување и национално асимилирање, стр. 103, Гиргинов.

при истата дивизија. За формирањето и екипирањето на таа дивизија Т. Александров и полковникот Ал. Протогеров добиле 30 милиона зл[атни] марки... Со офицери и подофицери земени од другите воени единици, обуката веднаш започна и уште во првиот месец на војната полковите од 11 македонска дивизија тргнаа во поход, на фронтот, ниту доволно добро вооружени, ниту, пак, облечени. И така, во таква ситуација нè затече новата војна од која го очекувавме ослободувањето на Македонија.

Во рамките на 11. македонска пешадиска дивизија беа формирани пет полка, I-V, и на последниот командир беше Ал. Протогеров, тогаш сè уште полковник. Во овој V пешадиски македонски полк имаше специјален дел во кој се вбројуваа македонските четнички одреди т.е. мобилизирани Македонци во специјална четничка униформа, со качкети и пелерини, но дејствуваа како војводи и четници, кои подоцна беа испратени во сите краишта на Македонија за извршување на специјални задачи. Тие им се даваа од едно специјално биро во истата дивизија, но со главен центар во Софија, што истовремено беше раководено од Т. Александров и Ал. Протогеров од една просторија на ул. „Гурко“ 24 каде остана до крајот на војната и откако македонските полкови беа прекрстени во 52, 53, 54, 55 и 56 пеш[адиски] полкови при 11 мак[едонска] дивизија.*

Јас бев мобилизиран и ставен во I-от полк, 5 чета, 3 вод. Но, по неколку дена брзо бев повикан во штабот на дивизијата, каде началникот на штабот, полковникот П. Дрвингов, ми кажа дека ќе треба да заминам за Романија, во Букурешт, и да се обидам таму да најдам и да купам неколку телефонски апарати и слушалки. Но, бидејќи веќе бев во униформа и запишан за исхрана, за да можам да излезам надвор од границите на Царството, требаше да се исполнат некои формалности, за кои требаше неколку денови, а, пак, на П. Дрвингов му се брзаше. Ми дојде на ум и кажав дека имам еден „Feulle de route“**, со кој без секакви формалности и визи ќе можам слободно, без проблеми да влегувам и излегувам од Романија. Е, добро, ми одговори началникот на штабот, уште вечерва ќе отпатуваш за Русчук (Русе), таму ќе ја соблечеш воената униформа и облечен во цивилна облека ќе заминеш за Букурешт. Веднаш нареди да ми биде издадена патна исправа, ја потпиша и ми ја даде. Јас истата вечер тргнав со воз

* Дејствијата на овие полкови, подробно, живо, сликовито и со ужас се напишани во книгата: „11-та пеш[адиска] мак[едонска] дивизија“ од полк. П. Дрвингов, Софија 1923 г.

** Воена пропусница (фр.).

и веќе следната вечер бев во еден од букурешките хотели. Наредниот ден се јавив во легацијата каде што се јавив кај полномошниот министер Симеон Радев, му кажав за што сум дојден овој пат во Букурешт и го побарав воениот аташе, потполковник Ал. Самарџиев со кого исто лично се познавав уште како соученици во Солунската машка гимназија. Истовремено со моето доаѓање во Букурешт и Ал. Самарџиев добил телеграма од Софија во која му соопштувале ако има потреба да ме снабди со пари. Меѓутоа, јас имав една сума во Генералната банка во Софија и уште при тргнувањето кажав да ја преведат на мое име преку некоја банка во Букурешт, што беше направено. До мобилизацијата јас бев приватен дописник на весникот „Journal des Balkans“, што излегуваше на француски во Букурешт, каде порано бев неколку пати и лично се познавав со главниот директор. Искористувајќи ја љубезноста на директорот, го замолив да ми даде картичка со која ќе можам да купам некои производи, кои во Бугарија, не дека ги нема, му реков, но таму се многу поскапи, без да му кажувам какви точно стоки се во прашање. Директорот остана со впечаток дека е збор за свилени ткаенини, долна облека и др. манифактурни производи. Јас уште во првите 1-2 дена обиколив неколку продавници во кои се продаваа електрични материјали, светилки, штекери и др. Дознав кои се дистрибутерите на фирмата – Сименес Шукерс и ги посетив, претставувајќи се како трговец и разбрав дека располагаат со телефонски апарати, жици и други работи. Првиот пат купив само два телефонски апарати, а следниот ден побарав повеќе кабел, слушалки, штекери и др. Фирмата малку се зачуди, но јас ја покажав дописничката легитимација, како и картичката од директорот на весникот и отворено им реков дека како дописник одвај преживувам и преку слични материјали, што во Бугарија се двапати поскапи, ќе успеам да спечалам некоја пара. Тие се поднасмевнаа и ми кажаа дека ќе можат да ми дадат такви материјали колку што во моментот имаат на располагање. Користејќи го тоа, материјалите ги купував на делови, добро ги спакував во сандаци и така ги предавав во легацијата, и од таму по курир се праќаа кај штабниот командант во Русе, за препраќање во штабот на 11 пешадиска македонска дивизија. Така, за време на 10-12 дена купив доволно материјали, особено кабел, бакарна жица и сè редовно предавав во легацијата. За последната набавка ми недостигаа 3.000 леи и за да не губам време се обратив до военото аташе и побарав да ми даде пари. Тој уште во првиот момент се поколеба и ми кажа дека јас и тој, во случајов се наоѓаме во улога на некаква комисија. Помислив дека можеби сака да направи контрола и да провери по кои цени ги земам материјалите и дали се истите, какви

што се запишани во сметкопотврдите, што ми ги даваа при плаќањето и подигањето на стоката. Му кажав дека ако сака и тој може да дојде со мене, па дури и сам да ја плати сметката со која се надополнуваше целата сума запишана во сметкопотврдата. Изрази желба да дојде со мене, излеговме од неговиот дом, се упативме кон продавницата и како што одевме, токму пред зградата на Банк Марморош, ми кажа дека не доаѓа со мене, ми ги понуди парите и започна да ги брои на самиот тротоар. Му реков брзо да ми ги даде и ако се неколку леи повеќе или помалку да има доверба во мене, меѓутоа тој инсистираше да ми ги даде преброени, како што и направи. Јас ги зедов парите, се разделивме и се упатив кон продавницата за да ја платам сумата и да ги земам последните материјали. Додека да завршам со сè, стана доцна, после 6 часот вечерта, и јас наместо во легацијата со една кола се прибрав во хотелот, со намера, утредента претпладне, како помалку сомнително, да ги внесам во просторијата на легацијата. Вечерта, кон 11 часот во ноќта, кога веќе си имав легнато, на вратата започна тропање, станав, ја облеков горната облека и ја отворив вратата. Во собата влегоа двајца полицајци и едно цивилно лице – заменик-директорот на полицијата, Костинеску. Уште при влегувањето тој ми ги побара личните документи. Јас веднаш му го покажав мојот Seulle de route. Потоа ме запраша какви се тие материјали, што беа ставени во еден агол на подот во собата. Одговорив, дека е тоа стока за продавање.

Како стока за продавање – одговори заменик-директорот, кога Вие сте чиновник во легацијата и не можете да се занимавате со трговија.

Да – одговорив, го знам тоа, но ете 20 дена откако сум тука, а поштата сè уште не ми ја даваат и јас сум принуден да чекам, да трошам пари, а пак добивам сè на сè 180 фунти на месец. Решив да ја купам оваа стока и да ја препродадам во Бугарија од што ќе спечалам некоја пара, како компензација на трошоците што ги правам овде.

Но, како, кажа заменикот на директорот, стока купена од овде, ќе ја носите во Бугарија и пак ќе спечалите? Да, му одговорив, бидејќи таквите материјали се двапати поскапи во Бугарија и јас сум сигурен дека ќе спечалам. Тој замолча, нареди да се дигнат материјалите и ми кажа, утре, претпладне да се јавам кај него во Дирекцијата на полицијата.

Јас останав збунет. Си легнав пак и започнав да размислувам како дојде до тоа, токму оваа вечер. По кратко размислување си објаснив сè. Кога сме се шетале со воениот аташе по улицата или кога тој ми ги предавал парите, некој таен агент – детектив видел, ме проследил

и забележал дека стоката сум ја однел во хотелот, се јавил во полицијата и затоа самиот заменик на директорот дојде да види кој сум и што сум. Утрото, пред да отидам во Дирекцијата на полицијата, заминав кај полномошниот министер С. Радев и му раскажав за настанот. Тој се изнервира и веднаш ми рече: Нели ви имав кажано да не се среќавате со воениот аташе на јавно место, освен само овде во легацијата. Дали постои земја – продолжи С. Радев – освен, можеби Бугарија, каде не се надбљудува секое воено аташе? Ја напуштив легацијата и тргнав кон Дирекцијата на полицијата. Кога отидов кај заменикот на директорот, се сеќавам, во една долга, широка соба, во чиј долен крај седеше тој, пред долга маса, застанав со почит доста подалеку. Заменикот на директорот гневен започна да ми вика, дека тој нема да дозволи такви беззаконија, да се извезуваат материјали, чиј извоз е забранет. Но, тоа јас не го знам – г. Директоре. Ќе дознаеш, кога ќе те затворам, кога ќе те пратам таму долу во ќелиите на затворот, тогаш ќе дознаеш, ќе научиш и ќе размислиш кога ќе ги видиш само условите – рече тој. Јас цело време само го слушав, за ништо не му приговорив, ниту, пак, се обидував да се правдам. Но, размислувајќи си велев, само со тоа не можеш да ме исплашиш, зашто јас имам видено многу полоши затворски услови, по турските зандани во Цариград, и во Солун, Скопје, Смирна, па дури и во Триполи и Сахара – Мурзук.* Но, надворешно признавав, дека сум направил грешка, бидејќи ме натерала нуждата. На крај, заменикот на директорот ми кажа, веднаш да го напуштам Букурешт и да си заминам за Бугарија. Јас му реков дека не можам да го направам тоа без знаење и дозвола на министерот С. Радев. Ми кажа дека ќе му се јави, бидејќи тој, како мој шеф ќе ме избрка од работа и ќе бидам испратен во некоја воена единица. И уште пред мене му се јави на телефон на С. Радев. Потоа ми кажа да си одам. Ја напуштив просторијата и отидов во хотелот. Уште истиот ден попладне ме викнаа во легацијата, каде ми кажаа да го напуштам Букурешт, што го направив со задоволство, уште следниот ден наутро. Подоцна дознав дека заменикот на директорот му раскажал сè на С. Радев, но тој му возвратил дека ќе бидам избркан од работа, бидејќи сум се бавел со трговија. Такви ги има многумина – велел С. Радев, наместо да си го чуваат работното место, се бават со други работи, со трговија, шверц и др. Меѓутоа тој, С. Радев се надева на тактичноста, снаодливоста и способноста на г. Директор, и ќе му се

* Кога директорот ме гледаше со очила, добро облечен, со ракавици, можеби си мислеше дека сум некој офицер и со тие зборови сакаше да ме уплаши, со сликата на затворот, самиците...

извини за оваа нерегуларност, давајќи му збор дека уште следниот ден ќе ме прател за Бугарија. И се заврши со овие дипломатски љубезности, без понатамошна истрага, но што ли можеше да направи ревносниот директор освен да ме избрка од Романија, а јас и да не сакав морав да се вратам една минута порано и пак да се појавам во мојата единица!

Кога пристигнав во Софија, првиот македонски пешадиски полк веќе имаше тргнато во поход и како што ми кажаа уште бил во с. Ботановци, Радомирско. Јас го стигнав полкот во моментот кога се упатуваше кон српската граница, во правец кон Врање. Меѓутоа, во текот на ноќта била добиена некаква наредба и наместо кон Врање, полкот пеш се упати кон Ќустендилско – Кадин мост. По еден краток престој, повторно пеш, полкот тргна кон границата и преку село Еремија, низ Царево Село[21] спрема Кочани – Штип. Таму останавме неколку дена и веднаш, уште доволно не беа екипирани сите дружини, на пример, една немаше дури торба за куршуми – заминавме кон Криволак. Уште при првата средба кај село Пепелиште влеговме во судир со француската војска, што сè уште ја држеше железничката станица во која пристигнуваше веќе вози пак плашливо се одалечуваше. И додека ние бевме на десната страна на Вардар, речиси на самиот брег, од левата – се појави бригадата на полковник Писинов и со топови и гранати ја протераа француската војска. Пепелиште целото изгоре. Французите држеа еден рид, Зелената могила, надвиснат како над нашите ровови, така и над самата река Вардар. Таму првпат видов битка со пушки, бомби, шрапнели од топовски гранати, убиени и ранети млади војници, кои во платништа и шинели сè уште ги носеа до најблиските болнички места, едни во несвест, други офкаа и стенкаа[*]. Војната се водеше насекаде и ги земаше првите жртви.

Бидејќи немав служено војска и сè уште бев необучен војник, јас бев вклучен во неборбената чета и за време на целата војна останав таков. Според тоа, ми се даваше различна работа, но главно му стоев на располагање на интендантот[**] и на Штабот на полкот и често ме праќаа со порачки за какви било набавки, купување и сл.

По битката кај Криволак, полкот замина за Валандово и стигна до самата грчка граница. По нашиот престој во селата околу Валандово,

---

[21] Денешно Делчево.

[*] Таму првпат видов и авион, кој леташе над нас на висина од 300-400 метри и не фрли ниту бомба ниту дури еден куршум, изгледа само извидуваше, а ние се движевме низ една клисура и го набљудувавме...

[**] Тогаш во овие полкови имаше интенданти, мајори.

полкот замина назад за Струмичко и повеќе од една година остана во подножјето и по врвовите на Беласица. Од таму, Првиот македонски пешадиски полк, кој веќе беше преименуван во 52 пешадиски полк, замина за Демирхисарско – Ветрен, каде престојуваше и влезе во борба со англиска војска кај реката Струма, спроти Баракли Џумаја. Но, во летото на 1917 година една група војници бевме прекомандувани и префрлени во Планинската чета во Ниш против српските чети на К. Пеќанец, К. Војновиќ, Мито Димитриевиќ, проф. Радовиќ и други, што се имаа појавено и беснееја во речиси сите планински села долж реката Морава, па дури едно време сериозно се закануваа да ја прекинат пругата Ниш – Скопје, единствената пруга за снабдување со храна, муниција и друго на бугарските и германските војски кои се бореа на Кајмакчалан, Јаребица, кривината на Црна, Битола и на други места. Јас бев вклучен во Планинската чета, но бев ставен на располагање на обласниот штаб и привремено ја извршував должноста на разузнавачки инспектор во Поморавјето, со дозвола, односно специјална јавна исправа да патувам слободно во цивилна облека, каде ќе сакам низ областа. Во Моравската област, чиј началник беше ген. Тасев, а шеф на Штабот полк. П. Дрвингов, имаше служба за разузнавање, раководена од двајца офицери, капетани, бивши судии, Здр. Георгиев и Г. Георгиев-Зафкаров, од кои исто добивав наредби за дополнување или завршување на некои преписки околу актуелни правни прашања: анкети, сознанија, информации и др.

Како војник и како милитизиран чиновник, додека траеше војната имав можност да набљудувам многу работи и луѓе, офицери, војници и цивилно население. За време на моите обиколки низ Моравската област исто имав можност да ги посетам скоро сите градови, паланки и поголеми села. Останав со впечатоци, спомени, но сите тие остануваат само во сеќавање, дури без желба да спомнувам некои од нив, не само затоа што се, можеби, неинтересни, туку поскоро, зашто се толку тажни, толку мачни, што и ден- денес ми тежи споменот за нив. Ми тежат на душата и со болка во срцето понекогаш се сеќавам на нив, меѓутоа сите тие ми носеле само жал и сожалување. Жал и тага за изгубени години и пропуштени моменти, скрб и сожалување за многу настани и случаи во кои се посрамотуваше не само бугарската управа во Македонија и Поморавјето, туку се оцрнуваше и посрамуваше и бугарското име. Ете зошто ги одминувам. Зашто, и овие спомени, макар за обични случаи и настани, но поврзани воопшто со бугарската воена и граѓанска управа и со честа и името на Бугарија како држава на Бугарите како нација, треба да се препуштат на заборавот, да се избришат и од моите мисли било како спомени, впечатоци или

сеќавања, чисто за мое смирување. Од минатото можеме да се поучуваме и нема за што да жалиме...

Од септември 1915 до септември 1918 година – три години долга, тешка и несреќна војна, што со своите последици долго време и по завршувањето предизвика и создаде големи морални и физички измачувања за сите.

Бугарија и во Балканската војна претрпе една катастрофа, но маките, страдањата, несреќите, општонационалната катастрофа што ја доживеа бугарскиот народ беше неспоредливо поголема и позолна. Во време на Балканската војна барем во некои моменти почувствувавме, искусивме една национална гордост, додека во општоевропската војна, а особено по неа – само жалости, неволји, страдања, маки и понижувања... Македонија беше пак под ропство, Јужна Добруџа окупирана, Западна Тракија освоена од Грци, а западните покраини Босилеград, Цариброд, па и Струмица беа заземени од Југославија[22], со цел да ги гарантирале од југ (Струмица) и од запад (Цариброд) нејзините загрозени граници.[*]

Имало бугарски влади, кои гледале да го искористат македонското прашање за својата внатрешна и надворешна политика. Имало други влади, кои мислеле за присоединувањето на Македонија кон Бугарија, други размислувале за нејзината поделба. Вистината е дека реалните стремежи на Бугарија секогаш биле насочени кон Егејско Море. Бугарија сака да има излез на тоа море поради своите животни интереси. На неколку пати Македонија била третирана како компензација за овие стремежи. Во овие случаи постигнувањето на македонската независност како неопходно било спречувано од бугарската држава (65).

Во Балканската војна Бугарија беше суштинската победничка. Силата, ентузијазмот на бугарските војски кај Петра, Љуле Бургас, Одрин, како и кај Чаталџа, Лозенград и кај Кукуш, како што тогаш ги исполнуваа со национална гордост сите Бугари, така и во иднина ќе ги исполнуваат со восхит срцата на идните генерации. Но, велат, тоа што храбрата бугарска армија го стекна, несреќната бугарска дипломатија го изгуби. Па, дури и во тоа да има извесна доза на вистина, сепак не е целосно точно. Имаше други објективни причини, што ја спречија Бугарија да го оствари својот национален идеал – обединувањето на целата бугарска нација... А Македонија не само што не ја доби

[22] Се мисли на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците.

[*] Валандовската афера беше искористена како повод за заземање и на Струмичко...

својата слобода и независност, туку, напротив, беше поделена на три дела и падна во уште потешко политичко, национално, па и социјално ропство. Причините се други, тие се подлабоки и ќе треба пообјективно да се оценуваат и толкуваат.

Бугарија никогаш не ја криела својата мечта да ја вклучи Македонија во границите на една единствена национална држава. Присоединувањето на Македонија кон Бугарија во времето на Балканската војна ја решаваше судбината и на Источна и на Западна Тракија. Законска наследничка на Тракија е Бугарија, бидејќи оваа област е населена со голем број Бугари, на север и на запад граничи со бугарска земја и се заплиснува од Егејското, Мраморното и Црното Море. Со тие присоединувања, надмоќта на Бугарија на Балканот е очигледен факт. Така, проширена со Македонија и Тракија, Бугарија би се потпирала врз балканскиот Дунав и Родопите. Со клучевите на Цариград и протоците, за Бугарија би се отвориле во Мала Азија патиштата за освојување на пазарите во целиот источен свет. Овие перспективи за бугарска хегемонија можеше ли да бидат истрпени од спротивните интереси на Грција, Србија и Романија? Можеа ли да наидат на поддршка кај Англичаните, Италијаните, Французите и Германците?

Стравот од една зголемена и силна Бугарија и интересите на големите империјалистички европски држави на исток, спречија да се дојде до разрешување на македонското прашање. При вакви, толку спротивни интереси на многу држави, не остануваше друго освен Македонците да ја покренат пак девизата... „Македонија на Македонците“, „Слободна и независна Македонија од владеењето на која и да било соседна држава“.*

И во време на општоевропската војна, бугарската армија го исполни својот висок татковински долг. Битките кај Висока Чука, Ниш, Битола, Кајмакчалан, кривината на Црна, на ридовите над Дојран и други, ќе останат запаметени во воената историја на Балканот. Храброста, пожртвуваноста и издржливоста на бугарскиот војник беа на најочигледен начин докажани за време на целата војна, но за тоа што е невозможно, никој не е виновен. Напорот, притисокот, огнената бура од железо, куршуми и гранати кај Добро Поле и на лево и на десно од него, беа толку силни и уништувачки, што разретчената, без резерви, гола, боса, гладна бугарска војска со ништо не можеше да се спротивстави на војските на Антантата. Пробивањето и продорот на војските на Антантата кај Добро Поле беше логична последица на сè

---

* Македонското прашање гледано од Рим, стр. 42.

што дотогаш беше направено со една надуеност и една лекомисленост од официјалните бугарски политичари, државници, дипломати и многу други граѓански и воени, одговорни и неодговорни лица и фактори во државата. Како тоа да не беше доволно, па тие, имено, вистински виновници за општонационалната катастрофа, по завршувањето на војната, со нивната злоба, омраза и одмаздливост не запираа повторно да го клеветат несреќниот бугарски војник дека се покажал психолошки слаб, дека кај Добро Поле дури имало предавници, кои во замена на златото, што им било најдено во џебовите, ги предале позициите на фронтот итн. Измислици со кои сакаа да се ослободат од вината и да се оправдаат за сите несреќи и зла, што ѝ се случија на целата бугарска нација во и надвор од границите на бугарската држава, кои како низ вековите, така и во последните години се менуваа така како што често се менуваат границите на некоја околија или општина. На Бугарија ѝбеше направена неправда, таа беше поткастрена, смалена, понижена и навредена, но тоа што остана постојано што остана вечно, тоа беше – бугарската нација, со сите нејзини национални и расни квалитети и добродетели. Видниот и бележит англиски државник Лојд Џорџ секогаш приватно и официјално велел дека „мировните договори во 1919 година беа создадени во една атмосфера во која преовладуваше непријателското и одмаздољубиво расположение од војната“. А, Бугарија настрада.

Бугарскиот народ беше несреќен да има на врвот на државното раководство управници, кои од првиот до последниот момент на своето владеење безмилосно и брутално спроведуваа една политика, што секогаш почнуваше и завршуваше со резултати спротивни на бугарските национални интереси.* Бугарија не само што не ја присоедини Македонија или најмалку не придонесе за нејзиното макар идно ослободување, туку изгуби и дел од својата стара територија: Јужна Добруџа, западните покраини со Струмица на југ, па и Западна Тракија, која наспроти секоја човечка праведност ѝсе подаруваше на Грција, како компензација за нејзиниот несреќен и безумен поход во Мала Азија... Бугарија, доцна по склучувањето на мирот и крајот на војната, беше викната во Сен Жермен, едно од предградијата на Париз, каде се одржуваа седниците на општата конференција за мир, за да биде казнета за нејзиното учество во војната, што, пак, беше причина таа да продолжи уште повеќе од една година (стр. 349, види и натаму....).

---

* Бугарија во големата војна, стр. 294, д-р Ал. Гиргинов.

Но, овде ќе се вратиме малку назад за да констатираме една груба грешка, не толку на бугарските државници, политичари и општественици, особено од тогашната партија на власт, колку на македонските дејци, општественици и особено на луѓето, кои беа членови на ЦК и нивните блиски приврзаници и истомисленици исклучиво од десницата на ВМРО, кои владееја со ситуацијата во текот на целата војна, дури беа и некаков фактор во управувањето и, според тоа, носеа една поголема или помала одговорност пред историјата, пред Македонија, а во најмала рака и пред нивната совест.

По паѓањето на Македонија под српска власт и на делот од неа под грчка власт, со содејство на Тодор Александров и Александар Протогеров, во многу околии и во неколку окрузи беа назначени за окружни и околиски управници Македонци, сите соработници и истомисленици на спомнатите двајца од ЦК.[23] Војната се одолжуваше, а македонските дејци од десницата, повеќето од нив назначени на разни служби, самозадоволно го очекуваа крајот на војната за да го видат конечно исполнет, остварен идеалот – слободна Македонија! Во текот на целата војна, целосно во контакт со останатото месно население, кое не беше мобилизирано во српската, бугарската или грчката армија, тие останаа неми гледачи, како со врзани раце и нозе, со закочен, парализиран мозок и наместо да се нафатат со една дејност соодветна на времето и околностите, си организираа свечености, пирови и банкети, и одвреме – навреме громогласно се поздравуваа со фразата „дерзај"* итн. Тие не презедоа ништо, апсолутно ништо за да го подготват македонскиот народ, евентуално да побара патишта за оформувањето на Македонија во една одделна, автономна област, бидејќи самите тогашни македонски дејци од десницата, самата автономија ја третираа како анахронизам... Дури и ако некаде се појавеше слично размислување, тоа со сите дозволени и недозволени средства се задушуваше. Се разбира, централната влада и Генералштабот, цврсто стоеја на ставот Македонија да остане присоединета кон царството Бугарија и на тој начин сметаа и беа убедени дека ќе се постигне бугарскиот национален идеал. Македонските дејци и општественици, македонските пониски управници на чело со менторите во тогашната воена и граѓанска управа, наместо да ја развиваат и пропагираат, па дури и според локалните можности да

[23] За околиски и окружни управници беа назначувани и дејци од левицата на ВМОРО, како што беа: Ѓорче Петров, Димо Хаџи Димов, Петар Чаулев, Павел Христов, Арсениј Јовков, Димитар Влахов и др.

* Држ се (рус.).

ја спроведуваат на дело идеологијата на Организацијата од чие име дејствуваа и се замешаа во толку афери, па и во власта, наместо да одредат еден соодветен на времето и околностите правец и цел на борбата, тие, луѓето од ЦК и тие околу нив, не сакаа да развијат дури ни некаква слична дејност, зашто целосно се наоѓаа под влијанието и диктатот на бугарската влада и на Дворецот. Ни повеќе, ни помалку, тие беа слепи спроведувачи на волјата и желбите на д-р В. Радославов и на Дворецот. По војната, Македонија пак беше поделена на три дела: 1/2 се даде на Југославија[24], 1/10 на Бугарија, а остатокот на Грција. Повторно низ Македонија беа исцртани произволни и неприродни граници, кои го спречуваа нејзиниот економски и културен развој. А кој придонесе повеќе за тоа, дали новите освојувачи или ние, самите Македонци, кои цело време останавме со скрстени раце и како со парализиран мозок – останува да оцени идниот непристрасен историчар...

(Да се даде општа слика на положбата по војната со наведување на цитат од весникот „Зарја“ бр…).

На Париската мировна конференција американските, италијанските, па дури и јапонскиот, претставници се изјасниле за автономија на Македонија. Меѓутоа Ж. Клемансо, францускиот премиер, енергично се спротивставил на овие ставови. Тогаш, претставникот на Англија подготви предлог за една културна автономија на Македонците. Предлогот беше одобрен и санкциониран во Сен Жермен и во договорот од Севр, кои го предвидуваа тоа за националните малцинства во Југославија и Грција. Сите Македонци ги дочекаа со очај и револт овие одлуки, уште претходно знаејќи дека ниту Југославија ниту Грција нема да ги исполнат прифатените обврски.

(Да се наведе цитатот – извадок од „Мак[едонски] преглед“ год... превод од С. Ефтимов за дискусиите на конференцијата за авт[ономија] на Макед[онија]).

Уште првите месеци по завршувањето на војната и запирањето на воените дејствија, македонската емиграција, макар разочарана и жестоко измамена во своите надежи и очекувања, не падна во очај, туку напротив, најде сили во себе и се созеде. И по последниот, горчлив обид да се реши македонското прашање по пат на војна, сите разбраа дека тоа не е патот за ослободувањето на единствена и неразделна Македонија, туку дека ќе треба да се бара друг пат и други средства и методи за борба од оние, што години со ред се применуваа. Но, пред сè, се наметнуваше да се најдат начини и средства, Македонците

[24] Се мисли на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците.

да можат да се искажат и колективно да ја изразат својата желба и само потоа да се тргне по еден претходно и строго определен план за легална и нелегална дејност. Многумина инстинктивно сметаа дека секоја активност за вистинското и правилно ослободување на Македонија ќе треба да се прифати внатре, во самата Македонија, и таму, во согласност со локалните услови и околности да се започне со една нова дејност за идното ослободување на Македонија. Навистина, многу Македонци, уште по окупацијата на Македонија под српска власт, на еден или на друг начин, со интервенции и молби успеаја да се вратат по своите родни места, но тие повеќето беа луѓе, кои го следеа само својот личен или семеен интерес – да најдат засолниште и исхрана. Од нив не можеше да потекне каква и да било заедничка иницијатива. Огромниот дел од поразбудените, посвесните македонски дејци – бивши селски и градски раководители – остана на територијата на Бугарија, да „скитаат ниту мили, ниту драги", зашто новиот освојувач будно следеше и дозволуваше да се вратат на нивните родни огништа само оние кои ќе се занимаваат само со своите приватни работи – да се приберат кај своите деца или родители, кај своите семејства и да се занимаваат само со своите занаети, професија или со своите имоти. Обидите на многумина да се вратат во Македонија останаа без резултат – српските освојувачи, империјалисти во својот стремеж побрзо да го асимилираат, да го денационализираат македонското население, во тој однос беа извонредно внимателни, ревносни, строги и непопустливи. Во прво време, макар привидно, на многумина крајни националности, шовинисти тоа им изгледаше како соодветна мерка, но посериозно и строго погледнато, таа беше на штета на самите поробувачи, зошто многумина од оние што сакаа и имаа можност да се вратат назад во Македонија, преку сите можности на државниот апарат ќе можеа барем да бидат неутрализирани, а некои дури и искористени од државните и други органи, или институции во државата. Но, шовинизмот како секогаш и насекаде, така и во овој случај беше слеп, без логика и разум.

Границите на Македонија беа херметички затворени и новите освојувачи со сите средства го започнаа своето пеколно дело, при што си замислуваа, дека во тек на една-две децении, тие ќе можат успешно да ја постигнат својата цел – денационализирање и асимилација на македонското население, откако ќе го натераат со сила и принуда да се почувствува српско, бидејќи, според српските шовинисти – така мислеа и говореа и Никола Пашиќ и Ел. Венизелос – тоа е една аморфна, словенска маса, без оформена национална свест и за кратко време ќе може да се посрби или погрчи, или во најмала рака

да не може да се чувствува така приврзано со чувствата и мислите кон бугарската кауза и Бугарија. Но, секое дејствие си има свое контрадејствие. Колку беше посилна желбата да се уништи секоја бугарска или македонска национална свест, толку и стремежот на населението да ги зачува своите традиции, обичаи, нарав, својот јазик и култура, својот национален карактер беше поголем. Оваа елементарна вистина српските и грчки освојувачи, шовинисти, крајни националисти, не можеа да ја сфатат и разберат, и наспроти уроците и примерите уште од најстарата историја*, зашто сѐ уште го плаќаа својот данок на прегазените од времето предрасуди, на старите излитени принципиелни становишта, што не им дозволуваа да погледнат подалеку, појасно во иднината...

По примирјето во Солун, во тек на повеќе од една година, Бугарија беше окупирана од војските на Антантата. Српски и грчки војски, во согласност со солунското примирје, не влегоа во старите територии на Бугарија. Во тоа време Бугарија беше откината од надворешниот свет и не се дозволуваше ниту еден бугарски државјанин да замине во странство. Правата и слободите на бугарските граѓани беа во извесна мера ограничени, правото на собирање, здружување, слободата на говорот и на печатот исто беа ограничени. Но, наспроти сите овие ограничувања, македонската емиграција во своето мнозинство повеќе од кога и да било беше будна, и пред општонационалната катастрофа, пред новонастанатата општоевропска и балканска ситуација, полна со неизвесност за иднината, тоа општо земено уште повеќе се зближи и обедини, при што многумина ги пренебрегнуваа минатите, стари, лични и групни разлики и борби. Голем дел од македонската емиграција, која се наоѓаше по разни краишта на Бугарија и надвор од неа, во западна Европа и Америка, групно започна поживо да се интересира и да бара нови начини и средства за пропаганда, агитација и борба за ослободување. Уште првите денови по окупацијата на Бугарија од војските на Антантата, најпрво од сите македонски друштва и братства се создаде, формира таканареченото Задгранично претставништво на бившите македонски дејци од Западна Македонија. Во него, како претставници и изразувачи на македонските стремежи, влегуваа лицата: Ѓ. Петров, Димо Х. Димов, Таската[25], Р. Ризов (да се набројат).

* Да се приведе цитат од истор[ијата] на Тит Ливиј оставен во ракописот Балканскиот проблем и Македонија од П. Шатев.

[25] Се однесува на Атанас Спасов-Серски.

По неколку собири и советувања тие јавно излегоа со декларација во која во општи црти се посочуваа како целта, така и средствата и методите за една идна, општа, повторно революционерна борба на Македонците (Да се цитира самата Декларација со имињата)[26].

Една друга, посебна македонска групација беше созададена во тоа време од Македонци, кои се наоѓаа во Швајцарија, повеќето од нив студенти. И тие излегоа со свои излагања, апели и барања, претежно наменети за предмировната конференција, што се одржуваше во Париз. Тие мислеа дека како луѓе што живеат во Швајцарија ќе можат релативно послободно да ја изнесат желбата и волјата на угнетеното македонското население и дека ќе придонесат конференцијата да го прифати принципот за автономијата на Македонија, за што, пак, постоеја сите предуслови поради иницијативата на американските и италијанските претставници. Дури уште тогаш американскиот делегат на Конференцијата, полковникот Хаус, со телеграма му имаше одговорено на претседателот на тоа ad hoc друштво. Во Женева започна на француски да излегува едно неделно списание „L'ndependance macedoniene", во еден број на кое беше објавен дури еден проект за идниот устав на идната македонска федеративна република! Со цел да се пропагира и агитира во корист на автономијата и Задграничното претставништво успеа да го испрати и натовари свештеникот, унијат ...[27] кој имаше можност да излезе од границите на Бугарија и преку своите врски во Рим, Париз и на други места да им сугерира на некои официјални средини, но и да се сретне со некои публицисти, новинари и општественици во Западна Европа и да истакне дека единственото можно и правилно разрешување на македонскиот проблем е таа да биде подигната на ниво на одделна автономна политичка единица под протекторат на Друштвото на народите или на некоја од големите држави победнички.

Со возобновувањето на политичкиот живот во земјата, сите политички партии ја отпочнаа својата дејност, групирајќи и јакнејќи ја својата кадровска база. Народњаци, демократи, либерали, радикали, земјоделци, социјалисти – тесни и широки, т.е. реформатори и револуционери, сите ја започнаа својата агитација и пропаганда. БНЗ Сојуз[28] по војната излезе со зголемен авторитет не само како

[26] По сè изгледа се мисли на Мемоарот „До членовите на бугарската влада и до централните бироа на политичките партии во Бугарија" од 30 мај 1919 година.

[27] Испуштено во текстот, а се однесува на Пол Христов.

[28] Се однесува на Бугарскиот земјоделски народен сојуз (БЗНС).

помногубројна, масовна политичка партија, туку и за прв пат ја освои власта, а околноста дека Ал. Стамболиски, изваден од централниот затвор и министер за општествените згради во кабинетот на Т. Тодоров[29], уште повеќе го подигна авторитетот на оваа политичка партија, како во општествениот и политичкиот живот во државата, така и меѓу земјоделското население насекаде низ земјава. Партијата на тесните социјалисти – комунисти, и таа доста многу зајакната по општонародната катастрофа и војната, против која отворено имаа истапено нејзините повидни водачи и веќе беше примена како членка во создадената и постоечка III Интернационала во Москва, паралелно на Земјоделската партија ги мобилизираше своите членови и кадри. Останатите владејачки политички партии, исто така, сè повеќе и повеќе ги собираа членовите и ги заздравуваа организациите и се подготвуваа да земат учество на идните избори и пак да имаат улога во општествениот и политичкиот живот на земјата. Јужна Добруџа веќе беше отстапена, но Западна Тракија и Западните покраини сè уште се наоѓаа под бугарска власт, под бугарска управа. Веднаш по завршувањето на војната во БКП[30] се формира Општ сојуз на емигрантите од Добруџа, Македонија, Тракија и Западните покраини. Меѓу овој дел од емиграцијата се агитираа и пропагираа идејните принципиелни ставови по националното прашање и националната идеја, и самоопределувањето на народите, така како што тие се сфаќаа и разбираа од идеолозите на III Интернационала – комунистите. Орган на овој Сојуз на емигрантските организации при БКП во прво време беше еден билтен во кој се разјаснуваа поактуелните прашања, што ги преокупираа умовите на емигрантите, и се разобличуваа и демаскираа редица спорни прашања од минатото и сегашноста, кои ги засегаа македонското, добруџанското и тракиското ослободително движење... Подоцна беше создаден и специјален весник „Ослободување" со редактор Димо Хаџи Димов, а под контрола на ЦК на БКП.

Но, истовремено со овие новоформирани македонски групации и организации, започнаа да заживуваат и бившите македонски братства. Големиот прилив на нови, во почетокот, уште конечно незаседнати емигранти – бегалци од Македонија, наметнуваше потреба братствата да ги затегнат своите редови, да заживеат, за да можат во рамките на своите можности да им помогнат на своите сонародници или согра-

[29] Александар Стамболиски бил министер за општествени згради, патишта и урбанизам во владата на Теодор Тодоров од 28 ноември 1918 до 6 октомври 1919 година.

[30] Се однесува на Бугарската комунистичка партија.

ѓани, кои ја имаа преплавено земјата и едноставно беа оставени на милоста и немилоста на судбината.[*] Да им биде дадена макар и мала парична помош, да им се помогне при барање и наоѓање на работа, стан и засолниште, а на некои да им се помага и со облека и ќебиња, тоа беа првите грижи на соодветните раководители на братствата и на нивните помошници.

Уште на самиот почеток кај некои македонски дејци се појави размислување да се преземе иницијатива за темелно реорганизирање на организацијата на братствата што постоеше во минатото, но поради настанатите околности, главно војната, ја имаше прекинато својата дејност. Меѓутоа, исклучителните времиња што се преживуваа, па и постоечката рутина, како и конзерватизмот во умовите на мнозина од членовите на братствата, претставуваа сериозна пречка. Идејата за ново прегрупирање на македонските братства во соодветни друштва, според локалните услови и потреби на емигрантите, не успеа да се оствари главно од објективни причини и пак беше прифатен системот на старата Организација на братствата како единствена, која би можела јавно да се пројави како верна, витална, легална, законски постоечка организација со свои братства и друштва, чиишто статути одамна беа одобрени од соодветната администрација и од самата централна власт. Некои македонски дејци уште на самиот почеток гледаа и предвидуваа дека со прифаќањето на идејата за возобновување на старите братства повторно ќе се даде можност да се играат старите игри и да се организираат панаѓурски, бирократски собранија, собири и конгреси, на кои тешко ќе може да се реализира какво и да е попрогресивно размислување, но поради големите потешкотии да се започне со реорганизацијата на организацијата на братствата, заеднички, пак по традиција, се прифати старата организација како единствена која би можела да ги изразува болките, страдањата, неволјите, размислувањата и идеите, што ја преокупираа целата македонска организација[31] во Бугарија. Уште во првите месеци по војната, т.е. уште во почетокот на 1919 година беше организиран првиот собир на македонските братства во Софија и секој следен месец македонските братства беа свикувани на собир при што постепено се додаваа по двајца делегати за секое од останатите братства во провинцијата, каде што имаше или беа формирани нови македонски братства и имаа можност да испраќаат делегат на собирот во Софија

[*] По општоевропската војна во Бугарија, како преселници и бегалци, дојдоа повеќе од 30.000 нови емигранти и бегалци.

[31] Грешка во ракописот. Треба: емиграција.

или, пак, да ополномоштуваат други лица – нивни сограѓани, кои живеат или престојуваат во престолнината, за да ги застапуваат на тие собири. На редовните месечни македонски собири како делегати учествуваа Македонци, легални и поранешни нелегални дејци, кои во минатото членуваа во разните постоечки легални и нелегални организации, групации, т.е. меѓу делегатите, според нивните идејни и организаторски сфаќања и разбирања, имаше и бивши централисти, врховисти, федералисти, сарафисти, санданисти. Се претпоставуваше дека сенационалната катастрофа, новото ропство во кое остана Македонија ќе ги намали старите непријателства, ќе ја намали острината на старите борби и ќе отвори нови приоди кон наметнатата нова борба. Барем општата несреќа требаше да придонесе за едно привремено помирување на сите националистички настроени Македонци, без разлика на групната припадност. Така, во прво време, наивно си претпоставуваме мнозинството од македонските дејци. Меѓутоа, уште на првите седници на тие собири разликите испливаа и тоа инцидентно, без каква било намера за опозиција или расцеп. Така, на пример, уште на првите седници на собирите како делегати се појавија Т. Александров – еден од делегатите на Штипското добротворно братство и Ал. Протогеров – делегат на Охридското македонско братство. Првото прашање, што се постави за дискусија, беше како да заживеат постоечките братства, како да ја зголемат членарината и да развијат колку што е можно поголема дејност за организирано помагање и просвета на своите членови. По тоа прво прашање немаше апсолутно никакво разидување, никаква разлика во мислењата. Второто актуелно во тоа време прашање беше: што може да се направи за да се придонесе на мировната Конференција во Париз да се постави за разрешување и македонското прашање.

Границите на Бугарија беа затворени. Ниту еден бугарски државјанин не можеше да излезе надвор од границите на државата, па следствено останавме изолирани од западноевропскиот свет, без да имаме можност за каква и да било агитација и пропаганда надвор од Бугарија. Се најде за неопходно да се започне со издавање на еден заеднички весник, барем двапати неделно. Беше основан таков со името „Македонија“, како орган на Извршниот комитет, што беше избран и стоеше на чело на Организацијата на братствата. Весникот „Македонија“ беше наменет за македонската емиграција и да го информира бугарското општествено мислење. Речиси истовремено со него, пак, од Извршниот комитет, започна да се издава на француски јазик весникот „La Macedoine“ – кој излегуваше еднаш неделно. Третото прашање беше да се подготви и објави еден заеднички мемоар до

мировната конференција во Париз, во кој ќе биде изложен развојот на македонското прашање, борбите на македонското население, неговото учество во трите последователни војни, и колку што е можно пообјективно да се искаже и изрази желбата на македонското население. Извршниот комитет, како врховно раководно тело, беше задолжен, авторизиран да го изработи и подготви за печатење овој мемоар, при што конкретната работа ѝ се додели на една специјална комисија, која во духот на решенијата на седниците на собирот ќе го изработи саканото излагање – мемоар со предлог-петицијата, според поголемиот дел од делегатите – за автономијата на Македонија. Додека комисијата го подготвуваше мемоарот, на една од седниците на собирот, Извршниот комитет реферираше дека за издавањето на весниците и објавувањето на мемоарот се потребни пари и побара од делегатите да се произнесат како и од каде ќе можат да се обезбедат неопходните суми, па и други за покривање на трошоците и другите тековни потреби на Извршниот комитет. Се произнесоа низа делегати и секој предлагаше начини и средства, како практично да се најдат и соберат барание суми. Дел од делегатите беа на мислење да се апелира за патриотизам кај поимотните македонски емигранти од минатото – трговци, индустријалци, претприемачи и др. – и со одделни, покрупни донации Комитетот да се снабди со бараните пари, а други сакаа наместо да се бараат средства од поедини, побогати луѓе или фирми, повторно да се наложи доброволно собирање на помали суми од по 5 или 10 лева од сите членови на заедничката организација, а, исто така, и од оние кои не се членови, но се Македонци кои живеат во Бугарија. Некои од делегатите изнесоа размислување во никој случај да не се бараат и земаат пари од некои фондови на државата, за во иднина Организацијата да не потпадне исклучиво под влијание на бугарските влади. Во последен момент некои делегати како Георги Баждаров, Н. Томалевски, блиски до Т. Александров и Ал. Протогеров, кои присуствуваа на заседанието, се изјаснија во смисла дека сè уште имало останато на располагање некакви „македонски пари“, и дека биле доволни за исполнување на сите потреби на Извршниот комитет.* Со тоа Т. Александров и Ал. Протогеров, како членови на ЦК сакаа, ако не да ги изненадат и трогнат, тогаш барем најмалку да им олеснат на делегатите на собирот, па и на самиот Извршен комитет, чии членови претходно присуствуваа на сите заседанија на собирот. Но, тоа неочекувано „радосно соопштение“ за

* Зборовите „македонски пари“ беа изречени во смисла дека има суми, што биле предвидени да се потрошат за македонската кауза.

еден дел од делегатите претставуваше вистинска бомба и многумина се изненадија, други се налутија и уште истиот момент побараа тука, на заседанието на собирот да се каже појасно и прецизно какви се тие суми, колкави се и какво е нивното потекло. На тоа прашање повторно не беше даден јасен одговор, а тоа уште повеќе ги изненади, па дури и збуни и налути делегатите. Започнаа дофрлувања и тие што прашуваа јасно дадоа до знаење дека ако тие пари се од германско потекло, со нив не можеме и не треба да се служиме. Слични суми беа давани на заинтересирани лица и средини, ја причинија сегашната општонационална и македонска катастрофа и ние како Македонци, па и како Бугари да продолжиме да се служиме со такви пари, на времето давани за нам непознати цели и задачи, пари од сомнително потекло и за сомнителни активности, тоа значи дека ништо не сме заборавиле од минатото, но и дека ништо не сме научиле...! На собирот настана општа вознемиреност и во таква ситуација претседателот Никола Каранџулов, кој беше и претседател на Извршниот комитет, одлучи да го затвори заседанието и ние се разотидовме...

Од тој инцидент беа засегнати лично Т. Александров и Ал. Протогеров и речиси јавно беа посочени како лица кои добивале пари од германските агенти кај нас, додека на прашањето дали тие средства се од некои тајни фондови на бугарската влада, категорично беше одговорено дека не се од такво потекло. Сето искажано околу тоа прашање на заседанието на Собирот се прошири меѓу членовите на братставата. Така, прашањето стана гласно и отворено, па мнозина од делегатите застанаа на ставот дека е срамно и понижувачки дури да се говори за такви, слични средства, а уште повеќе да се користат од Организацијата, што е легална и притоа со желба и намера нејзините претставници да се појавуваат пред лица и институции на Антантата – таборот на победниците.

Еден месец подоцна, на наредното собрание на свиканиот собир, прашањето за предложените средства не беше веќе поставено. Но, се појави друго прашање – дали може лица, кои припаѓаат и се членови на нелегалната организација, да присуствуваат на заседанијата на собирот, што се собранија на легалната Организација? Со покренувањето на тоа прашање некои од делегатите сакаа да им кажат на двајцата – Т. Александров и Ал. Протогеров – дека тие, со нивните функции на членови на ЦК на ВМРО, не можат дури ни да учествуваат на собирите, што се легални, и би било многу компромитирачки да се апелира кон лица и институции од Антантата, зашто со тоа каква и да било иницијатива, молба или предлог однапред би бил сведен на јавен неуспех. На тоа и двајцата одговорија дека тие се ополномоштени

од соодветните братства, кои ги задолжиле да бидат делегати и да ги претставуваат на заседанијата на собирите. Им се одговори дека дури и да се избрани како такви, тие од своја страна би требало да се откажат и да ги замолат братствата – штипското и охридското – да ополномоштат други лица наместо нив. Александар Протогеров се осмели да се појави и на третиот собир, но Тодор Александров, како поитар и поснаодлив, повеќе не се појавуваше. И така на еден доста специфичен начин и двајцата беа отстранети од седниците на собирот.

Конференцијата во Париз продолжуваше. Пристигнуваа најразлични и противречни информации за работата на Конференцијата по прашањето во врска со Македонија. Додека едни, приватни, инфомации тврдеа дека прашањето за Македонија е актуелно, дека имало шанса да биде поставено на разгледување и да му се даде едно поправилно и поправедно решение, други, повеќето истомисленици со тогашната бугарска влада, кажуваа дека прашањето за Македонија не е ниту поставено ниту ќе се разгледува од што следува дека секакво барање за каква било автономија е избрзано и непотребно. Тие, повикувајќи се на минатото, изнесуваа редица историски, етнографски, јазични, политички, географски и низа други причини, повеќето од кои им беа познати на сите, тврдеа и инсистираа дека Македонија, како бугарска земја за која Бугарија веќе имаше водено три војни, треба да биде присоединета кон Бугарија и само доколку е тоа апсолутно невозможно, тогаш да се бара нејзина автономија. Тоа, всушност, беше ставот и на Извршниот комитет.

Опозицијата зазеде друг став. Таа тврдеше дека откако Бугарија ја изгуби војната, како една од поразените држави, ја повикуваат во Париз не за да ја наградат, туку да ја казнат како поразена земја, не само заради нејзиното учество на страната на Централните сили, ами и поради тоа што со своето учество придонесе војната да се продолжи повеќе од една година. Така што, не може ниту збор да стане за какво било присоединување на Македонија кон Бугарија, туку спротивно на тоа, постои голема опасност, освен Добруџа и Западна Тракија да биде откината од Бугарија... Но, бидејќи тоа ја засега бугарската држава, таа како таква располага со сите можни средства и органи за да се брани и да ги штити свои законски и праведни права. А ние Македонците, како угнетен, поробен народ, ќе треба, пред сѐ, со сите можни средства самите да побараме автономија, како единствена спасоносна формула, што ќе може да биде прифатена како за смирувањето на самата Македонија, така и за смирувањето на Балканот.

Околу овие две позиции се водеа долги дискусии и дебати, меѓутоа мнозинството од делегатите решија во петицијата на мемоарот да се

каже дека Македонија треба да се присоедини кон мајката татковина Бугарија или, доколку тоа се покаже апсолутно невозможно, во интерес на мирот да ѝ се даде автономија. Мнозинството се наметна, но од тоа настана подвојување меѓу делегатите. Тоа прашање беше главното во сите дискусии и по него заземе став целата емиграција, која, исто така, се подели на две спротивни позиции, два погледа и ставови. За присоединување или за автономија, во согласност со барањата и желбите на бугарската влада или спротивно од тоа, македонската Организација ќе треба веќе да тргне по свој сопствен, посебен пат од тој на бугарската влада по прашањето за идното ослободување на Македонија и македонската емиграција, како и целиот македонски народ, без разлика на вера и народност, заедно да настапуваат со свои национални барања и во прв ред, безрезервно да застанат на ставот дека ќе треба да се издвои во една посебна, автономна политичка единица, независна од соседните балкански држави. Во период од неколку месеци споровите, дискусиите, дебатите, како на седниците на собирите, така и меѓу емиграцијата, не запираа и на ниту еден начин не можеше да се најде заеднички став, што сите ќе ги обедини.

Извршниот комитет, составен од солидни и високообразовани луѓе, некои со високо правничко образование, долгогодишни високи чиновници и магистранти, каков што беше и самиот претседател Иван Каранџулов, претседател на Вишиот касационен суд и бивш делегат на Бугарија на Мировната конференција во Хаг, до крајот остана на својата позиција и на секој можен начин, со најразлични аргументи и докази, ја поддржуваа и аргументираа за да ја убедат македонската емиграција дека ставот, што беше заземен во петицијата на мемоарот, е единствено правилен и логичен. Дури, во желбата да убедат некои од делегатите се послужија со докази, едвај ли не и со софизми, како тој дека за автономија воопшто не може да се зборува кога Македонија беше турска провинција и дека тогаш автономијата се бараше, бидејќи се мислеше дека таа Македонија, цела и неделива, ќе остане под суверенитетот на Султанот, но сега да се зборува за автономија, значи да не се знае што се бара, зашто сега Македонија не била повеќе цела, туку поделена на три дела итн. На ова прашање им беше одговорено јасно и директно со два збора: кога ние за пократко велиме автономија, подразбираме слободна, независна од која и да е балканска држава, политичка единица[*].

[*] Зборот „автономија“ е составен од „аутос“ – јас и „номос“ – закон – јас, самиот сум тој кој го донесувам законот. Слободен, од(носно), автономен е оној кој не се потчинува на законот и потекнува од надвор, од нешто туѓо за него … (нечитко – н.з.).

Извршниот комитет, сепак, и потоа опстојуваше и инсистираше на својот став и беше јасно дека не ќе може да се најде некоја друга формула што ќе ги обедини сите. Но, за некои од нас, делегатите, сè уште имаше една загатка – зошто луѓето од Извршниот комитет толку високо образовани, со висока култура, луѓе политичари по професија, сè уште стојат на позиција која, на сите ни беше јасно, ќе предизвика нов расцеп во емиграцијата, што во иднина можеше да се покаже фатално за неа и за нејзините напори и заложби сè повеќе и повеќе да работи за да придонесе не само за поправилно разрешување на македонското прашање, туку и за самата емиграција, а според тоа и за Македонија. Еве зошто, некои од нас, поскоро за смирување барем на личната совест, баравме лично, насамо да ни се каже зошто Извршниот комитет стои на таков непомирлив став по македонското прашање. Дали, воопшто, тоа му се наметнува поради страв од бугарската влада, чиишто јавни емисари, како А. Љапчев, Гр. Василев и др. отворено им кажуваа на многумина од делегатите, дека дури за секаква помисла или збор за каква било автономија на Македонија, секој, кој и да е тој, во најмала рака ќе биде интерниран во најодалечените, зафрлени краишта на Бугарија. Беше јасно дека Извршниот комитет во однос на тоа прашање сакаше да оди унисон со владата, од која не дека се плашеше, туку заштo поаѓал од помислата, барањето за автономија да не се протолкува погрешно и лошо во бугарските општествени и политички кругови. Односно, внатре во земјата да не се помисли дека Македонците во еден решителен момент, кога Бугарија се наоѓа во критична и деликатна ситуација, се покажуваат неблагодарни кон Бугарија, откако таа за ослободувањето на Македонија трипати по ред го стави на крст своето постоење.

Оттука, желбата и ставот да се бара присоединување на Македонија кон Бугарија се диктирале повеќе од идеалистички, алтруистички чувства и во знак на благодарност кон заедничката татковина Бугарија. Тоа уверување, макар и неосновано – повеќе сентименталност, отколку политички мотив – некои од нас го прифативме како искрено, но при обидите да ги убедиме нашите блиски и истомислениците, мнозина од нив ни велеа дека овој став воопшто не е искрен, туку зад него се кријат други цели и задачи и дека ние, доколку не сме заблудени, тогаш може да се претпостави дека сме во најмала рака наивни луѓе, што им веруваат на лица, кои имаат сосема други идеи за патот на решавање на македонското прашање и дека дури и наивно да се прифати овој став, тој освен што нема да придонесе за идејното и организациско обединување на емиграцијата, туку ќе внесе уште поголем расцеп. И навистина, како

што ќе се види понатаму, тие беа во право, и стравувањата, макар и подоцна, се покажаа целосно основани...

Мемоарот веќе беше готов и се бараа начини и патишта да се испрати во Париз. Во исто време се појави друго излагање, притоа само на француски јазик, отпечатено и поткрепено со печатот на ВМРО, со кое ЦК бараше во Македонија да се спроведе плебисцит и да се види што сака македонското население – присоединување или автономија. Со мемоарот се бараше присоединување на Македонија, а со петицијата на ЦК, пак, до Конференцијата се бараше плебисцит.

Пред сè, сосема неумесно беше ЦК во тој момент да настапува со посебно излагање, петиција и да бара плебисцит, кога легалната македонска организација, како изразувач на волјата и желбата на целото македонско население, бараше присоединување, а доколку е тоа апсолутно невозможно, тогаш да се прифати автономниот принцип. Освен тоа, во еден момент кога цела Македонија веќе беше окупирана од заколнатите непријатели на нејзината автономија – од српските и грчките освојувачи, крајни националисти и шовинисти, какви што беа и нивните најистакнати државници како Н. Пашиќ, Спалајковиќ, Ел. Венизелос и др. – да се бара плебисцит, тоа значеше, ни повеќе ни помалку, да им се олесни задачата на најголемите непријатели на Македонија.

Т. Александров и Ал. Протогеров во функција на членови на ЦК на ВМРО, со ова излагање – петиција сакаа и пред надворешниот свет, во странство – во некои средини од силите победнички, да истакнат дека и тие се нешто како фактори, чие мислење ќе треба да се знае, доколку не може да се земе предвид при разрешувањето на македонското прашање. А, пак, со тоа мислење, што го изразуваа, со начинот на кој го пројавија, тие, всушност, ја носеа водата на воденицата на македонските поробувачи, освојувачи, за кои силите на Антантата бараа начини и можности богато да ги наградат како нивни сојузници, како станати жртви на војната итн. Т. Александров и Ал. Протогеров, имено, во улога на ЦК на ВМРО беа должни и требаше да знаат кога и во каков момент еден угнетен, поробен народ може и треба да бара плебисцит, како средство за да се дознае слободната волја и желба на народот или на некое национално малцинство. Навистина во Европа имаше некои области за кои Конференцијата реши, макар и подоцна, да се спроведе плебисцит и да се види каква е желбата на локалното население, ама тие области се наоѓаа во сосема друга положба од онаа во која беше ставена Македонија. Но, наспроти сè во минатото, овој чекор на нелегалните дејци и членови на ЦК помина без некои посебни укори на нивна адреса, само и само за да не се разгоруваат

страстите, и да не се будат старите непријателства и борби, зашто мнозинството од емиграцијата искрено и силно посакуваше, барем за извесен период од време да владее истомисленост, како во врска со целта, така и за тактиката на постоечките македонски организации. Меѓутоа, понатаму Т. Александров со својата надменост отиде уште подалеку: подоцна, при заминувањето на Јанко Саказов како министер за трговија, индустрија и труд во Западна Европа (првото официјално лице што можеше слободно да излезе од Бугарија и да се сретне со свои познати и пријатели во Европа, за да се застапува за каузата на Бугарија), меѓу другите, на железничката станица се појавил и тој за да го увери дека ако се спроведе плебисцит во Македонија, мнозинството од населението во неа задолжително ќе се изјаснело за присоединување на Македонија кон Бугарија. И така, наспроти сите собири, колективни дискусии за заедничко барање, фактички испаѓаше дека едни сакаат присоединување, други автономија, а трети апелираа за плебисцит, и сето тоа во еден момент кога Македонија веќе се наоѓаше во канџите на новите поробувачи, крајни непријатели и на присоединувањето и на автономијата, а македонскиот народ немаше никаква, па ниту можеше да има каква било релативна слобода да се изјасни, и ако на еден или на друг начин (нешто што беше апсолутно исклучено) дури и би му бил наметнат таков плебисцит, резултатите немаше да бидат такви како што се претпоставуваше. Зашто, во никој случај не можеше да се наметне, макар и привремено, отстранување на српската и грчка власт од територијата на Македонија. Во моментот тоа практично беше невозможно, а барањето за плебисцит – утопија.

Така, поминуваа деновите, месеците и сите со нетрпение го очекуваме тоа што ќе се реши на мировната конференција во Париз. Но истовремено, не можеше и не требаше да се стои со скрстени раце и по прашањето за организирањето на целата македонска емиграција во Бугарија, емиграција, чиј број надминуваше неколку стотици илјади луѓе. Една импозантна маса, што требаше да се реорганизира и поведе во борба, се разбира, во легални рамки и толку колку што тоа го дозволуваа законите во земјата и локалните услови во тогаш настанатата ситуација – Бугарија окупирана од туѓи, окупаторски војски на Антантата. Околноста дека емиграцијата во своето мнозинство беше живо заинтересирана, а еден дел, особено младината, обземен од ентузијазам, уште повеќе нѐ поттикнуваше и охрабруваше. Па и во тој трагичен момент вистината бара да потцртаме дека како кај населението што остана внатре во Македонија, така и во емиграцијата, не се појави никаков дефетизам,

никаква депримираност или очај, дури ниту каква било резигнација. Напротив, се чувствуваше, се гледаше, дека скоро целата емиграција беше опфатена од една невидлива сила, со желба за нова легална и нелегална борба, како внатре во Македонија, така и надвор од неа. А тоа беше плод, резултат на минатите революционерни борби во Македонија, на спомените за епохалното, величествено Илинденско востание и сите други революционерни акции, пред и по него. Ни останувaше едно големо революционерно искуство и утврдени революционерни традиции, кои ни сугерираа и поткажуваа дека се неопходни нови човечки и материјални жртви пред олтарот на поробената и онеправдана татковина – Македонија. Во борбата за право и праведност, за национално и социјално ослободување, можеби има жални, тажни денови, никогаш нема непотребни, излишни денови! Наспроти сите пречки, наспроти сите несреќни и трагични случувања и времиња, во најнеповолни времиња оваа борба секогаш го имала своето значење и придонесувала за неизвесната, далечна иднина.

При такви идејни и организациски групации, по општоевропската војна, се свика и првиот конгрес на македонските легални организации групирани главно во одделни македонски братства и друштва. Тоа се случи во м[есец] октомври 1919 година. Конгресот беше иницирaн од Извршниот комитет и дневниот ред, изработен исто од него самиот. Станувaше збор, пред сè, да се изрази општата волја, желбата на целата емиграција, таа да се искаже колективно, јавно да ги изнесе своите барања и да се произнесе како за целта, така и за средствата, методите, тактиката на идната борба. Истовремено со тоа, да се донесат соодветните резолуции, како за барањата, желбите на емиграцијата пред надворешниот свет, така и пред општественото мислење на бугарскиот народ, без чија помош и соработка во иднина не ќе можеше да се оди напред. На конгресот учествуваа делегати, претставници на братставата и на мак[едонските] друштва. И навистина, според присутните поистакнати луѓе од братствата, главно интелигенцијата, како и според позицијата што ја заземаа делегатите во општеството, Конгресот, гледано од страна, претставуваше еден македонски парламент. Луѓе со високо и со средно образование, правници, лекари, инженери, учители, свештеници, трговци, мнозина општественици, публицисти и новинари, воопшто од сите професии и слоеви на општеството. Меѓутоа, по најактуелното, кардинално прашање за целта на Организацијата, односно да се бара и инсистира на издвојување на Македонија во одделна политичка единица–автономија, или за присоединување, мислењата, сфаќањата на делегатите беа различни. Погледите беа спротивни и спорот од идеен, принципиелен

се претвори во остри и дури групни и лични караници. Беше очигледно дека е создадена една отворена опозиција на Извршниот комитет, но сè уште во рамките на постоечката програма и устав на легалната заедничка Организација. Желбата на Извршниот комитет и на поистакнатите луѓе околу него беше, пред сè, да се прокламира, да се подвлече и тоа јавно, дека емиграцијата е единствена и во идеен и во организациски однос. Тоа, впрочем, беше желба на сите, како гаранција за успехот во идната работа. Но, бидејќи на конгресот отсуствуваа, односно не беа присутни како делегати* некои видни македонски дејци, како Ѓорче Петров, Димо Хаџи Димов, Лозанчев, П. Делииванов и др., некои делегати предложија да се поканат некои од највидните и авторитетни во минатото и сега мак[едонски] дејци, кои би подготвиле декларации, што ќе го истакнат и манифестираат единството во емиграцијата. По настојувањата и молбите на некои од делегатите, се јави Ѓ. Петров и др. и изјавија дека тие привремено стојат настрана, но дека во ништо не се против решенијата, што ќе се донесат од мнозинството на Конгресот. Меѓутоа, желбата на луѓето околу Извршниот комитет не беше само формалност или само јавно да се подвлече единството, сплотеноста на емиграцијата, туку една вешта маневра, со која некои од поистакнатите македонски дејци, кои не учествуваа како делегати на Конгресот, ќе се обезличат или во најмала рака пред Конгресот ќе се изложат и претстават како иницијатори на евентуална поделба, расцеп. Првенствено се посочуваше Ѓорче Петров, кој како еден од основачите и идеолозите на ВМРО, во тој момент беше безрезервно поборник за автономијата на Македонија, заедно со, исто така, видниот македонски деец Димо Хаџи Димов, долгогодишен борец во револуционерната Организација, другар и соработник на загинатиот, убиен од Турците во битката кај с. Баница, Серско, Г. Делчев, следбеник и истомисленик со Ј. Сандански, а според политичките убедувања тесен социјалист – комунист, следбеник на Д. Благоев, шефот и водачот на комунистичката партија. Ѓ. Петров и Димо Хаџи Димов со свои блиски пријатели и приврзеници, скоро сите – бивши македонски револуционери од Западна Македонија – Битолско, учествуваа во основаното Задгранично претставништво на бившите македонски револуционери.[32] Намерата беше со една

* Според уставот, на Конгресот, како избрани присуствуваа само по двајца делегати од секое братство, без разлика колку членови имаше братството.

[32] Се мисли на Привременото претставништво на обединетата бивша ВМРО.

формално подготвена, макар и усна декларација, идејно да се собори и уништи оваа група, која за сè имаше прифатено ставови дијаметрално спротивни од оние прифатени од Извршниот комитет. Но, јавно, пред Конгресот и пред бугарското општествено мислење се претставуваше дека Македонците, без разлика на бившите групации: врховисти, централисти, сарафисти, федералисти – санданисти, се единствени, се разбира, со исклучок на комунистите, кои се сакаше да се сметаат како „интернационалисти, без татковинци“, безмалку „измамници и предавници“ на секоја национална мисла или идеја.

По Конгресот групацијата на Задграничното претставништво на бившите македонски дејци навистина се расформира, но тоа не се случи поради заканите или идејната исправност на луѓето околу Извршниот комитет или на невообичаено самоопределените и самоназначените членови на ЦК на ВМРО, туку од сосема други причини и основи.

Кои беа тие?

Погоре реков дека при ЦК на Бугарската комунистичка партија – тесни социјалисти, уште по завршувањето на војната, беше формирана секција – Општ сојуз на емигрантите од Добруџа, Тракија, Македонија и Западните покраини. Оваа секција – Општ сојуз на емигрантите, се разбира, според политички убедувања сите комунисти или со комунистичко расположение, се раководеше од Димо Хаџи Димов, комунист, долгогодишен македонски деец, плоден публицист и новинар, кој во минатото уште како млад, имаше напишано многу статии и една посебна книга „Македонското прашање и учителот“, а во тоа време објави нова: „Назад кон автономијата“. Во неа тој, меѓу другото, докажува дека тезите, ставот на старата ВМРО за правилното разрешување на македонскиот проблем, беа и остануваат единствено правилни и спасоносни, и дека двете нацинални катастрофи се должат исклучиво на неправилната политика на бугарските влади спрема балканскиот, а според тоа и спрема македонскиот проблем. Нешто повеќе – Димо Хаџи Димов во „Билтенот“, како и во создадениот весник „Ослободување“, со статии и белешки, гневно и жолчно ги камшикуваше сите минати и сегашни грешки, што се правеа од противниците, и го прокламираше и развиваше лозунгот и идејата за Балканска федерација, па според тоа и за автономијата, за слободна и независна Македонија, во рамките на идната Балканска федерација.

(Да се наведат извадоци од книгата, од Билтенот и в. „Ослободување“).

Ѓорче Петров, долгогодишен деец во македонската револуционерна организација, нејзин основач и идеолог, кој одлично го познаваше македонското национално ослободително движење,

географијата, економијата – економските и социјални услови во Македонија, наравот, обичаите, традициите на македонскиот народ, макар и да не ги познаваше темелните прашања и тези на ленинизмот за националното прашање, инстинктивно чувствуваше и јасно предвидуваше дека секакво мешање на класните организации и групи со националните, поради низа објективни и субјективни причини, не можеше да придонесе за создавањето на една голема, масовна организација, што ќе треба, пред сѐ, да реши и исполни една национална задача. И Димо Хаџи Димов со своето долгогодишно искуство и знаење го гледаше тоа, но како комунист – партиец, не можеше во интерес на дисциплината во Партијата, да се спротивставува на желбата и решението на ЦК на БКП. И токму поради недоразбирањата на овие двајца лидери во македонското национално ослободително движење, тие требаше да се разделат, со што и создаденото „Задгранично претставништво" се растури, а, пак, Конференцијата во Париз веќе го имаше донесено своето фатално решение во однос на Македонија. Ѓ. Петров мислеше дека секакво понатамошно постоење на Општиот емигрантски сојуз при БКП е бесмислено, бидејќи тој не можеше да се развие во масовна организација, поради непостоење на соодветни, неопходни социјално-економски услови и, второ, поради сѐ уште недоволното разбирање на ленинизмот околу националното прашање од страна на голем дел од повидните членови на БКП. Фактот што самата партија со конгресна резолуција подоцна го растури овој Сојуз на емигрантите, при што потенцираше дека тоа претставуваше тактичка грешка на самата партија, фактички ја докажа правилноста на мислењето, што го застапуваше остарениот, обелен и физички ослабнат, особено со видот, стар македонски деец, кој сепак беше бодар и со голем оптимизам за иднината.

Долгогодишното искуство, набљудувањата и поуките, што тој ги имаше стекнато во последните три децении, неговата проникливост, неговиот извонредно пргав ум не му дозволуваа избрзано да се вовлече и ангажира во некоја акција и поради тоа, тој заседе став на набљудувач, додека умовите, размислувањата, идеите ширени и раширени во емиграцијата, а и внатре во Македонија се избистрат и искристализираат. Како што не се ангажира активно во работата на Извршниот комитет и изјави дека тој ќе стои како обичен регрут и набљудувач, тој, исто така, се одалечи, се тргна и од групата на Димо Хаџи Димов и заседе еден неутрален став на исчекување. Како неговото национално чувство да му поткажуваше дека не треба да отиде ниту на десно ниту на лево. Тој го одбра средниот, кардиналниот пат, додека да се разјаснат, разберат и надминат некои стари заблуди и

да се избистрат, искристализираат, оформат новите идеи во однос на целта, патот и методите на идната национал-ослободителна борба.

Уште во првите дискусии и дебати на Конгресот спонтано се создаде една опозиција на Извршниот комитет, кого некои делегати силно го напаѓаа, не толку поради неговото однесување и дејност, колку поради луѓето околу него, кои во блиското минато се имаа избрукано пред емиграцијата и дел од неа гледаше на нив со омраза и одбивност. И покрај некои изобличувања што се направија на Конгресот, тој заврши и повторно Извршниот комитет, речиси без промена, беше избран од мнозинството и пак тој остана единствениот претставник на македонската емиграција и според своите сфаќања и разбирања ги застапуваше општите барања на македонската емиграција и ја застапуваше како во Бугарија, така и пред надворешниот свет – во странство. Поттикнат и охрабрен од мнозинството што го доби на Конгресот, Извршниот комитет привлече и други лица како соработници и се ангажираше да развие една поголема дејност, откако го зајакна својот авторитет и своите идејно-организациони позиции.

Подготвениот и отпечатен мемоар, со заклучниот дел, редактиран така како што сакаше Извршниот комитет и блиските до него лица, почна да се растура и шири. Една посебна делегација требаше да замине во странство, во Париз и во други места за да го поднесува мемоарот и да го врачува на компетентни лица и кругови главно од мировната конференција. Кога македонската делегација замина, прашањата за Бугарија и за Македонија беа веќе решени од победниците, но сепак се укажа можност влијателните лица од делегацијата, како и други бугарски општественици и интелектуалци, на пример проф. Јор. Иванов, проф. Иширков и други, да развијат една соодветна активност и вербално или преку печатени брошури, со ситуацијата да запознаат и информираат некои непристрасни лица и средини во странство, главно во Франција и Швајцарија. Испечатени и издадени беа брошури и од Министерството за надворешни работи, во чии рамки на времето беше формирана посебна комисија, која требаше да собира материјали и да подготви неколку печатени книги и излагања во кои детално и компетентно се изложуваа тезите на официјална Бугарија по сите прашања што ја интересираа, а кои Конференцијата не можеше да не ги разгледува – прашањето за Јужна Добруџа, Македонија, за Тракија итн. Во тоа време и официјалната бугарска делегација на чело со министерот претседател Т. Тодоров и министерот Ал. Стамболиски, заедно со неколкумина други бугарски дипломати, научници, како експерти и др. веќе имаше заминато за Париз, наводно да преговара за условите за мирот, а, всушност, само

да им биде врачен веќе изготвениот договор за мир, што бугарските делегати требаше само да го потпишат во едно од предградијата на Париз – Неј.

По прашањето за Македонија, бугарската делегација во своето излагање, во одговор на проект-одоговорот, што ѝбил претставен, официјално го изјавуваше следното: (Да се цитира пасусот како што е пренесено од проф. Генов во неговата книга „Голготата и Нејскиот договор)*.

Додека границите на Бугарија беа херметички затворени и сите слободни комуникациски врски со Западна Европа фактички беа запрени, на иницијатива на група Македонци, кои во тоа време живееја во Швајцарија, повеќето студенти од Македонија под српска власт, како добри Бугари и македонски патриоти, без разлика на народност и политички убедувања, формирале едно друштво, лига, која си поставила за задача и цел да придонесе со што ќе може за ослободувањето на Македонија. Учесниците во лигата ја прифатиле идејата за издвојувањето на Македонија во една посебна, автономна политичка единица. За таа цел, започнале соодветна дејност и со статии, предавања, позиви да агитираат и да ја пропагираат идејата за автономија на Македонија. Лигата дури упатила неколку телеграми до поважните претставници на Сојузните и здружени сили – победнички на мировната Конференција, со кои имале за цел да се постави за разгледување македонското прашање, преку прифаќање на принципот на автономија. Дури американскиот делегат, полковникот Хаус, одговорил со телеграма до претседателот на Македонската лига во Женева, што уште повеќе ги охрабрило учесниците во лигата, сите од македонско потекло (Да се опише формирањето на лигата, нејзините ставови и дејноста во поголеми детали според белешките).

Македонската делегација, на чело со Ив. Каранџулов, на пат за Париз поминала и во Швајцарија за да најде и да се сретне со некои луѓе и средини, за да ги запознае подетално со балканскиот и посебно македонскиот проблем. Во тоа време, таму во Швајцарија, Ив. Каранџулов со своите колеги дознал за постоењето и дејноста на македонската група – повеќето студенти, и кога дознал дека тие безрезервно го примиле, агитирале и пропагирале принципот на автономијата, се јадосале и започнале да разубедуваат некои од студентите, при што се послужиле дури и со некакви закани... Од тоа, се разбира, студентите – Македонци, ентузијасти, ни најмалку не се

---

* Види: La questions Bulgare et les etats Balkaniques, Софија, 1919 г., La Macedoine, од проф Јор. Иванов и др.

исплашиле, но останале многу разочарани од тоа дека македонски делегати толку жолчно се спротивставуваат на секоја идеја за автономија на Македонија, идеја што тие, како и сите други поупатени во балканските прашања луѓе, во тоа време ја наоѓаа како единствено можна и спасоносна за Македонија. Наместо да бидат охрабрени, инспирирани за нивната иницијатива, да трошат време, сили и средства за една високопатриотска и хумана цел, тие биле разубедувани да се откажат од секаква идеја за автономија, па дури биле и заплашувани како бугарски (поданици) државјани....

Но, тоа што не му успеало на Ив. Каранџулов и на останатите, преку своите поголеми можности го направила српската легација во Швајцарија, која отворено им изјавила на некои од членовите, кои биле бивши и актуелни српски поданици, дека тие нема да можат да се вратат во Македонија под српска власт, ако продолжат да членуваат во Македонската лига и бараат, или пропагираат, каква било автономија. И уште пред мировната конференција конечно да ја санкционира поделбата на Македонија. Македонската лига во Швајцарија била расформирана, членовите се распрснале, а еден дел поради неопходност се вратил во Македонија. Но, сите, за да се заштитат од секакви хулења и клевети, какви што се правеле од српските, па и од бугарските агенти, доушници и интриганти, решиле целата архива на друштвото, на лигата, да ја направат во две копии и едната да го депонираат во библиотеката на Лозанскиот кантон, како што и направиле. Така се ставил крајот на оваа скромна, но благородна, според побудите, македонска иницијатива, во единствената земја во која беше овозможено да се подигне глас за слободата на Македонија.

По потпишувањето на мировниот договор во Неј, бугарската делегација се врати крајно разочарана и при настанатата општоевропска и балканска ситуација, на Бугарија и на бугарската влада не им остануваше друго, освен да бараат средства и начини, во рамките на тогашните можности, да започнат да исполнуваат некои од клаузулите на мировниот договор – наметнатите репарации и враќање на многу материјали во натура на новите „победници“. Со два збора, Бугарија требаше истовремено да ги лекува своите сопствени рани од војната и да бара пат за својата иднина, постоење и економски и културен развој. За сите веќе беше јасно дека за извесен период Франција станиваше хегемон во Европа, а нејзината улога на Балканот се доделуваше на зголемената Србија или, како што тогаш се нарече, Кралство на Србите, Хрватите и Словенците, а подоцна Југославија.[33]

[33] Поточно, Кралство Југославија.

По доставувањето на писмениот договор во Неј, Сојузните и здружени сили на Антантата претставија и еден список на лица од воената и граѓанската област, кои се бараа како обвинети за да бидат судени од силите победнички како луѓе што се огрешиле. Односно, како службени лица кои дејствувале против правилата на војната, а некои како граѓански и неслужбени лица, кои за време на војната се истакнале со ѕверствата и насилствата врз мирното и незаштитено население во окупираните од Бугарија за време на војната области – дел од Србија, Поморавјето и Македонија. Владата на Ал. Стамболиски по тоа прашање имаше строго одреден став – тие лица во никој случај да не се предаваат за истрага и судење на која и да било од победничките и ако некои навистина се покажале како такви, тогаш тие ќе треба да бидат судени од бугарските судови. Зашто, секакво предавање на бугарски поданици, и тоа бивши воени и граѓански службени лица, за да бидат судени од судови на туѓи држави, беше во спротивност со постоечките меѓународни договори и традиции, бидејќи тоа фактички ќе значеше нарушување на суверенитетот на самата држава Бугарија. Лицата што беа посочени, во минатото, за време на војната, дејствувале по заповед на своето повисоко воено или граѓанско началство, па според тоа, за сите дејствија во рамките на нивните обврски – одговорноста паѓа врз самата држава и само таа треба и може компетентно да ги пронајде виновниците и евентуално, ако нивната вина се докаже, да ги суди и казни според законите и административните воени и граѓански правилници. Но, бидејќи некои од посочените обвинети лица, кои фигурираа на списокот, отворено и слободно се движеа низ земјата, што беше окупирана од туѓи војски, за да ги избегне барем обвинувањата или префрлувањата на претставниците и агентите на Антантата во земјата, владата започна да ги гони, а некои и да ги апси, за да спроведе анкета за пронаоѓање на виновниците за националната кататрофа, и да ги казнува и да им ги конфискува средствата или имотите на лицата, кои беа посочувани и познати по тоа дека за време на војната незаконски, со шпекулации, се збогатиле. А тоа се наметнуваше, не од барањата и претензиите на силите на Антантата, туку од законите на државата и, главно, за да им се даде барем една морална сатисфакција на сите незадоволни и голем број навредени, па дури и озлобени, особено по една толку голема, според своите размери и последици, сензационална катастрофа. Спомените од Ќустендил, Радомир, Владаја и од трагичните настани во околината на Софија – на пример, во фабриката за шеќер и во Књажево, сè уште беа свежи во умовите на сите, а вистинските виновници за катастрофата слободно и спокојно се движеа низ улиците на Софија и по останатите градови и населени места...

По тој повод беа уапсени многу лица, бивши политичари, министри, трговци – сите приврзаници и симпатизери на д-р В. Радославов и од Либералната парија. Меѓу нив беа и Т. Александров со неколку други Македонци, а Ал. Протогеров, кој бил баран за да биде уапсен, се сокри и избега во странство – во Италија[34]. По апсењето на Т. Александров, тој кога бил воден од Централниот затвор кај истражителот во Окружниот суд, со помош на свои блиски пријатели и соработници – Стојан Мишев, Сл. Иванов, Лазар Фертика – успеал да се извлече од рацете на полицијата, да се сокрие и подоцна замина во некои погранични на Македонија месности – Ќустендилско, Кочанско, за да се крие, а истовремено, пак како порано, работел на тоа да го организира локалното население за нова четничка борба. Т. Александров избеган од рацете на полицијата и судот, сокриен од агентите на Антаната, престојуваше во овие погранични места, невознемируван од бугарската влада, која во тоа време имаше за извршување други задачи, што не трпеа одлагање. На тој начин, на еден дел од македонските дејци им се пружи можност повторно да тргнат по старите патишта на борбата и, пред сè, да се кренат против на владата на Ал. Стамболиски, шефот на Буг[арскиот] Нар[оден] Зем[јоделски] Сојуз. Така, новата бугарска влада на чело со Ал. Стамболиски не само што не ги помагаше и заштитуваше овие македонски дејци, како што постапуваше владата на д-р В. Радославов и речиси сите претходни влади на партиите што дотогаш управуваа во Бугарија, туку, напротив, на секој начин ги гонеше. Причините лежеа во стравувањето со некоја избрзана или самоволна акција тие уште повеќе да не ја искомпромитираат Бугарија пред силите победнички, кои бараа само повод, посебно српските крајни националисти и шовинисти, озлобени и потикнувани од надвор и од внатре во земјата, да се нафрлат врз Бугарија за да се одмаздат за сè што го имаше преживеано и истрпено српското население за време на окупацијата на Србија – областа на Поморавјето и на Стара Србија – Митровица, Призрен, па и во самата Македонија.

Извршниот комитет затворен во својата лушпа наспроти сите пречки и тешкотии, бараше излез од ситуацијата и бидејќи не наидуваше на помош од ниту една страна, освен од неговите релативно малубројни истомисленици, воочувајќи го општото незадоволсто во Италија, сакаше да го искористи соперништвото и антагонизмот меѓу

---

[34] Всушност, и А. Протогеров бил затворен на 4 ноември 1919 година, но тој само по два дена (на 6 ноември), со помош на своите луѓе од организацијата, избегал од затворското одделение на Софиската болница.

Италија и Кралството на Србите, Хрватите и Словенците. Колку што односите меѓу овие две држави се влошуваа, особено по акцијата на Данунцио во Риека, Извршниот комитет сè повеќе се ориентираше и надеваше на Италија, мислејќи погрешно дека Италија ќе придонесе за ослободувањето на Македонија, без да обраќа внимание дури на оние, кои му кажуваа и го уверуваа, дека Италија не го бара ослободувањето на Македонија, туку бара патишта, начини, поводи и моменти за да ја запоседне Албанија. А преку неа, откако ќе ја ослабне или изолира Србија, да го потчини Балканот за свои, чисто државни, егоистички, груби материјалистички и империјалистички интереси. „Оној што се дави, се фаќа за сламка" – вели една изрека. Така и Извршниот комитет, западнат речиси во безизлез, луташе де наваму де натаму и во италијанската експанзија, што подоцна се појави под формата на фашизмот, бараше помош и содејство за ослободувањењето на Македонија.

И по потпишувањето на мировниот договор во Неј, Бугарија сè уште беше окупирана од војски на Антантата. Поради раздвижувањата и несигурноста во Западна Тракија, единствениот официјален претставник на силите на Антантата, французинот Жорж Пико, преку едно вербално обраќање ја беше предупредил бугарската влада, дека секакво преминување на границите на Бугарија од вооружени луѓе, во или без униформа, ќе се смета за непријателски акт, „causa beli"[35], и сојузните војски, по првиот пограничен инцидент, без никакво предупредување ќе окупираат некои месности, делови од Бугарија, па бугарската влада ќе треба да преземе мерки и да води сметка за тоа предупредување! Иако Извршниот комитет во лицето на Т. Александров и неговите луѓе, кои веќе беа во илегала, најде една далечна потпора, со оглед дека некои од соработниците на Т. Александров, исклучиво Македонци на кои им бил добротвор и заштитник за време на војната, беа негови егзекутори, во бугарското општество се сметаа за борци-терористи. Но, колку повеќе јакнеше оваа група на Т. Александров, толку повеќе растеше и се развиваше опозицијата против него и Извршниот комитет. На тој начин, двете македонски групации, двете фракции, се оформуваа во два одделни, непомирливи фронтови – десницата и левицата се оцртуваа.

Бугарската влада, под притисок на настанатите услови и воено-политички околности, мораше да се смири со Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, без чие содејство Бугарија тешко можеше правилно и спокојно да се развива. Ете зошто, по директива или

[35] „Повод за војна" (лат).

препорака од надвор, самиот Ал. Стамболиски мораше да го посети Белград за да се олеснат идните преговори по сите економски, трговски и политички отворени прашања меѓу двете држави. Колку и да беше неопходно и неизбежно тоа зближување со Србија, на многумина од нас Македонците, што живееме во Бугарија, националистички настроени, тоа ни изгледаше непријатно, поради дрското безобразие и асимилаторската политика на српската влада и владејачките политички партии, кои сите, без исклучок, сакаа колку што е можно, во еден релативен краток рок, со сите дозволени и недозволени средства, да завршат со македонското прашање, откако Македонија целосно ќе се денационализира и асимилира. Исто така, имаше многу отворени прашања и со Грција, особено по успехот на Ел. Венизелос да ја наложи размената на националностите, т.е. принудно да се иселат сите Бугари од Македонија и Западна Тракија, а во замена да си заминат сите Грци од Бугарија. На тој начин, итриот и далекувид грчки државник Венизелос со своите приврзаници сметаа дека радикално ќе му се стави крај на македонското прашање, а Грција во иднина ќе може да биде една етнички хомогена држава*.

По тој повод, бугарската влада, која требаше да води реална политика наложена од новонастанатите услови, наспроти нејзината желба, беше приморана да ја прифати оваа одлука и фактички да започне да ја применува, зашто и без нејзината согласност и желба, Грција најбрутално ќе го принудеше поголемиот дел од бугарското население во Македонија да се исели во пределите на Бугарија. За реализирање на оваа одлука и за да биде подготвена при доаѓањето и сместувањето на новите македонски и тракиски бегалци, бугарската влада, во договор со грчката, го имаше прифатено принципот, според кој сите иселеници бегалци ќе добијат отштета. За таа цел, пак, беше создадена една мешовита грчко-бугарска комисија, со свои разграноци, поткомисии и органи, кои требаше да ги одредат и проценат напуштените имоти на Бугарите, кои се иселуваат од Македонија и Западна Тракија, и на Грците од Бугарија.

Овој став, го имаше прифатено и Извршниот комитет и започна да го шири меѓу македонската емиграција. Меѓутоа, многумина тоа, на прв поглед економско или фискално прашање не го сфаќаа така, туку му даваа друго толкување и значење. На препораката и поканата да се поднесуваат општи декларации до братствата за напуштените,

---

* Подоцна, по грчката авантура и општонародна катастрофа во Мала Азија, Мустафа Кемал со иста мерка му врати на самиот Ел. Венизелос, откако ги избрка сите Грци, а од Македонија ги прибра сите Турци...

оставени имоти, меѓу емиграцијата се имаше создадено мислење да не се поднесуваат никакви декларации, зашто секое поднесување на декларација значи и премолчано откажување на секој бегалец од желбата да се врати во своето родно место, каде ја има оставено својата куќа, своите имоти. Противниците на овој став, повеќето од нив емисари на бугарската влада, како политичари реалисти, го оспоруваа тоа толкување, тврдејќи дека и без тоа со имотите ќе биде завршено, т.е. грчката власт ќе ги оттуѓи тие имоти и ќе ги даде на свои сонародници, локални жители или дојдени бегалци од Мала Азија и од други места. Околу тоа прашање исто започнаа спорови, за и против поднесување на декларации, и една група македонски дејци, исклучиво членови на братствата, а некои од нив и делегати на Соборите, претежно од Костурскиот крај, испратија едно специјално писмо до Извршниот комитет, со кое се спротивставуваа и дури му забрануваа на Извршниот комитет, како највисок раководен орган, да се занимава со тоа прашање – „Ние Македонците -пишуваше во тоа писмо – сакаме да се вратиме во нашите родни места и се бориме и ќе се бориме за нивната слобода и независност*. Не треба самиот Извршен комитет да го помага, да го поттикнува иселувањето, зашто со тоа самиот Извршен комитет, а, според тоа и Организацијата, влегуваат во противречност сами со себе и ќе изрезилат пред сите наши и туѓи, набљудувачи и пријатели на Македонија, чиј број сѐ повеќе и повеќе се зголемува...“.

Опозицијата што се оформуваше против Извршниот комитет со тоа го поставуваше прашањето врз принципиелна основа, односно секоја согласност, особено општа, колективна, па макари по братствата да се поднесуваат декларации, значи индиректно откажување од Македонија. Зашто веднаш, секој македонски емигрант, откако веќе ќе заврши со својот имот, автоматски станува незаинтересиран, а новите поробувачи тоа можат да го земат како знак дали во умовите на емигрантите живее желбата за борба. Како компромисно решение се прифати дека во никој случај не треба и не може да се поднесуват заеднички декларации, туку само приватно и тоа кој сака, и секој како посебна личност, пред сопствената совест, самиот да ја сноси одговорноста за поднесување на секоја декларација. Со други зборови, требаше да се зачува моралниот авторитет на македонските организации и да се потцрта дека наспроти новото ропство и поделбата

* Тоа е таканареченото економско писмо, кое во свое време подигна голем шум и спорови во емиграцијата и чијшто текст овде го наведуваме…

на Македонија, како емиграцијата, така и македонското население во своето мнозинство, не се имаат откажано и нема да се откажат од борбата и секогаш и насекаде ќе бараат да им се даде можност да можат да се вратат по своите родни огништа – села и градови, и да се приберат кај своите блиски, роднини и на своите имоти. Тоа, така да се каже, беше втор морален пораз на Извршниот комитет*, кој мислеше дека единствено тој правилно ги разбира, може и треба да ги разрешува и спроведува сите прашања што ја интересираат емиграцијата и Македонија.

Деновите, месеците и првите 1-2 години беа поминале, а интересот за судбината на Македонија сѐ повеќе и повеќе се зголемуваше во целата емиграција, додека во братствата дискусиите и споровите сѐ повеќе се разгоруваа и ентузијазмот кај младината беше зголемен. Целата младина беше опфатена од силна желба да ја продолжи со сите средства идејата за ослободувањето на Македонија, што можеше да се бара и реализира само кога таа ќе се оформи во посебна, слободна политичка единица, независна од која било балканска држава. Идејата за самоопределување, толку проширена во цела Европа, со уште поголема сила се агитираше, пропагираше и ширеше, популаризираше и меѓу македонскиот народ.

Идејата за самоопределување на народите, како една од паролите на буржоаската демократија, како што е познато, уште по Француската револуција (1789 г.) беше распространета и ги опфати речиси сите угнетени и онеправдани народи и народности во Европа. После општоевропската војна оваа идеја уште посилно ги опфати сите поробени националности, но откако големата Октомвриска револуција (1917 г.) не само што ја прифати и прокламираше, туку ја спроведе и примени во практика во СССР, откако го доразви овој буржоаски демократски принцип, прогласувајќи дека правото на самоопределување има смисла и значење тогаш кога може да се изрази и како право на одделување од соодветната држава во чии граници е вклучена угнетената националност, тогаш најде простор уште повеќе да се рашири и развие кај сите угнетени народи и националности, чиј број надминуваше 30 милиони души само во Европа. Колку и да не можеа идеите и принципите на Октомвриската револуција слободно и непречно да се шират, агитираат и пропагираат надвор од границите на СССР, главно поради надворешната интервенција на

* Првиот пораз, кој одвои голем дел од емиграцијата, беше неговиот став против прифаќањето на принципот и идејата за автономијата на Македонија.

големите империјалистички западноевропски држави, сепак нивниот далечен одглас влијаеше и надвор, особено во Југоисточна Европа, каде националното угнетување имаше најболни последици кај сите онеправдани и национално угнетени народи и националности. Ако Полјаците, Чесите, Словаците, Хрватите и др. ја добија својата слобода за самоопределување, истото се посакуваше и од останатите угнетени народности, што останале да живеат во потчинетост и ропство во границите на новоформираните, прекумерно проширени држави, на пример, Југославија, Романија и др., како поранешни сојузници на големите сили победнички. Овие идеи, иако ограничувани и гонети со сите средства и можности, макар делумно, најдоа добра почва не само во поразените држави – Германија, Австро-Унгарија, Бугарија – кои доживеаја комплетна катастрофа, што се одразуваше во сите области на општествениот, економскиот и политичкиот живот, туку, исто така, и во новите прекумерно зголемени држави – Југославија, Романија, Полска, Чехословачка, Франција и во скоро сите останати држави во Европа, па и во самите колонијални и полуколонијални земји и држави во целиот свет. Човештвото во својот напредок и со новите усовршени технички средства, беше пронашло пречки против водената стихија, против огнот и сите епидемиски болести, меѓутоа против распространувањето на идеите нема и тешко дека некогаш ќе успее да најде начини и средства против нивното ширење и навлегување во умовите на луѓето. „Не се гаси, она што не гасне”[*].

Со нормализирањето на ситуацијата во соседното Кралство на Србите, Хрватите и Словенците, наспроти сите ограничувања, пречки и гонења тие идеи се ширеа и сè повеќе ги обземаа умовите на сето население, особено на она од угнетените националности. Исто беше и во Романија, Полска, Чехословачка и др. И уште на првите избори за Народното собрание, во 1919 година, само во Македонија беа избрани депутати комунисти[36]. По изборите, се виде како цела Македонија да беше комунизирана. Тоа ги зачуди сите, особено крајните српски националисти, шовинисти и империјалисти. Тие едногласно започнаа да се радуваат на туѓата несреќа, да се настројуваат и држат лошо против сè што е македонско, за да ги задоволат своите крајно националистички и шовинистички желби. Всушност, овој резултат уште на првите избори за уставотворното собрание, не беше друго освен еден силен, остар протест против националното угнетување под

[*] Позната мисла на бугарскиот поет Иван Вазов.

[36] Се мисли на првите предвремени избори, во март 1919 година, кога беа избрани првите народни пратеници од Вардарска Македонија.

кое беше оставена Македонија и повторно поделена со произволни и неприродни граници, кои ја имаа само таа предност што можат на секој начин да го спречуваат природниот економски и културен развој на земјата. Големите и мали победници во својата еуфорија, злоба и одмазда, како да ги имаа заборавено поуките од долгата историја на сите големи и мали народи. Еуфоријата, одмаздливоста имаа стигнато до таму, што победниците и нивните мали сателити дури не помислија да водат сметка и за најживотните интереси на Македонија, како земја која сама по себе, уште од древни времиња претставува една географска и економска целина.*

Како што великосрпските владејачки политички партии сè уште ги немаа пуштено своите корени меѓу населението во Македонија под српска власт, така и ВМРО, наспроти крајно разретчените и ослабени кадри, не го имаше целосно опфатено во својот опсег македонскиот народ. Тој инстинктивно или, едноставно, имитирајќи надворешен пример, како на изборите, така и во секој друг однос, не само со гласачкото ливче во рака, туку и со многу други средства, го изразуваше својот протест против создавачите на голема Југославија и мировните договори склучени во Париз, Севр, Неј, Тријанон. Истото бранување, истата возбуда, истите идеи и принципи се ширеа и во останатите балкански и други држави, па и во Бугарија, каде БКП, веќе прва влезена во III-та Интернационала, добро организирана, легално постоечка, со сите свои разграноци, органи и средства на пропаганда и агитација, ги шireше идеите на големата Октомвриска револуција. И ако уште во првите години по револуцијата, во Бугарија не се пројавуваа толку брзо и силно идеите и принципите на Октомвриската револуција по националното прашање, тоа главно се должеше на околноста што малкумина, релативно сосема малкумина од бугарските комунисти го знаеја и го имаа усвоено ленинизмот по националното прашање, а уште помалку имаше луѓе кои знаеја и можеа да го спроведуваат во настанатата конкретна ситуација во Бугарија. Повеќето од идеолозите или агитаторите на БКП ги кажуваа и преповторуваа старите тези на социјалната демократија, спротивставувајќи го воопшто интернационализмот на национализмот и националната идеја. Притоа, тргнуваа од ставот дека сега, со приближувањето на социјалната револуција, да се работи и пропагира за националната (под што, пак, подразбираа националистичка борба), е апсурдно, зашто социјалната револуција е на врата и таа наеднаш ќе разреши сè. Така што, секакви приказни

* Да се наведе цитат од Тит Ливиј, Историја на Рим, глава...

за националистички борби, па и за национално самоопределување ,претставуваат буржоаски муабети и предрасуди*.

Решението на ЦК на БКП, во партијата да создаде и поддржи одделна емигрантска организација – Сојуз на емигрантите при БКП, фактички претставуваше отцепничка акција. Но, со тоа, сепак, не ѝсе нанесуваше некоја суштинска штета на емиграцијата и на македонската кауза, зашто гласилото на овој Сојуз, весникот „Ослободување", непрекинато ја разобличуваше во сè десницата во македонската емиграција и посебно Извршниот комитет и неговите поддржувачи, без оглед на нивната припадност и заслуги кон Македонија во минатото. На тој начин, „Ослободување" ги спроведуваше и застапуваше старите, вистински принципи и ставови на поранешната ВМРО – како од аспект на идеите и на принципите, така и организационо, при што на секој начин ги застапуваше и бранеше независноста и принципот на внатрешноста како што беше во минатото. Во оваа насока, критиката на „Ослободување" беше исправна, праведна и дури корисна за македонската легална и нелегална организација и фактички во живот се спроведуваше основниот принцип во партијата – секогаш и насекаде комунистите, членови на партијата, ќе треба да пливаат спротивно од течението. И бугарските меродавни, одговорни и неодговорни лица и кругови – државници, општественици, партиски лидери и водачи, доколку се служеа или сакаа да се служат и да ги искористат националистичките чувства и расположението на многуилјадната емиграција, посебно на македонската, за свои државни, партиски, групни (класни)

---

* Всушност, во тоа време, тоа не можеше да им се вброи за голема грешка на бугарските комунисти, зашто во прво време дури и меѓу руските ортодоксни марксисти, комунисти, оваа теза беше прифатена од некои фанатизирани, тесногради марксисти – фанатици. Како што е познато, луѓе како Бухарин, Петјаков и др. лансираа сличен лозунг, но на IX-от Конгрес на ВКП (болшевици), пак, големиот Ленин и неговиот првопомошник, одлично запознаен со националното прашање – Сталин, може со својот голем авторитет да ја прошири оваа заблуда кај поугледните руски водачи – комунисти. Главниот мотив и доказ беше – велеа тие – дека ако ние не прифатиме една исправна споредлива позиција по националната проблематика воопшто, правото за самоопределување со право на издвојување, ако ние ги онеправдуваме, или ги дразниме стотиците националности, кои живеат на територијата на СССР, ние освен што ќе ги озлобиме и од наши природни сојузници, ќе ги претвориме во наши непријатели, и во најмала рака не ќе можеме да ги неутрализираме, а тоа не е во интерес на социјалната револуција, па според тоа и на комунистите – болшевици.

или лични, егоистички цели и намери, навремено и секогаш беа разобличувани од левицата. А тоа, уште повеќе ги озлобуваше сите тие лица и кругови за да се спротивставуваат и да ги клеветат сите, што, според политичките убедувања, се вбројуваа во редовите на комунистичката, па и на социјалдемократските партии, и воопшто против сите што се нарекуваа социјалисти. Единствената грешка на голем дел од бугарските комунисти во тоа време беше што тие, кога засегаа прашања од национален карактер, поради недоволната запознаеност со ленинизмот по националното прашање, до толку беа злобни кон сè што се однесуваше до национализмот воопшто, па во своите статии и забелешки жестоко ги атакуваа сите дејци во македонското ослободително движење. Така, ја критикува, воопшто, секоја дејност и иницијатива врз национална основа, со што повеќе предизвикуваа озлобување кај голем дел од емиграцијата, меѓу која имаше многумина искрени, чистосрдечни дејци, меѓутоа сосема незапознаени со вистинскиот марксизам и ленинизам по националното прашање. Овој лош приод кон емиграцијата ја чинеше скапо и самата партија. Зашто, наместо емиграцијата во своето мнозинство побрзо и полесно да биде придобиена за идеите и ставовите на БКП, оваа како намерно да ја одбиваше од себе. А, резултат на сето тоа беше податокот дека од целата емиграција во Бугарија – Добруџанци, Тракијци, Македонци и оние од западните покраини, одвај, не повеќе од три илјади, се најдоа во редовите на БКП.

Тоа шокираше многумина. А во Москва, III Интернационала водеше сметка за тоа и за кратко време со својата снаодливост и вештина, со својот авторитетен збор, успеа да ја поправи оваа грешка, што, всушност, беше на штета и на БКП. Со други зборови, Коминтерната препорача тактика што го наметнуваше правилото – штом планината не доаѓа кај Вас, Вие ќе треба да ѝсе доближите, да одите кај неа. Тоа беше лозунгот на III Интернационала, како главен, генералштаб на општата револуција во светот. Партијата брзо се коригираше и навремено одреди луѓе од своите редови – емигранти, комунисти, кои како блиски на своите собраќа – сонародници, започнаа да придобиваат поединци и групи истомисленици и поддржувачи, а мнозинството од емиграцијата, не само што повеќе не ја конфронтираа со себе, туку ја неутрализираа и покрај агитацијата на останатите буржоаски политички партии. Тоа веќе беше нешто позитивно, еден правилен приод кон емиграцијата. Агитацијата меѓу емиграцијата се ширеше сè повеќе, и сите актуелни, дневни прашања, што ја интересираа емиграцијата се разгледуваа и разјаснуваа од оваа позиција.

Брошурата на Коста Новаковиќ „Македонија на Македонците, земјата на селаните“, отпечатена и објавена најпрво во Југославија, веќе беше распространета и нејзините размислувања, идејните ставови по националното прашање во духот на ленинизмот, сè повеќе наидуваа на прием и меѓу емиграцијата во Бугарија. Книгата на Димо Хаџи Димов, „Назад кон автономијата“, исто така, се дистрибуираше и читаше во голем дел од емиграцијата. Радосното и утешно беше што самата партија веќе идејно и теоретски јасно ја имаше сфатено својата историска задача, која потактично и поумешно ја спроведуваше во емиграцијата.

Во 1920 година се подготвуваше и требаше да се одржи редовниот конгрес на Легалната македонска организација. Предизвиците и споровите, како околу принципот за безрезервно прифаќање на автономијата, така и по прашањето за односите на организацијата кон официјалната власт, односно нејзиниот став кон официјалната политика на бугарската влада за идното решавање на македонското прашање, беа доста остри и незадоволството од ЦК како спроведувач и изразувач на бившата официјална политика, сè повеќе водеше кон оладување кај поголем дел од емиграцијата. Но, Извршниот комитет сето тоа го воопштуваше, зашто зад грб веќе имаше еден природен сојузник, што располагаше со нелегална структура, која бившите членови на ЦК на ВМРО ја подготвуваа и средуваа, и која меѓу другото сакаше или повеќе се силеше да ужива респект пред целата емиграција. Околноста, пак, што членовите на Извршниот комитет, како и овие од ЦК на ВМРО, беа секогаш под моралното и фактичко влијание на бившите владејачки партии, а во моментот против владата на Ал. Стамболиски, која на секој начин бараше мир и добрососедство со Србија, придонесуваше уште повеќе еден дел од емиграцијата да се спротивставува на сите иницијативи, на држењето и однесувањето на Извршниот комитет. Тој постепено го губеше својот авторитет и влијание кај емиграцијата, поради некои погрешни, неправилни ставови, што ги имаше прифатено и ги спроведуваше во живот, во и надвор од Бугарија, но поради тоа што зад грб имаше еден нелегален апарат, сè уште ја задржуваше својата позиција и стоеше на чело на целата емиграција.

Редовниот конгрес беше одржан во Софија, кога духовите и раздразнетоста кај емиграцијата беа сè уште доста распалени и разгорени. Дневниот ред беше изработен од самиот Комитет, којшто и требаше да го спроведе Конгресот по претходна подготовка. Меѓу другото, Извршниот комитет, го задолжил лицето Јорд[ан] Бадев, како еден од членовите – секретар на Комитетот, да прочита еден

соодветен за случајот реферат по македонското прашање. По отворањето на Конгресот, Јорд[ан] Бадев започнал да го чита својот подготвен од порано реферат, претходно прегледан од Извршниот комитет и за време на читањето со злобни забелешки и закачки, започнал да напаѓа некои луѓе што стоеле надвор од легалната организација, но во минатото биле видни и заслужни членови на ВМРО, како Димо Хаџи Димов, Ѓорче Петров и др. Овие злобни и со ништо непоткрепени закачки и јавното иронизирање на нивна адреса, особено во момент кога тие се отсутни од конгресот, изреволтирало голем дел од и без тоа опозициски настроените делегати кои, наспроти грешките и неправилните ставови на Извршниот комитет, само во име на единството во Организацијата имаа отидено на заедничкиот конгрес со своите јавни идејни противници, кои од ништо не зедоа поука, туку се држеа како безгрешни, и одвај неединствени изразувачи на волјата на македонската емиграција. Во знак на револт, уште пред да започнат какви било дискусии, една цела група од 72 делегати наеднаш го напушти конгресот и се собра на друго место, во друга просторија, за да донесат соодветно решение. Собрани заедно, по кратка дискусија, решаваат да се одделат од заедничката Организација и во знак на протест да не учествуваат на седниците на Конгресот. Формираат посебна групација, а од присутните делегати се избира една Привремена комисија, која ќе треба да го подготви теренот за свикувањето на посебен конгрес на приврзаниците и истомислениците на отцепените делегати. И така, во тој момент, повторно по вина на самиот Извршен комитет, настана и формалниот расцеп на Организацијата, а според тоа и на емиграцијата.

Спроведувајќи ја донесената одлука, Привремената комисија започна засилена активност во емиграцијата, претежно меѓу братствата во Софија, а, исто така, и во провинцијата. Како резултат на тоа, неколку братства целосно се присоединија кон Привремената комисија, а други, одделни личности, членови на останатите братства, идејно се приближуваа кон новата групација. И така, за релативно кратко време – по неколку месеци – Привремената комисија подготви и свика нов конгрес, направи нов проект-статут, а самата организација се нарече Македонска федеративна организација[37], со свое гласило, весникот „Автономна Македонија“, како противтежа на весникот „Македонија“ – гласило на Извршниот комитет.

---

[37] Се однесува на Македонската емигрантска федеративна организација (МЕФО).

На ...[38] се одржа и првиот основачки конгрес, на кој присуствуваа ...[39] делегати, делегирани од ...[40] братства, без да броиме поединци и мали групи, присоединети кон новата формација, но формално се уште членови на останатите братства. За време на дебатите, откако беа изнесени сите мотиви и причини што го наметнале одвојувањето, се пристапи кон дискусијата за прифаќањето на изготвениот проект-статут и на крајот преостануваше да се избере едно раководство од 10 души. На последниот ден на конгресот, пред изборот на раководството, во бирото на Конгресот пристигна писмо од Извршниот комитет, потпишано од д-р Вл[адимир] Руменов, како бивш претседател на неговиот конгрес, со кое на делегатите им се предлагаше да се „помират" со Извршниот комитет. Содржината на писмото не можеше да не биде изнесена пред делегатите. Писмото беше прочитано и уште во првиот момент настапи едно големо чудење, поради тоа што во него, наместо обединување, беше напишано помирување. Во врска со писмото се искажаа неколку делегати. Некои од нив беа на мислење да не му се обрнува внимание, но други се искажаа дека ќе треба да се даде одговор. По дискусиите за и против, Конгресот донесе решение, по неговото завршување да започнат преговори и да се бараат патишта за обединување. Извршниот комитет во случајов, откако пропушти долг временски период, откако чекаше дури Конгресот да ја заврши скоро целата своја работа за формирањето на новата организација, во последен момент го испрати писмото со изразот: да се најде начин „за помирување". Со тоа Извршниот комитет уште еднаш покажа колку површно гледал на прашањето за единството на емиграцијата. Наспроти залагањата на некои од делегатите на писмото да се гледа со најголема снисходливост и да се пристапи кон преговори за обединување, мнозинството беше непоколебливо и бараше по секоја цена да се избере раководно тело и преку тоа да се оформи оваа нова емигрантска организација. Конгресот донесе решение, уште истиот ден делегација од 10 души да отиде кај Извршниот комитет, да види што сака тој и како воопшто ќе може да дојде до едно обединување. Комисијата отиде кај Извршниот комитет, му ги изложи своите сфаќања, објаснувајќи

---

[38] Испуштено во ракописот. Првиот основачки конгрес на Македонската емигрантска федеративна организација (МЕФО) се одржал на 4-5 декември 1920 година во Софија.

[39] Испуштено во ракописот. На Конгресот присуствувале 104 делегати.

[40] Испуштено во ракописот. На Конгресот присуствувале делегати од 27 братства.

зошто се нарекува Федеративна организација, еден збор што многу ги дразнеше и шокираше господата од Извршниот комитет. Се покажа дека постојат големи разлики и не преостануваше ништо друго, освен разговорите да продолжат на неколку средби, за да може поспокојно да се размисли за еден практичен начин за обединувањето. Извршниот комитет во своите одговори по покренатите прашања беше доста надмен, па дури и арогантет, и на секој начин сакаше да покаже дека тие, членовите на Извршниот комитет, како пообразовани, угледни општествени дејци и научници се компетентни да дискутираат и да ги решаваат сите прашања поврзани со македонската емиграција и дека тие најдобро ја разбираат целта и задачите на емиграцијата. Им беше одговорено дека тие и во тој однос се лажат и оти сите прашања ќе се разгледуваат во иднина и ќе се решаваат заеднички од емиграцијата, при што ќе се води сметка за сите допуштени грешки и пропусти во минатото, како и за дејноста на некои македонски дејци, особено пред и за време на војната за кои ќе се бара отчет.* Со одлука на

* Во Комисијата, што требаше дај отиде кај Изв[шниот] комитет бев вклучен и јас, како претседател на Конгресот. Уште при првите прашања и одговори – објаснувања во врска со писмото и целта на Комисијата, членовите на Изв[шниот] комитет, со самиот претседател Ив. Каранџулов се искажаа, дека тие во принцип немат ништо против некои од точките, за кои ние сметавме дека има разлики, само сакаат да им се дадат некои објаснувања за смислата и значењето на некои термини, зборови како федеративна итн. Еден млад човек од Комисијата им одговори дека во Македонија постојат неколку националности и за да можат и тие да учествуваат во борбата, Организацијата станува федеративна, односно со еднакви права и задолженија на секоја одделна националност, земена како целина. Така размислувал и посакувал и Г. Делчев. Во одговор на тоа, еден од членовите на Изв[шниот] комитет д-р Ал. Станишев кажа, дека нему му бил помил и поблизок Г. Делчев, бидејќи тој, бил во роднински врски со него – нешто како братучед. Момчето веднаш остро му одговори дека Г. Делчев може да му бил братучед или некаков друг роднина, но тоа нема значење, зашто ние ги следиме идеите, принципите и заветот на Г. Делчев, со оглед дека сакаме да бидеме негови вистински следбеници. Јас лично, рече момчето, сум федералист уште од Солун, кога за време на Хуриетот постоеше Македонска федеративна партија итн. И претседателот навлезе во крупни објаснувања на зборови и разговорот сè повеќе се разгоруваше. Дури имаше можности да се прекинат сите разговори. Во тој момент јас исправен на нозе, во смирена поза, застанав пред претседателот Ив. Каранџулов и со потивок тон му реков: mais, lesser une porte ouver te (но, од тука[треба: оставете] една отворена врата). Ив. Каранџулов застана и разговорите се смирија. Општо, се донесе едно решение и ние си изле-

двете раководства: Извршниот комитет и десетчлената комисија, се прифати д-р В. Руменов како бивш претседател на последниот конгрес на емигрантската организација под Извршниот комитет, заедно со членовите на последниот, од една страна и претседателот на конгресот на федеративната организација д-р Павел П. Шатев, заедно со членовите на новиот Македонски федеративен комитет од друга страна, да започнат преговори за обединувањето на целата емиграција.

Конгресот се затвори. Новиот Македонски федеративен комитет се конституира и ја започна својата дејност како меѓу емиграцијата, така и пред надворешниот свет – Романија и Цариград, каде имаше контакти со некои лица, повторно Македонци, Власи, Турци и Албанци.* Меѓу другото, во статутот се утврдуваше дека за врховно тело на целата македонска емиграција ќе се смета Вишиот Федеративен комитет (чии членови – за бугарската секција – беа избрани од самиот конгрес: д-р Н. Иванов, лекар, завршил во Русија, следбеник на П. Милјуков, со демократски сфаќања и разбирања, бивш приватен лекар во Солун, специјалист за очи и уши, родум од Битола), составен од еднаков број од сите народности, кои живееја во Македонија, чиишто легални емигрантски организации ги прифаќаат идеите и принципите на новата емигрантска организација, а седиштето на овој иден комитет да биде надвор од границите на балканските држави, т.е. во Западна Европа. Целта беше на таков начин да се придобијат кон заедничка дејност не само бугарските Македонци, туку и останатите народности: Власи, Турци и Албанци. Тоа, всушност, беше една од суштинските разлики во целите на новата организација, после главната точка, дека безрезервно се прифаќа идејата за издвојувањето на Македонија во

---

говме за да одиме пак на Конгресот и да реферираме. Уште тогаш некои од делегатите беа категорички против секакви преговори и да се прекинат сите средби и преговори. Тоа не се прифати од Конгресот, туку напротив, со големо одобрување, како од страна на делегатите, така и од многубројната публика – слушатели, беше дочекано решението преговорите да продолжат. Во моите зборови, кажани на француски и во моето држење пред претседателот, некои од непомирливите делегати, дури најдоа повод да се посомневаат за некакви мои блиски врски со Изврш[шниот] комитет. До толку недовербата и непомирливоста беа големи ... Впрочем, слични куриозитетни случаи за време на подоцнежните наши средби и дискусии со Извршниот комитет имаше многу, но тоа го приведувам како куриозитет за да се види какви беа односите и менталитетот тогаш.

* Претседател д-р Хр[исто] Далкалачев, д-р Ф[илип] Атанасов, арх. Н[икола] Јуруков, Кл[имент] Размов и др.

одделна автономна, слободна, независна политичка единица, што ќе послужи – тоа категорично се одредуваше во самиот статут – како соединувачка алка меѓу балканските народи.

По основањето на Македонскиот федеративен комитет, започнаа преговорите меѓу раководствата на двете легални организации. По 1-2 средби се покажа, дека постојат неколку разлики, за кои требаше да се изјасни Извршниот комитет и да декларира дали ги прифаќа искрено, или не. Истовремено со тоа се покажаа и други помалку битни разлики и сето тоа требаше да се воопшти и прецизира, откако, пред сè, ќе се постигне истомисленост меѓу двете раководства. На општи, заеднички седници, по долги дискусии, што понекогаш продолжуваа до полноќ, беа изработени неколку точки, кои се определија за суштински и чиешто претходно прифаќање од страна на Извршниот комитет, беше услов „sine quo non"[41], за какво било идно обединување на емиграцијата. Прво, дека безрезервно се застанува на принципот Македонија да се оформи во одделна, автономна, слободна и независна од која било балканска држава, политичка единица; второ, оваа политичка единица ќе биде рамноправна членка во идната Балканска федерација (се протолкува дека меѓу Конфедерација и Федерација нема суштинска разлика); трето, се прифаќа принципот на еднаквоста во Општиот македонски федеративен комитет со седиште надвор од Балканскиот Полуостров, во Зап[адна] Европа – Виена, Женева или на друго место според можностите и нуждите на моментот; четврто, строго се забранува секакво мешање на легална и нелегална дејност, т.е. Организацијата е само легална и ќе користи само легални средства и методи за борба, при што во никој случај не се допушта принудно собирање на какви било суми, од кој било бугарски државјанин (да се цитираат соодветните членови од Статутот).[*] Овие беа суштинските точки само со чиешто претходно прифаќање можеше да се оди понатаму.

Извршниот комитет по долги и макотрпни преговори, договарања, објаснувања и дискусии дури и за најситните детали, една по една ги прифати сите овие точки, и само во однос на поимот федеративна

[41] Се мисли на латинската поговорка „Conditio sine quo non" (Услов без кој не се може).

[*] Оваа точка се постави поради случаите со скандалозно уценување на многу мирни граѓани, Евреи и Турци, од коишто нелегалната организација на Т. Александров, преку свои лица, терористи принудно собираше крупни суми и тоа во Софија, што крена бура од негодувања поради скандалозните сцени што се случуваа во некои хотели Лидо Венеција, Берлин и др. во Софија.

сакаше да задржи резервиран став. По заедничко решение, беше испратено едно окружно писмо до сите постоечки македонски братства и друштва во рамките на двете организации, во кое се изложуваа неколкуте точки, што требаше да бидат поставени за дискусија на општи собранија по кои се бараше да се донесе решение од мнозинството членови за или против, а според тоа за или против обединувањето. Пред одржувањето на идниот општ конгрес, сите братства и друштва требаше да одговорат писмено до заедничката комисија за да се знае претходно кои братства ги прифаќаат точките и сакаат обединување, а кои се против. Тоа претставуваше вистински референдум по основните разлики меѓу двете организации. Истовремено, на братствата и друштвата им беше наредено да одредат и да дадат информација колку редовни членови има секое од нив, односно колку членови во секое братство се правилни. Притоа се одлучи дека за секое братство, што се состои до 50 редовни членови, ќе може да даде еден делегат за конгресот, за братства со повеќе од 100 членови – по еден делегат за секои 100 члена итн. Сето тоа бараше доста долго време, а пак се покажа и дека некои од овие витални точки, влезени во општиот проект-статут, од многумина се разбираат и сфаќаат различно или сосема се извртуваат. А тоа беше тажен резултат на слабото политичко образование, како и на некои агитации во емиграцијата, со кои едноставно се шпекулираше за да се внесат заблуди и изопачат некои од точките, коишто на некои сè уште им изгледаа неприфатливи и несоодветни на нивните сфаќања и разбирања. На пример, се отфрлаше принципот за еднаквост во Вишиот федеративен комитет, се отфрлаше идејата за идната Балканска федерација како утопија, при што се потенцираше дека од јаболко на раздорот меѓу балканските држави, Македонија тешко ќе може да стане соединувачка алка меѓу балканските народи и држави за нивниот иден економски и културен развој итн. Ете зошто, поради бавноста на добивањето на бараните одговори од сите братства и друштва, одржувањето на Општиот конгрес, под разни изговори, сè повеќе и повеќе намерно се одложуваше, наспроти потребата овие идеи и принципи да се дознаат и асимилираат, прифатат, разберат, ако не од целата емиграција, барем од нејзиното мнозинство членови на Организацијата. А во тоа време, споровите и дискусиите како на општите собранија на братствата, така и на приватните средби и собири сè повеќе ги занимаваа умовите на македонската емиграција во цела Бугарија. Односно, откако голем дел од емиграцијата ги дозна и разбра смислата и значењето во овој момент на новите принципи врз кои требаше да се темели во иднина општата организација, како доследни на себе и верни синови на Македонија, уште во првиот

момент по братствата, или посебни лица започнаа постепено да се дистанцираат од Извршниот комитет и да се присоединуваат – некои автоматски и практично, а повеќето идејно кон Федеративниот комитет. Во приквечериеto на Општиот конгрес (крајот на 1923 г.)[42], членовите на поголемите братства веќе го имаа напуштено Извршниот комитет. Дури и неговиот весник „Македонија“ во специјална статија го одбележа овој факт и го повикуваше самиот Комитет да побрза со својата согласност за одржување на конгресот, зашто поголемиот дел од емиграцијата го напушта Извршниот комитет и постои опасност одделните братства да му откажат каква било материјална и морална поддршка. Оваа и само оваа околност ги тераше членовите на Извршниот комитет да ги „прифатат“ основните точки на проект-статутот и да се согласат да се одржи Општиот конгрес, а истовремено се носеа со празната надеж, дека на самиот конгрес, со еден или друг привиден или формален изговор, како што ќе видиме подолу, ќе можат да се наметнат и со поддршката на делегатите, од кои многумина ќе беа и нивни пријатели и истомисленици, да отфрлат некои од виталните точки. Меѓутоа, од времето кога започнаа преговорите за обединување до одржувањето на Општиот конгрес помина близу една година, доволно време за да можат сите да ги дознаат, сфатат и разберат смислата и значењето на принципите влезени во проект-статутот.

Но, во тоа време „обновената“ ВМРО на чело со Т. Александров и Ал. Протогеров (кој веќе се наоѓаше во странство, во Италија, по работа за нелегалната организација, во врска со некои лица на италијанските официјални кругови, како на пример, полковник Лоди и др. и за да се сокрие од гонењето од страна на Земјоделската влада на Ал. Стамболиски, бидејќи и Ал. Протогеров фигурираше во списокот на воени злосторници) сè повеќе се ширеше при што многумина во Македонија под српска власт, претежно во Кочанско и Кратовско – со груби мерки се принудуваа да внесуваат сериозни суми во злато или во динари во касата на Организацијата. Снабден со такви парични средства и располагајќи со суми останати „од минато време“, Т. Александров, покрај својата чисто организациска внатрешна работа, започна со едно бесно гонење и клеветење на луѓе и групи, кои му се спротивставуваа, како лично нему, така и на Извршниот комитет, под чијашто заштита последниот продолжуваше да функционира. Тешко можат да се наведат факти, иако ги имаше многу, за организациските врски меѓу нелегалната ВМРО на Т. Александров и Ал. Протогеров

[42] Општиот, односно Обединителниот Конгрес на македонските братства во Бугарија, се одржал од 28 до 31 јануари 1923 година.

и Извршниот комитет на легалната организација, што тој ја претставуваше. Но, фактички постоеше еден скриен контакт, а со тоа се закрепнуваше целосно разнишаната позиција на самиот Извршен комитет, зашто зад него фактички стоеше релативно мал, нелегален апарат и тоа повеќето беа лица бивши четници и некои војводи – терористи, вдахновени со силни националистички чувства, со наивна вера и внатрешна убеденост, дека служат и се жртвуваат за една правилна, света национална кауза. Такви, на пример, беа лицата Ст[ојан] Мишев, Сл[аве] Иванов, Гр[игор] Циклев, Јане Велинов, Мино Станков[43] и др. кои во блиското минато, со своите дела, се имаа истакнато во борбата против бившите и нови поробувачи на Македонија под српска власт. Т. Александров и неговите другари, чиј број постепено се зголемуваше, наместо да ја продолжат борбата според програмата и духот на старата, вистинска ВМРО, започнаа една колку ризична, толку и опасна и штетна дејност. Во името на единството и дисциплината на нелегалната организација, како што самиот ги сфаќаше, тој со сите дозволени и недозволени средства и методи започна да му се спротивставува секому, кој си дозволуваше да мисли и да дејствува на начин различен од оној по кој самиот Т. Александров сакаше да се работи. А за камуфлирање на своите побуди и намери, Т. Александров имаше усвоено еден стар свој манир, без темелна проверка да клевети и разобличува поедини лица, што му се непријатни, било во редовите на нелегалната организација било во редовите на постоечките легални македонски организации. Со пуштање разни гласини, со писма и белешки, се засегнуваа и обвинуваа редица луѓе, кои според своите сфаќања, разбирања, минато итн., со ништо не заостануваа зад Т. Александров, па дури нешто повеќе, според делата, самоодрекувањата и жртвите пред татковината го надминуваа во секој поглед. Такви беа Ѓ. Петров, Димо Хаџи Димов, Сл[авчо] Ковачев, Др. Ф. Атанасов, Н. Југуков, Дончо Ангелов, Гр. Циклев, Ј. Велинов и многу други легални и нелегални личности. Т. Александров, од желбата да им се наметнува на сите и во сè, меѓу другото им се имаше заканeто на некои за него непријатни лица, со кои во блиското минато бил во непријателски односи, со казни за нивната слобода да ги критикуваат делата на разни личности од легалната организација претставувана од Извршниот комитет. Ова

[43] Во оваа група не припаѓа Мино Станков(иќ), кој порано ја напуштил ВМРО и се ставил во служба на српските власти во Вардарска Македонија, а во 1923 година станал и војвода на чета на „Здружението против бугарските бандити“, истакнувајќи се со своите разбојништва и злосторства врз македонското население во Кратовско.

надмено и со ништо неоправдано држење на Т. Александров и мешање во работите на легалните организации, револтираше многумина и Славчо Ковачев, во минатото еден од активните дејци и соработник на Борис Сарафов, во весникот „Автономна Македонија“ го објави следното отворено писмо[44] во кое, како што се гледа, го оспоруваше правото на Т. Александров да дели лекции или да ги обвинува македонските легални дејци, бидејќи тој немал и не можеше да има монопол врз патриотизмот. Тоа писмо падна како гром од ведро небо врз многумина од македонските дејци, истомисленици на Извршниот комитет и соработници на Т. Александров и Ал. Протогеров. Во исто време, тоа писмо беше знак со каква храброст и доследност, веќе оформената опозиција се спремаше да ги критикува и контролира делата и зборовите на сите оние легални и нелегални дејци, кои сакаа да ја имаат палката на приоритет, кои сакаа да се претставуваат за сезнајковци и да се наметнуваат во македонските легални и нелегални работи. И покрај тоа, по тајни, непознати патишта, сепак до одделни луѓе стигнуваа разни сигнали и закани, заплашувања и сл. Тоа уште повеќе предизвикуваше многумина, а споровите, дискусиите, препирките – борбата во емиграцијата, особено кај младината, сè повеќе се разгоруваше и на секој начин се зголемуваше и засилуваше. Се создаваа младински музички, спортски и други групи, хорови итн. кои на сите можни начини го поддржуваа и развиваа македонското национално чувство и ја зајакнуваа борбената енергија кај младината и емиграцијата. Македонската емиграција никогаш не беше толку воодушевена, толку борбено расположена, како во тоа време. А тоа беше една радосна појава, што покажуваше какви нови револуционерни сили се криеја во редовите на македонска емиграција – единствената општествена сила, која можеше најефикасно, со сите средства да влијае и врз духот и расположението на населението внатре во самата Македонија, макар поделена на три дела и подложена на посилен и жесток режим.

Членовите на ЦК на ВМРО, гледајќи дека од страна на бугарската влада на Бугарскиот земјоделски народен сојуз на чело со Ал. Стамболиски не ќе можат да имаат заштита и протекција, какви што добиваа во блиското минато од владите на бившите партии на власт во Бугарија, си имаа создадено врски и во странство – Италија, која во тоа време на секој можен начин се стремеше да ја запоседне

[44] Всушност, писмото беше објавено во в. „Сила“, под наслов „Македонското дело и неговите дејци, во бр. 19 од 5. IV. 1919 г.

„manu militari“[45] – Албанија и да ја земе исклучиво под свое влијание, а преку тоа да го прошири своето влијание на Балканот. Затоа и во сè му спротивставуваше на соседното Кралство на Србите, Хрватите и Словенците. Некои италијански општествени дејци, како Габ. Д'анунцио, полковникот Лоди и други, на сите начини бараа патишта и можности за проширување на италијанската надворешна експанзија и, на еден или на друг начин, сакаа да ја искористат револуционерната енергија и искуството на Македонците за свои чисто државни интереси. Преку Ал. Протогеров, ВМРО сè повеќе се поврзуваше со италијанските официјални и неофицијални претставници и експоненти на италијанската експанзија. А бидејќи Италија, а по неа и Албанија беа најпогодни бази од кои можеше да се навлегува и да се контактира со Македонија, италијанските емисари беа во врска со оние македонски дејци, кои сакаа со нивна помош и содејство да работат во Македонија. И за да можат практично да се постигнат извесни резултати, некои македонски дејци и од двете фракции имаа започнато да создаваат, па дури и да реализираат некои планови како да се работи за подготвување на едно востание внатре во Македонија. Меѓу овие македонски дејци, освен Ал. Протогеров, во улога на претставник и член на ВМРО, и Н[аум] Томалевски, како претставник на Извршниот комитет, беше и д-р Ф. Атанасов, кој заплашен со убиство поради неговата остра опозиција спрема Т. Александров, Ал. Протогеров и Извршниот комитет, чиј член беше некое време и одлично ги знаеше обичаите во него, имаше заминато за странство – Австрија, а од таму преку Италија се имаше префрлено во Албанија. Таму, во Италија и во Албанија, Ал. Протогеров и д-р Ф.Атанасов, под притисок на италијанските емисари, започнале разговори како да се обединат напорите на сите Македонци, без разлика на фракции, кои сакаат да водат нелегална дејност во самата Македонија, пред сè, во западниот дел (Да се приведат сите податоци за преговорите во Италија и постигнатата спогодба и потпишаниот протокол меѓу претставникот на ВМРО Ал. Протогеров и припадници на новата нелегална Македонска федеративна организација на чело со д-р Ф. Атанасов и др.)[46].

---

[45] „На воен начин“ (лат.).

[46] Всушност, се однесува на познатиот Тирански протокол, од 1 декември 1921 година, потпишан меѓу Македонската емигрантска федеративна организација (МЕФО), претставувана од д-р Филип Атанасов и Павел Христов, и ВМРО, претставувана од Александар Протогеров, со Албанскиот комитет, за извојување на слободна и независна Македонија во нејзините географски и економски граници по типот на Швајцарската федерација. За ваквата постапка, без знаење и одобрување од ЦК на ВМРО, Протогеров беше критикуван од раководстото на ВМРО.

Кога Ал. Протогеров го пратил потпишаниот договорен протокол од Албанија (Тирана) за ратификување од ЦК на ВМРО, Т. Александров добил повод од тоа и покрај согласноста и веќе прифатениот ангажман од страна на Ал. Протогеров, го отфрлил овој протокол, а со тоа создаде уште поголем револт кај сите кои сакале и барале начини и средства за започнување на активна нелегална дејност во Македонија под српска власт. Т. Александров во својата надменост и ароганција, дури охрабрен дека има свој реон за дејствување (Кочанска, Кратовска и Царевоселска околии), го оспори секое право на кој било да зборува, или да се ангажира во нелегална (четничка) дејност во Македонија. Тоа, исто така, претставуваше предизвик од негова страна, како и неговата изјава дека и во легалните организации секој ќе треба да води сметка за неговата, односно за желбата и мислењето на ЦК, каде во тоа време тој со своите колеги, од никого неизбрани регуларно на своите функции, туку само поради сплетот на околностите, поскоро си ја имаа присвоено улогата на членови на ЦК. Се разбира, само по себе дека Т. Александров сите свои менторства и „заповеди" ги оправдуваше, како и во минатото, со тоа дека се однесуваат за зачувување на единството и принципите на бившата ВМРО. Меѓутоа, во суштина не беше така. Помина години, се случија и се доживеаја низа настани, ситуацијата и условите се променија, така што ниту Т. Александров, ниту кој било, па дури и од највидните македонски дејци од сите поранешни фракции (санданисти, сарафисти, централисти, федералисти) не можеше да се држи на таков или сличен начин, ниту со што било да се наметнува, бидејќи сè што помина наложуваше една нова преоценка како на принципите, така и на средствата и методите – тактиката на новата нелегална и легална борба. Т. Александров како нелегален, поголем дел од времето престојуваше во кочанските планини. Тој, охрабрен дека веќе успеал да придобие свои приврзаници, нелегални дејци (четници), отиде толку далеку, што со сè сакаше да покаже дека тој и само тој е компетентен да дејствува во Македонија, како и да зборува од името на македонското население. Тоа дразнеше и револтираше мнозина од македонските дејци, макар еден дел од нив – истомислениците со Извршниот комитет, да беа восхитени дека бившата ВМРО повторно се обновува и веќе започнале некои нелегални акции во самата Македонија. Подоцна, неколку групи нелегални дејци, Македонци, бивши четници и војводи, речиси сите истомисленици на новосоздадената Македонска федеративна организација, мислеа дека како нелегални ќе бидат покорисни за Македонија и нејзината кауза, и заминувајќи со чети за Македонија ќе можат да стапат во

директен контакт со локалното население кое, откако ќе му бидат објаснети многу работи од минатото и новонастанатата ситуација, ќе го поттикнат кон организирање и подготовка за нова револуционерна дејност. Истовремено, решиле да се сретнат и со самиот Т. Александров за да се разберат и објаснат за сè што имале намера да прават. И притоа да му обрнат внимание дека ако тој успеал да развие револуционерна четничка дејност во една-две околии, постојат и други околии, што се наоѓаат далеку од бугарската граница, какви што се Штипската, Велешката и околиите од другата страна на Вардар, во Западна Македонија, а особено Костурската, каде можат и треба да заминат. Таму, преку своите врски и револуционерно искуство од минатото би можеле да стапат во контакт со месното население и да започнат соодветна револуционерна, четничка дејност. Ако, пак, тој, Т. Александров, смета дека за револуционерните, нелегални работи можат да зборуваат и да дејствуваат само луѓе кои се внатре во Македонија, да му нагласат дека и тие се четници и војводи, исто како него и неговите луѓе, и доколку не се согласи и на тоа, тогаш да излезат гради в гради меѓусебно да се борат за да се стави крај на оваа ситуација.

Четите на Бор. Зографов[47], бивш војвода, родум од Велес, добро екипирани со оружје и облека, преку Ќустендил влегле во Кочанската околија и уште по минувањето на границата побарале средба со Т. Александров. Овој, пак, од свои врски уште претходно разбрал дека неколку мали чети веќе се наоѓаат во близина на границата, на пат кон внатрешноста на Македонија, па преку свои курири им јавил дека, наводно, тој се наоѓа малку подалеку во внатрешноста и оти ќе дошол со задоцнување. Но, всушност, тоа било стапица за да се разгласи низ околијата дека се дојдени нови чети, а српската власт го дознае тоа. Откако причекале два-три дена и се увериле дека Т. Александров не сака да дојде на средбата, четниците продолжиле понатаму кон внатрешната, со цел секоја од четите да замине за реонот што ѝ бил определен – една во Св. Николско, втора во Велешко, а трета во Костурско. Четите поминале низ Кочанското Поле и потоа навлегле на планината Плачковица. Српската власт, информирана за присуството на четите, со жандармерија и војска започнала да ги гони и опколува. Започнала битка за време на која четниците, кои биле опколени и врз нив пукале со пушки и митралези, биле распрснати, а неколкумина биле и убиени. Во таа битка, ранет во коленото, Борис Зографов, за да не падне жив во рацете на српската

[47] Се мисли на војводата Крум Зографов.

војска и жандармерија, самиот се застрелал и паднал мртов. По оваа, прва битка со српската војска и жандармерија, четите се распрснале и биле принудени да се вратат назад на бугарска територија, при што поминале по истиот пат, низ Кочанските планини. Така, наместо да се смират, да се разберат, да се договорат за заедничка революционерна, четничка дејност, тие разочарани и уште повеќе озлобени против Т. Александров и неговите другари, се прибраа во внатрешноста на царството и се започна со заемни гонења и самоистребувања. Малку подоцна, по наредба на Т. Александров, во Софија беше убиен Панов[48], правник, обвинет дека како приврзеник на БНЗ Сојуз, преку своето влијание пред власта вооружил со државни пушки некои од четниците. По него, пак по наредба на Т. Александров, на излегување од една софиска кафана беше убиен, од непознати лица, и арх. Н. Јуруков, под изговор дека тој како имотен граѓанин, екипирал и вооружил со свои средства една од четите, што требаше да замине за Костурско од каде беше родум и Н. Јуруков. Подоцна, кон четниците „федералисти" се присоединија и некои од бившите четници и соработници на Т. Александров, како навредени од него, или основано или неосновано обвинети за некои непрепорачливи активности, штетни и недозволени од Уставот на Организацијата. Поугледните од овие незадоволници, веќе опозиционери на Т. Александров беа: Ст. Мишев, Сл. Иванов, Гр. Циклев, Ј. Велинов, Заре Панов Секулички, Лаз. Костов, Зашо Мишов и др., откако Дончо Ангелов, кратовски војвода, со измама беше убиен од луѓе на Т. Александров во Кочанската планина. Центар на сите овие незадоволници и отворени непријатели на Александров беше градот Ќустендил, како важен граничен пункт, и Софија, каде во тек на една-две години се водеа меѓусебните борби, прогони, што се изразија во братоубиства и самоистребувања. Фактички, Т. Александров со своите луѓе остана господар на ситуацијата и ја продолжуваше својата организациска и терористичка дејност во граничните околии на царството – Кочанска, Царево Селска, Г. Џумајска, а подоцна и Св. Врачка и Петричка, од каде ги регрутираше своите четници, распределени на групи по одделните околии и распрснати по некои од околиските градови и по селата од каде четите добиваа поддршка.

Така, постепено, речиси невознемирувана од своите противници, революционерната организација на Т. Александров сè повеќе се прошируваше и се здобиваше со бази и во Македонија под бугарска власт, каде по војната беа сместени многу Македонци бегалци од северозападна Македонија. Меѓу овие бегалци имаше луѓе, кои во

[48] Се мисли на Александар Панов.

минатото биле легални и нелегални дејци во организацијата, но како жители на северозападна Македонија не ги имаа прифатено искуството и традицијата на македонското население од Пиринскиот предел, каде беше центарот на централистите, приврзаниците на веќе убиениот легендарен македонски војвода Ј. Сандански. Сите тие поактивни бивши легални и нелегални дејци санданисти, поради ослободувањето на овој крај, ја имаа напуштено револуционерната организација и се беа предале на своите приватни работи, зафаќајќи се со семејни, домашни, приватни активности за прехранување и преживување. Со еден збор, сите истомисленици и соработници на Ј. Сандански, макар во минатото да беа видни дејци и членови на ВМРО, мируваа, тивко, спокојно престојуваа во своите родни места, во градовите и селата на Македонија под бугарска власт – Петричко, Разлошко, Неврокопско, Св. Врачко, Г. Џумајско и др. Т. Александров охрабрен, искористувајќи ја новонастанатата ситуација во пограничните околии, стана поагресивен – започна еден по еден да убива некои од своите противници или непријатни за него луѓе. Тој отиде дури до таму што преку своите слепи орудија, на патот меѓу Радомир и Ќустендил, кај с. Коњаво[49], го уби бившиот министер за внатрешни работи, Ал[ександар] Димитров, еден од најактивните, храбри и карактерни лидери на БНЗ Сојуз по Ал. Стамболиски. Возбудата по ова демонстративно убиство беше голема. Но, поради силната опозиција на земјоделската влада од страна на сите останати поранешни владејачки партии, страстите сè повеќе се разгоруваа, споровите се засилуваа и борбата како против земјоделската влада, така и против Т. Александров и неговите луѓе толку се заостри, што борбата на принципи и идеи се претвори во борба на одделни личности, во манифестирање ниски страсти и во обични напади, хулења и клеветења. Блоковски претставници и земјоделци, федералисти и централисти на чело со Т. Александров, кој тајно беше во врска со некои луѓе од блокот на буржоаските партии против земјоделската влада на Ал. Стамболиски, во која, поради внатрешни судири и спротивставувања, се имаа создадено одделни групации, кои се бореа меѓу себе: Н. Турлаков[50] со своја група, Томов[51] со други, Александар Стамболиски со Даскалов[52] – трета

[49] Се мисли на Коњавскиот премин или Коњавска планина. Александар Димитров, како министер на војската, е убиен кај с. Козница на 21 октомври 1921 година.

[50] Се мисли на Марко Турлаков, министер за финансии.

[51] Се мисли на Коста Томов, министер на војската.

[52] Се мисли на Рајко Даскалов, министер за внатрешни работи.

група итн. Целото офицерство во резерва беше против земјоделската влада, а Т. Александров имаше тајни врски со некои од офицерите во активна служба во пограничните градови – Ќустендил, Г. Џумаја, Петрич, каде обвинет за учество во некои компромитирачки афери и активности беше демонстративно убиен, од луѓето на ВМРО и самиот окружен управител Козлев. Подоцна, еден одред од четници Македонци на чело со Панче Михајлов, сите во униформа со долги пелерини, го опколи, нападна и запоседна за повеќе од 24 часа градот Ќустендил. Целта беше да се најдат, киднапираат и казнат, т.е. да се убијат непомирливите противници, кои скриени во конспиративни станови и скривници во самиот град Ќустендил го вознемируваа и му пречеа на Т. Александров и на неговите луѓе да ја спроведуваат својата дејност и во Ќустендил, а според тоа и во Софија, против сите за нив непријатни лица, групи, или идејни противници и опозиционери. Самиот Томов како надлежен Воен министер замина со воз за Ќустендил и без да води сметка за понижувањето на кое се изложуваше самата тогашна земјоделска влада, лично се сретна со луѓето – војводи и четници на Т. Александров и се осуди дури и да разговара со ... Брло војвода[53], физичкиот убиец на неговиот колега Ал. Димитров, убиен пред тоа во околината на истиот град...! Пропаста, резилот беше сеопшт. Револуционерната четничка, терористичка организација на Т. Александров и неговите другари, соработници и истомисленици Македонци и бугарски државјани, беше како држава во државата. Омразата, борбите меѓу сите поранешни владејачки партии и партијата на БНЗ Сојуз на чело со Ал. Стамболиски го имаа достигнато својот врв. Во земјата се организираа собори и конгреси на едните и другите, јавно се ставаа на потсмев бивши државници, општественици и политички дејци, при што им ги скубеа брадите, а, пак, нивните соработници и истомисленици групно организираа демонстрации, кои се изразија во отворени провокации со цел по секоја цена да се компромитира бугарската влада и да се симне од власта БНЗ Сојуз на чело со Ал. Стамболиски...

Стамболиски сè уште силен само поради својот голем авторитет во широките селски маси, се мачи да ги помири непријателските струи внатре во БНЗ Сојуз, а тие, пред сè, поради неграмотност, самобендисаност, злоба и егоизам продолжуваа да пуштаат гласови, да организираат интриги. Речиси немоќната централна власт, бара средства и можности за самоодбрана и не сметајќи дури ниту на војската, која, според намената и долгот, треба да ја чува и штити

[53] Се однесува на Иван Јанев-Брло.

постоечката положба, редот и мирот од нередот и анархијата, решава да се создаде народна милиција, гарда, што ја нарекоа оранжева (портокалова н.з.) гарда. Но и таа лошо организирана, без сериозни водичи, недисциплинирана, се предаде на самоволија, а на некои места се случија и насилства и измачувања врз мирните, лојални граѓани. Сите се прашуваа кога и како ќе заврши сето тоа и кој ќе стави крај на оваа ситуација?

Како што е познато, крајот беше воениот заговор со државниот преврат извршен на 9 јуни 1923 година. Но, како што ќе видиме понатаму, овој воен и државен удар за нас Македонците и Македонија се покажа пофатален отколку за Бугарија и бугарските селански и работнички, трудбенички маси...

Така, кон крајот на 1922 и почетокот на 1923 година, сеопштиот хаос, па и меѓу македонските легални и нелегални организации, постоечките групи и лица беше целосен, а на тоа, секако, мораше да се стави крај. Тоа беше една огромна, тешка задача и за да има таа дури и најмал успех требаше да се спроведува со умешност и тактичност. Најпрво мораше да се направи сè што е можно за да се стави крај на расправиите, кавгите, недоразбирањата и постоечките идејно-организациски разлики, а прва неопходна и ефикасна мерка за посериозно обединувања на македонските легални и нелегални организации беше одржувањето на општиот конгрес. Откако сите братства и друштва, членки на двете легални организации, имаа одговорено на општото окружно писмо за спроведувањето на референдумот по братствата и друштвата околу суштинските точки зацртани во општиот проект-статут и секое братство на општо собрание на членовите, со мнозинство се имаше изјаснето и дадено одговор за или против обединување, кон крајот на месец јануари 1923 година во Софија беше одржан Конгресот. Двете легални организации, макар навидум смирени, фанатично ги застапуваа своите ставови и Конгресот се одржа во услови на сеопшта возбуда. Антагонизмот и страстите воопшто немаа стивнато, а меѓусебната недоверба и сомничавоста продолжуваа. Уште на отворањето на Конгресот се постави прашањето да се направи или не молебен од неколку свештеници. Се разбира, мнозинството се изјасни позитивно, иако не без приговори, но се појави прашањето, кој од младинските хорови на двете организации да пее. Се реши и двата младински хора на двете организации да испеат по една-две песни... По изборот на претседателството на Конгресот, беа избрани три комисии: една за проверка на делегатите, втора по прашањето за прифаќањето на статутот и трета за резолуциите. Во работата на првата комисија се

покажа дека братствата и членовите на Федеративната организација се во мнозинство со 53 спрема 50. Но бидејќи тоа за нас, членовите на комисијата припадници на Федеративната организација, беше без значење, се согласивме тоа да не се спомнува во рефератот, туку да се премолчи за да не им се даде можност на некои поекстремни и егзалтирани луѓе да шпекулираат со тоа и да ги дразнат делегатите. Во комисијата за прифаќањето на статутот, некои од луѓето на Извршниот комитет (Г[еорги] Баждаров и Г[еорги] Кулишев) се изјаснија против некои членови од статутот, барајќи тие да се поставaт на разгледување пред конгресот и тој да одлучи, изјавувајќи дека тоа е демократски принцип и во случајов ќе треба конечниот збор да му се препушти на мнозинството. Меѓутоа на тоа се спротивставивме одлучно, ние, делегатите на Федеративната организација, истакнувајќи дека, согласно со заедничката спогодба за одржувањето на конгресот, тој не може, дури ниту со мнозинство, да менува која и да било од точките определени како суштински, што претставуваат и принципи во општиот статут. Зашто, за нив веќе се има изјаснето целокупната емиграција, кога во братствата и друштвата се одлучувало за или против обединувањето. Но, во тоа колебање на некои од членовите во комисијата за прифаќање на статутот се забележа желба, барем на Конгресот, на некој начин, па дури и преку влијанија од страна да се укинат некои од суштинските точки. Општите дебати на Конгресот продолжуваа, се водеа жестоки спорови, но главното внимание беше насочено кон Статутарната комисија од која зависеше дали ќе продолжи и самиот конгрес или ќе треба да прекине. Во последен момент, делегатите приврзаници на Извршниот комитет целосно го прифатија статутот, од првиот до последниот член, при што посакаа само зборот федеративна да се измени со сојузна. Бидејќи нам формалноста не ни беше важна, се согласивме овој збор да се отфрли од статутот и да се замени со „сојузна“. Така, името на легалната организација стана „Сојуз на македонските емигрантски организации“. Конгресот го прифати статутот и продолжи со другите точки од дневниот ред. Беа прочитани и прифатени сите подготвени од соодветната комисија резолуции, како по политичките, така и по организациските прашања.

(Да се наведат извадоци од Статутот и изгласаните резолуции)

И така, во една свечена атмосфера беше прогласено обединувањето на македонската емиграција, а Конгресот беше наречен прв, обединувачки конгрес на македонските емигранти во Бугарија. Се избра ново раководно тело, кое се нарече Македонски национален комитет, во улога на највисок управен и раководен орган. Се реши да

се запрат двата весника „Македонија“ и „Автономна Македонија“, и да се создаде нов дневен весник со наслов „Независна Македонија“. И така, по долги, макотрпни преговори, одложувања, меѓусебни кавги и уште низа тешкотии на 31 јануари 1923 година се случи посакуваното од сите обединување на емиграцијата. На тој начин се успеа да се најде една општа формула, што ќе ги обедини сите македонски емигранти и споровите, расправиите, барем меѓу легалните организации, постепено да престанат и да се премине кон поефикасно организирање на емиграцијата, од која се очекуваа нови материјални одрекувања како за идната работа на Националниот комитет, така и за новиот заеднички македонски дневен весник „Независна Македонија“.

Радоста, општото задоволство беа големи, зашто за прв пат од постоењето на легалните македонски организации, со конгресна одлука, се постигна и прогласи обединувањето, што уште повеќе охрабри и инспирира голем дел од чесните и совесни Македонци, кои искрено го посакуваа доброто и просперитетот на Македонската национална кауза.

При конституирањето на новиот Национален комитет за претседател беше избран Вл[адимир] Кусев, адвокат, умерен и чесен човек, кој за цело време на борбите држеше умерена и помирувачка позиција, без да се покаже како отворен приврзаник на некоја од двете бивши легални организации. Преостануваше да се назначи и главен уредник на весникот „Независна Македонија“. Тоа место прво му беше понудено на С. Ковачев, но тој како истакнат и исполнет со ентузијазам приврзаник на Федеративната организација, иако огнен публицист и македонски револуционер со големо искуство од минатото, поранешен секретар на тогашниот Врховен македоно-одрински комитет, уште од времето на Борис Сарафов, се откажа. Едноставно, поради скрупулозност, некои лица да не помислат дека тој, преку неговата борба против Извршниот комитет и Т. Александров, тајно посакувал да дојде до позиција во организацијата за да игра некоја улога, а најповеќе поради тоа што оваа должност беше решено да биде платена, со соодветна плата, па според тоа, да не се помисли дека во прашање била материјалната награда. На негово место беше поставен Петар Мрмев, тогаш учител во Ќустендил, од каде со една – две статии објавени во весникот „Македонија“ безрезервно се имаше изјаснето за едно сеопшто обединување, што, всушност, беше и желба на скоро сите големи и мали, легални и нелегални дејци и луѓе во сите дотогаш постоечки организации, групации. Со оглед дека не беше професионален журналист, како помошник му беше даден Ст. Симеонов и други. Но, и по обединувачкиот Конгрес, сепак требаше

да помине извесно време, додека идеите, принципите поставени во новиот статут се дознаат, сфатат и разберат од огромниот дел од емиграцијата, распрсната по сите делови на Бугарија. Утешно беше што барем кај легалната емиграција запреа споровите, кострешењата, несогласувањата, недоразбирањата, како неопходност за создавање на една масовна единствена легална организација, што можеше со авторитет да настапува пред сите меродавни фактори во Бугарија и во странство. Луѓе по лична иницијатива или задолжени од Организацијата заминаа за странство: Букурешт, Женева, Париз, дури и во Лондон за да ја агитираат и пропагираат идејата за ослободување на Македонија и нејзината праведна кауза.

Преостануваше останатиот дел, нелегалните групи и организации, исто така, да се обединат за да може да се тргне по еден поправилен револуционерен пат, без самата бугарска држава да се изложува на ризици и опасности, какви што сè уште постоеја, долго време и по потпишувањето на мировниот договор во Неј. Но, секој чекор кон какво било зближување, смирување или обединување на непријателските нелегални групи и лица беше проследен со голем ризик, зашто во тогашното расположение меѓу тие групи и лица, секоја иницијатива можеше да се претвори во меѓусебни прогони и истребувања. Потребно беше уште поголемо внимание, поголема тактичност и умешност, бидејќи се испреплетуваа низа лични и групни интереси спротивставени едни на други. Токму затоа секој чекор претставуваше ризик и за најдобронамерниот да си ја скрши главата, т.е. да го изгуби животот и да биде обвинет за скриени намери, какви што секогаш и секаде можеа да се измислат. А и секоја иницијатива да се оди напред, во секоја од струите, уште претходно беше лишена од секаква надеж за успех, зашто секој чекор напред за нелегалните групи фактички значеше да се засилат самоистребувањата, убиствата меѓу непријателските и крајно замразени групи и лица.

Уште со започнувањето на преговорите за обединувањето на легалните организации, по иницијатива, совети и инсистирања на еден-двајца руски револуционери – болшевици, кои престојуваа во Бугарија и веќе беа стапени во контакт со некои македонски легални и нелегални лица, скриено, тајно беше покрената иницијатива за изнаоѓање заеднички точки, средства и начини за разгорување на македонското национално револуционерно движење. Пред сè, се наметнуваше потреба од едно општо обединување, за да можат да се искористат сите македонски револуционерни сили. Но, се поставуваа прашањата како, од кого и врз која основа да се направи тоа? И дали воопшто може да успее, имајќи ги предвид долгогодишните борби

меѓу македонските дејци? Или, пак, и една таква иницијатива, колку и да беше умесна, навремена, благородна и корисна, ќе поминеше како и сите други иницијативи од минатото за помирување и обединувањето на постоечките македонски нелегални организации, фракции, групи и луѓе, што секогаш завршуваа со засилување на недоразбирањата, споровите и непријателствата и со зголемување на бројот на братоубиствата.*

Постоеја два пата. Првиот беше да се поттикне, да се поддржи онаа струја, што ги имаше прифатено или, поточно, можеше да ги прифати поновите методи и принципи на борбата, поновите идеи, кои беа соодветни за новото време, и да се започне непомирлива борба за конечното уништување на она крило на ВМРО, кое „ништо старо немаше заборавено и ништо ново немаше научено", а истовремено сакаше, така да се каже, да го монополизира македонското национално револуционерно движење, соработувајќи со одговорни и неодговорни фактори и лица во Бугарија и странство, кои поскоро сакаа да го искористат за свои партиски, дражавни или строго империјалистички цели и намери. Таква беше групацијата, организацијата на Т. Александров и Ал. Протогеров, како членови на ЦК на ВМРО, која како единствена фактички не постоеше, освен во фантазијата на споменатите луѓе и кај нивните соработници и истомисленици. Тие сакаа да продолжат со старите, познати методи и средства на борба, што ги знаеја од минатото, и дури како да не сакаа да водат сметка за новонастанатата ситуација внатре во Бугарија и во Македонија, како и на општобалканско и меѓународно ниво. Неспорен факт беше дека меѓу нелегалните македонски групации постоеше расцеп, дека меѓу нив имаше непријателства, самоистребувања и самоуништување. А, пак, македонското население, од искуство веќе знаеше дека секоја поделба во нелегалната организација ВМРО, неизбежно се одразуваше лошо, пред сè, врз оние што ја поддржуваа внатре во Македонија, зашто тие, како мештани, страдаа или од борбите меѓу непријателските групации или организации или, пак, од прогонот

---

* Примерот на турското национално движење на чело со Мустафа Кемал и неговите другари: Аднан бег, Рефет бег, Кара Бекир, Исмет и др. во М[ала] Азија – Ангора, каде престојуваше и рускиот болшевички револуционер Коралов, во тесен контакт со иницијаторите на турското нац[ионално] движење, не примамуваше и охрабруваше и си велевме ако Турците, толку далечни по раса, јазик и култура од Русите, можат да сметаат на руска – болшевичка морална и материјална помош, зошто и ние Македонците да не ги користиме нивните совети, нивното искуство и подготвеноста да ни помогнат.

и теророт на новите поробувачи. Секоја средба со српската војска или жандармерија, секоја битка меѓу непријателите, неизбежно се одразуваше врз локалното население, кое на крајот на краиштата го доживуваше сиот ужас од српските и грчки властодршци-реакционери. Ете зошто, новите чети, кои се обидоа да навлезат во внатрешноста на Македонија, беа лошо пречекани од локалното население, кое на секој можен начин сакаше да им каже дека Македонија не се ослободи дури со илјадници војници, кои таму се бореа и престојуваа три години, а што ќе постигнат одделни мали чети, кога власта располага со брзи средства за комуникација, модерно оружје и телефони по сите пунктови и единици... Со други зборови, стариот начин на четнички акции, со убиства и терор, со ништо не ќе може ефикасно да му помогне во новата борба за национално ослободување. Сето тоа локалното, македонско население како инстиктивно да го чувствуваше. Под притисок на заканите, теророт и убиствата некои им даваа засолниште на четите или, пак, внесуваа помали или поголеми суми во касата на ВМРО, но тоа го правеа повеќе под принуда, отколку доброволно, како што беше во минатото. Надвор од тоа, секакви прекугранични четнички продори ја отежнуваа положбата на бугарските влади, кои беа ставени во тешка ситуација по крајот на војната и општата национална катастрофа што следуваше по неа.

Постоеше еден проект, повеќе на самите руски револуционери, особено откако Грција, според одредбите на мировниот договор од Севр, ја окупираше меѓусојузничката Западна Тракија (La Trace interaliee), дотогаш управувана од францускиот генерал Шарпи, и откако со својата војска навлезе во Источна Тракија, во соработка со турски национални дејци и еден одред од 5-6 илјади вооружени Тракијци и Македонци (Бугари и Турци) какви што во секој момент можеа да се најдат, екипираат и вооружат. Тој предвидуваше, според претходно изработен план, да се крене еден бунт, што можеше да се прошири и до Солун, ако притоа постоеше и најмала шанса Србија, како претставничка и еден вид мандатарка на силите победнички, неизбежно да реагира, а со тоа да се заостри и ситуацијата во цела Мала Азија – Ангора. Како што беше подоцна соопштено, во Анкара во никој случај не сакаа таму да се преземе таква акција, што можеше да се претвори во авантура и индиректно да му наштети на турското национално движење, кое сè уште немаше закрепнато, а преку тоа Турција да се лиши и од тајната морална поддршка на официјална Франција...

Вториот пат беше да се прифати самата груба македонска реалност внатре во Македонија и надвор од неа во Бугарија, и почитувајќи

го правото на оние, кои на еден или друг начин се наоѓаа на врвот на постоечката ВМРО, таква, каква што беше во овој момент, да започне една сеопфатна помирувачка или обединувачка акција, која, пред сè, ќе може идејно, а паралелно со тоа и организациски да ги собере на едно место, да ги обедини сите во еден единствен, вистински револуционерен македонски фронт. Таканаречените санданисти, бивши федералисти од 1908-1912 година, повеќето од нив во Пиринскиот крај, разочарани или предадени на своите лични, семејни работи, т.е. посветени исклучиво на своите занимања и на прехранувањето, останувааа пасивни и беа обични гледачи. Емигрантите – комунисти при БКП, исто во никој случај ниту посакуваа ниту, пак, можеа да се присоединат кон дејците на ВМРО или кон оние од Општиот сојуз на македонските емигранти. Не преостануваше друго освен да се преземе една таква општа акција, која идејно и организациски ќе може целосно да ги задоволи сите лица (или поголемиот дел од нив), кои членуваа во постоечките групи и организации, откако, пред сè, ќе се усогласат врз една претходно изработена заедничка платформа. Секакво друго разрешување на оваа важна, но извонредно тешка задача, ќе беше фатално и можеше да биде проследено со уште поголеми недоразбирања, што повторно ќе се манифестираа само во братоубиствени борби – самоистребувања.

На неколкуте средби со овие руски револуционери Б. Н. и Ал. П.[54] се одлучи, во никој случај да не се помага одделно ниту една од постоечките фракции, биле тие „федералисти" или „автономисти", туку да се започнат разговори со лицата од ЦК на ВМРО – Т. Александров и други, и ако тие одбијат или се спротивстават на секаков договор, тогаш веќе со сите можни средства да се преземе акција, со цел да се обезличи и уништи секоја група што дејствува против обединувањето, па дури и самата ВМРО, чии членови и истомисленици обично беа нарекувани „автономисти".

Преку блиски и посвесни лица, најпрво преку Илија Весов[55], кој беше член на ВМРО и имаше добиено видно место во неа, беше

[54] Иницијали на соработниците на Советската разузнавачка служба, познати во македонската и бугарската историографија со псевдонимите: Борис Андреев, Андреев-Базаров. Всушност се работи за Борис Шпак. Види кај Владо Поповски, Ленина Жила, Македонското прашање во документите на Коминтерната, Т. I, Дел 2: 1923-1925, Скопје, 1999, 1555.

[55] Се мисли на Љубомир Весов (1882-1922), поет. Во 1922 година Тодор Александров го испратил да ја организира и раководи Крушевската револуционерна околија, каде и загинал од српската жандармерија на 15 ноември кај селото Острилци.

направена првата анкета. На оваа сондажа Т. Александров, без да одбие или да се спротивстави на каква било согласност, одговори дека бара време „за да размисли и да реши“... Но, токму во тоа време 1922 година, Т. Александров беше во заострени односи како со првите луѓе – министрите од БНЗ Сојуз на Ал. Стамболиски, така и со неколку групи на нелегални македонски дејци. Пред сѐ, со сите лица, кои припаѓаа на таканаречената нелегална Федеративна македонска организација, за која некои личности имаа направено и посебен статут со свој печат, иако речиси сите повидни дејци од бившата легална федеративна организација, како д-р Хр. Далкалчев, Сл. Ковачев, Кл. Размов и други, негираа дека таква нелегална организација има и постои со нивно знаење и согласност. Меѓутоа, се покажа дека таква имало и на нејзино чело се наоѓал д-р Ф. Атанасов со свои блиски луѓе, повеќето бивши нелегални дејци како Т. Паница, Ст. Мишев, Сл. Иванов и др., до скоро блиски соработници на Т. Александров, но кои поради едни или други причини, се одвоиле од него и стапиле во остра борба.[56] А такви имаше доста, распределени на мали групи од луѓе, кои имаат нешто згрешено пред Т. Александров или, едноставно, биле непријатни и омразени за него. Секој од нив поединечно бил обвинуван од Т. Александров, според статутот на ВМРО, за некои вистински или измислени престапи.

Да ја споменеме, на пример, групата на Гр. Циклев, Ј. Велинов, Заре Панов Секулички и други, што дејствуваа и имаа влијание во Кратовската и во Кумановската околија; групата на Ал. Панов, кого Т. Александров го обвинуваше дека како член на Земјоделската партија и со врски во власта, го помагал екипирањето и вооружувањето на четата, која имаше заминато внатре, во Македонија – во Кочанско, но беше разбиена од српската војска и жандармерија, по што се врати назад во Бугарија, без да може да го продолжи патот за Велешко; групата на Т. Паница и неговите најблиски другари и соработници,

---

[56] Всушност, се однесува на организацијата што ја основале под името Македонска федеративна революционерна организација (МФРО) во почетокот на 1922 година. Во Централниот комитет на организацијата биле избрани: Крум Зографов, Александар Панов, Григор Циклев, Велко Мандарчев, Заре Секулички, Лазар Тодоров – Фертика, а во Задгранично претставништво: арх. Никола Југуков, Филип Атанасов, Стојан Мишев и Славе Иванов. Во декември 1922 година тие излегле со проект-устав и со повик до „македонскиот народ“, во кои објавиле „извојување на слободна и независна Македонија како рамноправен член на Балканската федерација преку оружена и смела борба“, со употребата на легални и нелегални средства.

кој тајно имаше заминато во Москва, а по враќањето се прогласи за нелегален и кај кого се имаа групирано Ст. Мишев и др. Т. Александров, колку и да не сакаше да влегува во конфликт со воените власти, поради карактерот на преземаните од негова страна акции – убиства, прогони на неговите противници, тие автоматски, без никаква нивна желба беа директно засегнати. На пример, началниците на гарнизоните во Г. Џумаја, Ќустендил, Петрич и др. имаа големи проблеми и низа тешкотии во извршувањето на нивната службена должност.

Сето тоа се однесуваше на Т. Александров и го мачеше. Но, тој се тешеше, залажувајќи се дека за релативно кратко време, преку убиства и терор, ќе може да излезе на крај со сите свои противници, чиј број, меѓу другото, сè повеќе се зголемуваше... Против него излезе и Т. Паница, еден од првите соработници на веќе убиениот Ј. Сандански. По убиствата на Ал. Панов и на арх. Н. Јуруков, следуваше убиството на Коста Хаџи Петров, докажан комунист, во тоа време дури и градоначалник на градот Дупница, исклучителна личност со голема популарност во овој крај, кого го обвинија (пак неосновано) дека, наводно, организирал, екипирал и вооружил некакви чети, чии четници, со амблем со срп и чекан, сакале да заминат за Македонија и таму да спроведуваат комунистичка дејност итн. Измислици со кои требаше да се оправдаат убиствата на неколку лица, некои од кои демонстративно биле убиени и обесени за пример на неколку врби по патот Дупница – Г. Џумаја.

За нас важното беше дека Т. Александров го немаше дадено својот одговор, а без него не беше ниту тактички ниту разумно да се презема што било. Доцнењето на одговорот од страна на Т. Александров започна да нè чуди. Можеше да се протолкува веќе и како тивко одбивање и според тоа немаше зошто да се чека повеќе. Ете зашто мораше јас да заминам за Г. Џумаја и таму или на друго место да се сретнам со Т. Александров и откако ќе му ги дадам најнеопходните објаснувања за целта кон која стремиме, да му побарам и одговор.

Јас уште од детството се познавав со Т. Александров. Подоцна тој беше учител во Кратово, а во 1901 година јас со царско ираде бев интерниран и ставен под полициски надзор, па уште подобро се запознавме. Работевме заедно во Кратово, доколку ни допушташе местниот околиски комитет, во кој раководител беше мојот брат Ив[ан] П. Шатев, а негов помошник Вл[адимир] Карамфилов – главен учител во Кратово. Таму, во Кратово, јас и Т. Александров цела година бевме неразделни другари, а уште од времето нè поврзуваа некои спомени и доживувања во врска со развојот на револуционерното дело во овој крај. Наредната 1902 година веќе бев

емигрант во Бугарија, а Т. Александров беше преместен за учител во Кочани, каде беше и раководител на местниот околиски комитет. Јас во тоа време, привремено живеев во Ќустендил и одвреме-навреме, во врска со испраќањето на динамит во Велес и од таму за Солун, ги користев врските и познанството, дури и другарството со Т. Александров, кој и лично како раководител ми помогна. Дури, еднаш или двапати, лично се сретнавме во с. Оризари – јас како нелегален четник, а тој како учител – раководител на Кочанскиот околиски комитет.* Со Т. Александров останавме добри и искрени пријатели и само еднаш, подоцна, во 1909, по акцијата за разоружување во времето на Хуриетот, влеговме во личен спор, но на почетокот на Балканската војна, по влегувањето на бугарските војски во Солун, ние се помиривме, повторно се зближивме, а по општоевропската војна честопати дискутиравме по многу прашања, како за војната, така и за македонските работи. Од тогаш со Т. Александров се немавме видено, но врските не ги имавме прекинато. Дури, тој како нелегален, во пиквечерието на Обединувачкиот конгрес во 1922 година, ми имаше пишано едно-две писма, во кои инсистираше по секоја цена да се постигне обединувањето меѓу двете легални организации. Истовремено, јас бев во контакт и во уште поблиски односи со д-р Ф. Атанасов, кој веќе се наоѓаше во Виена како емигрант, и кој исто ми имаше пишано од таму едно писмо, во кое бараше да се постигне обединувањето. Овие двајцата – едниот шеф на ВМРО, другиот шеф на нелегалните федералисти, по тоа прашање беа истомисленици и оваа околност многу придонесе во јануари 1923 година да се постигне обединувањето и покрај опозицијата на некои од федеративната организација, кои во никој случај не сакаа да дојде до тоа, сметајќи дека бившиот Извршен комитет и ВМРО на Т. Александров, која се криеше зад него, ги немаат искрено прифатено идеите и принципите на новиот статут, па како такви се и ќе бидат непомирливи непријатели на секоја нова ориентација на македонските легални и нелегални организации. Дали тие тоа го правеа поради поголема остроумност или тоа беше од фанатизам или воопшто од омраза, јас тогаш не успеав да разберам. Но, околноста што и Т. Александров и д-р Ф. Атанасов се имаа искажано за обединувањето на легалните организации, ми вдахна многу надеж, дури ме охрабри и јас станав поборник за обединување по секоја цена. Оваа иста желба на двајцата нелегални дејци, кои зад себе имаа, едниот многу повеќе, другиот сосема малку приврзаници и соработници, за мене беше многу важна, зашто токму во тоа време,

* Види: „Македонија под робство“, стр. 213-214, од Павел П. Шатев.

сосема тајно, се подготвуваше и обединувањето на нелегалните групи и организацијата на Т. Александров, Ал. Протогеров, П. Чаулев – членови на ЦК на постоечката ВМРО.

Сепак, и покрај сè што поминало, моето одење во Г. Џумаја – гнездото на Т. Александров, токму во ова време ни изгледаше ризично, зашто од с. Бараково понатаму по раскрсниците и на важните места имаше четници – луѓе на Т. Александров, кои внимателно ги набљудуваа и следеа сите што одеа и се враќаа. А, пак, ако јас заминев сам, не можеше да не бидам забележан и информацијата за тоа да не биде пренесена по должност, и додека Т. Александров, кој поголемиот дел од времето го поминуваше во планинските села покрај новата српско-бугарска граница, да разбере кој сум јас, можев да бидам убиен или, во најмала рака, да настрадам... За поголема безбедност му пишав на Мих. Монев во Г. Џумаја – мој сограѓанин, личен пријател уште од најраното детство, со кого исто ме поврзуваа минати, драги спомени од Македонија – за да знае кој ден и со кој воз ќе пристигнам.[57] И колкаво беше моето изненадување, па и задоволство, кога уште на железничката станица во Г. Џумаја, го видов М. Монев и заедно со него, со истиот воз заминавме во Г. Џумаја, каде отседнав во неговиот дом. Тој, како најверен човек на Т. Александров, па и негов зет, беше и врската меѓу мене и Т. Александров и уште во истиот момент испрати посебен курир со писмо, во кое го известуваше Т. Александров, дека сум веќе дома кај него, и тој (Т. Александров) да каже каде и кога ќе можеме да се сретнеме. Мих. Монев цело време внимателно избегнуваше, поради деликатноста, да ме прашува за содржината на средбата. Двајцата долго зборувавме за многу преживеани работи во минатото, но за причината за средбата избегнувавме да зборуваме. Еднаш, двапати излеговме во градот, дури седнавме во една од кафеаните, а по патот и внатре имаше доста луѓе, кои лично ме познаваа и кои испитувачки ме гледаа како се шетаме со М. Манев и интимно разговараме. Случајно го сретнавме лицето Јор[дан] Чкатров, кој во тоа време се наоѓаше во Џумаја, изгледа за некои посебени задачи, како лице блиско на Т. Александров и Ив. Михајлов, којшто во тоа време, без јас да знам, бил пунктов началник на Организацијата и како таков бил главна врска на Т. Александров со Софија и со внатрешноста на Бугарија. Јор. Чкатров уште кога се сретнавме, при поздравувањето, насмевнат до ушите, малку иронично ми кажа: Како така и Вие, г-дине Шатев, дојдовте во „автономијата”? Да, му одговорив,

[57] Михаил Монев ја вршел функцијата пунктов началник на Горна Џумаја.

јас се движам и во „автономијата“ и во „федерацијата”- сеедно, по што замолчев, а потоа и се разминавме. Мих. Монев, без да направи било каков гест, исто молчеше и се смешкаше. Мих. Монев е една интересна личност. Уште мал, во скопското трокласно училиште се истакнуваше со пргавост и снаодливост во игрите и трките. Подоцна, пак, како стипендист се запиша во семинаријата во Цариград, каде не заврши и стана народен учител во Куманово, Кочани и др. Татко му беше слеп од раѓање, сиромашен и се бавеше со свирење на виолина и пеење во црквата. Ја знаеше на памет целата литургија и честопати, кога ќе забележеше, ги поправаше грешките, што ги правеа некои од свештениците, дури и кога го читаа евангелието. Како виолинист, по ослободувањето на Бугарија, а особено по српско-бугарската војна (1886 г.), тој имаше патувано низ Бугарија и беше запознат со старата и новата историја на Бугарија. Знаеше и многу патриотски песни, кои со желба скоро насекаде ги пееше, особено кога ние, како младинци, гимназијалци или ученици во семинаријата од скопско, солунско, па некои и од ќустендилските средни училишта, се собиравме кај него, а тој нѐ развеселуваше со својата виолина и нѐ разонодуваше со своите раскази за сѐ што знаеше за Бугарија. Беше слеп, но слухот и паметењето му беа толку развиени, што им оставаше впечаток на сите, со кои се сретнуваше. Па, беше и многу духовит и снаодлив. Воопшто, беше еден пријатен, одличен соговорник, пејач и музичар. Беше голем патриот и често нѐ трогнуваше со своите приказни, па дури и поуки. Неговиот дом за нас учениците беше секогаш отворен и ние се чувствувавме како во некој музички, пејачки клуб. Слепиот Моне имаше само двајца синови, и двајцата воспитани и образовани како стипендисти и веќе станати – народни учители. Повозрасниот Игнат беше подиректен, ентузијаст и целосно оддаден на народното и револуционерно дело. Уште момче, како соучесник во убиството на еден србомански свештеник во Кратово, тој падна дури и во затвор, но беше ослободен и беше еден од вредните и смели револуционерни дејци. Двајцата браќа имаа многу заедничко, оставено во наследство или стекнато од нивните родители. Многупати кога сум се загледувал во лицето и на едниот и на другиот, а ги познавав двајцата во секој поглед, забележував дека едниот, поголемиот, ги имаше квалитетите на својот татко, додека другиот, помалиот – квалитетите на мајката. Првиот беше со среден раст, заоблено лице, црни очи и црна коса и сосема личеше на татка си, а другиот, пак, со среден раст, суво лице, со кафеави, весели очи и пргав – според најкарактеристичните белези многу се разликуваше од својот брат. Михаил Монев, откако ја напуштил семинаријата, некое време живееше во Цариград, а пред и

во време на Хуриетот беше активно вклучен во револуционерната борба. Во приквечериeто на Балканската војна, тој како цивилно лице можел да се движи во задницата на турската армија, имаше одено дури до Чаталџа и доставуваше вредни информации во Штабот на армијата, односно на ген. Радко Димитриев. Пргав, брз, итар, крајно снаодлив, тој како пред војните, така и потоа има учествувано во многу деликатни, опасни и ризични работи во револуционерното дело, меѓутоа никогаш не падна во затворот и секогаш и насекаде останувaше здрав и чист. Поради неговото минато и поради тоа што беше зет на Т. Александров, особено по општоевропската војна, тој беше во тек со многу работи и исклучително ангажиран, пред сè, со револуционерни работи. Т. Александров го имаше проценето добро и му даваше најделикатни задачи, а нив Михаил Монев ги извршуваше тактично и умешно. Тој, како татко на многучлено семејство, живееше скромно и официјално не заземаше некоја државна или општествена служба, но како татко, внимателно се грижеше за воспитанието и образованието на своите деца. Да си ги воспитува децата и секогаш во сè да биде од корист за револуционерното дело, така, како што тој го разбираше – тоа му беше морална утеха за сите грижи, тешкотии, непријатности во целиот негов живот. Колку што беше умен, толку и итар, снаодлив во сè, тој кај секој со кого ќе се запознаеше, веднаш ги забележуваше најкарактерните црти и во своето однесување, обично беше љубезен, тивок и спокоен човек. Верен на своите убедувања, во тек со сè што се случува, одлично информиран, кога ќе посакаше да разобличи некого, тој тоа го правеше на таков начин, што отворено го истакнуваше тоа што го сакаше или посакуваше, но во никој случај не го навредуваше соговорникот. Некои негови противници, кои не го познаваа и го мразеа само затоа што беше во тек со сè и како зет на Т. Александров, велеа дека бил жесток, дека на совеста му лежат низа престапи и дека одвај ли има нешто во што тој да не е замешан или во најмала рака – да не знаел. Јас мислам дека тоа не е вистина или барем е пресилно кажано – Михаил Монев лично не можеше никому да направи зло. Па, и да бил вмешан во некои непрепорачливи дела, извршени од други, па макар и блиски на него лица, постојат многу повеќе случаи кога тој преку своето влијание има помогнато или ја олеснил положбата на многумина криво или право обвинети пред Т. Александров и др. Жално беше што тој не беше начитан и во поголемиот дел од времето, кога работел или му помагал на револуционерното дело, немал и сè до последниот момент немаше строго одреден, правилен поглед на светот, како по теоријата и праксата на револуционерното дело, така и во својот општествен

живот. Јас ретко во животот сум сретнал таква интересна личност.[58] Тој секогаш и секаде се појавуваше со две маски и повторно во сè беше истиот. Наспроти тоа, јас за цело време лично го ценев и почитував и дури лично му должам благодарност како на другар и пријател, уште во детството, младоста, па и во нашата доцна возраст.

Токму тој ден кога јас пристигнав во Г. Џумаја, се случил еден крајно непожелен и трагичен инцидент. Воените власти фатиле некој четник од луѓето на Т. Паница и со придружба од неколку војници, во еден камион, тргнале да го одведат како уапсен кај началникот на гарнизониот во Г. Џумаја. По патот камионот бил пресретнат од луѓе – четници на Т. Александров, во цивилна облека, и сакајќи да го земат од војниците четникот на Паница, кој знае како, несакајќи погодиле и убиле еден од војниците. Тоа го раздразнило командантот на гарнизонот – полковник Сапов со кого Т. Александров бил во добри односи. Од тоа се разгневил и Т. Александров и целосно бил зафатен со средувањето на овој несакан и трагичен инцидент, поради што тој, Т. Александров, уште следниот ден наутро ми одговори, дека средбата нема да може да се одржи, бидејќи не можел да дојде во Г. Џумаја.[*]

Јас и без тоа требаше да се вратам побрзо во Софија. Но, пред да го направам тоа, решив да му кажам сè на Михаил Монев, за кого сметав, дека е „alter ego“[59] на Т. Александров. Во продолжение од повеќе од еден час му ја образложив ситуацијата на Михаил Монев и го замолив сè што му кажав усмено да му го пренесе на Т. Александров. Притоа, го уверив дека во интерес на самото револуционерно дело е Т. Александров да прифати сè, зашто патот по кој оди е слепа улица. Порано или подоцна, тој ќе се најде во ситуација кога нема да биде можно да продолжи по овој пат. Зашто, кога веќе една држава како СССР се нафаќа за морална и материјална или, како што се изразив тогаш, сестрана помош, точката до која ќе може да се оди е многу подалеку. А, пак, ако се во прашање оружје, пари и луѓе, такви можат да се најдат не само во Бугарија, туку и во Србија, Грција и особено откај Албанија, но засега тоа не е најважно, како што мисли Т. Александров. Туку важното е да се најде пат и начин да се

[58] На маргината стои следниот текст: А во некои случаи, ако не го придобиваше, барем го предрасполагаше кон себе.

[*] За да се задоволи командантот на гарнизонот пол. Сапов, Т. Александров следниот ден, по една спроведена лично од него истрага, заповедал да се казни со смрт четникот кој го убил војникот.

[59] „Второто јас“ (лат.).

обединат сите мак[едонски] рев[олуционерни] сили коишто постојат, да се стави крај на меѓусебните непријателства и самоистребувања, сметајќи на искуството и знаењето на руските револуционери, кои од многу свои причини, но во интерес на македонската револуционерна кауза, се подготвени да нè поддржат и насочат по нов пат, патот на вистинската револуционерна, масовна дејност, и тоа во сите балкански држави, каде што, како што знаеме, комунистичките партии имаат свои приврзаници, истомисленици и без чиешто содејство не ќе може да се продолжи понатаму. Јас, всушност, не знам повеќе, но е пожелно, неопходно е Т. Александров да го сфати и да го разбере тоа, да одговори без одолжување, бидејќи неговото молчење може лошо да се протолкува, а погодниот момент да се поврземе со руски револуционери можеби другпат нема да ни се повтори. Тоа, пак, нејасно нафрлив пред Михаил Монев, можат да го искористат и други лица, негативно и непријателски настроени како лично против Т. Александров, така и против ВМРО на чие чело засега стои тој, а според тоа сноси и најголема одговорност пред иднината и пред историјата. Впрочем, заклучував во разговорот, таму во Москва сè ќе се објасни и среди, бидејќи и јас самиот не знам во детали во што се состои и каква е целта на оваа иницијатива за помирување или за обединување на мак[едонските] рев[олуционерни] сили.* Најпосле завршив, да земеме пример и од турското национално движење – Мустафа Кемал и сл. На сето тоа Мих. Монев немаше никаков приговор, туку ми кажа: Нели знаеш колку упорно и фанатично се држи Т. Александров, та не знам како ќе гледа на сето тоа. Ми кажа дека Т. Александров еднаш напишал лично писмо до Мустафа Кемал, со кого се познавале, но не добил одговор.** А најважно беше што Михаил Монев до тој момент ништо

---

* Лично, според мене, штом Т. Александров во своите писма пишува Македонија под бугарска, српска, грчка власт, тој е за Македонија слободна и независна од која било балканска држава, според тоа во однос на целта нема спор, а преостанува да нè научат и за тактикта на рев[олуционерната] организација, што можеби ќе придонесе за едно вистинско помирување, обединување на сите македонски револуционерни сили наместо да се служиме со четнички, терористички акции, убиства, атентати и др. или со само празни зборови и фрази.

** Тоа јас подоцна можев да го проверам веќе како емигрант во Цариград и дознав дека кога М. Кемал го добил тоа писмо од Т. Александров, веќе била формирана турска национална влада на чело со Мустафа Кемал, и како шеф на веќе официјално призната влада, Мустафа Кемал, не од несакање, туку поскоро од тактичност не сакал да дава одговор на лице кое се наоѓа на чело на една компромитирачка неодговорна четничка организација, каква што беше таа на Т. Александров, а од името на која како нејзин шеф го испратил тоа писмо.

не знаеше за тоа дека Т. Александров бил запознат со тоа прашање и оти ветил дека ќе одговори. Т. Александров, како конспиратор дотолку го криел сето тоа, дури и од најблиските и доверливи лица каков што беше Михаил Монев, па според тоа и од сите останати, како Г. Баждаров, К. Прличев, Ив. Михајлов и др.[60] Оваа дискреција, воздржаност, молчеливост на Т. Александров, навистина во тој момент многу корисна, како што пак ќе видиме понатаму, поради претерувањето се покажа штетна во еден друг решителен момент за македонската вистинска национално-револуционерна кауза...

Во 1920 г. на иницијатива на неколкумина македонски емигранти во Софија, сите поранешни легални и нелегални дејци во ВМРО, како долгогодишни борци во македонското национално движење, поради неопходност и под принуда емигрирани во Бугарија, па како такви многумина останати без работа и речиси без никаква сериозна помош, а според тоа и без можност да се прехранат, за да си го олеснат нивниот неподнослив живот, формираа едно легално друштво, што го нарекоа „Илинден". Во тоа друштво, според подготвениот и прифатен на основачкото собрание статут, можеа да членуваат само лица бивши легални и нелегални дејци во ВМРО. Тоа друштво во период од една-две години многу се разви, откако во своите редови привлече многу бивши работници во револуционерното движење во Македонија. Се создаде и специјален орган, весникот „Илинден", а, исто така, беа создадени разграноци (посебни друштва со истото име) во некои градови и села во Бугарија и сите овие одделни друштва, релативно малку на број, на нивниот прв основачки конгрес се обединија во една заедничка, таканаречена Илинденска организација, со свое посебно врховно раководно тело, кое секоја година редовно организираше конгрес. Во рамките на оваа организација се создаде една каса за заемна помош од која при потреба членовите заемно се помагаа, а исто и една посмртна каса, од која во случај на смрт на некој од членовите, веднаш се одвојуваше една сериозна сума неопходна за сите трошоци за погребот на умрениот итн. Фактот што оваа организација за кусо

---

[60] Погрешно е пишувањето на П. Шатев дека Т. Александров ги криел контактите со претставниците на Советскиот сојуз и Коминтерната од Георги Баждаров и Кирил Прличев, што може да се види и од спомените на овие двајца македонски дејци. Види: Георги Баждаров, Моите Спомени, София, 2001; Кирил Пърличев, 36 години във ВМРО. Съставител и редактор Кирил Пърличев, София, 1999. Истото може да се види и од писмата на Т. Александров до К. Прличев и Г. Баждаров од 1923 г. Види: Тодор Александров, Сé за Македонија. Документи 1919-1924. Избор, предговор и редакција: проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005.

време собра и обедини многу од бившите членови и борци на ВМРО, покажуваше дека нејзиното создавање беше не само оправдано, туку и крајно неопходно, имајќи ги предвид тешките услови во кои живееја и работеа нејзините членови – сите поранешни, повеќе или помалку заслужни дејци, бивши војводи, четници, раководители, курири и др. во македонското револуционерно движење во Македонија.

Иако во првите 2-3 години власта и владата – државата не им пружаше никакво содејство и помош, од својата членарина и други суми собирани за празници, забави, лотарии или од продажба на календари и др., организацијата финансиски зајакна и структурно се засили – организираше јавни собири, приредуваше претстави и забави, конференции на кои се држеа предавања, се изнесуваа реферати – воопшто, се вршеше културно-просветна дејност во согласност со статутот, а тоа беше само корисно.*

За претседател беше избран Георги Занков, долгогодишен војвода, резервен офицер и бивш народен пратеник во времето на д-р В. Радославов. Г. Занков единствен од сите тогашни пратеници, стапи доброволно во редовите на армијата и цело време додека траеше војната тој беше на фронтот. Тој со својата позиција и минато познаваше многу луѓе, имаше многу пријатели и почитувачи и преку својот авторитет успеа уште повеќе да ја зајакне Илинденската организација. Околноста што во тоа време на Конгресот за уредник на весникот „Илинден" беше избран надарениот македонски новинар и поет Арсени Јовков, исто така, заслужен деец во Македонското ослободително движење, уште повеќе го подигна нивото на весникот и авторитетот на Илинденската организација. Но, за сето време, илинденските друштва не влегуваа во составот на општата македонска организација, туку меѓусебно се помагаа и беа добротворни друштва обединети во една заедничка Илинденска организација. Сите илинденци – членови или не на посебните друштва се сметаа како членови на соодветните братства и друштва на заедничката македонска легална организација. Пред и по обединувањето на македонските легални организации, Илинденската организација формално стоеше на страна, таа беше неутрална и не заземаше страна ниту во една од постоечките

* Како што е познато, таквите дејци, макар и не толку многубројни ги имаше и во Србија и во Грција, каде што тие како „заслужни национални дејци" беа исто организирани од самата власт и државата од своја страна ги помагаше на секој можен начин, наоѓајќи им работа, служба, а им доделуваше дури и места и имоти на користење за да можат нормално да преживеат…

македонски легални организации. Тоа уште повеќе го подигна и авторитетот на самата Илинденска организација. Таа поскоро беше веќе набљудувач и чувар на македонското ослободително движење и на заемните борби внатре во емиграцијата пред обединувањето (1923 г.)* Така што, фактички постоеја тие три групации: Сојузот на македонските емигрантски организации, Илинденската организација и ВМРО, која се сметаше како нелегална организација внатре во самата Македонија, меѓутоа фактички имаше свои органи, групи и лица во своите редови на територијата на бугарската држава! (Да се дадат сведоштва за Илинденската организација).

Т. Александров, како што погоре реков, макар и да ја криел оваа иницијатива и од своите најблиски соработници, дури и од луѓе како Ал. Протогеров, П. Чаулев и Георги Баждаров, преку последниот, како член на Задграничното претставништво на ВМРО во Софија, испратил писмо до Димитар Влахов, како негов пријател и лице во кое имал голема доверба за да го праша дали сака заедно со уште едно друго, исто така, многу доверливо лице на Т. Александров – Михаил Монев, да заминат за СССР и Димитар Влахов како близок пријател и роднина на Кр. Раковски да видат и да проверат до каков степен и со што СССР ќе сака да се ангажира во помош на македонското национално революционерно движење. Меѓутоа, тоа писмо, кој знае како и зошто – тоа до денес, а поради смртта на Г. Баждаров можеби и засекогаш ќе остане тајна, Дим. Влахов не го добил, а Т. Александров останал во очекување на одговорот на писмото, за да ја донесе конечната своја одлука. Поради тоа отворено недоразбирање помина доста време и прашањето за едно меѓусебно разбирање остануваше да виси. Тогаш не беше лесно и умесно да се пренебрегне ВМРО, која сè повеќе се ширеше, особено во Македонија под бугарска власт и со својата мрежа и состав од легални и нелегални дејци претставуваше една влијателна революционерна сила. Пред претстојната неизвесност, алармантно се прашувавме што да се прави? На една тајна средба со руските револуционери, кои престојуваа во Бугарија, јас и Чудомир Кантарџиев, кој тогаш беше директор на едно планинско претпријатие и живееше во Л'жане, како една од повидните личности во минатото, соработник на Ј. Сандански, а во тоа време истомисленик и соработник на Т. Паница, кој, пак, беше веќе

* Меѓутоа, Илинденската организација целосно, отворено и морално ја поддржуваше ВМРО на Т. Александров и отиде дотаму што во 1922 година беше против владата на Ал. Стамболиски и дури испрати еден апел, една декларација, што го именува како ултиматум, кој тука го приведуваме.

во илегала и отворено против Т. Александров, решивме наспроти сè што тогаш се случуваше, да почекаме на еден каков и да било, макар и формален одговор. Зашто, ако предвреме и избрзано се преземе каква било акција против Организацијата на Т. Александров, тоа во пракса, во тогашните услови и околности, ќе се изразеше само во едно позасилено темпо на меѓусебните истребувања и братоубиствата, а пак целта, имено, беше да се отстрани токму тоа зло меѓу македонските нелегални организации, групи и лица. Нашиот (македонскиот) спас е во нашето меѓусебно разбирање и соработка, а не во раздорот, борбите, меѓусебното истребување. Тоа беше прифатено од сите нас и се разделивме.

А, пак, од Виена брзаа за одговорот и често прашуваа што се случува и зошто уште не го добиле. Ние со Чуд. Кантарџиев останавме сами и продолживме со нашите дискусии и размислувања за тоа прашање. Се прашувавме што е најдобро да се направи. Чуд. Кантарџиев со неговиот карактеристичен тивок карактер и блага душа, сметаше дека ќе се случи една од двете работи: или Т. Александров ќе одбие или, пак, ќе се согласи. Во првиот случај не губиме ништо – планираната борба, со помошта и содејството, што ни се ветуваа, ќе продолжи и со поголема веројатност за крајниот успех. А, во вториот случај се добива многу, зашто еднаш за секогаш ќе се стави точка на македонските меѓусебни недоразбирања и револуционерното дело ќе тргне напред, во една правилна насока и со помошта на која можеме да сметаме и со револуционерното искуство од минатото ќе се постигнат добри резултати. Дотогаш, пак, не ни останува ништо друго, освен да молчиме и да настојуваме наши луѓе (тој мислеше на бившите санданисти, федералисти) во Петричкиот округ постепено да се приклучуваат кон ВМРО, да заземат места и стекнат одредено влијание во градските и селските месни комитети и раководни тела, па лека-полека, незабележано, за не многу долго време, Организацијата, таква каква што е самата, ќе падне во рацете на нашите луѓе, кои особено во Пиринскиот крај се во мнозинство. А во моментот да оставиме да се урамнотежат силите што се борат во Ќустендил и други места. Тие групи на Гр. Циклев, Заре Панов Секулички и др., сите бивши четници на Т. Александров, а сега негови непријатели ќе го задржуваат поголемиот дел од неговото внимание таму, а, пак, нашите луѓе ќе одат во Петричко, на Пирин.

Гледајќи го убавиот израз на лицето и тивкиот глас на Чуд. Кантарџиев уште повеќе се охрабрував и сомнежот дека можеби правиме некаква грешка сè повеќе спласнуваше, но сепак не сосема, бидејќи ризикот и моралната одговорност, што во овој момент паѓаа

врз нас, беа големи. Ме мачеше неизвесноста на иднината и едноставно одев и се движев како луд, без да можам со некој друг да разменам мисли за тоа во што бев во тек и што ми беше доверено. Во животот на човекот постојат моменти кога тој чувствува органска потреба во вознемирувачки денови или часови, со свои блиски, роднини, пријатели да ги сподели своите радости и маки. Во животот на револуционерот, исто така, има моменти на сомнеж, разочарување, моменти на маки, самоизмачување, на морални и физички страдања, кои, всушност, обично се неговите постојани сопатници, па според тоа не се тие она што треба да го запре. Само со сомнеж, самоизмачувања и мисли во животот ништо не бидува, туку се потребни дела и ризици. Без нив не се прави исчекор напред. А во овој момент треба и е неопходно да се направи одлучен чекор, кој може да нè повлече во провалија или да нè изведе на прав и широк пат – патот на вистинска национална револуционерна борбена линија...

Неколку денови откако се имав вратено од Г. Џумаја, во месец мај 1923 г. еден од руските револуционери, со кого често се среќававме, ми кажа дека Т. Александров одговорил дека ќе треба да заминам за Виена за да образложам и објаснам сè во однос на македонските средини, околности и борби. Ми даде пари, адреса и лозинка за едно лице и јас преку Русе, по Дунав, заминав за Виена, каде останав 10-12 дена.* Моето заминување за Виена пред тие што ме знаеја беше

---

* Јас на пат за Русе отидов во Варна кај Дим. Влахов, кој таму беше секретар на Трговската комора, за да го видам и да го прашам за неговото мислење. Беше празникот Св. Кирил и Методиј и во домот на Дим. Влахов ја најдов сестрата на Т. Александров, која истиот ден, неколку минути порано му дала лично писмо од Т. Александров, а таа имаше заминато како делегат на Мак[едонскиот] младински конгрес во Варна. Дим. Влахов го имаше примено писмото, но тоа било дополнување на првото писмо за кое Т. Александров не знаел дека Д. Влахов не го имал добиено и му пишуваше работи, коишто Д. Влахов успеа добро да ги разбере откако јас лично му објаснив сè. Тој веќе, целосно информиран, откако ми кажа дека макар да има извесна опасност од односите на Т. Александров со владата на Ал. Стамболиски, имајќи ја предвид важноста и историското значење на овој потфат, тој ризикува, т.е. ќе ја напушти својата функција дури и со ризик за својот живот – прифаќа да учествува во оваа делегација и дека е подготвен да замине за Москва. Јас останав задоволен, пак и охрабрен, зашто по Чуд. Кантарџиев тоа беше првиот човек, исто така, мој познаник и пријател уште од Солун (1908 г.) со кого можев да разговарам по тие прашања и за самата акција и од самиот Влахов да слушнам дека и тој ја одобрува и ја наоѓа за неопходна, од големо значење и корисна…

мотивирано со изговор дека одам да го средам прашањето за едно евентуално купување на водомерни стакла, за чијашто набавка за Министерството на железниците беше распишан тендер на кој „ние, два-тројца содружници имавме направено афера". За време на мојот престој во Виена, не можев да ја избегнам средбата со некои мои познати и пријатели, кои во тоа време исто престојуваа во Виена. Меѓу нив беа д-р Ф. Атанасов, Сл. Иванов и др. од македонската нелегална федеративна групација во која веќе членуваа Т. Паница, Ст. Мишев и други, но коишто живееја во Бугарија,[61] а, исто така, и Јордан Ѓурков, Велев[62], Н. Томалевски, кои како функционери на ВМРО престојуваа во Вина. Имав средби и со едните, и со другите, но интимно, другарски зборував само со д-р Ф. Атанасов, со кого имавме разговарано уште додека беше тој во Софија, каде работеше како лекар и беше член на Извршниот комитет, а потоа во Македонскиот федеративен комитет во кој поднесе оставка, зашто веќе се имаше ангажирано со нелегална дејност, а тоа според статутот, пак и според општите сфаќања и разбирања на сите членови во Македонскиот федеративен комитет не беше дозволено и не се толерираше. Со Јордан Ѓурков и со Велев се сретнавме приватно, а еднаш дури појадувавме заедно во еден ресторан. Во тоа време разговаравме за општи, тековни македонски работи, бидејќи обединувањето на двете легални организации беше извршено и тие сакаа од мене, како поинформиран за тоа обединување, да дознаат или да си разјаснат некои работи и прашања. Всушност, нивната цел, како што дознав малку подоцна, била да дознаат зошто сум дојден во Виена, во кој хотел сум сместен и сл. За сето време на мојот престој во Виена тие ме следеле и забележале, дека јас еднаш-двапати сум влегувал и излегувал од зградата во која се наоѓаше советската легација[*] и за тоа го информирале Т. Александров...

Во Виена, пред компетентното лице Х. Хинков (псевдоним) јас изнесов како стои прашањето со Т. Александров и ВМРО, а истовремено со тоа објаснив уште некои други настани и инциденти, што се имаа случено во Македонија под бугарска власт и во Бугарија. Еднаш кога бев кај Хинков, таму кај него го најдов д-р Ф.

[61] Во тоа време, Тодор Паница и Стојан Мишев ја напуштија Бугарија и се ставиле во служба на српските власти против ВМРО, преминувајќи во Грција, односно во Вардарска Македонија.

[62] Се однесува на Никола Велев, претставник на ВМРО во Виена.

[*] Дотогаш старата зграда – легација официјално уште не беше официјално ангажирана од советското претставништво во Виена.

Атанасов и тројцата разговаравме доста по македонските работи*. Уште тогаш Хинков ме зачуди со својот ум, интелект и дијалектика, ме зачуди и со познавањето на македонскиот проблем и со сè што се случуваше во Бугарија и во Македонија. А, беше млад човек, од 30-32 години, по националност Германец, млад офицер. За време на општоевропската војна бил заробен од болшевиците, самиот станал таков, одлично знаеше руски. Се оженил за една колку убава, толку и мила Русинка – исто болшевичка, бивша револуционерка и веќе имаше позиција на еден од претставниците на СССР во виенската легација, а, пак, владеењето на германскиот јазик како мајчин, уште повеќе му помагаше да се информира и ориентира за сè што го интересираше него и претставуваната од него институција на СССР. Хинков, е единствениот што со својата интелигенција, со својата снаодливост, со својот ум, па и со своето однесување ми има оставено најсилен впечаток во животот, од сите лица што сум ги среќавал и во Европа и во Мала Азија и во Африка, каде имав можност да престојувам и да живеам. Моите впечатоци од него никогаш нема да исчезнат од моето сеќавање. Често сум се прашувал каде ли се наоѓа и едноставно сум сонувал уште еднаш да се сретнам со него. Долго откако се разделивме во Виена, јас и во Москва, и во Виена, и во Берлин, и во Цариград, прашував и распрашував многумина упатени луѓе за Хинков, но никој од оние што го познаваа не успеа да ми каже каде е, со што се занимава или каква служба извршува** – вистински, анонимен, но способен и надарен борец – револуционер.

На 9 јуни 1923 година се случи државен удар и Владата на БНЗ Сојуз на Ал. Стамболиски беше симната, а неколку денови потоа и самиот Ал. Стамболиски, кој ноќта се наоѓал во своето родно село Славовица, Пазарџиско, бил фатен од една од бандите, што го гонела, и на најѕверски начин бил убиен. Уште првиот ден по превратот, многу лица, приврзеници на БНЗ Сојуз во София и во провинцијата беа уапсени, а некои поистакнати – убиени и исчезнати без трага

---

* Неколку дена пред моето враќање во Бугарија, д-р Ф. Атанасов и Сл. Иванов заминаа за Москва, каде останаа околу два месеци. Таму тие, откако се сретнале и детално разговарале со некои руски револуционери во период од еден месец, без да се сретнат со други лица, кои таму престојувале, како што ми кажуваше д-р Ф. Атанасов, биле како претставници на групите и лицата противници на Т. Александров, Ал. Протогеров и ВМРО, и се гледа, тоа само го претполагам, дека го чекале пристигнувањето на втората делегација, таа на ВМРО.

** Само еден ми кажа, и тоа со два збора, дека некое време бил во Кина, каде исто се истакнал…

во полициските станици... За овој крупен, за она време, настан во Бугарија, многумина општественици и државници веќе го имаат изнесено своето мислење, а идниот објективен историчар ќе направи објективна преценка. Овде го одбележувам овој настан, зашто тој, според последиците, има големо значење како за Бугарија воопшто, така и за македонското национално ослободително движење.

Како што е познато, Бугарија во општоевропската војна беше поразена, но поради сплет на околностите, туѓи, непријателски војски не влегоа со сила во земјата и таа барем не стана театар на воени дејства. А тоа беше од значење. По војната, и поразените држави и побединиците беа изморени и истоштени од неа. Секоја од завојуваните држави се трудеше колку што е можно да ги обнови своите материјални и духовни сили, и побрзо, така да се каже, да застане на нозе. Во тој однос, Бугарија, општо погледнато, имаше многу подобри услови за економски и културен развој во споредба со други држави во Југоисточна Европа и на Балканот. Уште во првите години после војната, благодарејќи на трудољубивоста, штедливоста и упорноста на бугарскиот народ, се виде и се почувствува (побрзо отколку што се очекуваше) како производството во земјата осетно се зголеми, внатрешната и надворешната размена се засилија и зголемија, а по градовите и селата почнаа да се подигаат убави куќи и други приватни и општествени градби, училишта, цркви, читални... Патиштата и комуникациските врски, разурнати за време на војната, благодарејќи, пред сè, на земјоделската влада поддржана од импозантно мнозинство од бугарскиот народ, брзо беа обновени, се воведе трудбеничката обврска многу порано од сите други држави – воопшто, во земјата зовре општ економски, стопански, па и културен живот. Ситуацијата во државата се нормализираше и општествениот и политички живот, што имаше спласнато за време на војната, заживеа. Со два збора, Бугарија ги имаше сите услови и можности побрзо од сите останати балкански држави и Турција да застане на нозе и да се развива поправилно економски и културно. Но, за несреќа, токму во еден таков момент се случи деветојунскиот државен преврат, што стана пресвртница, а според последиците, како што е познато, со настаните што следуваа, го означи почетокот на една вистинска граѓанска војна во земјата.... И, додека сите останати држави се натпреваруваа, во секој поглед ја врати земјата една деценија назад...

Во овој преврат учество зеде и ВМРО, при што цели одреди од вооружени четници, преку Л’жене, Ќустендил и Г. Џумаја, упаднаа во внатрешноста на земјата и во престолнината и преку својата вооружена поддршка и содејство на новата влада на чело со Ал[ександар]

Цанков добија уште поширок терен за дејствување, сила и значење. Успешното и брзо извршување на превратот го зголеми авторитетот и влијанието на ВМРО на чело со Т. Александров, кој сега имаше големо влијание меѓу управувачките лица и кругови. Тоа учество на ВМРО во целата акција на превратот, поддршката и содејството, што ѝ пружи на владата на Ал. Цанков, беше груба грешка, без разлика што Т. Александров сè уште не беше вклучен и целосно информиран за новата ориентација на македонското национално ослободително движење. Но, во никој случај не можеше, па и не требаше тој, со неговите соработници, и во иднина да биде оставен слободно да дејствува и да убива селани и работници, бугарски државјани, кои сакаа да се борат и се бореа за поголеми демократски слободи во земјата, против реакционерните сили на бившите владејачки политички партии, кои сакаа да ја приграбат државната власт и, пред сè, да си го вратат поранешното влијание во државата, од пред војната и општонационалната катастрофа.

По 9-ти јуни, Т. Александров го искористи превратот и со веќе отворената поддршка и помош на официјалната власт, уште во првите денови по превратот уби многумина, непријатни за него лица, кои во блиското минато му се спротивставуваа и имаа смелост и граѓанска доблест да го критикуваат, атакуваат и раководното тело на бившата легална организација на чело со Извршниот комитет или ВМРО. Уште во првата ноќ на улица беше фатен и тајно убиен Климент Размов, кој како на конгресите, така и на собранијата настапи со жестоки говори против политиката, тактиката и дејствијата на луѓето од бившиот Извршен комитет, а индиректно и против ВМРО на Т. Александров – Ал. Протогеров. Исто така, беше фатен и жестоко, речиси ѕверски измачуван и убиен младиот студент Таралјамов,[63] родум од Костурско, еден од видните луѓе на бившата Македонска федеративна организација. Таралјамов во секој свој говор, како на конгресот на легалната Федеративна организација, така и на обединувачкиот конгрес, секогаш и насекаде беше против секакво обединување, бидејќи по ништо не гледаше дека Извршниот комитет и луѓето околу него искрено и безрезервно ги имаат прифатено идеите и принципите на новата, легална организација, туку според сфаќањата, чувствата, расположението, па и според убедувањата си имаа останато на своите стари сфаќања, како во однос на целта, така и за средствата, методите и тактиката во македонското ослободително движење и воопшто по македонската проблематика. На крајот на

[63] Се мисли на Петар Таралјамов.

секој говор Таралјамов, како голем идеалист и ентузијаст, завршуваше со изреката „timeo Danaos et dona ferentes“.* Овој говор на Таралјамов беше неговата политичка исповед, посмртно. Освен посочените лица истакнати и потврдени со својата енергија и ентузијазам, подоцна беа убиени и прогонувани десетици други луѓе, според своите сили, добри и заслужни во минатото дејци во македонското движење.

Сите овие луѓе загинаа невини, без фактички да имаат извршено какво било штетно или пакосно дело и за нивната смрт, сите нивни физички и интелектуални убијци ја сносат целата одговорност пред македонската совест и историја...

Освен нив, од страна на македонските четници, тогаш таканаречените „автономисти“, беа малтретирани, убиени и ги снема без трага и многу други бугарски граѓани и селани, чијашто вина беше дека биле членови или симпатизери на БНЗС или, пак, припадници на БКП. Со тие дела, овој дел од македонските дејци предизвика едно такво гнасење во бугарското општество, што македонофобијата кај целокупното граѓанство извонредно многу се зголеми и поимот Македонец стана синоним за убиец, џелат, егзекутор. Новата власт, уште незацврстена, на секој начин ги протежираше и штитеше тие елементи, чиешто националистичко расположение сакаше да го искористи за свои чисто партиски интереси.

По општоевропската војна, во Бугарија дојде до ново прегрупирање на општествените и политички групации. На местото на старите владејачки политички партии: либерали, народни либерали, национал-либерали, демократи, народњаци, радикали и други, на политичката сцена се појавија две големи општествени политички групации со своите масовни организации: БНЗ Сојуз и Бугарската социјал-демократска партија – тесни социјалисти (комунисти). А и двете овие политички партии, според составот и бројноста, го претставуваа мнозинството од работниот бугарски народ, за што мораше да се води сметка, зашто само со сочувството, симпатијата

---

* „Чувајте се од Данајците, дури и кога ви носат подароци“.

Малку пред неговото убиство, Таралјамов, по убиството и на погребот на арх. Н. Југуков, во црквата „Св. Недела“, одржа еден, колку чувствителен, толку и содржаен говор, во кој на кратко ги изложи принципиелните разлики во мак[едонските] легални организации, што самиот архиепископ Стефан, скопски митрополит, со особено внимание и интерес го следеше и слушаше, па од изнесеното остана збунет и трогнат. Тоа се виде од неговите зборови, што самиот ги изрече во црквата... Тој говор на Таралјамов беше и неговата политичка исповед по неговата смрт.

– моралната поддршка на овие масовни организации и на нивните симпатизери, македонското ослободително движење можеше да се развива и да најде поддршка, пред сè, во бугарското општество, а потоа и кај општественото мислење надвор од Бугарија – на Балканот и во Европа... Ете зашто и ние, македонските емигранти во Бугарија, кои дотогаш ги избегнувавме, а некои дури и потценувавме, требаше постепено да се зближиме со нив, да воспоставиме врски и на таков начин уште повеќе да ги информираме за македонските работи, за кои мнозина, дури и од нивните видни дејци, општественици, политичари, публицисти, беа недоволно информирани, па според тоа, не беа ориентирани и упатени во суштинскиот карактер на македонските ослободителни борби како во самата Македонија, така и кај македонските групации и организации во Бугарија.* Треба да се подвлече дека и двете големи масовни политички партии немаа ништо направено против македонската национална кауза. Напротив, едната, како владејачка партија, стоеше настрана и дури сосема малку се интересираше за македонските борби и меѓусебни судири. А, пак, втората, БКП, освен што како партија не пречеше, ниту се спротивставуваше на македонската национална кауза, туку напротив, на секој начин, колку што знаеше и можеше, го помагаше и го симпатизираше македонското национално ослободително движење, иако некои лица од оваа партија енергично и жолчно напаѓаа и критикуваа одделни лица и групации, за кои сметаа дека одат по лош, погрешен пат, а со тоа им наштетуваат на бугарската нација и бугарскиот работен народ, на чии интереси тие претендираа дека најдобро ги штитат од сите внатрешни и надворешни посегања. Така што, секакво спротивставување на овие две општествени сили, со сите нивни групации и разграноци, не само што не беше во интерес на македонското ослободително движење, туку напротив, објективно гледано, беше на негова штета. И ако и од едната и од другата страна имаше грешки, тоа се должеше на недоразбирање, неинформираност

* Малку пред деветојунскиот преврат Земјоделската влада во инсистирањето да неутрализира некои нелегални мак[едонски] групи и лица, од кои повеќето се криеја, во еден момент имаше уапсено многу Македонци, сите легални лица, меѓу кои имаше публицисти, новинари како Ар. Јовков и др. Една македонска делегација отиде кај тогашниот министер за Внатрешните работи, Хр. Стојанов, да се застапува да престане прогонот на легалните мак[едонски] дејци и колкаво беше нашето чудење, кога од неговите зборови разбравме дека тој дури и не знаеше дека постои в. „Независна Македонија“, орган на Националниот комитет.

и неукост, или поскоро на лична одмазда и омраза под влијание на останатите бивши владејачки партии, или од други одговорни или неодговорни лица и фактори во Бугарија. И во двете политички партии никогаш не биле непријателски настроени кон македонската национална кауза и во ништо немаа згрешено со дела. Освен што едната, но веќе како владејачка партија беше приморана да ги чува своите политички позиции, својот интерес како партија на власт, да го чува редот и мирот во земјата, а втората да ја спроведува својата политика и тактика по националното прашање, спротивставувајќи се и борејќи се не против македонската национална кауза, туку против поедини заблудени, неуки и фанатизирани лица, кои сè уште се држеа на своите стари сфаќања, разбирања за целта и тактиката на македонското револуционерно движење и кои свесно или не, се наоѓаа исклучиво под влијание на старите владејачки партии или на реакционерни лица и фактори во Бугарија и надвор од неа.

Така, на пример, кога Ал. Стамболиски во 1922 година беше заминал во Србија[64] за да води преговори со српските државници за регулирање на некои неодложни прашања од чисто економска, стопанска или сообраќајна и административна природа, запрашан за дејствијата и агитациите на македонските легални и нелегални организации во Бугарија, отворено, јасно и категорично имаше изјавено дека Македонците се онеправдани, дека тие се борат за национална слобода, дека тој како министер претседател не е во состојба да ги запре во нивната борба, бидејќи ја имаат симпатијата на целиот бугарски народ, којшто сочувствува со нив. „Па, и самите Македонци, како во минатото, во времето на турскиот режим, така и сега се непомирливи и упорни. Тие се вистински ‘Ирци на Балканот’ и како за такви погрижете се и Вие за нивната судбина – јас сум речиси немоќен и можам со вагони да Ви ги предадам за да видите и да се убедите во вистинитоста на сè она што го велам и тврдам за нив и за нивната кауза“.

Но, некои заинтересирани лица од бившите владејачки партии, за агитација и пропаганда, од чисто шпекулативни политички сметки и намери, ја пуштија гласината, што се прошири низ речиси целата македонска емиграција, дека Стамболиски преговарал со српските раководители за предавање на сите Македонци на српските властодршци!? Тоа беше само една политичка диверзија, една измислица натокмена и вешто проширена низ целата земја, со цел да се

[64] Се мисли на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (Кралство на СХС).

поткопа авторитетот на Ал. Стамболиски и на земјоделската влада и целата македонска емиграција да се настрои и се спротивстави. Ништо повеќе од тоа. Напротив. Фактички, Ал. Стамболиски само на таков начин, во тогашните услови и околности во кои работеше бугарската дипломатија, можеше да ја штити, и како што ја заштити македонската национална кауза воопшто, ама не и некои македонски групи и лица, што и тој самиот не ги поднесуваше, па дури и ги прогонуваше. Исто така, лаги и измислици беа и сите хулења и обвинувања дека бугарските комунисти, како интернационалисти, биле против секакво национално ослободување, дека биле туѓи,, слепи инструменти на III Интернационала во која веќе членуваа како одделна секција, дека биле спроведувачи на руската „освојувачка" политика, иако и самите оние што ги пуштаа гласините знаеја, а некои веќе беа и убедени дека новата революционерна држава СССР, нема и не спроведува никакви освојувачки планови и намери, туку ги штити сите онеправдани и национално угнетени националности, како и интересите на сите економски и национално поробени колонијални и полуколонијални држави и народи не само во Европа, ами и во целиот свет.* Само ние Македонците, мали како народ, мали според просторот, бевме неинформирани, заблудени и сè уште ги следевме нашите мечти и соништа, воображувајќи дека и по општоевропската војна и општонационалната бугарска и македонска катастрофа што ја следеше, морето е плитко до колена и оти ние повторно со старите средства и методи на борба, со четништво или со терористички акции, ќе ја добиеме слободата и независноста на Македонија. „Света простота", како што имаше кажано Христо Ботев. Така што, секое сојузување со тие две големи, масовни, политички партии, секој обид да се создадат контакти со некои од повидните лица и водачи, освен што беше неопходно, но, исто така, и корисно за Македонија и нејзината ослободителна и национално револуционерна кауза.

И така, по превратот на 9 јуни, Т. Александров со тајната, а на некои места и со отворена помош на официјалната власт, уште повеќе се наметна, уште повеќе почна да го зголемува својот кадар, не само во Петричкиот округ – Македонија под бугарска власт, туку и во внатрешноста на државата – особено во Софија и во поголемите градови – Пловдив, Варна, Русе, Ќустендил и др. Веќе семоќен, се распоредуваше во сè, а истовремено преку своите приврзаници и соработници ги егзекутираше неговите противници, опоненти. Тој

* Со два збора, ништо, апсолутно битно не знаевме по прашањето за внатрешната и надворешна национална политика на СССР.

отворено собираше, пак преку свои структури и луѓе – егзекутори, на принуден начин големи суми не само од Македонците, кои живеат во Бугарија, туку и од многу други граѓани, претежно Евреи, кои поскоро од страв да не бидат убиени или малтретирани, внесуваа големи суми во касата на ВМРО. Како и порано, таа располагаше со десетици милиони левови, собирани како од разни такси од производителите и трговците на тутун и лица, друштва и фирми, така и од принудно собраните суми. Фактички, во тоа време ВМРО беше држава во држава!

Т. Александров, одвај по 9 јуни ги одреди и задолжи своите блиски лица, во кои имаше целосна доверба: Димитар Влахов како негов пријател, добро запознаен со македонското ослободително движење, бивш учител, член на ЦК на ВМРО[65], бивш пратеник во Цариградскиот парламент, бивш окружен управител во Приштина, бивш конзул во Одеса, и Михаил Монев – негов зет и едно од неговите најдоверливи лица, исто така, добро запознаен воопшто со македонското прашање и во тек со сѐ што се случуваше во последните години по општоевропската војна, да заминат како делегати и полномошници на ЦК на ВМРО во Москва, и таму, користејќи го познанството и роднинството на Д. Влахов со Кр. Раковски и други Бугари, да стапат во контакт со надлежните лица и фактори и да дознаат со што и колку СССР ќе сака да му помогне на македонското револуционерно дело, односно, според сфаќањата на Т. Александров, на ВМРО, која тој со колегите Ал. Протогеров и П. Чаулев ја претставуваа. И јас требаше да заминам со нив за да ги поврзам со надлежниот центар и лице во Виена. Откако тие се подготвија и снабдија со доволно пари и девизи, како и со и полномошно – заминавме.

Д. Влахов тргна од Варна, а јас и Михаил Монев од Софија и требаше да се најдеме во Русе, а од таму тројцата преку Букурешт – Будимпешта за Виена. На определениот ден наутро се најдовме со Михаил Монев во бифето на софиската железничка станица. Со М. Монев беше едно младо момче. Седнавме тројцата на една маса да пиеме кафе и да причекаме до чинот на тргнувањето. Младото момче уште кога седнавме на масата љубезно ме праша како сум. Добро, многу добро, му одговорив. Во еден момент кога момчето стана од масата за да купи или да премести нешто од багажот, го прашав М. Монев кој е тој. М. Монев ми кажа: Тоа е Иван Михајлов. Добро – продолжив – знае ли тој за што и каде патуваме? Да, одговори М. Монев, тој знае дека патувам во странство за да извршам ревизија

[65] Димитар Влахов никогаш не бил член на ЦК на ВМРО.

на претставништвата во некои градови во Европа. Зошто прашуваш – ми рече Моне? Ете така, за да знам колку души знаат за нашето заминување – одговорив. До овој момент и Ив. Михајлов не знаеше за мисијата на Димитар Влахов и М. Монев. Во возот со нас беше и Ив. Балабанов, крупен трговец, во добри и пријателски односи со Т. Александров и М. Монев. Монев, пак, ми кажа дека и тој ќе дојде со нас до Виена и од таму ќе си го продолжи патот за Италија – Милано, за да го информира Ал. Протогеров и доколку овој не ја разбере или протолкува телеграмата, што ќе му биде испратена, усно да му соопшти итно да замине за Виена. Во Русе се собравме четворицата и тргнавме за Букурешт – Будимпешта и кога пристигнавме во Виена, на источната станица не пречекаа Ал. Протогеров, Јордан Ѓурков и Велев. Последните двајца доста се изненадија и зачудија кога видоа дека и јас сум заедно со М. Монев и Дим. Влахов. Се збогувавме на излезот од железничката станица. Тие двајцата отидоа во хотел „Рајнер", а, пак, јас во еден друг, помал хотел, но се договоривме следниот ден наутро да ме чекаат во хотелот „Рајнер". Утредента, кога бев кај нив, малку потоа дојде и Ал. Протогеров, кој беше сместен кај Велев, кој, пак, му беше роднина. Дојде и Јордан Ѓурков и сите разговаравме седејќи на една-две маси во салонот. Ал. Протогеров веќе беше информиран и запознат, и радосно и со задоволство прифати и ја даде својата согласност како член на ЦК, зашто гледаше дека се укажува можност ВМРО да се поврзе со една голема држава, која преку своите меѓународни политички врски и преку III Интернационала можеше да даде голема и ефикасна помош и содејство на македонското национално революционерно движење. Уште истиот ден, претпладне ги однесов Д. Влахов и Михаил Монев кај Хинков, кој во тоа време беше болен и се лекуваше во една државна болница. Хинков излезе во паркот и седнавме околу него на сенка, под едно дрво. Откако Хинков размени по неколку зборови со нас, нè праша дали имаме потреба од пари. Делегатите рекоа дека си имаме доволно и немаме потреба од никакви пари. Потоа кажа и јас да заминам за Москва. Тие и двајцата му одговорија дека полномошното е само за нив, дека јас ниту во Софија ниту по патот немам изразено таква желба. Јас го потврдив тоа, и реков дека не сум член на ВМРО, па според тоа, немам никакво право и основа да учествувам како делегат, ниту, пак, имам размислувано за тоа, а и не сум подготвен. Да, рече Хинков, обраќајќи се кон двајцата делегати, но таму, во Москва, можеби ќе се појават некои спорни прашања, а, пак, и кореспонденцијата ни е бавна и можеби ќе се изгуби долго време во чекање. Оттука, мислам и претпоставувам дека присуството на Шатев ќе го олесни сето тоа.

На ова Димитар Влахов одговори, дека: Ако Шатев ни имаше кажано уште во Софија, можевме да го спомнеме во полномошното, а сега веќе е доцна... Е, добро тогаш, ќе заминете за Берлин, а таму ќе се реши прашањето за вашата виза, јас ќе го средам тоа и од таму ќе заминете за Москва, каде што знаат повеќе од мене и ќе продолжите. Следниот ден Димитар Влахов и Михаил Монев заминаа за Берлин, а јас, пак, се вратив назад во Софија за да видам каков е резултатот од поднесената понуда за доставување на водомерните стакла... Пари за пат ми даде сопругата на Хинков и јас потпишав една сметкопотврда. Кога веќе ги имав земено парите, Хинков ми кажа: Но, таа сума одвај ќе Ви стигне до Букурешт, а пак Ви преостанува уште пат. Ништо, реков, од таму е близу и јас ќе гледам тие пари да ми стигнат. Пристигнав во Букурешт, но возот за Ѓурѓево веќе имаше заминато и јас требаше да преноќам во Букурешт. Се сместив во хотел „Император Трајан“ и платив однапред, меѓутоа навистина останав сосема без пари и се чудев како ќе го продолжам патот. Додека се шетав, случајно на улица „Калеа Викторија“ сретнав еден мој познајник Саракинов, Македонец, претставник на една компанија за продажба на нафта и му побарав 100 лева, што тој веднаш ми ги даде. Следниот ден наутро тргнав и попладне веќе се наоѓав во Русе, каде на патот од кејот за градот влегов во просторијата на Б.Н. Банка, го најдов чиновникот Матлиев, исто Македонец, од Охрид, со кого бевме соученици уште во Солунската гимназија, му побарав пари и тој насмевнат како секогаш ми даде. И јас со нив тргнав и се прибрав во Софија.

Делегацијата се врати од Москва по месец и половина, па подготви и поднесе еден реферат до ЦК, во кој изложи сè што имаше слушнато, дознато и дискутирано во Москва. По тој повод, ЦК на ВМРО излезе со една декларација, во која меѓу другото се велеше дека 59 отсто од македонското население, според социјалниот состав, се селани и работници... Првиот заклучок, што можеше да се донесе по читањето на оваа декларација беше дека ВМРО во никој случај и никаде не треба и не може да настапува како противник на сè што се однесува до интересите на овие два слоја, на оваа класа. Но, со тоа уште не се решаваше прашањето за идната революционерна дејност. Преостануваше да се разреши прашањето и за методите – тактиката на идната революционерна борба, со оглед на настанатата општобалканска и општоевропска положба. Четничките и терористичките методи на борба не беа соодветни и поскоро беа штетни за револуционерното дело, зашто со нив само им се даваше повод и основа на новите поробувачи да ги засилуваат своите прогони, како и изговори за репресијата и реакционерните противакции, а сето тоа

многу лошо се одразуваше врз новиот подем на револуционерната работа. Преостануваше да се направи нова преоценка и да се види кои се лицата, групите и организациите, кои се и можат да бидат природни сојузници на македонското национално револуционерно движење. Најпрво се поставуваше прашањето за односот на ВМРО кон БКП како социјал-револуционерна организација, чиишто идеи, принципи и дејност беа исто револуционерни, без на организациски план да се слеваат со ВМРО како национал-револуционерна организација. Имаше уште низа прашања по кои требаше да се заземе став и во иднина да се започне една заедничка дејност за создавање на еден општ македонски револуционерен фронт, кој од своја страна требаше паралелно да стапи во контакт и со БКП и со останатите комунистички партии и организации на Балканот, т.е. со сите останати социјалреволуционерни групи, организации и лица за да се создаде, изгради општиот балкански револуционерен фронт.

Сето тоа, се разбира, беше, пред сѐ, работа на БКП. Меѓутоа, поради лошите дотогашни односи меѓу ВМРО и БКП, од една страна, слабата подготвеност на поголемиот дел од раководителите на БКП да поддржуваат и да вклучат во рамките на партијата и национал-револуционерни организации, од друга страна, па и за поголема дискреција, по веќе создадениот контакт со Москва, се наметнуваше преговорите да се одвиваат во Виена каде имаше компетентни и авторитетни лица, кои можеа или знаеја како да продолжат понатаму со конкретна, деловна работа, А за тоа, и самата ВМРО требаше да одреди еден постојан делегат со соодветно полномоштво. За таков, ЦК на ВМРО го одреди Димитар Влахов, кој истовремено, како познајник на Ал. Цанков, успеа да биде назначен и за трговски претставник – конзул на бугарската влада во Виена. Таму во тек на неколку месеци се подготвуваше новата платформа, што требаше да ја прифати и ВМРО, доколку сакаше да биде вистинска национално-револуционерна организација, притоа, како што претендираше – прва на Балканот, па и во цела Југоисточна Европа. По долги преговори и дискусии, таа требаше да се отелотвори, а за конечната цел требаше да се изработат и неколку програмски точки, што требаше да се реализираат. Затоа се подготви еден општ манифест, кој подоцна беше наречен Првомајски манифест[66], но за неговото конечно прифаќање и потпишување, самиот Т. Александров требаше да замине за Виена и таму лично да разговара и преговара со компетентните лица и фактори. Во месец април 1924 година, Т. Александров, на

[66] Се однесува на Мајскиот манифест.

пат за Лондон, остана неколку дена во Австрија – Виена[67], каде во еден мал провинциски град – Полтен, во тек на еден-два дена пред католичкиот или православниот Велигден – тоа не го знам точно – меѓу другото разговарал и дискутирал за сите детали и за манифестот и со еден од претставништвото на СССР – д-р Черски – Голденштајн[68]. Усно и писмено меѓу Т. Александров од името на ЦК на ВМРО и претставникот на СССР било сè договорено, конечно регулирано и потврдено и останувало само да се потпише самиот Манифест. Бидејќи Т. Александров требало да замине за Лондон, останало Манифестот да се препише на чисто, откако Т. Александров своерачно, со својот ракопис направил некои, сосема безначајни исправки, и преостанало Манифестот да се потпише од останатите двајца членови на ЦК, Ал. Протогеров и П. Чаулев, што тие, со полномошно од Т. Александров, и го сториле. И така, ВМРО си создаде врска и контакт со некои революционерни средини во СССР и со писмена молба од ЦК на ВМРО се обраќаше кон СССР за сестрана (овој поим беше искористен во молбата) помош за македонското револуционерно дел. Меѓу другото, исто било договорено и македонската парламентарна група во Софија да настапи со декларација во Народното собрание и да го изнесе своето сфаќање за решавањето на балканскиот, а според тоа и на македонскиот проблем, во смисла дека се застапници на идејата за идна Балканска федерација, во која Македонија да влезе како рамноправен член – слободна и независна од која било балканска држава. Се предвидувало истото да биде направено и од македонските депутати во Собранието во Белград.

Како што кажав, уште пред заминувањето на делегацијата за Москва за истото место веќе имаа заминато и вратено и други лица. Т. Паница со уште еден свој другар – како претставници на бившите санданисти, д-р Филип Атанасов и Сл. Иванов – како претставници на македонската федеративна нелегална групација – сите целосно придобиени за новата, единствено можна и спасоносна идеологија и тактика за решавањето на македонскиот проблем.

---

[67] Според многубројните објавени документи и писма на Тодор Александров, како и пишувањата и спомените на Димитар Влахов, Иван Михајлов, Михаил Монев, Кирил Прличев, Георги Баждаров, Петар Шанданов и др., Т. Александров, заедно со А. Протогеров, заминал специјално за Виена да учествува во составувањето и потпишувањето на виенските документи, меѓу кои и на Мајскиот манифест.

[68] Се однесува на д-р Ефрем Голдштајн-Черски, прв секретар на Советската амбасада во Виена.

На таков начин семакедонскиот фронт тајно, конспиративно беше создаден, преостануваше да се прокламира и да се започне неговото реализирање во согласност со локалните услови и околности во трите дела на Македонија и кај македонската емиграција во Бугарија, Цариград, Западна Европа и Америка. Т. Александров, по неговото враќање од Лондон, по неколку средби со некои лица и фактори таму, за што никој не го запираше, ниту, пак, му се забрануваше да се информира и од други лица со други разбирања и сфаќања таму и на друго место, остана доследен на договореното и потпишаното во Виена и преостануваше само да најде време и можност и практично да помине кон конкретна, деловна работа.

Помина доста време, а тој сè уште одложуваше да започне таква работа во духот на договореното и потпишаното во Виена. Прашан неколку пати зошто забавува и не постапува согласно со принципите предвидени во Манифестот, Т. Александров се правдаше со својата голема тековна работа по долгото отсуство и побара повеќе време за да може да се ослободи од лицата и факторите, кои го окружуваа во македонското револуционерно движење, од кои повеќето биле крајни националисти, а според воспитувањето, образованието и застарените сфаќања тешко би можеле да ја разберат и прифатат новата ориентација. Времето поминуваше, настаните следуваа еден по друг и тоа доцнење на дело да се пристапи кон работа ги збунуваше многумина, зашто фактички ништо не беше преземено ниту во Македонија под бугарска власт ниту во старите територии на Бугарија, како од страна на ЦК на ВМРО, така и од македонската парламентарна група, наспроти прифатените задолженија и ангажмани. Таа околност започна да вознемирува многумина од нас, а уште повеќе и лицата, кои го имаа подготвено Манифестот и во општи црти ја има нацртано програмата за дејствување.

Уште за време на преговорите во Виена било договорено да се создаде еден заеднички печатен орган на сите национал-револуционерни групи и организации на Балканот, под име „Балканска федерација“. За почетен фонд на овој весник и самата ВМРО внела една сума од 100 илјади лева, како прва рата за издавањето на весникот, што требало да излегува со посебни статии на сите јазици на балканските народи – бугарски, српски, хрватски, албански, романски и турски, а поглавните и основни програмски прашања – и на еден од европските јазици: француски, германски или англиски, за информирање на западноевропското општествено мнение и меродавните кругови во поедините големи европски држави. Формираниот центар во Виена, со знаење и согласност на претставникот на ЦК на ВМРО, Димитар

Влахов, на први мај 1924 година го издаде првиот број од овој весник[69], во кој на првата страница беше објавен Манифестот, поради што беше наречен Мајски манифест.[70] На тој начин, веќе и јавно се даде гласност на програмата и принципите врз кои требаше да се темели новиот општобалкански револуционерен фронт на сите национал-револуционерни и социјалреволуционерни групации и организации. Во Бугарија, уште со добивањето на првиот број на „Балканска федерација“ во весникот „Илинден“, чиј уредник беше Арсениј Јовков, Манифестот беше препечатен[71], а весникот брзо пуштен во продажба, но власта информирана навреме презеде мерки и уште истиот ден го конфискуваше в. „Илинден“. Но, сепак, успеаја да се сокријат 5-6.000 примероци, што беа распространети во градот и во земјата, и жедно се бараа за да бидат читани од сите заинтересирани лица, кои се интересираа и со интерес ги следеа македонските работи.

Објавувањето и отпечатувањето на Манифестот во в. „Илинден“ падна како гром од ведро небо. На сите им стана јасно дека сите македонски револуционерни групи или организации се обединуваат во едно и паралелно со останатите социјалреволуционерни организации на Балканот започнуваат да дејствуваат здружено за создавањето на една идна Балканска федерација, во чии граници се предвидува Македонија да се оформи во посебна политичка едница. Освен тоа, стана јавно дека и ВМРО се ориентираше во нов правец, притоа со поддршката и сестраната помош на СССР.

Објавувањето на Манифестот ја збуни, пред сѐ, владата на Ал. Цанков, која сметаше дека ВМРО е и ќе и остане потчинета организација, што секогаш ќе може да ја користи во својата внатрешна и надворешна политика. Еве зошто, уште првиот ден, од Софија за Г. Џумаја, а од таму за кај Т. Александров заминаа неколку лица припадници на низа бугарски „патриотски и родољубиви“ организации и луѓе блиски на бугарската влада за да се уверат во вистинитоста или невистинитоста на постигнатата спогодба и потпишувањето на Манифестот во Виена. Забуната како во македонските средини – кај автономистите, така и во владините средини и во организацијата на

[69] Мајскиот манифест бил објавен во бр. 1 на в. „Балканска федерација“, кој излегол на 22 јули 1924 година.

[70] Мајскиот манифест бил наречен по тоа што бил потпишан на 6 мај 1924 година.

[71] Мајскиот манифест бил објавен во в. „Илинден“ на 2 август 1924 година.

резервните офицери беше голема. Т. Александров и Ал. Протогеров – ставани во многу тешка и незгодна ситуација, веднаш негирале дека имаат потпишано таков Манифест. Но, тоа не ја задоволуваше тогашната фашистичка влада на Ал. Цанков, која преку своите агенти и емисари побара и инсистираше да се демантира потпишувањето на Манифестот. Т. Александров и Ал. Протогеров во прво време, со еден или друг изговор, одолжувале да објават каков било демант, но истовремено го испратиле лицето Михаил Монев во Виена, да се информира усно зошто е објавен Манифестот без претходно информирање на ЦК на ВМРО. По пристигнувањето во Виена, на Михаил Монев му биле дадени сите мотиви и објаснувања за објавувањето на манифестот и Монев веднаш ја испратил следната телеграма до Софија: „Не ја дистрибуирајте офертата (демантот н.з.) до моето пристигнување". Со други зборови – чекајте го мојот усмен извештај. Но, впечатокот од Манифестот беше многу голем и требало уште во почетокот да се поништи ефектот постигнат во бугарското општество, па и за смирување на владините кругови. Еве зошто, поскоро под принуда и од „тактички" причини Т. Александров и Ал. Протогеров објавија еден долг демант во кој соопштуваа дека таков манифест не бил потпишуван од членовите на ЦК на ВМРО и дека тоа изгледа е некоја „комунистичка манифестација" – се велеше, меѓу другото, во овој несреќен, долг како макарони демант. Иако многу сериозни и поинформирани лица и не веруваа во овој демант, но, сепак, кај широките народни маси остана еден сомнеж, што даваше повод и основа за колебање.

На таков начин уште на самиот почеток од двете страни едно по друго, како што понатаму ќе видиме, се направија тактички грешки. Од едната – дека манифестот бил објавен без претходно да се информира ЦК, како најзаинтересиран фактор кој дејствуваше во услови за кои не можело да не води сметка, а од другата – избрзаното и со ништо неаргументирано коминике – демант, објавено од ЦК на ВМРО – Т. Александров и Ал. Протогеров! Но, како што е познато, во општествените и во револуционерните работи и борби во кои се вклучени разни лица и заинтересирани фактори, во постојано тешки објективни услови за работа, дејците, какви и да биле, не секогаш можат да сметаат на спокојни денови и минути. Има моменти кога ниту на чувствата, ниту на расположението, ниту на разумот можат да им се поставaт строги рамки. Таков беше случајот со објавувањето, а потоа и со демонтирањето на вистинитоста на објавениот Манифест. Наспроти сето тоа, имајќи ги предвид важноста и значењето на постигнатата спогодба, како и големиот интерес

на сите заинтересирани револуционерни фактори на Балканот, односите меѓу ВМРО и виенскиот центар не беа прекинати, туку по соодветните разјаснувања дадени од двете страни тие продолжуваа да се одржуваат.

Бугарската влада од сè што се случи дотогаш и од сè што можеше да знае и дознае преку својот таен и јавен државен апарат, си имаше извлечено сериозна поука, несакајќи во никој случај тие односи и врски да се засилат и да се зацврстат, па бараше начини и средства за да ги попречи, да ги прекине, па дури и уништи. Меѓутоа, Т. Александров, со поддршката што ја имаше дадено пред и по превратот на 9 јуни, се чувствуваше како фактор, а некои дури го сметаа за единаесетти министер во Бугарија – толку големо беше неговото влијание во државата. За многу прашања од разно-разен карактер постоеја и не можеше да не постојат извесни тешкотии и затегнатости, што мораше постепено да се разрешуваат и надминуваат. Официјалната власт, како власт, имаше право и основа да бара ВМРО, колку и да не ѝ се пречеше да се шири и функционира во пределите на царството, да се ограничи во своето дејствување. Зашто, во многу нејзини активности или иницијативи, многу луѓе, вклучувајќи ги и тие од ЦК, го уриваа престижот на власта, па дури и темелните и обични закони во државата. Освен тоа, поради дејствијата и постапките на многу лица и фактори, владата се компромитираше пред претставниците на некои од големите сили, а уште повеќе пред претставниците на соседните заинтересирани балкански држави, особено Србија, во Белград, од каде, пак, ја обвинуваа и разобличуваа владата дека е во непосредна врска со луѓето на ВМРО, чијашто цел и задача била да го руши мирот и редот во соседните држави. Со факти и документи во Белград ја докажуваа таквата поврзаност и еднаш-двапати на бугарскиот претставник во Белград – Вакарелски, кога се обидувал да бара помош и заштита во некои критични за Бугарија моменти и денови, му биле изнесени сериозни забелешки, па дури бил и разобличуван од англискиот полномошен министер, кој како доказ му покажал една-две фотографии, веројатно, добиени од српското Министерство за надворешни работи, на кои се гледало како Т. Александров се сретнува и разговара со некои од бугарските министри – генералот В'лков и Стојанчов.

Поради заживеаната и зголемена активност на ВМРО по 9 јуни, поради многу дилеми внатре во самата Организација, меѓу поглавните раководители и пунктови началници дојде до судири и недоразбирања, некаде околу лидерство, некаде поради нарушување на достоинството или, пак, поради онеправданост или повреда по разни поводи и случаи.

Како во секој колектив, така и во редовите на ВМРО започнаа тајни соперништва и прикриено незадоволство, што сè повеќе се развиваа и некои од дејците првенци и од војводите само чекаа зговоден момент заемно да се обвинат и да минат во акција. Фактот што Т. Александров испрати демант предизвика незадоволство во кругот на оние, полевичарски настроени, а некои и убедени елементи за постигнатата спогодба, иако не биле информирани или држени во тек со работата. Од друга страна, владата тактички и умешно настојуваше постепено, ако не може целосно да ја парализира дејноста на Т. Александров, барем да го парализира и ограничи во многу од неговите потфати, што ги засегаат внатрешните работи на земјата. Но, надменоста на Т. Александров беше голема и тој во едно писмо до Македонската парламентарна група дури го нарекол тогашниот министер за внатрешни работи Ив[ан] Русев фелдфебел[72] итн., а писмото било читано пред целата група и соодветно министерот немало како да не дозна за овие зборови на Т. Александров, кого владата сакала по секоја цена, на еден или друг начин, да го заузда, или еднаш засекогаш да излезе на крај со него.

Ал. Протогеров, како човек со помек карактер, попомирлив, а притоа како резервен генерал, според сфаќањата и разбирањата бил поблизок до министрите и воените лица, а особено до воениот министер генералот В'лков. И некои од министрите, имено, го насочиле своето внимание кон Ал. Протогеров за да го поттикнат тој да ја преземе главната позиција во ВМРО и на прикриен начин да го спротивстават на Т. Алексанров. Ал. Протогеров и неговите поблиски луѓе, што престојуваа во Петричкиот крај, околу некои прашања и спорови, постепено, во разни случаи, пред своите подоверливи лица, војводи и четници, не еднаш се изјасниле против ароганцијата и нетолерантноста на Т. Александров, сакајќи, макар и одоколу, индиректно да му сугерираат, дека тој сака да биде диктатор во Организацијата. Т. Александров со својата железна волја, нескротлив темперамент, едноставно опиен од надмоќта и силата што ги имаше постигнато, наводно, во име на дисциплината, кон некои од четниците, па и кон второстепените војводи се однесуваше со ароганција и дури и ги разобличувал при најмали грешки или скршнувања од задачата што им е доверена за извршување. Така, постепено во редовите на самата ВМРО и меѓу луѓето блиски на самиот Т. Александров се создава прикриено незадоволство, што кај некои се изразувало во желба за

[72] Низок офицерски чин, наредник во германската и бугарската армија. Употребен во навредлива смисла: прост, ограничен, крут човек.

одмазда. А многумина од четниците и војводите уште од поодамна добро го познаваа Александров и неколкумина од нив – поблиските до него знаеја дека ако еднаш Т. Александров се скара или обвини некого, порано или подоцна ќе го суреди радикално, односно ќе го уништи, отстрани, убие.*

Така или инаку, кај голем дел од нелегалните се имаше вкоренето убедувањето дека Т. Александров ја има предадено постигнатата и потпишана спогодба во Виена и прикриено го сметаа за предавник и нестабилна личност, кој никогаш и со ништо не може да се промени и оти си останува истиот каков што го знаеја многумина од четниците и војводите. Тоа, последното, всушност, не беше точно. Т. Александров со неговата интелигенција и здрав разум одлично разбираше што можеше да го чека него, па и самата организација, доколку тој едноставно од каприц ја отфрлеше потпишаната спогодба. Тој знаеше дека тогаш ќе остане без моралната поддршка од голем дел од македонските дејци, припадници на разни групации и фракции, а, пак, самата револуционерна организација фактички би влегла во ќорсокак. Еве зошто тој требаше да се реши и да направи чекор напред. За таа цел, уште во средината на август месец, преку началникот на пунктот во Софија, Ив. Михајлов го имаше повикано на средба членот на ЦК на БКП, Коста Јанков, кому му беше соопштено да биде подготвен кон крајот на месецот да замине некаде во Ќустендилско на средба со членовите на ЦК на ВМРО.[73] Коста Јанков, тогаш скоро во илегала, во првиот момент, под влијание на настанатиот кај левата струја општ негативен впечаток за Т. Александров, веќе сметан како предавник на постигнатата во Виена спогодба, помислил дека тоа е некоја игра, мамка од страна на Т. Александров, со цел да го убие. Поради тоа сомневање, К. Јанков ме викна кај себе во своето засолниште за да го слушне моето мислење и тогаш да реши да оди или да не оди на средбата. Ние со К. Јанков цел час размислувавме како да се постапи во случајот и јас му дадов совет да отиде на средбата, зашто тоа се наметнува и е неопходно за да се види јасно каков е,

* Во минатото така беше со Заре Секулички, Дончо Ангелов и уште неколкумина други војводи.

[73] Според Тодор Александров и Кирил Прличев, Коста Јанков, од името на ЦК на БКП, побарал средба со Тодор Александров. Види: Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919-1924. Избор, предговор и редакција: проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005; Кирил Пърличев, 36 години във ВМРО. Съставител и редактор Кирил Пърличев, София, 1999.

всушност, ставот на Т. Александров, а според тоа и на ЦК по веќе објавеното соопштение – демант, со оглед дека тој се имаше повлечено, изолирано и речиси беше без никаква врска ниту со Софија ниту со Виена. За вистинскиот револуционер, му реков на К. Јанков, нема значење кога и како ќе загине, умре, тоа што е важно, суштинско е каква револуционерна линија има држено до крајот на својот живот. Вистина е дека во минатото Т. Александров со лукавство и измама има убиено и уништено многумина негови поранешни соработници. Може и во случајот да постапи така и вие да ги изгубите животот, но тоа е без значење. К. Јанков, смел, бодар, полн со живот и радост – тогаш уште беше младоженец, со здрава снага и уште посилен дух го прифати тоа мислење и веднаш ми кажа дека ќе отиде на средбата. Но, истовремено ме замоли и јас да пишам до Виена дека веќе е време овде, на самото место да се решават повеќето од прашањата и сè што е поврзано со идните односи, разговори, одлуки за конкретната работа меѓу ВМРО и БКП. Тоа се наметнуваше и од тактички причини и беше во интерес на општиот револуционерен фронт, каков што се планираше да се создаде, во прво време во Бугарија, каде се наоѓаше и основната база на македонското национално револуционерно движење.

Меѓутоа, за наше големо вчудоневидување, додека го чекавме денот кога Ив. Михајлов или друго лице – курир, ќе дојде да го одведе К. Јанков на средбата со ЦК на ВМРО[74], на 31 август 1924 г. на пат кон с. ...[75] каде требало да се одржи конгрес на ВМРО, Т. Александров бил убиен од двајца негови соработници, едниот војводата Штерјо Влаха[76] од Баракли-Џумаја, и другиот ...[77] четник, а Ал. Протогеров останал жив.

Кон нив, како што се разбра и беше докажано подоцна, Т. Александров се држел ладно во некоја мера, се сомневал во нивната верност и преданост спрема него. Физичките убијци на Т. Александров, пред сè, за да си го зачуваат животот, во еден момент решиле да го извршат ова злосторство, тоа убиство од заседа, бидејќи внатрешно биле убедени дека Т. Александров порано или подоцна ќе ги уништи, убие. Решението да го убијат Т. Александров тие го донеле и во услови на

---

[74] Коста Јанков остварил средба со Тодор Александров на 30 јули 1924 г. во Ќустендил. Види: Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919-1924. Избор, предговор и редакција: проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005, 701-707.

[75] Испуштено во ракописот. Се мисли на с. Сугарево, Мелничко.

[76] Се мисли на Штерју Влахов.

[77] Испуштено во ракописот. Се мисли на војводата Динчо Вретенаров.

постоење на низа критики и револт, што ги слушале од страна на некои од војводите и четниците, а исто и од други, подалечни на Т. Александров луѓе, кои неволно го трпеле и поднесувале, како Методи Алексиев и др. Критики и незадоволство и од Ал. Протогеров, Алеко[78], па дури и од Георги Атанасов, сите на позиција во врвот на ВМРО.

Бугарската влада само преку Ал. Протогеров правела сѐ што е можно да го подрие авторитетот на Т. Александров за да може да се подготви теренот, евентуално, да биде сменет од Ал. Протогеров во кого имала целосна доверба и го сметала за посоодветна личност, којашто нема да покажува каква било непомирливост и тврдоглавост за сѐ што во иднина ќе посака самата влада. Ив. Михајлов, кој посебно по 9 јуни се покажа повеќе и дури се истакна со услугите спрема некои неодговорни владини лица и фактори, исто бил земан предвид, па дури некои луѓе уште пред убиството на Т. Александров сметаа и зборуваа дека ќе биде поголем конспиратор дури од Т. Александров. Како што е познато, во првите 10-12 дена убиството на Т. Александров се криеше, сѐ додека неговите соработници разберат и се убедат точно како, од кого и зошто се случило. Иако првите денови убиството грижливо се криеше, сепак гласовите и вестите за убиството се проширија на многу места во земјата, па дури и надвор од неа. Сите нетрпеливо чекаа тие јавно да бидат потврдени, што беше и сторено. Во тоа тревожно време јас добив две телеграми од моите познајници во Виена, во кои алегориски ме прашуваа дали е вистина дека Т. Александров е убиен и зошто? За мене лично беше јасно како бел ден дека и најзаинтересираните лица и фактори во Виенскиот центар не знаеја дека Т. Александров е убиен, а уште помалку за организаторите физички и интелектуални, како и за причините за убиството. Истото беше и со ЦК на БКП, К. Јанков и др.

Неколку дена по убиството поистакнатите луѓе меѓу раководителите и војводите на ВМРО во Г. Џумаја беа демонстративно убиени. Во последен момент во Г. Џумаја беа повикани и некои луѓе од раководството на Илинденската организација: Г. Занков, Петар Ацев, судијата Георгиев, Ар. Јовков и др. По нивното собирање во хотелот на Анд. Рајнов[79] следуваа убиствата на Алеко паша (во чија чета порано биле вброени физичките убијци на Т. Александров),

---

[78] Се мисли на Александар Василев, познат како Алеко-пашата.

[79] Според Петар Шанданов, тоа била куќата на Панајот Рајнов, во која престојувале раководните лица на организацијата. Види Петар Шанданов, Спомени. Предговор и редакција: проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2002, 143-156.

Георги Атанасов и др. Пред тоа, во една куќа во село ...[80] биле откриени и убиени двајцата физички убијци. Еден општ страв и ужас ги опфати сите добри, совесни и незамешани во ништо Македонци и Бугари, набљудувачи и заинтересирани лица. Во Софија и насекаде во провинцијата убиствата оставија потресен впечаток, се ширеа најразлични гласини една од друга помистериозна и пофантастична и тешко некој можеше да одреди што е точно, а што измислица.

Фактот што уште во првиот момент по смртта на Т. Александров двете прикриени, непријателски фракции внатре во ВМРО меѓусебно се испоубија, покажа дека трулежот во Организацијата беше голем. Старите непријателства, насобраните болки и накрнетата гордост на некои од војводите, четниците или други лица од врвот на ВМРО, послужија како повод за зголемување на меѓусебните сомнежи, да се нафрлат едни врз други и да се самоистребат. Беспринципиелноста, занесувањата, страстите, злобата и одмаздата станаа доминантни и во таа нерамна, внатрешна борба загинаа голем број невини луѓе, незамешани во каква било свесна и злонамерна замисла или во какво било престапничко или достојно за осуда дело.

Во овој двобој надвладеа групата на Ив. Михајлов, Кир[ил] Дрангов, Панче Михајлов[81], сè уште млади, ентузијасти, на кои им недостасуваше доволно искуство од минатото, а притоа се наоѓаа под целосно влијание на бугарската влада, која преку свои поставени лица го предизвикуваше нивниот младешки жар за да ги спротивстави на сите други лица, кои во минатото немаа покажано или докажано, дека ќе бидат послушно орудие на новата 9 – то јунска власт.

Токму во тоа време, ден-два пред тие убиства, од Софија примамливо и вешто беа повикани неколку лица од раководното тело на Илинденската организација, која тогаш сè уште се сметаше како разгранок на самата ВМРО и без никакви објаснувања и предупредување, во општиот метеж и хаос настанат во Г. Џумаја, групата на Ив. Михајлов – К. Дрангов се нафрли и врз Илинденците – го убија редакторот на весникот „Илинден" – Арсениј Јовков, го гонеа за да го фатат и убијат претседателот Г. Занков, но тој вешто успеа да се сокрие и да избега, бездушно го малтретираа стариот

[80] Испуштено во ракописот. Всушност, Штерју Влахов и Динчо Вретенаров биле убиени неколку дена по убиството на Алеко Паша и Георги Атанасов, во с. Препеченце, Светиврачко.

[81] Всушност, војводата, поетот, публицистот и фолклористот Панчо Михајлов не припаѓаше на групата Михајлов-Дрангов, бидејќи беше убиен токму по наредба на Иван Михајлов.

чесен, несебичен и крајно помирлив македонски деец со големи заслуги во минатото за македонското револуционерно движење – Петар Ацев од Прилеп и уште неколку други лица, кои беа омразени од луѓето на Ив. Михајлов, кого владините емисари уште тогаш замислија и одредија да го постават на местото на Т. Александров, како најсоодветно лице, кое можеше да се користи за сѐ од владата. Зошто го убија Ар. Јовков? Иако беа пуштени гласови дека тој бил во врска со комунистите или со Виенскиот центар од каде, наводно, добивал и пари, сето тоа не беше вистина, туку клевети и измислици за да се оправда убиството. Тој беше убиен поради своето храбро држење во улогата на редактор на в. „Илинден", во кој имаше објавено една белешка во врска со една долга статија порано пишувана од Ив. Михајлов и објавена на втората страница во рубриката „Слободна трибина" во в. „Независна Македонија". Во таа белешка Ар. Јовков ги обвинува сите кои се солидаризираат со напишаното во статијата на Ив. Михајлов – тој, пред сѐ, ги визираше луѓето од редакцијата на в. „Независна Македонија", нивните прикриени и јавни инспиратори, и иронично им имаше кажано дека тие или не го разбираат статутот на легалната Организација или, пак, го „читаат статутот во темно". Тој беше забележан и како лице што го имаше напишано и редактирано Илинденскиот меморандум[82], во кој отворено беше потцртано, како што може да се види од самиот текст, дека бугарската држава природно се стреми кон Белото Море – Источна Македонија, па според тоа стремежот на бугарската држава е во спротивност со идејата и борбата на Македонија за нејзино оформување во посебна, независна политичка единица. Со други зборови, и борбата за слободата на Македонија не може да се идентификува со курсот на официјалната бугарска политика, па оттука таа ќе треба да се насочува не паралелно, туку во друг правец... Во Џумајско потоа беа убиени Пенков[83] и Дим. Алексиев[84], а неколку дена потоа во Пловдив, на улица, беше убиен Чуд. Кантарџиев, а во Софија во ист ден двајца, едниот претпладне, на неколку чекори од неговата куќа – Сл. Ковачев, а вториот попладне, пред театарот „Нова Америка" – Димо Хаџи Димов, демонстративно со куршум, без убијците да бидат посочени и фатени.

Стана јасно како бел ден, дека убиствата се диригираа и диктираа од еден владин центар, со единствена цел да бидат уништени поистакнатите луѓе на сите постоечки во минатото македонски

[82] Се однесува на Меморандумот на Илинденската организација од 17 април 1924 година упатен до бугарската влада.

[83] Се мисли на Георги Пенков.

[84] Се мисли на Методи Алексиев.

групи и организации, за да бидат уништени нивните идеи и сфаќања за решавањето на балканскиот и македонскиот проблем.* Храброста на Сл. Ковачев да испрати отворено писмо до Т. Александров и да му приговара дека тој нема право и монопол во македонското национално револуционерно дело и да ја тормози целата, или дел од емиграцијата, го чинеше животот во тие темни денови на злоба, одмазда и лудост. Исто беше и со Димо Хаџи Димов, Чуд. Кантарџиев и др. бивши легални и нелегални дејци за кои по нивната смрт исто се наведуваа и ширеа привидни мотиви и причини за да се оправда нивното убиство.

Убиството на Т. Александров беше искористено, пред сè, за да се создаде расположение против комунистите, зашто уште во првите денови се појави и прошири лажната вест дека авторите, интелектуалните убијци на Т. Александров наводно биле комунисти или нивни идејни истомисленици, кои престојуваа во Виена... Голем дел од народот, сивата маса слепо поверува во таа верзија, но луѓе кои беа во тек или учествуваа во преговорите со Виенскиот центар и такви кои беа подобро информирани за внатрешните борби и кавги во ВМРО, јасно гледаа дека убиствата се диригираат од самата влада, чиишто органи и агенти со сите средства ги протежираа сите интелектуални и физички убијци.

И така, избрзаното објавување на Мајскиот манифест и уште поизбрзаниот демант, на дело, во дадените настани и околности, придонесоа ВМРО, особено по смртта на Т. Александров, да се претстави во нејзината суштинска физиономија како една нереволуционерна, ами крајно реакционерна организација, целосно ставена во услуга не само на бугарската влада, туку и на самата полиција, чии органи се измешаа со органите на самата Организација. Никогаш во своето постоење ВМРО не беше толку ниско морално падната како во тие трагични денови и времиња. Сè што беше чесно, свесно меѓу македонските групации и организации се потресе од ужасот на новата група убијци, жални орудија во рацете на бугарската влада и на нејзиниот орган – полицијата. Фактички, ВМРО им се спротивстави и на бугарските работници и на селаните во нивниот стремеж, во борбата за заштита на нивните демократски права и слободи, одземени по државниот преврат од 9-ти јуни 1923 година.

Паралелно со реакционерната и фракционерска дејност на групата на Иван Михајлов, Националниот комитет, ослободен од своите опоненти внатре во него и надвор во емиграцијата, започна една

* Врз истиот невистински принцип владата на Ал. Цанков по 9-ти јуни … [натаму: нечиток текст].

дејност во спротивност и противречна со општиот статут, извртувајќи и насочувајќи се во духот на разбирањата и сфаќањата на бившиот Извршен комитет. Пишувањето на дневниот весник „Независна Македонија", преименуван во „Македонија", доби друг дух и правец со кои се сакаше пред бугарското општество и македонската емиграција да се претстави дека идеите и принципите во новиот заеднички статут немаат никаква смисла, дека тие се штетни, бесцелни и излишни и дека македонската организација ќе оди напред по своите стари проверени патишта. Се откажаа исто и редовните македонски собири, што се свикуваа во Софија повеќе за контрола врз самиот Национален комитет.

По септемвриските денови на убиства, палежи, тепања, прогони и др. во Г. Џумаја и целата Петричка област – Македонија под бугарска власт – над мноштвото македонски дејци и воопшто над бугарските граѓани по градовите и селата, над врвот на ВМРО, па и над самата емиграција, остана еден џган на кој му се даде простор и можност со секакви средства и начини да го подрива, уништува стекнатиот углед и престиж на старата ВМРО, на нејзините иницијатори и основачи Д. Груев, Г. Делчев и други, а со тоа ја изгуби моралната поддршка на бугарските граѓани. Дури, се стигна дотаму што зборот Македонец пред очите на целото граѓанство стана синоним за насилник, убиец, џелат... Одбивноста, огорченоста кај сите стана извонредно голема!

Секаква прогресивна мисла беше задушена и им се даде простор само на крајно националистичките, шовинистички и реакционерни елементи да газдуваат, да парадираат, користејќи се со крајно излитени фрази, со цел да да ги оправдаат своите предавства и жестокост. На тој начин владата, иако беше составена од образовани луѓе, професори, сметаше дека со физичкото уништување на повидните легални и нелегални дејци ќе може да го уништи и новото идејно прогресивно движење, кое сакаше да го претстави не како обединувачко, туку како расколничко, пакосно, опасно за народните идеали на бугарската нација и држава. Сите посвесни и поактивни Македонци се прикрија, а еден дел од нив, на еден или на друг начин, беа веќе емигрирале. Во тоа време во странство беа Тодор Паница со неколку свои другари прогонети од Бугарија, кои едвај си го спасија животот од прогоните на новите „автономисти", П. Чаулев, член на ЦК на ВМРО, исто беше во странство, во Виена[85], и дефинитивно остана на своите нови ставови во духот на Мајскиот манифест, што лично го беше потпишал, а,

[85] Петар Чаулев живеше во Италија, се движеше на релација Рим-Милано, каде и беше убиен на 23 декември 1924 година.

исто така, и Д. Влахов, д-р Ф. Атанасов, Сл. Иванов, Дим. Арнаудов со уште други нивни другари истомисленици, сите бивши отворени противници на Т. Александров, Ал. Протогеров и Ив. Михајлов.

Настаните и масовните убиства извршени по смртта на Т. Александров ги убедија сите дека е веќе невозможен каков и да било договор и заедничка соработка со останатата разулавена банда од убијци и наемници, егзекутори и потпалувачи. А, пред новата бугарска влада секаква работа за една вистинска револуционерна борба во Македонија беше исклучена. Сите се убедија дека стариот врховизам повторно целосно се воспостави, но со друга форма и лик, дека остана само името ВМРО, што веќе немаше и не можеше да има ништо заедничко со бившата, старата ВМРО на Г. Делчев, Д. Груев, Ѓ. Петров и целата плејада од работници и борци за слободата и независноста на Македонија. Мнозина веќе се убедија дека бугарската влада може само да го искористи националистичкото расположение на македонската емиграција, да ја искористи и нејзината револуционерна енергија за свои чисто партиски или бугарски великодржавни цели и интереси. Следствено, се налагаше не само да се прекинат сите контакти со владата и нејзините емисари, и во интерес на самото македонско национал-револуционерно движење да се започне борба и против бугарската влада, која фактички се јавуваше како непријател на секое обединување, непријател на единствениот македонски револуционерен фронт, како и непријател во очите на мнозинството на бугарскиот народ во лицето на огромното мнизинство од селани и работници, трудбеничкиот народ. Со својата политика околу македонскиот проблем, бугарската влада си поставуваше бомба под своите нозе, исто како што во минатото младотурците со законот, што спречуваше секакви здруженија на национална почва, а подоцна, по Балканската војна, и Србија со исклучивиот закон во Македонија, си поставија вистински експлозиви во темелите на двете држави, откако на секој можен начин придонесоа сите социјално и национално угнетени масовно и со уште поголема жестина да се кренат против тогашните нивни режими, а со тоа и против самите држави – Турција и Србија.

Погоре реков дека деветојунскиот државен превrat, извршен во момент кога Бугарија требаше да ги искористи сето време и услови создадени по војната за нејзиниот економски и културен развој, се одрази лошо врз земјата. Тој го означи почетокот на една континуирана граѓанска војна, во чие време загинаа неколку десетици илјади бугарски селани, работници и цветот на бугарската интелигенција, ги ограничи демократските права и слободи, ја девалвираше земјата

пред цивилизираниот свет, со други зборови го запре правилниот економски и културен развој на Бугарија во време кога војната навистина беше завршена, меѓутоа таа фактички продолжуваше само со други средства и начини... А, и за нас Македонците во Бугарија, како дамнешна главна база на македонското ослободително движење, е, исто така, еден од најмрачните датуми. Не само што масовно беа убиени многу видни, заслужни македонски дејци, туку повторно ги подели и разедини редовите на многу илјадната македонска организација, а придонесе и да се осуети во пракса веќе формираниот, со толку труд и време заеднички револуционерен фронт, кој единствено можеше да помогне за поправилно и релативно земено побрзо ослободување на Македонија. Деветојунскиот преврат како редок пресврт во животот на Бугарија, го врати назад за цело десетлетие и вистинското македонско национално револуционерно движење, откако смислено ги уништи, разнебити сите создадени и постоечки и функционирачки македонски организации... Во историјата на македонското ослободително движење за прв пат имаше толку погоден момент како тој кога се беше создала и формирала една единствена строго определена, проверена од историското искуство, револуционерна идеологија, што беше една неопходност, а настанатиот преврат, наспроти тоа, ги осуети истомисленоста и заедничката акција на сите постоечки македонски легални и нелегални групи, организации во трите дела на Македонија. Тој преврат по македонска линија осуети да се изменат старите форми и методи на борба, кога македонското национално револуционерно движење требаше да мине од една пониска кон друга повисока форма на револуционерна борба.

Има една поговорка во која се вели: „Кој ти го извади окото? Брат ми“ – одговорил прашаниот. „Затоа ти е толку длабоко извадено“ – возвратил прашувачот. Убиствата, колежите, насилствата и прогоните на посвесните и прогресивни македонски елементи во Бугарија со големо интересирање се следеа од сите во поробена Македонија. Тие, иако од далеку следеа сѐ и беа потресени од настанатите братоубиства, се одвраќаа, а исчезнаа и вербата и надежта и кај оние малкумина кои спасот и ослободувањето го чекаа од Бугарија, додека посвесните, енергичните, револуционерно расположени елементи се затворија во својата лушпа, барајќи начини и можности да зацртаат нов пат за нивното идно национално и економско ослободување. Идеите и принципите во Мајскиот манифест толку јасно изразени и толку детално подготвени и поднесени пред широките маси, паднаа како благодет од небото. Не остануваше ништо друго освен да им се даде конкретен, практичен израз.

Тогаш како од Бугарија, така и од Македонија под српска власт, некои бивши македонски дејци успеаја да излезат надвор од пределите на Србија и собрани во Виена да побараат контакт со своите бивши другари и истомисленици за започнување на заедничка револуционерна дејност, по еден ист пат и начин еднаков како во Бугарија, така и во Србија. А тој единствен пат беше општиот македонски револуционерен фронт да се приклучи кон заедничкиот балкански револуционерен фронт, односно да се најдат патишта и можности национално революционерните напори на Македонците да се вклучат во социјал-револуционерните сили главно во Југославија, каде беше Ахиловата пета на македонското прашање поради околноста дека половината од Македонија беше под српска власт, а освен тоа таму македонското население најжестоко го чувствуваше националното угнетување. Така што на маса беа сите претпоставки за започнување на една нова, вистинска масовна револуционерна борба. Ив. Михајлов и Ал. Протогеров со содејство на бугарската власт се наметнаа и вешто поттикнувани од одговорни и неодговорни фактори во Бугарија, ги насочија своите прогони и убиства и надвор од границите на Бугарија. Во Италија, во Милано, беше убиен П. Чаулев, а, исто така, и Т. Паница, во Виена[86]. Слични напади се подготвуваа и против други македонски дејци, меѓутоа тие не успеаја.

Македонија беше поробена и поставена под исклучителен режим. Таа беше пресечена со неприродни и произволни граници, што го спречуваа нејзиниот економски и културен развој, а елементите на стоково-паричните односи во новосоздадената ситуација по војните засилено се вгнездуваа во областа и националното ропство сè повеќе и повеќе се сливаше со економското, социјалното ропство. Националниот гнет засилен со сите средства на модерната држава: училишта, касарни, цркви, вербална и печатена пропаганда и агитација, ја прогонуваше секоја национална идеја и размислување, „бугарските владици, свештеници и учители беа прогонети, бугарските цркви и училишта затворени, а бугарскиот говор и писменост се прогонуваа со наметнување на страшни физички и други казни за секој, кој беше посмел да се нарече Бугарин или да говори на бугарски. Српската и грчката власт со дозволени и недозволени средства почнаа да го прогонуваат во заземените од нив области сето бугарско, да ја искоренуваат бугарската свест кај поробените и насилно да ги посрбуваат и погрчуваат". Денационализаторската и асимилаторска

[86] Тодор Паница беше убиен на 8 мај 1925 година во Бург – театарот во Виена од Менча Карничева, подоцнежна сопруга на Иван Михајлов.

политика на српските и грчките влади беше во полн ек. Општо речено, општествено-политичките и економските услови целосно дозволуваа да се започне една борба за национално и економско ослободување, за добивање на елементарните национални права и општограѓански слободи на дел од кои македонскиот народ се радуваше дури и во времето на турското ропство. Селското население навистина, по поразот на Турција и настанатиот сплет на околности, беше до извесен степен задоволено со земја, зашто еден дел од земјата на турските феудалци-бегови беше заграбена, присвоена или лесно, евтино закупена од Турците кои се иселуваа. Но, поголемиот дел од земјата не беше даден на сите селани, што имаа потреба од неа, туку присвоен од владини лица од владејачките партии или од влијателни личности. Незадоволството како кај селаните, така и меѓу градското население-занаетчиите и ситните трговци беше големо, а даноците со севозможни порези и прирези сѐ повеќе и повеќе се зголемуваа.

Македонија беше со површина од 65.000 квадратни километри и население од два и пол милиони жители, од кои мнозинството, 42 отсто беа по потекло Бугари, по нив Грци 36 проценти, Албанци, Турци, Куцовласи и еден незначителен дел од различни народности (Срби, Евреи, Цигани). Во Македонија под бугарска власт навистина Македонците не чувствуваа национален гнет, зашто слободно говореа на својот роден јазик еднаков со тој на Бугарите. Имаа училишта и цркви и наидоа на братски прием меѓу бугарското општество, откако на секој можен начин се вклучуваа во секојдневниот живот и релативно земено, иако бегалци, преселници, без доволно движен и недвижен имот (земја, куќи и др.), полесно преживуваа, имаа полна слобода да се движат по целата земја и со помош на власта и своите блиски по потекло и јазик браќа да обезбедуваат свое прехранување и да се населуваат по селата и градовите, со секогаш полна верба и надеж дека порано или подоцна ќе можат да се вратат по своите родни места, на своите одземени или напуштени имоти, кај блиските роднини, татковци, мајки, браќа и сестри, па дури и напуштени мали деца останати да живеат одвоени од своите родители!

ВМРО како сенародна, национална организација за чие подигнување беа дадени скапи човечки и материјални жртви, тој единствен заштитник и поддржувач на македонскиот народ, и по величествената Илинденска епопеја остана закрилник на обесправеното и незаштитено селско и дел од градското население од каде се беше изродила и од масовна револуционерна организација се преобрази од новите врховисти во една терористичка и четничка групација целосно ставена на услуга на бугарската влада и полиција, кои особено во тоа

време жестоко се беа нафрлиле против мнозинството од бугарскиот народ во прогони, убиства и уништување на елитата од бугарските селани и работници. Улогата на ВМРО за време на 9-ти јуни и потоа, учеството на македонските банди во насилството врз земјоделските лидери и повидните водачи, жестокоста и самоволието на македонските четници, кои дејствуваа групно и поединечно за време на септемвриските настани, кога голем дел од бугарскиот народ се крена со оружје в рака за да ги извојува своите одземени права и слободи на кои се радуваше уште од ослободувањето на Бугарија, сето тоа толку ги одврати сите чесни и совесни бугарски граѓани, што престижот и авторитетот на старата Г. Делчева ВМРО се уништи пред очите на бугарското граѓанство. На тие Македонци, кои припаѓаа на официјалната ВМРО, се гледаше веќе, како што реков, како на убијци, џелати на бугарскиот трудбенички народ. Кога ќе се додадат и извршените убиства и предавства над елитата на македонската интелигенција и на младината, по прогоните, физичкото уништување на повидните дејци со огромно минато и заслуги во македонското револуционерно ослободително движење: убиствата на Ј. Сандански, Ѓорче Петров, Чуд. Кантарџиев, Методи Алексиев, Ив. Илиев, Арсени Јовков, Петар Чаулев, Тодор Паница, Славчо Ковачев, Димо Хаџи Димов, Георги Скрижевски, Кл. Размов, Таралјамов и уште стотици бивши воини, борци за слободата на Македонија, секаква почит и уважување на таа размавната банда исчезнуваше во умовите и свеста на огромниот дел од македонското население како внатре во самата Македонија, така и меѓу македонската емиграција во Бугарија и надвор од неа – на Балканот, Северна Америка и Канада. ВМРО од една вистинска народна револуционерна организација, каква што беше пред и по Илинденското општо вооружено востание, поради промената на некои славољубиви самољупци, амбициозни и дури разгалени македонски дејци, фактички беше преобразена во една клика од терористи и убијци, кои во нивната желба да се наметнат пред ништо не запираа, ги продолжуваа своите крвави баханалии, па теророт и убиствата едвај не ги кренаа до ниво на култ. Непопречувани од никого и останати без сериозна поддршка и од самото македонско население внатре во Македонија и надвор од неа, тие со уште поголема жестина се предадоа само на терористички акции и прекугранични префрлувања од кои, освен пограничното македонско население, страдаше и самата бугарска држава, зашто немаше никаква сигурност за животот на населението, особено во Петричкиот крај, и се спречуваше и мирниот економски и стопански развој на земјата, додека тие врвни командни или одделни лица терористи и нивните

вдахновители сакаа да се претставaт пред општеството за некакви национални херои. А, пак, како што реков погоре, во земјата, по загубените војни и двете народни катастрофи, беше дојдено до едно прегрупирање на општествените социјални сили и наместо бившите управувачки партии, либерали, демократи, народњаци, радикали и други, на општествената сцена се појавија две големи политички партии со своите масовни организации – БНЗС и БКП – тесни социјалисти, комунисти, чии приврзаници масовно и делумно беа убивани, а во тие погроми и убиства учествуваа и Македонци. Така што секоја морална поддршка, што македонското ослободително движење ја имаше меѓу бугарскиот народ, беше не само исчезната, туку македонофобијата сè повеќе се поттикнуваше и зголемуваше. Поради уништувањето на БНЗ Сојуз, разнишувањето на редовите на БКП особено по септемвриските настани и беспримерниот терор на самата бугарска официјална власт и нејзините орудија, македонски војводи и четници припадници на официјалната ВМРО на Ив. Михајлов и Ал. Протогеров, секаков организиран отпор во Бугарија беше невозможен или најмалку секаков обид за реагирање ќе предизвикаше нови излишни жртви како меѓу бугарските граѓани, така и меѓу македонската емиграција. Не остануваше друго средство освен да се создаде еден центар надвор од пределите на Бугарија, во странство, каде спас најдоа неколку видни македонски дејци избегани од прогоните на бугарската и српската влада и нивните слепи орудија Ив. Михајлов и неговите следбеници. Веќе не станувaше збор за самозаштита, туку како да со возобнови старата вистинска ВМРО на Г. Делчев и Д. Груев и како да се најдат начини и средства за да се заштити и самото македонско население изложено на такво истребување поради бесмилосните веќе терористички акции и четнички пребегнувања, што им даваа повеќе повод и основаност на српската и на грчката власт на секој можен начин да ја засилат својата денационализаторска и асимилаторска политика спрема локалното, останато таму македонско население.

Мајскиот манифест јасно и определено посочуваше кој е единствениот и спасоносен пат за вистинското конечно ослободување на Балканот и посебно на Македонија. Не остануваше друго освен да се пронајдат практични начини и средства, со кои ќе се започне една нова, вистинска револуционерна дејност не само во трите дела на Македонија, туку и во трите држави – Србија, Грција и Бугарија, кои држеа делови од Македонија. А тоа можеше да се случи само со соработка и помош на трите револуционерни партии на Балканот и притоа да се исклучат секакви терористички акции и убиства, а

четничките акции да се стават во втор план, т.е. кога ќе се тргне по патот на масовна револуционерна борба, која единствено врз основа на историското револуционерно искуство и во други земји, макар и за еден подолг период од време може да даде задоволителни резултати. Околноста дека единствениот балкански револуционерен фронт се поддржуваше и од новосоздадената револуционерна држава СССР, како еден моќен стопански и воен фактор во светот, уште повеќе ѝ даваше смисла, сила и моќ и на новата револуционерна дејност, кон која се повикуваа сите Македонци од сите постоечки фракциии, што дотогаш стоеја на различни политички и тактички платформи и позиции, за единствен македонски револуционерен фронт. Во таква општа ситуација на Балканот и во тие специфични околности, во таа груба балканска и македонска реалност, требаше практично да се постави почетокот на една нова револуционерна дејност и во Македонија каде националниот гнет беше најголем и каде локалното население од минатото го имаше неопходното револуционерно искуство да го започне и продолжи во духот на вистинската, старата ВМРО на Г. Делчев, Д. Груев, Ѓ. Петров, Ј. Сандански, Дим. Хаџи Димов и целата плејада од доблесни и самоодважни македонски дејци – револуционери, кои за младото поколение беа веќе вистински борци, светци, идоли за пример и поддржување.

Македонското прашање по распаѓањето на бившата Отоманска империја, од која по општоевропската војна беа веќе откинати неколку широки и богати провинции – Сирија, Палестина, Трансјорданија и речиси целиот нејзин европски дел по Балканската војна, го немаше и не можеше да го има истото меѓународно значење како што го имаше во минатото, зашто западно-европскиот империјализам го беше земал од својот плен од грабежот, но повторно остануваше освојувачката политика на балканските држави, кои беа и си останаа параван на одделни западно-европски империјалистички држави: Франција, Англија, Германија, Италија. А тој империјализам на големите и мали држави го потпалуваше и потхрануваше постоечкиот економски и национален гнет во Македонија и на Балканот. Следствено, пред сè, против империјализмот требаше да се насочи целото внимание и сета сила и моќ и на национално и социјално угнетените, онеправдани балкански народи и националности. Некои грчки, српски, па и бугарски меродавни реакционерни лица и фактори во владејачките партии велеа и го поддржуваа ставот дека Македонија е еден географски термин, дека нема македонска нација, дека во Македонија живеат неколку народности од различно расно и национално потекло и дека словенскиот елемент е без определена

национална свест, дека може да се смета и како бугарски и како српски ако остане подолго време под политичката власт на едната или другата држава и дека секое размислување за издвојувањето на Македонија во одделна политичка, самостојна единица е една илузија, една утопија, со кое се занимава само Македонскиот комитет, но постојат сите знаци дека за еден не толку долг период тој постепено ќе исчезне и македонското прашање само по себе нема да постои. Некои од државниците на големите европски држави веруваа и се надеваа во тие желби, сфаќања и на таа, да ја наречам, оптичка илузија, па тивко, на секој можен начин, ги поттикнуваа Србија и Грција за да ја засилат својата денационализаторска и асимилаторска политика, да спроведуваат морален и физички терор за по секоја цена да се ликвидира македонското прашање и на Балканот да настапи мир и спокојство „неопходни за нивното мирно, цивилизаторско, трговско и индустриско, финансиско проникнување и влијание“.

Меѓутоа, така не мислеше голем дел од општествениците и политичките дејци меѓу образовното, прогресивно општествено мнение во Западна Европа, Америка, а уште помалку во СССР каде размислуваа и расудуваа сосема поинаку, зашто тргнуваа од други становишта, од други социјални и политички причини и ја знаеја вистинската, објективна ситуација на Балканот и во самата Македонија под српска, грчка и бугарска власт.

„Македонското прашање – вели Леонардо Адзарите, италијански журналист – стои пред „балканскиот мир“, како што „балканското прашање“ стои пред „европскиот мир“ и би можело да се додаде како што „европското прашање“ стои пред „светскиот мир“. Ете еден политичко-стопански и територијален јазол на кој најмалиот именител е составен од „македонското прашање“.[*]

А, К. Калефи, исто италијански журналист и писател, вели дека македонскиот народ, иако не е етнички хомоген, е добро оцртан во своите географски и историски предели, тој е жив и, што е најизненадувачки и најчудно – македонскиот народ се развива и го заокружува својот облик. Тоа е вистината. Македонија не е фантазија, (не е само географски термин б.н.)[87] со која живеат неколкумина воодушевени умови, ниту, пак, е пламено јазиче на малкумината останати живи и здрави од Илинденското востание (1903 г.), што ќе згасне кога ќе влезе в гроб и последниот од учесниците во епската борба. Македонија е жива реалност, чиј животен дух

[*] „Македонското прашање погледнато од Рим“, стр. 81, Нурижан.

[87] Повторно „Македонското прашање погледнато од Рим“, стр. 87.

и чија непоколеблива основа е македонската решителна, упорна, воодушевена и подготвена за секакви жртви напредна младина". А, Томазо Силани додава – „Македонија го заштитува цврсто и трпеливо својот национален карактер, своите традиции и својата култура".

(Да се наведат и други цитати од општественици, политичари, писатели, журналисти).

Не можеше да се очекува ништо суштествено и решително, како што мнозина наивни во тоа време веруваа, и од Друштвото на народите, зашто тоа, според својот состав и функциите, всушност, беше повеќе инструмент за угнетување на онеправданите народи и националности, а во неговиот Совет се прифаќаа и донесуваа решенија какви што сакаа одделните заинтересирани држави во југоисточна Европа и на Балканот. Советот на четворицата, главниот центар и институт кој наредуваше сè, беше составен од лица претставници на големите и многу заинтересирани за создадената општоевропска ситуација империјалистички држави – Франција, Англија, Италија и Јапонија, кои на секој можен начин ги заштитуваа нивните бивши сојузници Србија (Југославија), Грција и Романија на Балканот и Полска и Чехословачка во југоисточна Европа. Така што, сите резолуции, молби и барања, што се донесуваа на конгресите на национално угнетените народи и националности и се доставуваа до Советот на Друштвото на народите, под разни формални или други изговори си останува без резултати во пракса, зафрлени во правливите архиви на Друштвото на народите.

Единствена голема држава, која суштински, искрено и безрезервно сакаше и можеше да пружи соодветна на времето и околностите сеопшта – морална и материјална помош беше СССР, како единствена држава која отворено беше против империјализмот на сите капиталистички држави во светот. Таа ја поддржуваше ирската слобода и независност, таа на дело ја поддржа и Турција на Кемал (Ататурк) во нејзината борба за национално ослободување, таа единствено можеше да го спроведе и во пракса да го примени буржоаско-демократскиот принцип, лозунгот за самоопределувањето на угнетените и онеправдани народи, откако тој принцип го примени во своите предели и им даде можност на повеќе од 100 народи и националности во СССР национално да се ослободат, да се осознаат и зацврстат како одделни национално независни или автономни републики и национални окрузи. Притоа, најсуштествено беше што таа немаше освојувачки намери и на Балканот и искрено ја прифати идејата за Балканска федерација, единствениот начин и можност за економско и национално-социјално ослободување на сите народи

и националности, кои живееја на Балканот. Но, сè уште пред некои необразовани лица се поставуваше прашањето дали СССР како држава има свои цели и намери и како таква е должна да ги следи, заштитува и постигнува своите реални државни интереси и следствено, не може да не биде заинтересирана за секоја морална и материјална помош, што ја дава или ќе ја дава во иднина на кој и да е поробен народ или национално угнетена народност или нација каде и каква и да биде таа. Одговорот беше јасен и категоричен не само од теоретичарите, идеолозите на советското уредување, туку и од самите меродавни лица и фактори во СССР. Таа е револуционерна држава, на чело со револуционерна влада, што се смета за прва таква не само во пределите на СССР, туку и на сите економски, социјално поробени народи и национално угнетени националности, против заедничкиот непријател – империјализмот на капиталистичките држави, каде и да се пројавува и во каква и да било форма да се манифестира тој во одделните области и држави. Особено на Балканот, каде се испреплетени толку многу народности, единствен излез од создадената ситуација е во националната и социјална револуција, која ќе им даде можност заеднички да ги надминат веригите на нивното национално и социјално ропство. А тоа може да се случи кога ќе се обединат напорите на сите економски, социјално угнетени народи со тие на национално угнетените нации и националности, откако, пред сè, ќе се надминат нивните расни, религиозни и национални антагонизми.

Што се однесува до советизацијата или комунизацијата на Балканот, тоа е дело на соодветните комунистички партии постоечки во сите балкански држави, а што се однесува до националното ропство и угнетување, за тоа ќе треба и не можат да не се борат самите угнетени нации и националности. Следствено, тие самите треба соодветно за тоа да се организираат во национал-револуционерни групи, организации и паралелно со останатите социјал-револуционерни организации да работат, да се борат за своето економско и национално ослободување. На тој начин, целиот револуционерен отпор, целата револуционерна енергија, што се троши во одделни делумни, изолирани една од друга акции, во национални бунтови, востанија и револуции, ќе треба да се координираат со борбата, силата, енергијата и на останатите социјал-револуционерни организации и според локалните услови и околности да се започне една смела, систематска револуционерна дејност за конечното, вистинско национално, економско и социјално ослободување. Колку повеќе сили се обединат во едно, колку помасовни се одделните национал-револуционерни организации, толку повеќе ќе се искористи и нивното револуционерно искуство

и националната енергија за заедничката борба. Само под еден единствен услов – во никој случај, никаде и за ништо, постоечките и активни национал-револуционерни организации, групи и лица да не се спротивставуваат на вистински разбраните интереси и на борбата на селаните и на работниците во одделните држави. Во сѐ друго национал-револуционерните организации си ја зачувуваат својата самостојност да функционираат, работат, дејствуваат според локалните услови и околности, но во никој случај и никаде да не се на услуга на реакционерните режими во владеењето на одделните буржоаски влади на соодветните држави. Како, кога и со какви средства ќе се служат во борбата, останува секоја посебна национал-револуционерна организација самата да одреди во согласност со времето и локалните услови и околности. Преку тие тези и идеолошки претпоставки за многумина од нас стануваа јасни суштинските цели и намери на СССР и сите измислици, клевети, басни, што се ширеа од заинтересираните лица, партии и фактори во одделните балкански држави паѓаа како празни неосновани приказни со ништо не поткрепени, туку напротив се појавуваа како една штетна пропаганда и агитација или на заинтересирани лица и фактори или, пак, како дрдорење на лекомислени, крајно неискусни лица и кругови, што, всушност, бркаат свои лични, групни, партиски, класни или државни интереси. Не остануваше друго освен, наспроти сите човечки и материјални жртви дадени во подалечното и поблиското минато, да се оди напред...

„Не чекајте секогаш успех,
но во себе верувајте секогаш -
таква е земската наука!
Напред татковци, напред деца!..”

Во општествените, особено во револуционерните иницијативи нема значење утилитаризмот, туку важи прагматизмот. Обично одделни личности или група, такви што преземаат смели општествени или револуционерни иницијативи, не секогаш можат да сметаат на позитивен резултат, на успех во преземената иницијатива. Важна е, пред сѐ, крајната, заедничка цел и какви се побудите и мотивите од кои се раководеле одделните дејци. Така било кај многу народи и националности, тоа се случувало и кај редица други национал-револуционерни или ослободителни движења во Европа и во целиот свет. Но, националната идеја, националното чувство, националното осознавање се од таков карактер што нациите, националностите еднаш зафатени од ослободителната, национална идеја се подготвени да исполнат цели катакомби со човечки черепи и коски, без да се

смират пред какви било човечки перипетии, маки, измачувања и смрт. Човештвото пронашло многу средства, начини и методи за ограничување и уништување на разните природни стихии како огнот, водата, грмотевиците, разните епидемии итн, меѓутоа до денес, па можеби и засекогаш, не ќе може да пронајде средства и начини за да го спречи ширењето на идеите. Тие со невидлива сила се распространуваат, опфаќаат милиони човечки суштества и кога се израз на вистината, на самата реалност, тие опфаќаат цели општества, народи и нации и неминовно се претвораат во една реална сила, способна да преобрази цели општества, народи и целиот свет. Идејата, „теоријата станува материјална сила, штом таа ќе завладее со народот“ (К. Маркс). А и историјата ни дава конкретни примери за тоа. Неопходна е само вербата, самоувереноста во себе, силна волја и секогаш подготвеност личните интереси да се стават под општиот, заедничкиот, а уште поважно е да не се плашиме од смртта, туку секогаш да сме подготвени спокојно да ја пресретнеме, така како што секојдневно го пресретнуваме и сонот...

„Животот е најхеројското нешто за човекот, тој му сè дава само еднаш и затоа треба да се проживее така што да не нè жеже срам и подло и тривијално минато, и кога умираме да можеме да кажеме: целиот живот и сите сили ги дадовме на најпрекрасното нешто во светот – на татковината и човештвото“ (Островски).

По масовните убиства, што се случија во Г. Џумаја и во Петричкиот крај, официјално се објави и разгласи и за убиството на Т. Александров. Тоа што се шушкаше, гласините што се ширеа, целосно се потврдија. Утредента, беше септември, демонстративно беа убиени Сл. Ковачев и Димо Хаџи Димов[88], со кои бев во пријателски, другарски односи и извонредно ги почитував и сакав како постари заслужни, низа години смели борци во македонското револуционерно движење. Веста за нивните убиства ме потресе од дното на душата и во прво време со ништо не можев да си објаснам на што тие се должеа. Секакви мисли ми минуваа низ умот, но со ништо не можев да си ги објаснам барем себе си. Си велев, утре кога ќе одам на нивниот погреб ќе имам можност да видам некои мои пријатели и познати и од нив можеби ќе можам да разберам детали за убиствата и подобро ќе си ги објаснам. Меѓутоа, предупредувањето, вознемиреноста беа многу големи и немаше никаква сигурност ниту за мојот живот, особено откако се уверив дека по Т. Александров, кој беше во тек

[88] Владислав (Славчо) Ковачев и Димо Хаџи Димов беа убиени на 13 септември 1924 година во Софија.

со тоа што го направив во блиското минато, и јас самиот се најдов во една многу тешка и неизвесна за утрешниот ден положба. А, по убиството на Арсени Јовков, теророт – тогаш знаев дека е убиен – на Г. Занков и малтретирањето на П. Ацев, останав со убедувањето дека убиствата се диригирани од други, подалеку стоечки од македонското движење лица и фактори во Бугарија. Впрочем, тоа се знаеше и дури се раскажуваше од некои лица, кои добро ги познаваа како луѓето од ВМРО, така и тие од Илинденската организација, па и односите на Ал. Протогеров, Ив. Михајлов и други со владините луѓе и други одговорни и неодговорни фактори во земјата. Наспроти мојата силна желба да одам на погребот на двајцата убиени мои блиски пријатели за да им ја одадам мојата последна почит и да им изразам сочувство на членовите на нивните семејства, кои, исто така, добро ги познавав, јас не можев да присуствувам на погребот и на опелото, туку требаше неминовно уште истиот ден вечерта да го напуштам и моето семејство и домот и да се сокријам, како што ме посоветуваа и еден-двајца од моите најблиски пријатели. Јас не бев подготвен за криење и за бегство, зашто за ништо не бев виновен, ниту, пак, претпоставував дека работите ќе добијат таков несреќен пресврт, дека ќе се манифестираат само во такви жестоки убиства и прогони и на лица, кои во ништо не биле вмешани или виновни за какви било лоши намери или дејства.

Во животот на човекот понекогаш има моменти кога нема место, време или можност за мудрување, туку треба да се стапи во акција и мене не ми остануваше друго, освен да се сокријам за да избегнам евентуална опасност за мојот живот. Го напуштив семејството и се сокрив во куќата на едни мои многу блиски, со кои бевме во роднински односи. Таму престојував 10-12 дена, а потоа, за да не ги обеспокојувам и обременувам повеќе, се преместив во куќата на еден мој близок пријател без деца, кој живееше само со неговата сопруга. И таму престојував исто околу 10-12 дена. Во тоа време бев во контакт само со едно лице, исто така, мој добар пријател, добро воведен во македонските работи и активен член на БКП. Единствено тој ме информираше за сè што се случуваше во тоа време во Софија и провинцијата и главно во Петричкиот крај. Неколку дена откако официјално беше соопштено за смртта на Т. Александров, на иницијатива на негови блиски пријатели, соработници и истомисленици, во Софија се одржа една комеморативна манифестација, исклучиво од македонската емиграција. На неа, како што ми кажа мојата врска, исто Македонец, земаа учество над 20.000 Македонци, кои живееја во Софија, без разлика на сталежот, општествената положба и

политичките убедувања. Повеќето биле принудени речиси на сила да ја напуштат својата секојдневна работа, своите продавници и да присуствуваат на манифестацијата, за време на која неколку лица држеле и полни со емоции говори за животот и дејноста на убиениот од „комунистите" Т. Александров, кого го величеле како еден редок, незаменлив национален херој, така трагично и подло, од заседа, загинат македонски револуционер.

Додека Сл. М. – мојата врска, ми кажуваше колку и кои повидни лица присуствувале во долгите редици на комеморативната манифестација, истовремено со длабоката тага, што ја чувствував за смртта на Т. Александров со кого во подалечното и поблиско минато нè сврзуваа драги спомени за сите незгоди и сè што преживеавме заедно, а, исто така, и за останатите убиени и трагично загинати македонски заслужни дејци, срцето ми се кинеше од жал и за драгите и блиски пријатели, одлични македонски дејци, а уште повеќе за несреќниот развој на настаните и создадените околности. Неколку пати без да сакам од очите ми течеа солзи – плачев за сите нив, без исклучок. Но, плачев и за несреќната судбина на Македонија, нашата родина, за која во минатото, па и сега се дадоа толку скапи жртви без да се постигне некаков реален резултат, некаков успех. И токму во еден момент кога постоеја сите шанси да се стави крај на тие братоубиства, а македонското револуционерно, ослободително движење да тргне по еден правилен и вистински револуционерен пат, се случи токму обратното од тоа што се мислеше и имаше намера да се прави. Си велев, непријателите на Македонија се посилни и побогати, но се прашував дали тоа се должи на поголемата умешност, на поголемата предвидливот или на други објективни околности и токму тоа не можев да си го објаснам самиот себеси. Во долги размислувања ги барав причините за сето тоа и на ништо конечно не можев да се задржам, освен повторно на една единствена и иста работа, на постојаниот сопатник нам Македонците како мал, притоа заостанат во секој поглед народ – на слабата култура, слабата политичка и револуционерна подготвеност и образование, на неискуството, најголемиот непријател на сите народи и на човештвото. Само со тоа можев да си објаснам, како така свесни, високопатриотски лица, со најдлабоки чувства и мисли за родината и татковината какви што имаше и познавав во македонската емиграција, во тој момент, под влијанието на туѓи на македонските интереси лица и фактори, беа успеале да го залажат, да го заблудат и да создадат едно такво расположение во бугарското општество. Следствено и меѓу македонската емиграција за да смета, а некои и искрено да веруваат и да бидат погрешно убедени дека

сето зло за македонското ослободително дело доаѓа од омразените комунисти, кои биле инспирирани или биле слепи орудија на Москва, кога, всушност, токму обратното беше точно, вистина и праведно да се мисли. Неискуството, неискуството, суштинското неискуство, колку невини жртви си земало во текот на вековите, колку невина крв се пролеала, колку глави и коски се закопани во земјата – сето божем во името на правдата, вистината и праведноста, а, всушност, само од неискуство! И ние Македонците во тие решителни моменти во историјата на македонското револуционерно дело требаше да го дадеме својот данок...

И така минував цели денови и ноќи, речиси беспомошен самиот да преземам што и да е, а пак размислувањето дека во секој момент може да бидам макар и случајно откриен и пронајден можеше да ме чини и живот. Во таква ситуација немаше смисла дури и да се живее и нормално требаше да се преземе нешто. Но, што? Ништо друго освен за извесно време, неизвесно дали за пократко или подолго, да побегнам од земјата додека не дојдат подобри времиња и не се создадат подобри услови за работа, за борба во што бев целосно убеден, зашто вистината кога било ќе излезе на виделина, ќе блесне, а нискостите, егоизмот, расипаноста ќе исчезнат. Но, каде? Србија беше најблиската земја во која можеше да се префрлам најбргу, речиси преку ноќ или најмногу за еден ден, како што ме уверуваше мојата врска. Да, но си велев, како можам да го сторам тоа кога до вчера се боревме против српските освојувачи, српските шовинисти и крајни националисти, како сега јас, макар и обичен македонски легален деец, со какво морално право можам да заминам таму и да барам заштита од нашите заколнати непријатели? Тоа во никој случај не можам и не треба да го направам. Тоа би значело само морално да се уништам, а тоа ми се гледаше како потешка казна, отколку да паднам убиен од раката на најобичен убиец. Застанат цврсто на тој став, јас категорично одбив да се согласам да бидам префрлен преку српско-бугарската граница и да останам во Србија. Остануваше да побегнам само во Турција, но за тоа требаше подолго време додека се организира моето префрлување. Го замолив мојот личен пријател, мојата единствена врска со светот и со БКП, да го среди тоа, што и се случи. Во првите денови од октомври, едно утро излегов од станот во кој престојував и самиот пеш отидов до една мала железничка станица во близина на Софија, каде на мое големо изненадување го најдов лицето Благоев, син на Дим. Благоев. Се поздравивме и тој Благоев ми даде илјада лева, по што си замина. Јас се качив на возот и стигнав во Пловдив. Беше доцна ноќта. Возот застана и вагонот

во кој бев сместен беше неколку метри подалеку од самиот перон на станицата каде имаше доста луѓе. Одеднаш една група младинци почна да ја пее „Изгреј зора на слободата...“, а потоа и да извикува ура, ура, ура. Се зачудив што е тоа и зошто се пее македонскиот марш. Неколку минути подоцна дознав дека со истиот воз патувало и едно лице на висока позиција – Колбан или некој друг, тоа не можев точно да го разберам, кое го придружувало Ив. Каранџулов, бившиот претседател на Извршниот комитет, па младинците Македонци, по наредба од Софија, излегле со овации да ги пречекаат двајцата. Тие весело пееја пред тоа големо и авторитетно лице, како претставник на Друштвото на народите, кое патувало низ Бугарија, со цел да ја проучи положбата на македонските бегалци во земјата. Големо беше моето љубопитство за да разберам што се вели во поздравните говори на лицата кои пееја и останатиот голем број присутни на станицата, како и што одговори претставникот на Друштвото на народите итн. Но, поради околноста дека мнозинството беа Македонци, јас грижливо се прикривав во вагонот и застанат на еден од прозорците од десната страна на колосекот само слушав, размислував, мечтаев... И не знаев зошто, а пеењето, повиците продолжуваа... Песни, марш, ура, говор и ... убаво, си велев себеси.

Има луѓе кои знаат да чекорат по линијата на помал отпор, да си ја гледаат, пред сè, својата положба и спокојството, своите приватни интереси и семејството и сметаат дека во тој момент, сепак, го исполнуваат својот долг спрема татковината, ако го пеат македонскиот марш, пречекувајќи високи претставници на Друштвото на народите. А, ние си ја удираме главата, се оптоваруваме со севозможни комбинации, учествуваме во конспирации и затоа трпиме и се измачуваме. Други, пак, си живеат, си работат со песни и говори, иако знаат дека Македонија не ќе може да се ослободи, но најважно е што тие самите се задоволни и весели. Сите патници од прва и втора класа во вагонот, застанаа било во ходникот било на прозорците, се смееја, разговараа, а еден-двајца, според сè Евреи, задоволни и горди се шетаа во ходникот и разговараа. Ете, си велев, тие за неколку часа брзо и спокојно ќе ја минат турско-бугарската граница, а пак мене уште колку ли денови и ризици ми претстојат додека се доближам и ја минам границата. Тоа што за тие богати и среќни патници е реалност, за мене останува една далечна и полна со неизвесности фантазија. Едни пеат, други весело и безгрижно се шетаат и пријатно, љубезно, гордо и надмено разговараат и се дружат, ние се криеме по туѓи или конспиративни станови, во темнината на вагонот или на станицата, во секој момент да бидеме забележани од

некој познат или од пријател, чија среќа, наместо да биде пријатно изненадување, може да се претвори во спротивното, во непријатност, па дури и страв. Судбина...! Песните сѐ уште продолжуваа, а возот почна да се движи, забрза и навлезе во темнината на пат кон Свиленград. Пред да се раздени се симнав на станицата во Љубемец, каде ме пречека едно лице кое ме однесе во еден стан. Таму како гостин останав два-три дена, а потоа местниот раководител на БКП, Добри Терпешев[89], ме премести во едно друго село по на север, Изворово, и ме смести кај семејство, чија куќа беше на крајот од селото. Таму престојував неколку дена, но осамен, часовите, деновите ми се гледаа долги како години. Единствената разонода ми беа неколкуте книги за читање од кои повеќето беа марксистички. Се чудев како едно толку сиромашно, мало селце, речиси без вода – кладенецот за вода беше многу далеку од самото село, сепак се викаше Изворово, а пак се гледаше дека е полно со марксистичка литература, книги брошури, весници... Со ништо не можев да си објаснам зошто бев сместен во тоа далечно, мало село и оставен сам, осамен, без да можам со кого било да разменам по збор-два во текот на денот, што ми се гледаше долг како година. Еден пазарен ден стопанот на куќата се подготвуваше да замине во Харманли и ме префрли во плевната, каде ме заклучи од надвор и си отиде. Цел ден останав во плевната. Во еден момент слушнав човечки чекори, се сокрив зад сеното, внатре и по некое време некој почна да гледа низ еден од прозорците, се обиде да ја отвори вратата за да влезе, но кога виде дека е затворена се одалечи. Јас се стресов и се чудев што ќе правев ако успееше да влезе и да ме најде сам во плевната. Но, речиси се смирив кога забележав дека „љубопитниот“ селанец си замина, а јас го набљудував низ пукнатината на вратата како е облечен, дали има оружје или не. Одеше сам со стап во раката. Како што разбрав подоцна, тоа бил некој акцизен стражар, кој со своето началство истиот ден престојувал во селото за да ги проверат казаните и случајно некој да не има сокриено некое буре со вино, ракија и др. Понекогаш тоа што го носи случајноста, не го носат ни цели години. Има среќни настани во животот, но има и многу тажни последици. Во тој момент излегов среќлија, патот не ми беше попречен, но сѐ уште остануваше неизвесно колку долго време ќе треба да помине за да стигнам до турската граница. Остануваше да чекам во селото и да го чекам денот и часот кога и со кого ќе заминам

[89] Добри Терпешев (1884-1967), висок функционер на БКП, бил член на ЦК на БКП од 1938 г., министер во првата влада на Народна Република Бугарија и потпретседател на владата (1949-1950).

кон границата, а од таму за Одрин. Ден, два, недела, сè уште никој не се појавуваше, ниту, пак, стопанот на куќата, ниту некој негов близок роднина. Ни самиот Добри Терпешев ништо не знаеше, ниту можеше да знае од кого и да е во селото. Тој беше еден полуписмен селанец со семејство – две малолетни деца, фанатизиран комунист и многу љубезен човек. Се интересираше за сè, сè сакаше да знае и за тоа што се случува во Бугарија и надвор од неа и за тоа што се случило и се случува во Советска Русија и за тоа што се случуваше дури и на Далечниот Исток, а пак работеше од зори до вечер за да се прехрани и за да се подготви за претстојната зима, за која често говореше. Ние во градот се плашиме од безработица, од болести и епидемии, а тие тука на село, пред сè, од зимата и природните стихии. Јас одамна, од многу одамна немав живеено на село и сè што гледав покуќнината, огништето, дворот – сè ми изгледаш непознато, љубопитно, интересно. Најмногу се трудев да го сфатам менталитетот на тој добар селанец, со кого, гледајќи ја неговата љубопитност, водевме долги разговори. Еднаш го забележав како чита една книга, го помнам и насловот, од Преображенски, во која авторот детално и опстојно ја обработува идеологијата и тактиката на анархистите и едноставно се воодушевував, што тој скромен, сиромашен и полуписмен го интересираше и читаше дури и книги со слична содржина. Тогаш и доцна потоа среќавав на многу места и селани и работници, сиромашни, пообразовани и неписмени, но секогаш и секаде ме воодушевуваа со нивната простодушност, чесност, подготвеност за секакви ризици и жртви и со една неограничена верба во подобро утре! Со благодарност си споменувам за гостопримливоста и срдечноста, со која на многу места ме пречекувале такви сиромашни, но чесни и добри луѓе.

Една вечер ме поведоа повторно надолу од селото Извор, кон реката Марица, во една градина на крајот од едно село. Таму затекнав уште четворица од кои еден беше постар човек, стопан на градината. Останатите тројца беа млади луѓе и тие нелегални, подготвени за пат преку границата. Едниот висок, крупен, физички многу здрав и пргаво момче, син на стопанот на градината. Тој беше куририот, кој требаше да нè поведе и пренесе преку границата, и да нè придружува до Одрин. Сите стоевме исправени и подготвени да тргнеме. Запрашав дали е далеку границата каде што ќе минуваме и куририот ми го кажа правецот по кој ќе се движиме само ноќе, додавајќи дека ни претстои пат од 30-35 километри. Тргнавме и цела вечер патувавме, а малку пред да се зазори стигнавме во едно село Димитри-коп. Но, пред да влеземе во самото село, требаше да преминеме една река. Над водата имаше една дебела букова греда и по неа требаше да минеме

од другата, на страната на селото. Јас бев во средината на колоната и кога ја поминавме гредата и требаше да стапнам на песокот, паднав, но веднаш се исправив на нозе и продолжив да чекорам. Меѓутоа, по неколку минути почнав да чувствувам болка во десната нога и едвај ја влечев, а требаше да се искачиме по една нагорнина за да влеземе во самото село и да се сместиме во една куќа речиси средсело. Ногата ми беше така извиткана, што болката сè повеќе се зголемуваше и за да стигнеме до куќата требаше еден да ме држи под рака и така едвај стигнав до куќата во која требаше да го минеме денот.*

Меѓутоа, моравме да останеме во една мала соба на куќата и преку ноќта, па и наредниот ден, односно два дена и една ноќ без дури да излезам од внатре за да не бидам забележан од некое надворешно лице во селото. Кај нас доаѓаше само стопанот на куќата, нашиот јатак, еден селанец во напредна возраст, телесно слаб и сув, но многу добродушен човек. Тој со сè нè служеше, и со храна, цигари, овошје и неколку пати водеше подолги разговори со нас, со единствена цел да дознае кои и какви луѓе сме. Ние се претставивме како шверцери и му рековме да почека два-три дена, па ќе види каква шверцувана стока ќе донесеме од Одрин... Се гледаше дека верува во нашите зборови, но два-три пати во разговорот ни рече: макар и излажете ме, но кажете ми какви луѓе сте и зошто одите во Одрин. Ние останавме категорично на нашата приказна дека сме шверцери и дека ќе донесеме богата шверцувана стока од која и тој самиот ќе има добивка.**

Наредната вечер доцна излеговме од селото, се искачивме по една нагорнина и веќе бевме до самата гранична линија, далеку од бугарското знаме. Далеку по линијата лаеја кучиња, но ние спокојно, тивко, но со брзи чекори се движевме, се симнавме по еден мал дол, нешто како јаз, и во една теснина ја прескокнавме водата, по што минавме од спротива, веќе на турска територија. Меѓутоа, требаше да се искачиме по една мала нагорнина, а пак од таму, на спротивната страна се гледаше бугарската територија и целата гранична линија по која далеку од нас слушнавме кучешки лаежи, но не забележавме патрола на војници-граничари. Цела вечер, на пат за Одрин, одевме по ливади обраснати со висока, сува трева. По едно време излеговме на пат, а десно од него, понастрана, забележавме едно единствено

---

* Ако куќата кон која одевме беше подалеку уште еден километар, јас едноставно не ќе можев да се движам, ќе требаше да ме носат на грб. Ете до толку чувствував остри болки во горниот дел од ногата.

** Во тоа време од Турција во Бугарија се шверцувало со хартија за цигари, фесови, шеќер и др.

турско село и така до Одрин, без никого да сретнеме, стигнавме до едни градини и се сместивме во една мала колиба. Сонцето се беше веќе појавило на хоризонтот, а ние сè уште се грееviews околу малиот оган во огништето, кога во просторијата влегоа две лица, Турци, и почнаа да разговараат со нас, но без да нè прашаат кои сме, што сме, од каде доаѓаме и за што сме дојдени. Едниот беше турски таен полицаец, а другиот еден од стопаните на градината, кој брзо, брзо беше успеал да отиде до градот, да ја извести полицијата, а таа беше испратила свој агент за да нè однесе во полициската станица. Уште истото утро нè однесоа кај директорот на полицијата Кемал и тој, откако нè праша за имињата и занимањето, ни побара документи за утврдување на нашиот идентитет. Јас случајно останав умен и го имав зачувано одамна извадениот евиденционен лист – такви беа тогаш личните карти – и му го предадов. Меѓутоа, останатите двајца, кои беа со мене, немаа никакви документи со себе. Едниот беше Антон Неделков, адвокат, долгогодишен редовен член на БКП и најпосле Македонец од Крушево, по наредба на партијата, откако се пројавил меѓу емиграцијата со учество на некои средби и собири и како познат комунист бил осомничен од македонистите, па за да ја избегне опасноста да не биде убиен и тој требаше да ја напушти Бугарија и како емигрант да остане во Цариград. Но тој, којзнае зошто, наместо да го каже вистинското име, се претстави како Х. Бојаџиев, чиновник. Вториот беше еден Русин, висок, слаб човек, на 30-32 години и се претстави како Алфред Глауберг. Куриротот, кој нè придружуваше, како познат на полицијата дури и не го повикаа и тој слободно, два-три дена по нашето пристигнување, се шеташе низ градот и чаршијата во Одрин, невознемируван од никого. Напротив, многумина го поздравуваа и разговараа со него како со лице кое не еднаш доаѓало во градот и со добри врски со трговците и други лица. И така, по толку долги и мачни денови од криењето во Софија, на 1 ноември јас, со погореспоменатите двајца мои сопатници-другари, бев веќе во Одрин. Уште претходно на неколку пати, со редовни документи, како патник, имав поминато низ Кара-агач и Деде-агач, но градот распослан на десниот брег на реката Марица не го познавав. И веднаш, на првиот ден по пристигнувањето, љубопитно ги гледав оддалеку старите одрински ѕидини, Ајваз-баба, сосема празните пазари и речиси пусти плоштади, џамијата Султан Селим со четирите минариња, како и месноста каде се сливаат трите бугарски реки: Арда, Марица и Тунџа, толку воспеани во бугарските песни. По неколку дена, ми се пружи можност да ги посетам и разгледам сите овие места и не толку само од љубопитност, туку и од национална гордост! Но, пред сè, требаше да завршам со испрашувањето во полицијата. Јас и Антон

Неделков, именувајќи се веќе како Бојаџиев, лесно минавме, меѓутоа останувaше Русинот, Ал. Глауберг. Тој рече дека е белогардеец, дека одамна, пред револуцијата избегал од Русија, дека живеел и долго време патувал низ Романија без определена работа, дека многу страдал и оти решил да се врати назад во Русија. Но, бидејќи во Романија немало советска амбасада, решил преку Бугарија да замине за Одрин и Цариград, каде веќе имало можност и документи, односно визи – така му напишале неговите блиски – за слободно враќање во родното место. И сега ја користи можноста да замине во Цариград, да се снабди со неопходната виза и да се врати во Советска Русија. Но, според некаква конвенција меѓу СССР и Турција, последната не смеела да прифаќа Руси белогардејци на своја територија и директорот Кемал беј сакаше да го врати лицето Ал. Глауберг назад во Бугарија за да не добие приговор од Цариград дека дозволил да влезе лице Русин, белогардеец. Директорот на полицијата, за кого моите познати Турци во Одрин, се виде, имаа дадено добри карактеристики како за човек и, главно, како за бивш окружен управник во Крџали каде, пак, многумина ме познаваа, ме повика и ме праша што знам за тој Русин. Му реков дека не го познавам и дека по патот случајно се сретнавме и како бегалци-другари според заедничката судбина, преминавме во Турција. Ал. Глауберг пелтечеше и тешко се изразуваше, па освен руски, рече дека не знае друг јазик, а, всушност, тој добро го владееше и англискиот...

Кемал беј ми рече дека ќе треба да го врати назад во Бугарија. Го замолив да најде можност да не го прави тоа, туку да му дозволи да го продолжи патувањето за Цариград и од таму да си замине за Русија. Дотолку повеќе, додадов, што тој, како што ми кажа, има веќе виза и сака да стигне до некоја амбасада. И сега, по толку време, по толку маки и страдања, по толку ризици без документи да помине две граници – бугарско-романската и турско-бугарската – ќе биде акт на хуманост (мерхамет), наместо да му се забрани, да му се дозволи влезот во земјата, па ако нема виза за патување во Русија пак ќе може да биде вратен назад. Ете зошто ќе биде најдобро да испратите телеграма до советската амбасада во Цариград и да прашате дали има виза за враќање во Русија или не, и тогаш донесете одлука. Јас лично го сметам за Русин, кој се наоѓа во непријатна ситуација, бегалец, скитник без помош и заштита од никого и како – несреќен човек. Директорот се согласи, испрати телеграма во Цариград и уште наредниот ден доби одговор дека лицето има виза за да се врати назад во Русија и побрзо да се испрати во амбасадата, каде ќе му бидат изадени виза и документи за да замине за СССР во неговото родно место. Ал. Глауберг за цело време беше многу вознемирен, но оставаше

впечаток дека ништо не го тревожи. Кога му реков дека директорот има намера да го врати назад во Бугарија, тој во доверба ми кажа дека ако го сторат тоа, уште по пат ќе се обиде да избега, но жив нема да влезе во Бугарија и притоа ми покажа две мали тркалезни бомби од швајцарско потекло, со кои сакаше да се спасува или самоубие... Тоа ме воодушеви. А потоа, кога подетално ми раскажа како се нашол во Бугарија, што сѐ преживеал, каде и колку талкал кон Казанагачко, Јамболско и Сливен, каде успеал да воспостави врски итн. јас можев да сфатам колку голем човек беше тој тивок, скромен, висок и слаб Русин... Една тајна што ќе замине в гроб ... Уште наредниот ден Ал. Глауберг со воз замина за Цариград, а ние со Ан. Неделков (Бојаџиев) останавме во Одрин за да го чекаме одговорот од Анкара. Се сместивме во хотелот „Анадол“, чиј сопственик ми беше познат, а во хотелот исто држеше и гостилница во која се хранев ме. Во Одрин имаше бугарски конзулат, каде конзул беше Драндаров, митрополија на чело со митрополитот Никодим и училиште до третиот клас, чиј директор беше Д. Нашев. Сите тројца со особено љубопитство ме распрашуваа зошто сум избегал од Бугарија. Им реков дека против државата ниту јас, ниту Бојаџиев немаме ништо сторено, ниту, пак, сме обвинети, туку како Македонци, поради македонските пресметки по убиството на Т. Александров, заради несигурноста за нашите животи сме побегнале и оти сакаме да заминеме за Цариград каде мислиме да се сместиме и полесно да најдеме работа за да останеме извесно време, додека се смират страстите и повторно ќе се вратиме во Бугарија. Како Драндаров, така и Нашев целото внимание го насочија спрема нас двајцата, додека несреќниот Русин целосно го запоставија, меѓутоа ако сакаа да добијат некакво признание или награда, токму Ал. Глауберг беше личноста која можеше да им го обезбеди тоа, а не ние двајцата Македонци. Но, во секоја активност има и лоши проценки, па и заблуди. Ал. Глауберг, без дури ни името да му го запаметат, беше веќе во Цариград и понатаму кон Крим или Одеса... Лесно беше пуштен, без тие државни службеници да успеат да ги исполнат своите должности.

Ние во Одрин останавме долго време, но одговор од Анкара не стигнуваше. Секојдневно прашувавме во полицијата и постојано негативно ни возвраќаа, иако нѐ убедуваа дека одговорот скоро, многу скоро ќе стигне. За сето време за нас беше задолжен и нѐ следеше еден таен полициски агент, нешто како наша заштита, а образложението беше дека бугарската граница е многу блиску и оти може евентуално да се префрли некое непожелно лице. Тој полициски агент излезе дека е Турчин од Велес, исто од Македонија, и многу се привrза со нас, па на секој можен начин сакаше да ни помогне, да ни

биде на услуга, но истовремено и внимателно следеше и набљудуваше сè што се случува околу. На нас будно внимаваше и пограничниот турски полициски помошник Ибрахим, кој долги години беше на таа должност и остана уште неколку години по нашиот престој во Одрин. Тој редовно ги следеше сите лица трговци и работници, што доаѓаа од Бугарија, и како долгогодишен, совесен и исполнителен полицаец, па и по душа и карактерно многу добар Турчин, одлично ги познаваше. Едвај кон крајот на декември пристигна одговорот од Анкара дека ни се дозволува да заминеме и да живееме во Цариград. И на 1 јануари 1925 година бевме веќе во хотелот „Сирнеџи" во Стамбол-Цариград, но сè уште без документи в рака. А без нив ниту можевме да најдеме и да се сместиме во некој приватен стан, ниту, пак, можевме да најдеме некаква работа. Како скитници се движевме низ градот, во околината, на Босфор и на Златниот Рог и патем на секој можен начин се обидувавме да дојдеме до некакви официјални документи. Мојот другар не знаеше турски и речиси со никого не се дружеше, освен со еден или двајца, што брзо ги најде и запозна, и само со нив разговараше, а понекогаш, за празници, и излегуваше на прошетка.

Како позапознаен со градот, се среќавав со многу познаници, Бугари и Турци, од кои многумина Македонци од Скопје, Велес, Солун, Охрид, Битола, Сер и др. Често седев во една-две кафеани во Сирнеџи, а постојано во кафеаната на хотелот „Сирнеџи" каде меѓу посетителите имаше Турци, Македонци и Бугари, кои живееја во Цариград или, пак, доаѓаа од Бугарија. Со некои Турци од Македонија често разговарав, а некои од нив во разговорите ми се жалеа дека биле разочарани од војните, дека останале без имотите и дека тешко преживувале, особено тука во Цариград, каде сепак се чувствувале како туѓинци, без блиски и познати, а било скапо и тешко. И тие тагуваа за своите, еднаш засекогаш напуштени родни места, за нивната родина. Јас, повеќе за утеха отколку за поттикнување, им велев дека не е неопходно да се организираат во друштва за меѓусебна помош, какви што имавме организирано ние македонските Бугари во Бугарија. Им велев дека во Бугарија речиси во секој град и во некои поголеми села има такви македонски друштва, а во Софија неколку и оти многу Македонци од тие друштва добиваат помош за живеење или за да најдат работа итн. Повеќето од нив молчаливо ми ги одобруваа зборовите, но за тоа ништо повеќе не говореа, а некои само воздивнуваа и толку.

Еден ден отидов во полицијата за да побарам и добијам некаков документ за престој во земјата. Откако го кажав името, чиновникот стана од своето место, отиде во друга просторија, се задржа кај претпоставените и повторно се врати. Ме запраша каде е другар ми

за кого исто барам јавна исправа. Му реков дека тој не знае турски и затоа не е дојден тука, туку остана во градот. Добро, одете си сега и утре дојдете двајцата заедно тука – ми рече чиновникот. Утредента во истото време отидовме заедно со Бојаџиев и наместо да добиеме јавни исправи, еден полицаец нè однесе во друга просторија каде бевме уапсени на одредено време, без да знаеме зошто. Вториот ден откако бевме уапсени, на 1-2 март, моите добри пријатели Турци, со кои се познавав и на секој можен начин ми помагаа во сè, се јавија кај директорот на полицијата за да се информираат и да се заземат за нас. Третиот ден, со еден друг Бугарин работник, нè однесоа во советскиот конзулат и сакаа таму да нè предадат, за да нè префрлат во СССР. Во конзулатот, што се наоѓаше во зградата на старата руска амбасада, заедно со еден турски униформиран полицаец се појавивме пред еден млад чиновник – се викаше Мирниј – кој почна пред полицаецот да нè прашува како се викаме, што сме по професија и зошто сме уапсени. Бугаринот работник си го кажа името, потоа професијата, а на прашањето што е според политичките убедувања, рече дека бил комунист. Добро, одговори советскиот чиновник. Потоа мене ме праша и јас си го кажав името и професијата – адвокат, а по мене Бојаџиев и тој одговори исто, а на прашањето за нашата политичка припадност во Бугарија, рековме дека обајцата сме адвокати, односно дека јас сум национал-либерал, додека Бојаџиев се претстави како демократ. Чиновникот му се обрати на полицаецот и му рече дека едниот, работникот, ќе остане во конзулатот и ќе биде испратен во Сојузот, а останатите двајца не ќе може да нè прими: „Советска Русија нема потреба од адвокати, туку од работници...“. Но, продолжи тој, нема зошто овие добри луѓе да ги држите в затвор, туку пренесете му на господинот директор дека ние ќе им издадеме привремени дозволи, ќе ги земеме под наша заштита и дека ќе им пишеме во Москва да им се дозволи да заминат за Советска Русија, но со оглед дека нема редовни бродски линии одговорот ќе задоцни, а и без тоа нашата пошта е бавна. Дотогаш, тие ќе останат тука, а сигурно одговорот ќе биде позитивен и тие тогаш ќе можат да заминат за СССР. Кога излеговме сите и ја напуштивме зградата на конзултатот, полицаецот гневно ни дофрли зошто не рековме дека сите сме комунисти, па така уште истиот момент ќе нè примеше како третиот наш другар, а вака повторно ќе треба да одиме в затвор, повторно да преживуваме неволји, страдања итн. Ние му одговоривме дека не сакаме да лажеме и да велиме дека сме комунисти кога, всушност, не сме такви. Полицаецот се зачуди и рече „едноставно не можам да Ве разберам Вас Бугарите...“.

Кога се вративме во полициската станица уште истата вечер нè ослободија. Утредента кога се сретнав со моите двајца добри пријатели

Фуад и Скечели Ариф беј, кои се заземаа за мене, ми кажаа дека сум бил задржан, со цел да бидам протеран надвор од пределите на државата, зашто според извештајот на некој таен полициски агент, јас сум се среќавал со Турци-бегалци, кои сум ги наговарал да се организираат во друштва по примерот на постоечките во Бугарија. На тоа само гласно се насмеав и им објаснив на пријателите што, всушност, сум зборувал и со каква цел. Наспроти сè – ме посоветуваа тие – не се задржувајте по тие кафеани и места и одбегнувајте да разговарате со слични лица, кои не се знае што се и што мислат. Разбрав дека и во новата, Турција на Кемал, сè уште има остатоци од стариот, вековен атавизам и дека сè уште во речиси сите области на обичниот живот на Турците има недостатоци и предрасуди, останати од далечното минато, уште од апсолутистичко-монархистичкиот режим. Будноста беше поголема, но сомничавоста и рутината сè уште имаа остатоци. И затоа не ми падна тешко, ниту се налутив за апсењето, туку повеќе го сметав како заслужена казна за моите ненавремени, излишни разговори со лица, кои малку ги познавав, а како емигрант, пак, требаше да водам сметка за тоа дека сум следен и под будното полициско, обично шпионско око, што во такви случаи тешко се забележува. Односно, секогаш да ги гледам работите и луѓето преувеличени, во преобразена или, поточно, во изопачена форма.

Минаа денови, недели, еден-два месеци, ние обезбедени само со една белешка од советскиот конзулат, со еден голем тркалезен печат на неа, невознемирувани од никого престојувавме и се движевме низ Цариград, а од Москва визата сè уште не доаѓаше... Всушност, дали и воопшто беше побарана таква виза? Мирниј, веројатно, сакаше да нè остави додека ние самите не одлучиме кога и каде да заминеме. Антон Неделков – Бојаџиев беше веќе на „работа“, од Софија си го донесе и семејството, сопругата и двете деца – Павлина и Владимир*, а јас останав без работа и сакав да заминам за Виена, каде требаше

* По неколку месеци Ан. Неделков, како долгогодишен истакнат комунист – партиец, откако остана на работа во Цариград, беше заминал за Грција, во Солун, и пак се беше вратил. Подоцна, стана непожелен во Цариград и со семејството си замина за Советска Русија, во Москва, и таму остана на „постојана“ работа. По 2-3 години, кон крајот на 1928 година, кога јас привремено бев заминал за Москва, таму повторно се видов со Ан. Неделков и со неговото семејство. Павлина и Владимир беа ученици, а подоцна, пред германско-советската војна, разбрав дека Павлина била веќе авијатичарка и била одликувана, а Владе бил студент. Татко им Ан. Неделков – Бојаџиев имаше веќе, барем за мене познато име – псевдоним, Володин, земено од името на својот син Владимир.

да се собереме неколку души, сите добро познати едни на други од минатото и сите Македонци, но немав пасош, а без исправни документи за патување не беше можно или поправо, јас лично не сакав да го напуштам Цариград без исправни документи, односно нелегално, иако таква можност постоеше.

Откако турската власт ми беше дозволила престој, не ми беше лесно да заминам од Цариград без регуларна полициска виза, не поради тоа што ќе се иритираше самата полиција дека сум пребегнал нелегално, туку заради тоа што самата ќе дознаеше оти воопшто постојат начини за излегување од пристаништето без исправни документи соодветни визирани од турската полициска власт, дури и за лица како мене, а тоа не го сакав и не требаше да го сторам. Има конкретни случаи кога треба добро да се води сметка за постапките и како што ќе видиме понатаму, не се излажав во тоа... Јас по секоја цена сакав и требаше да се снабдам со исправен пасош и да заминам за Виена. За таа цел, се обратив до тогашниот бугарски полномошен министер во Цариград, С[имеон] Радев, за да ми се издаде исправен бугарски пасош. С. Радев ми рече дека преку надлежната служба ќе нареди да ми се издаде бараниот пасош. Повторно помина долго време, тој дури и службено замина за Софија, се врати и ми кажа дека тој лично во Министерството за внатрешни работи се распрашал и му рекле – како што тој ми соопшти – дека јас ништо не сум згрешил спрема бугарската држава, туку сум побегнал поради македонските меѓусебни пресметки, па следствено, нема никакви причини да не ми се издаде пасош. Но, наспроти сето тоа, сепак пасош не ми беше издаден. На С. Радев во Министерството изрично му кажале дека јас „од страв пред ВМРО, како федералист“ сум избегал од Бугарија... Така, останав со убедувањето дека до пасош нема да можам да дојдам. С. Радев, со кого долги години бев во пријателски односи, не ќе се уплашеше од нешто или од некои лица, тогаш силни на сцената во Бугарија, ниту, пак, стравуваше од владата за да не го укори. Тој во минатото покажа и докажа дека знае и може во одредени случаи да прифати и да носи одговорност. Напротив, тој едноставно не сакаше да бидам снабден со пасош и сакаше да останам во Цариград, како во еден ограничен простор, а не да се лизнам и да излезам надвор, каде други подолги и поголеми бранови можеа да ме завлечат уште подалеку во животот...

Затоа конечно се решив за друга крајност – да побарам пасош таков каков што можеше да ми се издаде од турските власти. За таа цел, повторно го замолив мојот одличен пријател и другар Фуад беј, тој со своите врски и со своето влијание како добар турски патриот

и резервен потполковник, да издејствува, како на бугарски емигрант, да ми се издаде турски пасош. Фуад беј се зазема и за неколку дена пасошот беше веќе готов. Тогаш, во 1925 година, во Турција сè уште беше во сила арапската азбука и сите официјални и други документи сè се пишуваа со неа. И во мојот пасош напишан на турски стоеше Павел Шатев, бугарски емигрант – бегалец (б,лгар мјултицеси...) итн. Меѓутоа, во текстот на француски, поради малиот простор, не можеше да бидат собрани сите четири збора, туку беше напишано само моето име и продолжуваше останатиот печатен текст на пасошот. Така што секој што ќе го прочиташе пасошот во Турција ќе можеше да види дека јас, носителот, сум бугарски емигрант, но си велев, во странство, во Европа, никој нема да го чита турскиот текст, туку само францускиот во кој зборовите „бугарски емигрант" не фигурираа. Откако го земав пасошот, добив визи од италијанскиот и австрискиот конзулат и со брод, преку Пиреја, Бриндизи и Трст, заминав за Виена, каде одамна секој ден ме очекуваа. Бродот со кој патував беше товарен, мал и патуваше бавно, а и застануваше речиси во секое поголемо пристаниште. Притоа, не мина низ Коринтскиот теснец, туку заврте на југ и требаше да го заобиколи целиот јужен брег на Грција – Пелопонез, се задржа и на Крф, и во Бриндизи, и во Бари, и најпосле, откако минаа седум-осум дена, стигнавме во Трст. За тоа време сите намирници, што ги имав, веќе се потрошија – за поекономично патував во третата класа на палубата, и последните денови јадев само еднаш дневно. На бродот, како секогаш и секаде, храната беше скапа, а за мене, пак, прескапа, зашто имав малку пари и не знаев колку точно ќе треба да платам за воз од Трст до Виена, па затоа и штедев. Во Трст не можев веднаш да го стигнам возот за Виена и останав да ноќевам во градот. Беше почетокот на септември, топло и пријатно, и јас цела вечер ја минав пред и на станицата. Но, по проверката што ја направив уште по пристигнувањето во Трст, видов дека ми останале помлаку од пет-шест лири. Личен багаж, освен една мала торба, немав. Се чудев како ќе најдам уште шест лири за да купам билет за Виена изутрината. Во торбата имав неколку кутии турски цигари, меѓутоа сите освен една ми ги земаа на граница. Не ми остануваше друго освен да продадам два пара нови чорапи, што ги носев со себе. Се обидов да ги продадам на еден, на друг, ама тешко се обезбедуваа шест лири, па се откажав. Наиде и еден, кој ми даде шест лири, зашто разбра дека за помалку од таа сума во никој случај не бев подготвен да ги дадам чорапите. Утредента со сите пари купив билет, се качив на возот и тој замина преку Удине за Виена. Во купето имаше еден господин, страстен пушач и речиси

секој половина час палеше и пушеше цигара спроти мене. Јас гладен и ненаспан, без ниту една цигара, а притоа патник – пушач, секој дим ми се чинеше сладок, но не сакав да му побарам цигара. Напротив, толку го замразив, што не сакав ниту да разговарам со него во купето. Каприц можеби останат во наследство, можеби и засилен од големата желба за цигара, но секој каприц и порано, па и подоцна во многу случаи скапо ме чинеше. Меѓутоа, сепак бев задоволен. Се симнав на Слобанков (јужната станица) каде во близина се наоѓаше станот на еден мој добар пријател, студент по инженерство, Т. Г. Тој уште беше в кревет, се сместив кај него, земав пари, купив цигари, појадував и уморен од долгото и тешко патување легнав и спиев до пладне. По толку месеци, речиси цела година, едвај успеав да стигнам здрав и жив во Виена, каде ако патував преку Србија ќе стигнев подоцна најмалку за 6-7 дена. Но, националниот фанатизам или личниот каприц, тоа не знам, надвладеа и кулминираше.

Откако се собравме во Виена, сите добри познаници и пријатели, истомисленици, другари, сите бивши легални и нелегални дејци во македонското револуционерно движење, во знак на сеќавање на спомените за нашите учители и претходници, повеќето од кои беа трагично загинати од непријателите и предавниците на македонското ослободително дело, не ни остануваше друго освен со една мала, но долго подготвувана иницијатива да го означиме почетокот на една нова револуционерна дејност во Македонија, да ги најдеме и групираме, пред сè, преостанатите искрени и свесни борци во Македонија и надвор од неа, обединувајќи се врз погоре изнесените принципи и идеи во името на слободата на поробената родина. Или најмалку, да го направиме неопходното и можното за да се возобнови старата, вистинска ВМРО на Г. Делчев, Д. Груев, Ѓ. Петров, Ј. Сандански и сите останати загинати во името на еден свечен за нас идеал – слободата и независноста на Македонија. Околноста што имавме можност да бидеме во директен или индиректен контакт со лица општественици и револуционери во пределите на СССР или кои живееја и престојуваа надвор од неговите граници, уште повеќе нè поттикнуваше, зашто можевме да учиме од нивното долгогодишно револуционерно и житејско искуство и да ја насочиме борбата по правилен, вистински револуционерен пат, по патот на масовната револуционерна борба. А тоа, имено, беше суштественото за нас македонските дејци, дотогаш навикнати да врвиме по чудни патишта и патеки, навикнати на методи и средства во револуционерната борба од кои некои одамна беа надминати од времето и не можеа да го имаат тоа значење, што го имаа можеби само во минатото кога работевме и дејствувавме

во Македонија во сосема други конкретни услови и околности. Се налагаше, ние собраните повторно меѓу нас да направиме еден биланс, да направиме една објективна проценка на минатите борби и методи на работа, да отфрлиме и да се откажеме од некои од нив. Зашто, новото време и изменетите објективни општобалкански услови беа сосема поинакви и се налагаше ние самите да се откажеме од некои сфаќања и разбирања за работата и разрешувањето на македонскиот проблем и да се обединиме во една единствена револуционерна организација. Притоа, да се изостават, на пример, терористичките акции и начини на борба, барем принципиелно да се откажеме и од четничката борба, која на времето колку и да беше корисна, сега во новосоздадената општобалканска и општоевропска ситуација, беше ако не опасно и штетно, барем бесполезно за Македонија. Но, пред сè, ни се налагаше да се обединиме во името на заедничките принципи и идеи, што требаше безрезервно, искрено и убедено да ги прифатиме како залог за успехот на нашата идна заедничка револуционерна работа.

Основното начело, базата беа идеите и принципите поставени во основата на Мајскиот манифест. Сеопштото одобрување и ентузијазмот со кои Манифестот беше пречекан од сите македонски револуционерни средини беа доказ дека и најмалата иницијатива за реализирање и примена на неговите идеи и принципи ќе наиде на одѕив како во Македонија, така и надвор од неа меѓу емиграцијата во Бугарија, Западна Европа и во Америка.

Навистина станувaше збор да се постават темелите на една нова револуционерна организација, а следствено требаше да се определи и нејзиното име. Но, од искуство знаевме дека секаква друга револуционерна организација освен ВМРО населението ќе ја дочека непријателски, зашто од минатите четнички и други борби во Македонија, локалното население знаеше дека при постоење на повеќе од една револуционерна организација, како и да се однесуваат меѓу народот, секогаш таму каде што се води борба, на крајот на краиштата, страда локалното селско и градско население. Дали се организираат средби, собири или конгреси, дали се води агитација и пропаганда, дали се среќаваат чети или агитатори и апостоли, на крајот се завршува со самољупци и вооружена борба, зашто таа се води со нелегални средства, односно со оружје, пушки и бомби. Секоја средба, секој инцидент на кој и да било пункт, во град или во село, се манифестираше со меѓусебни дебати, препирки, разногласија, прогони и братоубиства, а од тоа неминовно страдаше, пред сè, локалното население. Ете зошто беше излишно и сосема неумесно

да се измислува или да ѝ се даде ново име на револуционерната организација, па сите собрани решивме да остане старото име ВМРО, но да му се додаде зборот обединета, што и целосно соодветствуваше со реалната ситуација за идејно и организационо обединување на сите македонски дејци, без разлика на политичките убедувања, кои припаѓаа на разните постоечки во минатото и во тоа време македонски групации и организации: централисти, сарафисти, санданисти, федералисти, автономисти и други, уште поситни фракции, групи и групички во македонското национал-ослободително движење.

Но, истовремено со прашањето за името на новата национално револуционерна организација се покрена и постави прашањето дали ние собраните лица, иако сите бивши и актуелни македонски дејци, имаме право и основа, без да бидеме избрани и делегирани од која и да било македонска групација, да создаваме нова револуционерна организација и тоа надвор од пределите на Македонија. Од дебатата произлезе дека не за првпат се создава револуционерна организација од лица иницијатори, што не се овластени од каква и да е соодветна организација, група или здружение. Имало случаи, како на пример, создавањето на ЦК во Романија во 1866 година, кога тоа било наложено од силата на внатрешните и надворешните настани, а речиси иста била ситуацијата и кога подоцна од Васил Левски и неговите другари бил создаден БЦК, комитет кој, како што се знае, немаше ништо заедничко со првично формираниот и создаден надвор од Бугарија, во Романија. Истото било и со ерменската национално-ослободителна организација – Дашнакцјатун – која поради исклучителните услови се формирала надвор од пределите на поробена Ерменија од неколку, во почетокот од никого неовластени лица-иницијатори. Така било и со ирското национал-ослободително движење, кое подоцна успеа да создаде масовни организации и надвор од Ирска, во Северна Америка. Притоа, никој не можеше да ни ја оспори можноста да се воспостават суштинските идеи и принципи, толку флагрантно и брутално прекршени од отворените предавници, бившите централисти, кои ја преземаа улогата на исчезнатите веќе, поради сплетот на околностите, војници и востаници, на бившите врховисти.

И така се пристапи кон натамошните дискусии. Тие траеја три-четири дена и собирот се претвори во вистинска конференција. По изготвувањето и едногласното прифаќање на резолуциите, се потпишаа сите протоколи и се пристапи кон избор на Централниот комитет, кој се состоеше од седум души, кому, пак, му се довери задачата да ги најде, привлече и организира сите лица и групи, што ќе сакаат да се приклучат кон новата револуционерна организација.

Се реши исто, весникот „Македонско дело“ да биде печатен орган на ВМРО (Обединета), а уредувањето му се повери не само на еден човек – Димитар Влахов, туку на еден комитет од тројца. Одлучено беше, Централниот комитет на ВМРО (Обединета) привремено да биде надвор од Македонија, како и надвор од пределите на која и да е од трите балкански држави, иако некои од членовите на ЦК и живееја во посебните делови на Македонија под српска и под бугарска власт. Принципиелно се прифати, Македонија во револуционерен однос да биде поделена на три дела: прва револуционерна област што ќе ја опфаќа Македонија под српска власт, втора револуционерна област – Македонија под бугарска власт, каде ќе припаѓа и целата македонска емиграција префрлена во пределите на Бугарија, и трета револуционерна област – Македонија под грчка власт, но во секој одделен дел да се формираат и обласни комитети, потчинети и во контакт со ЦК на ВМРО (Обединета). Сите македонски легални и нелегални дејци, кои живееја и престојуваа во Западна Европа, Романија, Цариград, Америка, останувaa под раководството на ЦК. Во продолжение се изработи и надлежниот статут на ВМРО (Обединета), во кој детално, јасно и определено се посочуваа задачите, правата и обврските како на членовите на ЦК, така и на обласните, околиските, градските и селските комитети.

(Да се приведат некои членови од Статутот и дел од резолуциите).

Така, во втората половина на октомври 1925 година се поставија и идејните и организационите основи на новата ВМРО (Обединета).

Не останувашe друго, освен да се тргне напред и практично, на дело да се пристапи и кон организациона дејност како во трите дела на Македонија, така и меѓу многуилјадната македонска емиграција распрсната во многу европски држави и Америка. Сите се повикуваа да ги вложат своите напори и под раководството на ЦК да започнат со соодветна легална и нелегална дејност во духот на Мајскиот манифест и веќе изработениот Статут на ВМРО (Обединета).

Една од првите задачи на ВМРО (Обединета) беше да започне засилена печатена пропаганда пред општественото мнение за да го обнови престижот и значењето на бившата ВМРО на Г. Делчев, да го убеди прогресивното општествено мнение на Балканот и Западна Европа дека таа не е терористичка организација, дека е против убиствата и самоуништувањето, иако се служи со нелегални средства и методи на борба и има за цел, да го подготви македонскиот народ за едно вооружено, масовно и распространето востание. Истовремено да објасни дека таа принципиелно ги отфрла четничките вооружени

акции и доколку во некои места и пунктови, поради исклучителни услови и околности се наложи да се појават чети, тие ќе имаат за цел да ги прикријат и спасат животите на избеганите по планините како веќе нелегални дејци или, пак, да се сокријат од прогоните на локалните власти. За разлика од старите методи и средства на борба, што се практикуваа на Балканот за време на турскиот апсолутистички режим и по него режимот на новите поробувачи, ВМРО (Обединета), откажувајќи се од полезноста и рационалноста на секаква терористичка акција, осудувајќи ги убиствата и четничките префрлувања и изолираните четнички акции, сепак потенцира дека таа е за масовна револуционерна борба, што единствено суштински помага за будење и осознавање на национално поробените народи и националности. (Да се објасни масовната револуционерна борба со цитати од весникот „Добруџа...“).

ВМРО (Обединета), како национална организација, ќе ги остварува своите општонационални задачи за да го олесни тешкото национално ропство под кое се наоѓа македонскиот народ, да ја штити неговата кауза пред прогресивното општествено мнение во светот, да му помага во сите негови национално ослободителни акции, откако правилно ќе ги претстави пред цивилизираниот свет и главно пред прогресивното општествено мнение во Европа и Америка. ВМРО (Обединета) во својата борба е против заострувањето на постоечкиот и вешто, нарочно подметнуван од заинтересираните групи и влади, национален и верски антагонизам меѓу народите и националните малцинства на Балканот. Таа е за смирување и уништување на секој национален и верски или јазичен антагонизам и со сите легални и нелегални средства и методи, како што во минатото не се бореше против турскиот народ, туку против турскиот апсолутизам и турската безлична тиранија, така и сега, а и во иднина ќе се бори против реакционерните партии и влади во балканските држави. И во никој случај нема да ги поттикнува напорите и енергијата на своите членови за поддршка на реакционерните влади и нивните органи, туку ќе ги поттикнува своите сили во борбата на селаните и работниците за остварување на нивните ускратени права и слободи, како и за нивно економско и социјално ослободување.

ВМРО (Обединета) без да е класна организација, туку само национална, со свои определени цели и задачи, смета дека секогаш и насекаде на Балканот ќе треба да соработува со социјалослободителните организации и групи, кои се нејзините природни сојузници во борбата за национална слобода. ВМРО (Обединета) како национална организација, иако оди паралелно со соци-

јалреволуционерните (класни) организации, во никој случај нема да се меша со нив, ниту, пак, ќе дозволи одделни лица, групи и организации, што се занимаваат со класна борба, да се мешаат во нејзиниот зацртан пат за борба или, под еден или друг изговор, да заземат кој било нејзин орган. Ако во даден момент меѓу ВМРО (Обединета) или некој нејзин орган се создадат пречки или недоразбирања, тие ќе се надминуваат според надлежниот организациски ред и во никој случај не можат да се манифестираат преку акции и меѓусебни прогони. Сите посуштествени разлики и недоразбирања, што ќе се појават внатре во животот на революционерната организација или во нејзините односи со која и да било национал-револуционерна или социјал-револуционерна организација или група, ќе се надминуваат и разрешуваат или од собирите (конгресите) на обласните комитети или, пак, од општиот конгрес на ВМРО (Обединета) на кој сите прашања се решаваат со мнозинство, а одлуките се задолжителни за сите органи и членови на организацијата. Се исклучува секакво фракционерство или секташтво. Организацијата е строго централистичка, иако го прифаќа принципот на демократски децентрализам, каква што била уште од нејзиното основање и бившата ВМРО.

Втората задача, што му се наложи на самиот ЦК, беше преку своите врски и редакцијата на весникот „Балканска федерација“ да спроведе една поширока анкета, поставувајќи неколку суштински прашања, кои произлегуваат од програмата и целта на ВМРО (Обединета), односно како ќе можат Балканот, а следствено и Македонија да го извојуваат своето национално и економско-социјално ослободување. Таа анкета траеше долго и како резултат на писмено се добија одговорите на видни европски општественици, политичари и револуционери за разрешувањето на балканскиот проблем и посебно на македонското прашање. Со неа се констатираше потребата од разрешување на создадените прашања, а притоа некои од учесниците можеа подетално да се запознаат со балканскиот и македонскиот проблем. (Да се наведат некои извадоци од писмените одговори на некои авторитетни и компетентни личности од науката, историјата и литературата, како и на видни општественици и револуционери така како што се пренесени од „Балканска федерација“ и „Македонско дело“).

Во организациски поглед, за создавање на првите кадри на ВМРО (Обединета), ЦК се обрати до соодветните комунистички партии како социјал-револуционерни организации за да побара нивна поддршка и соработка за сѐ за што имаше потреба во почетокот новата револуционерна организација – пред сѐ, како полесно, побрзо

и поевтино да се распространат весниците, брошурите, повиците и апелите на ВМРО (Обединета) кај македонскиот народ, емиграцијата и меѓу општественото мислење на Балканот. Тоа се наметнуваше како неопходно, зашто првично револуционерната организација не располагаше со доволен апарат за ширење на надлежната своја литература. И навистина, преку српската и бугарската комунистичка партија, ЦК можеше уште првите месеци по неговото создавање да ги рашири своите изданија како внатре во Македонија, така и меѓу многубројната македонска емиграција на Балканот, во Европа и во Америка. Цариград, како важен и голем град од меѓународно значење, можеше да се искористи благодарение на некои поактивни и енергични лица, истомисленици и соработници на членовите на ЦК. Подоцна, тој и преку свои блиски лица од македонско потекло можеше да го прошири своето влијание и во Америка, каде се постави основата за една доста широка легална македонска организација приклучена кон самиот ЦК, од којшто ги добиваше и потребните инструкции и укажувања за активноста меѓу американското општествено мнение, како и меѓу македонската емиграција во Америка и Канада.

Паралелно со пропагандата и агитацијата, што се водеше на Балканот, во Европа и во Америка, започна и организационата дејност во трите дела на Македонија, но поради специфичните општествено-политички и економски услови во секој од тие делови, работата се водеше со различно темпо. Така, во првата револуционерна област – Македонија под српска власт – агитацијата и пропагандата се водеа паралелно. Преку врските и каналите на КПЈ редовно се испраќаа и ширеа сите броеви на весниците „Македонско дело“ и „Балканска федерација“, како сите повици и апели печатени на бугарски, а некои и на српско-хрватски јазик, првично во неколку градови: Велес, Скопје, Охрид, а подоцна и во Куманово, Штип и други. Се создадоа и првите групи од истомисленици и членови на ВМРО (Обединета), кои од своја страна си формираа и свои обласни и околиски комитети. Литературата, што се внесуваше во Македонија под српска власт, жедно се читаше од мнозина од локалното македонско население. Тоа, пак, во своето мнозинство беше разочарано од жестоките и одмаздничките дела на беснеечките, во пределите на Бугарија, групи и лица на Иван Михајлов и Александар Протогеров, кои сè повеќе и повеќе ја губеа почвата меѓу македонското население, кое на сите терористички акции, одделни убиства или погранични префрлувања гледаше со пренебрегнување. А истовремено, и стравуваше од секакви контакти со одделните лица и групи, што сè уште постоеја во некои населени пунктови и притоа лично беа заинтересирани за

самите акции поради личните или роднинските врски со некои бивши македонски дејци, кои се наоѓаа во Бугарија, главно во пограничните околии – Ќустендилската, Г. Џумајската, Петричката. Околноста што половината од Македонија беше под српска власт, дека населението во своето мнозинство беше и си остана, според духот и свеста, бугарско и изложено на српскиот терор и денационализаторска и асимилаторска политика, помогна во тој дел, што беше и слабата точка на македонскиот национален гнет, а следствено и на револуционерното будење, да се развие поголема организаторска дејност и да се создадат првите кадри на новата ВМРО (Обединета).

Во третата револуционерна област – Македонија под грчка власт, работата беше потешка, поради одалеченоста и во почетокот неможноста да се стапи во контакт со бугарското население, особено тоа во Костурско, кое уште од создавањето на ВМРО беше и си остана со одличен дух за борба. Околноста дека толку компактното население во Костурскиот крај, во најјужниот дел на Македонија, долги години со голем ризик и самоодважност опстојуваше на своите национални, јазични, црковни, училишни и други права и даде огромни човечки и материјални жртви пред олтарот на татковината, ни даваше поттик, иако бугарското население во источна Македонија, поради крутите мерки на грчките влади, беше значително разретчено и речиси целото прогонето и насилно иселено во Бугарија. Првата година мина без во Македонија под грчка власт да се преземе каква и да е активност. Слабоста на грчката Комунистичка партија беше уште една пречка за тоа. Иако со значително задоцнување, наши агитатори, преку Албанија, заминаа за Костурско и Леринско и стапија во контакт со локалното македонско население од бугарско потекло. Меѓутоа, за кусо време требаше да се вратат, бидејќи локалното население, доведено до очај од беспримерниот шовинизам и жестокост на органите на грчката власт, на секој можен начин се стремеше кон Србија во која гледаше една закрила или заштита од прогоните и малтретирањата на грчката власт. На сите секогаш погледите им биле поскоро кон Битола, каде наоѓале свои блиски по јазик, религија, карактер и обичаи, а, исто така, кога се обраќале во Солун пред лицето на тамошните српски органи, конзулатот и црковната општина, наидувале на помош, покровителство и олеснување за сè. При постојните местни услови, секаква агитација против грчката власт и во полза на српската, односно да се поттикнува локалното население и да се изложува на страдања и ризици и повторно да дава скапи човечки и материјални жртви само за да го замени едното (грчкото) со второто (српско) ропство, не можеше со ништо да се оправда. Не остануваше друго, освен да

се одложи секоја организациона активност и да се продолжи само со просвета – со агитација и пропаганда и тоа меѓу најсвесните, осознаени и образовани лица. Останавме со убедувањето дека вистинска национал-револуционерна организација ќе може да се создаде само со поддршка и соработка на грчката Комунистичка партија, која беше легална, но како нова (таа едвај во 1924 г. влезе како секција во Коминтерната) сè уште немаше доволно обучени кадри, кои ќе знаат, а уште помалку ќе можат во пракса да го спроведат ленинизмот по националното прашање.

Во втората револуционерна област – Македонија под бугарска власт и емиграцијата во Бугарија – идеите и принципите на Мајскиот манифест можеа полесно да бидат достапни на голем дел од емиграцијата и населението во Петричкиот крај. Исто така, и идејно-организационите позиции и становишта на ВМРО (Обединета) многу полесно и многу побрзо се ширеа во целата област. Цариград во извесен период беше најпогодниот пункт од каде целата литература се пренесуваше во Бугарија. Но, бидејќи ВМРО на Иван Михајлов, со сите свои разграноци и органи, сè уште беше целосно во служба на бугарската влада и се сметаше дури како едно пододделение на бугарската тајна и јавна полиција, малтретирањето на македонската емиграција сè уште беше големо, а прогоните и убиствата продолжуваа, од тактички причини, само за да се избегнат излишни жртви, во организациски поглед не се брзаше, па во прво време тоа и не беше толку неопходно, имајќи ја предвид работата што требаше да се заврши во останатите две области. Поради тоа што сè што беше поактивно, посвесно, пообразовано од македонското население, уште неколку години пред и по војните беше префрлено, преселено или прогонето во Бугарија, каде имаше една поголема слобода на мислата во однос на македонскиот проблем во споредба со Грција и Србија, емиграцијата и македонското население во Петричко беа подготвени во малку поблагопријатни услови да се организираат во национал-револуционерни групи и комитети. Затоа уште на самиот почеток во тој дел на Македонија им се даде предност повеќе на печатената и вербалната агитација и пропаганда, отколку на организационата активност, што требаше да започне и во Петричкиот крај.

Југословенската КП, иако според кадрите беше доволно голема, кога дојде моментот во пракса да го спроведе и развива принципот на самоопределување, особено во Македонија, се постави на погрешен пат. Српските комунисти, обременети со изградбата на идејно-организационата активност на партијата, застанаа на ставот дека македонското прашање е внатрешно прашање на Југославија,

прашање на уставот и на државата и дека со воспоставувањето на еден вистински уставно-демократски режим и македонското прашање ќе ја добие својата разрешница внатре во границите на Југославија, тој конгломерат од неколку нации и националности – Црногорци, Хрвати, Македонци, Далматинци, Албанци, Бошњаци, Херцеговци, Власи и др. Принципот за слобода и самоопределување на народите се прифаќаше и, всушност, сакаа да го применат според сфаќањата на буржоаската демократија, а не така како што се сфаќаше од идеолозите на комунизмот – слобода и самоопределување, со право на отцепување од соодветната владејачка нација, што го спроведуваше Коминтерната. Тоа туѓо, погрешно сфаќање и разбирање на националното прашање и на принципот на самоопределување нè збуни многу и, секако, се налагаше едно барање за објаснување.

Додека ние во Македонија под бугарска власт и во Бугарија, во името на тој принцип и новиот правец ги бевме раскинале врските со најблиските другари и истомисленици од минатото, по толку недоразбирања, напори и борби, што се претворија во братоубиства и се дадоа скапи жртви, во Србија се изненадивме од лица, кои иако беа комунисти, особено по македонското прашање имаа едно туѓо, да не речам погрешно сфаќање, што со растежот на новата организација можеше да ни донесе редица проблеми и непријатности, па дури и да се изразат во меѓусебни борби. Ете зошто преку компетентни лица и органи прашањето се постави пред Коминтерната и таа да го разреши. По тој повод, започна една преписка и едвај по 4-5 месеци прашањето беше објаснето и српската Комунистичка партија требаше да ја поправи својата грешка и да го прифати ставот дека Македонија се борела и ќе треба да продолжи да се бори за својата слобода и независност, за своето национално самоопределување, со право на отцепување од Југославија. Но, бидејќи српската партија беше веќе нелегална, а свикувањето на конгрес не беше лесно, по наредба на Коминтерната српската партија свика посебен собир, конференција на која се донесе следната резолуција за балканскиот и македонскиот проблем. (Да се цитира резолуцијата така како што е објавена во „Балканска федерација“).

Таа резолуција понатаму беше предложена и прифатена и на редовниот конгрес на Југословенската комунистичка партија. Патот се расчисти и нашата работа во Македонија под српска власт тргна полесно и секој ден стекнуваше терен меѓу македонското население, се разбира, главно меѓу оној дел, што во мнозинство си се чувствуваше како Македонци – Бугари, со бугарска национална свест. Но, југозападна Македонија – Кичевско, Охридско, Битолско,

Костурско, останувaше, така да се каже, далеку од нашиот дофат и требаше да се бара пат, начин и средства за да се проникне и во тие оддалечени краишта каде населението беше бугарско и притоа компактно. Единствено место од каде најлесно можеше да се проникне во тие околии беше преку Албанија. Околноста дека во Албанија кон Охрид и Струга има неколку села со бугарско население помагаше да се воспоставaт контакти и да се обезбедат еден-два канала преку кои можеа да се испраќаат весници, брошури, повици какви што се испраќаа и во останатите реони. За таа цел, со одлука на ЦК, еден негов член Г. Занков, требаше да замине преку Италија во Албанија и со помош на некои наши блиски истомисленици, во рамките на можното да се создадат два канала – едниот од Албанија преку Кичево или Дебар за Тетово и Скопје, а другиот, пак, преку бугарски села на албанска територија за Охрид, Ресен, Битола, Лерин и Воден. Г. Занков, како член на ЦК на ВМРО (Обединета), со строго определени инструкции, замина преку Италија во Албанија, во Тирана. Одамна Ахмед Зогу[90], како емигрант во Србија, со свои блиски соработници, меѓу кои имало и Бугари-емигранти, исклучиво земјоделци, но со помош на српските воени и граѓански власти, можеше да навлезе со вооружени чети, да ги разбие своите противници, да ја симне владата на Фан Ноли и да се наметне во управувањето на земјата, а подоцна успеа да се прогласи и за крал на Албанија. Тој крајно пргав и амбициозен човек, колку смел и самостоен, толку и вешт политичар, искусно лавираше меѓу двете држави, што се бореа за влијание – Југославија и Италија. Во прво време, тој целосно беше под српско влијание, со чија помош успеа да се наметне во власта. Таа околност ја охрабри уште повеќе италијанската влада за да ги сврти своите погледи спрема Албанија, да се наметне и во даден момент, како што и се случи подоцна, воено да се инсталира и да ја стави Албанија под своја заштита.

Но, во тоа време и ВМРО на Иван Михајлов, со поддршка на италијанските влади, се обидуваше со чети да навлезе во Албанија и западна Македонија, каде преку членот на ЦК, Георги Поп Христов, како бивш деец во Битолско, требаше да се создаде мрежа од местни комитети, за чија цел тој престојуваше во Италија, во Бари, со неколку четници – Македонци. Албанската влада за да ја задоволи српската, на секој начин внимаваше да не можат македонски дејци да преминуваат преку албанска територија и така младата, мала и

---

[90] Ахмед Зогу (1895-1961), албански политички и државен деец. Бил премиер (1922-1924), претседател (1925) и крал на Албанија (1928-1939).

беспомошна земја добиваше поддршка за добрите односи со силната и прекумерно зголемена Југославија.

Во такви услови, мисијата на Г. Занков значително се отежнуваше. Но, бидејќи не станувaше збор ниту за регрутирање, екипирање и испраќање на вооружени чети, туку за воспоставување контакти и создавање на еден-два канали, сметавме дека со упорност и елементарна разумност ќе може да се успее да се најде начин и да се отвори пат за испраќање литература и за воспоставување контакти и врски и со тие оддалечени реони, каде, исто така, имавме наши познајници, пријатели, локални жители, бивши македонски легални и нелегални работници, кои останале да живеат во границите на Југославија. Колку што претпазливоста на албанските власти беше голема, толку поголема беше и претпазливоста на српските агенти во Албанија. Тогаш таму, во Тирана, српски амбасадор беше Јефтиќ, а со него беше, како воен аташе, и полковник К. Диниќ[91], и двајцата доверливи лица и лично познати, блиски на самиот крал Александар Караѓорѓевиќ. Српската разузнавачка служба беше живо заинтересирана и крајно внимателно ги следеше сите македонски иницијативи и одлично ги познаваше сите разлики, непријатности и силна омразеност, што постоеја меѓу македонските дејци. Српските агенти во Албанија знаеја за намерата да се испраќаат чети преку Албанија во Македонија, знаеја исто за постоењето на ВМРО (Обединета) и на секој начин се грижеа да ја парализираат секоја четничка дејност преку Албанија, сметајќи дека таа плива во нивните води, па затоа и се распоредуваа како во своја куќа. Полковник К. Диниќ, кој долго време беше шеф на специјалната разузнавачка служба во Пирот и по целата должина на српско-бугарската граница, познаваше голем дел од бугарските емигранти од двете политички партии – земјоделската и комунистичката, а, исто така, одлично ги познаваше и македонските состојби. Кога дознал за престојот на Г. Занков како член на ЦК на ВМРО (Обединета), на еден или друг начин, преку свои познати лица лесно се приближил до луѓето, кои го криеле Занков, и успеал дури да се сретне и со него за да разменат некои размислувања по политички прашања. Уште претходно запознат со идеите на ВМРО (Обединета), К. Диниќ се изјаснил дека тој лично нема ништо против идејата за Балканска федерација. Откако се уверил дека Г. Занков не е и не може да биде под влијание ниту на официјална Италија ниту на официјална Бугарија, а уште помалку пријател и соработник на Георги Поп Христов, а

[91] Се однесува на Танасие (Таса) Диниќ, подоцнежен шеф на разузнавачката служба на Кралството на СХС.

следствено и на ВМРО на Иван Михајлов (колкава далекувидост), заклучил дека тој е симпатизер и претставник на новиот правец во македонското движење. Во прво време, тој сакал да го искористи престојот на Г. Занков и ако може, да го спротивстави со Георги Поп Христов и на тој начин да се засили непријателството и антагонизмот на двете организации, да се засилат меѓусебните прогони, па самите да се испоубијат и уништат. Г. Занков, иако одлично ги сфаќал тие намери на К. Диниќ, наместо еднаш засекогаш да го избегне, си дозволил да има една-две средби и да разговара со него, без да има предвид дека тој К. Диниќ е претставник на српската власт и доверливо лице на самиот крал, и оти тој, особено во функција на член на ЦК, не може и не треба да има какви и да било средби со лица и фактори во власта, какви што во тоа време биле К. Диниќ и Јефтиќ. Тоа не било доволно, па во еден момент кога Г. Занков привремено останал без пари – впрочем, за неговиот престој во Албанија беше направено сè што е неопходно за да не остане без пари – во присуство на едно лице Л. П.[92], личен пријател на Г. Занков и К. Диниќ, првиот побарал една сума пари (околу 30 наполени) за некои свои потреби.[*] К. Диниќ, се гледа, тоа и го чекал и уште истиот момент му ја дал побараната сума. Г. Занков, откако се обидел да се поврзе со некои лица во Тирана и со други, кои живееле по бугарските села кои се наоѓаа на албанска територија, веднаш беше повикан да се врати во Виена, што и го стори. Зашто, поради неговата непретпазливост и претерана слобода престојот во Албанија беше разоткриен и секакво натамошно останување таму, освен што немаше да биде од полза, туку можеше да ни донесе и неволји. Така, фактички на дело, мисијата на Г. Занков наместо да се овенча со успех во строго опеределената задача, заврши со гаф – се воспоставува непосредна врска и однос меѓу претставникот на ЦК со еден официјален претставник на српската реакционерна власт, каков што беше К. Диниќ! Тоа многу нè огорчи и вознемири. Навистина, Г. Занков уште по бегството од Бугарија, поради заканите за негово убиство од луѓето на Иван Михајлов по убиството на Тодор Александров, кога случајно се спаси во Горна Џумаја и премина на српска територија, без да сака и да претпостави, паднал во рацете на К. Диниќ, кој можел да го уништи. Меѓутоа, сепак тоа старо познанство

[92] Се однесува на Лазар Поповски, извесен период работел како секретар во бугарската амбасада во Тирана.

[*] Тогаш во Албанија книжни пари немаше, туку само метални монети.

или каква и да било друга потреба за пари или наметната околност, не можеше да ја оправда постапката на Г. Занков во функција на член на ЦК да влегува во какви и да било блиски разговори за целите и задачите на ВМРО (Обединета), а уште помалку да добива пари, макар и на заем. Таа слабост на Занков со ништо не можеше да се оправда и беше почеток и знак дека и во новата револуционерна организација се појавува еден, со ништо неоправдан, десен опортунизам по кој можеа да се лизнат и други членови на револуционерната организација. Зашто, ако тоа се правеше од еден член на ЦК, што можеше да се очекува од други лица или органи на ВМРО (Обединета) поставени да работат во други потешки и дури исклучителни услови во трите области. А, треба да признаеме дека во самата организација имаше доста лица и дејци, кои по навика стекната во минатото беа сè уште опиени од крајно националистички погледи и сфаќања. Освен тоа, постоеше и друга, многу поголема и посуштинска опасност. Имено, уште на самиот почеток, ако не идеолошки, тогаш морално да се дискредитира и компромитира самата револуционерна организација и тоа од најлутиот непријател – српската реакционерна власт. Зашто, ако веднаш се пуштеше гласина за некаква поврзаност меѓу еден од членовите на ЦК со лица и фактори од српската, бугарската или грчката реакционерна влада, ќе беше доволно да се внесе забуна во самата организација и да им се даде адут во рацете на нашите противници, кои и без тоа под дрво и под камен бараа поводи за да ја хулат и клеветат ВМРО (Обединета). Впрочем, и подоцна не еднаш заинтересирани лица и фактори во Бугарија, преку некои нивни доверливи лица емигранти од БЗН Сојузот се обидуваа да ни понудат пари божем за борба против нашите непријатели – луѓето на Иван Михајлов, кои по секоја цена сакаа да нè елиминираат до последен како што ги убија П. Чаулев, Т. Паница и други. На тоа, секогаш одговаравме дека ние не убиваме, ниту, пак, се плашиме од тоа некој да нè убие. Ние се бориме во името на една идеја и принципи, што ги сметаме за правилни и спасоносни за македонската кауза и ако треба и животот ќе го дадеме, ќе се жртвуваме, а по нас ќе дојдат други кои ќе ја продолжат борбата, но во никој случај не сакаме и нема да се служиме со убиства. Вистина е дека Иван Михајлов и неговите другари се наши непријатели, како што сме и ние нивни непријатели, меѓутоа и во револуционерното дело има еден елементарен морал, што треба да се запази. Така што, ние немаме потереба од пари за „борба со Иван Михајлов“ заради самозаштита, дотолку повеќе што неопходните средства за една идејна борба ние секогаш ги имаме на располагање...

Колку и да беа благородни мотивите за да се согласиме да добиеме пари од тие земјоделски лидери, толку органски поврзани со Бугарија, наспроти тоа што тие се мачеа да нѐ убедат дека неопходните парични средства можело да се добијат и од Прага, за нас беше јасно како бел ден дека тие парични средства беа и не можеше да не бидат српски од Белград, со единствена цел, морално да се компромитира новата револуционерна организација пред нашите непријатели – Иван Михајлов и неговите соработници, а истовремено и пред македонското општествено мнение, пред многу чесни и свесни Македонци, кои живееја внатре во самата Македонија и надвор од неа. Уште повеќе што пред нас, во блиското минато, имаше една група македонски младинци познати идејни противници на ВМРО на Ив. Михајлов, кои прогонети и заплашени со убиства по меѓусебните борби и братоубиства во Бугарија беа избегани во Австрија, во Виена и во Грац, и таму беа групирани во кружок како членови на бившата Македонска федеративна организација. Потоа, откако се прогласија за посебна група, подлажани преку лица како Терзиев[93] и други од Белград, некои од таа група како К[оста] Х[аџи] Риндов и други, постигнувајќи компромис со лица од белградската влада отидоа дотаму што стигнаа до разбирање со најреакционерните лица и фактори во Србија, како што во тоа време беше Жика Лазиќ, шеф на српската полиција и најжесток непријател на секаква македонска слобода. Сето тоа за кратко време се разоткри и уште на самиот почеток, ако не целата група, тогаш барем нејзините раководни лица, конечно беа искомпромитирани во очите на сите македонски дејци и разобличени во сите македонски средини.

И навистина, соблазноста и искушенијата на секој револуционер се многубројни и разновидни, можат да дојдат и од лево и од десно, па секогаш се неопходни принципиелни начела, што стигнуваат до строго пуританство, за да се избегнат секакви искушенија и компромиси, особено со сопствениците, претставниците и изразувачите на волјата, желбите и на интересите на угнетувачката власт или на владејачката нација. Во борбата за национална слобода и независност, ако често се оди со отворени гради и со високо кренато чело, со смелост и самоодважност против куршумите, во слични случаи и ситуации неопходен е еден висок морал, една непомирливост, што понекогаш стигнуваат до фанатизам, за да се зачува секое достоинство, чест и револуционерен морал. Смртта од огнено или од ладно оружје не е

[93] Се однесува на Коста Терзиев.

толку страшна, колку што е страшна таа што понекогаш се јавува кога ќе се западне во некој, макар и несвесен морален пад!

ВМРО на Иван Михајлов сè повеќе ја ширеше својата терористичка дејност не само во пределите на Бугарија каде ги бараше своите жртви, туку и внатре во Македонија. Губејќи го теренот кај широките народни маси, таа се потпираше врз одделни лица и групички во одредени реони, главно во пограничните на Бугарија околии. Наместо да ги промени своите методи на борба, нејзините водачи ги издигнаа на ниво на принцип убиствата и терористичките акции како поефектни, за да добијат пофалби од нивните инспиратори... На.....[94] во Штип ќе биде убиен генералот Ковачевиќ. Тоа убиство уште повеќе ги озлоби и разлути српските управници и тие решија рационално да се справат со таа група од терористи. Затоа, во еден момент, како што се вели, на помрачување на умот, веднаш по тоа демонстративно убиство, донесуваат одлука за иселување на целото бугарско население, кое живее во пограничните околии – Кратовска, Кочанска, Царевоселска, Струмичка и Штипска – да го префрлат во внатрешноста на државата спрема Словенија, а на негово место да доселат друго население. И ако таа одлука не се исполни, наспроти тоа што Советот, што ја донел, бил под претседателството на принцот Павле, тоа единствено се должи на волјата на тогашниот премиер Вукичевиќ, кој информиран од воените власти енергично се спротивставил, истакнувајќи редица пречки и тешкотии од внатрешен карактер, а најсериозниот мотив бил дека не сака во негово време да биде извршена таква жестока и нечовечна акција, со толкаво огромно значење, што засега невини и недолжни луѓе. Но, српската влада, што ја користеше целосната поддршка и помош како на Франција, така и на Англија, ги презеде сите дипломатски мерки за да изврши притисок врз бугарската влада, сметајќи дека таа ја поддржува ВМРО на Иван Михајлов. Колку повеќе ќе биде притисната бугарската влада, толку и дејноста на македонскиот комитет ќе се намали и не ќе може да го нарушува редот и мирот во соседните со Бугарија околии – така расудуваа белградските раководители. Југославија, како претставничка, едвај ли не мандатарка на големите сили победнички, ги имаше сите можности за да исели илјадници семејства од Македонија и да ги префрли и распрсне во своите западни провинции Далмација, Словенија и други, каде само од аклиматизацијата половината од иселеното население за кратко вреќе ќе ја најдеше својата смрт. Тоа

[94] Испуштено во ракописот. Генералот Михајло Ковачевиќ бил убиен на 5 октомври 1927 година.

не се случи, беше избегната една смртна опасност за Македонија, но југословенската влада дипломатски толку ја притисна и без тоа, тогаш слабата бугарска влада на Ал. Цанков[95], што оваа требаше неволно да донесе одлука дека ќе оди во чекор со југословенската влада, т.е. не да ја поддржува ВМРО, туку да ја заузда. Зашто, двете западни заинтересирани империјалистички држави, вчерашни победнички, сакаа на Балканот да има мир и спокојство, а тоа ѝ се наметнуваше и на Југославија. Поради тоа, во самата владејачка партија се создаде едно расположение за мир и разбирање со Југославија, како услов „sine qua non" за добрите односи меѓу двете соседни држави. Во спротивно, не само што односите ќе се заладеа, туку можеше да дојде и до некој непожелен инцидент, што Бугарија ќе требаше да го плати по цена на уште поголеми жртви.

Како победена, според силата на наметнатиот насилнички мировен договор од Неј, Бугарија најмалку можеше да смета на некакви олеснувања. Таквата ориентација во надворешната политика на Бугарија даде повод и основа за поделба и во самата владејачка партија на Ал. Цанков. Додека едни тргнуваа од чисто државни интереси и бараа на секој можен начин да се помират со Југославија, други лица и фактори во раководството, според своите разбирања, сметаа дека секакви отстапки, секаква малодушност спрема Југославија води кон други, уште поголеми понижувања. Таа поделба во Бугарија, подгревана и од југословенските агенти во Софија и провинцијата, неминовно се одрази и врз ВМРО на Иван Михајлов. Поделбата меѓу поглавните раководители – војводи и четници – и без тоа беше започната уште пред смртта на Тодор Александров и се засили по неговото убиство на 31 август 1924 година, а потоа непријателствата и братоубиствата ја манифестираа борбата меѓу двете крила, тоа на Иван Михајлов и второто на Александар Протогеров. Меѓусебните расправии и непријателства, скриено и тивко продолжија долго време, откако на крајот на краиштата повторно се изразија во заемни прогони и братоубиства како што беше и по убиството на Т. Александров, но сега веќе помеѓу самите нив. За таа цел, беа измислени редица обвиненија дека Ал. Протогеров бил еден од виновниците на убиството на Т. Александров, дека некои негови блиски и соработници го промениле статутот и традициите на ВМРО, дека трети имале контакти со југословенските власти од кои биле материјално помагани итн. Редица обвинувања за јавно да се

[95] Претседател на бугарската влада бил Андреј Љапчев, од 1926 до 1931 година.

наклеветат и изложат пред општественото мнение, за да се подготви терен за физичка ликвидација на повидните дејци, кои имаа храброст да му се спротивстават на Иван Михајлов и неговите другари, сите млади ентузијасти, кои го презедоа ВМРО и станаа „фактори“ во македонското движење и сакаа тоа да бидат и во раководењето на земјата.

По убиството на Ал. Протогеров[96], меѓу многуте убиства се случи и тоа на Георги Баждаров[97], кој низа години важеше и за идеолог на ВМРО, чии задгранични претставници беа уште од времето на Т. Александров. Г. Баждаров беше чесен и образован човек, уште од младоста целосно посветен на револуционерното дело, бивш четник, и со дела и со перо заслужен македонски деец. Меѓутоа, поради условите во кои беше израснал, по професија учител – историчар, слабо беше запознаен теоретски со револуционерните идеи и принципи и секогаш беше склон кон компромиси со бугарската власт, против која ниту сакаше ниту, пак, можеше да ѝсе спротивстави. Тој, наспроти поранешната ориентација како централист и убеден приврзаник на принципите на внатрешност и независност на ВМРО, по променетите услови и околности, особено по војните, ја прифати тактиката на бившите врховисти против кои не само со перо, туку и со оружје в рака се беше борел за заштита на основите и принципите на ВМРО. Тоа братоубиствено самоуништување, како што се знае, продолжи неколку години и конечно ги разочара и ги доведе до очај мнозинството од приврзаниците и симпатизерите на ВМРО на Иван Михајлов. Целото бугарско општество, а уште повеќе сите македонски средини се вознемирија од крвавите убиства и баханалии, што се случуваа насекаде, па и по софиските улици пред очите на бугарската полиција и самата централна власт. Бугарската влада стоеше со скрстени раце и не ги преземаше надлежните законски мерки за да ги заштити животите на своите поданици. А тоа не беше случајно, ниту, пак, резултат на слабост и немоќ. Не! Тоа беше резултат на еден смислен план за постепено да се расчисти со ВМРО, која со својата „револуционерна дејност“, манифестирана само со убиства, терористички акции или со прекугранични четнички пребегнувања, се појавуваше не само како показател за правецот во кој се движи бугарската надворешна политика, туку претставуваше и една сериозна опасност за Бугарија.

---

[96] Александар Протогеров беше убиен вечерта на 7 јуни 1928 година во Софија.

[97] Георги Баждаров беше убиен на 19 септември 1929 година во Варна.

Ал. Цанков од редица прични не можеше да преземе посериозна акција и против ВМРО, меѓу другото и поради услугите што таа ги имаше исполнето пред и за време на превратот од 9-ти јуни, а и долго потоа, како и поради улогата на одделни македонски групи и цели чети, што се пројавија за време на Септемврискиот востание во 1923 година. Тој не беше веќе подобен, а беше и непожелен за Белград и следствено и за меѓународниот фактор, па се наметнуваше неговото место да биде преземено од друго посоодветно лице, кое ќе ја продолжи политиката на сè поголемо и поголемо зближување со Југославија. Исто како што, впрочем, и Ал. Стамболиски и други партиски лидери, на пример, д-р Н[икола] Генадиев, препорачуваа уште веднаш по потпишувањето на мировниот договор до Неј, со образложение дека за извесен период Франција ја преземаше хегемонијата во Европа, а Југославија, прекумерно зголемена, помагана и поддржувана на секој можен начин од Франција и Англија како нивна бивша сојузничка, е најмногу заинтересирана за Балканот. Тие две големи држави, како победнички и живо заинтересирани за мирот во Европа и на Балканот, ги респектираа Југославија и Белград, а ако во неа ВМРО или Комунистичката партија можеа да го нарушат внатрешниот мир и спокојство на земјата, според претходно дадените ветувања (од Ан[дреј] Љапчев) во Лондон, бугарската влада требаше да се справи со тие две опасности. Така што целата внатрешна политика на владата на Демократскиот сојуз, како за времеа на Ал. Цанков, така и за време на неговиот заменик Анд. Љапчев, беше ако не може одеднаш да ги уништи тие две опасности, барем постепено во еден период да расчисти со нив, спротивставувајќи им ги на комунистите војската и полициско-административниот апарат, а македонските дејци спротивставувајќи ги едни против други, да се прогонуваат, да бидат меѓусебни непријатели и да се убиваат. И сето тоа бугарската влада ќе го набљудува и ќе ја помага посилната страна сè додека меѓусебно не се убијат двете групации, на Иван Михајлов и на Александар Протогеров, две и пододделенија на ВМРО, кои во ништо не се разликуваа, но водеа долга жестока борба за надмоќ и самоодбрана. А владата чекаше за да може на еден перфиден начин тивко да соопшти: „Борбата заврши поради немање завојувани...“.

(Да се опише од гледиште на самите дејци во тие две фракциии).

Ете како поделеноста во владејачката партија и во самата влада автоматски се одрази и врз редовите на ВМРО, која, всушност, беше целосно под влијанието на самата бугарска влада и се користеше од неа како за нејзината внатрешна, така и надворешна политика, нешто што одамна беше добро разбрано и сфатено од мнозина македонски

емигранти во Бугарија и во странство, на што одамна некои македонски дејци постојано предупредуваа и се бореа за одвраќање, отргнување и промена на насоката во надворешната политика, која никогаш и во ништо не ѝ користеше на Македонија.

Околноста што борбите и убиствата меѓу двете македонски фракции продолжија и откако падна владата на Демократскиот сојуз и на власт дојде таканаречениот Народен блок од земјоделци и демократи[98], покажа дека таа двојна политика применувана спрема македонскиот комитет не беше политика само на една партија, туку дека беше продуцирана од државни интереси. Навистина, ВМРО на Иван Михајлов ја продолжи својата дејност во Македонија под бугарска власт, но тоа го искористија заинтересираните држави и преку Друштвото на народите можеа да ја покренат, протуркаат и наметнат формулата за агресија врз секоја држава, што на еден или на друг начин ја загрозува безбедноста на својот сосед, па Советот при Друштвото на народите си го задржа правото да дејствува кога ќе процени дека е потребно. Со други зборови, секоја поактивна дејност на ВМРО во внатрешноста или покрај границата меѓу Бугарија и Југославија и Грција можеше автоматски да резултира и со една заедничка акција на соседните две држави поддржани и од самото Друштво на народите.

Во 1932 година, во Горна Џумаја се одржа голем собир на кој присуствуваа пратеници со делегации од сите села и градови во Петричко, како и од постоечките македонски легални организации, сите под влијание на ВМРО. Таму, во Горна Џумаја, јавно, на градскиот плоштад, пред илијадници луѓе познати приврзаници и истомисленици на ВМРО, беше изгласана следната резолуција, што беше јавно и од сите прифатена (Да се цитира резолуцијата...).[99]

И тоа беше последниот удар. Од тој момент, дури и партии и поединци, кои од едни или други причини ја почитуваа и трпеа ВМРО, која во Македонија под бугарска власт се беше наметнала како држава во државата, се вчудовидоа и изненадија, и јавно во весниците се критикуваше донесената резолуција во делот дека

---

[98] Во 1931 година владата на Андреј Љапчев беше заменета со владата на Народниот блок, на чело со премиерот Александар Малинов.

[99] Се однесува на Горноџумајскиот собир, одржан во февруари 1933 година во Горна Џумаја, на кој била донесена Декларација во која за правилното решавање на македонското прашање се барало оспособување на Македонија во одделна самостојна политичка единица во своите природни и географски граници и реализирање на македонскиот идеал „Македонија на Македонците“.

ВМРО како дотогаш, така и во иднина ќе го заштитува принципот за автономија, кој бара Македонија да се одвои во одделна политичка единица. Владејачките дотогаш политички партии тоа не можеа да го прифатат и судбината на ВМРО беше веќе одредена. Не мина долго време и по превратот на 19-ти мај[100], кој според целите и задачите во ништо не се разликуваше од тој на 9-ти јуни 1923 година (па дури и го дополнуваше и беше извршен само од војската без да испука ниту еден куршум), со еден, така да се каже, удар на новата сè уште не формирана влада, ВМРО со сите нејзини разграноци и одделенија беше забранета и ставена надвор од законот, а нејзиниот имот: оружје, пари, материјали, архиви – беше конфискуван во полза на државата. Зашто, и на самите раководители веќе им беше јасно дека кога станува збор, пред сè, за заштита на самата држава, имајќи ги предвид евентуалните опасности, не смее да се дозволи таа да биде прогласена за агресор и да биде изложена на сериозни проблеми, па и на понижувања. Дотолку повеќе што и самите раководители се стремеа кон нешто сосема друго – да се разберат со Југославија и да се подготви теренот за едно заземање на Беломорието во замена за Македонија. Како што се знае, по превратот, започнаа преговорите за воено пријателство меѓу Бугарија и Југославија, следуваше посетата на кралот Александар на Бугарија, а беа потпишани и тајни анекси на склучениот „пакт за вечно пријателство меѓу Бугарија и Југославија. Според тие тајни анекси, по цената на Македонија и Солун, Бугарија сакаше да си го обезбеди Беломорието... Но, тоа не им беше познато на широките бугарски средини“.[*]

Забраната на ВМРО на Иван Михајлов беше прифатена со задоволство и радост од целото бугарско општество, особено од македонското население во Петричко. Одеднаш сите се ослободија од еден бесмислен и бесмилосен терор, се почувствуваа слободни и сигурни од секакво самоволие, од каков и да е каприц на кој и да било, па дури и случаен функционер на таа организација, која со години го малтретираше и угнетуваше како градското, така уште повеќе селското население. Уште првите денови без какви и да било анкети и истражувања, самото настрадано население ги посочи сите предавства, грабежи, самоволија и редица жестокости и неопишливи страшни убиства извршени во минатото во разни места по градовите и

[100] Превратот беше извршен на 19 мај 1934 година, кога и беше забранета ВМРО во границите на Бугарија.

[*] „Како победува Хитлер“ од Лука Малев, резервен мајор, стр. 91, София.

селата. Беа откриени гробници и пронајдени остатоци од убиени луѓе, така што за кратко време сите престапи од минатото, извршени од органите на ВМРО едноставно го згрозија целото население и целото бугарско граѓанство. Беа покренати процеси и како резултат на тоа беа уапсени и осудени на тешки, па дури и на смртни казни десетици лица за извршени злодела, предавства и убиства. Огорченоста на локалното население во Петричкиот крај беше толкава, што дури еден незначителен дел од оние второстепени и третостепени лица, кои од една или друга причина по извесно време требаше да се вратат во нивните родни места, не можеше ни физички да ги трпи, односно не можеше да се помири со помислата да ги гледа пред очи.

Бугарското општество и македонското население, кои во период од десетици години дадоа толку скапи човечки и материјални жртви во името на еден општ национален идеал – слободата на Македонија, требаше со задоволство да видат колку ниско морално беа паднале тие епигони и предавници на македонското револуционерно дело и на старата ВМРО, таа на Г. Делчев, Д. Груев, Ѓ. Петров, Димо Хаџи Димов, Јане Сандански и цела плејада самоодважни и безаветно предани синови на Македонија! Во историјата на многу револуционерни организации имало периоди на успеси и падови, но моралниот пад на ВМРО ја достигна најниската точка и со целосната промена на својата цел и на задачите, нејзините раководители, наместо да се борат како вистински револуционери за слободата и независноста на Македонија, тие како предавници на старата ВМРО се најдоа во ситуација да бидат нејзини гробари. Уште повеќе, со нивната безидејна дејност, во пракса, т.е. наместо да се борат во едни нови, строго определени историско-конкретни околности, тие со своите страсти и омраза кон сите прогресивни, вистински револуционерни елементи, се преобразија во една чисто реакционерна, угнетувачка и терористичка државна, општествена група, која се служи со државно оружје, што во еден момент им беше одземено, така како што им беше и дадено од државните складишта! Истовремено со тоа, уште еднаш непотребно се подвлече дека таа „револуционерна организација“ била филијала на други, исто така, „тајни“ лажни патриотски групи и на криминалци, преку кои бугарската влада ги малтретираше, прогонуваше и убиваше или најмалку, ги олеснуваше убиствата на вистинските македонски борци и револуционери. И во еден момент кога нејзината задача беше веќе приврршена или излишна, и пред опасноста да настрада и самата држава, таа општествена групна револуционерна организација, што со години лажно се претставуваше како ВМРО, беше забранета како опасна, штетна и престапничка, а одделни личности, функционери,

од целото општествено мнение посочени како вулгарни убијци, крвожедници и потпалувачи на самиот трудољубив бугарски народ по градовите и селата, на бугарските селани и работници и произлезената од нив интелигенција.

Некои одделни лица, бивши соработници или истомисленици на таа бесна терористичка група од македонски „револуционери", во нивната желба да го прикријат грозниот впечаток во општеството, да ги маскираат грозните престапи и убиства и за смирување на нивната совест, по забраната на ВМРО, пасивноста, немоќта и беспомошноста на нејзините органи или лица сакаа да ги оправдаат, истакнувајќи дека не слабоста и општиот презир на општеството се причина за толку жалното, речиси срамно исчезнување на самата ВМРО. Напротив, туку дека нејзините водачи, опфатени од голем, безграничен патриотизам каков што никој никаде не чувствувал, божем не сакале да ѝ создаваат на татковината излишни непријатности и проблеми, па заради тоа ја наведнале главата и се потчиниле на законите во земјата. Тоа и сличните, со ништо непоткрепени објаснувања и оправдувања се чиста измислица и фантазија. Зашто, кога државната власт им ја даваше сета поддршка и им помагаше во нивните садистички походи, кога наспроти законите, ги пренебрегнуваа животите, имотите, честа и достоинството на македонското население и бугарското граѓанство, кога пред очите на блиските и домашните на убиените од нив Македонци и бугарски граѓани, самите физички убијци се расфрлаа со цинизам, тогаш тие не мислеа ни за редот и ни на законите. А, во моментот кога сета нивна несреќна улога излезе отворено пред очите на целото општество, тие сакаа да се извинат и оправдаат со измислици. Во тоа немаше, нема и не може да има никаква логика, а следствено и никакво извинување или оправдување. Предупредувањето беше големо и така последните, жални остатоци од предавниците на некогашната бивша ВМРО на Г. Делчев завршија од каде што почнаа, т.е. се родија се престапи и умреа, загинаа во престапи. Тоа е една добра поука за растечкото поколение, навистина привремено сопнато да го даде, како неговите претходници, својот долг спрема Македонија, но сепак подготвено да го продолжи светото дело за вистинската национална и економско-социјална слобода на македонскиот народ.

Во тој однос, 19 мај 1934 година, погледнато историски, си останува како еден пресвртен момент и во историјата на македонското национално револуционерно движење, кога се надминува и последната пречка кон едно вистинско национално револуционерно движење. Зашто, и во Македонија под бугарска власт тоа се насочи кон тактиката на масовна револуционерна борба, единствената

тактика потврдена од историјата и од револуционерното искуство, тактика чија примена си останува како заповедан револуционерен долг на младото, растечко поколение, оставено да живее, да работи и да дејствува во една веќе наметната од самите нови услови, конкретна историска реалност.

* * *

Уште при основањето на ВМРО (Обединета) јасно и категорично беше подвлечено дека организацијата, наспроти нејзиното име, ќе треба да биде нова и дека ќе треба да се служи со нови методи и средства за борба, наметнати од новосоздадената општоевропска и општобалканска ситуација, што од корен се разликуваше од ситуацијата во првите две етапи на македонското национално револуционерно движење – првата етапа од основањето на ВМРО (1893 г.) до Хуриетот (прогласувањето на Конституцијата од 1867 година во бившата Отоманска империја) и вториот – од Хуриетот до крајот на општоевропската војна (1918 г.). Ако за време на првата и втората етапа, четништвото беше еден инструмент, едно средство, еден специјален апарат за активна револуционерна борба, откако, пред сè, го обучи, главно, селското и градското население како да ракува со пушката, ножот и бомбата, и како борците, довчерашни робови и ратаи на турските феудалци, смеело да влегуваат во борба и гради в гради да се борат и умираат по планините, полињата или градовите, сега веќе при целосно изменетите услови на Балканот и во Европа требаше да се оди, пред сè, по еден нов пат, по патот на масовната револуционерна борба. Ако во минатото можеа да се развиваат четнички акции од помал или поголем обем, па дури и да се преземаат четнички погранични пребегнувања и изолирани терористички акции, во новата ситуација тоа, иако беше можно, истовремено беше излишно, пакосно и штетно. Зашто, тргнувајќи, пред сè, од вистинските и разбрани интереси на македонскиот народ, не само што таквите акции со ништо не го олеснуваа тешкото национално и економско ропство, туку напротив, на поробувачите им даваа повод и основа да применуваат посилен терор и да ја истоштуваат револуционерната енергија на македонските легални и нелегални дејци во трите делови на Македонија. Ако во минатото, терористичките акции и дејства, преземени за накрнување и застрашување на вложениот во Турција странски капитал во железничките линии, мостовите, банките и други објекти, беа со цел, природно да го нарушат редот и мирот на Империјата, чија територијална целовитост толку

ревносно се чуваше од заинтересираните големи западноевропски империјалистички држави, во новосоздадената ситуација тие ефектни акции, колку и да беа диктирани од духот на самоодважноста, од алтруизмот, од самоодрекувањето и самопожртвуваноста, сега стануваа беспредметни. Зашто, по општоевропската војна и богатиот плен, пространите богати и сè уште неексплоатирани турски провинции – Палестина, Сирија, Трансјорданија, Македонија и дел од Тракија, беа веќе приграбени и интересите на големите сили беа намалени, а следствено и нивната заинтересираност. Некои од валидните во минатото меѓународни договори и конвенциии станаа неважечки, а некои и целосно заборавени. Така, на пример, одлуките на Цариградската конференција, Берлинскиот и Лондонскиот договор и други меѓународни спогодби беа заборавени и се сметаа за неважечки, исто како и капитулациите. А што се однесува до одлуките за покровителство и заштита на националните малцинства, како и до принципот за самоопределување на малите народи, што беа содржани во новите мировни договори (Версај, Тријанон, Неј), склучени и наметнати од силите победнички и земени под заштита на Друштвото на народите, фактички беа само на хартија, зашто самото Друштво на народите беше меѓународен институт не за ослободување, слобода и независност на малите угнетени народи и народности и колонијални и полуколонијални земји, туку инструмент за потчинување и угнетување на поробените, подвластени на големите и мали сили победнички во војната. Прашањата за слободата на потиснатите народи не се решаваа од самото Друштво на народите, туку од неговиот Совет, составен само од претставници на четири од најзаинтересираните големи држави победнички, кои повеќе ги помагаа и поддржуваа не угнетените и потиснати народи и националности, туку малите држави победнички, нивни бивши и актуелни сојузници, нивни сателити и спроведувачи на нивната освојувачка граблива политика. А такви беа Полска, Романија, Чехословачка, Југославија, Грција и други. Следствено, секоја терористичка, одделна, изолирана акција можеше да даде повод и основа за уште поголем национален гнет, за уште покрупни мерки дури и против мирното население каде и да се наоѓаше тоа. А начините за угнетување, за денационализација и асимилација, техничките средства и можности за прогонување и истребување беа доволно развиени и усовршени од новите и просветени, „културни“ христијански влади, пред чии средства и методи турските инквизиции, турскиот терор, турската безлична апсолутистичка тиранија, едноставно бледнееја! Следствено, никаква друга, освен масовната револуционерна борба не беше можна и не требаше да се применува.

А, пак, примената на масовната револуционерна борба беше нешто уште сосема непознато за македонското население. И токму тоа беше една од првите наложени, приоритетни задачи на новата национално револуционерна организација ВМРО (Обединета), која се појави во еден нов историски момент, во сосема нови економски, општествено-политички и културни услови. Ако за усвојувањето на старите револуционерни методи беа потребни едно-две десетлетија, за новиот начин, за новите методи на борба се налагаше еден, исто така, подолг период од време. Ново време, нови конкретни услови, нови методи на борба. А тоа, колку на прв поглед и да изгледаше едноставно и нормално, сепак не беше лесно да се сфати и разбере, да се прифати и асимилира од македонското население, кое подложено на еден уште поголем национален и економски гнет, природно одеше во крајности својствени не само на неговиот менталитет и на неговите историски традиции останати во атавизмот од минатото, без притоа генезата на минатото да му се расветли и во најситни детали, а уште помалку да му се посочи теоретски, преку теориска воена настава, преку зборови или во пракса, во реалниот живот. Така, на пример, си спомнувам на тоа кога пристапивме да убедуваме некои стари или помлади македонски дејци да се откажат од старите, изживеани и надминати од времето методи и средства на борба, како особено младите, обземени од младешки ентузијазам присутен во нивните души или природа, на секој начин сакаа да нѐ убедат нас, уште постарите дека една чисто терористичка ефикасна акција против собранието на Друштвото на народите во Женева би можела да го сврти вниманието на државниците на големите и на малите држави и да ги принуди да се позанимаваат поактивно со македонскиот проблем. Бомби во самата Палата на Друштвото на народите и убиства на некои од повидните меродавни државници во Европа или на Балканот – ете до каде им одеше размислувањето! Кога им велевме и ги убедувавме дека такви акции, колку и да бидат ефектни, со ништо нема да придонесат за ослободувањето на Македонија, туку напротив, уште повеќе ќе им помогнат на новите поробувачи, тие помладите сето тоа го прифаќаа со гнев и разочарување. А кога им кажувавме дека против Друштвото на народите ќе треба да се пристапи не со бомби, туку со протести, непрекинати протести и резолуции од собири, собранија или конгреси, тие ни возвраќаа со смеење. Колку е тешко и речиси невозможно без силно убедување, силна волја и енергија, без револуционерно животно искуство да станеш и да се бориш против еден општ создаден правец.

Ако така се пречекуваше обидот, револуционерната борба да се насочи по нови патишта, што остануваше за обидот, на пример, да премислиш еден Македонец во неговата намера да не го убива својот идеен противник, кога вториот има единствена цел или задача на секој можен начин, дури и со итрина, подлост и измама да го убие својот противник. Секој деец, на пример, знае дека идејата се надминува со нова идеја и дека секој борец паднат убиен од противникот, паднал зашто фанатично опстојувал на својата идеја и станува светец пред идните поколенија и дека автоматски, по неговата смрт, се појавуваат десетици нови следбеници. Сепак, тој не може да се ослободи од помислата и тој да убива, да се одмаздува или најмалку да се реши на убиство за своја сопствена самозаштита. А, пак, се знае колку националната и класната борба е пожестока од обичната политичка борба. Ете зошто втората задача на ВМРО (Обединета) беше да се оттргнат младите македонски борци од идејата за извршување на разни терористички акции и најважно да се убедат и откажат од навиката и традицијата да вршат политички убиства над своите идејни противници!

Третата основна задача на ВМРО (Обединета) беше да го насочи македонското национално револуционерно движење по еден нов пат на кој Македонија ќе биде не центар на општобалканското ослободително движење, односно да не се изолира од останатите национал-револуционерни и социјал-револуционерни движења на Балканот, туку да се подготви за паралелна, заедничка револуционерна борба со сите останати револуционерни движења, партии, групи и лица. Македонија, иако зазема централна положба на Балканот, сепак е негов дел, кој притоа од редица специфични услови и причини е еден од најзаостанатите, згора и поделен со неприродни и произволни граници, што уште повеќе го запираат нејзиниот правилен и побрз социјално-економски развој. Следствено, и условите за револуционерната борба во нејзините три дела не беа еднакви. Во секој дел присоединет кон соодветната балканска држава постоеја различни, специфични политички и социјални услови за живот, на општествената дејност и на општествените односи меѓу жителите, но сепак во единствено, општо општествено-економско уредување. Ете зошто, како што беше теоретски истакнато уште во Мајскиот манифест, се наметнуваше создавањето и зацврстувањето, пред сè, на еден заеднички македонски револуционерен фронт, а паралелно со него и на заедничкиот балкански национал-револуционерен и социјал-револуционерен фронт, кој беше и си остануваше како главен фактор во револуционерното движење на Балканот. А, во

пракса и на дело се налагаше еден потесен контакт со сите постоечки национално ослободителни и револуционерни организации и сите социјал-револуционерни партии и групи на Балканот. Да се пронајдат и создадат соодветни контакти со лица, групи и организации, да се утврдат односите меѓу нив, да се разграничат и точно определат улогите без да се мешаат самите организации или да се одалечат една од друга, и притоа строго да се внимава, да се следи и заштитува генералната линија, без свесно или несвесно да се западне ниту во десен опортунизам ниту, пак, од љубов само кон принципите да се стигне и до левото секташтво. А, да се работи во еден таков лавиринт од најразновидни општествени и политички односи какви што беа и себалканските, не беше лесна работа. Македонци, Албанци, вклучувајќи ги и тие од Косово, Добруџани, Тракијци, Црногорци, Хрвати, Бугари од западните покраини – сето тоа беше една разновидна маса меѓу која требаше внимателно да се пристапува како за создавање на контакти и односи, така и за не друга, ами за масовната револуционерна борба, што во едни и исти провинциии и по нивните градови и села се спроведуваше како по национална, така и по социјална линија. Тука не е место да се задржиме конкретно на тоа што требаше да се направи или можеше да се направи во нашите односи и контакти, на пример, со Добруџанците, Тракијците, Црногорците, Албанците, Хрватите или со соодветните социјал-револуционерни партии, што постоеја во трите балкански држави. Важно е да ја подвлечеме огромната колку тешка, толку и сложена и опасна од провали и други изненадувања работа. Ете зошто не остануваше друго, освен да се внимава на една строго определена револуционерна линија и строго да се почитуваат сите теоретски начела и принципи во револуционерното дело, без што во секој момент и речиси насекаде можеше да се западне во грешки, што уште на самиот почеток ќе нѐ однесеше во пропаст.

Велат дека во едно општествено или револуционерно дело, прагматизмот и правичноста се важното и суштественото, а теориите и принципите се од второстепено значење, дека е важен резултатот, а не принципиелната идеологија. Но, во тој момент, уште во почетокот на самата работа, тоа не беше и не можеше да биде така. Секој историски момент си има свои заповеди на времето и местото. Така беше уште во самиот почеток кога се создаде и формираше ВМРО (Обединета), така остана и неколку години после тоа. Грубата реалност и животот ни го налагаше тоа и покрај сета наша желба колку што може да се оди напред и само напред и да се стигне до одредена точка од којашто веќе самото движење ќе си го најде својот природен, правилен пат на развој и разгранување во една поголема,

масовна национално-револуционерна организација, што ќе ја води и насочува општата македонска револуционерна борба. Сè уште не стигнати до таква точка, а веќе преживеавме многу огорчувања, многу сомневања и тешки моменти, преживеавме и многу големи и тешки разочарувања!

Во самиот почеток кога се создаде макар и индиректен контакт со некои револуционерни средини во СССР, Бор. Н. Ал., Б. Ш.-Андреев[101] и др., а особено подоцна кога повторно со помошта, револуционерното искуство и проникливоста на други руски револуционери, на пример, Ч. Н. Х., се изработи историскиот Мајски манифест, ние бевме не само соблазнети, туку дури и восхитени од мислата и фактот дека македонското национално-ослободително движење од минатото сега веќе е реформирано и во историјата станува вистинско национал-револуционерно движење. Тоа беше и првата обединувачка алка меѓу постоечките национално-револуционерни и социјално-револуционерни движења на Балканот, па во почетокот не се плашевме од никаква опасност од лево – морето ни се гледаше длабоко само до колена. Целото наше внимание беше свртено кон тоа да ги избегнеме опасностите од десно, бидејќи самите ние, па и повеќето од нашите соработници и истомисленици израснавме во друга средина, во други крајно националистички конкретни услови и места каде што верскиот и националниот антагонизам, било поради незнаење или од интерес, вешто беа подметнувани и поддржувани од заинтересирани лица и фактори. Односно, свесно или несвесно на секој можен начин сакавме, со зборови и со дела, да се ослободиме од секакви националистички грешки и предрасуди прегазени од времето. Зашто, во минатото, во условите во кои растевме и дејствувавме (работевме), и самите пори на нашето тело ни беа опфатени со крајно националистички мисли и желби, што беа станале веќе и дел од месото. Лошата, одвратна турска тиранија, лошата, неспособна и неискусна администрација и полиција, политичкото, националното и економско-социјалното ропство под турската феудално-аристократска и воена плутократија кај нас креваа и развиваа редица чувства и страсти, кои стигнуваа до омраза против сè што е турско – нација, религија, јазик, култура! Истото беше и после војните. Од омраза кон српската и грчката тиранија, кон денационализаторската и асимилаторската политика на српските и на грчките државници и политичари, сите закоравени шовинисти, ние насекаде се кревавме и се боревме против сè што е

[101] Се однесува на иницијалите и псевдонимиие на претставниците на Советскиот Сојуз и на Коминтерната со раководството на ВМРО.

српско и грчко, без да ја гледаме, како што се вели, барем сламката во нашите очи. Силно да мразиме сè што е српско и сè што е грчко, да негодуваме и да се разочаруваме од делата и навиките на грубите, неискусни, речиси диви Албанци, наемници на турската или српската служба, а да ги одобруваме и фалиме само бугарските институции, иницијативи и дела – тоа беше нашето, така да се каже, credo!

Но, долгогодишното искуство, акциите и самоволијата вршени како од органите на бугарската власт, така и од некои македонски групи, лица и организации, веќе ни го беа наметнале сознанието дека не е сè така како што ни се претставуваше, како што го гледавме, туку дека сме жртва на една илузија, што јасно се забележуваше и самите ние ја гледавме. Така, постепено дојдовме до едно отрезнување и со своите сопствени очи ја гледавме грубата реалност, која ни го покажуваше патот по кој требаше да тргнеме, наспроти можеби нашите желби и во спротивност со нашите чувства и националистички желби. Сепак, ние и подоцна навистина останавме со некои мали заблуди и опасни илузии, без да можеме целосно да ги изживееме сите наши минати, опасни, штетни, националистички илузии и предрасуди. А тоа можеше да се надмине само со текот на времето. Но сепак, фактот дека тргнавме по нов пат, во нов правец, иако прифаќајки ги сè уште само теоретски вистинските идеи, мисли и нови соодветни за времето револуционерни средства и методи на борба, нè поттикнуваше, нè охрабруваше и ги засилуваше нашите пориви, мисли и први иницијативи...

Кога започна пропагандната, а по неа и организационата работа во првата револуционерна област – Македонија под српска власт – кога беа поканети и српските комунисти паралелно со македонските активисти да ја развиваат и распространуваат идејата за издигнување на Македонија во посебна слободна, независна од балканските држави политичка единица, согласно принципот за самоопределување на народите со право на отцепување, некои од комунистите во Југославија не сфаќаа, не разбираа, а според тоа во пракса не работеа во тој дух и насока, туку велеа и поддржуваа дека македонското прашање во Југославија е прашање на Конституцијата т.е. прашање не за национално самоопределување, ами за културна автономија во границите на новата држава. Според тоа, со добивањето и гарантирањето на демократските права и слободи предвидени во српската Конституција (устав), само по себе постепено ќе се разреши и македонското прашање, во духот на новото време, според економскиот и културниот развој на областа која беше еден мал дел од големата југословенска држава, во која освен Македонци има Хрвати, Словенци, Црногорци, Албанци, Бошњаци, Херцеговци, Далматинци

и други националности. Тоа необично спротивставување, што се случи уште во самиот почеток (1926 г.), нè изненади. Си велевме – да не избрзавме, додека други социјал-револуционери до скоро нè укоруваа, дека веќе многу сме останале назад во новото време. Ние во Бугарија и во Македонија под бугарска власт, во името на новиот пат ги раскинавме сите врски од минатото со сите наши пријатели, познати, соработници и истомисленици уште од нашата младост. И додека ја штитевме новата револуционерна концепција ризикувавме да го изгубиме и животот, што фактички и се случи со многу наши блиски другари и истомисленици, кои трагично загинаа од ножот и куршумот на нашите непријатели, а сега тоа ни се префрлуваше, иако ваквата постапка ни беше позната уште од времето на турското ропство – после Хуриетот. Навистина, тоа сфаќање на некои српски комунисти не беше општо, официјално сфаќање, разбирање на КПЈ како секција во III-тата Интернационала, но околноста дека сепак има лица и притоа истакнати во движењето, кои така размислуваат и расудуваат, нам ни внесоа еден сомнеж и нè наведуваа на редица мисли и размислувања, што нè тераа да се вознемируваме пред неизвесната иднина.

Книгата „Македонија на Македонците, земјата на селаните"[102] веќе одамна беше излезена и распространета, меѓутоа малкумина од српските комунисти можеа да ги разберат, да ги асимилираат идеите и принципите во неа, кои живо се пренесуваа и од самиот Мајски манифест. Но, од добиените информации и од преписката, што по тој повод се наложија, се утврди дека тоа не е гледиште на КПЈ, туку лично сфаќање на одделни лица, па макар и функционери, кои не беа детално запознаени со ленинизмот по националното прашање. Подоцна, откако ЦК на КПЈ издвои, односно ослободи некои лица од чисто класната работа и ги задолжи да работат по национална линија за да можат веќе создадените групи на ВМРО (Обединета), како на пример, во Скопје, Куманово, Велес, Охрид и Прилеп, побрзо и полесно да се развијат во одделни околиски организации, во составот како на обласниот, така и во некои од околиските комитети влегоа лица со различно политичко убедување, т.е. имаше и партијци и непартијци од разни македонски постоечки во минатото или непосредно пред прокламирањето на единствениот македонски и заедничкиот балкански револуционерен фронт, исто какви што имаше и во ЦК на ВМРО (Обединета) – партијци и непартијци.

[102] Се мисли на книгата на Коста Новаковиќ „Македонија на Македонците! Земјата на земјоделците", објавена 1924 година во Белград.

Практично, кога требаше на дело да се разрешува, теоретски или практично некое прашање во Организацијата, се појавуваа некои навидум мали, но сепак од големо значење разногласија. Се разбира, дека како уставот на Организацијата, така и нејзината програма не можеа да предвидат и да определат сè во детали. Останувaа прашања и прашања, што можеа и требаше да се разрешуваат на самото место, согласно конкретните услови и времето. И токму по тие прашања се појавуваа несогласувања, што постепено се таложеа и по даден повод се појавуваа со поголема острина. Така, на пример, дали мнозинството од составот на обласниот или на некои од околиските комитети треба да бидат партијци и непартијци, туку лица кои со своите идеи, мисли, со својот темперамент, со своето влијание и лична иницијатива или други квалитети дале докази или е подобро да земат и соодветни одговорни места. Некои од партијците колку и да беа скромни и колку и да се покажуваа навидум сталожени, сепак на дело сакаа да наредуваат. Дали тоа се случуваше несвесно и непромислено, должејќи се на нивните лични квалитети или, пак, скришно, тивко самата партија или некој нејзин одговорен орган го сугерираше или наредуваше тоа, не можеше да се разбере, а уште помалку да се докаже. И така, од локално конкретно прашање, тоа стануваше принципиелно прашање и се поднесуваше за разрешување пред ЦК, каде повторно од истите причини внесуваше возбудувања и несогласувања, што стигнуваа до кавги. Далечината и емигрантскиот живот, со сите негови негативни страни, уште повеќе нè иритираше, а со тоа придонесуваше да се зголеми и омразата, бидејќи притоа се истакнуваше дека причините не лежат во личните несогласувања и личните сфаќања, туку во самата пракса, зашто долу меѓу масата требаше да се претставаат и спроведат идеите и принципите легнати во основата на ВМРО (Обединета), која е, пред сè, една национална организација. Во втората революционерна област – Македонија под бугарска власт – нè брзавме со организационата работа, зашто таму, поради специјалниот режим на владата на Ал. Цанков, органите на ВМРО на Иван Михајлов сè уште беснееја и не застануваа пред ништо кога стануваше збор за прогонување и уништување на сè што е левичарско било среде македонското население во Петричко или меѓу македонската емиграција, која споредбено земено се чувствуваше „послободна“ од иследувањата и прогоните на тајните и јавни агенти на бугарската полиција од оние на Ив. Михајлов, кои, всушност, беа едно пододделение на полицијата. Во почетокот, по создавањето на ВМРО (Обединета), но и после тоа, се трудевме во втората револуционерна област да проникнеме со пропагандна – книжевна литература –

весници, брошури и повици, кои во соработка со КПЈ се испраќаа до Пирот, а од таму се препраќаа, од една страна, до некои пунктови и лица во внатрешноста на Бугарија, а, од друга, и во Цариград каде веќе имаше создадено центар – мал кружок од наши истомисленици, од кои некои беа и членови на новата организација. Третиот пат – канал – беше поштата каде што се искористуваа разни француски или германски весници, списанија и други печатени дела и внатре во нив се вметнуваа броеви од весниците „Балканска федерација“ и „Македонско дело“ и др. Работата успешно се одвиваше и испраќаните периодични изданија се распространуваа, така што ние бевме задоволни, зашто ни се даваше можност да ја запознаеме пошироката маса од емиграцијата со идеите и принципите на ВМРО (Обединета). Тоа уште повеќе се налагаше поради околноста дека со легална и нелегална дејност, според уставот на Организацијата, се задолжуваше веќе и самата македонска емиграција, што е во спротивност со традицијата од минатото, дека емиграцијата може да се занимава само со помошна, чисто легална дејност. Навистина, тоа беше една традиција колку формално да се почитуваат законите и административните правилници во царството, но фактички, на дело, тоа уште од самиот почеток не се почитуваше, туку напротив и меѓу емиграцијата имаше многу лица, кои што се занимаваа со нелегални работи, пунктови началници, терористи – егзекутори, курири, сите раководени како од Задграничното претставништво, така и од самиот ЦК на ВМРО. Освен тоа, искуството ни покажа, особено пред и после обединувачкиот македонски конгрес (1923 г.), дека секаква, каква и да е легална македонска организација, колку и да биде масовна, колку и да има правилни идејни позиции, без нелегален апарат таа не само што не можеше да функционира, туку не можеше и да постои и само залудно даваше скапи, искупувачки жртви, какви што се дадоа после основањето на македонската легална федеративна организација до обединувачкиот конгрес и после обединувањето, особено по 9-то јунскиот преврат со масовните убиства на македонските легални и нелегални активисти извршени по убиството на Т. Александров. Всушност, тој принцип, дека секоја легална организација треба задолжително да има и свој нелегален апарат, ние го знаевме уште многу порано, иако за целото време додека продолжуваа дискусиите и борбите среде целокупната емиграција, ние ја поддржувавме тезата дека емиграцијата не може и не треба да се занимава и со нелегална дејност, како и да не се меша во политичките борби внатре во земјата. Ова со цел да не се втурне во меѓусебните, братоубиствени борби и второ, за да се спечали терен пред државната власт и да не ѝ се пречи

на организационата дејност за да можат македонските легални организации да се користат со една поголема слобода на дејствување, сè додека не закрепнат и не стекнат доверба меѓу народот и пред локалните општински и административни власти не само во Софија, туку и во сите останати населени места во провинцијата. Сега веќе откако борбата се разоткри, по формирањето на ВМРО (Обединета) немаше зошто тоа да се прикрива, туку требаше и на самата македонска емиграција отворено да ѝ се каже дека таа е должна да има нелегален апарат, кој ќе ја чува и заштитува од посегнувањата на разни видови наемници, хранети и поддржувани од ВМРО и заштитувани дури и од самата официјална полициска власт. Со други зборови, откако ќе се подготви за такви ситуации, самата таа ќе треба да реагира со својата сопствена самозаштита. Тоа, всушност, и не беше тешка задача. Зашто, голем дел од емиграцијата, особено во оние делови каде што трагично загинаа од ударите и куршумите на платените убијци, населението од искуство ја знаеше спасувачката улога на нелегалните, сокриени, тајни групи, кои или спречија некои убиства или, пак, во знак на одмазда прибегнуваа кон истите методи и за пример и поука убиваа некои од разбеснетите платени, слепи орудија, а против други се служеа со закани или предупредувања. Навистина, и после тоа убиствата, измамите, исчезнувањата без никакви траги не сопреа. Но, тие во извесна мера се ограничија и на тој начин значително се намалија и убиствата и ранувањата, што се случуваа „зад аголот“, а повеќе немаше ниту случајно застрелани и паднати жртви меѓу сосема невините, мирни бугарски граѓани, кои одеа по свои приватни работи по улиците на Софија, Пловдив, Варна и др.

Во литературата, што се ширеше, имаше статии со некои цитати во кои намерно, макар читајќи и меѓу редови се разбираа чисто комунистичките тези и идеи, а со тоа емиграцијата и македонското население се подготвуваа и насочуваа не за национална револуционерна дејност, туку кон комунистичка, класна активност. Можеби острината на социјалните борби во земјата елиминираше секаква национална борба и еден голем дел од македонските активисти пропагандата на ВМРО (Обединета) ја сфаќаа како комунистичка и сметаа дека станува збор за чисто класна, комунистичка работа, па според тоа и Организацијата не можеше да не биде, исто така, комунистичка и покрај тоа што во државата постоеше БКП, со свои органи, со своја вербална и печатена пропаганда. Силните и лути фрази во статиите, „паралелната дејност со сите социјал – револуционерни партии и групи, масовната револуционерна борба“, острите и силни протести против интригите на органите на власта насочени против сè што е

левичарско, напредно и прогресивно, како и други такви, во праксата, долу во масата се сфатија како чисто комунистичка, класна работа и голем дел од македонските легални дејци се уплашија. Прво, затоа што потпаднаа под ударите на полициско-административните правилници и Законот за заштита на државата и, второ, зашто сметаа дека со тоа им се попречува патот на голем дел Македонци, како на пример, трговци, занаетчии, селани, да учествуваат во движењето за да не бидат разоткриени од своите блиски или од противниците, дека вршат туѓа, комунистичка дејност, без самите тие да го сфаќаат и разбираат тоа.

Власта и противниците ја искористија околноста дека ВМРО (Обединета) добива целосна поткрепа од СССР, па според тоа, таа и не може да биде друго освен чисто комунистичка организација, разгранок на БКП. Па, одеа дури и уште подалеку во своите клеветнички обвинувања дека е организација во служба на туѓа држава, на туѓи интереси, а според тоа и антинационална, продадена, провокаторска, чијашто цел не е друго, освен да ја поддржува поделбата и разидувањето меѓу македонското население. Како што озборувањата и интригите во приватниот живот понекогаш играат голема улога во добрите односи меѓу соседите, сограѓаните и сонародниците, така и тие прозрачни озборувања, клевети и изопачувања вешто поттикнувани од заинтересирани лица и средини, одиграа една тажна улога – голем дел од македонското население умислено ги одбегнуваше групите на ВМРО (Обединета), што, според општо создаденото мислење, ги сметаше за комунистички и класни, а не за општо национални, со директна задача да се борат и реагираат исклучиво против секакво национално угнетување доколку и онаму каде што ќе се појавеше во трите делови на распарчена Македонија. Притоа, треба да признаеме дека макар и несвесно, некои од соработниците на двата весника „Македонско дело“ и „Балканска федерација“ во некои цитати се служеа со фрази и термини, кои беа чисто комунистички, дали затоа што беа членови на БКП или затоа што сметаа дека со тоа ќе се покажат како похрабри и револуционери на вистинската линија. Така или поинаку, но и тие значително придонесоа да се зголеми и кај масата да се прифати убедувањето дека ВМРО (Обединета) е комунистичка организација. Околноста дека во месните органи, како и во составот на ЦК имаше, исто така, комунисти, уште повеќе го зголемуваше тоа површно убедување кај многу наши блиски, според разбирањата и судбината, лица и групи. Притоа, особено во некои делови во Бугарија каде што имаше групирано компактно македонско население, главно од бегалци, како Пловдив и Хасково, при спроведувањето на класните

акции на поголема активност се повикуваа и македонските бегалци вработени претежно по тутунските магацини, без претходно да им се објасни дека се повикуваат во името на вистински разбраните работнички и класни интереси, што уште повеќе го засили веќе општо прифатеното убедување дека ВМРО (Обединета) и БКП се едно и исто нешто, и дека ако се употребува новото име тоа е за да се искористи националното расположение кај македонската емиграција, со цел да се пропагираат и распространуваат комунистичките идеи и да се следат чисто класните интереси.

Колку и да беа лажни и неаргументирани сите тие погоре, накратко изнесени обвинувања (попрво клевети или заблуди), колку и ние од горе при своите проценки и размислувања да ги преувеличувавме, сепак се поставуваше прашањето како и до каде да се реагира против сите тие и слични на нив обвинувања, макар и несигурно толкувани, објаснувани или разбирани. Зашто во почетокот се настојуваше да се направи сè што е можно новата организација да добие колку што може повеќе привrзаници и да се развие во една вистинска, ако не сосема масовна, барем народна, заедничка, национална револуционерна организација без којашто секаква борба за слобода и независност на Македонија, борба против новите поробувачи стануваше беспредметна, согласно програмата и уставот на самата Организација. А имаше и друго. Некои од нашите другари, било од фанатизам било од лични убедувања и омраза кон сè што беше склоно кон каков и да е десен опортунизам, секогаш се однесуваа потценувачки кон секое посебно лице или група само затоа што, на пример, во минатото некој си кажувал и поддржувал извесни свои тези и принципи, што не беа во духот и словото на уставот на новата Организација и како такви тие се пренебрегнуваа и потсмеваа. Воопшто, кон нив се приоѓаше не со цел да се привлечат и придобијат, туку да се одалечат од нас и од самата Организација, како да беше возможно сите наеднаш да го научат, да го разберат и да го прифатат сето тоа што беше напишано во Мајскиот манифест или во програмата и уставот на ВМРО (Обединета), иако, всушност, тие и не беа ни достапни до пошироката маса од македонското население и македонската емиграција. Најважно беше што некои лица од Бугарија и Југославија, комунисти по убедување, кои беа придодадени специјално на новата национална организација ВМРО (Обединета), а со тоа ослободени од класната работа, не знаеја како да им се доближат на македонските активисти, односно немаа соодветен пристап со кој ќе можат во својата дејност да го приклучат и активниот дел од македонското население и емиграцијата. Наместо да ги применуваат идеите и принципите за националната борба, тие по навика и по свои лични сфаќања и убедувања ја следеа чисто класната, комунистичка

активност и покрај постоењето на соодветните партиски органи и лица задолжени одговорно да ја спроведуваат партиската дејност меѓу масите и посебно среде македонското население.

Поради тие отстапки од претходно зацртаната генерална линија, како што секое отстапување во десно се сметаше за опасно, така и секое скршнување од нас непартијците, кои во очите на комунистите партијци сè уште претставувавме ситнобуржоаски елементи или најмалку националисти, исто така, претставуваше опасна иницијатива, што можеше да се протолкува како лево секташтво и со тоа да стане уште поопасно и поштетно за развојот на самата Организација. Сомнежите, споровите, вревата, негодувањето од долу, во и без тоа сè уште слабите редови на Организацијата, се пренесоа во центарот, во самиот ЦК каде што споровите од ден на ден добиваа сè поголеми размери, па стигнаа дури и до поостри конфликти, во кои истовремено со прашањата од заеднички интерес се внесоа и спорови од личен карактер. На пример, кој во даден момент за одредено прашање зазел десничарско т.е. опортунистичко, неправилно револуционерно мислење, кој на одредено место во Цариград или на друго место пред наши блиски луѓе се искажал несимпатично, па дури и осудувал некои навики и обичаи на други членови партијци во ЦК и надвор од него итн. Сите такви и слични на нив, навидум мали, ништожни нешта, постепено се собираа и се изразија во целосен раздор помеѓу нас и на тоа требаше да се стави крај. А, тоа можеше да се случи на два начина, зашто сите други патишта и можности за помирување и меѓусебни остапки беа исцрпени. Остануваше или ние непартијците, „ситнобуржоаските елементи“, да се повлечеме од движењето и да им дозволиме само на партијците да ги заземат одговорните раководни места како во одделните организации, така и во редакциите на весниците или, пак, со заедничко решение да ја распуштиме самата организација и на самото македонско население и на емиграцијата да им се препушти тие да решат и да се насочат по еден среден пат, што ќе соодветствува на времето, местото и условите во трите делови на Македонија. Но, со заземање на ставот, односно на формулата или – или, беше опасно да се оди, зашто работата можеше да стигне до раздор, што во даден момент со ништо не можеше да се надмине, а сите напори и жртви, кои беа дадени и продолжуваа да се даваат ќе беа залудни, отидени во ветер. Исто како кога една луда крава, која колку и да дава квалитетно млеко во еден момент самата со своите нозе ќе го преврти ведрото и целото млеко оди на земја, односно самото се истура. Нашите другари – партијци во ЦК и во редакциите на весниците од самиот почеток, па сè до крајот сакаа да ги негираат или да ги омаловажат тие признаци

на прекалено левичарство и секташтво, истакнувајќи дека тоа попрво се однесува на непартијците, дека сакаме, како што тоа сме го правеле во минатото, да создадеме фракција, поради недостиг на општа, строга дисциплинираност. Дури, за некои факти од сличен карактер требаше посебно да собираме сведоштва и докази за да се види каде, како и по каков повод се направило нешто, што ја компромитира организацијата како национална и таа пред населението или воопшто пред властите да биде претставена како класна, комунистичка. Се отиде дури до таму, што некои лица од раководните тела во месните комитети ги титулираа со зборовите фракционери, ситнобуржоаски елементи, па и контрареволуционери – фрази и изрази својствени на фанатизирани, секташки умови кои навикнале да се служат со нив, така како што обично се служиме со зборови и епитети во обичниот живот*.

---

*Така, на пример, во текот на 1926/27 година, во Цариград имаше можност да се направат постапки кои ќе ги дозволи и власта, да се формира еден општ македонски клуб каде што ќе можат да се групираат, среќаваат и заемно да се информираат Македонци од разните народи – Турци, Бугари, Албанци и други. Тоа уште повеќе се налагаше, бидејќи Цариград беше еден важен меѓународен град низ кого поминуваа или престојуваа туѓинци, новинари, публицисти и др. И што се случува? Во желбата да постигне успех и по национална линија, еден партиски функционер, при тоа не и Македонец по потекло, само поради неговото лично познанство со еден од началниците во полицијата, лично се јавува од името на Македонците што живееја во Цариград, да бара дозвола за отворање на македонски клуб или општо македонско друштво со културно – просветна цел. Јавувањето на лице емигрант од Бугарија и познат како ноторен бугарски комунист, го свртело вниманието на полицијата и првиот впечаток, првата мисла, која поминува низ умот на началникот на политичкиот оддел била дека не се работи за македонски клуб, туку можеби, се однесува за создавање на легален комунистички центар во самиот Цариград пред очите на самата полиција, која и без тоа беше и остана крајно сомничава по сите прашања од националните и социјал-револуционерните движења. И наместо да се постигне успех – да се создаде општ македонски клуб, се предизвика будноста на полицијата и некои од нашите истомисленици, соработници, поради нивното минато, како бивши револуционери, борци во Бугарија или во бившата територија на европска Турција во текот на минатите режими, почнаа да ги следат и ограничуваат во нивните врски со поширокиот круг на луѓе, воопшто молчејќи им кажуваа дека веќе не се пожелни гости и некои како емигранти – да си бараат место во други држави – комунистите во СССР, а останатите или во Бугарија или во други држави.

Во третата револуционерна област – Македонија под грчка власт – се случуваше, пак, сосема обратното. Грчката комунистичка партија како новоформирана, не можеше да даде луѓе, кои ќе послужат како први и единствени кадри на новата ВМРО (Обединета). Имаше недостаток на луѓе, а уште повеќе на луѓе кои беа запознаени со националниот проблем воопшто и посебно со македонското прашање.* А обидот да создадеме центар во Солун од каде што ќе се шири нашето влијание или најмалку, можност да се пренесува литература во југозападна Македонија, преку Воден и Лерин за Костур, беше спречен поради нетактичноста или неумешноста на еден од членовите на ЦК по убедување комунист, а според темпераментот и јазикот типично ограничен. Колку и да се трудевме да навлеземе преку Битола, никако не успевавме, затоа што немаше соодветни лица, а тие што ги имаше се плашеа да не се истакнат пред српската власт како „комунисти". И така, со ништо не може да се каже дека нашата работа до крајот на 1928 година имаше каков и да е успех во тој толку оддалечен, но во минатото херојски крај, кој со Охридско и Кичевско на својот грб ја понесоа целата Илинденска епопеја и кој требаше да биде и еден од првите реони на новата национално револуционерна организација.

Во тој поглед, само во Северна Америка работата тргна на подобро. Иако првите кадри беа само лица кои по убедување беа комунисти и партијци, сепак, за кратко време, благодарение на нивната тактичност, снаодливост и големата претпазливост можеа да се создадат неколку групи среде македонската и бугарската емиграција. Преку тие групи можеа да навлезат нашите весници и брошури, кои слободно се распространуваа и читаа од емигрантите Бугари и Македонци, кои живееја и работеа во С[еверна] Америка и Канада. Се создаде заеднички весник „Народна трибуна", откако другите посебни весници на емиграцијата се сопреа. Се создаде заеднички центар и можеа дури да свикаат и свој конгрес, каде што отворено се расправаше за сите прашања, што го засегаа националното и социјалното ослободување на Балканот и посебно македонскиот проблем, како еден од најгорливите и во центарот на сите останати национално револуционерни движења. Таму уште во почетокот, со својата организациска и пропагандна дејност посебно се истакнаа нашите сонародници Ковачев и Гео Пирински, а подоцна и бившиот македонски активист во Охридско, војводата Смиле

* Грчката комунистичка партија најдоцна од останатите две го прифати ставот на Коминтерната по националното прашање.

Војданов, еден жесток, достоен, чесен и доследен македонски активист -револуционер.

Месните услови, како земја со големи демократски слободи – слобода на говорот и печатот, слобода на собири и здружување, на целосна толеранција и непристрасност и на самата власт, сето тоа, се разбира, ја олесни работата во С[еверна] Америка. И покрај сите поткажувања, клевети и инсинуации пуштани од нашите противници, организирани во свои посебни друштва со заедничко раководно тело, тие, сепак, на крајот на краиштата не успеаја. За кратко време приврзаниците и истомислениците на ВМРО (Обединета) успеаја да ги надминат и на собранија, вечеринки и средби да ги изнесуваат убиствените критики на таа патриотска организација, која беше под влијание на ВМРО на Ив. Михајлов.

(Да се опишат подетално двете орг[анизации] и цитати од „Нар[одна] Трибуна" и др. цитати од повици, резолуции итн.).

Кон крајот на 1928 година[103], по повод десетгодишнината од Октомвриската револуција, во Москва, како и насекаде во СССР, се одржуваа големи свечености и разни стопански и културни изложби од животот на СССР. По тој повод, неколку души и од нас Македонците заминавме како македонска делегација во Москва. Снабдени со документи и средства, ние можевме да се обезбедиме и со виза во нашите пасоши и по 1 – 2 дена пред сенародниот празник веќе бевме во Москва, каде што нѐ пречекаа наши познати луѓе, од кои некои беа руски революционери и општественици. Колкаво беше нашето изненадување кога видовме луѓе од сите страни на светот: Французи, Германци, Англичани, Белгијци, Чеси, Американци, Срби и делегации од јужна Америка, од Кина, Индија, па дури и од Сиера Леоне, Африка. Во Москва се одржа и еден конгрес на пријателите на СССР, што траеше неколку денови и на него се држеа беседи, како од некои од делегатите, така и од некои официјални претставници на СССР – Риков, Бухарин и други, од многумина имаше и поздравни говори, а се донесоа соодветни резолуции, во кои јасно и отворено се кажуваше и потцртуваше, дека СССР е тврдина на сите угнетени и експлоатирани народи, народности и класи во светот, дека владата на СССР е првата револуционерна влада, која не само на зборови, туку и со дела е заштитник и покровител на сите работнички, трудбенички класи – на селаните и на работниците во целиот свет! Сето тоа така нѐ охрабри, окуражи и поттикна, што ние просто триумфиравме и кај нас

[103] Павел Шатев заминал за Москва при крајот на септември 1927 година заедно со Димитар Влахов и Георги Занков. Види: Димитар Влахов, Мемоари, Скопје, 1970.

уште повеќе се зацврсти вербата и надежта дека нашето македонско и воопшто – балканско ослободување порано или подоцна ќе дојде само со помошта и поддршката на Сојузот на Советските Социјалистички Републики.

Приемот, вниманието со кое насекаде бевме удостоени, олеснувањата кои ни беа направени, како за време на нашиот краток престој во СССР, така и при нашето заминување и на враќање, толку нè трогнаа што ние, едноставно, не знаевме како да им се заблагодариме и како да го искажеме нашето признание кон сите тие лица и институции во таа голема, според своите размери, држава, но и кон големите политичко-социјални и револуционерни концепции на нејзините како меродавни, официјални преставници, така и на други општественици, научници, писатели и револуционери од светски размери. Нивното одлично познавање на сите земји, со нивните расни, стопански и национални особености, големиот интерес да се следи и набљудува сè што се случува во големите и малите држави во Европа и во светот, големите врски со целиот културен западно – европски, американски и источно – азиски свет, сето тоа просто нè воодушеви, особено откако можевме да се снабдиме и со соодветна литература за стопанските, културните и национал-револуционерните и социјал-револуционерните движења, партии и групи во целиот свет.

Балканскиот проблем, кој за нас беше едно пространо поле, преку призмата на советското око ни се виде како една точка, чиешто место и значење беше јасно определено во тие светски размери. Балканот, тоа е нашиот Кавказ. Многубројноста на народите и испреплетеноста на националностите на Балканот е иста со ситуацијата каква што беше пред револуцијата во Кавказот. И таму имаше испреплетени националности, испреплетени интереси, меѓусебни борби и прогони, убивања, самоуништувања, а сето тоа се должеше на вешто поттикнуваниот верски и национален антагонизам, разгоруван од заинтересирани лица, групи и држави. Ете зошто единствената спасоносна мерка е и не може да биде ниту една друга, освен создавањето на една заедничка Балканска федерација, во која секој народ, секоја националност ќе ја добие својата национална слобода и своето национално и економско, односно социјално ослободување. Само Советското уредување е тоа што на зборови и на дело беше во состојба да го примени принципот на самоопределување на народите, како прва етапа и кон конечно економско ослободување на сите народи и националности. И навистина, се прашувавме, што ќе изгубиме ние онеправданите, поробени и угнетени народи и народности на

Балканот ако за да се ослободиме почнеме да се бориме за сменување на буржоаско – демократското – капиталистичко уредување со советско? Ништо друго, освен тоа дека со сигурност ќе ги изгубиме само ропските пранги и нашата општа мизерија во замена за нашата национална слобода. Нашиот јазик, нашата национална култура, нашите обичаи, карактерот и традициите не само што не се уништуваа, туку, апротив, им се даваше можност уште повеќе да се развијат. И на тој начин, спасени од туѓото владеење и ослободени од туѓиот и месен капитал, кој ја пиеше крвта на нашите сонародници, во новото уредување како во СССР ние ќе можеме побрзо да тргнеме по патот на економскиот и културниот развој, што ќе ни овозможи во поблиската и подалечната иднина една вистинска благосостојба нам, кои бевме преживеале и на нашите потомци – младината, која е основа на нашата верба и надеж во иднината!

За време на нашиот релативно краток престој во СССР ние ја искористивме можноста поодблизу да се запознаеме не само со новото социјалистичко, советско уредување и државното управување, туку на самото место и практично да научиме и видиме како беше разрешено националното прашање во таа огромна територија, во која живеат повеќе од 100 разни народи и националности. Додека во минатото, за време на царскиот апсолутистички режим и капиталистичкото уредување, националниот проблем во бившата Руска империја беше една вистинска предрасуда која го разјадуваше целиот политички и општествен живот, сега по големата Октомвриска револуција, националното прашање беше разрешено на еден идеален начин и наместо старите борби и заемни кавги и истребувања, сите народи и националности живеат како вистински браќа и со сите сили се впрегнати во државната и стопанска – социјалистичка изградба и ако има соперништво тоа е веќе во поглед на трудот и културата. Така, назад останатите народи и националности од различно расно, верско и национално потекло можат побрзо и полесно да се развиваат во нивното разнообразно и специфично народно битие, народни обичаи и други особености во карактерот на секоја посебна националност. Уште повеќе, како на сосема заостанати во стопански, економски и културен однос народи и националности, за нивно олеснување, со помош и поддршка на централната власт беше создадена, а кај некои дури преработена и посебна писменост, различни азбуки, само и само побрзо да се просветуваат и образоваат за да ги достигнат понапредните од нив во стопански и културен однос народи и националности. Вистински општ напредок, општо возобновување и спасу-

вање од старото национално ропство и економско-социјално угнетување, ниту трага од какви било и да се денационализаторски и асимилаторски потфати, а наместо камшик, куршум, затвори, робија и други севозможни физички и морални измачувања, општа радост и веселба, општи напори не само за самоопределување и самозаштита, туку и големи грижи, напори и подготвеност за секакви жртви за зачувување на опширните граници на заедничкиот Сојуз, на речиси повеќе од 24 илјади километри!

Во Москва, покрај многубројните делегации дојдени од сите страни на светот и големата оптовареност со тековна работа на повеќето како официјални, така и неофицијални претставници – општественици, државници, научници, публицисти – ние имавме можност неколку пати да се сретнеме и со некои руски револуционери, кои беа со големо практично искуство и со уште поголеми револуционерни концепции. Главна тема на разговорите ни беше Балканот и тоа од национална гледна точка. Неколку народи и уште толку разни, измешани националности, со различно расно и верско потекло, со различни национални култури, различни обичаи и карактери, а притоа исполнети со стари предрасуди, што уште повеќе го засилуваа и заоструваа националниот и класен антагонизам помеѓу нив. Соперништва меѓу малите балкански и големите западноевропски империјалистички држави, севозможни национални, класни, групни и лични интереси, расен, национален и верски антагонизам – сето тоа претставуваше таква пречка за секаква работа, што просто човек се замајува и вчудовидува кога ќе почне да мисли и размислува од каде и како да почне за правилно да се ориентира во тој лавиринт од национални, класни и политички ситуации и факти, за кои не можеше да не се води сметка и требаше да се земат предвид, пред да се пристапи кон каква и да е конкретна, практична работа. Колку и да беа сложени и тешки прашањата, што се ставаа на разгледување, толку во нас се зацврстуваше убедувањето, дека поради краткото време со кое ние располагавме, а особено нашите соговорници од кои повеќето беа ангажирани во тековните државни и општествени одговорни работи, а најмногу, можеби, поради недоволното познавање на условите на Балканот и фактичката ситуација во моментот, некои од поставените прашања, можеби, ќе поминеа бегло, површно и така повторно фактички ќе останевме со истите размислувања, па дури и сомневања во исправноста на нашата претходно изработена програма за идната работа на Балканот, а следствено и во Македонија. Меѓутоа, нашата зачуденост и изненадување беа навистина големи кога уште при

првите дискусии видовме дека нашите соговорници беа опширно и правилно запознаени со сите неопходни детали, што се однесуваат до ситуацијата на Балканот и самата Македонија, колку и какви ситници од минатото, па и од сегашноста знаеја нашите соговорници, кои испитувачки и внимателно нè гледаа и како да ни ги читаа мислите, што во тој момент ни поминуваа низ нашите умови. Беа крајно внимателни и многу учтиви и покрај нивната висока општествена положба и покрај нивната голема култура и уште поголеми политички и револуционерни концепции. Спокојно и ладнокрвно нè ислушаа и нè распрашуваа за да добијат информации и сознанија и за нашиот светоглед, па дури и да ги запознаат нашите лични квалитети и особености. Потоа, самите тие го прецизираа поставувањето и формулирањето на прашањата, што остануваа за разгледување и разрешување. Меѓу првите прашања беше што ќе биде нашата идна задача, односно дали ние ќе се занимаваме со прашања од класен карактер т.е. и со комунистичка пропаганда и дејност или, пак, само со националниот проблем, така како што тој се поставува на Балканот и посебно во Македонија. Воопшто, сакавме да знаеме и да научиме од најкомпетентните лица колку и во што нашата работа има заедничко со класните организации и какви ќе треба да бидат нашите односи со комунистичките големи и мали активисти на Балканот. Одговорот на тоа прашање беше дека самите тие по убедување се комунисти – болшевици, и дека секој вистински и совесен комунист, без разлика на народноста и потеклото, е нивни другар, соборец и брат по чувствата и размислувањата. Но, тоа не значи дека со секој задолжително треба да се стапи во личен контакт и да се стекне пријателство. Има наши, идејни, партиски другари со кои ние дури лично не се ни среќаваме и не комуницираме поради редица причини, што се од личен или, пак, од идеен карактер. Меѓутоа, кога треба и ќе ни се наложи да соработуваме и да работиме заедно по одредено прашање, ние целосно се разбираме и извонредно се согласуваме околу сите прашања што ги решаваме или околу практичните мерки, кои се преземаат или се планираат да се преземат. Така што и со вас е истото – за нас нема разлика меѓу вашите комунисти и некомунистите. Сите вие сте ни толку мили и блиски, како и сите наши останати истомисленици, соработници, борци, револуционери за национално и економско – социјално ослободување. Без разлика, сите ние одиме и работиме, се бориме во името на едни заеднички за сите нас идеи и во тој поглед има начини за дејствување, откако секому ќе му се определи местото и улогата, што ќе треба да ги исполнува. Секој и секогаш не

може да биде херој, но секој, секаде и секогаш може и треба да биде на својот пост и да ги заштитува и брани идеите и гледиштата, што не си противречат едни на други, туку заемно се согласуваат. Ние комунистите, насекаде и секогаш сме ги поддржувале, ги поддржуваме и ќе ги поддржуваме сите револуционерни движења, чијашто цел е да се борат против воспоставениот политички и општествен ред или најмалку, да се борат за поголема демократија и слобода во управувањето на дадена држава. Единствено, ние не поддржуваме и не сакаме никаде и никогаш, тие демократски и национални революционерни движења, преку своите соодветни организации, групи и лица во дадена држава, во даден момент, да се спротивставаат на интересите на работниците и селаните. Тие и слични на нив лица, групи или какви било организации, ние ги именувавме како реакционери, контрареволуционери и се бориме и ќе се бориме со сите средства и можности таму каде, кога и доколку тие се појавуваат во општествениот и политичкиот живот на секој народ, во секоја држава или нација. Тоа е еден единствен услов – conditio sine qua non[104] – што го поставуваме и ќе го поставуваме во нашата здружена, заедничка работа не само во Европа, туку и во целиот свет каде што насекаде и секогаш ги заштитуваме сите економски онеправдани, експлоатирани маси и национално поробени, угнетени, колонијални и полуколонијални народи и националности. Ние навистина немаме никакви освојувачки, денационализаторски или асимилаторски намери, зашто тоа е спротивно на нашите идејно – организациони и државни интереси. Но истовремено, за нас не е бесзначајно, во која земја, кои лица и организации ја спречуваат борбата на работниците и селаните за нивното конечно вистинско економско и национално ослободување или, пак, поради неискуство и непросветеност се во услуга и се користени од други локални фактори, кои ги следат само своите државни, класни, групни или лични интереси. Вие сте национални борци, кои го сакаат скорешното национално ослободување на вашиот народ. Добро, во тој случај ние сме едно, бидејќи вие се јавувате како наши природни сојузници, дури и помошници во заедничката борба. И толку колку што вие, преку вашата национално-ослободителна револуционерна борба, ќе придонесете за слободата и независноста на вашиот народ, толку ќе бидете и наши драгоцени соработници во општата борба за леб и слобода. Така што и нашето пријателство, нашата заедничка соработка не се должи на егоистични

[104] „Услов без кој не се може“ (лат.).

интереси за да ве искористиме за што било, туку чисто и едноставно таа е во интерес на народите и националностите, за кои и вие и ние заеднички се бориме, но по различни патишта, што водат кон една и иста, општа, конечна, крајна цел – социјалното, а следствено и националното ослободување на народите, чиишто интереси ги заштитуваме и за чиишто синови според правото и потеклото се сметаме. Ете зошто вие би го измениле вашиот пат, вашите идеи и вашата крајна цел, ако во вашата функција на национал – револуционери, започнете да се занимавате и со класна работа, односно започнете да го пропагирате и да го распространувате комунизмот, нешто што е работа на други лица и организации кои, исто така, постојат и на Балканот. Таму има бугарска, југословенска, романска, грчка и други комунистички партии и организации, чија задача е да се занимаваат со ширењето на комунистичкото учење и да се борат според времето и околностите, како и според локалните услови во секоја посебна држава и ако вие се зафатите со слична задача, покрај тоа што нема да бидете корисни, туку можеби ќе бидете и штетни за општата кауза. Се разбира, тоа ние не можеме да го одобриме, а уште помалку да го поддржуваме и поткрепуваме. Тоа би значело дека ние не знаеме што правиме или дека помагаме една Сизифова работа, односно тоа што сме го изградиле претпладне да го уриваме попладне и на тој начин да се вртиме во еден магичен круг од кој ниту ние ниту, пак, вие никогаш не би можеле да излеземе. Никаква класна работа, никаков комунизам не сакаме од вас, туку само револуционерна дејност на национална почва вие сте и ќе си останете национал-революционери, а не социјал-революционери! Нашата заинтересираност за борбите за национално ослободување е толкава колку што тие борби се приклучуваат кон заедничката борба против империјализмот на заинтересираните држави и ривалствата на малите балкански држави против кои и социјално-револуционерните организации се борат за економското и социјалното ослободување на селаните и работниците. Ништо повеќе од тоа. Патиштата се одредени, тие се паралелни без да се поврзуваат. Следствено, и вашата работа, како што ви е познато, е строго определена, јасно зацртана и не останува друго освен и натаму да продолжите со неа во духот и словото на вашата програма, што ни е добро позната, бидејќи и ние го следиме чекор по чекор секое посебно национално-револуционерно движење и на Балканот и со оглед на неговата правилна револуционерна линија го поддржуваме и ќе го поддржуваме и во иднина, без оглед на тоа какви се дејците во него, дали според убедувањето се комунисти или

не се такви. За нас тоа е бесзначајно, зашто и едните и другите ни се подеднакво мили и симпатични. А, што се однесува до вашите разлики не во принципите, туку чисто тактичните, за начинот на водење на борбата и на организациите, ние од наша страна и од тука не можеме да заземеме страна, туку единствената спасоносна мерка за да излезете од вашите несогласувања, недоразбирања или дури и разлики е да се потчините на гласот на мнозинството во вашата заедничка организација, што најдобро и најлесно ќе може да се постигне со свикување на еден конгрес и таму, на него, да се види волјата и желбата на мнозинството од членовите на Организацијата. На тие што ќе го добијат, што ќе го стекнат мнозинството на конгресот, сите останати, без разлика какви се, кои се и каде и да се наоѓаат ќе треба да им се потчинат. Ние како досега, така и во иднина ќе ги поддржуваме оние кои ќе го добијат мнозинството, било тие да се комунисти-партијци или непартиски националисти. Ете околу што треба да се ангажирате и за едно релативно кратко време подгответе терен за свикување на еден редовен конгрес, преку кој единствено ќе можете да излезете од таа ограничена и тешка, како што велите, ситуација во која моментно се наоѓате. Тоа е единствениот совет, што можеме да ви го дадеме. Никаков друг излез нема и не може да има...

Јас дотогаш имав пропатувано низ многу земји во Европа, Мала Азија и Африка, меѓутоа впечатоците што ги стекнав од Москва беа големи. Москва, како стар град, со своите многубројни цркви, стари зданија и други архитектонски градби, улици, плоштади и др., останати уште од царскиот режим, не ми оставија посебен впечаток. Во однос на архитектурата, такви градови и улици бев видел и во Европа и во Азија, но тоа што посебно го забележав беа руските носии и големиот, дотогаш никаде невиден голем, сув студ, како и дебелиот ситен снег на кој гледав мали деца, добро облечени, во чизми и сите во галошки, како играат, онака како што малите деца кај нас летно време играат во песок. Лицата и усните, пак, им беа зацрвенети како жар, а тие беа весели и радосни. Возрасните, што ги гледав по улиците, театрите, магазините и институциите, беа скромно, сиромашно, но чисто облечени, загрижени и мошне љубезни, а повеќето насекаде носеа или читаа разни книги. Од сите магазини и продавници, во книжарниците постојано имаше мешаница и речиси во секоја требаше да се чека ред за да можеш да си купиш некоја книга или да добиеш некоја информација. Кафеани и ресторани, како и во Европа и во источните земји, немаше и првите денови се прашував каде луѓето го минуваат времето и каде се хранат во еден

таков град, со над два милиони жители. Улиците беа исти какви што биле и во време на царскиот режим. По продавниците имаше фирми и натписи како и во сите градови во Европа, само што кооперациите беа побројни и уште тогаш им оставаа впечаток на минувачите со својата големина, чистотата и редот во нив. Уште тогаш во сила беше НЕП-от, а имаше и приватни трговци со колонијална стока, сувомесни производи, овошје, текстил, шапкари, кожари и др. Многу од улиците сѐ уште ги носеа старите имиња „Тверскаја", „Сретенка", „Театралниј булевар" итн. Црквите во скоро сите квартови беа исти како и во минатото, секогаш отворени за посетителите, но ми остави впечаток дека дури и во празнични денови, како на пример, на Св. Никола, тие беа речиси празни и во нив на молитва или на службата имаше исклучиво стари жени и мажи. Чаршијата, продавниците, булеварите на прв поглед ми изгледаа исто какви што имав видено во многу градови во Европа. По витрините и излозите немаше изложено богати и скапи предмети или украси, но имаше убави шапки, свилени или ленени платна, облека, чизми и др. Меѓутоа, на сите улици и поголеми булевари имаше со големи букви испишани цели ленти со натписи, со кои се рекламираа кооперациите, а на еден-два ќоша во големите продавници имаше и ваква парола „Трговец – тоа е крадец". Кремљ, во кој се наоѓаа државните институции, ист како и во минатото – цркви, музеи, палати, а над некои од повисоките зданија – кули, се забележуваше амблемот со двоглавиот орел... Кога го прашав еден мој пријател болшевик, зошто сѐ уште се користат старите имиња на улиците, зошто дури и над Кремљ стои амблемот со двоглавиот орел, тој флегматично ми одговори дека тоа се ситни, безначајни работи, на кои засега не се обрнува дури ни внимание. Новото, советското, социјалистичкото е на друго место и вие треба да имате очи за да го видите новото, оригиналното, што е создадено и се создава во Москва, Ленинград, Киев, Одеса и во целиот СССР. Кај нас, му одговорив, реформаторите се одликуваат со тоа што најпрво, пред сѐ друго, ги менуваат имињата на улиците и плоштадите. Никој не прашува какви новини има во производството, во училиштата, во фабриките, во театрите, во социјалните институции или во добротворните друштва... Кога главата е празна, таа стрчи високо и бара глетки и забава, а кога таа е полна и зрела како житен клас, таа е наведната, концентрирана и надвисната, исто како што житниот клас е тежок и наведнат, но богат со зрна, житни зрна, и стои скромен, наведнат кон мајката земја. А не стрчи како колец или тојага и не се лула ту на лево ту на десно, туку стои сосредоточен за да го даде својот плод,

што е предодреден утре да биде наша насушна, секојдневна храна. По улиците и институциите ја немаше полицијата, таа во униформа, како што ја има кај нас. Тук-таму по плоштадите и булеварите имаше милиционери без пушки, кои го регулираа движењето и внимаваа на редот и мирот. И јас се чудев како се одржува редот и тишината и со ништо не можев да си објаснам сѐ додека една вечер, кога излегував од еден театар, еден млад господин, забележливо пијан и со подуени очи, не почна да го крева гласот и да го привлекува вниманието на минувачите. Тогаш видов дека му се доближи еден милиционер, му кажа нешто, а тој млад човек сѐ уште продолжуваше да вика и да крева врева, па милиционерот свирна со свирчето и почна да го влече. Веднаш неколку минувачи му помогнаа и тој успеа да го совлада и запре младиот човек, кого потоа го предаде на друго лице за да го однесе, веројатно, во најблискиот участок...

Првите денови по улиците гледав војници и офицери, добро облечени и нахранети, здрави, весели и бодри, и јас на секој начин се обидував да стапам во разговор за да ги потпрашам нешто, но не најдов тема. А тие скромно, но гордо се шетаа и се движеа без да парадираат со своите униформи, љубезни и внимателни спрема сите. Јас, пак, сакав одеднаш сѐ да научам, да знам сѐ што ме интересираше, иако познато беше дека брзам, многу брзав и не знаев од каде и како да почнам за да научам нешто суштествено за новото уредување и новото советско управување, а, пак, за културните и други постигнувања не можеше ни збор да стане – за мене првично сѐ беше „terra incognita“![105] Одам, се движам по улиците и продавниците и ништо не можам да научам. Незапознат ниту со географијата, ниту со економијата, ниту со културата, па дури незнаејќи го добро ниту јазикот, а уште помалку карактерот, обичаите, битието на рускиот живот во градот, уште повеќе во селото, јас се движев како вистински автомат, сметајќи дека со моите надворешни и површни набљудувања ќе научам нешто суштествено и дека ќе можам да направам разлика или споредба со животот и поредокот кај нас. Колку само сум се лажел!? Суштинското, новото се криеше од моите очи и останував само со моите илузии и самозалажувања сѐ додека подоцна, и тоа со помош на други познати и пријатели, не посетивме една-две фабрики и ги видовме и се запознавме со условите за работа на работниците, работното време, изработувањето на предметите, нивното складирање, калкулирање и определување на продажната цена, платите на работниците и на

[105] „Непозната земја“ (лат.).

останатиот персонал, а потоа посетивме неколку детски градинки и го видовме нивното уредување... Бевме и во еден од затворите и се запознавме со условите, животот, поредокот и режимот во него, посетивме и една од касарните, добро ја разгледавме, разговаравме со некои од војниците и офицерите итн. Дури тогаш можев да сфатам и разберам дека навистина сме во една нова земја, со нов поредок во животот и управувањето и дека се создаваат нови услови на трудот, нови сфаќања, нови разбирања, еден нов свет во зародиш.*

Од Москва и Ленинград стекнав многу впечатоци и од моите набљудувања имав веќе една општа претстава за животот во градот, но каков беше животот на село, апсолутно ништо не знаев. Суровата и лута зима, па и обиколките и забавите во Москва спречија многумина од нас да посетиме некои села и да се запознаеме, макар и површно со животот на село. А, пак, токму во тоа време се бараше и се поставуваше за разрешување и прашањето за изедначувањето на селото со градот. Навистина, имаше совхози и колхози, но преовладуваа приватните владетели на обработливата земја и постепено кулаците се зголемуваа и се засилуваа со повеќе земјоделски инвентар и со поголеми парцели земја. Се поставуваше прашањето за односот на селото спрема градот, а со тоа и прашањето за колективизацијата. Планот за првата петолетка беше речиси изработен, останувaше да почне неговата примена. Истовремено со прашањето за првата петолетка, во печатот и на јавните собири и дебати се поставуваше и прашањето за колективизацијата. Во печатот, на собирите, по

* Така, на пример, кога случајно стапив во разговор со еден судија-работник и го прашав дали има многу престапи за кражби, ранувања или убиства, тој ми одговори дека има, но не толку како пред револуцијата. А, какви се сега казните за слични престапи – го запрашав. Зависи од лицето и самото извршено дејание, зашто кај нас, сега, законот не е фетиш. Според лицето, според условите во кои растело и живеело тоа и другите негови наследени квалитети ја одредуваме и казната. За нас поголемо значење имаат социјалните услови, наследените квалитети, индивидуалните особености на осомничениот и според тоа се определува и казната, кај нас, повтори тој, законот не е фетиш... Но, како знаете и можете да пресудите кога немате посебно правно образование? Но, можеме! Дојдете, посетете некој од нашите судови, запознајте се со неговото уредување и функционирање и ќе се убедите дека и лица без правно образование во извесни случаи и времиња можат да ја делат правдата... Па, и кај вас има такви судии-поротници, нели? Да, одговорив, само што судиите кај нас се поставени во едни поограничени рамки, а исто сме и послободни, па следствено имаме и поголема иницијатива...

клубовите се држеа долги, содржајни говори, а барањата, споровите и дискусиите се водеа насекаде, па дури и по улиците и приватните домови. Кога слушав едни од говорниците, кои беа за задолжителна колективизација и за оневозможување на секакво кулаштво, што се сфаќаше како зародиш на нов капитализам на селото, и други, кои важеа за опозиционери на самата влада, си велев ако се точни сите статистички и други податоци, што се изнесуваа од ораторите, и од едните и од другите, како ли можат да бидат истовремено во право. Но, сепак, не можев да разберам кои шират демагогија или водат политика, а кои се вистинските и објективни набљудувачи на создадената ситуација. Долго, многу долго се прашував и сакав да ја дознаам вистината, меѓутоа без да ја познавам општата економија на огромната држава, без да се знае историјата на руската Комунистичка партија (болшевици) и без еден подолг престој во СССР, невозможно беше да се донесат поточни заклучоци. Воопшто, јас останав со многубројни и разновидни импресиии за кои не е тука место да се говори, но ќе изнесам по неколку збора за тоа од што извлеков силни впечатоци, кои долго време, можеби засекогаш ќе ми останат во мислите и тоа така свежи, силни, жестоки и сликовити според отвореноста, идејата и размислувањето.

Во предвечерието на празникот на Октомвриската револуција, вечерта на 6 спроти 7 ноември, во „Бољшој театарот“ во Москва се организираше една гала-претстава на која присуствуваа водечките советски дејци, официјални и неофицијални граѓански лица, сите државници, општественици, воени команданти, публицисти, новинари и др. На сцената, седнати пред една долга маса, беа наредени сите комесари на чело со Калинин, Риков, Сталин, Ворошилов, Лунатарски, Буџони, Лозовски, Томски и други, а меѓу последните двајца рударски работници... Театарот беше буквално преполн со публика, меѓу која бевме и ние гостите од Европа, Америка и Африка. Во еден момент електричните ламби ја ослабнаа малку својата светлина и на сцената, над главите на сите седнати на долгата маса и околу нив, се покажа една топка, што ја симболизираше Земјата, силно осветлена во половината, што ја зафаќа СССР, а од далеку сонцето што изгреваше ја опфаќаше втората половина. Со тоа релјефно и многу артистично се претставуваше како болшевизмот опфатил еден голем дел и како постепено опфаќа и ќе го опфати и останатиот дел од целата земјина топка. Глетката беше величествена и сликовито се претставуваше актуелниот советски од на болшевизмот, кој порано или подоцна ќе го зафати целиот свет, а во тој момент прожектори од лево и од десно и бенгалски огнови ги фрлаа своите разнобојни зраци

и ги осветлуваа лицата и фигурите на сите кои беа на сцената, што во мало ја претставуваше и светската сцена на која седеа навистина уште тогаш познатите во светот – Сталин, Калинин, Риков, Чичерин, Бухарин, Ворошилов, Буѓони и многу други советски државници, општественици, писатели, публицисти, новинари и други дејци.

Сликата брзо се смени и почнаа говорите. Општи, долги ракоплескања и одобрувања, бурни аплаузи, општ ентузијазам. Ложите и редовите во партерот преполни со одбрана публика, а од очите на мнозина течат солзи... Плачат од радост и задоволство. Таа жива слика засекогаш ќе ми остане во сеќавање. Навистина уште тогаш си велев дека тоа е сепак пропаганда, но објективно гледано, во таа слика имаше и нешто вистинско, реално – светот врвеше и не можеше да не врви кон советизација, кон болшевизам, кон една нова иднина, што ние реално ја гледавме пред нас во СССР – првата заедничка татковина на сите работници и селани од целиот свет и единствена крепост за заштита, покровителство и прибежиште на сите национално потиснати народи и националности!

На првиот ден од општонародниот празник се одржа голема воена парада и работничка манифестација на историскиот Црвен плоштад, пред мавзолејот на големиот Ленин, а на неколку чекори до него гробовите на херојски загинатите работници во првите денови на Револуцијата... Сите највидни советски државници, општественици и револуционери се крај гробот на Ленин, околу нив на три посебни трибини со целиот дипломатски кор и нивните воени аташеа, а војската – пешадија, коњицата, руската козачка коњица на чело со Буѓони, артилерија, тенкови и др. – во построени долги редици маршираат и заминуваат, а како врв на сѐ на небото летаат мали авиониц, внесувајќи восхит. Со парадата, пред Калинин како државен водач, командуваше Ворошилов. А потоа, повторно во построени редици од по осум, па дури и по 16 души, со музика, песни и извици ура, ура минуваа организираните работници, носејќи илјадници знамиња, плакати со натписи и слики и сите весело и радосно маршираат и отпоздравуваат на поздравите, некои од нив испратени и кон Сталин, Риков, Г. Димитров и други видни општественици и државници на Советскиот Сојуз, собрани тој ден заедно во Москва, пред Кремљ, на Црвениот плоштад, пред мавзолејот на Ленин, кој лежеше починат во специјален ковчег, но жив во мислите и душите на милиони човечки маси – работници и селани како во СССР, така и во целиот свет. Никогаш немав видено толку масовна, повеќеилјадна и добро организирана работничка манифестација како на тој празничен ден, кога од осум часот изутрината, па до седум часот вечерта на Црвениот

плоштад пред мавзолејот на Ленин минаа повеќе од еден милион луѓе, мажи, жени и деца. Комсомолците, особено пионерите, сите со црвени ленти и марами, беа предмет на особени овации. Иднината е нивна, па тие се радуваа и веселеа најмногу од сите. Велеа, среќни потомци на славни и херојски татковци и дедовци. Пеат, играат, се веселат и имаат зошто. Утрешниот ден им припаѓа ним и тие се подготвуваат да го пречекаат и да бидат вистински потомци на своите татковци, на своите претходници од кои многу веќе не се меѓу живите – изумреле по затворите, на заточение во Собир, во борбите за време на Револуцијата и странската интервенција или за време на граѓанската војна...

По празникот почнаа и заседанијата на конгресот на пријателите на Советскиот Сојуз. Конгресот беше отворен и се одржуваше во просториите на „Профсојузов" – едно огромно, богато украсено и опремено здание – бившото „Дворјанское Собрание" – нешто како клуб на дворјаните во времето на царскиот режим. Присуствуваа повеќе од илјада делегати, а салата во која се одржуваа заседанијата собираше повеќе од две-три илјади души. Најпрвин се избра Президиум од највидните лица меѓу делегатите и почнаа говорите. Говореа Риков, Бухарин и други советски општественици, како и претставници на разните делегации. Општи ракоплескања, одобрувања и овации, па и музика ечеа во огромната сала, а бенгалски огнови од прожектори ја осветлуваа како бината каде што беше Президиумот, така и останатите присутни делегати и гости. Во период од неколку дена на бината се појавија речиси сите советски државници, општественици и некои воени лица, како Ворошилов, Буѓони, Семенев и други. Само Чичерини и Сталин не дојдоа. А, меѓу учесниците на конгресот беа Анри Барбис, Зденек Недли, Бартошек, П. Истрати и други европски, американски, па дури и индиски, кинески и монголски претставници, светски познати личности. За време на конгресот беа изведени и музички нумери, со руски и украински народни песни и игри, а учествуваа избрани и добро подготвени лица, артисти, сите работници и селани. Во еден момент самиот Ворошилов подели 4-5 високи ордени и тој лично на еден-двајца им ги закачи на градите, при интонирањето на Интернационалата. Сликата беше величествена, особено во моментот кога неколку медали наместо на заслужните лица, затворени по затворите во Германија и Кина, им беа предадени на претставниците на соодветните делегации, со задолжение тие да им бидат дадени на вистинските носители... Повторно извици, солзи, овациии: да живеат, да живее Советскиот Сојуз, да живее Револуцијата... Музиката ја свири Интернационалата, малку се

стишува и повторно се слуша паролата „Работници од сите земји, обединете се”! Конгресот заврши и ние поделени на групи почнавме да ги посетуваме музеите, институциите, некои фабрики и заводи, воопшто сè што сакавме да видиме и да научиме за животот и поредокот и управувањето во Советскиот Сојуз. Во групи, некои пеш, други со автомобили и камиони како пчели се распрснавме низ градот за да ги разгледуваме историските објекти, институциите, фабриките. Ни се пружи можност да го посетиме и Кремљ и да разгледаме некои од палатите, а, исто така, и музеите, кои беа преполни со стари предмети, разни стари оружја, скапоцени предмети од кои некои и златни, а други украсени со дијаманти и други скапоцености. Видовме и се убедивме дека сите скапоцености, златото и други експонати не биле разграбани и продадени од болшевиците, туку обратно, најгрижливо собрани, подредени и зачувани. Во една витрина, со дебело, чисто кристално стакло имаше и една табакера, со многу скапоцени камења, рубини, дијаманти, а на средината на нејзиниот капак и портрет, ликот на императорот Николај Втори. Чиниш, жив нацртан и нè гледа преку стаклото, подготвен да проговори – толку живо беше изработен неговиот лик, а околу него наредени скапоцени камења. Сè што се раскажуваше во Европа во тој поглед излезе гола лага и измислици. Падна и таа илузија, толку грижливо ширена во Европа, дека сè што е вредно, скапоцено по музеите било разграбано, продадено, изнесено. Всушност, беше обратно – во музеите имаше повеќе предмети и скапоцености отколку што во нив имало за време на царскиот режим. Тоа беше вистината! (Да се вметне за Музејот на Револуцијата)...

Не можам да не споменам нешто и за театрите и за кината, што постоеја. Секоја вечер нам, гостите ни се даваа по неколку бесплатни билети за театрите и за кината. Билети за „Бољшој театар“, за „Художественij театар“ и за кината. Во театрите, освен во „Бољшој театар“, се прикажуваа посебни претстави од битов и историски карактер, а во кината сите филмови беа со научна, пропагандна содржина. Секогаш се држеа лекции по општествено знаење, по природа, медицина и историја. Истото беше и во театрите, освен во „Бољшој“, каде се прикажуваа класични пиеси: Фауст, Травијата, Ромео и Јулија и други, дела на западноевропски и руски писатели, поети и композитори. И театрите и кината беа вистински училишта за мали и големи. Секакви фантастични пиеси со љубовни или криминални содржини беа исклучени и никаде не видовме, туку само сцени и слики со научно или историско значење. Живот и историја – тоа се главните сижеа на сите претстави во театрите и во кината.

Меѓу театрите имаше еден во кој секоја вечер се прикажуваа посебни стории од животот и управувањето на Советскиот Сојуз. Одлични артисти иронизирајќи прикажуваа и исмејуваа некои од новите институции и некои од државниците, раководителите и голем дел од чиновниците и службениците во уредувањето на Советскиот Сојуз. Се исмејуваа општественици, лекари, работници, жени и мажи, кои сè уште не можеа, поради навиките, старите традиции и предрасудите, целосно да се прилагодат на новото уредување и новиот режим. И тоа беше училиште, но за воведување во животот и управувањето на земјата. Училиште во кое имаше смеење, но и многу солзи...

Пред да заминеме од Москва успеавме да издејствуваме да бидеме примени и од Сталин. Ни беше определен денот и часот, во зградата на ВКП (б). Обезбедени со билети за превоз заминавме. Стигнавме во зградата и се качивме на третиот кат. Во една сала чекавме да пристигне другарот Сталин, меѓутоа по долго чекање ни се извинија и нè преместија во друга помала просторија каде нè пречека еден од секретарите на Сталин, д-р Деменштајн, кој откако ни постави неколку прашања, на кратко ни го објасни државното уредување на СССР, правејќи споредба со државното уредување на некои од западнокапиталистичките држави – Франција, Англија и други. Тој знаеше дека ние сите сме Балканци и подетално нè запозна со разрешувањето на националното прашање во СССР. Но, сето тоа што ви го кажав – заклучи тој – не е доволно. Најдобро ќе биде ако вие заминете за Кавказ и таму на дело ќе видите и подобро ќе разберете како е решено националното прашање во СССР. Таму, на Кавказ, има многу народи и националности и сите се меѓусебно испреплетени, исто како и кај вас на Балканот. Ете зошто ќе биде од голема полза ако заминете таму и на самото место да видите како сите тие народи, кои до Револуцијата беа меѓусебни непријатели, сега живеат и работат како браќа итн. Уште на самиот почеток ни рече дека другарот Сталин моментно бил многу зафатен – токму тогаш се подготвуваше отворањето на 15-от Конгрес на ВКП(б) – и, за жал, ми соопшти дека не ќе може да ве види и прими.

Наредниот ден, повторно со посебни пропусници можевме да одиме во Кремљ и таму да присуствуваме на отворањето на 15-от Конгрес на ВКП(б). Конгресот заседаваше во една огромна сала, во која само како делегати имаше повеќе од илјада души, сите проверени партијци болшевици. Во тоа време веќе се беше јавила опозицијата на чело со Троцки и Зиновјев и тие, како и нивните истомисленици и соработници како Каменев, Преображенски, Кр. Раковски и други, не се појавуваа на официјалните места и на собирите, туку со своите

говори во Москва, Ленинград, Харков и на други места го предзикуваа општественото мнение. Конгресот го отвори Сталин, кој го одржа и својот програмски говор и откако во кратки црти објасни сè што дотогаш се случило, јасно и категорично изјави дека опозицијата и идејно и организационо е на погрешен пат и оти е разбиена. Не останува ништо друго, освен да се следи генералната линија – ниту многу на лево ниту на десно. Со својот говор тој му даде тон и правец на Конгресот и дискусиите почнаа. Ние од далеку, во една од галериите, го следевме заседанието и со свои очи ги гледавме речиси сите учесници-делегати, и стари и млади, сите проверени партијци-болшевици, повеќето здрави, крупни мажи, како со насочени погледи и со максимално внимание слушаат и набљудуваат. Таму видовме еден величествен парламент – умот и волјата на болшевичката партија. Тој ден беше ден на победата над опозицијата, ден на Сталин како прв секретар и вожд на партијата.

Можевме да застанеме во ред и да го посетиме и самиот мавзолеј каде е изложено телото на Ленин. Поставено во стаклен саркофаг, тој лежи како да спие, само очите му се затворени. Во четирите агли стојат на стража црвеноармејци, а ние посетителите влегуваме од една врата и откако ќе ја поминеме просторијата во која е поставен саркофагот со останките на големиот покојник, излегуваме од друга врата повторно на плоштадот, на Црвениот плоштад, непосредно до самите надворешни ѕидини на Кремљ. Со тоа се збогувавме и со СССР и наредната вечер, наместо на исток, кон Кавказ, како што нè посоветува другарот Деменштајн, ние фативме воз за Минск, Рига и Ковко, а од таму преку полскиот коридор за Берлин. Кога стигнавме на станицата во Берлин паѓаше снег, беше кон крајот на декември, и уште при влегувањето во градот почувствувавме студ, кој како да беше поголем од тој во Москва. И по улиците, и по кафеаните, и по богато уредените ресторани, насекаде барем првите часови и денови по нашето пристигнување, ни се гледаше и силно чувствуваше класната разлика... Мене лично ми се стори како да бев во некоја бања и како одеднаш да сум излегол од неа, па почувствував страшен студ. Таков ми беше првиот впечаток по пристигнувањето во големиот, бучен и толку многуилјаден Берлин!

И така, од СССР се вративме со многу убави, незаборавни впечатоци, а за спомен и за подароци не најдовме ниту штофови ниту луксузни предмети или украси, туку само книги со различна содржина. Ние и не толку, но членовите на останатите делегации, како лица кои живеат во слободни, со поголеми демократски слободи држави, земаа и ги наполнија своите куфери со книги и илустрации.

Според мои проценки, сите делегати изнесоа 2-3 вагони полни со книги од областа на земјоделието, инженерството, машинството, за социјални и политички прашања, воопшто од сите области од науката и општеството и социјалниот живот. Тоа беше што можевме да најдеме во изобилство, да земеме за наш спомен и за спомен на блиските околу нас. Секоја земја си има свои особености, каде свила, каде кожа, каде парфеми и други производи, а во Советскиот Сојуз во тоа време најизобилни беа книгите, главно руска, болшевичка литература. Таму навистина се создаваше и една нова култура, а книгите и брошурите беа прв знак, првите основни чекори во градењето на тој, во секој поглед нов човечки ум! И подоцна, многу подоцна од тогаш, кога имав можности да разговарам со некои мои познати сонародници и со нив да споделам некои лични размислувања и спомени од Советскиот Сојуз, кога на мнозина им раскажував за новото во таа огромна земја, повеќето остануваа со впечаток, а некои и со убедување дека јас сум станал едвај ли не болшевик. Незапознати со ништо, тие сметаа и мислеа дека болшевизмот е нешто како нова облека, што секој момент можеш да ја смениш и да се претставиш како преобразен, нов човек. Колку наивни и, ќе кажам, прости ми се гледаа, а јас им возвраќав со смеење. А, всушност, колку време, труд, колку напори требаат додека се сфати, разбере и усвои болшевизмот, зашто тој веќе не беше само еден нов светоглед, туку – религија, која во споредба со минатото и сите останати учења и религии многу побрзо и поефикасно се шири, опфаќа сè повеќе и повеќе нови и нови маси и народи, и сè повеќе станува една реална општествена сила која беше опфатила, опфаќа и ќе опфаќа уште милиони економски, социјално онеправдани и угнетени маси, како и толку многу угнетени и онеправдани народи и националности во целиот свет.

* * *

По релативно краткиот наш престој во Москва и по завршувањето на нашите средби, разговори и дискусии, ние охрабрени, ободрени и веќе со јасно определена задача, а уште поточно со зацртан пат, се разделивме задоволни, бодри и весели за да се вратиме назад и да продолжиме со нашата работа, откако непосредно се уверивме колкава безгранична помош и поткрепа имавме и можеме и во иднина да имаме во преземеното дело поставено на такви здрави идејни и принципиелни основи.

Пред да настапи новата 1929 г. ние веќе бевме по своите места и уште во почетокот на годината се зафативме да го подготвиме

свикувањето на претстојниот конгрес на ВМРО (Обединета), што не можеше да се одржи на друго место, освен повторно во некоја од подемократските држави во западна Европа за да се избегнат сите непријатности и ризици од евентуална провала. Прва задача ни беше да се најдат и уште претходно да се обезбедат неопходните парични средства, со цел како самиот ЦК, така и обласните комитети како највисоки органи во Организацијата да не наидат на пречки во сè што се однесува до подготовките и изборот на лицата, кои требаше да присуствуваат на конгресот. Односно, се остави секој обласен комитет да го одреди бројот на своите делегати, откако избраните ќе бидат претставени пред секоја организација одделно. Никакво мешање од горе, туку полна слобода на дејствување внатре во секоја организација. На обласните комитети им се препорача да се внимава при изборот на лицата, кои ќе бидат определени и избрани за делегати, и притоа им беше нагласено дека делегатите ќе треба добро да се запознати со состојбите во одделните реони и дека дневниот ред ќе биде утврден по свикувањето и конституирањето на конгресот. Така што сè што ја бранува, отвора сомневања или недоразбирања или ги разјадува организациите ќе може отворено, соголено од сите аспекти да биде изнесено на конгресот, кој единствено конечно ќе одлучува по сите принципиелни, организациони и евентуално дури и за лично појавени приватни или групни барања и прашања, што го засегаат македонското национално револуционерно движење и неговите постоечки организации. Притоа, се оставаше колку што е потребно слободно време и слобода за подготвките и изборот на лицата, кои евентуално ќе се појават на конгресот.

За цело време ние во центарот се апстрахиравме од сите странични влијанија како противречни и дури штетни за еден конгрес, чии одлуки требаше да имаат големо значење за натамошниот од на Организацијата, а следствено и за правилниот правец и на самото национално револуционерно движење, кое постепено сè повеќе се развиваше, но сè уште без да биде еден силен идејно-организационен фактор во земјата. За тоа, сепак, требаше подолго време и најглавно соодветен начин на дејствување, приод кон самата работа и од почетните кадри да се создаде една помногубројна, ако не масовна национално револуционерна организација. Уште со добивањето на поканата за свикување на конгресот и подготовка и избор на делегатите, долу меѓу организациите, како и во самиот ЦК се предизвика поголемо интересирање за работата и сите се зафативме колку што може непристрасно, апстрахирајќи се од секакви лични чувства и страсти, да придонесеме за една објективна проценка и правилен избор на

соодветни лица – делегати на долгоочекуваниот конгрес. Времето брзо минуваше, пречките се зголемуваа, но со волја и со трпение постепено се надминуваа, без особени потешкотии. Најпосле, по 6-7 месеци откако беше соопштено дека ќе биде свикан конгресот и делегатите да бидат подготвени за заминување, се известија дека конгресот ќе биде во Австрија и сите да се соберат на дадените адреси и врски во Виена, каде конечно ќе го дознаат местото и датумот на одржувањето на конгресот.

Претходно се одлучи дека на конгресот, согласно уставот, ќе треба да учествуваат како делегати и целиот состав на ЦК, заедно со членовите основачи на ВМРО (Обединета), двајца, вклучени во ЦК како лица, кои можат да претставуваат некои групи и лица што се распрснати по разни држави и поради тоа не можат да учествуваат во внатрешниот организациски живот на ВМРО (Обединета), но се наши идејни истомисленици, а некои соработници во пропагандната работа на Организацијата во западна Европа: Париз, Прага, Брисел, Виена, Грац, македонски младинци – емигранти, студенти или други интелектуалци, двајца претставници на групата наши истомисленици и соработници кои живеат во Цариград, и делегатите што требаше да дојдат од првата и третата револуционерна област, додека за втората револуционерна област се остави да биде претставувана од делегација од едно или две лица, што требаше да бидат одредени кога ќе биде конституиран составот на самиот конгрес. Така, од конгресот се исклучуваа, од разбирливи причини – главно поради далечината – делегатите што можеа да се изберат од С. Америка. Тоа решение се донесе, зашто кореспонденцијата меѓу нас и нашите другари во С. Америка беше лесна и се одвиваше без тешкотии и ризици и дека таму немаше никакви проблеми и сè мазно се одвиваше.

Групите се засилуваа, Организацијата сè повеќе растеше, што, секако, нè радуваше. Во квечерината на конгресот од третата револуционерна област пристигнаа само тројца делегати, а од првата револуционерна област беше соопштено дека ќе пристигнат девет души, кои снабдени со средства и со документи тргнале на пат од Скопје, минале преку Белград и во групи од по двајца-тројца нелегално требало да ја минат југословенско-австриската граница и преку Грац да пристигнат во Виена од каде повторно нелегално сите, преку Пасао, ќе стигнат во Берлин каде можеше да се одржи конгресот. Меѓутоа, којзнае како уште првата група од делегатите на првата револуционерна област при нивниот обид да ја минат нелегално југословенско-австриската граница биле спречени, се вратиле назад во Загреб од каде им се обратиле на другарите во Белград за да не

тргнуваат на пат додека не се подготви нов канал за преминување на австриската граница. Само тие што ќе можат да се снабдат со исправни пасоши, само тие да заминат за Виена, каде ќе ги пречекаат лица кои ќе им кажат во кој правец да продолжат, дали во Австрија или во Германија, за каде, според тогаш постоечките спогодби и конвенции, за југословенски поданици не се бараше никаква виза во пасошите за слободен влез и престој како во Чехословачка, така и во Австрија, Германија, Франција и Белгија.

Во последен момент стигна известување дека другарите, што доаѓаа од првата револуционерна област, не ќе можат во скоро време да ја минат нелегално границата на Југославија и дека тие поделени во три групи престојуваат – првата околу австриската граница без да можат да ја преминат, втората во Загреб, а третата во Белград. Сите останати, што бевме одредени и избрани за делегати се собравме и конгресот требаше веќе да се отвори. Уште првите денови, пред конгресот, се забележа дека меѓу нас има искричења, има непријателство натрупано од порано, најмалку има некои разлики околу тактиката, што требаше да се применува. Сè беше насочено уште претходно да се обезбеди едно мнозинство. Другарите – партијци во ЦК, па и некои од останатите, како нивни соработници, сторија сè што зависеше од нив и со позициите што ги заземаа (секретарот на ЦК беше партиец) да обезбедат едно мнозинство и само под тие услови да учествуваат на конгресот. Но, пред свикувањето на конгресот се поставија две-три претходни прашања, по кои требаше да се заземе став со цел уште на првите заседанија да не дојде до забуна, што можеше лошо да се одрази врз целата работа на конгресот пред тој да ја заврши суштинската работа за која и беше свикан. Стануваше збор, да не се прифати како делегат членот на ЦК, Г. Занков, заради некои негови самоволија и груби нарушувања, несоодветни на уставот и революционерниот морал. Претходно утврдивме дека Г. Занков во иднина треба да остане само како обичен член во Организацијата, откако за неговите самоволија и грешки, од кои некои се должеа на неговиот специфичен карактер, ќе остане „да преврие во комиње". Но, да му се оспорува правото да присуствува на самиот конгрес, ако не за друго, барем да се заштити од обвинувањата, што му се припишуваа, беше неправедност или најмалку нетактичност. Наспроти сите аргументи, со мнозинство гласови се одлучи на Г. Занков да не му се дозволи присуство на конгресот, а ако сака ќе може на писмено да ги даде своите објаснувања, што конгресот ќе ги разгледа крајно внимателно и максимално непристрасно. Тоа беше само и само да се обезбеди сигурност за некои лица, чии имиња не ќе

можеше да се сокријат при дискусиите, а тие лица беа во Југославија, па следствено се наметнуваше да се стори сè што е неопходно за да не се изложат на ризик некои од нашите другари, кои живеат и работат во првата револуционерна област. Ова прашање мина без да внесе нервоза, зашто тешко можеше да се најдат докази во полза на Г. Занков, кој навистина со своите самоволија беше отишол многу далеку... Единствениот аргумент беше правилото дека ќе биде суден и обвинетиот треба лично да присуствува за да одговори на обвинувања во своја заштита. Основен, како и сите други теоретски и демократски принципи, но праксата и реалноста налагаа тој да се заобиколи.

Второто претходно прашање беше самиот конгрес со одлука да го потврди протоколарното решение на ЦК за д-р Ф. Атанасов. Атанасов беше одамна во емиграција и долго време, уште пред создавањето на ВМРО (Обединета), беше соработувал, работел и во многу ситуации ризични по неговиот живот, како и Т. Паница и др., придонел во борбата против ВМРО. Но, последните две-три години се беше раскомотил и почнал да се расфрла со пари поради што, наспроти дотогашното пријателство и дури дружење со Д. Влахов, овој крвно му се беше налутил. Односите им беа толку затегнати, што едноставно не можеа да се трпат. И покрај извинувањето на д-р Ф. Атанасов, непријателството на Д. Влахов беше големо и ненадминливо. Д. Влахов во никој случај и за ништо не сакаше да им се сретнат ниту погледите, а уште помалку меѓусебно да се објаснат или во присуство на свои блиски пријатели и почитувачи. Се одлучи, протоколот (записникот) со кој д-р Ф. Атанасов се прима во Организацијата да се стави на потврдување пред конгресот и на тој начин се отвораше пат во Организацијата да влезат уште неколку души негови блиски другари и наши истомисленици, со доста големи заслуги во борбата против врховизмот и Т. Александров, се разбира, притоа лица со лични квалитети и револуционерно искуство од минатото. Прогонети, наклеветени, изоставени, убедени противници на Т. Александров-Ив. Михајлов, со убедувања како нас, тие стоеја на страна и го чекаа своето место за да можат во случај на потреба и тие со своите скромни сили, како и во минатото, да дадат свој придонес во заедничката борба како против поробувачите на Македонија, така и против нејзините џелати – врховистите од ВМРО на Ив. Михајлов.

Остануваше третото и последно од претходните прашања – што ќе се прави со Д. Влахов т.е. дали и во иднина тој, наспроти сите негови квалитети и заслуги во минатото, можеше и требаше ли да зазема некоја одговорна позиција во врховното раководно тело. Во последните 4-5 години Д. Влахов со голема енергија и ризик беше

дал докази дека е еден од иницијаторите на новата ориентација. Како убеден револуционер, левичар до фанатизам и веќе со јавни комунистички убедувања, во текот на последните години, поради општиот хаос во неговите контакти и односи со лица и средини со најразличен темперамент, тој како вистински пуританец со своите убедувања беше доживеал многу разочарувања, без да се поколеба или да очајува. Но, сето тоа му го беше нарушило здравјето, особено нервите и честопати запаѓаше во таква трескава состојба на духот, што тешко го зачувуваше спокојството. И наместо како прв од првите, како општественик и револуционер постојано да покажува еден патернализам и великодушност спрема околните блиски, кои во секој поглед стоеја подолу од него, тој манифестираше непријателство и злоба, што го правеше или поскоро привидно го прикажуваше како многу одмаздољубив човек, без по душа да беше таков. Емигрантскиот живот, долгите и тешки преговори и толкувања со разни лица од македонска и други средини го беа промениле и направиле непријатен. Тој, доследен на себе си, беше станал толку строг, педантен, чувствителен и се придржуваше на извесни максими и принципи како да беше ја изгубил секоја мерка и ја пренебрегнуваше самата реалност. Тој од сите бараше во секое време да гледа комплетни личности, доследни револуционери, наеднаш да се истакнат со свои идеи, убедувања, навики и обичаи – работи невозможни за нашата груба македонска реалност. Воопшто, со вокабуларот и односот спрема блиските и лицата од неговото опкружување беше станат неподнослив и наместо да привлекува, како да имаше за задача и цел, пред сѐ, да го навреди или деморализира и првиот, кој би се приближил не само до него самиот, туку и до нас, а следствено и до самата Организација. А, тоа беше најстрашно, зашто токму во тој момент ние, па и самата Организација имавме потреба од нови лица за да може веднаш да пламне димот што димеше, зашто огнот сам по себе ќе пламнеше, ќе се зголемеше, макар во него да имаше и сурови дрва... Од егоизам или од претерано пуританство колективната работа му беше омразена и постојано сакаше на дело да ја негира самата реалност. И навистина, ситниците ги здрвуваат луѓето повеќе отколку крупните работи. Д. Влахов, како што реков, ја беше загубил мерката во односот со неговите блиски и тие од неговото опкружување, од кои повеќето, наспроти големата почит и уважување што ги покажуваа спрема него, внатрешно го мразеа. Всушност, што го одвојуваше од д-р Ф. Атанасов? Стари, минати недоразбирања и непријателства, што повеќе се должеа на тогашните привремени незгоди и тешкотии во животот како емигранти, одвоени

од блиските и пријателите и потонати во грижи како да дојдат до некој спасоносен брег и да се ориентираат во тој општ хаос од сфаќања, разбирања и насоки додека да стигнат до еден широк, рамен и правилен пат во нивната борба за слобода, право и праведност за сите во општествените револуционерни борби. Д. Влахов за многу работи беше во право, паметен, со големо житејско искуство, многу трудољубив, начитан и интелигентен, убеден револуционер и левичар со широки општествени врски, итар и голем ум, предвидлив и со големи морални квалитети. Во замена, тој сакаше да биде опкружен од лица, кои макар и со најмал процент ќе одговараат на неговите барања, но во дадените услови, во тоа време на сомнежи и колебливост, можно ли беше тоа? Можеше ли од сите да се бара да бидат херои? А, пак, во случајот и д-р Ф. Атанасов не беше случајна и обична личност. Млад, високоинтелигентен, се откажал од својата професија – лекарството – од својата општествена положба, од богатството со какво никој од нас не располагаше, се лишил од сите удобства што ги имаше во својот сопствен дом, ја оставил жената со две малолетни деца и во период од неколку години одвоен од нив, емигрант, со ентузијазам предаден на револуционерното дело во кое навистина беше неофит, но горејќи од желба да биде секогаш прв во првите редови. Ризикувајќи си го и животот, тој во името на една општа идеја сакаше по секоја цена да се истакне, да застане на чело на едно национално ослободително движење, што беше станало дел од неговото тело. Во минатото, при разни проектирани планови и мечти, во туѓа според традициите и обичаите земја – Албанија, каде што бил ангажиран, можеби спротивно од неговата волја со лица и групи кои претходно тешко можел добро да ги запознае, во даден момент потрошил повеќе парични средства отколку што било дозволено, само и само да се стигне до еден практичен резултат. И зарем тоа можеше да биде непростливо, во никој случај неправедно за обвинение, што впрочем требаше да се докаже или во лични објаснувања или во јавна дискусија во присуство на двете блиски лица? А, Д. Влахов не го сакаше ниту едното ниту другото. Никаква средба, никакви објаснувања. И точка. Колку Д. Влахов и да беше навреден во своите чувства како човек и револуционер, толку трогателна барем за мене беше и положбата на д-р Ф. Атанасов, кој впрочем бодро прифаќаше сè и беше подготвен, во интерес на заедничкото дело, на секакво помирување. И двајцата не беа еднакво во право. Еве, и едниот од двајцата да беше повеќе во право, сепак, другарски погледнато, објективно се прашуваш кој беше повеќе во право, едниот или другиот?!

Одлучивме, прашањето за идното место на Д. Влахов во Организацијата да биде решено на самиот конгрес, а д-р Ф. Атанасов со општа одлука на конгресот, што и се случи, да влезе во Организацијата како редов, како обичен член, без никакви обврски. Тоа, впрочем, беше и желба на д-р Ф. Атанасов, кој освен една морална сатисфакција не сакаше, па и реално немаше потреба од ништо друго.

Во август, во Берлин, тајно, во една соодветна, добро опремена просторија, конгресот беше отворен и заседанијата почнаа[106]. На конгресот присуствуваа вкупно 15 делегати, а местата на останатите делегати кои беа предвидени, сите од првата револуционерна област, се пополнија со неколку гласови на други лица, исто од присутните одредени од долу, што требаше да ги претставуваат како делегација. Но, во таква ситуација се постави прашањето дали собирот може да се смета и да се именува како конгрес, кога од двата дела на Македонија – под српска и под грчка власт – немаше редовни делегати, а некои од нив беа претставени како делегација. По кратка дискусија, се одлучи собирот да се смета и именува како Општа проширена конференција на ВМРО (Обединета)[107], а не како конгрес, но решенијата да имаат сила на конгресни одлуки.

Најпрвин, организациониот секретар на ЦК требаше да даде отчет, претходно одобрен од самиот ЦК, што и се случи. Исто, се одлучи да се дозволи во дискусиите да учествуваат и набљудувачи како претставници на соодветните социјал-революционерни партии – бугарската, југословенската и грчката. Бугарската беше претставувана од Г. Д.[108] кој поради презафатеност со тековни обврски имаше и свој заменик, југословенската од К. Н.[109], а грчката од К. Х. по професија обичен работник, но природно интелигентен човек. Од дискусиите околу организациониот дел се виде во каква жална ситуација е нашата Организација во втората револуционерна област – Македонија под грчка власт. Голема беше зачуденоста на грчкиот делегат кога дозна дека грчката партија речиси со ништо не ѝ беше помогнала на ВМРО (Обединета). Другите двајца претставници со задоволство го ислушаа изнесеното, но сепак и тие искрено жалеа дека и тоа што е направено од страна на двете партии е недоволно, зашто имало можности да се направи многу повеќе, па ветија дека во

---

[106] Конгресот започнал со работа на 10 јули 1929 година во Берлин.

[107] Конгресот бил именуван како „Прва општа редовна конференција“ на ВМРО (Обединета).

[108] Се однесува на Георги Димитров.

[109] По сè изгледа се однесува на Коста Новаковиќ.

иднина тоа и ќе го сторат. Присуството на тројцата делегати колку нас и да нè охрабруваше и поттикнуваше дека имаме искрени и природни наши сојузници, толку тие самите се почувствуваа засрамени пред себе, зашто при постоење на толкави сили, при една таква идеолошка линија, двете партии придонеле толку малку за развојот и растежот на новата национално-револуционерна организација, што, всушност, се јавуваше како нивен сојузник и помошник во борбата за економското и социјално ослободување на Балканот. Како претставници на национално-револуционерните организации учествуваа двајца, еден на добруџанската национално-револуционерна организација, д-р В. и еден на албанското национално ослободително движење – Б. И двајцата, меѓутоа, освен поздрави и честитки, друго не кажаа, но за цело време внимателно ја следеа дискусијата.

Како што беше редот, се избраа и соодветните комисии, едната за резолуциите, другата за буџетот и потрошените суми, а третата требаше да ја изготви и да ја претстави листата од која ќе се изберат лицата за идното централно раководно тело. Поради претпазливост, за да не се изложат на ризик дејците во одделните револуционерни области, беше одлучено сè што се однесува до конкретни прашања и работи околу организацијата и изборот на лицата во одделните револуционерни области да им се препушти на соодветните обласни комитети, кои по нивно видување, на нивен ризик и одговорност ќе го сторат потребното, но во согласност со општите одлуки на конгресот. Тоа беше една умесна, практично разрешена задача, зашто од искуство знаевме колку будно следат сè што се однесува на ВМРО (Обединета) агентите на новите поробувачи. Со тоа се оневозможуваше, и покрај најдобриот и многуброен апарат од агенти и нивни доушници, да дознаат што и да е, каде што се планира, што било направено и што се прави, а уште помалку да дознаат некои имиња, псевдоними или какви било адреси на лица активисти во внатрешноста како јатаци, истомисленици или соработници на ВМРО (Обединета) и нејзините органи.

Сè она што ги засегаше идејните и принципиелните гледишта помина без апсолутно никакви спротивставувања и спорови. Уште веднаш се подвлече револуционерниот карактер на борбата, како прв и неопходен услов за конечен успех, како и условеноста на македонското национал – револуционерно движење од останатите социјал – револуционерни движења, од паралелната борба на сите национал – револуционерни и социјал -револуционерни организации и партии. Секоја избрзаност со одделни делумни, изолирани, па макар и помасовни востанија и бунтови се сметаше за предвремено, бесцелно,

па дури во некои односи и опасно за општата ослободителна борба.*
Се прочитаа и се прифатија со апсолутно мнозинство резолуциите за идејно-организационата работа, за младинското движење, како и политичката во која, меѓу другото, се велеше и следното: ... (Да се цитираат делови од резолуциите според издадените брошури).

Сите присутни делегати и набљудувачи бевме задоволни од општата согласност и еднодушноста манифестирани како за време на дискусиите, односно идејно – организационите задачи, така и при гласањето на резолуциите. Сериозноста, разумноста и проникливоста со кои се разгледуваа прашањата покажаа колку присутните и организацијата беа идејно и организационо напреднале. Од рефератите на ЦК, па и од дополнувањата, што ги направија присутните делегати, се утврди дека како во составот, така и во начинот на работата на ЦК ќе треба, во интерес на самото движење, да се направат промени, на тој начин што во пракса, на дело ќе се насочат кон постигнување попрактични резултати, во услови кога Македонија е поделена на три дела, односно се наоѓа под власта на три посебни држави во кои како општата економска, социјална и културна ситуација, така и ситуацијата и условите во трите делови фактички беа различни и специфични. Поради тоа, требаше во секој одделен дел на Македонија да се изработи посебен план за идната работа, со оглед на локалните услови и околности за кои, од редица причини и побуди, не можеше да не се води сметка.

Ете зошто се реши, во иднина, во составот на ЦК, наместо пет души, да има единаесет, од кои тројца за првата револуционерна област, тројца за третата револуционерна област и двајца за втората револуционерна област и тројца кои ќе составуваат едно задгранично биро, но не како задгранични претставници на ЦК, туку како задгранично биро, што ќе служи како обединувачка алка меѓу трите обласни комитети. Задграничното биро, што ќе се наоѓа надвор од балканските држави, ќе има можност да биде во поредовни и подиректни контакти и кореспонденција со одделните обласни комитети, отколку ако биде во некоја од балканските држави. Зашто, пречките, информирањето и врските помеѓу трите дела на Македонија беа потешки, отколку врските и контактите на трите дела на Македонија со надворешниот центар – задграничното биро, кое постоеше надвор од Балканот. Освен тоа, како и дотогаш, истото биро ќе требаше да ја продолжи пропагандната работа на

* Тоа се однесуваше најмногу до албанското револуционерно движење, бидејќи мнозина од Албанците, кои имаа добра база во градот Зара, многу брзаа со навлегувања на албански чети.

Организацијата во Западна Европа и С. Америка. А, да се одржува пожив интерес среде западноевропското општествено мислење, да се има и да се одржува контакт со повидни општественици, публицисти, новинари и со некои понапредни и подемократски официјални лица, од кои некои беа и актуелни државници во одделни држави во Европа, не беше мала работа.

Се реши, дека ќе треба барем еднаш во текот на годината сите членови на ЦК во трите делови од Македонија, заедно со Задграничното биро, да се собираат на општо собрание, конференција за дискусии и донесување на решенија по прашања, што го засегаат општиот живот на Организацијата. Кога е потребно членовите на ЦК, кои живеат во еден од трите дела на Македонија, во секое време можат заедно со Задграничното биро да се соберат и да решаваат појавени проблеми и спорови, што ја засегаат соодветната револуционерна област, но притоа информирајќи ги и држејќи ги во тек и останатите две револуционерни области за сѐ што би било од интерес да се знае. Идниот конгрес да се свика според потребата, но не задолжително еднаш во годината, туку само во случај ако биде неопходно. Членовите на ЦК во посебните револуционерни области се препушти да се изберат тајно, таму по местата, а имињата на лицата да му бидат познати само на Задграничното биро. Тоа се налагаше од редица конспиративни причини, пред сѐ, поради големата заинтересираност и будност како на нашите први непријатели – врховистите во Бугарија, така и на посебната будност на органите на разузнавачките служби на трите балкански држави, кои држеа делови од Македонија, и целото нивно внимание и желба беше свртено кон тоа ако не можат да ја уништат, барем да ја омаловажат новата револуционерна организација и на секој начин, без оглед на средствата (клевети, пари, терор, вешто создавани афери), морално да ја компромитираат и дискредитираат пред општествената јавност. Зашто, тие уште претходно знаеја, се разбира, без да можат фактички што и да било да докажат, дека Организацијата ја помага еден моќен политички и воен фактор каков што беше СССР, револуционерна држава против која не само балканските држави одделно или заедно, туку дури и најголемите нивни покровители и инспиратори – западноевропските империјалистички држави – не се во состојба со што било да му се спротивстават или да го ограничат во поддршката, што тој ја даваше или можеше да ја даде.

Дојде редот да се изберат и тројца членови за во Задграничното биро, додека, како што реков погоре, изборот на останатите членови

на ЦК требаше да се изврши подоцна, внатре во Македонија, во трите одделни револуционерни области. Но пред тоа, на општа дискусија се постави прашањето какви лица можат и ќе треба да заземат одговорни должности за да може Организацијата не само да закрепне, туку и да се прошири и да стане онаква како што се сакаше и беше неопходно – масовна револуционерна организација. Дали на чело на движењето ќе треба да се поставуваат непознати лица или ќе треба да се посочат лица кои се доволно популарни, докажани по своите големи идеи, волја и карактери, лица кои се добро познати на поголем дел од населението, така што тоа со поголема доверба и кураж постепено ќе се приклучи кон новата организација. Зашто, од други национални и социјал – револуционерни движења се знаеше дека масата не оди на слепо и автоматски само во името на одредени апстрактни теории и принципи, па колку и да се тие самите по себе блескави, примамливи и содржајни. Таа сака да знае кои и какви лица се избираат или ги применуваат во реалниот живот тие револуционерни принципи и идеологијата создадена според нив. Лицата кои ќе бидат задолжени да ја водат Организацијата требаше да поседуват одредени квалитети по кои ќе се разликуваат од другите, но, пред сѐ, да се истакнати и познати индивидуални и општествени добродетели и само такви луѓе би можеле да ја поведат пошироката маса од народот. Така било во минатото, така би требало да биде и во иднина, ако сакаме Организацијата да се прошири и да опфати поголем круг на луѓе, меѓу кои веднаш ќе се применат новите идеи и новите методи на борба, а со тоа и самото движење ќе се претвори во една реална општествена сила, против која нашите непријатели тешко ќе можат да реагираат или да шират какви било лаги и клевети, како на пример, дека ние сме туѓо оружја, спроведувачи на туѓи интереси, дека дејствуваме само од корист и егоизам... Цел куп од лаги и клевети, што беа пуштени и се пуштаа меѓу македонското население и емиграцијата од страна на заинтересирани лица, групи и партии, кои следеа свои лични, групни или чисто класни интереси.

А, во текот на последните години беа пуштени и раширени многу слични лаги и клевети, кога на некои лица од движењето и други познати совесни револуционери им се припишуваа редица измислени работи, со кои пред широката маса сакаа да ги претстават како чудовишта, што сакаат да создадат крвави афери и секакви мистериозни активности спротивни на моралот и дистоинството на секое човечко општество. Ете зошто лицата, кои би застанале на чело на движењето требаше да ѝ се познати на пошироката маса, да

се познати по своите лични квалитети, да манифестираат лични и општествени доброчинства, како гаранција против секакви стапици и клевети.

Лицата, кои ќе треба да застанат на чело, во првата редица и да апелираат за обединување, за активност и самопожртвуваност да дадат докази дека во минатото и тие дале жртви или ги покажале своите квалитети и добродетелства, дека, пред сѐ, се чесни и карактерни, умни, проникливи и се одликуваат со великодушност, љубезност итн., квалитети што се неопходни за секој општественик и революционер. И ако како во минатото и сега има лица, кои макар и несвесно, сепак, пројавиле некаква слабост или негативни квалитети, како злоба, одмазда, корист, неморалност и друго, таквите, иако поседуваат други добри квалитети, па и заслуги од минатото, треба да се отстрануваат од одговорни места за да му се даде пат на движењето и тоа да може за релативно кратко време да се прошири и да се создаде една вистинска општествена и револуционерна сила. Околу ова прашања помеѓу нас немаше никакви несогласувања, иако беше истакнато дека е тешко да се примени таа максима. Зашто, како што вели една француска поговорка – од чисти има секогаш почисти – тешко би можело да се најде едно општо мерило, што ќе служи како единица мерка во тој поглед. Но сепак, сите се согласивме со тоа, таа максима да служи како основно начело, како општо мерило.

За време на тие општи, теоретски дискусии, што требаше да послужат како основа, база, како основно начело за оние лица во претходно избраната комисија, која требаше да се состане и да посочи некои лица за избор на членови на идното Задгранично биро, а следствено и на ЦК, делегатите од третата револуционерна област се осврнаа на активностите на нашите непријатели од ВМРО, односно на врховистите. Меѓу многуте стапици, инсинуации и клевети, што тие ги пуштаат против нас во целина или поединечно против некои поистакнати наши другари во движењето, било и тоа дека Д. Влахов за време на преговорите со некои револуционерни средини во СССР, каде беше заминал како делегат специјално назначен и испратен од ЦК на ВМРО – лично од Т. Александров, по неговото враќање од таму, во својот извештај до ЦК за слушнатото и дискутираното во Сојузот кажал дека ВМРО била една голема, најголемата револуционерна организација не само на Балканот, туку и во југоисточна Европа, дека ВМРО пред и за време на 9-то јунскиот преврат ја револуционеризирала бугарската армија, дека ВМРО била моќна, многубројна по својот состав револуционерна организација

итн. и редица други пофалби на адреса како на самата Организација, така и лично кон Т. Александров.

Во поткрепа на горекажаното, тие беа донеле и депонирале на самиот конгрес неколку броја од весникот „Слобода или смрт“ – орган на ВМРО, во којшто во факсимилите се даваа некои извадоци од извештајот на Д. Влахов до ЦК по неговото враќање од СССР. И со право и основано делегатите прашуваа дали сето тоа е точно и како и со што да се објасни или реагира на тоа. Сите со чудење го видовме и прочитавме напишаното со потписот на самиот Д. Влахов и публикувано во весникот „Слобода или смрт“. Се разбира, редот беше на Д. Влахов, еден од кандидатите за член во Задграничното биро, да ги даде своите објаснувања и јасно и категорично да каже дали е точно сето тоа што тој лично, самиот со својата рака го пишувал во тоа време, значи пред основањето на ВМРО (Обединета), а сега во некои статии вели дека ВМРО била една обична банда, ситуација која ги предизвикала и налутила луѓето на Ив. Михајлов, поради што тие во факсимилите даваа некои делови од извештајот до ЦК на ВМРО. Д. Влахов побара прво сите да се произнесат, па тој на крајот да одговори кога ќе му се даде можност да го донесе и прочита самиот реферат (извештајот), што на времето тој го поднел до ЦК на ВМРО. Но, во тоа време на конгресот се донесе едно долго отворено писмо напишано од еден член на ВМРО, притоа комунист-партиец, кој како емигрант многу одамна беше ослободен од партиската работа и како Македонец приклучен кон ВМРО (Обединета). Лицето С. Т.[110], стабилна и доследна во своите убедувања личност, колку скромен, толку и строг, пред сè, кон самиот себе, а потоа и кон сите останати членови на ВМРО (Обединета), во своето отворено писмо до конгресот, во шест точки ја напаѓаше личноста на Д. Влахов, кој во минатото и за време на неговото членство во ЦК на ВМРО (Обединета), беше покажал некои слабости и непринципиелности, кои фрапантно говореа дека тој, и покрај сите негови добри квалитети на паметен човек, трудољубив, убеден революционер и работник во национал – револуционерното движење, не можеше и не требаше да зазема такво видно и одговорно место во Организацијата. Се подвлекуваше дека Д. Влахов, со своите лични негативни квалитети не само што не придонесува за проширување на самата револуционерна организација, туку напротив, со својата избувливост, злоба, недостаток на љубезност, наместо да го привлекува, тој го одвраќа секое лице, кое од едни или други причини и побуди сака да се приклучи кон

[110] Всушност се однесува на Наум Терзијанов.

редовите на Организацијата. Притоа, се разбира, без какви било амбиции, без да игра каква било улога или да мечтае за какво и да е одговорно место, туку чисто и едноставно и тоа да го даде својот долг кон татковината и општото революционерно дело. Писмото беше содржајно и концизно напишано, а точките така подредени и изложени, што не оставаа ни капка сомнеж во автентичноста на сето напишано. Тоа претставуваше вистинска бомба во конгресот и беше предмет на големо внимание, зашто од сето напишано и изнесено, сите ние, па дури и оние кои беа отворени и безрезервни приврзаници на Д. Влахов останавме збунети. Уште повеќе, во писмото се докажуваше дека кога Д. Влахов го поднесувал извештајот, тој бил во два примерока. Едниот бил назначен за ЦК на ВМРО со соодветните цитати факсимилирани во весникот „Слобода или смрт“, и другиот примерок напишан на машина за пишување и наменет за ЦК на БКП, но без таквите пофални цитати. Последниот примерок, односно тој наменет за ЦК на БКП, пред да им биде предаден на надлежните, една вечер му бил оставен на покојниот Димо Хаџи Димов за да го прочита и да се запознае со прашањето како лице одлично запознаено со македонските работи и близок со ЦК на БКП. Ст. Т. како близок другар и одличен пријател на Д. Хаџи Димов, успеал уште тогаш и самиот да го прочита извештајот во кој немало такви пофалби за ВМРО и за личноста на Т. Александров, но сега веќе излегува на виделина, дека такви цитати имало во тој до ЦК на ВМРО. И, всушност, за да ја разобличи непринципиелноста на Д. Влахов, весникот „Слобода или смрт“ ги публикуваше. ВМРО во текот на 1920 година била многубројна и масовна, а во текот на 1925-та – обична банда. Која беше вистината? И со право и основано и самиот весник прашуваше каде и кога Д. Влахов ја кажува вистината, дали во текот на 1923 година во својот извештај до ЦК на ВМРО или во текот на 1925/26 година во своите статии во весниците „Македонско дело“ и „Балканска федерација“ А делегатите сакаа одговор за да знаат што и како да кажат, што да им одговараат на своите противници во Македонија под бугарска власт и главно среде емиграцијата во Бугарија, која пред своите очи го имаше факсимилот на Мајскиот манифест каде што стоеја не само имињата на Т. Александров, Ал. Протогеров и П. Чаулев, туку и самиот потпис на Т. Александров во малите поправки направени во некои зборови и фрази, што беа напишани во самиот Манифест. Ако едниот факсимил беше вистински и вториот, иако во делови, исто така, беше точен и вистински, зашто потписот лично на Д. Влахов беше вистински, нешто што впрочем и самиот Д. Влахов

не го негираше и потврди дека потписот е негов. Д. Влахов наместо да се изложи на самокритика, наместо да го признае или објасни сето напишано со причините и околностите што биле актуелни во тоа време, пред конгресот го прочита целиот извештај напишан на машина за пишување и како заклучок кажа дека е точно тоа што го прочита и што е напишано во извештајот, и дека тоа секој може да го види, а оти наша и цел на неговите противници во конкретниот случајот е да се оспори неговиот, на Д. Влахов, револуционерен морал. Ништо повеќе од тоа. Што се однесува до отвореното писмо на др[угарот] Ст. Т., Д. Влахов го премолча и не кажа ниту збор. Како писмото да не беше доставено, како да не постоеше.

Од објаснувањето и одговорот на Д. Влахов никој од нас делегатите не беше задоволен. На дополнителните прашања, што му беа поставени, тој ниту на едно категорично не одговори, па и не можеше да одговори. Општ заклучок на сите нас присутните беше дека напишаното и изнесеното како во весникот „Слобода или смрт", така и во отвореното писмо до конгресот своерачно напишано од самиот Ст. Т. и донесено од еден од делегатите беше точно, вистинито и со ништо не можеше да се побие. Но, уште поголемо беше нашето чудење, малку по одговорот на Д. Влахов кога разбравме дека Ст. Т. бил повикан да си го повлече писмото до конгресот, на што тој категорично се спротивставил, ризикувајќи да биде исклучен и од БКП. Тој до крај остана доследен на себе си и не се согласи со наредбата на ЦК на партијата, туку со уште поголема сила и упорност тврдеше дека напишаното е негово и оти сѐ е точно и дека тоа конгресот треба да го земе предвид. Зашто, прашањето не е тешко – тој апсолутно немаше, ниту имал какви било недоразбирања и конфликти со Д. Влахов, но тргнувајќи од интересот на самото движење и на Организацијата сакал сето тоа да се знае, за да се избегнат грешките и последиците ако Д. Влахов и понатаму остане член во Задграничното биро, а според тоа и во ЦК на ВМРО (Об.).

Д. Т.[111] уште како мало дете бил преселен од Охрид во Бугарија и по долго скитање, успеал да стане поштенски службеник-телеграфист. Необвинуван за ништо, откако се пензионирал по повеќе од 25 години постојана и чесна служба, се зафатил со извршување на една доброволна, бесплатна работа во Илинденската организација. Скромен, непретенциозен, но доследен и логичен во сѐ и кон сите, кои работеа во македонските легални и нелегални организации, тој во исполнувањето на својот долг кон татковината остана верен на себе

[111] Повторно се мисли на Наум Терзијанов.

си, не се приклони и не подлегна на страничните влијанија за да покаже една бескарактерност и да се откаже од своето писмо со тоа што ќе си го повлече назад. Напротив, го стори токму спротивното и ја докажа својата карактерност, својата цврстина и упорност, својствени за секој вистински македонски револуционер. Навистина, тој во младоста не се занимавал активно со револуционерна дејност, не беше учествувал во Илинденското востание, ниту во која било друга четничка акција. Но, во моментот покажа една колку смела, толку и доблесна работа со една, единствена цел, да биде од корист за делото и да покаже дека не умот, туку волјата и карактерот се вредните карактеристики на еден голем човек, а особено на секој општественик и револуционер. „Јас сум едно зрнце од песокот" – велеше Ст. Т., „јас немам ништо, со што да се пофалам од моето минато, дотолку повеќе што сè до моето влегување во ВМРО (Обединета), не сум се занимавал со активна револуционерна дејност. Меѓутоа, иако сум партиец, во конкретниот случај, штом сум се приклучил во работата на едно национал – револуционерно движење, го следам и треба да го следам тоа што ми го кажува и диктира мојата свест, а не правилата и уставот на партијата кон којашто припаѓам поради мојата социјална положба и политичко убедување. Никој нема право да ме оддалечува од патот да го слушам само она што ми го диктира мојата совест и пред никакви закани нема да отстапам од мојата одлука. Има само еден, единствен излез – поскоро јас ќе си ги пресечам вените и по истекувањето на одредено количество крв ќе завршам со мојот живот, отколку да го повлечам или да се откажам од моето писмо" – тоа беа неговите последни зборови. И, навистина, да носиш и да не се плашиш од одговорност – тоа е вистинската храброст во животот на човекот. Таа се пројавува и покажува не само на бојното поле, во борби, битки и опасности, туку и во обичните работи од животот. Смелоста, гордоста да се чува и заштитува една идеја, една позиција, може да се види и во најобичната, секојдневна работа, а не само за време на борби и битки каде што обично луѓето бараат да видат храброст и грижа на вистинските добродетели за оние што се борат. Вистинскиот борец се познава и гледа и во најобичните работи. Постапката и смелоста на Ст. Т. според својот карактер се од тие што храбрите, борците ги покажуваат за време на битките гради в гради, кога гордо, смело, ладнокрвно и свесно се соочуваат со смртта и ја извојуваат победата. И после тоа Ст. Т. беше како останатите скромен, според карактерот тивок и мирен, но подготвен во името на една идеја, на еден принцип да биде спасоносна жртва, без да се плаши од некакви закани, лишувања, па дури и евентуална смрт. Борецот секогаш и насекаде

ги покажува своите квалитети, своето достоинство, доволно за да се сфати и разбере и тоа во ситните навидум работи и настани, со кои обично е исполнет човечкиот живот, а уште повеќе животот на секој општественок и револуционер. Ниту маскираните и скриени обиди да се приспособи кон средината или личностите кои се во центарот на вниманието ниту, пак, двоумењето, колебањето и „стравот", туку отворената борба и категоричното држење за или против се судбоносни. Моралната победа беше на страната на Ст. Т. И покрај сите непријатности и незгоди, што му се создадоа подоцна, тој остана бодар, весел и задоволен, зашто во конкретниот случај совесно го беше исполнил својот општествен и револуционерен долг, иако како скромен, можеби и најскромен македонски активист. Но, тоа беше и си остана како значаен факт и важен знак дека истиот, во други услови и околности, може да покаже многу поголема храброст и карактерност, да биде многу покорисен за себе и за своите блиски по размислување, чувства и интереси – со еден збор, да биде вистински борец, национал – револуционер во вистинска смисла на зборот.

Кога се поставуваат основите на едно големо свето дело, кога тоа се гради, треба да се пристапува, работи и дејствува со целосна подготовка, чистота во размислувањата и делата, така како што се пристапува кон исполнувањето на света религиозна служба, која го поткрепува, оживува и охрабрува оној што верува, дека тој влегува во храмот предвреме подготвен и со целосна одговорност и сознание за тоа, што треба да го прави и исполнува во иднина, ако сака неговата совест да биде чиста од секакви зли помисли и лоши намери, т.е. да биде чиста и благородна. При такви услови, делата на сите што учествуваат во општото дело стануваат големи, достојни за пример и подражавање од сите. Така, и на тој начин секогаш и насекаде на дело се даваат примери на помладите редови во секоја општествена и револуционерна организација, која од збирот на личните дела и постапки станува колективна сила, способна да се бори и да ја отстапува својата идеологија, што пак се преобразува во дел од телото и од крвта на сите големи и мали нејзини приврзаници и следбеници.

Д. Влахов, кој дотогаш, за целото време, ги мереше речиси сите лица членови на ВМРО (Обединета), сега кон него неопходно требаше да се примени едно мерило, со кое ќе се измерат неговите сили и квалитети за да има сразмерност во мерката, што тој во името на револуционерниот морал сакаше да ја применува кон други лица во Организацијата, како надвор од неа, но кои сакаат и заслужуваат да се приклучат кон новата национално – револуционерна организација. И тоа веќе во еден период кога имаше потреба од такво нешто, без

да има некоја особена опасност самата организација во својата идејно – организациона линија да се изопачи или да се компромитира. Под впечаток на изнесените факти и аргументи, сите против Д. Влахов, под влијание на кажаното на конгресот како околу тоа што беше изнесено во весникот „Слобода или смрт“, така и околу отвореното писмо на Ст. Т., па и од заклучоците на сите делегати, кои утврдија дека не може дури ни да се објаснуваат или со што било да се оспоруваат и критикуваат изнесените факти, и комисијата одредена да достави листа за избор на три лица за членови во Задграничното биро, во првиот избор не го беше ставила името на Д. Влахов. Тоа се дозна пред да се претстави листата, но во последен момент комисијата соопшти дека таа не е готова и дека ќе треба уште, по ислушувањето на сите кои зеле збор на конгресот, да расправа и конечно да ги даде имињата на лицата, кои ќе треба да бидат избрани од делегатите. Во тоа меѓувреме, некои од делегатите, освен за Д. Влахов, покренаа прашање и за поведението и однесувањето на некои други лица, со цел да се поведе дискусија и критика која, како што се гледа, беше неопходна за да им се олесни на членовите на комисијата и да најдат повод и основа за да сменат некои лица, било како посочени кандидати или едноставно за дополнителни – двајца, како што се бараше согласно промената која се направи во уставот на Организацијата. Така што, наместо Пав. П. Шатев да биде меѓу посочените за избор на вистински членови, тој да се остави во резерва, а Д. Влахов да помине меѓу тие за избор, наместо да биде во резерва, како што во почетокот беше решила комисијата. Всушност, тоа и немаше некое посебно значење, затоа што делегатите имаа право да избираат кого што сакаат од претставената листа, било како вистински било како резервни членови во идното Задгранично биро. Така, како аргумент се истакна дека Пав. П. Шатев уште во почетокот на 1928 година во една статија под наслов „Државната криза во Југославија“, објавена како уводна во печатениот орган на Организацијата „Македонско дело“, напишал дека Југословенската федерација е таа која ќе ѝ претходи на Балканската федерација, што значи дека П. Шатев бил приврзаник не на Балканската федерација, туку на некаква Југословенска, што не е и не може да биде друго, освен творба на империјалистичка Франција, па според тоа, тоа тој заштитувал една реакционерна идеја!? Од пишувањето на статијата до конгресот беше поминато доста време и јас самиот не можев точно да се сетам што сум напишал во таа бизарна статија и со што сум ја заштитувал таквата реакционерна идеја за создавање не на Балканската, туку на Југословенската федерација. Не остануваше друго, освен да се провери во самиот весник, да се

прегледа статијата и да се види точно што беше напишано и по каков повод. Се снабдивме со соодветниот број од весникот, се прочита самата статија и се виде дека во неа се истакнуваше дека главната причина за министерските кризи во Југославија треба да се објасни со една државна неопходност која налагаше промени, како во надворешната, така и во внатрешната политика на Југославија, дека и таа се движи кон зближување со Бугарија и дека со текот на времето има голема веројатност да се создаде едно заедништво меѓу двете соседни држави и на тој начин, како едно компромисно решение пред разрешувањето на балканскиот проблем, некои лица и средини да ја прифатат идејата за една Југословенска федерација, макар таа како идеја, според нашето сфаќање, да е реакционерна. Наспроти нашите желби, идејата се развива и може да најде некакво остварување, пред да дојде редот и времето за формирање на една Балканска федерација. Меѓутоа, во самата статија немаше ништо што ќе се јави како одобрување и заштита на Југословенската федерација земена сама по себе како идеја. Но, да дозволиме дури и да било така како што некои ја толкуваа или подразбираа статијата или авторот на статијата да вметнал некаква слична смисла, што ќе се сфаќа меѓу редови, тогаш зошто редакцијата респективно и редакторот, во истото време секретар на ЦК и притоа комунист – партиец Вл. Т.[112] дозволил да се отпечати посочената статија и тоа на уводно место, зошто барем не ставил некоја забелешка за да се види дека редакцијата не се согласува со авторот на статијата, која е во спротивност со идеите и принципите на Организацијата и како таква не требало дури ни да се публикува или најмалку требало да биде проследена барем со една, макар и микроскопска, кратка белешка од страна на редакцијата. Јас, откако повторно ја прочитав мојата статија, не најдов ништо еретичко и гласно изјавив, дека истата статија и во тој момент пред самиот конгрес јас повторно би ја потпишал!

Остануваше да се искаже и самиот редактор и да каже зошто статијата е објавена или зошто барем со забелешка не кажал со неколку зборови дека редакцијата не се согласува со таа статија и дека тоа е мислење само на нејзиниот автор. Како одговор на тоа се кажа, дека било непотребно да се објавува таква забелешка, затоа што самата статија била потпишана т.е. излегла со името на авторот Пав. Шатев доволно познат на целата читателска публика!? Тоа е тоа. А кога подоцна некои од делегатите му забележале дека одговорот е неубедлив и дека тој требало појасно и категорично да одговори,

[112] Се однесува на Владимир Поп Томов.

редакторот кажал, без тоа да го изнесе и јавно, дека тој намерно дозволил да се испечати статијата, со цел П. Шатев да се компромитира пред читатетелите т.е. да се види дека тој не ги заштитува правилните позиции на Организацијата, која била само и единствено за Балканска федерација. Со тоа на крај се виде и се докажа дека и во ЦК има лични, субјактивни препирки и несогласувања. Притоа се виде дека и на конгресот не се дава целосна слобода, туку некако тивко, невидливо, заткулисно, има некој којшто суфлира и со тоа се спречува слободата на самиот конгрес, а со самото тоа и идната работа на Организацијата. Ако тоа се случуваше тука, на конгресот, што можеше да се случи утре кога конгресот ќе се затвори и работата ќе им се препушти само на неколку, односно на три лица, од кои двајца беа комунисти-партијци, а третиот, дури и да беше со железна волја и силен карактер, што, впрочем, во тој поглед ни најмалку не се гледаше и дури и претходно се знаеше и од самите делегати, само ќе фигурира и ќе служи колку да се пополни бројката три и ништо повеќе. Значи, фактички Задграничното биро остануваше во рацете на комунисти – партијци, вбројувајќи го тука и Д. Влахов. И знаејќи од досегашното негово поведение и дејност како тој дотогаш се беше однесувал во некои случаи и кон разни лица, можевме да си претпоставиме што ја очекува Организацијата и самите нас во неа, откако конгресот ќе заврши и ќе се започне со работа долу среде масите. Сите факти основано говореа дека Организацијата ќе се сведе на една фракција, на една секта, која не само што немаше да го зголеми бројот на членовите истомисленици и соработници, туку напротив, ќе ги оттурне и оние кои од едни или од други причини и побуди се беа приклучиле кон организацијата и сакаа колку што може повеќе таа да се прошири, да стане помасовна. Зашто, само како таква таа би можела да ја одигра својата историска улога и да стане не една фиктивна, затворена во себе посебна секта, туку една вистинска реална сила среде македонскиот народ и тоа во трите делови на Македонија.

Во таква ситуација, прашањето веќе се измести и се постави директно или на Д. Влахов не треба да му се дава одговорно место како лице, кое наместо да ги сплотува и обединува, тој ги одбива и разединува одделните членови или против тоа ќе се реагира на друг начин, откако прашањето ќе се постави пред самите членови внатре во самата Организација. Така ќе се види и ќе се знае зошто Организацијата поставена на такви здрави, челични идејни основи, практично не расте, туку внатрешните разногласија, наместо да се надминуваат и елиминираат, сè повеќе се заоструваат и можат да стигнат до чисто лични расправии, што никого не би го интересирале.

Уште во тој момент ракавицата беше отворена и на самиот конгрес фрлена и секој се интересираше каков ќе биде крајот на Општата конференција, односно на конгресот на ВМРО (Обединета). Во последниот момент, за да не се протолкува од страна на присутните делегати и набљудувачи дека прашањето се однесува на личните разбирања или на каприци било на Д. Влахов или П. Шатев, вториот отворено изјави дека не сака да биде избран и ги замоли присутните да не гласаат за него, а и самото име, по негова желба, да биде избришано од претставената листа. Истовремено, отворено и јавно, пред сите го замолив Д. Влахов и тој лично предвреме да се откаже и наместо нас да се изберат други две лица. Дотолку повеќе, што немавме ништо лично едниот против другиот, а целото недоразбирање и несогласување се диктираше и налагаше во интерес на самото движење, во интерес на самата Организација, која сите искрено и жестоко сакавме колку што може побрзо да ја видиме пораширена и побројна, ако не толку масовна и компактна во првите години. На тој другарски, братски апел упатен јавно пред сите присутни делегати Д. Влахов не одговори, туку остана долго да молчи. Повторно повикан од мене да се откаже за да им се олесни работата и на делегатите, кои веќе требаше да се произнесат, односно да го направат изборот, зашто времето и без тоа беше одминато – тоа беше 13-тиот ден откако заседаваше конгресот – Д. Влахов пак не одговори. Јасно беше дека тој не сака да се откаже, а молчејќи сакаше на сите да им каже дека настојува да биде избран. Во последниот момент по гласањето, со кое Д. Влахов се избираше како вистински член во Задграничното биро, а според тоа и во ЦК на ВМРО (Обединета), јас извадив една претходно подготвена декларација и почнав со повисок глас да ја читам пред сите присутни делегати. Со неа упатив еден остар протест против тоа што се случуваше на конгресот и лично против Д. Влахов.

Во општата врева што настана, некои лица не сакаа да се слушне она што се кажуваше, приговарајќи дека дискусиите се завршени и не сакаа напишаната декларација да се прифати и вклучи во протоколите на конференцијата, во кои се бележеше сѐ што беше суштинско до тогаш, од страна на специјално поставени стенографи. Така заврши самиот конгрес и кога нема сведоци остануваат само пишуваните протоколи, кои, всушност, останаа да се подготват, препишат на чисто, а можеби на некои места и да се преправени или сосема скратени или да се исфрлени цитати ...

Колку и да се преправени за да бидат „пократки“, колку и да се скратени, сепак ако се зачувани, а во тоа нема никакво сомневање, затоа што се препишуваа во три примероци, се гледа, по еден препис и за други лица и фактори, што се интересираа и го следеа стапка

по стапка самото движење и Организацијата, сепак еден ден секој совесен читател и љубител, било историчар или обичен граѓанин ќе може да види, да прочита, да ја разбере и сфати смислата, духот на дискусиите и да си даде отчет за сите недоразбирања, спорови и препирки, да види колку во нив има личен и колку се почитувал општиот интерес. Со други зборови, да види и разбере, кој фактички бил секташ и фракционер во самата Организација.

Конгресот се затвори и ние се разотидовме и разделивме, препуштајќи им на избраните членови да ја продолжат работата во Организацијата. Јас незадоволен, заедно со мојот добар пријател и другар Атанас Хаџи Николов се одвоивме и тргнавме кон градот, а Берлин ми изгледаше некако пуст и покрај сите навалици од луѓе, кои се движеа како по железничките станици што водеа кон центарот на градот, така и по улиците, булеварите и плоштадите во самиот град, што беа преполни од цели толпи мажи, жени и деца, кои се движеа едни весели и радосни, други тажни и оптоварени од својот секојдневен живот. Се искажавме, објаснивме со сета можност на разумот и логиката, апелиравме за усогласување и разбирање, но некои не сакаа да разберат, а имаше и некои кои од незнаење и фанатизам не сакаа дури ни да слушаат на крајот... Толку полошо за нив самите – си велев. Иднината, времето ќе покаже кој беше во право во овој случај. Кој заштитува лични барања и кој го поддржува фракционерството. Во слични моменти човек запаѓа во посебна психичка положба и само со поголеми морални и карактерни сили човек би можел да се смири и да се воздржи себе си. Сега, не остануваше друго, освен да се поткрепиме со такви сили, да најдеме средства и основа за да поднесеме сè што следуваше во иднината, која иако ни изгледаше јасна и определена, сепак како иднина беше непозната и требаше сè да се изживее и да се чека едно подолго време додека да се види и разбере на дело тоа за што апелиравме во тој важен момент. Времето навистина разјаснува сè, како што се вели, ја разголува целата вистина, но затоа, пак, бавно минува. Треба трпение, смиреност и подготвеност за нови жртви додека дојде моментот да се види кој бил во право, а кој не, и тогаш да се добие единственото во такви случаи и работи – морално задоволство, после толку морални измачувања и притоа како емигрант во туѓа земја, со туѓи луѓе, далеку од блиските, роднините и пријателите.

На пат кон градот со Ат. Х. Николов свративме во еден ресторан-градина, седнавме на една од масите, на неколку чекори од друга маса во истиот ресторант, каде што пред тоа, спроти конгресот, имав средба со големиот општественик и револуционер Г. Димитров, по истото

прашање, кое штотуку беше поставено за дискусии и разрешување на самиот конгрес. Во тие неколку минути на одмор и разонода, едноставно по асоцијација на мислите кои ме брануваа, јас го правев моето резиме за преживеаното и добиениот резултат по затворањето на конгресот. Во тој момент ме измачуваше мислата, дека во момент на незадоволство и гнев му бев рекол неколку посилни и остри зборови на самиот Г. Димитров, кој во својата желба да се постигне еден добар и позадоволителен резултат, на секој начин апелираше и кон мене за помирување. Всушност, во тој случај не требаше да се направат којзнае какви жртви, ниту да се накрни моето достоинство. Но, требаше да се надминат нашите разногласија и спорови. Ништо подобро од тоа – си велев.

Јас се согласив со сè што бараше и за што настојуваше Г. Димитров само и само да се смири, зашто во тој момент, тој не само од лични побуди, туку и поради долг и обврска требаше да се занимава и со нас Македонците, членови на ВМРО (Обединета), како една од национал – револуционерните организации во општиот балкански револуционерен фронт. Се сеќавам како тој, Г. Димитров, очигледно изморен од работа, бавно и убедливо влегуваше во разговорот, што го почнавме, а притоа во истото време со 2-3 мали парчиња леб и суво, печено месо ручаше или поскоро вечераше за да заштеди време, зашто подоцна му претстоеја уште две-три средби пред да оди на спиење. Сето она за што требаше да разговараме тој го имаше скицирано во кратки црти и се согласивме околу сите нерешени, спорни прашања. Но, во последен момент Г. Димитров посака ние двајцата со Д. Влахов да влеземе во едно исто управувачко тело, како гаранција и за самиот Г. Димитров дека во иднина сè ќе тргне на подобро, а и моето присуство во Берлин, сè поблизу до него, ќе може одвреме-навреме да го искористи во тековната работа – со контрола на балканските национал-револуционерни организации. Според отворено кажаното, тој за албанските и тракиските работи сакаше и бараше еден поинформиран соработник, кој ќе му помага околу редица прашања за кои немаше време, па и можности да ги следи одблизу и да ги проценува, поради недоволната негова информираност за местата и луѓето во тие две провинции. Но, уште кога ми го постави прашањето да влезам во едно управувачко тело со Д. Влахов, јас толку се изнервирав што уште во истиот миг кога ги изговори последните зборови, гледајќи го директно во светнатите очи категорично изјавив дека поскоро ќе се обесам на дрвото, што виси над нас и масата на која седиме, отколку со Д. Влахов да влезам во едно

такво тело и заедно да работиме. Г. Димитров возврати дека сличен одговор не очекувал од еден интелектуалец, од човек кој расудува како мене, и едноставно се зачуди, зашто отворено ги признав сите добри квалитети што ги поседуваше Д. Влахов, не се воздржував и ги потврдив неговата трудољубивост, интелигентност, големата ерудиција и опширните врски, ги признав сите заслуги што Д. Влахов ги имаше во македонското национално-ослободително движење уште од основањето на ВМРО итн. Но, наспроти тоа, категорично тврдев и настојував дека Д. Влахов според својот карактер е лице кое само ги одбива луѓето од себе и од движењето, наместо да ги привлекува и како таков, ако тој остане во врховното управувачко тело, не само што нема да биде корисно, туку ќе биде штетно за Организацијата. Г. Димитров од тоа не остана задоволен и повторно на секој начин настојуваше да не бидам упорен, туку да се согласам, а што се однесува до нашата заедничка работа со Д. Влахов, тој ќе среди да немаме допирни точки и сè ќе се одвива добро. Јас одлично разбрав што со тие зборови кажуваше Г. Димитров, дотолку повеќе што и во еден претходен разговор тој ми го беше напомнал тоа. Но, наместо да се смирам, јас уште повеќе се вжештив и на Г. Димитров му реков дека и тој, иако е поставен на таква висока должност, да го одбегнува и многу да внимава во своите односи со Д. Влахов, зашто тој може да му ја компромитира и самата негова мисија, зашто подоцна ќе жали, но ќе биде доцна! Г. Димитров наеднаш се возбуди, силно се вцрве и целото лице му стана румено и во целосен контраст со густата коса и веѓите.

Како така? – одговори Г. Димитров.

Да, да и ќе се убедите во тоа. Конечно, како да се бевме сретнале не за друго, туку јас да го убедувам дека тој не треба да соработува со Д. Влахов, наместо тој да ме тргне и убеди дека јас ќе треба, во интерес на општото дело, да влезам во едно тело со Д. Влахов, односно да ветам дека со ништо и во никој случај во иднина нема да бидам против Д. Влахов. Јас и да ветев слично нешто, уште претходно знаев и гледав дека во никој случај немаше да го исполнам. Следствено, секакво ветување беше излишно и беспредметно. Сепак, со Г. Димитров се разделивме љубезно, иако внатрешно ниту еден од двајцата не остана задоволен и тоа само заради тоа проклето прашање за личноста на Д. Влахов. За конкретниот случај и Г. Димитров, како и други лица општественици, револуционери, па и некои државници, ја изнесе фразата дека да се соработува со Македонци е тешка и мачна работа. И јас требаше да проверам и на дело да се уверам во тоа – беа последните зборови на Г. Димитров кога се разделивме, ја фати

под рака својата сопруга и се одалечи во градината на пат кон градот каде, според сè, го чекаа други поважни средби.

Ние двајцата со Ат. Х. Николов седевме на масата, но мислите ни беа свртени кон тоа што се случуваше на крајот на конгресот и меѓусебно се прашувавме дали со нешто, со што и да било сме згрешиле. Ние сакавме, не само помеѓу нас, објективно да искритикуваме и оцениме сè, пред сè, нашите изнесени на конгресот зборови и размислувања по покренатите спорни прашања, за да се увериме во исправноста или неисправноста на нашето однесување за сето време на заседанијата на конгресот. Атанас Х. Николов, родум од Македонија, од Кукуш, син на татко по занимање книжар, брат на познатиот во македонското ослободително движење Иван Хаџи Николов*, откако ја завршил бугарската гимназија во Солун на своја иницијатива заминал за Женева, каде престојувал подолго време, останал без средства и талкајќи во животот како обичен скитник, со големи маки и страдања нашол слободно време и завршил универзитетски курс по индустриска хемија, со диплома за инженер-хемичар, по што се беше оженил за една Швајцарка. Тој по убедување не беше комунист, туку поскоро анархист-либерал. Според духот и темпераментот, борец со најлиберални леви револуционерни идеи и во приватниот живот не знаеше што е компромис. Но, затоа, пак, и во Женева, и во Бугарија, во Варна, и во Цариград се беше изложил на такви лишувања и потешкотии какви што луѓето ретко преживуваат, без да не им се одразат лошо врз здравјето и духот. Тој можеби, за среќа, како уште релативно млад и човек со одлична конструкција беше зацврснал, но затоа, пак, неговата добродушна колку скромна, толку и умна и внимателна сопруга Магдалена одамна беше болна од туберкулоза и со нарушено здравје, па постојано беше над нејзиниот кревет и речиси сета домашна работа паѓаше врз грбот на сопругот, тој да го мие подот, тој да готви, тој да пере итн., иако истовремено беше чиновник во советскиот конзулат во Цариград – преведувач од турски на руски или од француски на руски или од руски на турски и француски. И трите јазици – француски, турски руски ги познаваше одлично, што му даваше една предност пред други лица и тој си беше

* Македонски револуционер, еден од основачите на ВМРО и член на ЦК, осуден и заточен во Мала Азија, во Подрум кале, каде во затворот беше престојувал заедно со д-р Христо Татарчев, Христо Матов, Дамјан Груев и други македонски револуционери, а по ослободувањето беше книжар во Софија, каде и почина од природна смрт.

обезбедил едно доста виско место како преведувач и во советското трговско претставништво во Цариград. Добро изграден, тој работеше денонокно, без да му тежат и пречат домашните обврски и болната сопруга во секојдневната работа. Постојано зафатен со работа, весел, висок, со голема црна брада и мали, тенки мустаќи, со бело, речиси бледо лице, обично дотеран, затегнат со тенок, кожен ремен, тој одеше сосема исправен и делуваше самоуверено, па по улиците луѓето ретко го одминуваа без да се загледаат во него и да се запрашаат самите себе кој и што е тој!? Толку оригинален беше Ат. Х. Николов. Секогаш скромен, со својата, исто така, извонредно скромна облека, со голем калпак, а обично гологлав, без шапка, со долга црна густа коса, тој се движеше и застануваше да поразговара само кога имаше некоја одредена работа со однапред познато лице и никогаш не посетуваше каква и да е општествена институција или кафеана и крчма.

Задоен и вдахновен со крајно левичарски идеи и размислувања, убеден револуционер, многу начитан и љубопитен, тој знаеше и што е откажување и немање во животот, ама имаше златни раце и многу работи му одеа од рака. Со одличното познавање на францускиот јазик, со кој со посебна леснотија дури и напамет декларираше цели стихови пишувани на француски дијалекти, тој, иако по професија хемиски инженер, беше многу добро запознат како со француската, така и со руската уметничка литература. Турскиот јазик го беше изучил сам. Со непрекинат труд од по 12-14 часа дневно, тој во период од две-три години го беше совладал турскиот литературен јазик толку добро, што кога разговараше и според акцентот дури тешко можеа да го разликуваат дека не е Турчин. Иако секојдневно зафатен со огромна тековна, исклучиво преведувачка работа, од турски на руски или обратно, од француски на турски или на руски сеедно, тој со трите јазици едноставно си поигруваше, па надредените лица, како и сите околу него, едноставно му завидуваа на тоа знаење и на неговата доследност и трудољубивост. Независно од сето тоа, беше го опфатила желбата не само да се запознае, туку добро да ја изучи и турската уметничка литература, поради што го читаше литературното творештво и на најобичните турски писатели и поети, преведувајќи притоа, чисто од љубов спрема литературата, некои историски романи и раскази на турските писатели на руски и бугарски јазик. За сето време додека беше во Цариград како преведувач во советскиот конзулат и во трговското претставништво, тој во сѐ и со сѐ и помагаше на ВМРО (Обединета) и беше поскоро како центар околу кој сѐ се одвиваше. Преписки, средби, информирање, разузнавање, контакти – сѐ минуваше преку него, без ни најмалку да му се одрази

врз тековната службена работа од која исклучиво живееше заедно со сопругата, но без деца...*

Во желбата да биде корисен за македонското национално-револуционерно движење, тој се зафати – тогаш во Турција уште беше во сила арапската азбука – и ја преведе, па дури и отпечати на турски и книгата „Барањата на македонското дело"[113], издание на ЦК на ВМРО (Обединета), со прилог на Мајскиот манифест, публикувана и во факсимил и објавена на француски и бугарски. За својот превод на турски, Ат. Х. Николов не зема дури ниту една стотинка како награда за својот труд. Колку пуританец во свите убедувања, колку скромен во својот живот и потребите, толку и несебичен во сѐ во животот кога станувашe збор за тоа да биде на услуга на некоја национал или социјал-револуционерна организација или група. Секогаш самостоен и независен, тој беше одличен човек и револуционер. Јас во животот сум сретнал доста значајни луѓе, кои се одликувале со своите квалитети и дарби, било како луѓе од науката било како револуционери или обични граѓани, но лице во кое се собрани толку добри квалитети и дарби, лице достојно на себеси, лице кое се мери со еднаква мерка, како своите, така и делата на другите поблиски и подалечни лица, немав видено. И како среќа во животот го сметам тоа што ми се пружи прилика и можност, иако за едно релативно кратко време, да се запознаам, да се дружам, да разговарам и работам со незаменлив човек и другар. Никогаш во животот не сум ги заборавил и нема да ги заборавам добрите спомени, што ги имам од него и секогаш со благодарност и признание си спомнувам и ќе си спомнувам за пријатните разговори, советите и услугите, што како јас, така и други мои блиски и познати ги имаа од него. Неочекуваната разделба, што во никој случај ниту јас, ниту тој ја очекувавме, нѐ спречи непосредно да разговараме и да разменуваме мисли, а неколку години со ред меѓусебно разменувавме само куси писма, и тоа по две-три годишно, колку да ја одржиме врската и да се надеваме дека повторно, кога и да било во животот, сепак ќе се сретнеме, ќе се видиме и пак ќе се прегрнеме. Разговорот во тој ресторан-градина ни беше последен. Тој замина за СССР каде стигна преку Турција, а јас требаше да заминам за Цариград.

---

* Подоцна, кон крајот на 1929 г. замина за СССР и таму се докажа прво како преведувач, а потоа како лектор на еден универзитет и наставник на турски по текстилни индустрии, издаде руско-турски текстилен учебник, повторно се ожени и од вториот брак има две деца.

[113] Се однесува на брошурата „Предавниците на македонското дело" од Димитар Влахов.

Од чисто финансиски причини т.е. поради тоа што повеќе од половината од буџетот на Организацијата одеше за издршка на наши другари-соработници, кои престојуваат во Виена, Берлин, Париз и други градови во западна Европа и како странци и емигранти не можеа да најдат работа, а во некои држави – Австрија и Германија – тоа не го дозволуваше и специјалниот закон, на конгресот се одлучи, сите кои нема да бидат ангажирани со одговорна работа да се распрснат по разни места – градови и села – во други држави каде ќе можеа да живеат, без да бидат на товар на Организацијата, а таа само да им помогне со средства со кои ќе можат да заминат и да се сместат по места каде ќе можат да најдат соодветна работа. За исполнување на таа одлука и јас со семејството требаше да заминам – децата во Бугарија, а јас, пак, во Цариград. Во обидот да добијам виза за пасошот на мојата сопруга со двете деца за слободно минување преку Австрија и од таму по Дунав за Бугарија, се покажа дека патувањето преку Австрија беше спречено – нашиот претходен престој во Австрија бил искористен од белградската полиција да ни припише некои активности со кои божем сме се занимавале, активности што биле од таква природа, кои можеле да го нарушат редот и мирот во Југославија, а следствено да ги нарушат и добрите меѓусоседски односи меѓу двете држави. Истите, буквално истите мотиви беа и на чехословачката амбасада во Берлин, така што и патувањето од Берлин преку Прага и Братислава, а од таму по Дунав за Бугарија беше исто спречено. А, пак, патот Берлин – Хамбург – Цариград беше многу долг и сама жена со две деца, од кои едното беше уште пеленаче, не беше лесно да патува, без да не се случи некоаја несреќа. Останувашe еден, единствен пат – патот преку Полска – Лвов – за Романија, но останувашe, пред сè, да се види дали романската амбасада ќе ни ја одобри потребната транзитна виза за Турција. Огромно беше изненадувањето, па и радоста кога успеав да добијам, како за себе (со мојот турски пасош), така и за сопругата со двете деца (со бугарски пасош), романска виза и преку Полска, преку Романија-Констанца, да заминеме за Цариград, каде можев да преживеам како емигрант.

На некои од другарите во Берлин тоа заминување им се виде нешто како бегство од нив, знак за прекинување на секакви контакти и некои на секој можен начин сакаа тоа мое патување да го протолкуваат како белег дека во Организацијата се случува расцеп, фракционерство, исто како што обично се случувало во минатото – на или по конгресите поделби – па потоа надвор од нив се бараат идејните основи, разликите и др. Во конкретниот случај такво нешто немаше, туку станувашe збор да се исполни една конгресна одлука,

на која сите требаше да ѝ се потчиниме и да ја исполниме. Точно е дека како Г. Д.[114] така и Д. Ч. на секој начин бараа јас во никој случај да не го напуштам Берлин, зашто сметаа и ме увеpуваа дека за мене има друга работа со која можам да бидам на услуга на движењето и на самата Организација. И јас верував и бев убеден во тоа, но Бугарија ја бев напуштил како македонски активист, талкав по Цариград, долго престојував во Виена и Берлин, ризикувајќи дури да го изгубам и животот, зашто во тие места живеев со вистинското мое име и со семејството, а не како некои други, за да им се изгубат трагите пред некој изнајмен убиец, какви што имаа нашите непријатели од таборот на врховистичката ВМРО и во Цариград, и во Виена каде, како што се знае, падна трагично убиен Т. Паница, д-р Ф. Атанасов беше ранет, а, исто така, во Милано беше убиен, повторно од наемен убиец, и П. Чаулев, само затоа што остана доследен на себе си и не го потпиша фамозниот „демант" по објавувањето на Мајскиот манифест.

И така, кон крајот на август 1928 година[115], јас бев веќе во Цариград, каде се упатија и неколкумина други од другарите кои престојуваа во Берлин и Виена. Набрзо потоа се разбра дека конгресот се состанал и оти тој е веќе затворен, без на мнозина да им биде познато што точно се случувало во Берлин, бидејќи делегатите само што се беа вратиле и сè уште не дале отчет пред сопствените организации за случувањата. Но, уште во првиот момент се прошири глас дека конгресот завршил со расцеп и многумина од нашите истомисленици и соработници, како во првата, така и во третата револуционерна област, сакаа да дознаат, да разберат непосредно, усно од нас што се беше случило во Берлин. Во период од две-три недели во Цариград се собравме речиси сите незадоволни активни дејци во ВМРО (Обединета), кои престојуваа како емигранти во западна Европа, некои во Цариград и во третата револуционерна област. На одделните средби и разговори се протолкува дека се налага да се свика една посебна конференција на која, откако ќе сеислушаат извештаите на учесниците на конгресот, ќе се направи соодветна проценка и да се види за во иднина што требаше и се наметнуваше да се прави. Беше искажана и желба да се повикаат и лица од првата револуционерна област, кои ќе присуствуваат на заседанијата на конференцијата. Тоа, меѓутоа, не беше умесно да се направи, зашто доаѓањето на неколку лица од третата револуционерна област сепак можеше да се

[114] Се однесува на Георги Димитров.

[115] Се однесува на 1929 година, бидејќи само неколки месеци потоа се одржала Цариградската конференција.

прикрие и оправда поради блискоста меѓу Пловдив – Сер – Цариград и постоењето на редовните трговски и други комуникации. Но, да дојдат лица од Скопје, Велес, Куманово, Охрид, тоа значеше уште првите денови по пристигнувањето да бидат откриени и забележани од агентите на српската амбасада, кои и без тоа будно следеа сѐ. Иако голем и распространет град, Цариград имаше само еден-два кварта – Пера и Галата – каде можеа сите новодојдени да се движат и живеат, и само таа околност беше доволна за да бидат дознаени не само од турската полиција туку, што е поважно, и од тајните агенти на српската полиција, па по нивното враќање во родните места веднаш да бидат уапсени. Ете зошто јас се спротивставив на доаѓањето на кои било лица од првата револуционерна област, не зошто беше излишно, туку зашто ризикуваа да бидат разоткриени, а според тоа и да настрадаат само затоа што се преместиле, односно дошле во тоа време во Цариград, каде требаше да се одржи договорената конференција. Впрочем, и собирањето на повеќе лица беше излишно, зашто целта на конференцијата не беше да одреди нови патишта на борба, ниту, пак, да определи нови идејно-организациони цели и задачи, ниту да ги промени организационите форми, туку за да се каже и да се знае како заврши конгресот, откако ќе се направат соодветните констатации од кои требаше и за во иднина да се заземат цврсти ставови. Со други зборови, колективно да се протестира пред соодветните фактори за да си донесат заклучоци и до крајни можности да се стори потребното за да се поправи грешката, зашто ако останеше така како што беше и како што беше зацртано на конгресот, Организацијата не само што не ќе можеше да се прошири и зацврсти, туку можеби ќе ги изгубеше и тие кадри, кои со толку големи напори ги беше придобила и приклучила во своите редови. А токму тоа беше неопходно, зашто Организацијата требаше или да се зголеми, пришири и зацврсти и да стане масовна или, пак, задолжително да се намалува, бидејќи таа не можеше да биде ем така едноставно туѓа и да остане во една и иста положба. Таа или требаше да чекори напред или да тргне назад, без да се знае до каде може да стигне тој пад додека не ја најде најниската точка на тоа распаѓање.

Но, уште пред и за време на конференцијата, нашите другари и истомисленици, кои останаа во Берлин за да ја претставуваат Организацијата, усно, а и со една избрзана белешка напишана во органот „Македонско дело“ беа рашириле глас меѓу членовите на Организацијата дека ние, оделените, сѐ уште сме „пиеле“ од Организацијата и како „ситно-буржоаски елементи“ не само што сме внеле расцеп, фракционерство во самата Организација, туку сме сакале

да ја промениме, да ја поместиме и самата револуционерна линија, што тие и само тие строго ја чувале или, како што се подразбираше, можеле да ја чуваат од странични посегнувања. Околноста што некои од нашите истомисленици и членови на Организацијата сметаа дека идејата за Југословенска федерација е еден чекор кон создавањето на идната Балканска федерација, а други, поради свои лични причини или интереси, меѓутоа без каква и да е општа полза, се беа доста приближиле до некои влијателни лица од бугарските земјоделски водачи, емигранти во Југославија, воопшто уплашени дека во еден подобен момент може да дојде до формален расцеп, а некои поединци и групи, кои стоеја подалеку од Организацијата, но беа во лични контакти со многумина од нас, можеа да се лизнат и дури несвесно да тргнат по друг пат – сето тоа внесуваше стравување, што ги обеспокојуваше далекувидите и искрените скептици за создадената ситуација во Организацијата, па правеа сè што е можно, на дело, да не се направи некој погрешен чекор, некоја грешка, која и да не би била фатална, сепак лошо би се одразила врз идејните и организациони позиции и форми на Организацијата, како вистинска македонска национално-револуционерна организација. Според тоа, сè што требаше и можеше да се направи за да се смират заинтересираните лица и фактори, оние кои стоеја надвор од Организацијата, но според задолженијата поставени да бдеат врз неа како Д. Ч., Г. Д., Д. Ч. и С. останат како нивен заменик. Истовремено со тоа конференцијата беше отворена[116]. Се изложи сè, како, каква беше процедурата околу свикувањето и одредувањето на составот на конгресот, како беа спречени да присуствуваат на конгресот делегатите од првата револуционерна област, какви промени настанаа во уставот на Организацијата, по кои прашања се појавија разногласија и како фактички завршија дискусиите и какви одлуки се донесоа, како и кои беа избрани за членови на Задграничното биро, зошто сите се збунија од поведението и држењето на некои од делегатите комунисти-партијци.

Од изнесеното се виде дека делегатите од третата револуционерна област не изложиле целосно и правилно како стојат работите во организационен однос, некои работи биле прикриени или намерно премолчани и сите се зачудија зошто на конгресот присуствувале само тројца Македонци и тоа комунисти-партијци, кога требало да се појават многу повеќе и тоа од групи и средини од Македонија

[116] Конференцијата се одржала во средината на ноември 1929 година во Цариград.

под бугарска власт – Петричкиот крај, а, исто така, и повеќе лица од македонската емиграција во Бугарија. Се изнесоа дури факти и се посочија лица, кои биле спречени да учествуваат во организацискиот живот, бидејќи биле одбиени, заблудувани по редица прашања и како дури поради сето тоа неколку души од третата револуционерна област организирале свој собир со знаење и согласност на Г. Занков и дека донеле одлука, што требало да се внесе и да стане составен дел на самиот конгрес и др. Општо речено тоа што се виде и забележа на самиот конгрес, фактички постоеше долу во организациите, а на врвот си остануваа умислено, свесно како од фанатизам истите лица и поредокот. Сите се согласивме и се убедивме какво зло и недостатоци постојат во врвот, а според тоа и се пренесуваат во самата организација, од горе остануваше и за во иднина да постојат работи и да се одвиваат како до конгресот, без да има каква и да е надеж дека би можеле да бидат отстранети, па формирањето и функционирањето на самата Организација да бидат олеснети, откако таа ќе се зголеми и заживее, откако ќе се повикаат и привлечат нови национални сили како што дотогаш беше утврдено, без оглед на нивните политички убедувања или општествена и класна положба. Доволно е само да ги сфатат и прифатат идеите содржани во програмата и уставот на самата Организација како национално-револуционерна.

Во создадената ситуација имаше два пата: или да се започне борба од долу, од организациите такви какви што беа и да се наложи желбата и волјата на мнозинството или, пак, да се апелира кон повисоките тела и од таму, од горе да се поправи грешката. Според нашата општа проценка, откако сѐ беше земено предвид, секаква иницијатива преземена од долу можеше да биде само штетна и со ништо да не придонесе за надминувањето на меѓусебните кавги и прогони, што можеа да дадат само негативен резултат, зашто не стануваше збор за поправање на идејните становишта, туку да се вразумат одделни лица, кои било од тесноградост, од фанатизам (заколнат непријател на секоја согласност, тој затвореник само на една идеја, кој сака да го заклучи во својот затвор целиот свет) и секташтво (како слепа упорност во желбата да ги разбереш другите) сакаа да се наметнат, вообразувајќи си дека партијата, според должностите и намената, како ударен одред на пролетаријатот, селаните и работниците, би требало да ја води и насочува како класната, така и борбата на националностите, односно целата национална борба. Да, така би требало да биде, како што теоретски беше прифатено и од Коминтерната. Меѓутоа, прво се поставуваше прашањето имаше ли соодветен, подготвен апарат и кадар, кој макар теоретски ќе знае како ќе треба да се води и

насочува борбата на онеправданите, угнетени, потиснати народи и националности. Второ, имаше ли тој апарат усвоено соодветен за времето и местото пристап како практично, на дело да се пристапува за да може движењето, организацијата, воопшто борбата да се насочи правилно и да можат колку што може повеќе луѓе да се ангажираат во движењето, па организацијата да стане масовна, зашто само како таква таа можеше да ја исполни својата историска задача. А не само да се бара примена на еден принцип, без присуство на доволно и тоа подготвени лица, активисти кои произлегле или живеат меѓу самиот народ и кои ги познаваат локалните специфични услови за да направат во секое време правилна анализа за реалните сили во секоја област и на националноста што живее во неа.

Во случајов не се работеше за тоа да се обузди, да се надмине амбицијата и фанатизмот на неколку поединци комунисти-партијци, кои сакаа да се истакнат и одликуваат со својот престиж. Тргнувајќи од една објективна проценка, злото беше, како што ќе видиме подолу, поголемо и подлабоко – да се реагира на соодветен начин пред друг, многу поголем фактор, без чија што помош и соработка ниту ние сите заедно, партијци или непартијци, ниту Организацијата, ниту самото движење како национално-револуционерно, не можевме да направиме ниту чекор напред, наспроти сите наши напори и жртви. А, како можеше да се постигне тоа?

Да се започне борба од долу, тоа значеше да се создадат други, многу поголеми потешкотии или да им се создадат многу поголеми немири и главоболки на одлучувачките фактори и лица, кои и без такви компликации за кусо време ќе ја сфатеа и разбереа создадената ситуација и едноставно, со една одлука, со еден замав ќе ги спречеа сите натамошни предизвици и несогласувања. Зашто, тие фактори преку своите органи и лица ги имаа сите можности и сето искуство да набљудуваат и да донесат соодветни мерки, со кои злото, ако не може апсолутно да се спречи, барем ќе се сведе на минимум.* Доволно беше да се истакне самата реална ситуација.

Ете зошто и наспроти расположението и желбите кои беа создадени меѓу делегатите на конференцијата, требаше ситуацијата да се смири и да не се оди во крајности, што можеа да бидат фатални

* Впрочем, од едно-две писма, што пристигнаа во Цариград од Г. Димитров и Др. Ч. јасно се гледаше дека тие уште тогаш го сфаќаа, разбираа и правилно го објаснуваа сето тоа што се случуваше и се случи на конгресот и уште во првиот момент предупредуваа да не се направи некој гаф, што ќе се искористи од поробувачите на македонскиот народ...

за движењето и добредојдени за непријателите, поробувачите на Македонија. Наместо страстите да се разгоруваат, наместо да им се дава простор на амбициите на некои лица, кои не можеа да се ослободат од своите лични, егоистички или славољубиви намери и интереси, требаше да се стори нешто со што ќе се предупредат заинтересираните фактори во СССР. Тоа беше причината за одлуката да се испрати една резолуција во која ќе се истакне дека не се работи за промена на револуционерната линија, дека не се работи за неостварени амбиции, туку за ставање под контрола на неколку поединци, кои дотогаш, поради положбата што ја заземаа, се користеа со поголема доверба, без целосно да ја оправдаат. И во самата резолуција се подвлече дека нашите другари комунисти-партијци, од лични причини или од фанатизам и секташтво се покажаа како вистински фанатизирани завидливци на сите лица од различни средини, барајќи од нив да им се потчинат на нивните сопствени сфаќања, не прифаќајќи притоа никакво друго размислување и не покажувајќи ниту елементарна толерантност спрема повеќето членови на Организацијата, без да водат сметка дека ако има недоследност, има и заблуди и дека „фанатизмот и злиот гениј на човечката природа“. Така, тие фактички го создадоа и го поддржуваат фракционерството во Организацијата, за што треба да одговараат, бидејќи фактички не ние, туку тие беа и се вистински фракционери, сепаратисти. Таа резолуција – протест се испрати до компетентни лица и кругови во СССР за да си донесат заклучоци, без да сметаат дека кај нас има желба за поделба и бегство од претходно зацртаниот пат, посочен во Манифестот, програмата и уставот на Организацијата. Резолуцијата-протест беше потпишана од сите, откако беше одлучено да биде направена во три примероци од кои еден да му биде предаден на соодветниот претставник на СССР. Се одлучи, едно лице, кое најмалку може да се обвини дека зазема страна во случајот, доволно докажано во сите спорови и недоразбирања, чие минато, општа култура, како и возраста беа гаранција дека сè ќе изложи правилно, вистинито, така како што беше во реалноста – Мих[аил] Герџиков лично да ја поднесе резолуцијата-протест и ако е неопходно и од своја страна да ги даде сите неопходни докази и објаснувања. Впрочем, тоа го побара и наложи самата конференција, за да не им се даде простор на страничните клеветења во кои можеше да има субјективизам, па дури и извртување на некои работи и прашања. Меѓу нив, секако, и тоа за Југословенска федерација, прашање што наспроти желбата на два-тројца од делегатите не се разгледа, зашто беше беспредметно и се остави за некоја друга прилика „sine die”[117],

[117] Без (определен) ден (лат.).

евентуално ако подоцна се наметне да биде свикан редовен конгрес со делегати од трите револуционерни области. Така се реши и тоа чувствително прашање, што впрочем се истакнуваше поскоро како параван за да се прикријат други факти и намери, кои, пак, лошо се одразуваа врз нашите другари комунисти-партијци. Тие, всушност, бараа секаков повод за да го оправдаат своето држење не само пред и за време на заседанијата на конгресот, туку дури и многу порано, уште првите месеци по создавањето на ВМРО (Обединета).

Така, конференцијата беше затворена, дојдените делегати од Третата револуционерна област на делови, во групи од по двајца-тројца успешно се вратија назад, во местата каде живееја, а другите, сè уште емигранти, останавме во Цариград и секој посебно бараше начини и можности да преживее, додека се вратиме во Бугарија. Другарите комунисти-партијци останаа да ја водат Организацијата, всушност, да тапкаат во место, без да можат да направат нов чекор напред, додека речиси сите непартијци останавме пасивни, како набљудувачи. Со два збора, во тој момент можеше да се одговори и да се реагира само со еден пасивен отпор и спротивставување. На тој начин, ВМРО (Обединета) поради текот на околностите остана на една замрзната точка!

Ете како, по четиригодишно постоење, Организацијата падна во рацете на неколку лица, кои поради секташки сфаќања, наместо да придонесат таа да оди напред, го спречија нејзиниот развој. Како нејзина цел да беше да се претвори во група од неколку лица, кои можеа да бидат една секта или најмногу еден литературен кружок, за да шират некои повици и брошури исполнети со голи револуционерни фрази за заедничка револуционерна борба во Македонија и на Балканот, а, всушност, самата Организација плаќаше скап данок на левото секташтво и фактички во неа се внесе фракционерството, што тие го поддржуваа на дело. Под изговор да не се дозволи десниот опортунизам, во Организацијата се внесе едно лево секташтво, што беше еднакво опасно, како што можеби ќе беше и доколку се дозволеше и каков и да е десен опортунизам. Во желбата да се избегне една опасност, која доаѓаше од десно, се вовлече друга – од лево – и општата, да се послужам со изразот на самите комунисти-партијци, генералната линија на Организацијата се измести и само времето, покусо или подолго, беше единственото спасоносно средство. Требаше да се чека додека се создадат нови услови за понатамошна работа внатре, во самата Македонија, и меѓу емиграцијата. Од основањето на ВМРО до последниот момент, што го преживеавме, се сметаше дека најголемите пакости за македонската кауза доаѓаат од десницата.

Во прво време таканаречените „еволуционисти“, кои сакаа не само Организацијата, туку и целото бугарско население, со своите црковно-училишни и други културни институции-читални, друштва и др., да го потчинат под влијанието исклучиво на Егзархијата, зашто сметаа дека тоа е единствениот правилен пат од кој никој, во името на братската и народносна солидарност и единство, не треба да застранува, туку да се потчинат на една чисто духовна, попска дисциплина, во која рутината, сето реакционерно за новото време и за веќе променетите политичко-економски услови од времето на уредувањето на самата Егзархија се беа промениле, па според тоа наметнуваа едно противдејство од страна на посвесните и прогресивни сили на бугарското население внатре во Македонија. Подоцна, со создавањето и формирањето на таканаречените „революционерни“ братства, што не беше друго, туку прво посегнување врз самата, новосоздадена ВМРО, за да се уништи уште во својот зародиш секакво революционерно осило и да се измести нејзиниот револуционерен карактер, пат и методи на борба. Со заеднички напори во кои прво место заземаа повторно лица од првата тогашна левица која се појави на сцената, тие интриги можеа да се спречат. Но, во друга форма се појави бугарскиот врховизам претставен од Врховниот македонски комитет во Софија, кој со уште погруби средства и методи, овојпат пат веќе и со оружје в рака настапи преку границите во внатрешноста, дури до Костурско и Охридско се создадоа луѓе и центри потпомогнати и со вооружени чети, кои отворено, со оружје в рака, со убиства и делумни востанија и на секој начин сакаа да ја преземат самата Внатрешна организација и да ја потчинат на туѓа волја или да ја искористат не во интерес на македонскиот народ, туку за други лични, партиски, дворски или дури државни интереси.

По Илинденското општо вооружено востание, по цена на многу човечки и материјални жртви и таа опасност, во рамките на тогашните можности беше отстранета, потоа се појави нова реакција во време на Хуриетот (1908 г.), со цел навистина, пред сè, да го компромитира младотурскиот режим, но истовремено и да се крене со сите можни средства против секаква левица во македонското национал-ослободително движење. По сплет на редица локални настани и околности и во тој однос од страна на десницата се направи сè што беше можно за да се внесат секакви забуни, да се разгорат страстите, дури да се дадат и жртви за да се спречат и тие интриги. Во сите тие макар, релативно земено, мали временски периоди, левицата периодично, така како што се оформувала и пројавувала според локалните услови и околности, секогаш нецелосно групирана за да

опстојува на своите разбирања и барања, на својата програма и крајна цел, одвреме-навреме, во најкритичните и судбоносни моменти била напаѓана, разнебитувана, откако водечките активисти во неа биле или физички ликвидирани или морално, со сите средства со какви може да располага една држава, дискредитирани пред простата народна маса само и само да се наметне една политика на заземање, завладување или најмалку на поделби и опседнување на тоа што е можно.

Делумно или групно, левицата таква каква што можела да се оформи и појави со што и да е, исмејувана и клеветена, била предмет на прогони и истребување само и само реакцијата, како секоја мрачна сила, како секоја реакција да се наметне... Левицата за сето време, дали поради недостиг на средства и можности или поради несоодветни локални услови во грубата македонска реалност, секогаш била поделена, раскинувана, победувана, но никогаш целосно не била уништена. Дури и по крвавите септемвриски денови по повод убиството на Т. Александров, кога со знаење и согласност на самата бугарска влада беше издигнат во систем лозунгот – убивајте ги водечките личности и дејци за да се уништи самото движење – и кога не поединечно, туку масовно се уби цветот на македонската интелигенција ангажирана како во легалната, така и во нелегалната револуционерна борба, повторно десницата, реакцијата не можеше целосно, без остаток да ги уништи сите левичари, во случајот македонски дејци. И покрај сè, повторно останаа лица, кои со ризик да бидат беспоштедно ликвидирани, при такви потешкотии и премрежија што доаѓаа од сите страни, успеаја да се соземат, односно левицата успеа да се соземе, да се групира и со помошта и соработката на СССР да се оформи и да означи почеток и на една вистинска национал-револуционерна организација, со една челична и кристално чиста идеологија. Но, во последен момент, кај средините на крајната левица, наместо на поддршка, поттик, помош и соработка, наидовме на една сериозна пречка, која иако надминлива, сепак беше пречка за понатамошниот побрз и правилен развој на самата организација.

Како и со што да се објасни тоа? Дали во случајот игра улога некоја органска фаталност присутна кај речиси сите ориентални народи или се должеше на некаков детерминизам или, пак, на нешто реално, постојано, непроменливо, строго неопходно и што секогаш со една железна неизбежност се наметнува во разни времиња? Ете тоа беше една загатка, една енигма и во македонското национално-революционерно движење. Околноста дека во внатрешниот живот на БКП во тоа време се случи една чудна, според својата појава, фактички наметната промена на лицата и тактиката на партијата

и се зазема секташкиот курс (февруари 1929 до 1935 г.), за којшто се воделе спорови уште по Септемврискотo востание, уште повеќе придонесе токму тие години што беа најблагопријатни за растеж и развој на ВМРО (Обединета) да минат во летаргија, во едно суштинско вегетирање, и како нарочно да им се даде пат, време и можност на врховизмот и реакцијата да се шират сè повеќе, иако сè позитивно и слаткоречиво покажуваше и говореше не во полза на врховистичката ВМРО, туку во полза на ВМРО (Обединета) дека таа е единствениот следбеник кој може и ќе треба да го продолжи развојот на основната идеја за издвојување на Македонија во одделна политичка единица, првично како идеја за нејзина автономија, и дека идеите на левицата од минатото, сега беа историски точни и потврдени од самиот живот. Зашто, по сето преживеано, вклучувајќи ги и трите војни, за време на кои армијата и народот покажаа огромно самооткажување и подготвеност за секакви саможртви, беспримерни во најновата историја, сепак крајната цел – слободата на Македонија – по тие патишта, што беа посочувани од десницата земена во сите нејзини пројави, не можеше и не може да се реализира. Патот беше и си остана еден, единствен – масовната револуционерна борба за издвојувањето на Македонија во една одделна слободна и независна политичка единица во рамките на една идна Балканска федерација. Тој беше и си остана единствениот пат, што требаше и ќе треба да се следи како од левицата со сите нејзини разграноци, групи, па дури и фракции, така и од самата десница, која волно или неволно ќе се подвитка и ќе се потчини на општиот, челичен закон на општествено-историски развој, како на Македонија земена како одделна област, така и на Балканот земен во својата општост како една географска и економска целина.

Како што забележав погоре, токму во тоа време, пак ќе повторам, по силата на една фаталност во БКП се беше наметнал по сплет околности и причини непознати и за нас тешко објасниви, таканаречениот левосекташки курс, што продолжи дури до 1935 година и по 19-то мајскиот повторно ноќен државен преврат, со кој, како што се знае, се воведе една воено-фашистичка диктатура, која, пред сè, ги уништи не само елементарните демократски права и слободи на бугарскиот народ, туку ги забрани и сите постоечки политички партии, а, исто така, и ВМРО, како и сите други македонски организации и нивните разграноци и групи... Новата државна власт во својата желба да спречи една отворено веќе штетна и опасна македонска „революционерна“ групација – ВМРО – со своите мерки отиде во друга крајност, откако на секој начин спречи и секакво

македонско движење. Поради Никола се замрази и Св. Никола. Поради бељата се запали и самата черга – тоа е смислата и објаснувањето, што можеше да се даде за преземените од новата бугарска влада мерки против сето македонско во Бугарија. Тоа од една страна. А од друга, левосекташкиот курс на партијата уште повеќе, несвесно, автоматски попречи ВМРО (Обединета) да добие пошироки размери, па таа се сокри во својата лушпа, во својата кора од која тешко можеше да излезе. Тоа, впрочем, стана и дел од резолуциите на вториот пленум на ЦК во 1929 година, а, исто така, и на резолуциите на четвртиот пленум во 1934 година, како за општата ситуација на државата, така и за тактиката и воопшто работата на БКП, како што се разбираше од нејзините тогашни раководители на чело со ЦК. Така може да се објасни и разбере дека грешката и во ВМРО (Обединета) беше една од последиците на таа погрешна проценка и тактика на ЦК на БКП, па според тоа, само време беше тоа што можеше да ја зацели таа рана. И најголемите лица и фактори во БКП не беа во состојба и не можеа така лесно, односно брзо да ги поправат грешките во проценките и тактиката како на ЦК на БКП, така и таа на ВМРО (Обединета).

Едвај познатиот извештај на В. Коларов, поднесен пред едно собрание на бугарските емигранти во СССР, во Москва, можеше да им ги отвори очите на сите и да се тргне по друг, поправилен пат и насока, да се обезбеди враќање на организационата работа. Дотогаш секаква критика на раководството се сметаше како критика и поткопување на авторитетот на партијата. Големата вода се прелева во малата. Така беше и во ВМРО (Обединета) на чело со нејзиниот ЦК, а подоцна и нејзиното Задгранично биро.*

* Д-р В. Коларов во својот историски извештај со една голема логика и убедливост, на еден красноречив начин, со докази и факти, укажа на погрешниот пат на врховното раководно тело на БКП, откако детално ги изложи основните, според него главно четири точки – грешки на ЦК: 1. неправилната, погрешна проценка, пред сè, на општата ситуација во земјата, 2. помасовната работа меѓу синдикатите на работниците и селаните, 3. создавањето и изградбата на единствениот фронт против настапувачкиот фашизам што раководителите го сфаќаа поскоро како средство за разобличување како опортунисти на шефовите и водачите на останатите партии, а не како средство во борбата против фашизмот, 4. однесувањето на БКП спрема работничката партија до нејзината забрана по 19 мај 1934 г. Освен тие основни грешки има и редица други, што предизвикуваат смев и недоразбирање. Ако така беше со горепосочените работи, што остануваше за работата меѓу националностите, на која и без тоа се гледало како на второстепена и третостепена работа на партијата!

А, во тоа време внатрешните борби во ВМРО се заострија, се разгореа, особено по убиството на Ал. Протогеров, обвинет и тој како комунистите во убиството на Т. Александров во 1924 г. Борбата толку се засили што речиси секој ден по улиците на Софија, како и во некои други градови паѓаа убиени и од двете крила – Ив. Михајлов и Ал. Протогеров. Крилото на Ив. Михајлов, како и самата влада, погрешно мислеа и си вообразуваа дека со еден позасилен терор и демонстративни убиства ќе можат конечно да го скршат и уништат другото крило – протогеровистите. Владата на чело со министерот претседател Анд. Љапчев, можеби под странични, надворешни и внатрешни влијанија, иако јавно се изјаснуваше против убиствата за што, впрочем, и не можеше да каже друго, тајно и тивко го поддржуваше крилото на Ив. Михајлов, па според тоа ги оставаше да се убиваат меѓусебно, сметајќи дека на тој начин борбата ќе заврши поради недостиг на борци. Односно, не сакајќи и не можејќи да преземе сериозни мерки и како секоја влада да остане на висината на задачата, таа како да целеше колку што може повеќе и побрзо да се убијат македонските дејци и само на тој начин да се омаловажи, ако не целосно да се уништи и да им се земе од рацете на самите Македонци и самото ослободително движење.

По генерал Ал. Протогеров, падна убиен и Г. Баждаров, а по него Пундев[118] и уште други македонски активисти. Подоцна ќе биде убиен Михајлов[119], а по него Сим[еон] Ефтимов и уште некои од крилото на Ив. Михајлов. Исто така, од михајловистите ќе биде убиен д-р Вичев, идеологот на добруџанското прогресивно, национално-ослободително движење, а подоцна како народен избраник и Хр[исто] Трајков заради неговата припадност на ВМРО (Обединета) и потпишаната декларација за целите, задачите и методите на борбата на македонските прогресивни дејци, а по него и Кавракиров, повторно како еден од приврзаниците и работници во ВМРО (Обединета).[*]

Во тој жесток крвав двобој, освен жртвите што се дадоа од македонските прогресивни дејци, и двете крила во ВМРО дадоа скапи жртви, меѓу кои паднаа и сосема невклучени во ништо, невини бугарски граѓани, што толку го одвратија мнозинството граѓани кое со презир

---

[118] Се однесува на Михаил Пундев.

[119] Се однесува на Димитар Михајлов, претседател на Македонскиот национален комитет.

[*] Кавракиров ќе биде однесен во Петричкиот крај, разнесуван долго време од село во село и по 19 мај 1934 година ќе биде жестоко убиен.

и одвратност го спомenуваше името Македонец. Македонофобијата беше силно развиена. Многу свесни, чесни и разбрани граѓани сметаа дека ослободителното движење е веќе на залез и наспроти сите дотогашни човечки и материјални жртви, кои како Македонија, така и бугарската нација ги беше дала во минатото – пред, за време и по востанијата, и во трите истоштувачки војни, што предизвикаа и две народни катастрофи – остануваа со убедувањето дека македонското прашање, каква разврска и да добие, е веќе работа на бугарската држава, а не на македонското население со неговите легални или нелегални револуционерни организации. Така, се подготви терен какво и да било решение да најде официјална Бугарија, тоа брзо и лесно да биде прифатено од бугарското општествено мнение, кое навистина беше одвратено од сето македонско во Бугарија.

Дури, заинтересирани официјални лица и фактори во западна Европа сметаа дека влијанието на Македонскиот комитет сè повеќе и повеќе се намалува и оти со тек на време ќе стивне и самото македонско прашање, што и без тоа, по општоевропската војна, ја беше изгубило својата акутност, па посебното македонско национално прашање се беше преобразило во едно чисто државно, владино, а според тоа, бугарската држава е таа што конечно ќе треба да расчисти со него. На тој начин ќе се отвори пат за една поблиска соработка меѓу Бугарија и Југославија, што претставуваше и голема желба на силите победнички Франција и Англија. Дури, во Домот на општините државниот потсекретар за надворешни работи изјави дека Македонскиот комитет сè повеќе го губи своето влијание и оти постојат сите знаци дека и самото прашање ќе стивне, ќе исчезне од европската сцена...!

Во 1930/31 година, владата на Демократскиот сојуз на чело со Анд. Љапчев веќе сè повеќе губеше терен и на изборите во 1931 година бугарскиот народ само со гласачки ливчиња можеше да ја симне од власт таа влада, што ќе биде заменета со друга на таканаречениот Демократски блок, во кој влегуваа земјоделци, демократи и дел од национал-либералите, на чело со министерот претседател Ник[ола] Мушанов, демократ, и министерот за внатрешни работи Ал[ександар] Гергинов, исто демократ, двајца стари, сталожени и искусни парламентарци, општественици и бугарски државници. Тие, како што се знае, ја продолжија речиси истата политика во однос на македонските активисти од крилото на Ив. Михајлов, па теророт, прогоните и убиствата продолжуваа. Во време на нивното управување братоубиствата стигнаа до степен на кулминација. Протогеровистите ставени во позиција на самоодбрана, се соземаа, се сплотија и успешно

одговараа со контраудари на секое убиство извршено од нивните противници михајловисти, кои ја држеа ситуацијата под контрола и беа вистински организатори во Петричкиот крај, како и во некои погранични реони Ќустендил, Г. Џумаја и други. По нивна иницијатива ќе биде свикан еден многуброен народен собор во Г. Џумаја, каде масовно се слеаја делегации од разните македонски здруженија и поединци како од сите краишта на Македонија под бугарска власт, а, исто така, и многубројни делегации на македонските братства од внатрешноста на Бугарија, кои го претставуваа огромниот дел од македонската емиграција во Бугарија. Таму, во Г. Џумаја, на отворено, на самиот плоштад, во присуство на неколкуилјаден народ дојден со знамиња и плакати со разни натписи, како и на официјални претставници – воени и граѓански лица од државната власт, најистакнатите претставници на ВМРО – Ив. Михајлов, држеа незаборавни говори. Свечено се прочита една резолуција, што се прифати со одобрување од сите собрани на тој народен собор, во која се вели: ...[120]

Тој акт, свикувањето на народниот собор во Г. Џумаја, прокламирањето макар само на зборови дека ВМРО не се откажала од идејата за автономија на Македонија, за нејзино издвојување во одделна политичка единица, независна од која и да е од балканските држави, идеја толку драстично јавно прокламирана и подвлечена пред многуброен народ, беше навистина еден голем политички чин, што го сврте вниманието на сите политички и општествени фактори во земјата. Се поставија прашањата што беше причината за тој многуброен митинг, зошто токму во тој момент изрично се подвлече идејата за издвојувањето на Македонија во посебна политичка единица и тоа од таа групација, која дотогаш ја спроведуваше и помагаше официјалната политика на бугарската држава, па според тоа и поделбата или присоединувањето на Македонија? Дали навистина тоа беше искрено или, пак, направено со цел да се сврти вниманието на некои внатрешни и надворешни меродавни фактори, кои требаше да донесат заклучоци од сето тоа? Или, пак, поради острите критики од сите страни или можеби парадоксите до кои беа стигнале тие епигони им налагаа да се појават со нешто крупно пред општественото мнение и да го кажат својот збор, заради смирување на сопствената совест. Или, најпосле како зрак, како момент на претпазливост во неизвесната иднина? Можеби и едното и другото. Но тоа, всушност, освен неколку души од иницијаторите на тој собор, никој друг не го знаеше и не можеше

[120] Реченицата не е довршена.

да ја знае суштината, внатрешните побуди или причини. Меѓутоа, од одзивот, критиките и проценките, што уште тогаш се направија од претставниците и симпатизерите на владејачките партии, се виде дека таа резолуција не наиде на целосно одобрување, туку дури, иако со доста смешни фрази и одбрани зборови, во секојдневниот партиски печат се разгледуваше како нешто противречно со националниот идеал на бугарската држава.

Компетентните официјални претставници, воени и граѓански, таа резолуција премолчано ја заобиколија, но во реалноста заземаа цврст став околу прашањето и се зафатија веќе на дело да ја реализираат идејата, дека идното разрешување на македонското прашање ќе се бара и ќе се добие не според желбата на постоечките македонски организации, па дури и на оние крајно десните, кои како „домољубиви“ организации не можат да се сметаат за штетни и опасни за државата, туку прашањето ќе се решава според реалните интереси на самата бугарска држава. И со оглед на тоа, се преземаа сите мерки Македонската организација да се собере во својата лушпа, да се ограничи до тој степен што со ништо да не може да ја попречува или да ѝ се спротивставува на официјалната државна политика во остварувањето на нејзините претстојни во блиско време поставени за разрешување задачи. Во тоа време, од аспект на меѓународната општоевропска и општобалканска положба, пред можната евентуалност да дојде до нови европски или балкански компликации, надвор од постоечките групации на големите западноевропски држави, надвор од постоечкиот мал договор (Југославија, Романија, Чехословачка), се создаде и таканаречениот балкански договор, што не беше друго, освен нов, потесен железен обрач против Бугарија.

Така, минаа неколку години без од наша страна да се искористат противречностите и меѓусебните борби на двете крила во ВМРО – михајловисти и протогеровисти. Некои од повидните личности на протогеровистите*, конечно раскинувајќи ги сите идејноорганизациони врски и односи со до вчера нивните блиски другари михајловисти, одамна беа во непосреден контакт со ВМРО (Обединета). Се организираа неколку средби, но не беше постигнат никаков резултат, зашто тие одбиваа отворено да се приклучат во редовите на ВМРО (Обединета). Тие ништо, апсолутно ништо не негираа од нејзината идеологија, одобруваа сè и бараа свои сојузници, но пред прашањето дека ВМРО (Обединета) им се гледаше нешто како додаток или разгранок на БКП, иако, всушност, не беше така,

* Мишо Шкатров, П[етар] Шанданов и други.

туку само зборовите и големите голи фрази на неколку фанатизирани лица ја претставуваа за таква, ги одбиваше и тие сè уште стоеја на страна, подалеку и се однесуваа со сомнеж и колебливост. Воопшто, не смееја да направат чекор напред во тој поглед. Нивното однесување и нивните објаснувања, нивните размислувања, некои од нашите другари комунисти-партијци ги земаа како причина и доказ дека тие се уште многу далеку од прифаќањето на идеите и методите на борба на ВМРО (Обединета), па оттука во сите нив, уште на самиот почеток требаше да видиме луѓе целосно оформени во размислувањата и волјата, исто како што беа некои други наши истомисленици и соработници, кои по сопствен пат и искуство ги беа сфатиле и прифатиле целта и задачите препорачувани и спроведувани од ВМРО (Обединета) по македонското национално-революционерно движење. А истовремено никако не се земаше предвид дека и тие македонски активисти беа рожба на една груба реалност. И тие беа ангажирани во една жестока борба и сето свое време, енергија, ум и волја ги трошеа во една конкретна ситуација, изолирани и оставени сами на себе, без доволно да бидат образовани и просветлени за да можат полесно да го видат и разберат историскиот пат на развој, што сè повеќе се зацртуваше пред македонските дејци. Па, откако ќе навлезат во него, постепено, со тек на време, сè повеќе можеа да ги видат, разберат и разграничат сите национални, верски, теориски и идеолошки грешки за да тргнат по единствениот, правилно определен революционерен пат – патот на масовната револуционерна борба, во заеднички фронт со сите постоечки национално-револуционерни и социјално-револуционерни организации, групи и лица, потпомогнати од СССР, како револуционерна држава и голем фактор во светот. Така што тие, „протогеровистите“, се најдоа во еден меѓупростор, со оглед како на вистинската реалност во која беа принудени да работат и да се бранат, така и на личните видувања на неколкумина, колку експанзивни и необуздани, толку и неискусни лица. А, меѓу нив имаше дури и такви што имаа раководни места и употребуваа средства и методи кои во ништо не се разликуваа од средствата и методите на нивните противници и непријатели-михајловистите, но наспроти сето тоа, сепак лица со боречки темперамент и подготвени да се саможртвуваат во името на една национална идеја. Најважно, суштинско во случајот е да се подвлече дека и во целиот тој период на меѓусебни борби и самоистребувања, од наша страна постојано се повторуваше само едно и исто, дека двете крила во ВМРО по ништо не се разликуваат, дека тие се гранки од еден ист корен, дека биле банди, кои се занимаваат исклучиво со убиства и терористички

акти итн. Редица епитети и обвинувања за да ги привлечеме, ако не сите повидни личности, барем некои од нив. Зашто, кога би дошле оние обичните, уште целосно не осознавајќи ја целта, задачите и идеологијата, сами по себе, автоматски ќе отпаднеа и ќе останеа на страна. Исто како кога еден поток ќе надојде, тој сè уште матен влече и носи со себе секакви остатоци, и суви и сурови дрва и корења, и треви и грмушки, но колку повеќе истекува, сите тие остатоци зафатени од водениот тек постепено остануваат на страна, од лево или од десно по бреговите, додека тоа што е најздраво и крто останува во водата и плива. Така, поради праксата усвоена од другарите-партијци да се прифаќаат само оние целосно осознаени, просветени и образовани, односно целосно идеолошки оформени лица, сè повеќе и повеќе наместо да се примаат, да се обединуваат во едно и постепено да се подготвуваат нови кадри, а Организацијата да расте и да се развива, како намерно да се правеше сè што е можно да се држат на страна и тие што даваа сигнали и знаци дека сакаат да соработуваат, да работат, да се борат така како што диктираат локалните услови и актуелниот миг. На тој начин, тие на лево гледаа или ситнобуржоаски колебливи елементи, подготвени во секој момент да се премислат, а на десно лица, кои според менталитетот, умот и образованието уште биле далеку од тоа да ги сфатат и разберат идеите и принципите на ВМРО (Обединета), притоа лица, кои се занимавале и уште се занимаваат со чисто теоретски активности – убиства и обиди за убиства на своите довчерашни идејни истомисленици, другари по идеја, судбина и оружје! Како резултат на сето тоа, кажано со два збора, и последните неколку години поминаа во летаргија, во вегетирање, а, пак, секаква иницијатива произлезена од долу, во Организацијата можеше да се протолкува како недисциплинираност, провокација и како ли уште не.

Откако владата на „Демократскиот сојуз“ беше сменета, и малкуте услови, што се беа создале за една пропагандна, просветна и организациона работа барем меѓу македонската емиграција не можеа да се искористат. Зашто, тоа значеше создавање ако не нов, тогаш барем друг, посебен центар за работа и пропаганда, за што беа потребни средства и нови жртви, без притоа да можеме да сметаме на каков и да е ефикасен и силен фактор, каков што беше и СССР, со оглед дека нашите другари-партијци таму се обидоа да нè претстават како расколници и сепаратисти, кои ја изместиле револуционерната линија, како заблудени елементи, кои „ниту се водат ниту се тераат“ и подготвени да ги сменат и своите и тие на Организацијата идеи и принципи. Чисто и едноставно типични ситнобуржоаски колебливи,

непостојани и недоследни на себеси елементи – редица епитети и препораки од кои и најнепристрасните набљудувачи би се потресле и уплашиле уште во прв момент. Да го споменам и тоа дека некои од нас, по Берлинскиот конгрес, за да ја докажат исправноста на своите тврдења и заклучоци за одвивањето на работите во ВМРО (Обединета), формално дури и пред Г. Д. се беа обврзале дека неколку години нема самоницијативно да преземаат ништо што би можело да ја попречи или обремени работата на ВМРО (Обединета), само и само да се остави целосна можност, новите раководители да се истакнат и да ја извлечат Организацијата од споредната улица.

Во таква ситуација, по слично претходно дадено формално ветување за пасивност од наша страна за извесен период, по резолуцијата од конференцијата во Цариград, во која црно на бело, јасно и определено се посочуваше од што сме незадоволни и за што, имено, протестираме, по однесувањето на сите нас, непартијците, во врска со нашиот конфликт околу чисто тактичките и организациони прашања, секакво обвинение, секаков укор за фашистички елементи (некои безочници како таков во Москва го посочуваа дури Атанас Хаџи Николов!), кои ја изместиле или сакаат да ја изместат револуционерната линија на Организацијата, можеа да се проследат само со смеење, со иронија или со сожалување. Ете, во таква слична ситуација беа стигнале и нашите другари-партијци, кои си воображуваа дека ќе ја возобноват и преобразат Организацијата, иако, всушност, не само што не ја зајакнаа барем со нејзините стари кадри, туку ја вратија назад, откако во неа останаа само комунисти-партијци, од кои навистина голем број Македонци, но кои не работат по некаков национален инстинкт или национално расположение и чувство, туку како обични членови, редови или функционери на БКП.

Всушност, сето тоа од некои од нас се знаеше претходно, уште во самиот почеток, како што беше кажано и подвлечено и во самата декларација, што јас во последен момент ја прочитав на конгресот во Берлин Во неа буквално стојат зборовите: „Јас ќе се покајам, ќе се сметам за виновен, ако за релативно кратко време Организацијата не само што нема да се зголеми и прошири, туку, напротив, ќе ги изгуби и тие кадри што ги има". Така и се случи. А тоа беше природен, логичен крај, зашто кога злобата и фанатизмот ќе најдат соодветна почва и ќе ги пуштат своите корени во една општествена религиозна, политичка, социјална или национал – револуционерна организација или општество, тие два порока, по силата на својата природа, уништуваат дадено општество, а во случајов и дадена организација. Така било и во минатото, со редица општества и со многу поголеми и

посилни организации, така е и сега, така ќе биде и во иднина. Злобата, фанатизмот и незнаењето си остануваат најзлите непријатели на секое човечко општество, на секоја организација, па одделно и за секоја човечка индивидуа каква и да е, каде и да е во светот. Злобата и незнаењето ти се најголемиот непријател – вели една арапска поговорка! А друга, пак, вели дека „една тешкотија не е тешкотија, туку неколку тешкотии се вистинска беља".

Токму во моментот кога по силата на настанатите во тоа време околности требаше да се плати данок на фанатизмот и секташтвото, во моментот кога и во животот на БКП – еден од нашите природни сојузници – револуционерната борба достигна кулминација, се наметна левиот секташки курс, во чие време напразно се вложија многу напори, се изгубија многу творечки сили и личности со силна волја и непоколеблив карактер, се дадоа големи материјални и човечки жртви во името на една земена сама по себе светла и благородна идеја, време поминато во реализирање на редица несоодветни на конкретната реалност пароли, време на голи, излитени, теориски апстрактни револуционерни фрази, време кога во Германија, каде беше Задграничното биро на ВМРО (Обединета), се појави, се оформи и дојде дури и на власт национал-социјализмот, германскиот фашизам, кој уште во самиот почеток се постави против сето напредно и прогресивно и со невидена жестокост ги прогонуваше сите социјал-револуционерни и соработниците со нив национално-револуционерни организации, групи и лица, за да го издигне во култ германскиот личен и колективен егоизам.

Колку повеќе национал-социјализмот во Германија и фашизмот во Италија се ширеа и ги опфаќаа сѐ повеќе широките народни маси, толку повеќе страстите, националистичките чувства и расположенија се заостruваа и разгоруваа и се дојде до жалната, срамна за векот глетка, јавно да се пали творештвото на писатели, мислители, сликари и поети само затоа што биле со марксистички или опиени со општочовечки, хумани мирољубиви идеи и мисли. Ако така се правеше со слични творештва и со следење на останатите, сѐ уште живи автори, што остануваше за останатите големи и мали социјал и национал-револуционери, кои во своите дела, практично, во животот сакаа и спроведуваа револуционерни идеи и принципи? Во таа новонастаната ситуација и членовите на Задграничното биро, против својата волја требаше да се оддалечат, да ги напуштат Германија и Австрија и да се преместат во некоја друга држава во западна Европа. Најпогодна во тоа време беше Франција, меѓутоа од таму врската со останатите членови на ЦК беше одржувана со редица

уште поголеми потешкотии и ризици, зашто Франција беше една од силите победнички, која на секој начин ги заштитуваше и помагаше Југославија и Грција како нејзини сателити, сојузници. Така што, и таму членовите на Задграничното биро одвај можеа да се пројавуваат и да го оправдаат своето постоење и својата дејност. А врските на ВМРО (Обединета) како со некои револуционерни фактори во СССР, така и со постоечките социјал и национал-револуционерни организации беа сведени на минимум, речиси прекинати. По силата на една неопходност, целата работа остана врз одделните обласни комитети, кои од своја страна беа и во новосоздадената ситуација не можеа да не бидат исклучиво под влијанието на раководството на централните комитети на посебните комунистички партии. Ете како и во организационен поглед, поради неопходност, ВМРО (Обединета) се најде под туторството и раководството на одделните комунистички партии во балканските држави. Тоа, всушност, не беше една тешкотија, туку еден логичен завршеток, зашто и по својата намена комунистичките партии, по општите директиви на главниот штаб – Коминтерната – се должни да водат, применуваат и воопшто да спроведуваат една општа контрола врз сите национал-революционерни организации во пределите на нивните национални граници, односно во границите на државите во коишто постојат и дејствуваат како социјал-револуционерни сили, со својот одбран легален и нелегален апарат.

Објективно погледнато, тоа и за нас македонските дејци беше добредојдено. Што подобро од тоа да најдеш луѓе, лица и организации, кои не само што ќе ти помагаат, туку на дело, во пракса ќе работат, ќе се борат за триумфот и успехот на националната идеја, за националното ослободување. Теоретски е така и така би требало да биде. Но, на дело, во пракса не беше така во ниту една од трите револуционерни области во кои се простираше влијанието на трите одделни партии – на бугарската, на југословенската и на грчката. Причините беа неколу: 1.) специфичните услови во животот на трите партии, со сите нивни позитивни и негативни страни во спроведувањето на нивната партиска програма и реализирањето на посебните, конкретни задачи, поставени за разгледување и разрешување; 2.) различната подготовка и усвојување и спроведување на ленинизмот по националното прашање според локалните, конкретни услови и околности. Со други зборови, не на секаде имаше добро подготвен апарат, што ќе може правилно да ги исфрла национал-револуционерните пароли и да ги применува, реализира и остварува според времето, местото и условите; 3.) постоењето на лица, задолжени со одговорна работа,

но без пракса, без революционерно искуство, туку задоени само со една општа теорија и идеологија, но со важни размислувања, а некои напоени и со еден туѓ фанатизам; 4.) недостаток на подготвени лица, од македонско потекло, кои ќе ги познаваат традициите, месните услови, битот, карактерот и воопшто политичко-општествениот живот во Македонија, кои, како што реков погоре, поради постоечките произволни и неприродни граници со кои Македонија беше одамна пресечена, придонесуваа животот во трите делови да се разликува еден од друг и затоа не треба да се применуваат едни и исти пароли или да се преземат едни и исти мерки и методи на работа, заеднички за трите дела. Работата на грчката КП во југозападна и источна Македонија се сведуваше на едно, таа на КПЈ се одвиваше во друг правец, а таа на БКП во сосема трет правец. Ние Македонците немавме доволно подготвен апарат, кој сам ќе го преземе тешкиот крст на новата масовна революционерна борба, што ќе се одвива во согласност и во меѓузависност со заедничката революционерна борба на Балканот. Покрај сите тие пречки и непријатни услови, работата и во трите дела продолжуваше, но извршувана, секако, од туѓи раце, од лица со други чувства и расположенија, повеќе како задача, отколку како долг произлезен од длабоките национални убедувања, чувства и страсти, така како што следува кај секој што го почувствувал и го чувствува товарот, јаремот и амутот на националниот гнет применуван од новите поробувачи. Поучени од минатото, пак, тие, новите поробувачи од кои некои биле борци и активисти и за време на турскиот режим, знаеја да искористат многу од приодите, начините и методите на македонските национални борби и веќе беа усвоиле една тактика за која требаше да се води сметка. Околноста што македонската национално-революционерна организација беше во контакт со социјал-револуционерните организации во заедничкиот балкански револуционерен фронт уште повеќе ги засилуваше прогоните и убиствата и насилствата стигнуваа до жесток однос на респективните полициско-административни, па и судски власти, зашто заедничката соработка со социјал-револуционерните партии и заедничката, сеопшта поддршка од СССР на сите тие револуционерни организации беше веќе една општа тајна. И во трите дела на Македонија, секоја личност, секоја група или организација, што одржуваше врски и контакти со соодветната социјал-револуционерна организација, се сметаше како одделен функционер, а групата или организацијата, каква и да беше нејзината природа, дури и чисто културно-просветна, се сметаше како разгранок на соодветната комунистичка партија и потпаѓаа под ударите на З[аконот) [за] з[аштита] на државата, што

беше применуван со драконски мерки и предвидуваше исклучително строги казнени санкции, кои честопати кога требаше да се применат на дело од судовите се стигаше до парадокси и апсурди. Но, и покрај тоа, учесниците и обвинетите на своите плеќи ја поднесуваа целата тежина, беа жестоко тепани и измачувани по полициските участоци со ќотек, па и со сите други инквизиции, а потоа со години беа по затворите за да ги издржуваат пропишаните казни и тоа само затоа што како Македонци се бореле и работеле дури само и со легални средства и методи за слободата на својата татковина – Македонија.

Така, на пример, во текот на 1936 година пред Софискиот обласен суд[121] беше судена една група, чии членови со апели, собири и други такви, чисто легални активности се беа појавиле како македонски активисти, кои припаѓаат кон ВМРО (Обединета) и од обвинителската власт се бараше да им се пропишат најстроги казни и притоа не според законот за гонење на забранетите со законот-наредба политички партии и други групи, туку според уништените и закон-наредбата за политички партии и други групи, а според З[аконот] [за] з[аштита] на државата. Пред судот се покажа и докажа дека тие младинци на дело не се појавиле со ништо друго, освен со тоа дека печателе или распространувале летоци и брошури во кои се развивала идејата за ослободувањето на Македонија и се постави прашањето, може ли еден бугарски суд да донесе една пресуда, да ги осуди затоа што работеле и ја пропагирале идејата за ослободувањето на Македонија, за која низа години постоеле цели организации и институти, кои легално, јавно, пред општественото мислење и надворешниот свет го пропагирале и барале ослободувањето на Македонија, за којашто и Бугарија како држава водеше три крвопролевачки војни, во текот на кои се дадоа огромен број на скапи човечки и материјални жртви, без да ги сметаме жртвите дадени пред, за време и по нив од страна на македонскиот народ!

Ете еден парадокс до кој се доаѓаше и со редица други слични афери и процеси. Но, власта, во овој случај судот, наместо да ги оправда и пушти на слобода, сите ги осуди на 5, 10 и 12 години строг затвор, прифаќајќи го ставот на обвинителската власт, дека тие не се осудуват како македонски активисти и револуционери, туку затоа што биле група, разгранок на бугарската Комунистичка партија! Единствениот доказ беше и си остана, дека во фатените при извршувањето на

[121] Се однесува на познатиот Софиски судски процес против членовите на ВМРО (Обединета).

делото летоци, што обвинетите ги пишувале или распространувале за популаризирање на една национално – ослободителна кауза, имаше изрази и термини карактеристични и својствени на една социјал-револуционерна, класна организација, па според тоа, обвинетите не се третираа како национални активисти и трудбеници на една национална идеја, туку како обични функционери на БКП, која беше ставена надвор од законите и како класна организација се прогонуваше повеќе од другите партиски организации и групи. Всушност и исклучителниот, специјален З[акон] [за] з[аштита] на државата беше создаден и се применуваше само против активисти, истомисленици и соработници на БКП. Впрочем, такви афери во кои беа прогонувани, апсени и жестоко измачувани многу македонски дејци имаше и во останатите два дела од Македонија под српска и под грчка власт*.

Со тоа јасно се гледаше дека и во трите дела на Македонија, во рамки на можностите, наспроти сѐ борбата продолжуваше, само што не беше во такви размери во какви што требаше да биде, туку во еден многу помал размер, бидејќи поголемиот, широк дел од народните маси на секој можен начин бегаше за да не потпадне под ударите на З[аконот] [за] з[аштита] на државата, односно да не ги подведат и сметаат како активисти во класни, чисто комунистички организации. Само похрабрите и тоа претежно селани и работници по градовите настапуваа отворено, предводени привидно од свои посебни управни тела, а фактички од соодветните партиски, комунистички провинциски или од самиот централен орган на соодветните партии. Сепак, објективно погледнато, настана една еволуција во тој поглед – не се негираше самостојноста на национално-револуционерното движење, туку се истакнуваше неопходноста од создавање на одделни раководни органи и центри чисто по национална линија, теоретски не се мешаа и идентификуваа националната борба со чисто социјалната, класна борба, се апелираше за создавање и зацврстување на национални организации, на националниот фронт, па дури се избегнуваа и осудуваа оние, кои во поблиското минато сметаа, дека секаква посебна национална борба е само една буржоаска предрасуда, додека класните, социјалните борби се единствениот пат за конечното

* Процесот во Кавала каде што беа судени и осудени една група Македонци затоа што сакале Македонија да се осамостои во посебна слободна и независна единица, а, пак, заштитата одговараше дека тоа е во програмата на КПГ, која постои легално како секоја политичка партија. Такви процеси имаше и во Велес, Куманово и др.

ослободување на балканските народи и потиснатите, угнетени и онеправдани народности.

Но, поради неусогласениот приод во самата работа, речиси во сите конкретни случаи, наместо да се искористат откако ќе се подвлечат националните чувства и националните расположенија и колку што беше можно да се привлечат и ангажираат повеќе луѓе во општото национално движење, тие се потценуваа, се елиминираше множество лица, кои било според своето потекло било според својот менталитет, своето минато, со сите нивни свесни или несвесни грешки за време на минатите борби се оставаа на страна или, пак, се отуѓуваа. Зашто за единица мерка се бараше да се применува таа што се применуваше во редовите на комунистичките партии. А, тоа неспорно беше една грешка, што се должеше само на тоа туѓо разбирање дека и во националните организации ќе треба да се примат само лица од пролетерско потекло, а да се избегнуваат лица од другите занимања – трговци, занаетчии и други, како и произлезената од нива селска и градска интелигенција.

Така, по забраната и уништувањето на ВМРО во 1934 година, кога се создадоа релативно подобри услови за поголема и идејна и организациона работа во третата револуционерна област, односно кога врховистите целосно беа елиминирани, сите нивни водачи и раководители уапсени или избегани и сокриени, а нивното оружје и егзекутори распрснати и обезвредени, некои од раководителите на БКП, кои го прифатија левосекташкиот курс, не знаеја и не можеа да пронајдат дури ни некаква легална форма за појавување на ВМРО (Обединета) и долго време лутаа како и на каков начин да го засилат македонското национално-ослободително движење, за да можат кадрите на ВМРО (Обединета) да се зголемат и прошират меѓу македонското население во Петричкиот крај и меѓу емиграцијата во Бугарија.

Се формираа групи кои се нарекуваа прогресивни, се пуштаа само пократки или подолги апели, излагања или мали брошури, се исфрлаа несоодветни за реалноста пароли, се сакаше, на пример, секако вешто да се создаде македонската нација само и само да се подигне националното самочувство и сознание на македонскиот народ, не толку за да се засили националната борба, колку само да се заостри и продлабочи класната борба. Но, еднаш напуштени и осудени поголем круг на луѓе, тешко беше за време на тој, иако релативно земено поблагопријатен период во споредба со времето на создавањето на ВМРО (Обединета), да се повикаат и групираат повеќе луѓе во редовите на заедничката борба, така како што беше

во првите години непосредно по општоевропската војна. Ете како при една, макар и без никаква намера допуштена од злоба, фанатизам или секташтво грешка, на дело, во животот се стигна во една споредна улица од која тешко можеше да се излезе додека не се случија нови настани, што создадоа услови за една соодветна легална и нелегална револуционерна дејност во третата револуционерна област. А речиси истото беше, во поголем или помал степен и во останатите две револуционерни области – под српска и под грчка власт. И таму слабата заинтересираност на раководните лица и органи, слабата подготовка за спроведувањето и применувањето на национално -революционерната линија на борба, недостаток на локални, добро подготвени македонски активисти, блиски по бит, карактер, традиција, чувства, расположенија и желби на народните маси по градовите и селата – сето тоа се одразуваше во секојдневниот живот, па според тоа, како самата идеологија, така и организациите на ВМРО (Обединета) не можеа и во тој момент да станат масовни, откако ќе ги опфатат пошироките кругови од македонскиот народ, за да можат во даден момент кога ќе има потреба да се јават и ангажираат лица и групи во соодветни револуционерни акции за слобода и леб, односно за национално и социјално ослободување.

И во решавачкиот момент, спроти избувнувањето на Светската војна, фактички ВМРО (Обединета), со сите нејзини разграноци и во трите делови на Македонија, се најде неподготвена и доста разградена. Во моментот кога националната борба требаше и се наложи да се изедначи со социјалните борби на Балканот, се покажа дека наместо да стигнеме на определениот час според балканскиот часовник, ние како намерно да сме ги запреле стрелките. И освен што не сме отишле напред, освен што не сме го стигнале определениот од историскиот развој час, ние сами сме ги тргнале стрелките на часовникот и сме заостанале неколку часа, а можеби и половина ден назад, како во идејнопропаганден и агитациски, така и во организационен однос. Но, сепак, останавме со моралната утеха дека барем се наоѓаме на линија, на еден правилен револуционерен пат!

Во една таква или приближно таква ситуација нè затече почетокот на војната меѓу Германија и Полска (1 септември 1939 г.), што прерасна во светска војна за време на која секоја посебна, изолирана борба за национално ослободување на одделните онеправдани и угнетени народи и националности во Европа, а според тоа и на Балканот, остана како второстепено значење. Зашто, над цела Европа, како и над поголемиот дел од светот се надвисна една голема опасност од фашизмот, кој во својот поход со оружје да завладее со светот, ги

доведе во прашање не само правата и слободите на речиси сите, дури и на најкултурните народи во Европа, туку на некои дури и самото нивно постоење како посебни народи и народности. Се разбира, откако со оган и меч тој создаде еден со ништо неопределен „нов“ поредок кој, според првите идеолози на настапувачкиот, агресивен фашизам, барал „големите“ животни пространства да останат под неспорно раководство само на оние големи сили и држави – Германија и Италија – кои ја обезбедуваат сопственоста во тие животни пространства, а пред опасностите што доаѓаат од надвор, сите мали држави требало да се откажат од своите егоцентрични барања. Во свој личен интерес тие требало да се приспособуваат кон барањата на великопроизводното стопанство, што се стреми кон автономија на својата област, зашто духот на новото време водел кон големи обединувања, и малите држави и во идна Европа само под раководството на Германија и Италија ќе можеле да имаат подобра иднина и неочекуван стопански напредок*.

Сето ова беа празни, несодржајни, дури и бесмислени фрази, а суштината фактички е: расна омраза; владеење на избрани нации; покорување на другите нации и заграбување на нивните територии; економско поробување на покорените нации и заграбување на нивното национално богатство; уништување на нивната демократски слободи; воспоставување на национал-социјалистички режим, односно на едно ново Средновековие, навистина преобразено во историјата преку еден незамислив, според своите методи и средства, милитаризам, еден алчен и одвратен, сеопфатен империјализам, кој сака со силата на оружјето да го наметне личниот и колективен егоизам на германската раса (земена во историска смисла на зборот), целејќи кон уништување и отстранување на највредните демократски, културно-социјални придобивки на човечката духовна и материјална култура. Во таа опасна и страшна според своите последици ситуација, општата борба на Балканот ја промени својата насока и методите, откако национал и социјал-ослободителните борби се слеаја во една заедничка борба, пред сè, за самозаштита, а во истото време и за извојување и зачувување на највредното во човекот – слободата!

7. 5. [1]944

* Весникот „Фолкаше Беобахтер“ од 15. 8. 1942 г.

**Павел Шатев**
**СПОМЕНИ**

---

**„ОД ПОУКИТЕ ВО МИНАТОТО
УЧИМЕ ЗА ЧЕКОРИТЕ ВО ИДНИНАТА“**
**Том 3**

*Издавачи*
**Државен архив на Република Македонија**
**Македоника литера**

*За издавачите*
**Д-р Зоран Тодоровски**
**Ленче Тосева**

*Уредник*
**Нове Цветаноски**

*Избор и превод*
**Предраг Димитровски**

*Предговор и редакција*
**Д-р Зоран Тодоровски**

*Лектура*
**Александра Тимковска**

*Обликување на корица*
**Кочо Фиданоски**

*Компјутерска обработка за печат*
**Снежана Бошковска**

*Печат*
**Европа 92**
Кочани, 2013

*Тираж*
500 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

325.83-05Шатев,П.”1903/1944”(093.3)

ШАТЕВ, Павел
Спомени : „Од поуките за минатото учиме за чекорите во иднината“ : Т. 3 / Павел Шатев ; избор Предраг Димитровски ;
предговор и редакција Зоран Тодоровски. - Скопје : Државен архив на Република Македонија : Македоника литера, 2013. - 355 стр. ; 25 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-9989-622-89-2 (Архив)
ISBN 978-608-4614-26-5 (Мак. лит.)
1. Тодоровски, Зоран [уредник] 2. Димитровски, Предраг [преведувач]
а) Шатев, Павел (1882-1951) - 1903-1944 - Сеќавања
COBISS.MK-ID 93923850